Илија Ацески

СОЦИОЛОГИЈА НА ГРАДОТ

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

СОЦИОЛОГИЈА НА ГРАДОТ

СОЦИОЛОШКА ХРЕСТОМАТИЈА

Избор на текстови, редакција на
преводот, воведна студија
проф.д-р.Илија АЦЕСКИ

СКОПЈЕ 1995

проф.д-р. Илија Ацески: СОЦИОЛОГИЈА НА ГРАДОТ

издавач: Филозофски факултет - Скопје

рецензенти:д-р. Марија Ташева и д-р. Ѓорѓе Младеновски

лектура: Славица Велева и Пецо Груевски

коректура: Зоран Дамјанов

комјутерска обработка:

Зоран Дамјанов и Александар Авросиевски

печати: САК - СТИЛ

КАТАЛОГИЗАЦИЈА: CIP - Каталогизација во публикацијата
Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски",Скопје

316.334.56(075.8)

АЦЕСКИ, Илија
Социологија на градот / подготвил Илија Ацески. - Скопје: Универзитет "Св. Кирил и Методиј", филозофски факултет: *Институт за социологија*, 1995. - 529 стр.; 22 цм

Фусноти кон текстот.
ISBN 9989-43-029-2

а) Социологија на градот - Учебници

Според мислењето на Министерството за култура бр. 08-2475/2 од 04.04.1995 г. за книгата "Социологија на градот" се плаќа повластена даночна стапка.

Предговор

Книгата "Социологија на градот" претставува хрестоматија на текстови од над триесетина автори, меѓу кои еден поголем дел извршиле значајно влијание врз развојот на социологијата на градот. Основна цел на книгата е преку воведната студија и избраните текстови да ги запознае студентите со главните теоретски насоки во развојот на социологијата на градот и ги воведе во истражувањето на градот. Текстовите се поделени во шест тематски подрачја и вовед (прилог на приредувачот на хрестоматијата), кои главно се прилагодени на програмските содржини на студиите по социологија, но тие ќе бидат од корист за сите оние кои учествуваат во управувањето или планирањето на градот.

Скопје, мај 1995 г. проф.д-р.Илија Ацески

Проф. д-р Илија Ацески

ГЛАВА 1

ВОВЕД

ГРАДОТ, ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ
УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ТЕОРИИ
СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И УРБАНИТЕ ТИПОВИ
СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ВОВЕД

1.1 ГРАДОТ, ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ

1.1.1 Социологијата на градот, социјалната теорија и урбаното планирање

Тешко е да се определи почетокот на конституирањето на социологијата на градот како посебна дисциплина. За тоа кога настанала и што е предмет на нејзиното истражување постојат повеќе спротивставени мислења. Присутно е и мислењето дека таа сé уште не е конституирана како посебна дисциплина во системот на останатите социолошки дисциплини. За разлика од тоа мислење присутни се сосема спротивни ставови. На пример, Берџел (E. Bergel, 1955) смета дека социологијата на градот е централна наука, односно наука за урбанизмот воопшто и, според тоа, нејзина цел треба да биде општата социолошка теорија за развојот на современото општество воопшто. Во последните дваесетина години, исто така, се појавија различни мислења за тоа што го сочинува нејзиниот предмет и дали воопшто може да се конституира по примерот на социолошките науки.

Во анализата на прашањето околу конституирањето на социологијата на градот поаѓаме од следното: дека социологијата на градот се конституира во рамките на Чикашката школа на урбаната социологија во првите децении на XX-от век, од страна на Роберт Парк, Ернст Барџес, Родерик Мек Кензи, Луис Вирт и др. и дека дискусиите што тие ги покренаа со своите дела, во текот на неколку децении, создадоа доволно емпириски и теоретски материјал, за што денес можеме да констатираме дека се работи за еден посебен пристап во истражувањето на градот карактеристичен за социолошкиот пристап.

Социолошкиот интерес за проучување на градот се појавува со појавата на социологијата, а особено е присутен последната деценија на минатиот и првите децении на овој век, период кога низ процесот на урбанизацијата се формираат повеќе милионски урбани центри кои и се причина за промена на основите на начинот на живот воопшто, односно на преминот од една "селско - аграрна, во друга урбано - индустриска цивилизација". Во споменатиот период, размислувањата за градот и селото се на линија на нивно разграничување, како два спротивставени света, селото кое постепено исчезнува, а со него и општеството, културата и начинот на животот и градот кој формира сосема нов тип на

човек, кој суштински се разликува од селанецот кој е резултат на сосема различни претпоставки, во производство, потрошувачка и сл.

1.1.2 Влијанието врз појавата и развојот на социологијата на градот

Социолошкиот интерес за градот се јавува многу порано пред конституирањето на социологијата на градот како посебна социолошка дисциплина (Šoe, F. 1978). Проблемот на градот почнувајќи од Роберт Овен, сé до Маркс и Енгелс во текот на XIXот век, се поставува во контекст на општите општествени промени и односи. За Франсоа Шое тоа е период на "предурбанизмот", кој се разликува од периодот на "урбанизмот" кој главно го формираат специјалисти, најчесто архитекти. "Урбанистот не е ништо друго туку архитект" (Корбизје).

Интересот за истражување на градот, како посебно подрачје на човековиот живот, се јавува со појавата на големите градови под силно влијание на развојот на индустријата и демографскиот пораст. Проблемите на човекот во големиот град заземаат се позначајно место во теоретските размислувања. Најдлабокиот проблем на модерниот живот потекнува од напорот индивидуата да одржи независност и посебност на својата егзистенција против владеачките сили на општеството, против тежнението на историското наследство, културата и техниката на животот, смета Зимл (Simmel, G. 1971).

Размислувањата на Зимл за човекот во големиот град претставуваат основа и инспирација за основачите на социологијата на градот и поради тоа заслужуваат посебно внимание. Некои истражувачи на историјата на социологијата Зимл, заедно со Шпенглер, го сметаат за еден од главните претставници на класичната социологија на градот. Но, едно сепак е неспорно, кога станува збор за влијанието што Зимл го извршил врз Чикашката школа на урбаната социологија. За Роберт Парк (Robert Park) на пример, неговиот есеј за метрополисот и менталниот живот, претставува еден од најзначајните трудови за проблемот на животот во градовите. Неговите анализи за положбата на човекот во современото високо - развиено општество подоцна успешно ќе бидат операционализирани од претставниците на Чикашката школа.

1.1.3 Блазé односи во градот

Психолошката основа на која се темели големоградскиот тип на човек е интензификацијата на нервниот живот што произлегува од брзото непрекинато нижење на впечатоци, како оние кои доаѓаат однадвор, така, и на (уште повеќе) оние кои се создаваат во човекот. За да се заштити себеси од надворешните влијанија човекот создава "одбранбен орган", против губењето на сопствениот корен, загрозен од флуидноста и спротивностите на околниот свет. Човекот е често индиферентен кон индивидуалните случаи кои не можат да се поматат разумно и поради тоа што "принципот на парите" останува затворен кон секој поединечен феномен. Модерниот дух постанува сметкаџиски. Идеалот на науката е светот да го претвори во алгебарска формула што одговара на практичниот живот. Адаптацијата на луѓето кои се доселуваат во градот бара "различна количина на свест", отколку што е со селскиот живот. Човекот во метрополисот реагира со глава, наместо со срце. "Топлите тонови на однесување", кои се карактеристични за малите групи и селската средина, исчезнуваат и ги заменува блазé (blase) однесувањето. Човекот реагира со резервираност која е изразена во соседските односи. "Не постои таков феномен кој исклучиво би бил својствен на големиот град од тоа, што е блазираниот човек".

"Кога во секојдневните контакти со безброј луѓе би морало да се одговори со исто толку внатрешни реакции, како што тоа се случува во малите градови во кои човекот ги познава скоро сите кои ги сретнува, и со кои одржува одредени односи, човекот би се довел дотаму, целосно да се автоматизира и би се нашол во целосна и незамислива психолошка состојба".(Simmel, 1978, str. 362).

Животот на човекот во градот, особено во големиот град, станува едноставен, безличен и лесен и поради тоа што му се нудат различни стимулатори, но од друга страна, него го сочинуваат и голем број такви безлични елементи и спектакли, "кои ги истиснуваат индивидуалните црти по кои се забележуваат разликите". Човекот се претвара во "занемарлива количина на зрно прашина", наспроти огромната организација на предмети и сили кои, малку по малку, го спречуваат неговиот индивидуален напредок, секој интелектуален живот, секоја вредност (Исто, стр.366).

1.1.4 Стилот на живот и парите

Главните промени што ги предизвикуваат парите, како сéприсутна институција на современото општество можат да се резимираат на следниот начин: Прво, се зголемува слободата на учесниците во било кој вид односи во општеството како, што се земјоделците, земјосопствениците, работодавците, и се јавува тенденција на исклучување на сите морални обзири или процеси на меѓусебно делување. Од една страна човекот прави сé да биде зависен од услугите од сé поголем број луѓе, а од друга, да биде понезависен од луѓето кои тие услуги му ги даваат. Второ, институцијата пари овозможува луѓето да се здружуваат меѓу себе поради некоја заедничка цел, со едноставно парично учество, а притоа, целата личност да не биде ангажирана, што било неопходно, на пример, во средновековните корпорации. Трето, оваа деперсонализација на општествените односи овозможува здружување на поединците поради ограничени цели и тоа без лично меѓусебно поврзување. Четврто, стилот на животот е целосно променет под влијание на парите, како еден од главните економски институции (Barnes, 1982, том 1 стр.305).

Сите општествени промени се стремат кон сé поголема деперсонализација на сите човечки односи и во насока на таква форма на општеството во која поединците, високо специјализирани во своите функции (поделбата на трудот) се стремат, како лично слободни атоми во создавање целисходни односи во кои повторно предност добиваат оние односи кои се условени од комбинацијата на монетарното богатство или плаќањето на услугите во готово (исто, стр.306).

Парите ја менуваат суштината на менталниот став на личноста, тие прават сé однапред да се пресмета, па и самото време. Социолошките анализи кои ги иницирал Зимл, особено содржани во сознанието во поимот "претерана нервна стимулација" не нашле своја поконкретна употреба во трудовите на Чикашките социолози, иако е јасно дека сите "деривати" на таквата стимулација биле проучувани од социолозите.

Фердинанд Тенис (F. Tonnies) претставува еден од позначајните социолози кои извршиле влијание врз погледите на основачите на социологијата на градот. Особено неговата мисла за контрастите меѓу селото и градот, меѓу малиот и големиот град, големиот град и метрополата и најпосле меѓу главниот град и провинцијата.

Општествените појави настануваат со општествено делување на луѓето кое е свесно и кое ја претставува волјата, која од своја страна го претставува мислењето кое ги определува целите и средствата за негова реализација. Постојат два типа на волји: органска-"суштинска", и изборна-"вештачка" волја. "Волјата, е значи човечки условена со човечка способност на мислење. А во него содржаното мислење, суштински се однесува кон целите и средствата" (Lukić, R. 1987, стр.242).

1.1.5 Градот е механички агрегат и вештачка творба

За Тенис постојат два типа општествени групи - заедници и општетва, - кои во исто време се и историски и структурирани, зошто се наоѓаат во помала или поголема мерка во секое општество. Првиот тип, општество се формира од органската, а вториот - заедницата, од изборната волја. Суштинската карактеристика на заедницата е тоа што таа, "претставува природен збир кој спонатано и стихијно се формира низ еден долг временски период". Самиот однос, значи и врските да бидат сфатени или како реален и органски живот - тоа е суштината на заедницата, или како идеална и механичка творба - тоа е поимот на општеството... Во општеството се влегува како во нешто туѓо... секоја оценка на селскиот живот секогаш укажува на тоа дека таму заедницата меѓу луѓето е поцврста, подинамична, заедницата е трајно и вистинско заедничко живеење, општеството само преодно и привидно... Заедницата треба да биде сфатена како еден жив организам, а општеството како механички агрегат и вештачка творба (F. Tenis, 1987, стр.235-236).

Заедницата ја карактеризираат следните елементи: љубов, чувства, обичаи, традиција, солидарност, доверба и сл, а општеството, разум, себичност, раздвоеност на луѓето, надворешни санкции, прописи, метаболизам. Во заедницата поединецот е поврзан со обичај и чувство, нема слобода, трпи колективна судбина. Во општеството е самостоен, сам на себе си ја одредува судбината; заедницата е примитивна, селска; општеството цивилизирано, трговско-индустриско, со мало семејство и највисока форма -држава.

Разликата меѓу заедницата и општеството како основни поими на општествените групи според Барнес (Barnes, 1982) упатува на "разликите меѓу органските и механичките општествени ентитети или на разликите меѓу односите кои настанале по природен пат од чувствата на симпатија и односи кои се воведени и со

одредена цел". Барнес смета, дека за Тенис поимот заедница и општество претставуваат чисти поими и предвидуваат идеални типови кои не постојат во емпирискиот свет.

Преминот од заедница во општество е неизбежен и е проследен со процесот на индивидуализација, метрополитенизација, рационализација на работата и замена на чувствениот со практичен однос и сл, што ќе предизвика силно влијание врз подоцнежните анализи на животот и односите во градовите.

Разликите меѓу заедницата и општеството се видливи и можат да се прифатат, но сепак, таа поделба, "не е многу значајна, зошто со неа не може да се објаснат некои особено важни општествени појави, дури и оние најважните, така што таа не е од голем теоретски интерес".

Освалд Шпенглер (Oswald Spengler) во своето дело "Пропаста на Запад" му посветува големо внимание на градот (делото "Градови и народи") - (Spengler, 1990) каде се изнесени интересни мисли за улогата на градот во развојот на општеството и културата воопшто, кои извршиле значајно влијание врз некои претставници на Чикашката школа, особено на Роберт Парк.

За Шпенглер постои голема разлика меѓу селанецот и граѓанинот. Секој човек во зависност од местото на живеење, развива сопствен поглед на свет. Светската историја е историја на градот. Не е можно да се разбере политичката и економската историја ако не се сфати дека градот е детерминистички облик. Тој прави разлика меѓу градот како средиште на културата, интелектот и талентот, односно како средиште на светската историја и селото кое нема историја. Историјата на светот е историја на градските луѓе. Народите, државите, политиката и религијата, сите уметности, сите науки... се засноваат на еден прафеномен на човековата суштина - градот... Целата уметност, религија и наука, полека стануваат духовно туѓи на селото и земјата, неразбирливи за селанецот кој е со земјата и е на неа... Селанецот е вечен човек, независен од било која култура, кој прави гнезда по градовите... Градот е дух. Големиот град е "слободен дух". Градот го презема водството на стопанската историја ставајќи ги наместо правредностите на земјата, кои никогаш не можат да се одвојат од селскиот живот и мислење, поимот на парите, одвоен од намирниците...

1.1.6 Градот ја ослабува младоста на една цивилизација

Како и Георг Зимл, така и Шпенглер ја истакнал големата разлика меѓу градот и селото. "Скоро сите карактеристики кои ги користат споменатите два автори наоѓаат своја подоцнежна операционализација во трудовите на Чикашката школа" (Čaldarević, O,1985 стр.55).

Градот ја ослабува младоста на една цивилизација, која најчесто се мери со силата на нејзината врзаност за тлото. Метрополата е знак дека една цивилизација остарела. Историјата на светот најдобро се чита од историјата на неговите градови. Градот ја негира природата и тежнее да ја надмине. Куќата е основа на секоја култура и таа е она што градот е за човекот од култура. Но, сé додека огништето, во побожна смисла, постои како суштинска особина за едно семејство, последната алка со селото не е прекината. Живеалиштата во градот се атоми и ништо не значат, градот е тој кој го чува "значењето на човековото живеалиште". Присутна е една длабока, пред сé, психичка разлика меѓу големиот и малиот град, зошто малиот град со своето симптоматично име на полски град станува дел од пределите кои повеќе ништо не значат, смета Шпенглер.

1.1.7 Урбанизмот како начин на живеење

Теоретскиот интерес за проблемите на човекот во големиот град во првите децении на XX-от век постепено се лоцираат во доменитe на емпириските истражувања, за што големите градови овозможуваат идеални услови. Роберт Парк на пример, Зимловите идеи за влијанието на метрополата врз современиот човек ги сфатил на свој начин, што помогмало тие да изгубат од својата теоретска јасност, но спротивно на тоа им се прагматизирала структурата, а тоа помогнало да постанат адекватни за операционализација.

Што е тоа посебно карактеристично за социолошкиот пристап во истражувањето на градот применет од основачите на социологијата на градот во рамките на Чикашката школа на урбаната социологија, дваесетите години на XX-от век?

Одговорот на тоа прашање не е лесен и едноставен.

Прво, поради тоа не се работи за еден автор, или книга, или посебен аспект на пристап во анализата. Станува збор за еден карактеристичен пристап, кој се реализира во рамките на хуманата екологија, и;

Второ, станува збор за различни студии за човекот во градот, за процесите на адаптација, сегрегација, асимилација, миграција и сл. Еколошката теорија од основачите на социологијата на градот е употребена како "збир на обиди за користење на просторните карактеристики како објаснувачки категории". Градот е независна варијабила, која поседува сопствени закони на развој и автономни текови на промена.

Во класификацијата на Сјеберг (G. Sjoberg) на школите на урбаната социологија, нејзините основачи не се наоѓаат во рамките на една школа. Сјеберг идентификува повеќе школи во урбаната социологија дефинирани во термини кои означуваат посебни фактори кои ги исполнуваат најважните процеси во урбаниот развој. Тоа се следните: 1урбанизација (Redfild и Wirt), 2.подзаедница (Park и Burgess), 3.еколошка школа (Dancan и Schnore), 4.економска школа (Shevky and Bell) 5.школа за средината (Mumford, Luis), 6.технолошка школа (V.F.Ogburn).

Примарен интерес за школата на урбанизацијата (Redfild и Wirth) е истакнувањето на разликите меѓу градот и селото, меѓу руралната и урбаната популација, а за втората, во која Сјеберг ги сместил Парк и Барџес е градската заедница, во која владее состојба на компетиција, сегрегација и асимилација, со еден збор, градот се сфаќа како "жива лабораторија".

Тоа што ја издвојува Чикашката школа на урбаната социологија од сите други школи и учења е фактот што во нејзините рамки за прв пат (можеби и последен) градот беше еден од главните проблеми на истражувањето.

1.1.8 Градот е состојба на духот

Р.Е.Парк (R.E.Park) е еден од основачите на социологијата на градот и социолог кој извршил силно влијание, не само меѓу своите колеги на катедрата по социологија на Чикашкиот универзитет, туку и (подоцна) врз социолошките истражувања на градот наредните неколку децении.

Во своите анализи на општеството Парк директно се повикува на Дарвин. Принципот на уредување и регулирање на животот е "борбата за живот". Во секоја заедница има повеќе или

помалку доминантни видови. Оние кои преживуваат во "борбата за опстанок", наоѓаат свое засолниште во физичката средина и воспоставуваат меѓусебни односи. Општеството во суштина го формираат групи кои поседуваат сопствен "специфичен тип на организација". Тоа се разликува од животинската заедница и по тоа што има две нивоа, биотичко и културно. Биотичкото ниво е базирано на компетиција, а културното на комуникација и консензус.

Градот за Парк е нешто повеќе од мешавина на колективна опрема - улици, згради, електрично осветление, трамвај, телефон. Тој е нешто повеќе од обичен збир на установи и администрација и сл. Градот е, пред сé, состојба на духот, збир на обичаи и традиција, воспоставени ставови и чувства кои се нераскинливо поврзани со овие обичаи и се пренесуваат со традицијата (R.Park,1988).

Тој се базира на навиките и обичаите на луѓето кои живеат во него, потоа тој има морал како што има и физичка организација а кои "делуваат еден врз друг". Потоа, градот поседува структура, слична на мозаикот на различни подрачја од кои секое има свој посебен живот и свои посебни карактеристики. Низ прозорецот на сегрегацијата се формирала моралната дистанца меѓу луѓето кои живеат во различни мали светови кои се допираат, но не се мешаат.

Во анализата Парк се користи со поимот "природно подрачје". Природното подрачје настанува како производ на силите кои постојано делуваат во насока на формирање правилна дистрибуција на населението и функциите во рамките на урбаните комплекси. Ова подрачје е природно, затоа што не е планирано. Градот е констелација на природни подрачја кои поседуваат сопствено карактеристично милје и свои специфични функции. Секој дел од градот има карактеристики на жителите кои го населуваат. Во суштина природните подрачја во градот единствено можат да се идентификуваат, пред сé, преку населението кое живее на тоа подрачје.

Градот е природен habitat за човекот, каде тој достигнал највисок врв во доменот на културата, науката и уметноста и е очигледно дека е "осуден" да живее во него. Градејќи го градот, во суштина, човекот се изградувал самиот себеси, смета Парк.

Во социолошка смисла, градот како специфичен организиран простор може да се анализира како детерминантен фактор кој делува врз човекот. Тој може да се посматра и како социолошка лабораторија, во него се можни разни експерименти, на пример, преселувањето на луѓето од една во друга средина, од

една "здрава" во друга "нездрава" и во таа смисла во контролирани услови можат да се проучуваат промените на индивидуата под влијание на промените во околината.

"Градот, особено големиот, во кој сигурно повеќе отколку било каде на светот, човечките односи се безлични и рационално одредени од интересите и парите, во вистинска смисла е лабораторија за истражување на колективното однесување" (Park, 1988, стр. 129).

Во градот населението се стреми кон сегрегација, не само спрема интересот на групите и поединците, туку и во согласност со "сопствените вкусови и темперамент". Покрај природните подрачја кои се производ на силите кои постојано делуваат врз создавањето правилна дистрибуција на населението, Парк го конструирал и поимот "морално подрачје" кое настанува низ процесот на социјалната сегрегација и просторната концентрација на соодветните типови личности кои наоѓаат причина да живеат заедно во рамките на одредена територија. "неизбежно е индивидуите кои се стремат кон одредени форми на возбудување... да се наоѓаат себеси повремено на исто место. Резултат на сето тоа... е дека населението само тендира кон сегрегирање, не секогаш во согласност со своите интереси, туку со вкус и темперамент" (Park, 1974).

Организацијата на градот, карактерот на урбаната околина и дисциплина што тие ја наметнуваат, конечно се одредени од големината на популацијата, концентрацијата и распределбата внатре во градската територија. Во градот постепено се менуваат материјалните услови за живот, поделбата на трудот, концентрацијата на поединците во одредени простори. Исто така, големи промени претрпува и соседството кое произведува многу несебични видови локални заедници. "Човекот кој прави своја куќа покрај вашата, почнува да полага право на вашите чувства за другарство". Контактите на поединците и групите можат да бидат испитувани во единиците на "социјалната дистанца" и просторниот концепт може да биде аплициран на објаснувањето на примерите на социјалните контакти.

Градот како специфично организиран простор има дезинтегрирачка улога врз човечкиот живот. Парк наведува четири елементи кои ја формираат концептуалната рамка на анализата на општеството во градот; компетиција - интеграција без социјални контакти, акомодација - ограничување на природните желби за индивидуата, конфликт и асимилација - вклучување во средината и прифаќање на културните елементи од други (најчесто) доминатни групи.

Втор значаен претставник на Чикашката школа на урбаната социологија претставува Ернст В. Барџес (E.W.Burgess 1979). По примерот на Парк, и Барџес смета дека градот треба да се сфати како жив организам, а истражувањата кои треба да се спроведат, мораат да доведат до фундаментални промени во "разбирањето на градот како производ на меѓуигрите на економските и културните сили. Основен труд по кој е познат Барџес во социологијата на градот е (Развојот на градот. Увод во истражувачки проект", објавен во 1925 г.("The Growth of the city").

Процесот на ширење на градот Барџес го претставил со серија на концентрични кругови кои предизвикуваат области на функционални диференцијации кои се шират радијално од деловниот центар кон периферијата. Основните хипотези во истражувањето на градот тој ги објаснува со забелешката дека во САД преминот од селска кон градска цивилизација, иако започнал подоцна за разлика од Европа и не толку брзо и целосно, бил поадекватен во неговите карактеристични форми. Тој смета дека сите манифестации на современиот живот кои се чисто градски (облакодер, метро, стоковна куќа, дневан печат) се типично американски.

Барџес поаѓа од сфаќањето дека градот треба да се проучува како динамичка структура, како организам и се утврдуваат различни индикатори на таа структура. Тој формира модел на развој на градот познат како модел на концентрични кругови. Според него, еден град се состои од пет концентрични зони,кои претставуваат делови на функционална диференцијација и се шират радијално од деловниот центар.

1.1.9 Градот е телесен метаболизам

Првата зона е централната деловна област (Central Bussiness Distrikt). Втората е транзитна зона, која е запоседната од бизнисот и лесната индустрија и во која се сместени разни типови сламови. Третата зона е населена со работници, вработени во индустријата, кои ја напуштиле втората зона, полоша за живеење и кои сакаат да живеат во лесно достапните места за работа. Оваа зона претежно ја населуваат емигранти кои подолго време живеат во САД. Во четвртата зона се населени богатите слоеви кои живеат во луксузни апартмани. Некои од оваа зона ги окупираат пониските слоеви. Петтата зона, или приградска зона, е надвор од градското подрачје, целосно е одвоена и е во растојание од 30-60 минути од централното подрачје. Барџес е

првиот кој укажал дека неговото тврдење не било вистински опис на градот туку една апстрактна шема (Egon.E.Bergel,1955 стр.101).

Секоја зона може да се проучува одвоено од другите, потоа, секоја зона настојува да се прошири на сметка на другите околни зони. Во градот е присутен процесот на сукцесија, односно, постепено менување на намената на секоја од наведените зони.

Градот за Барџес претставува телесен метаболизам, што е под силно влијание на организмот. Тој е резултат на еколошките, културните и политичките сили. Еколошките сили го детерминираат процесот на компетиција, сегрегација и дистрибуција на населението кон местото на домување и кон нивното занимање. Културниот конфликт, кој настанува како резултат на интензивни промени во сферата на културата, најчесто доведува до аморалност, деликвенција и социјална дезорганизација.

Во анализата на социјалната сегрегација, тој поаѓа од сфаќањето за градот како "организирана заедница на резиденцијални подрачја во кои, најчесто, ги населува една расна или мигрантска група, економска или социјална класа". Интересно е да се истакне што Барџес не се интересира за причините кои доведуваат до тоа.

Сегрегацијата на населението Барџес ја проучува исклучиво врз основа на своите анализи на имиграторното население, потоа, врз основа на првото место на населување, заземање подобри позиции и интеграција во урбаната заедница.Поради тоа не е за чудење што тој социјалната сегрегација на населението ја свел на проучување на популационите движења на посебните групи од населението, претставувајќи ги низ различни бранови на инвазија. Основниот процес кој може да се констатира со "брановите на инвазијата" е процесот на сукцесија што често започнува како незабележлив процес, на населувањето во една еколошка зона, потоа доаѓа реакција што може да биде повеќе или помалку виолентна резистенција на населението на заедницата кои се "инвадирани", а која, пак доведува постепено до третата фаза на овој процес, односно до дефинитивен продор на "ново" население и истовремено напуштање, исто така дефинитивно на поранешното население. Четвртата фаза или климакс претставува воспоставување нова стабилност, рамнотежа и еквилибриум (Čaldarević, O. 1985, 115-116).

Истражувањата на Родерик Мек Кензи (Roderick, D. Mc.Kenzie, 1979), Луис Вирт (Louis Wirth, 1958), покрај истражувањата на Парк и Барџес, се исто така значајни и заслужуваат посебно внимание.

Мек Кензи прави разлика меѓу хуманата и животинската екологија. Влијанието на дарвинизмот е видлив и врз неговите сфаќања.

Хуманата екологија, според неговото мислење, се занимава со проучување на просторни и временски односи меѓу човечките суштества под влијание на селективните, дистрибутивните и акомодитивните сили на околината (R.McKenzie, 1979, стр.145-152). За него постојат неколку видови заедници. Првиот вид се примарните заедници (земјоделство и рударство), а вториот вид се секундарните заедници.

Во рамките на хуманата екологија тој наведува осумнаесет различни процеси. Така на пример, процесот на сегрегација за него е од чисто економски мотив, а процесот на инвазија, процес на групно преместување и присвојување на соседното подрачје и сукцесија или циклични смени на еколошките процеси.

Една од човековите заедници претставува и индустрискиот град, кој во себе вклучува многу други заедници во кои луѓето се здружуваат по разни основи. "Колку повеќе се развива урбаната заедница, толку повеќе во неа расте и процесот на општествената диференцијација. Поради зголемената економска компетиција која доведува до зголемен број на население, економски послабите активности се повлекуваат и се сместуваат во евтини и тешко пристапни места. Поради тоа станбените зони се разместуваат по типови во зависност од економската структура на населението" (Kostić Cv. 1982 стр.79).

1.1.10 Човекот од градот е сегментарен, површен, анонимен

За Луис Вирт (Virth, 1958 стр.145-151) концентрацијата на голем број население на една територија доведува до голем степен на "поединечни варијации", но и до поголема диференцијација меѓу нив. "Личните особини, професијата, културата на живеење и идеите меѓу членовите на урбаната средина можат да се движат меѓу поширокиите одделни делови, повеќе од оние во руралната средина".

Примарните врски и односи во рамките на соседството и крвното сродство како и чувствата што се појавуваат за време на заедничкото живеење, најверојатно, нема да постојат, или во најдобар случај ќе бидат релативно слаби во модерниот град.

Големата густина на населеност во градските населби доведува до промени на карактерот на социјалните контакти, луѓето малку се познаваат меѓу себе, а контактите се претвараат во,

површни и сегментарни (во однос на вкупниот број жители тие се малубројни), но се намалува интензитетот на нивното значење. Сегментарноста, површноста и анонимноста се единствени карактеристики на социјалните контакти на градските жители. За Вирт, резервираниот, индиферентен и заситен поглед што урбаните жители го манифестираат во меѓусебните односи би можел да се смета за средство на самоимунизирање против личните стремежи и очекувања на другите.

Во градската средина личноста се здобива со извесна слобода од контролата на другите, "од личните и емоционалните контроли на интимните групи", но во исто време ги "губи спонтаното самоизразување, моралот и чувствата за партиципација што се јавуваат со живеењето во едно интегрирано општество", на што укажуваат повеќе социолози во почетокот на XX-от век. Укажувањата на Диркем, на пример, за состојбата на социјалната празнина, дезорганизацијата, растројствата и сл., се посебно интересни. Дезорганизацијата и специјализацијата на групите и поединците во просторот се резултат на сé поголемата густина. Во градот настанува "борба" за простор, потоа секоја група се стреми да го заземе просторот што ќе ѝдонесе поголема економска корист.

Густината на населувањето, вредноста на земјата, давањето под наем, пристапноста, здравата средина, присутниот естетски аспект, отсуството на недостатоци, како бучава , чад и нечистотија, ја одредуваат пожелноста на одредена област во градот, како места за населување на одделни делови од популацијата (Virth, цит. дело стр.148).

Градот се претвора во мозаик од социјални светови во кои преминувањето од еден во друг е нагло. Човекот е член на повеќе здруженија и групи во кои егзистира фрагментарно, со само еден сегмент од неговата личност.

Во социолошките истражувања на градот, важно е да се операционализираат трите основни димензии: густината, бројот и степенот на хетерогеност на населението. Тој може да се проучува и како физичка структура (население, технологија и еколошка структура) и како систем на социјална структура, социјални институции и форми на општествено однесување и како збир на идеи, технологија и констатации вклучени во типични форми на колективно однесување. Карактеристично за градскиот начин на живеење е тоа што во него преовладуваат секундарните односи, слабеат роднинските врски, слабее општествената улога на семејството, исчезнува институцијата соседство, се напуштаат традиционалните односи и се заменуваат со имперсонални.

Наместо вистински роднински односи се создаваат фиктивни, наместо територијални единици, како елементи на социјалната солидарност, се создаваат интересни заедници, а градот како општа заедница се претвора во серија на сегментарни односи кои се поставени врз територијална основа со ограничен центар, но без дефинитивна периферија" (Čaldarević,O. 1985. стр.135).

Основниот проблем со кој се соочува социологијата на градот е како да се откријат формите на социјалната акција и организација кои по правило постојат во релативно постојани и густо населени населби со голем број социјално хетерогени поединци. Дали една населба ќе ја сметаме за градска или не, зависи од тоа колку таа го формира "карактерот на социјалниот живот, во конкретна специфична урбана форма".

Проблемот со кој се соочува урбаната екологија е проблем на дефинирањето на полето на истражување, настанат со уривање на степенот на меѓузависноста на "просторното" и "социјалното". Вирт ја исклучува секоја механичка интерпретација на зависност на "просторот и општеството" во една урбана заедница, кога констатира дека е "апсолутно таа да постои само по карактеристиките на подрачјето". На пример, ако нешто е во близина на центарот на градот, дека тоа мора да произведува висок степен на деликвенција или некоја друга форма на социјална дезорганизација.

Валтер Фирej (V. Firey,1945) во есејот "чувството и симболиката како еколошки варијабли", ги анализира еколошките процеси кои, како што смета тој, "не можат да се објаснат со крута економска анализа". Основна идеја од која поаѓа во анализата е содржана во прашањето за тоа дали постојат одделни делови во градот како симболи "на одделни културни вредности и дали локационите активности се само средство за штедење, или тие исто така можат да содржат чувства, кои можат значително да влијаат врз локационите процеси"?

1.1.11 Симбол на етничка солидарност

Своите претпоставки, Фирej успешно ги проверувал на примерот на Бостон, "Бостон има наследено од минатото одделни просторни модели и ориентири што имале забележителна истрајност и дури заживеана моќ и покрај предизвиците од други покорисни...". Во просторот каде е сместена "високата класа" позната како "Бекон Хил", потоа, "пониската класа" на италијанското подрачје, позната како Норт Енд и одредени свети

места на угледниот Бостон Комон, за Фирej, во секое од овие подрачја, можеме да препознаеме одредени локациони процеси што, "изгледа им се спротивставуваат на крутите економски закони". Примерот со Бекон Хил говори дека тој простор долго време останал непроменет. Тој станал симбол за голем број "сентиментални асоцијации" што го прават вистински атрактивна сила за одреден број семејства на Бостон.

Симболичкото значење на одделни простори во градот, за одделни социјални или етнички групи се смета за позначајно од економската или било која карактеристика. Присутен е еден неекономски аспект во привлечноста на одделни делови од градот, кој најчесто е поврзан со атрибутите на просторот како симбол на колективните чувства. Тие простори се резултат на веќе формираните "свети места", како на пример, старите гробишта на просторот на Бостон Комон, каде биле погребувани предците на многу новоанглиски славни семејства и извесен број на колонијални и револуционерни водачи. "Затоа, постои многустран симболизам кој е во врска со семејната лоза, националноста, граѓанското потекло и сл, а кај сите тие присутни се силни сентиментални асоцијации".

Фирej смета дека симболно - сентименталниот однос има извршено големо влијание врз користењето на земјиштето. Примерот со Норт Енд, кварт населен со италијански доселеници ја потврдува тезата дека чувствата поврзани за еден простор се далеку позначајни од што и да е друго. Со текот на времето, Норт Енд станал симбол на италијанската етничка солидарност. "Врз основа на овој симболичен квалитет реонот има одредена моќ на постоење на оние жители кои најмногу ги разменуваат вредностите што преовладуваат овде". Фирej ги критикува зоналната теорија и теоријата на сектори, исто како и секој обид, моделите да се објаснат со економски термини. Своите критики тој ги базира брз концептуалните грешки и ги поткрепува со емпириско истражување на условите кои владеат во Бостон. Тој докажува дека теориите на Барџес и Хојт не се однесуваат на Бостон. (E.E. Bergel, 1955 стр.105).

Просторното здружување во однос на местото на живеење, наспроти условите, е објаснето преку недопирливите, нематеријални вредности на локациите. Тој го истакнува чувството на "симболичкиот однос" меѓу групите и областите и предложил промена на постојните теории во следното: Прво, на просторот му дава поинаков квалитет; Второ, културните вредности и симболичките карактеристики се најзначајни за просторната дистрибуција на населението во градот.

Анализите на Фирej се значajни за поцелосно поимање на просторната разместеност на населението, особено во случаите кога економските и другите фактори не се доволни да ги објаснат поцелосно еколошките процеси во урбаниот простор, Тој е свесен дека анализата мора да се дополнува со "крутите економски теории".

Теоријата на Фирej има вредност особено за оние градски средини во кои живее население со мешан состав и во услови на брз пораст на градот со мигрантски групи, кои со себе носат поинакви вредности од оние што ги затекнува во новата средина.

За разлика од Барџес, Хомер Хојт се обидува да покаже дека хомогеноста на употребата на просторот повеќе се јавува од радијални сектори, отколку во концентрични зони. Во суштина тој ја модифицира теоријата на Барџес и наместо кругови што радијално се шират од центарот кон периферијата, говори за сектори, исто така, хомогени кои имаат најчесто издолжена форма со различна намена и внатрешни варијации (Marinović A. Uzelac,1978, p.157).

Неговата теорија поаѓа од поставката дека градската рента опаѓа во секоја концентрична зона степенесто и по сектори и на тој начин се формира градската структура во рамките на зоната, во зависност од положбата на земјата, основните сообраќајници, течението на реките и морскиот брег (Todorović, A.1965,p.130).

Основните заклучоци до кои дошол Хојт главно се содржани во следното. Прво, индустриските области не се шират околу централните делови и зони, туку покрај железничките пруги и крајбрежните појаси или на периферијата на градот. Тие не се шират во кругови, туку во редови.

Второ, областите населени со високата класа не се лоцирани во последните концентрични зони на периферијата, туку во еден или повеќе сектори, односно, како што расте градот, така високите класи се селат од центарот, препуштајќи им го на пониските слоеви, кои ги распостелуваат своите живеалишта во триаголна,повеќе отколку во кружна форма.

Трето, резиденцијалните делови никнуваат до трговијата на мало или до административните центри и настојуваат да се шират до постојните изградени патнички правци (Bergel, 1955, стр.104).

Проучувајќи ја станбената изградба во повеќе градови на САД, тој доаѓа до сознание дека во почетокот на градбата на скапите станови, во секторите кои се најблиски до банките и државните установи, доаѓа до напуштање на овие делови во

ситуации кога настапува процес на инвазија на посиромашните слоеви или нивно сместување во близина. Во таа состојба побогатите слоеви ги окупираат теренитe кои се најдобри за живеење (падините на планините или по течението на реките) каде постојат погодни терени за рекреација. Овие процеси на напуштање на елитните квартови и централни зони на градот и повлекување во субурбани подрачја, особено се поттикнувани со масовната употреба на автомобилот.

1.1.12 Чикашката социологија е идеолошка измама!

Оправданоста на критиките на концептот на традиционалната школа на урбаната социологија и воопшто на пристапот кој градот го зема за "детерминистички" фактор, како и критиките дека се работи за идеолошки а не научен пристап, нема целосно негаторски карактер и "ќе се спротивставиме на тврдењето дека целото проучување на урбаните феномени во рамките на Чикашката школа е идеолошка измама која би требало да го заштити Status quo и да го одвои проучувањето на урбаното во неутралната сфера на просторното" (Čaldarević,1985 стр.207/8). Концептот на класичната урбана социологија кој произлегува од сфаќањето за градот како "творечки" фактор на моделирање на односите меѓу луѓето, по шеесеттите години се напуштени под изговор дека тој концепт претставува само обид за идеолошка интерпретација на стварноста. "Урбаното", "градот", "просторот", се интерпретираат во рамките на улогата на државата во процесот на планирањето и во целина на модерното капиталистичко општество и нивните противречности кои не произлегуваат "сами по себе" од градот.

Урбанизмот не е ништо друго освен резултат на конкретна ситуација, а никако посебен ентитет. Тој за Харви (David Harvey) е социјална форма на начинот на живеење, кој меѓу останатото, се базира врз одредена поделба на трудот и на одредена хиерархија на активности кои се конзистентни со начинот на живот.

Берџел (Bergel,1955) смета (повикувајќи се на едно истражување) дека сите еколошки теории содржат значителен степен на вистина, но дека им треба извесна модификација, што и го прави во својата книга.

Критиките кои се појавија особено по шеесеттите години се однесуваат на основната теоретско-методолошка позиција на традиционалната школа на урбаната социологија, а особено доаѓаат до израз во делата на Кастелс (Castells, 1975) Жан

Ложкин (J.Lojkine, 1976) Дејвид Харви (David Harvey, 1977) Хербарт Ганс (H.J.Gans, 1968) Р.Пал (R.Pahl,1968) и други.

Критичките забелешки на споменатите социолози суштински се однесуваат на сфаќањето на поимот "урбано" или "град", под кои повеќе не се подразбира нешто познато "само по себе", како независно од целината на општеството, туку, пред сé, тие се анализираат како локација на акумулирани вредности и простори каде се создава вишокот на вредноста. Поимот "урбано, смета Кастелс, припаѓа на идеолошката дихотомија - традиционално - општество, модерно - општество за што не може да се најде емпириски критериум за дефинирање, со што се отфрла пристапот на Чикашката школа".

1.2 УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ТЕОРИИ

Последниве неколку децении, особено по шеесеттите години, започнува да се напушта теоретско - методолошката ориентација присутна во учењето на претставниците на Чикашката школа на урбаната социологија. Накратко, Чикашката школа на урбаната социологија, позната како традиционална школа започнува дваесетите години на Универзитетот во Чикаго, развиена од социолози, кои за прв пат градот го поставија во центарот на интересирањето на социолошките анализи (Park, Burgess, McKenzie, 1967).

За разлика од учењето на чикашките социолози во истражувањето на градот во последните неколку децении се тргна од следните неколку поставки: (M.Castells,1975, J.Lojkin,1976, 1977, Gans, H.J. 1968 и други). Прво, градот се анализира како локација на акумулирани вредности и место каде се создава и концентрира вишокот на вредноста; второ, планирањето воопшто, а посебно урбаното планирање, се сведува на манипулација со вишокот на вредноста, а урбанизмот се третира како идеологија на владеачката класа. Потоа, планирањето се разгледува и како средство за социјална контрола и како средство на државната интервенција и е во служба на зголемувањето на профитот; трето, се напушта класичната урбана социологија и поради тоа што се смета дека таа претставува само обид за идеолошка интерпретација на стварноста. Поимот "урбано" се смета дека е идеолошки, а не научен поим. "Поимот урбано (наспроти руралното) припаѓа на идеолошката дихотомија на традиционално - општество / модерно - општество и се однесува на одредена општествена и функционална хетерогеност, без можност да ја дефинира на поинаков начин отколку со нејзината дистанца, поголема или помала, спрема модерното општество. Дистинкцијата меѓу градот и селото, меѓутоа, е проблем на диференцијација на просторните форми на општествената организација. Но, таа диференцијација не се сведува ни на една дихотомија, ни на една континуирана еволуција, како што тоа го претпоставува природниот еволуционизам, кој е неспособен да ги разбере тие просторни форми како производи на одредена структура и општествени процеси. Освен тоа, неможноста да се најде емпириски критериум на дефиницијата на урбаното, само е израз на една теоретска нејаснотија. Оваа нејаснотија е идеолошки нужна да би конотирала, преку една материјалистичка организација на митот за модерноста". (Castells,

1975, стр.320). Кастеловата критика на Виртовото сфаќање, по мислењето на повеќе социолози има посебно значење, зошто станува збор за една од највлијателните критики во социолошката смисла за градот и има посебно значење (Вујовиќ, 1980, стр.134). Четврто, анализата се насочува кон проучување на модерните капиталистички општества и нивните противречности, како и на улогата на државата во регулацијата на процесите на колективната потрошувачка, за што поконкретно ќе се задржиме во понатамошниот дел од анализата.

Преиспитувањето на научниот статус на традиционалната урбана социологија и обидот за теоретско засновање на новата (или новите концепции) во истражувањето на градот, кај еден дел од модерните истражувачи на Алтисеровата интерпретација на Маркс (на пример, Мануел Кастелс) и со воведување на нови термини, како на пример: вишокот на вредноста, акумулацијата на капиталот, рентата и слично, како и врз анализа на улогата на државата во процесот на репродукција на работната сила и најпосле како основен проблем на теоријата и практиката на планирањето и интервенцијата на политиката во економиката (Altiser,1971,1975).

За разлика од сфаќањето за градот (урбаното), урбанизмот како начин на живот, подразбира, пред сé, учество на граѓаните во голем број на доброволни здруженија, организирани поради задоволување на различни потреби на градскиот човек, потоа анонимност и површност во односите, рационализам во мислењето и намалување на улогата на секундарните групи, или со еден збор, создавање на еден посебен тип на урбана култура. Новото поимање на градот подразбира специфична просторна артикулација на основните елементи на економскиот систем, односно структура на односи, меѓу процесот на производство и процесот на потрошувачката, во одредена просторна целина, што се остварува преку размената и управувањето со тие односи (Castells, M. 1975, стр.16).

Градот (просторна единица) се определува како резиденцијална единица на работната сила или единица на колективната потрошувачка која се однесува на домувањето, здравството, јавниот сообраќај, зелените површини, односно, сé она што ја определува простата и проширената потрошувачка на работната сила. Во тие релации се согледува и улогата на градот или агломерацијата, како единица на колективната потрошувачка, во која се одвива процесот на репродукција на работната сила заедно со улогата на претпријатието како единица на произ-

водството во кое се одвива процесот на репродукција на средствата за производство.

1.2.1 Социологијата на рационализацијата на модерното општество

За колективната потрошувачка карактеристично е тоа што таа не се извршува со посредство на пазарот, туку со посредство на потрошувачката во неговата целина. Колективната потрошувачка може да се разбере само ако се доведе во врска со акумулацијата на капиталот на овие размислувања за градот се поставува и прашањето за статусот на урбаната социологија, за нејзината научна втемеленост, што за Кастелс претставува едно од централните прашања на неговата теорија. Пред сé, социологијата на градот не може да биде заснована врз причинската поврзаност на просторот (урбаниот простор) и човечкото однесување. Урбаната традиционална социологија на градот, во суштина е само "културен израз на капиталистичката индустријализација, појава на пазарната економија и процес на рационализација на модерното општество. Во тој процес градот се јавува како "објаснувачка независна варијабла". Но, како што смета Кастелс, не е можно да се говори за урбаното однесување или ставови на граѓаните во тие релации. Потоа, апсурдно е да се говори за разликите меѓу градот и селото. "Главните особини на урбаната култура се директна последица на процесот на индустријализацијата, а во некои случаи на капиталистичката урбанизација". Целта на Кастелс е да се укаже на неможноста,дури и онаа која се засновува на аналитичноста, да се изолираат факторите на урбанизацијата на ниво на глобалната култура на општеството кое и понатаму го именуваме со поимот "урбано". Бидејќи основниот проблем на општеството е како да се задоволат потребите на колективната потрошувачка, нормално е од тоа да произлезе и вистинскиот предмет на социологијата на градот, а тоа е урбаното планирање, а негова појдовна позиција е "преминот од евиденција на потребите кон социологијата на политичките процеси вградени во управувањето со колективната потрошувачка". Односно, урбаното планирање е интервенција на елементите на управувањето / државата, општинската власт, со елементите на производството (индустрија, бирократија) размената, трговијата или нивните меѓусебни односи. Кастелсовата критика во суштина е насочена кон преиспитување на сфаќањето на традиционалната урбана социологија за детерминистичката

улога на градот во воспоставувањето на односите меѓу луѓето. Главната поента на критиката на сфаќањето на Вирт за "урбанизмот како начин на живот" и за "урбаната култура" што во суштина за Кастелс значи културолошки превод на капиталистичката индустријализација на пазарна економија во процесот на рационализацијата на модерното општество, односно, како што вели тој, не се работи само за специфичностите на научниот предмет (сé она што се случува во некоја урбана рамка) туку за постоење на еден поинаков, неексплицитен, научен предмет, процес на акултурација на "модерното општество, односно, на американското општество".

1.2.2 Социологијата на универзалниот урбанизам

Според мислењето на Розмари Мелор (Rozemary Mellor 1/1975) во анализата на поновите пристапи во истражувањето на урбаните проблеми е карактеристично тоа што тој е изведен од "структуралните промени на општеството како целина на која се однесуваат и сите анализи". Градовите на денешниот западен свет се разгледуваат како "огледала на апстрактни безлични сили на историјата, класната структура и култура". Урбаните кризи стануваат и политички платформи. Мелор го критикува гледиштето кое смета дека "капитализмот не е тој кој ги предизвикува кризите, туку дека тоа е урбаниот индустријализам". Недостатокот на социолошките истражувања главно се содржи во фактот што "биле правени мали напори да се поврзе урбанизмот со политичката економија, да се поврзе урбаната област во дефинирани односи меѓу општествата и внатре во едно општество". Урбаната социологија била заплашувана со "универзалниот урбанизам", за да биде дефинирана со чисто социолошки термини.

Критиката на социолошките погледи на претставниците на Чикашката школа се однесува, според Мелор на следното; Прво, урбанизацијата ја сметале за автономен процес и извор на општествените промени, а урбанизмот за извор и израз на модерната култура. "Промените на општеството биле иницирани од градовите и дифузијата на нивната култура предизвикани од здружувањето на индивидуите во специфични услови на егзистенција". Второ, во основа на теоретската анализа го прифатиле дуализмот меѓу градот и селото, меѓу државата и градот и слично. Трето, сфаќањето на градот како надворешна организирана единица во просторот, создадена од сопствени закони и како органска

целина, доволно организирана да ја одредува својата сопствена иднина.

1.2.3 Ефекти на урбаната агломерација

Слично како и мислењето на Кастелс и за Жан Ложкин (J. Lojkine,1976) зголемувањето на продуктивноста на трудот како и зголемувањето на брзината на циркулација на капиталот, во услови на капиталистичката урбанизација, е резултат на социјализацијата на потрошувачката. Она што ја објаснува "автономијата" на урбаните феномени е фактот дека тие "се дел од поделбите на трудот од која поделбата меѓу градот и селото е фундаментална и е дел од економските формации на најразлични општества, а не како поделба во мануфактурата или онаа во работилницата во капитализмот". Градот се јавува како непосреден ефект на потребата "да се намалат индиректните трошоци на производството и трошоците на прометот и потрошувачката, а се со цел да се забрза степенот на обртот на капиталот и да се зголеми времето за кое тој бил продуктивно искористен". Развојот на градот за Ложкин не е обезбеден од постојаната потреба на капитализмот да ја зголеми продуктивноста поради следното: прво, што секој пораст на продуктивноста, со зголемување на органската содржина на општествениот капитал, на крајот го засилува стремежот да се намали степенот на профитот што доведува до противударна реакција која го контролира и "селектира" развојот на производните сили; второ, што потребата од кооперација меѓу различните застапници на производството во урбаниот простор е оспорена од "законите на капиталистичкото натпреварување и парцелизирање на урбаниот простор во независни фрагменти кои се лична сопственост на земјосопствениците".

Капиталистичките односи во производството се обременети со нерационалностите во користењето на земјиштето и претставуваат пречка за рационално општествено планирање на развојот на градот. Ограничувачките елементи се содржани главно во финансирањето на разновидните елементи на социјалната поделба на трудот на територијата како целина, од каде што доаѓа и анархичното натпреварување меѓу различните застапници што го употребуваат или го трансформираат градскиот простор како и од ограничувањето кое произлегува од приватната сопственост на земјата. Капиталистичкиот град е производ на социјализацијата на општите услови на производството и социјализацијата на просторот. Во таа смисла Ложкин го употребува изразот "ефекти

на урбана агломерација", поврзувајќи го со глобалниот аспект на урбаните активности на капиталистичката економија. Градот е сé повеќе манифестација на две контрадикторни нужности: за репродукција на работната сила, која бара обратно: преку развојот на здружувањето, секогаш повеќе слободно време, секогаш помалку неопходен труд и конечно, целосно отстранување на спротивноста меѓу потребното време и слободното време, а со цел да се излезе во пресрет на новите потреби на научната и техничката револуција. Градот игра фудаментална улога во развојот на капитализмот, но и обратно: урбанизацијата е модулирана и формирана од потребите на капиталистичката акумулација

Посебно интересен феномен во анализата на урбаните системи претставува земјишната рента, која остава траен печат во развојот на градот. Таа главно се манифестира низ неколку главни доминантни тенденции: прво, како спротивност меѓу центарот каде цените на земјата се повисоки и периферијата; второ, како поделба меѓу областите и населбите резервирани за највлијателните слоеви и делови од градот резервирани за населување на претставниците на работничката класа; трето, обопштено распространување на "градските функции" расеани во области кои се географски одделени и сé повеќе специјализирани по функција: службени подрачја, индустриски зони, станбени области и сл. Ложкин смета дека тоа се тенденциите кои градската политика ги има систематизирано и рационализирано под поимот "зонирање". Капиталистичкиот систем на производство е оспособен да создаде колективни средства за потрошувачка, на пример: здравствен и образовен систем и покрај сите негови присутни недостатоци. Тој систем ја прави нужна социјализацијата на општите услови на производството и "слободниот натпревар и потрага по профит" и е во состојба да го овозможи финансирањето на непрофитните колективни средства. Државата има двојна улога: од една страна ја одржува кохезијата на општествената формација, а од друга далеку од тоа да може да се сведе на идеолошко дејство или дури и на општествени мерки кои дозволуваат "хармонична" репродукција на класните односи. Кохезивната функција на државата истовремено е и нејзина интервенција во економска база.

Економската функција на државата е насочена кон проширената репродукција на капиталистичкиот начин на производство. Таа му овозможува на капиталистичкиот систем да ги реши моменталните противречности, кои ни еден капиталистички претставник одделно не може, или не сака да ги решава. Државната интервенција нуди "краткотрајни решенија на проб-

лемите кои за одделни капиталистички претставници беа нерешливи". Преку урбаното планирање се овозможува рационално користење на "градското тло" и разрешување на моменталните проблеми предизвикани од градската рента. Како делумно решение на моменталните тешкотии "капиталистичката урбана политика само ја пренесува противречноста меѓу нужноста на урбаното општествување и нужноста од капиталистичката акумулација на едно повисоко ниво, воопшто не намалувајќи ја класната борба, а економските и законските интервенции на државниот апарат во урбаната област само го прошируваат своето поле на делување".

1.2.4 Урбанизмот и дистрибуцијата на вишокот на вредности

Дејвид Харви (Давид Харвеs, 1977) спаѓа меѓу теоретичарите кои имаат голема улога, како во критиката на традиционалната социологија на градот, а можеби уште повеќе во конципирањето на новиот пристап во анализата на урбаните феномени. За него, за разлика од сфаќањето на Луис Вирт, урбанизмот треба да се сфати како низа општествени односи кои одразуваат односи воспоставени во општеството како целина. Во анализата на урбанизмот важно е да се констатира дали е тој посебна структура со сопствени закони на внатрешна трансформација и конструкција или низа законитости содржани во некоја поширока структура како што се односите во производството. Ако појдеме од првото гледиште, тогаш сме принудени да ги изедначиме законите на трансформацијата на урбанизмот, како и односите кои урбанизмот ги пренесува на другите структури во целина. Но, ако го прифатиме второто гледиште, тогаш мораме да го утврдиме процесот на постанокот на урбанизмот од други структури (исто, стр.307). Харви прави разлика меѓу градот како форма и урбанизмот како начин на живеење. Таа раздвоеност може да се согледа во развојот на општеството. Со развојот на индустријата и продорот на пазарните законитости во сите области од општеството, антагонизмот меѓу селото и градот исчезнува. "Стариот антагонизам меѓу градот и селото почнал да игра многу помала улога, но се јавува нов конфликт меѓу светските метрополи и неразвиените нации на светски план. На локален план конфликтите се јавуваат со внесувањето на селските проблеми во градот, смета Харви. Урбанизацијата на селските области подразбира исчезнување на регионалниот начин на живот под дејство на светскиот пазар, а производството на предметите за потро-

шувачка постанале стандардизирани, бројни и помалку поврзани со локалната средина. Харви му го одзема на урбнаизмот "творечкиот" карактер и за разлика од Лефевр (Лефебвре,1974) кој смета дека урбанизмот доминира во индустриското општество, за него тој не е ништо друго туку резултат на конкретна ситуација, а никако посебен ентитет. Тој е социјална форма на начинот на живот, кој меѓу другото се базира врз одредена поделба на трудот и на одредена хиерархија на активности кои се конзистентни со начинот на производство. Урбанизмот е директно поврзан со постоењето на вишокот на вредноста и најдобро може да се анализира како начин на негова дистрибуција. Ваквиот период во анализата на урбанизмот како неутрална технологија на управување со просторот. Во капиталистичките општества урбанизацијата врши примарна функција на генеративен центар за поширокатa околина, од која екстрахира вишокот на вредноста и повторно се враќа во процесот на производство. "Градот и урбанизмот функционираат на тој начин што одредуваат еден посебен начин на производство зашто придонесуваат да се создадат неопходни услови за негова репродукција". Градот е место на спротивставени интереси и сили кои создаваат нови форми на организација на економскиот и политичкиот живот. Организацијата на просторот може да влијае врз општествените односи. Во прединдустриските градови организацијата на просторот на градот претставувала симболичко осмислување на замисленият космички систем. Но, историјата на секој град, смета Харви, може најдобро да се сфати во смисла на циркулација на вишокот на вредноста. "Производството на градскиот "простор" содржи процес на формирање на постојан капитал каде значајна посредничка улога има постојниот политички систем и финансиските институции. Во тој контекст се настојува да се докаже врската меѓу финансиската надградба, структурата и формите кои ги прима процесот на урбанизацијата, а кои од своја страна ги продлабочува противречностите својствени на капиталистичкиот начин на производство. Промените на формите на циркулација на вишокот на вредности не влијае врз фактот дека градовите како работилници на цивилизацијата секогаш функционираат по принципот на експлоатацијата над мнозинството од страна на малцинството".

1.2.5 Урбанизмот и субурбанизмот во модерните теории

Основните поставки на традиционалната школа на урбаната социологија беа критикувани и отфрлени и од истражувачите на градот кои беа надвор од марксистичките и неомарксистичките теоретски ориентации. Едоставно, со слични истражувања кои беа реализирани во различни средини (Bethznal Green, London 1957; Gans, Boston 1962; Bopeqamage 1957; Abu-lughod, 1961; Cairo, Mayer, 1963, East London, Marris. 1961 Lasos и др.) ја докажуваа, особено, погрешноста на Виртовите заклучоци за урбанизмот како начин на живеење. Во некои методолошки и теоретски аспекти можеме да се согласиме со мислењето дека во нивните критички забелешки постои повисок степен на доследност и принципиелност од претходно наведените критички забелешки.

Ганс (Gans.H.J.1968) смета дека постои една важна причина за ревизија на концепцијата на Луис Вирт за урбанизмот како начин на живеење. Вирт во анализите се занимава со "урбано-индустриското општество", а не со градот и неговото сфаќање како деперсонализирано, автомизирано општество и општество под влијание на масовните движења кои се основа на теоријата во индустриското општество. Денес целото општество е урбано и според тоа, не се прави разлика меѓу начинот на живеење во градот од начинот на живеење во другите модерни општества. Социјалните карактеристики на концептот на Вирт за урбанизмот повеќе се резултат на нестабилноста на домувањето, отколку на степенот, густината на домување и хетерогеноста на поединците кои живеат во еден дел од градот. Анализата на причините мора да доведе до поголеми општествени и економски системи кои ја одредуваат ситуацијата во која се играат улогите и се добива културолошката содржина на изборот на домување. Анализата на Херберт Ганс ја доведе во прашање социолошката дефиниција на градот во духот на Чикашката школа. Ако начинот на живеење не се согласува со типот на населбата и ако е функција на класата и стадиумите на животниот циклус, а не еколошки атрибут на населбата, тогаш не може да се даде социолошка дефиниција на градот, смета Ганс. Споредбите на градот и предградието покажуваат дека меѓу нив може физички и демографски да се направи разлика "но еколошките процеси и услови кои тие ги синтетизираат немаат директни непроменливи последици врз начинот на живот".

1.2.6 Село во центарот на градот

Критичките забелешки на Роберт Пал (R. Pahl, 1968) се многу остри и директно ги негираат принципите и заклучоците од истражувањата на чикашките социолози. Пал смета дека во еден социолошки концепт термините "урбано" и "рурално" повеќе се истакнуваат за да предизвикаат недоразбирање, отколку да осветлат нешто.

Наспроти сознанијата на Вирт, Пал наведува повеќе студии во кои се доаѓа до сосема спротивни сознанија од оние на чикашките социолози. "Урбани села егзистираат во центарот на градовите каде е присутен висок степен на социјална кохезија базирана на меѓусебни роднински врски и висок степен на примарни контакти" (стр. 267).

Оскар Луис на примерот на Мексико Сити покажува дека селаните се адаптираат на градскиот живот многу полесно отколку што го сугерира фолк-урбан теоријата (Pahl, 1968 стр.267). Барајќи го одговорот на основните прашања поврзани со дефинирањето на поимот "урбано" и "град" Кингсли Дејвис доаѓа до сознанието дека станува збор за едновремени зафаќања на проблемот на две различни нивоа. Имено, овие термини од една страна се однесуваат на извесни физички и географски карактеристики на човечкиот живот, а од друга пак се употребени во смисла на социјални карактеристики и однесувања на човекот во тој контекст. Прашањето во смисла на тоа дали градот во физичка смисла е погоден за растројства, социјална хетерогеност, индивидуализам и сл., по Дејвис не се решава научно , туку со дефиниции. Во тие релации и познатата дефиниција на Вирт за градот како "релативно голема, густа и постојана населба во која живеат социјално хетерогени единки", не само што е неопределена и не дава сознанија за тоа каква е таа "големина" на градот, туку и не се знае што означува и поимот "населба". Таа дефиниција го запоставува прашањето за тоа во колкав степен се (емпириски) заемно поврзани густината и социјалната хетерогеност.

Критиките на Кастелс, Харви, Ганс, Пол и многу други кои овде не се спомнати, се успешни до извесен степен: тие укажуваат на некои суштински недостатоци во теоретска и методолошка смисла. Но, како што сметаат некои истражувачи, анализите на Чикашката школа се комплексни и плодни и не можат да се подвргнат под "Кастелсовата, сепак редуционистичка

интерпретација". (Вујовиќ, 1980). Слично гледиште се сретнува и кај Чалдаревиќ (Čaldarević, 1985,стр.208) која вели дека "и колку ние да сме уверени, на пример во терминот "урбано", дека има определено идеолошко значење и дека не може да биде користен за експликација на комплексни појави, сепак ќе се спротивставиме на констатациите дека целокупното проучување на урбаните феномени во рамките на Чикашката школа е идеолошка измама која треба да послужи за презервирање на status quo за да го одвои проучувањето на урбаното во неутралната сфера на просторот".

1.3 СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И УРБАНИТЕ ТИПОВИ

Поделбата на општеството на спротивставени групи, низ историскиот развој на градот, се исполнува меѓу другото и во присвојување на моќта за формирање на просторот, во зависност од местоположбата во општествено - политичкиот и економскиот систем. Всушност, структурата на урбаниот простор ја формираат оние сили кои поседуваат вистинска моќ на одлучување. Вебер смета дека градот пред индустријализацијата бил место на луѓе со високи примања и тоа што го овозможил развојот на разни видови занаетчиство во служба на една префинетост на живеење, која не се ограничувала само внатре во живеалиштето (Remy-Voye, L.1981,стр.33-34).

Со создавањето на една динамичка целина, по Ж. Рени, градот не е доволно да произведе колективни вредности, туку тој станува средина, во вистинска смисла на зборот, каде се препознава процесот на колективната идентификација. Во тој случај, секој град одделно добива специфично обележје кое го разликува од останатите.

Во услови на интензивен развој на индустријата, урбанизмот ги зафаќа и овие простори кои беа формирани во минатиот период. Новите урбани простори често се стремат да бидат управувани од логиката на општествениот живот и од начинот на живење.

Имено, градот е зафатен со значајни внатре - градски групирања кои настојуваат да формираат поинаква просторно-физичка структура. Урбаниот тип директно произлегува од карактерот на општествената организација која ја модифицира или ја урива старата наследна урбана струкутура и организација на просторот. На пример, егзистенцијата на прединдустрискиот град зависела од храната и суровините, снабдени однадвор и поради тоа тој претставува еден вид маркетинг центар. Потоа, неговото внатрешно уредување произлегува од општествената структура. Повеќето од улиците се често претесни за луѓето и запрежните возила, зградите се ниски и залепени една до друга, а ограничените услови за живеење, комбинирани со ограничено знаење, создале сериозни санитарни проблеми. (Sjoberg,G. 1955).

Новата форма на производство на енергија, електрика и пареа, го измениле производствениот капацитет на урбанизацијата, а со тоа се создаваат услови за коренити промени во

еколошката, економската и општествената организација на градовите.

Во прединдустрискиот град присутна е неразвиена поделба на трудот. Занаетчиите учествувале во сите фази на изработката на производот, организиран во посебни здруженија - гилди. Тие вршеле директна контрола над условите за работа и начинот на производство. Меѓу елитата и пониските класи постоеле остри спротивности, но и во двете групи била присутна градација на рангот. Членовите на елитата им припаѓале на "угледните" семејства и имале моќ, имот и одредени лични атрибути со висока вредност, смета Сјеберг. Во моментот кога манастирот, гилдата и црквата како основни елементи на средновековниот град станале препознатливи, кога почнале да делуваат и го оформуваат секој дел од градот, можеме да речеме дека прототипот на средновековниот град ја добива својата форма (Mumford, L. 1967, стр.355). Средновековниот град претставува "збир на мали градови од кои секој уживал извесен степен на автономија". Тој е строго поделен на квартови, односно предели, во зависност од етничката и професионалната припадност на неговите жители. Градовите претставувале енклави во еден рурален свет (Bassand, M. 1974).

Основата на физиономијата на новиот тип на градот е содржана во интензивниот развој, примена на нови средства за производство, енергија и нов начин на транспорт. Урбанизацијата е во функција на индустрискиот развој и навлегува во сите сфери на општеството. Индустријата создава услови за брза и масовна концентрација на население околу производствените капацитети сместени во поголемите градови. Тој тип на урбанизација предизвикува радикални промени во постојната урбана стварност и нова организација на елементите на градот.

1.3.1 Индустријата "организатор на градскиот пејсаж"

Урбанизацијата на современото општество се исполнува како повеќе димензионален процес и може да се посматра на неколку рамништа: како урбанизација на просторот; урбанизација на општествената структура и урбанизацијата на културата или начинот на живеење, а кои што треба да се анализираат во взаемна поврзаност. Често урбанизацијата на општествената структура оди пред урбанизацијата на просторот, а далеку пред урбанизацијата на начинот на живеење. Тоа во голема мера се манифестира во градовите на неразвиените земји.

Социолошките аспекти на урбанизацијата треба да бидат посматрани низ процесот на организацијата и развојот и во таа смисла да се тргне од односите меѓу производните сили, социјалните класи и формите на културата, но не на еден апстрактен начин, туку преку секое нивно конкретно исполнување. Урбанизацијата поврзана со првата индустриска револуција, и развојот на капиталистичкиот начин на производство, претставува процес на организација на простор што се базира на два основни факти: распаѓање на претходната аграрна социјална структура и емиграција на населението кон веќе постојните поголеми урбани центри, во кои се концентрирани средсдвата за производство како неопходен услов за индустријализација и премин од една домашна и мануфактурна економија во друга фабричка економија за која може да се рече дека, во исто време врши концентрација на работна сила, создава пазар и формира индустриска средина. (Castells,1981, стр.27).

Градовите ја привлекуваат индустријата, која пак од своја страна е причина за концентрација на работната сила. Таа е основниот детерминатор кој го организира "внатрешниот градски пејсаж". Градот се појавува како единство на функциите на микроекономски и макроекономски план. На микроекономски план тој се исполнува како економска форма на зголемување на продуктивноста на претпријатијата кои се наоѓаат во рамките на неговиот простор, а на макроекономски план се изразува како социјален услов кој ја помага организацијата на целината која е во функција на економскиот развој

Во капиталистичкото општество присутна е доминацијата на економските, над останатите односи и на нив сé е подредено. Градот, исто така, е предмет на размена и потрошувачка, еднаква како и секоја друга стока.

Капитализмот ја поткопува локалната автономија на средновековниот град, ставајќи го тежиштето на "спекулацијата наместо сигурноста, профитерските иновации, наместо традиционалните вредности и континуитетот, постепено разорувајќи ја целокупната структура на урбаниот живот и поставувајќи ја на нова безлична основа, на парите и профитот".(Mumford, L. 1968).

Во новите градски агломерации човекот ја губи способноста за сфаќање на тоталитетот на неговото живеалиште. Тој не е во состојба да ја разбере неговата еволуција. Човекот за Маркс повторно се населува во "пештери коишто сега се отруени од задушливиот заразен здив на цивилизацијата, а во однос на оние кои се чувствуваат неуверено, како спрема туѓа сила што може

секој ден да му се оттргне и од кои можат секој ден да го исфрлат, ако не ја плати станаринаta" (Маркс и Енгелс,1961).

Социјалната организација во урбаниот простор е поттикната од интензивниот развој на индустријата и примената на нови техничко - технолошки иновации и воведување нови транспортни средства, потоа, таа добива карактер на социјална и функционална сегрегација, односно натамошна специјализација на просторот. Во социјална смисла, настанува натамошно одвојување на социјалните групи во просторот во зависност од местоположбата на структурата на моќта на одлучувањето и економскиот статус, а во фукционална смисла, градскиот простор понатаму се дели главно на простори за производна активност, деловен центар, ситна трговија, банкарство, администрација, рекреација, забава, односно, се врши интензивна "специјализација на тлото". За да може градот да ја врши производната функција, мора просторот да биде класифициран, во него секоја функција мора да заземе специјализирано подрачје (Šoe, F. 1978). Овој прогрестички модел на развој, како што го нарекувал Шое, само ја следи логиката на економскиот план кој ја насочува кон една единствена цел - ефикасноста. "Таа како вредност го оправдува крупното определување на рамките на животот. Неоправдано одредената вклопеност на секоја човечка активност во просторните форми ја симболизира улогата на тој урбанизам, кој не може повпечатливо да се претстави од она како го опишал самиот Ле Корбизие: ништо повеќе не е противречно.... секој точно е поставен во редот и хиерархијата и го зазема своето место".(Bassand,M. 1974).

Постиндустриското општество се разликува по многу суштински елементи од индустриското, меѓу другото, и на планот на понатамошната промена на урбаните типови. Тоа е зафатено со нови тенденции во економскиот, социјалниот и техничко - технолошкиот развој кој главно се изразува во: рационализацијата на сите области во општествениот живот, формирање на огромни национални и мултинационални претпријатија, промени на општествениот систем и преструктуирање на општествените групи на просторот, каде технобирократијата има доминантна улога.

Основните противречности кои што се исполнуваат во современото општество, а кои што директно или индиректно се поврзани со просторната организација на градските агломерации, главно се содржани во сé поголемата зависност на репродукцијата на работната сила. Процесот на натамошна изразита социјална сегрегација во просторот, која главно се манифестира преку создавање на субурбани зони на привилегирани слоеви,

децентрализација на потесното градско подрачје и раселување на тешката индустрија, како и во процесот на сламизација на централното јадро, формирање на масовно општество, стимулирање на човековите анти - потреби и јакнење на улогата на државата во "поопштествување" на урбаните функции, во рамките на класните спротивности без суштински да ги поремети класните односи (Павловиќ, J. 1981).

Анализата на градот во општествата кои изградуваа социјализам покажаа дека во нив не била надмината "логиката на граѓанското општество" во формирање на просторот. Фактот што социјалистичката револуција победи во изразито неразвиени општества од кои некои уште се наоѓале во фаза на изразито неразвиени капиталистички односи и неразвиена економија, биле доведени во ситуација во изградбата на социјалистичките односи да поминуваат низ процес на интензивна индустријализација, која создава еднакви или слични ефекти на планот на формирањето на урбаниот простор. Тоа создаде реални услови, општествената организација, базирана врз социјалистичките принципи, практично да не создаде суштински различни урбани агломерации од оние кои се познати во капитализмот. Всушност, останаа ненадминати, општествената поделба на трудот, спротивноста меѓу градот и селото, социјалната сегрегација во просторот, разликите во достапноста и задоволувањето на колективните потреби во зависност од местото на живеење и сл.

Првиот обид на советските теоретичари меѓу дваесеттите и триесеттите години од овој век, да создадат нови урбани простори кои би одговарале на новите општествени односи, може на повеќе начини да се интерпретира, но останува основниот факт дека во целокупниот период од изградбата на социјализмот, како реален општествен систем, многу малку се трагало по нови форми кои би биле инхерентни на тој развој (Корр, А. 1978).

Урбаните противречности не се јавуваат како апсолутно самостојни и независни од општествените противречности. "Со надминувањето на општествените противречности, не мораат да се надминат и урбаните противречности, зошто тие не можат да се манифестираат и покрај структуралните промени на општеството и да создаваат нови рамки (архитектонски, урбанистички) на нови отуѓувања" (Павловиќ,J.1981,стр.38).

1.3.2 Градот и човекот во модерното општество

Анализата на положбата на човекот во модерната урбана средина е неразделна од процесите кои се случуваат во целината на општествено - економските, социјалните и културните промени во глобалното општество. "Урбанизмот како начин на живот" станува доминантна форма наспроти "традиционалниот селско-паланечки начин на живот".

За класиците на марксизмот (Маркс, Енгелс, Ленин) како што смета Шое (Šoe, 1978) градот се јавува само како посебен вид на општиот проблем, а неговата идна форма се поврзува со постанокот на бескласното општество. Пред воспоставување на револуционерната власт, не е можно, а и бескорисно е да се обидуваме однапред да го предвидиме идното уредување на градот. За нив, решавањето на проблемите што ги создава урбанизацијата, особено брзото ширење на градското подрачје, се базира на револуционерната дејност, за која една од првите задачи, се наметнува "укинувањето на разликите меѓу градот и селото". Човечкиот свет, а градот претставува еден од најкомплексните човекови творби, треба да се уреди по барање на човековата природа.(Маркс, Енгелс, Дела, Том 4, стр.62).

За Георг Зимл (G.Simmel,1969) психолошката основа на личноста во големиот град (метрополата) се состои во интензивна нервна стимулација која резултира од брзината и непрекинатоста на промените на надворешните и внатрешните стимуланси. Како резултат на поделбата на трудот, која бара од човекот посветување на само еден определен круг на дејности, тој (човекот) не е во можност во целост да ги следи достигањата особено во културата и уметноста.

Роберт Пал (Pahl, 1968) критички го анализира гледиштето кое урбанизмот го третира како начин на живот, кое е различно од она што го среќаваме во фолклорното општество, како безличен, вештачки менлив и сегментарен, како и тоа дека човекот во градот го губи спонтаното самоодржување, моралот и чувството за активност.

Но, смета Пал, во центарот на градското подрачје, како што тоа го покажуваат повеќе истражувања, постојат и "урбани села" кои имаат висок степен на општествена кохезија, која се базира врз испреплетени роднински врски и високиот степен на примарни контакти со познати лица. Една студија, на примерот на градот Мексико, покажува дека селаните кои мигрирале во гра-

дот, се адаптирале на градскиот живот многу полесно отколку што би можело тоа да го сугерира рурално - урбаната теорија; семејниот живот бил стабилен како и семејните врски. Во централното градско подрачје формирана е една конфузна смеша на подгрупи и подкултури и тешко може да се согледа на кој начин густината и големината на градот имаат идентично влијание и врз богатите и сиромашните.

За Вилсон, на пример, градот претставува природно место на човекот од западната цивилизација. Тој скоро во целост е создаден од него и како место на живеење тој се адаптира на него, ги исполнува неговите барања, а како негов производ пак, тој го дополнува човекот во сите негови димензии. Градот со своите многубројни и различни уредени простори нуди мноштво различни стилови: "од боемски до конзервативен", од "нежен до вулгарен", изразувајќи ги боите и врвовите на светските народи и убедувања. Во градот е можно да се исполни противречноста на идеите и да дојдат до израз вредностите и стиловите на живот. Но, во него, исто така, еден голем дел од населението живее вон цивилизираните тековини, лишено од најосновни средства за живот. Градовите се соочуваат со повеќе проблеми што изгледаат бескрајни и безнадежни. Проблемот е во перспективите, смета Вилсон. За американските градови, централните делови од градот стануваат сé посиромашни и "обоени", а предградијата сé побогати и бели. (Willson, Robert/ David A.Schulz, 1978). "Скоро 69 одсто од американската популација живее во она што се нарекува со пописот, стандардна статистичка област на метрополата, 75 одсто од црнците живеат во оваа област, а 58 одсто живеат во централниот град на таквата област. За споредба, 68 одсто од белата популација живее во стандардните статистички области од градовите".

1.3.3 Урбаниот психолошки тип на човек

Клод Леви - Лебоје (C.L.Leboyer, 1980, стр.105-125) смета дека истражувањата на стресовите во градот се обидуваат да ја покажат патогената природа на големиот град и во таа смисла биле докажани две тези. Првата, дека животот во големиот град го фаворизира развојот на душевните болести и деликвентното однесување и втората, дека градот ги осиромашува социјалните односи и ја зголемува рамнодушноста кон другите луѓе.

Овие две тези Клод Леви-Лебоје ги илустрира со резултатите од мноштво истражувања реализирани во повеќе градови од

Европа, Америка и други подрачја. Така, на пример, истражувањата во Шведска спроведени под раководство на Калстрам и Леви (Calstrom et Levi, 1971) покажаа дека во Стокхолм, иако во него живее само 10 одсто од целокупната популација во Шведска, се случуваат 38 одсто од кражбите направени во целата земја. Потоа, во истражувањата на Тимс (Timms) на примерот на Литон, работничкото предградие на Лондон, и истражувањата на Шмит (Schmitt) на Хонолулу, за односот меѓу криминалитетот и деликвенцијата од една, и густината на населеност од друга страна, се дојде до сознанието дека, постои меѓувлијание, односно, дека видот на населбата и густината на населеноста, условуваат висок степен на криминалитет и деликвентно однесување на младите. Но, Клод Леви-Лебоје наведува и повеќе истражувања кои не ја потврдуваат основната теза за поврзаноста меѓу особините на урбаната средина и однесувањето на поединецот и групите.

Кирмајер (Kirmeyer, 1978) доаѓа до сознание дека резултатите од статистичките истражувања кои настојуваат да ја приближат густината на населеноста и менталната патологија или деликвенција, се контрадикторни. Таа, ја припишува ова разновидност на резултатите на културните разлики кои ја предаваат густината, повеќе или помалку поднослива, исто така на експерименталните услови и променливите примери на социоекономските категории, без да се води сметка за оваа разноликост. Секогаш истражувањата кои ги проверуваат овие променливи величини не доведуваат до појасни резултати, веројатно затоа што присуството на другите фактори, а не густината, кои ја предизвикуваат деликвенцијата и менталната патологија се помногубројни и променливи (Leboyer, цит.стр.114).

Џемс Кин (James Quin) за урбаниот психолошки тип смета дека е отелотворување на еден културен став, дека е чувствителен на појавите и свесен за времето и има доверба во ефикасноста на општествената контрола. За Роуз Хам Ли (Rose Hum Lee) во градските агломерации присутен е натпревар и селективна сегрегација како контраст на традиционалното општество, кое се базира на традицијата и обредните церемонии, со цел да ја привлече и да ја зајакне културната заедница и идентитетот на поединецот. Градскиот општествен ред, ужива секакви привилегии кои се резултат на преговори, договори и други слични формални средства.

За Хол (Hall,1979) градот е израз на културата на народот што го создал и продолжение на општеството задолжено да исполни цела низа функции за кои секогаш сме свесни. За него се важни неколку моменти при планирањето на градот во врска со

човековиот живот: Прво, да се откријат соодветни методи за да се процени човековиот размер преку сите негови димензии, подразбирајќи ги димензиите на културата; Второ, треба да се научиме конструктивно да ја употребиме етничката енклава. Човекот има тенденција да ја идентификува својата слика во просторот во кој живее; Трето, треба да се сочуваат слободните простори во градовите; Четврто,треба да се сочуваат старите делови од градовите кои поседуваат и минимална вредност, и само неколку куќи заслужуваат да бидат сочувани, затоа што тие го потврдуваат континуитетот на минатото со сегашноста и внесуваат разноликост во урбаниот пајсаж.

Роберт Парк (R.Park) го разработува концептот на маргиналност во врска со општествената положба на културните хибриди, од исти или различни раси, кои ги задржале традициите на два различни народи, кои се способни, "поради расни предрасуди" да си обезбедат припадност во општеството.

Релативно изолираните општества, оние поврзани со традицијата, го обликуваат поединецот во согласност со оние вредности во кои интеграцијата со културата се рефлектира во интеграција на личноста на поединецот.

1.3.4 Урбаниот маргинален тип на човекот

Брзиот демографски пораст на градот, според Барџес (Burrges, E.), влијае на менливоста на општествените односи, вредности и хетерогеноста да бидат доминантни особини на современиот свет. За дел од населението, наглиот премин од една во друга општествена состојба, создава услови за маргиналност. Маргиналниот човек е оној кој лебди во психолошката несигурност меѓу два или повеќе светови, кој во себе ги носи несогласувањата и хармониите, одбивањето и привлечноста на многу светови, од кои еден е секогаш доминантен над другите и во кој, по правило, припадноста се базира имлицитно, ако не и експлицитно, со раѓањето или потеклото на расната или националната припадност. Најлесно препознатлив тип на маргинален човек е оној кој потекнува од различни раси. Поврзувањето на различните раси и културната асимилација се поттикнувани или спречувани поради следните услови: Прво, малиот број на жени од доминантната раса условува мешани бракови. На тој начин потомците од овие мешани бракови по правило се вклучуваат во групата на која ѝ припаѓа таткото; Второ, трговските врски се погодни за меѓусебно мешање; Трето, религиоз-

ните здруженија ја помагаат асимилацијата; Четврто, влијанието на политичките односи се базираа на судири и освојувања; Петто, сфаќањата за бракот и сексот го управуваат и забрзуваат процесот на асимилација и сл.

Колективниот живот на градот не исчезнува во онаа мерка во која тој просторно и демографски се зголемува. Тој живот, смета Рајмон Ледри (Ledrut, 1968, стр.74) се губи во онаа мерка, во која градот ги зголемува границите вон неговиот потесен центар.

"Колективниот живот е оној кој ги обединува единките и нивните односи во една целина која има свој сопствен живот. Овој живот мора да се набљудува преку манифестациите, церемониите и разните собири...."

Градскиот колективен живот е далеку поинтензивен ако овие манифестации се помалубројни, собираат многу лица и го менуваат животот на единките и другите групации. Проблемот на колективниот живот, а посебно оној кој се заснова на учеството во политичкиот живот на заедницата, е проблем на колективната интеграција на жителите на една локална заедница. Недостигот на интеграција се манифестира како тегоба, како притисок и взаемна сомничавост која владее меѓу оние кои управуваат со една локална заедница и оние со кои се управува.

Недоволното учество во јавниот живот и недоволната колективна интеграција не се израз на незаинтересираноста, туку на отсуство на односи меѓу популацијата од една и општинската власт од друга страна.

Градот, како социо-културна средина на отуѓени луѓе со различни "улоги и статуси" ги хомогенизира на ниво на начинот на живот. Исполнувањето на секојдневниот живот на човекот во градската средина е соочен со мноштво проблеми. Секојдневието на човекот директно е поврзано со задоволување на културните потреби. Во градската средина процесот на социокултурната диференцијација се изразува, пред сé, низ индивидуализмот како стил на живот, низ масификацијата, детерминацијата и рутинизацијата на работните функции на човекот.(Супек, Р. 1975).

Селските мигранти во градот се под влијание на градската култура, создадена длабоко од антагонистичките субкултури, без можност да учествува во т.н. хумана и автентична култура и се оставени на влијанието на стандардната култура.

Маргиналноста и отуѓувањето се најчесто употребувани поими во објаснувањето на положбата на мигрантите во градот и нивниот секојдневен живот. Тие се манифестираат во скоро сите области и дејности. Кога станува збор за урбаната култура таа во најмала мерка ги вклучува деградацијата на просторот и простор-

ната сегрегација, потоа, регресијата и кризата на формите на човечката и општествената индивидуализација и деградацијата на социо - антрополошката природа и културните потреби. Во таа смисла, истражувањето на животот во градот треба да се насочи: прво, на хетерогената културна традиција на градот, што ги сочинуваат и формираат специфични, просторно одделни, социо-економски и општествено - културни заедници; второ, на постоењето на одредени типични обележја на културата на жителите на градот или локалитетот на кој се наоѓа; трето, на хетерогените културни традиции на околните рурални локалитети кон кои градот се шири; и четврто, на хетерогените културни традиции во процесот на урбанизацијата на новодојденото население.

На просторот на кој физички се шири градот веќе постојат населени места - села за кои е карактеристична одредена култура, начин на живот и односи меѓу луѓето. Во овие простори, се случуваат сложени општествени процеси на меѓусебно влијание меѓу автохтоното и на новодоселеното население, без разлика дали е од селско или градско потекло. Во нив можни се различни социјални интеракции кои најчесто доведуваат до целосна асимилација на автохтоното население. Често во рамките на новоформираните населби остануваат одделни просторно - социјални целини за кои е карактеристчно тоа што го одржуваат успешно општествениот живот карактеристичен за традиционалното општество, кој главно се карактеризира со цврсти социјални врски, внатре во семејството и соседството. Комуникацијата со поширокатa средина и со градот како целина, не успева да го уништи традиционалниот живот.

1.3.5 Затворена и хомогена заедница

Вредноста на местото на живење, кое понекогаш добива симболичко значење, при преселувањето предизвикува негативни последици на социјален и психолошки план. Стравот од социјалната изолација во новите населби, отсуството на интимни соседски односи во новата средина, ги принудува овие жители и по цена на полоши станбени услови да останат во старата населба. Во анализата на општествената заедница, треба да се има предвид следното: прво, општествениот развој води во сé поголема диференцијација на човековите активности, а со тоа и до сé поразновидни форми на човечките односи и потреби; второ, човечките заедници треба да се набљудуваат како поливалентни творби, низ кои со помош на разновидни форми на заедничкиот

живот се испреплетуваат и прекршуваат разновидните форми на конкретниот живот, а не како затворена и хомогена целина; трето, станбената заедница мора да опфати еден голем дијапазон на животни и општествени интереси на жителите; четврто, основната особина на заедницата мора да биде јасно определена, затоа што од начинот како е оформена зависи и начинот на интеграцијата на човекот во општествената средина; петто, животната заедница, која е проектирана во просторот, треба да ја сфатиме како поврзување на човекот низ различни форми.

Кризата на социјалната интеграција во градот е резултат на распаѓањето на традиционалниот начин на живот и на стихијноста во формирањето на новата урбана средина. Градот едноставно го наметнува "социјалниот живот", кој секогаш не одговара на човековите индивидуални интереси. На пример, најчесто човековата осаменост и отуѓеност се доведува во врска со губењето на непосредниот котакт со природната средина. Потоа, индустриското општество го претвора човекот во предмет, а предметите немаат свој идентитет, како што вели Ерих Фром, и човекот е сведен на "една димензија".

"Чувството на осаменост, издвоеност и немоќ го следат современиот човек. Односите меѓу поединците го изгубиле обележјето на непосредност и човечност и добиле обележје на манипулација и инструменталност. Законите на пазарот се правило во сите отуѓени општествени и човечки врски. Отуѓениот човек се доживува себеси како предмет, како инвестиција со која треба да се управува и најчесто му недостига свест за сопственото "јас". Тој се чувствува индиферентно, беспрекорно, несреќно. (Ерих Фром, 1969). Причините за отуѓување на човекот во модерните градови е резултат на процесот на индустријализацијата. Индустрискиот систем е во остра спротивност, не само со поединечните интереси на современиот човек, туку и со понатамошниот живот на човештвото во целина.

За Ива Илич (Ilich) индустриското општество му го овозможува на човекот неговото самопотврдување; За Хуизинга (Huizinga) "варварството" оди заедно со високото техничко совршенство; За Лефевр (Lefebvre) индустријата не е врзана за градот туку за не-градот; Корбизје (Corbosier) говори за "губење на свеста во стварите": Мамфорд (Mumford) за заслепеноста на техниката која доведува до "патолошка лудост"; Фром, за повторното воспоставување на човечката контрола над општествениот систем и хуманизацијата на техниката и сл.

1.3.6 Прогресистички модел - зонирање на градот

Во Корбизје-овото поимање на урбанизмот на пример, ги препознаваме повеќето модерни теории за изградбата и планирањето на градовите. За него, воспоставувањето на еден стандард значи да се исцрпат до крај сите практични и разумни можности во изградбата на градот. Тој едноставно поаѓа од човекот - тип кој го сочинуваат психо - физички константи составени од компетентни луѓе (биолози, физичари, хемичари, социолози и поети.(Корбизје, 1974).

Сите луѓе се физички еднакви, имаат исти функции и задоволуваат еднакви потреби. Во разгледувањето на суштината на човекот - поединец, оваа концепција ја заокружува неговата индивидуалност. Во Атинската повелба, зонирањето на градот е сфатено како операција која има за цел, за секоја социјална група и за секој човек поединечно да го одреди неговото место во градот. Секоја активност бара свое посебно место - локација за домување, индустрија, трговија, простор за слободното време, кои понатаму се класираат и се делат на подкатегории... (Le Corbisier, 1975). Прогресистичкиот план на градот, како што Шое ја наречува оваа концепција на Корбизје, "не се врзува за конкретно место (град), нити пак за конкретна култура". Планот треба да биде само израз на една демирушка слобода на мислата ставена во служба на ефикасноста и естетиката. Тоа се два императиви кои на просторот на прогресистичкиот модел му даваат посебни карактеристики.

"Болеста на нашата денешна хаотична урбана средина", многу истражувачи на модерниот град ја гледаат во неможноста да се задоволат и постават основните човечки потреби над економските и индустриските барања. Долго време, како во урбанизмот и архитектурата, така и во општествените и хуманистичките науки, се трага по вистинскиот концепт на изградба на градот кој треба да се формира во согласност со човековите потреби и вредности, под што денес сé почесто се подразбираат и оние кои беа нормално задоволувани но, кои со појавата на индустријализацијата и порастот на градовите беа сериозно доведени во прашање, како што се, на пример, потребата од чист воздух, слободните простори во градот или "најелементарната сигурност за движење низ градот" (Гидион,С.1969).

Современиот велеград, за Мамфорд, е изразит пример на културно заостанување внатре во самата техника, и пример на

продолжување на застарените форми и цели на општествено - застарената цивилизација, со помош на високо развиени технички средства, а размислувањата на Хаксли и Орваел (Haxli i Orwel) ни доловуваат една застрашувачка слика за идниот развој на градот, кој напротив, во техничка смисла би се развил до совршенство, но човекот во него би се нашол во ситуација на целосна отуѓеност. Отсуството на оптимизам и за Мамфорд и за Хаксли главно се базира на губењето на вербата во претераната бирократизација, технизација и стандардизација на животот.

1.4 СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во истражувањето на урбанизацијата се присутни повеќе пристапи, меѓу кои два се општо прифатени; првиот, урбанизацијата ја ограничува само на развојот на градовите, и пред сé е поврзан со порастот на градското население, промените на структурните белези, начинот на живот, односно преминот од традиционален и селско - паланечки начин на живот кон градско - индустриски, и, вториот, во поширока смисла, кој го опфаќа претходното, но ги вклучува процесите и промените на квантитативните и квалитативните карактеристики на селското население и промените на просторот и општеството во селските средини (Стефановиќ, Душан, 1973).

Урбанизацијата е детерминирана од повеќе фактори меѓу кои најважни се, степенот на техничко - технолошката развиеност, општествената поделба на трудот, политичките фактори, планирањето на просторот и вредносниот систем. Но, како најзначаен фактор се зема индустријализацијата која директно или индиректно создава услови за радикални промени на традиционалното селско општество.

Развојот на индустријата го поттикна и усоврши земјоделското производство и ја зголеми продуктивноста на трудот преку примена на разни индустриски машини, вештачки ѓубрива и сл. Примената на овие иновации создаде огромен вишок на работна сила во земјоделството (селото) и нужно го насочи кон неземјоделските занимања во градовите.

1.4.1 Селото и процесот на урбанизацијата

Процесот на урбанизација се манифестира и преку интензивните миграции на селското население во градовите, а со тоа и во радикална трансформација на селото и земјоделството. Тоа претставува глобален процес на премин од една "аграрно - рурална" во друга "индустриско - урбана" форма на општествена организација.

Индустријализацијата предизвика коренити промени на селото и селанството, од кои најважни се депопулацијата на селото и напуштањето на земјоделието и распаѓањето на патријархалниот начин на живот.

Она што е карактеристично за Македонија е фактот што индивидуалното земјоделско производство по Втората светска војна и социјалистичката револуција и натаму остана доминантен начинот на земјоделско производство. Темпото на развојот на индустријата претежно зависи од тоа, во која мерка земјоделското производство во било која форма, можело да се употреби за нејзин развој.

Концептот на "социјалистичката индустријализација" главно се реализирал со административни мерки, со кои се тежнеело да се создаде акумулација за развојот на индустријата, а посредно со тоа и развојот на градовите. Со помош на административно одредување на нереални и високи цени за индустриските, а многу ниски за земјоделските производи, во голема мерка доходот се прелевал од земјоделието во индустријата и останатите неземјоделски гранки.

Во првата деценија од изградбата на социјализмот, со разни административни мерки, се отстранува "можноста за реставрација на капиталистичките односи на село" и се создаваат услови за "масовна деаграризација и напуштање на селата". (Соколов, Л.1978).

Внатрешните миграции село - град настануваат како резултат на интензивниот економски развој на градовите. Миграцијата е во функција на развојот на "индустријализацијата и техничкиот прогрес" и другите промени кои настанале во структурата на општеството. Интензитетот на миграционите движења село - град како и степенот на деаграризација се во директна зависност од репулзивните фактори меѓу кои најзначајни се: нискиот стандард во земјоделието, несигурноста на производството и пласманот на производите, неповолниот политички и социјален статус на селанецот и сл.

Според В. Пуљиз, 1985, општествената, економската и политичката положба на селанството се одлучувачки за интензитетот на миграциите во градот.

Селанецот во Република Македонија во текот на последните неколку децении бил перманентно изложен на силен економски и политички притисок. Неуспешната колективизација и принудниот откуп на земјоделските производи, се само дел од рестриктивната политика спрема индивидуалното земјоделско производство. Селото и земјоделството послужија за создавање на солидна акумулациона основа за потребите на индустријата и изградбата на градовите (Карталов, Р.1983).

За Република Македонија е карактеристично и тоа што има побавна стапка на деаграризација од развиените подрачја на

поранешна, втора Југославија. Но, иако била побавна, таа сепак била прекумерна и предвремена во однос на нискиот степен на модернизација на земјоделството и темпото на развојот на индустријата.

1.4.2 Концентричен модел на урбанизацијата на градовите

На подрачјето на нашата земја преовладува процесот на изразита концентрација на населението во поголемите градови. Концентрацијата на населението во градовите била истовремено и причина и последица на концентрацијата и зголемувањето на производните сили во поголемите градови.

Процесот на пренагласената концентрација на населението во големите градови и индустриски центри се согледува низ повеќе квантитативни показатели. Од вкупниот број од населението во поранешна Југославија, во 1971 год, 28 одсто живее во населби со над 15.000 жители, а најмалку 9,4 одсто во населби до 5.000. Ситуацијата во периодот 1971 - 81 год. не само што не се подобрува во корист на помалите градови, туку е присутна и појава на уште поизразена концентрација на населението во најголемите градови. (Живковиќ,1981). Тоа недвосмислено говори дека миграциите на селското население биле главно насочени кон поголемите градови. Фактот што 1/5 од населението на поранешна Југославија (осумдесеттите години) живее во 22 најголеми градови и индустриски центри, покажува дека економските потенцијали главно биле концентрирани во сосема мал број населби.

Како резултат на интензивниот стопански развој и миграцијата село - град, концентрацијата на населението во градовите во Република Македонија, главно е насочено кон градовите кои имаат над 20.000 жители и кон Скопје кој веќе во 1981 година апсорбира скоро 40 одсто од вкупното градско население во Републиката. Учеството на населението во помалите градови (до 20.000 жители), во периодот 1948-81 год. се намалува од 19,6 одсто на 14,8 одсто што недвосмислено покажува дека се работи за урбанизација од централистички тип. Во градовите со над 20.000 жители, во 1981 год. живееле над 85,2 одсто од градското население. (Статистичи преглед на СРМ бр.129, 1981).

1.4.3 Патолошка или хипер - урбанизација

Големиот прилив на население во големите градови создава, меѓу другото, расчекор меѓу демографските, од една страна и просторно - физичките и функционалните компоненти на урбанизацијата, од друга страна. Кај нормалниот тип на урбанизам, релативно е присутна согласноста меѓу споменатите компоненти, а кај хиперурбанизацијата, која е карактеристична за градовите во нашата држава, присутна е дисхармонија и нерационалност.

Во анализата на урбанизацијата, покрај наведената поделба на нормална и хиперурбанизација, во литературата се познати и други поделби. Така, на пример, познати се типолошките анализи на процесот на урбанизацијата кои во својата основа ги земаат регионалните разлики во рамките на една земја. Во овие анализи главно се поаѓа од следните елементи: Распространетоста на примарната урбанизација на просторот на државата, учеството на градското население во вкупното население, интензитетот на урбанизацијата (стапка на активност на градското население во споредба со неградското население) мобилноста на урбанизираното население, степенот на образованието на урбаното население и рамномерноста на дистрибуцијата на урбанизираното население во мрежата на градовите, во зависност од нивната големина и меѓусебна одалеченост.

Имајќи ги предвид споменатите елементи, за Македонија може да се каже дека претставува подрачје со висок процент на градско население, но во исто време е едно од најнеразвиените подрачја во Европа, што значи дека не постои цврста корелациона зависност меѓу степенот на економскиот развој и нивото на урбанизацијата. Така, на пример, ако урбанизацијата ја набљудуваме во поширока смисла, вклучувајќи ги и квалитативните особини, тогаш, на пример, подрачјето на Словенија е на повисок степен на урбанизираност. Во Словенија, во прашање е развиеноста на индустријализацијата, за разлика од Македонија, каде таа, урбанизацијата, се мери само по бројот на градското население. Деградацијата во местото на живеење овозможува побрз и поквалитетен развој на селските населби, а развиената инфраструктура (особено патната мрежа и сообраќајната поврзаност), создава услови за голема дневна подвижност, со што се намалува притисокот врз градовите, а овозможува решавање и на проблемите кои се појавуваат во сферата на станбеното прашање, сообраќајот и слично. Во услови кога стапката на

економската активност на градското население е помала од стапката на активност на неградското население на едно подрачје, тогаш има доволно причини да се говори за хиперурбанизација или за "патолошка" урбанизација. Улогата на механичкиот прилив врз порастот на градското население во Македонија, за разлика од Словенија, на пример, а и другите развиени подрачја во поранешна Југославија е значително повисок. Скоро во целиот период по Втората светска војна Македонија има значително повисока стапка на механички прилив на населението во градовите и двапати помалку вработени во индустријата од развиените региони.

Имајќи ја предвид претходната анализа за социолошките аспекти на урбанизацијата на градовите на Република Македонија можат да се извлечат неколку заклучоци: Прво, пренагласениот квантитативен развој на градовите нужно доведе до квалитативен пад на животните услови кои главно се манифестираат со недостиг на станови, невработеност, недостиг на урбана опрема, ниска урбанизираност на периферните делови на градот и сл. Непланското доселување во градовите создаде хаотичност и ги заостри сите проблеми на "големиот цивилизациски скок", каде градот требаше да ја одигра "главната" улога;

Второ, нерационалноста се исполнува во повеќе подрачја од изградбата на градот. На планот на прераспределба на населението во просторот, се создаде, од една страна, претерана концентрација на население и материјални добра (особено во поголемите градови), а од друга страна, делумно или целосно депопуларизирани и неразвиени селски подрачја и региони. Овој модел на урбанизација како единствено вредно го афирмира она што се создава само во големиот град. Ирационалноста на тоа поимање на урбаното денес може да се "прочита" во предградијата на сите наши поголеми градови, кои стихијно се формираа, а голем број останаа без минимални услови за нормален човеков живот. Желбата за подобар живот за стотици илјади семејства се претвори во нешто кое повеќе е "имитација" на вистинскиот урбан живот.

1.4.4 Скопје и македонската пустина"Битола е село"(графит на железничката станица во Скопје)

Во досегашниот развој на општеството, селото "послужи" само за извор на свежа работна сила и за акумулација на капиталот за изградба на градовите и подигање на индустријата. Но, од

друга страна тоа за селанецот беше шанса да го напушти неговото огниште и ги разбие традиционалните норми на локалната ограниченост и заостанатост.

Новиот "цивилизациски пресврт", идеологиите на новото општество го поврза ислкучиво за просторот на градот, а целосна негација на сé она на било кој начин водеше кон порамномерен развој на селото во однос на градот. Сите насоки во развојот на општеството беа во прилог на развојот на градот, а на штета на селото и селанството. Создадените разлики во квалитетот на животот се доволен доказ за тоа.

Трето, во просторот на големите градови се формираа два спротивставени пола на развојот: центар и периферија. Центарот, како средиште, каде се сконцентрирани скоро сите материјални и духовни вредности и перифријата како, деградиран простор.

Четврто, процесот на урбанизацијата на градовите во Македонија има карактеристики на хиперурбанизација со изразито централистички тенденции, кои се насочени претежно кон развојот на Скопје и кон неколку поразвиени индустриски центри. Фактот што само во неколку најголеми градови (вклучувајќи го и Скопје) се сконцентрирани над 80 одсто од сите производствени капацитети, недвосмислено ја потенцира ирационалноста на концептот за урбанизацијата која објективно создава услови за интензивни миграции само кон неколку градски центри. Во таа смисла го истакнуваме и пренагласениот развој на индустријата, на сметка на земјоделството, а со тоа и положбата на селанецот и селото во целината на општествено - економскиот и политичкиот развој на општеството. Тоа само ги продлабочи и заостри противречностите на развојот на селото изразени преку пренаселеноста, културната и социјалната изолираност и во исто време ги отвори цивилизациските текови на селото преку вклучување во стоковно - паричното стопанство и кон општите текови на модерната култура;

Петто, за подрачјето на Република Македонија карактеристично е тоа што отсуствуваат т.н. преодни форми на населби меѓу градот и селото. Во суштина, се формираат два, јасно формирани типа, село и град, односно, еден голем град кој апсорбира над 4о одсто од градското население (Скопје) и неколку градови со средна големина. Во таа смисла можеме да говориме за Скопје и остатокот на Република Македонија (Скопје и македонската пустина). (Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје, 1985). "Преодните форми меѓу градот и селото т.н. "рурални градчиња", или "урбани села" или "центри на заедница на селата", изостанаа во плановите на општествено - економскиот

развој што го помести целокупниот развој на општеството. Големиот број градови во Македонија, само по бројот на жителите можеме да ги идентификуваме како населби од градски тип. Во однос на другите социолошки карактеристики, паланечкиот дух и традиционалната култура и начин на живот сé уште доминираат. Интензивниот процес на деаграризација, во услови на делумно или целосно запоставување на изградбата на неопходната инфраструктура на селото, само го поттикнуваат механичкиот прилив во градовите.

1.4.5 Урбанизацијата и стилот на животот

Истражувањето на социолошките аспекти на животот во градовите во нашата држава покажа дека динамичниот стопански развој, проследен со интензивен процес на индустријализација и урбанизација на градовите, создаде претпоставки за радикални промени во сите сфери на општеството:

Прво, анализата на квалитетот на животот (социјална благосостојба, сигурност, задоволувањето на културните потреби, самореализацијата) како и нивото на "секојдневниот живот", како латентно поле на автентичниот човеков живот, покажа дека се присутни големи разлики меѓу општествените групи кои се согледуваат, пред сé, во разликите на опременоста на населбите со елементи на општествениот стандард, а помалку со елементи на техничкиот стандард (вода, струја, канализација, телефон и сл.).

Во едно истражување за квалитетот на животот, посматран од регионален аспект се доаѓа до следниот заклучок: Постои видлива разлика во условите за живеење (станбени услови) во рамките на домаќинството (опременоста), и начинот на користење на слободното време во селските средини, од една страна и некои макрорегионални и регионални центри и Скопје како главен град, од друга страна. Разликите се поголеми меѓу селата и градовите воопшто, а помалку изразени меѓу големите и малите градови - населби. Воочливо е дека населението во внатрешноста во помала мерка ги користи добрата во чие создавање учествуваат сите, а без кои не може да се замисли нормален цивилизиран живот. Кога, на пример, недостасува амбулната, телефон, редовен меѓуградски превоз, училиште, тогаш не се работи само за отсуство на социјална сигурност, туку за целосна животна изолација.

Но, она што е можеби најкарактеристично е тоа што започнал процесот на модернизација на животните услови, во кој

се видливи основни претпоставки за повисок материјален стандард. Она што изненадува е тоа што, тој стандард го нема очекуваното влијание врз другите аспекти, кои исто така го формираат квалитетот на животот. Модернизацијата на "културата на сиромаштијата" е препознатлива исклучиво по влијание на масовната култура врз целината на начинот на живот кој е воочлив пред се, во сферата на начинот на користењето и задоволувањето на културните потреби. Ако квалитетот на живот се посматра само како количина на потрошени материјални добра, тогаш можеме да констатираме дека во голема мерка голем дел од населението е задоволен. Но, ако квалитетот на животот се посматра од аспект на задоволување на културните потреби, тогаш можеме да констатираме дека најголем дел од населението живее во сферата на целосна доминација на средствата за масовна култура и приватизацијата на животот.

Второ, Кога се посматра квалитетот на живот на ниво на населба зачудува високиот процент на оние кои сметаат дека во населбата во која живеат, најмногу недостасуваат слободни и зелени површини, простори за рекреација, спорт, игра и др. Тоа посредно укажува на типот на урбанизацијата. Заедничка карактеристика на урбанизацијата, без разлика на големината на градот(поголемите градови се со потрагични последици), е нејзиниот хаотичен карактер, со крајно негативни последици врз организацијата на просторот.

Од квалитетот на местото за живеење може да се претпостави и неговиот социјален состав, односно, нееднаквостите во просторот во исто време ги покажуваат и разликите кои произлегуваат од местото на живеење, како последица на социјалните и економските разлики.

Иако од истражувањето на урбаните центри во Македонија не е можна поцелосна и поконкретна поткрепа на она што претходно го констатиравме, сепак податоците доволно ја илустрираат основната констатација дека е присутна голема разлика во квалитетот на живот на ниво населба (град - село, центар - периферија, помал - поголем град) и тоа дека постои голема разлика меѓу населбите во кои живеат претежно службеници и населбите населени со претставници од работничките занимања, се разбира на штета на овие вторите.

Кога се говори за квалитетот на живот на ниво на населба (како дел од градот) нашите градови се наоѓаат во фаза на формирање на покомплетни услови. Често недостигаат некои елементи на техничкиот стандард но и елеменети на општествен стандард. Особено тоа е изразено во населбите кои се формирани

на периферијата на градовите, а кои се населени претежно со претставници на работничките занимања, кои најчесто, бесправно подигаат станбени објекти и живеат во неурбанизирани или делумно урбанизирани населби. Грижата на градската политика треба да биде насочена кон планска урбанизација на овие простори, што ќе придонесе за порамноправна распределба на општите добра (инфраструктура, опрема) на ниво на градот.

Трето, истражувањето покажа дека започнал процесот на модернизација на животните услови, во кој се присутни основните претпоставки за повисок материјален стандард. Она што изненадува е тоа што тој, релативно висок стандард, нема очекувано влијание врз другите сфери на животот, кои исто така го формираат квалитетот на животот(задоволувањето на културните потреби, активностите во слободното време).

Четврто, анализата на социолошкиот аспект на начинот на користење на слободното време и задоволување на културните потреби покажа дека е присутно големо влијание на масовната култура врз целината на животот, поконкретно, на телевизијата. Присутна е една состојба на "модернизација на културата на сиромаштијата" која длабоко го зафатила градскиот човек.

Она што се наметнува како нужен заклучок од социолошкото истражување е следното:

а) најголем дел од активностите во вон работното време се сведуваат на пасивен одмор, гледање телевизија или слушање радио, потоа следење активности поврзани со нужни домашни работи (поправка на станот, автомобилот, бавчата или евентуална хонорарна работа), а сосема малку (кај некои категории население воопшто и не се присутни) активности за кои можеме да речеме дека се активности на слободното време.

б) и покрај тоа што начинот на користењето на слободното време кај градското население се разликува кај се сретнува (кај селското население тоа е строго разграничено), сепак, за дел од жителите на градот (над 90 одсто од анкетираните), тоа останува заробено меѓу активностите кои се неопходни за обезбедување на нормална егзистенција на човекот и;

в) слободното време се користи сосема малку за активности на кои поединецот се препушта "по сопствена волја". Така, на пример, занемарливо мал дел од населението се занимава со некое хоби, усовршување и надополнување на образованието и сл.

Петто, урбанизмот како начин на живот во услови на хиперурбанизација само "надворешно" ги манифестира последиците на животот во градот, многу повеќе во негативна, отколку во

позитивна смисла, а "внатрешно" се ограничува во рамките на "спонтано" формираните соседски заедници, кои ги детерминираат основните претпоставки на културниот живот на човекот и задоволувањето на неговите потреби и тоа како "лажни" потреби. Анализата покажа дека може да се говори само за теденции кои водат кон еден "урбан начин на живот" и повеќе би можеле да говориме за "маргинален тип на урбана култура", како манифестација на отуѓеност, како пасивност, зависност и подреденост.

"Стилот на живот" произлегува директно од објективната состојба на културата и социјалното битие на градските жители. Неразвиеноста на потребите, тешките материјални услови за живот, затвореноста во соседството и роднинските групи, деградацијата на просторот, сегрегацијата (социјална и етничка), безперспективноста, се само мал дел од елементите на "мозаикот" што го детерминираат градскиот живот на најголемиот дел од населението. Ако "урбаниот начин на живот", го дефинираме како доминација на секундарните контакти, во системот на општествената комуникација и во намалувањето на улогата на семејството и соседството во животот на поединецот (доминација на безлични и формални контакти и исчезнување на традиционалните форми на заедништво), тогаш како што покажува истражувањето на социолошките аспекти на животот во градовите, можеме да говориме само за тенденции кои водат кон тоа, особено во средните и поголемите градови. Најдобра илустрација за тоа е начинот на користење на слободното време и карактерот на соседските односи кои говорат во прилог на сознанието дека најголем дел од секојдневието на човекот се наоѓа во рамките на примарните групи, што социјализацијата на личноста, на еден поширок план, на ниво на градот како тоталитет се занемарува и ја прави "непотребна".

Степенот на "заробеност" во рамките на примарните групи (семејството, соседството и родниите), произлегува и од местоположбата на поединецот во општествениот систем. За оние кои се на понизок степен на општествената хиерархија примарните групи се главното "социјално" миље во кое се задоволуваат основните потреби и место каде ги реализираат основните вредности на животот.

Иако тешко можеме да говориме за состојбата на "минимум кутурен стандард", по примерот на "минимум материјален стандард", без кое животот во градот не би можел да се замисли, сепак "културниот стандард" претставува еден поширок контекст на односи каде што се губи доминацијата на

примарните групи и каде што социјалната интеграција ја напушта сферата на традиционалните вредности и начинот на живот, кои нужно ја маргинализираат положбата на поединецот во однос на градот како целина. Тоа значи дека, колку повеќе поединецот се затвара во примарните групи, толку повеќе не го чувствува влијанието на урбаната средина и ја "приватизира сопствената егзистенција, наспроти тоталитетот на градскиот колективитет" . Проблемот не е само во напуштањето на "традиционалната култура", туку, она што е карактеристично за градот во неговото "успешно" прилагодување кон условите на животот, кон гетоизацијата на животот во социјална смисла, кон деградација на вредностите на градскиот живот и кон негово сведување на "мозаик на светови", кои егзистираат на еден простор, кои се допираат но, меѓу себе не се мешаат и соработуваат. За еден препознатлив модерен тип на урбан живот во тие околности тешко може да се говори.

1.5 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1.Altiser,Luj,1971.Za Marksa.Nolit.Beograd;
2.Ацески, Илија, 1990/91, Еколошката свест и вредностите на општествениот развој, Зборник, Филозофски факултет, Скопје;
3.Ацески, Илија, 1992, Развој на урбаните центри во Македонија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,Скопје;
4.Антиќ, Лазо/ Стефановиќ, Душан, 1973, Станбена и комунална политика, Економски институт, Загреб;
5.Bergel,E.1955,Urban Sociology,McGrow Hill Book Comp.New York;
6.Barnes,Hari,Elmer,1982,Istorija sociologije,Tom I,Beograd;
7.Burrges, Ernest,W.1979,La croissance de la ville-itrodukcion a un projekt de le recherche,vo knigata Grafmayer Ives et J.Isac,l'Ecole de de Chicago,Edition du champ urbain,Paris,p.79-126;
8.Bassond,Michel,1974,urbanization et pouvoir politique,George-Librairie de l'universite,Geneve;
9.Вујовиќ ,Сретен,1982, Град и друштво,IICSSO-Србије,Београд;
1o. David,Harvey,1977,Social justice and the Life.The John Hopkins, University Press,Baltimor and Лондон во книгата, Социологија града (ред.Сретен Вујовиќ), п. 302-315;
11.Gans, H. J. 1968. Reading in Urban Sociology. Edited by R. E. Pahl, Urbanisme and Suburbanisme as Ways of Life,s.95-116
12.Гидион Сјеберг,1969,Простор,време,архитектура,Београд;
13.Gidion Sioberg,1955, *The preindustrial city, American Journal of* Sociology march,1955;
14.Доксијадис,К. 1982, Човек и град, Нолит, Београд;
15.Георгиев Ангел, 1988, Економски аспекти на урбанизацијата на СР Македонија, (докторска теза) Скопје, Економски факултет (необјавена)
16.Ѓуриќ, В. Урбанизација као процес ширења градског начина живота, Зборник за друштвене науке, Матица Српска, Нови Сад, бр.54;
17.Hall,Edward, 1977,La dimension cashe,Edition du Seul,Paris;
18.Илиќ, Душан, 1983, Стан и породица, Градина., Ниш;
19.Lojkin, Jean 1977, Le marksisme, l'Etat et la Question urbain, P.U.F. Paris;
20.Живковиќ, Мирослав,1981,Прилог Југословенској урбаној социологији,Београд;
21.Живковиќ, Мирослав, Социолошки погледи о граду и становању, Архитектонски факултет, Београд, (скрипта);

22.Јаќоски ,Бошко, (ред) 1978, Социјалистичка самоуправна трансформација на селата во СРМ, Наша книга, Скопје (колективна студија);
23.Јакхел Руди, 1971, Урбанистичко планирање и алиенација, "Идеје" 1/71;
24.Kevin, Linc, 1974, Slika jednog grada, Građevinska knjiga, Beograd;
25.Kop, Anatol, 1978, L'arshitecture de la periode stalinienne, P.U.Grenoble;
26.Claud Levy-Leboyer, 1980, Psychologie et Ennvironnement;
27.Le Corbisier, 1975, La Charthe d'Athenes, Edition de miniut, Paris;
28.Корбизје, 1974, Наша размишљања о урбанизму, Граѓевинска книга, Београд;
29.Карталов, Р. 1979, Последици на миграциите и деаграризацијата на селското население во СРМ "Социјална политика"
3-4/975;
3о.Кристијан,Норберг-Шулц - Егзистенција, простор и архитектура, Граѓевинска книга, Београд;
31.Кастелс, М. 1980, Град, класа и моќ, Ревија а социологију, 11/12/1980; Загреб;
32.Castells, M. 1975, Luttes urbain, Francois Madreko, Paris;
33.Castells, M. 1981, La Question Urbain, Maspero, Paris;
34.Castells, M. 1075. Za sociologijsku teoriju prostornog planiranja, Revija za sociologiju,4/75;
35.Kostic, Cvetko, 1982, Grad i vreme, Vuk Karadic, Beograd;
36.Lefebvre, H. 1974, La pansee marxiste et la Ville, Castreman, 3e Edition;
37.Лај Владимир, 1991, Квалитет живота становништва Хрватске, Институт за друштвена истраживања, Загреб;
38.Лефевр, Анри, 1981, Мисао постала свијетом, Глобус, Загреб;
39.Lefebvre, H. 1974, Urbana revolucija, Brograd, Nolit
40.Lojkin, Jean, 1976, Cintribution to a Marxist Theory of Capitalist Urbanization, vo Urban Siciology, Critical Essay Ed by C. G. Pickvance, London;
41.Lewis, O. 1970, Culture of poverity, Antropologica Essays, NewYork, Prevzemeno od knigata Vujovic-Bobic, Krov nad glavon, Filip Visnjic, 1988g.;
42.Lacascade J. L. Analise Critique duconcept de segregation Spatiale et de discours sur la segregation: Actes de colloques, Segregation Spatiale Rent (16-17, maj, 1978), COPEDITH, Paris, 1979;
43.Lukic, Radomir, 1987, Formalizam u sociologiji, Naprijed, Zagreb;
44.Marinovic-Uzelac, Ante, 1978, Socijalni prostor grada, SNL. Zagreb;

45.McKenzie, Roderick, 1979, L'approche ecologique dans l'etude de la commu ninte humaine, vo knigata; L'Ecole de Chicago, p. 145-152;
46.Marinović, Ante-Uzelac, 1986, Naselja, gradovi, prostori, Tehnička kniga, Zagreb,1986;
47.Mamford, Luis, 1967, Grad u Historiji, Naprijed, Zagreb;
48.Маркс-Енгелс, 1961, Од раните трудови, Култура, Скопје;
49.Милиќ, В. Револуција и социјална структура, "Идеје", Београд;
50.Pahl, R. E. 1968, Reading in Urban Sociology, Ed by R.E.Pahl, Pergamon Press, Oxford I.td;
51.Pahl, R. E. The Rural-urban Continnum vo Readings in Urban Sociology, Ed.by R.E.Pahl,1968,Pergamon Press Ltd. p.263-306;
52.Park, Barges, McKenzie, 1967, The City, University of Chicago Press, Chicago:
53.Park, Robert, 1979, La Ville-Laboratorie et la milleu urban, vo knigata Yves, G.et Issac Joseph-L'ecole de Chicago, Ed du Champe urbain, Paris;
54.Павловиќ, Јосиф, 1983, На прагу времена будучег, Савременост 3-4/1983, Нови Сад;
55.Павловиќ, J. 1981/12 Урбане противречности касног капитализма, "Савременост", Нови Сад;
56.Ramy-Voye, L.1981, Ville, ordre et violence, P.U.F.Espace et liberte, Paris;
57.Raymond, Ledrut, 1968, Sociologie Urbaine, P.U.F.Paris
58.Robert, A. Willson/David, A. Schulz, Urban Sociology, 1978.by Pretince Holl NC.England, New Jercy;
59.Rober, C. Weaver, 1963, Major Fuctors in Urban Pluniup, prevzemeno od The Urban condition etiolet, by, Leonard J. Duhl, 1963, NewYork;
60.Rosemary, Mellor, 1/75, Urban Sociology in an Urbnaized Society. The British Journal of Sociology;
61.Simmel, Georg, 1971, On Individuality and Social Formes, The University of Chicago Press, Chicago;
62.Simmel, Georg, 1978, Veliki gradovi i zivot duha, vo Fransoa Soe, cit.delo, 1978,s.357-367;
63.Соколов, Лазар, 1961, Промена у структури становништва на територији СР Македонији 1921-1953, као одраз економског развоја, Економски Институт Скопје, 1961;
64.Стефановиќ, Душан, 1973, Урбанизација - Београд;
65.Супек, Руди, 1977, Проблеми социјалне интеграције у урбаним срединама, Социологија 1/77;
66.Трумиќ, А. 1981, Урбано село, Свјетлост, Сарајево;
67.Фром, Е. 1969 (а) Бекство од слободе, Београд, Нолит;

68.Фром, Е. 1969, Здраво друштво, Рад, Београд;
69.Caldarevic, O. 1985, Urbana sociologija, Globus, Zagreb;
71.Spengler, Osvald, 1990, Propast Zapada, Knjizevne novine, Beograd;
71.Šoe, Fransoaz, 1978, Urbanizam, utopija, srvarnost, građevinska knjiga, Beograd;
72.Wirth, Louis, Urbanism as a way of life, vo knigata, Albert, N.A.Negpaul: Urban Man and Society.p.145-151;
73.Wirth, Louis, 1964. On Cities and Social life. Chicago:

ГЛАВА 2

ГРАДОТ НИЗ ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО

ПОТЕКЛОТО И РАЗВИТОКОТ НА ГРАДОВИТЕ
УРБАНА РЕВОЛУЦИЈА
ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ ВО ГРАДОТ
ФОРМАТА НА ЕЛИНСКИОТ ГРАД
ПРЕДИНДУСТРИСКИОТ ГРАД
ПОЧЕТОЦИ НА "ГРАДОТ НА ЈАГЛЕНОТ"
УРБАНИЗАЦИЈА, РАЗВОЈ И ЗАВИСНОСТ
СТРУКТУРАТА И РАЗВИТОКОТ НА МЕТРОПОЛИТЕ
МЕГАЛОПОЛИСОТ

2. ГРАДОТ НИЗ ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО

2.1 ПОТЕКЛОТО И РАЗВИТОКОТ НА ГРАДОВИТЕ*

Што значи терминот заедница (community)? Социолозите го применуваат врз мали села, урбани населби, како и врз градовите. За социолошки намени, заедницата е група луѓе концентрирани околу живеалиштата и работните места и засновани врз секојдневните шаблони на интеракција. Секојдневната интеракција се однесува на такви активности и институции како што е одењето на пазар, на училиште, на работа, на рекреација итн.

2.1.1 Првите човечки заедници

Првите луѓе веројатно биле организирани во групи на скитнички трагачи по храна и ловци; тие немале стабилни и постојани заедници, затоа што не се ограничувале на никакви одредени локации. Овој модел на групен живот денес се уште може да се види кај номадските племиња - тоа е еден од најдобрите начини на адаптација на околината со ограничени резерви храна, или врз почва што не овозможува садење или испаша на добитокот за подолго време. Номадските заедници типично се наоѓаат во делови на светот каде што климата ги ограничува резервите на храна, како што се арктичките ледени мориња и неплодните пустини на Средниот Исток.

Пред околу десет илјади години, во времето што се нарекува неолитска револуција, постојаните населби засновани врз земјоделството почнале да ги истакнуваат шаблоните на номадско ловење и собирање храна. Примитивните техники на производство на овошни садници од отсечени гранчиња многу го зголемиле редовното снабдување со храна. Луис Мамфорд смета дека преминувањето од ловење на собирање плодови - во земјоделство, овозможило повеќе време за одгледување деца, што од своја страна ја зголемило постојаноста и семејноста (L. Mumford, The City in History, 1961). Подолгото престојување на едно место овозможило набљудување и усвојување на циклусите на раѓање на дивите растенија и довело до систематско собирање на семе и поискусно култивирање на најразлични посеви. Припитомените

---

* David Popenoe, Sociology. 1977, by Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, p. 467-475

животни ги зголемиле резервите на храна, а им служеле и како галеничиња, како чувари и за влечење. Новата животна стабилност во постојаните села значела: повеќе храна, поголема безбедност и повеќе слободно време и енергија.

Жителите работеле на блиските полиња и било потребно лесно да стигнат до нив, па овие рани населби биле многу мали, со ретко повеќе од сто или двесте жители. Сето население веројатно било роднински поврзано, што довело до заедница организирана врз роднински основи. Како што вели Мамфорд, ваквиот тип на примарни асоцијации (на заедништво) бил вграден во "раѓањето и местото, крвта и почвата". Откриени се археолошки траги на вакви села низ целиот свет. Речиси во секоја земја, вклучувајќи ги Соединетите Американски Држави, постојат еволутивни потомци на ваквите разни заедници: мали земјоделски села, во кои речиси сите работат на обработувањето на земјата, а специјализацијата на трудот е минимална.

2.1.2 Раѓањето на градовите

Со поголемата продуктивност на земјоделството некои неолитски населби се претвориле во помали или поголеми градови. Бидејќи се смета за една од најважните промени во историјата, ваквата фундаментална промена на заедницата понекогаш се нарекува урбана револуција. Најважниот фактор во дефинирањето на градот или урбаната заедница не е големината туку начинот на кој жителите заработуваат за живот. Во градот има висока концентрација на луѓе кои не ја произведуваат сопствената храна. Градовите можат да израснат само онаму каде што има вишок од храна што се добива надвор од градот и каде што постои начин да се постигне таков вишок што ќе се транспортира до селото.

Потребата да се снабди со храна во најраните градови довела до развиток на многу нови институции и посебни служби, како војската, даночните и владините службеници. Многумина биле ослободени од должноста да произведуваат храна што овозможило развиток на други специјалности, вклучувјќи ги занаетчиите, трговците и религиозните службеници (K. Davis, The Origin and Growth of Urbanization in the World). Со нивните неформални норми и механизми на општествена контрола, роднинските институции на раните земјоделски населби станаа неадекватни за организација на заедниците засновани врз неземјоделски специјалности, кои беа слободни да се селат од едно на друго место

ако сакаат. Новите урбани услови бараа развиток на управа, закони, формални механизми на општествена контрола и на други општествени институции кои преовладуваат во човечките заедници уште од тоа време.

Најраните гратчиња и градови, изградени покрај речните брегови на Средниот Исток од шест илјади до пет илјади години пред нашата ера, не биле големи. Ур, еден од најстарите познати градови, се цени дека имал најмногу пет илјади жители. Во овој ран период големината била сеуште во голем дел ограничена од лошиот транспорт (тркалото не било измислено се до околу три илјадитата година пред нашата ера) и од тешката заработувачка во градот: биле потребни само неколку службеници и трговци, а занаетчиите имале примитивен начин на производство. Овие први градови обично биле доста нестабилни; можеле лесно да бидат освоени, лесно уништени, брзо се бунтувале против своите водачи и биле подложни на необјаснети пропаѓања и исчезнувања. Малку е познато зошто биле конечно напуштени повеќето големи градови од стариот свет.

Околу илјадитата година пред нашата ера, железото почнало да наоѓа широка примена, овозможувајќи подобар транспорт и поголемо производство што довело до зголемување на урбаното население. Меѓусебните врски и размената на идеите меѓу луѓето во градовите давале поттик за нови откритија и изуми: писмото, календарот, математиката, парите, демократските институции, бронзата, бакарот, калајот, кои од своја страна го поттикнувале растежот на градовите. Па сепак, дури и со векови урбан развиток подоцна, ниеден град, со можен исклучок на Рим, не бил во состојба да ја надмине популацијата од неколку стотини илјади. Ова ограничување се должело на неколку услови во тоа време:

1. Земјоделските методи биле неефикасни; биле потребни барем 75 земјоделци да издржуваат еден жител на градот.

2. Немало производство во големи размери нужно да ја опфати големата урбана работна сила.

3. Политичката и културната организација не биле добро развиени и ниеден град не можел ефективно да обедини голема популација, со нејзините различни јазици, религии и обичаи.

4. Големата концентрација на луѓе претставувала сериозен здравствен проблем: епидемиите обично одземале висок процент од населението.

5. Родовското уредување и феудализмот останале цврсти облици на организација во селото, врзувајќи ги луѓето за земјата и дозволувајќи миграција само на малкумина.

2.1.3 Прединдустриски урбан развиток

На врвот од својот развиток Атина и Рим биле олицетворение на градот како неоспорен центар на богатство, моќ, ученост и прогрес. Тие станале симбол на најдоброто од своите цивилизации, одразувајќи ги единствените квалитети на општествата чиј производ биле.

Од нација на селани земјоделци, Атина израснала во независен град - држава со силна егалитарна традиција и ненадминатата граѓанска историја на уметнички достигнувања. Иако само слободните мажи смееле да гласаат (жените и робовите кои сочинувале околу една третина од населението немале право на глас), градот - држава Атина е лулка на политичката демократија (A. Tojnbee, ed., Cities of Destiny, London, 1967). За јавните проблеми се дискутирало и се решавало на неделните собири отворени за целиот електорат. Атина доминирала врз околните градови-држави наметнувајќи им вазалски даноци за тоа што ги штителa. Но обемот на атинската доминација бил слаб во споредба со оној на Рим.

До вториот век од нашата ера Рим станал огромна метропола, со над милион жители и бил центар на сета империја. Богатствата од воените победи и раширената трговија се влевале во благајните на низа императори, кои штедро давале огромни суми за раскошни градби и урбана администрација. Развиениот водовод и канализација му служел на целото население, кое повеќето живееле во сопствени куќи, а патролите ноќни чувари одржувале ред и мир. Богатството собрано од воените походи помагало во големите архитектонски потфати.

Многу од овие јавни служби значително ги надминувале потребите на населението. На врвот на својата моќ Рим имал 28 библиотеки, 500 фонтани, а околу 10 илјади статуи краселе стотици палати и паркови.

Овие објекти повеќе требало да го одразуваат вонредното богатство на Рим отколку да и служат на јавноста. Бидејќи токму големината крајно го отежнувала урбаното управување, Рим не можел до бескрај да ги апсорбира сосптвените крајности. До петтиот век од нашата ера Рим станал премногу голем, а неговото управување премногу нестабилно да ги издржи варварските инвазии кои довеле до неговиот пад.

По падот на Рим населението во урбаните центри низ цела Европа драстично се намалило и останало малуброjно и неста-

билно низ Средниот век. Во единаесеттиот и дванаесеттиот век градовите одново почнале да играат активна улога во трговијата и културата, но биле многу мали. Во 1377 година Лондон имал само 30 илјади жители.

Модерното време на брза урбанизација - преселбата на луѓето од село во град и соодветното зголемување на сразмерот на населението што живее во урбани заедници - не започнало се до 18-иот и 19-иот век, кога индустриската револуција, која за прв пат се јавила во Англија, ја трансформирала европската економија. До 1800 година во Лондон имало близу милион жители. Социологот Кингсли Дејвис за ренесансата на урбаниот живот во Западна Европа вели:

"Почнувајќи од нултата точка развитокот на градовите не само што го достигнал степенот на древниот свет, туку и го надминал. Продолжил врз основа на напредокот во земјоделството и транспортот, отворањето на новите земји и новите трговски патишта, а пред се, поради зголемената продуктивна активност, најпрвин во високо организираните мануфактури, а потоа во револуционерно новиот облик на производство - фабриките во кои се користеле машини и фосилно гориво".

2.1.4. Општествената структура на прединдустриските градови

Социологот Гидеон Сјоберг забележал дека сите прединдустриски градови имале многу заеднички карактеристики, а се разликувале од современите индустриски градови во некои битни карактеристики (G. Sioberg, The Preindustrial City, New York, 1960). Иако прединдустрискиот град, како и современиот град, имал релативно висока густина на населението и општествената разноликост, неговата општествена структура во многу нешта повеќе личи на руралното село. Иако во некои случаи морале да се натпреваруваат со напреднатата управна бирократија, разгранетите семејни и роднински мрежи се уште биле доминантен облик на општествената организација во прединдустрискиот град. Класниот систем бил строг, а општествениот мобилитет бил слаб. Индустријата се состоела од мајстори и занаетчии што работеле дома. Во управата доминирале малкумина од владејачката елита. Општествениот поредок имал повеќе класна или кастинска основа, отколку што се потпирал врз официјална контрола како што се законите и политичките сили.

Прединдустрискиот град обично бил поделен на квартови во зависност од различните професионални или општествени

групи. Владините службеници и оние од високите општествени класи живееле во еден кварт; оние од пониските општествени слоеви или од странско потекло во друг. Металопреработувачите, ткајачите, кројачите, седларите и другите занаетчии имале засебни квартови. Траги од ваквиот вид просторна организација се уште можат да се видат денес: на Флит Стрит во Лондон сé уште работат и живеат печатарите и журналистите; во Њујорк конфекцискиот кварт е средиште на конфекцискаата индустрија на простор од неколку градски блока. Луѓето работеле и живееле под ист покрив; месната продавница можеби била во исто време и училиште, а можеби и управна канцеларија. Немало ниту професионална специјализација; истиот трговец набавувал суровини, ги претворал во производи, а потоа им ги продавал на муштериите.

2.1.5 Западната урбанизација по индустрискаата револуција

Како што спомнавме порано, градовите во Западна Европа почнале забрзано да растат кон крајот на 18-иот век како резултат на огромниот пораст на продуктивноста, овозможен од индустрискаата револуција. Мануфактурите сместени во градовите го привлекувале образованото население како и трговците и станале центри на занаетчиство и трговија. Огромната работна сила привлечена од индустријата обезбедила растечки пазар за новите производи и услуги. Во исто време, технолошките иновации во земјоделството ја зголемиле ефикасноста и ја намалиле потребата за работна сила, поттикнувајќи ја широката имиграција во урбаните центри.

Во 1700 година, помалку од 2 одсто од англиското население живееле во градовите; до 1800 година оваа бројка пораснала на 10 отсто, а до 1900 година поголемиот дел од населението живеел во градот. Европските земји кои подоцна го почнале процесот на урбанизација за кратко време го постигнале истиот степен на растеж (K. Davis, The Urbanization of the Human Population, 1965). Географските и амбиенталните фактори биле важни одредници во локацијата на новите градови и во развитокот на постојните урбани центри. Типично е што најголемите градови биле сместени покрај морскиот брег, покрај големите реки или блиску до лежиштата на природните богатства. Водната енергија била витална за механизираното производство; дури и денес водниот транспорт е најекономичен за превоз на стоката.

Покрај тоа што го стимулирале економскиот растеж и развиток, индустриските градови имале силно влијание врз културата и општествената структура. Густината на урбаното население го олеснила ширењето на образованието. Новиот образовен систем не само што обезбедувал образована работна сила, туку и ги унапредил националните сфаќања и националната култура. Градовите биле место на културна асимилација; туѓите обичаи на емигрантите, селското однесување на провинцијалците и субкултурите на етничките и регионалните групи барем делумно биле апсорбирани во една урбана култура. Растечките европски индустриски градови довеле до создавање средна класа на трговци, службеници и бирократи чија егзистенција зависела од градот и фабриката, а ја заменила малата прединдустриска средна класа на занаетчии и трговци.

Иако Соединетите Држави во голем дел беа сé уште селска земја додека Англија забрзано се урбанизираше, тие достигнаа висок степен на урбанизација за пократко време - најсилен период на урбанизација настана меѓу 1860 и 1890 година. До 1920 година најмногу Американци живееја во градските предели. Процентот на вкупната работна сила ангажирана во земјоделството се намали од 72 одсто во 1820 година на 25 одсто во 1920 година, додека производните, службеничките и управните професии покажаа еквивалентен пораст...

2.2 УРБАНА РЕВОЛУЦИЈА*

Пред околу пет илјади години обработувањето на земјата со наводнување комбинирано со сточарство и риболов (во долината на Нил, Тигар, Еуфрат и Инд) почнало да дава општествен вишок, доволно голем за да го надомести бројот на специјалисти, кои самите се ослободиле од производство на храна. Преносот на водата, дополнуван во Месопотамија и во долините на Инд со помош на превозни средства на тркала, и во Египет дури и со товарни животни, го олеснил собирањето на продуктите во неколку центри. Во исто време, пак, зависноста од речната вода за наводнување на посевите го ограничувала бројот на обработливите области, додека пак потребите од канализирање на водата и заштита на пребивалиштата од годишни поплави ја охрабриле агрегацијата на населението. Така никнале првите градови - единици на поимот населби, десет пати поголема од кое било село од периодот на неолитот. Може да се дискутира околу тоа дека сите градови од стариот век се изданоци на оние од Египет, Месопотамија и базенот на Инд. Така, последниот нема потреба да биде земен предвид, ако минималната дефиниција на цивилизацијата се изведува од споредувањето на слободните манифестации.

Но, околу три милениума подоцна, градови никнувале во Централна Америка и невозможно е да се докаже дека Маите имале некаква директна врска со градската цивилизација од Стариот Свет. Според тоа, нивните достигнувања мора да бидат земени предвид во нашата споредба, и нивното вклучување сериозно ја комплицира задачата да се дефинираат основните предуслови на Урбаната Револуција. Во Стариот Свет, руралната економија, која го давала вишокот, се базирала врз култивирањето на земјоделието, комбинирано со сточарството. Но, оваа економија е создадена многу поефикасно како резултат на прифаќање на иригацијата и на важните пронајдоци и откритија - металургијата, плугот, бродот и тркалото. Ниеден од овие поими не им бил познат на Маите, тие не одгледувале никакви животни за месо или млеко; иако одгледувале жито, тие го употребувале истиот метод како и селаните во периодот на неолитот, во пред-

* Gordon Childe, The Urban Revolution, The Town Planning Review, April 1950;

историска Европа или на Пацифичките Острови, денес. Затоа, минималната дефиниција за градот, најголемиот фактор подеднаков за Стариот и Новиот Свет, ќе биде битно редуцирана и осиромашена со вклучувањето на Маите. Сепак, повеќе од десет апстрактни критериуми, сите дедуцирани од археолошките податоци, служат да се разликуваат и најраните градови од најстарите, или од сегашното село.

Со оглед на големината, првите градови веројатно биле пошироки и со побројно население од кои било предходни видови населби иако значително помали од многу денешни села. Навистина, само во Месопотамија и Индија, првото градско население може да биде проценето со доверба или прецизност. Нивното ископување било значително обемно и интензивно за да ги открие комплетните области и бројот на градбите во одбрани делови, па и во двата аспекта се открило значајното согласување со помалку индустријализираните Ориентални градови денес. Населението на Сумерските градови, така калкулирано, изнесува меѓу 7 и 20 илјади; Харапа и Мохенџо - даро во долините на Инд достигнувале до крајниот износ. Можеме само да заклучиме дека Египетските и градовите на Маја индијанците биле од значителна големина според скалата на општествените работи, веројатно одредена од градското население.

Според композицијата (подреденоста) и функцијата, градското население веќе се разликувало од населението на село. Навистина, многу веројатно е дека многу од граѓаните, всушност, биле сé уште селани, кои ги жнееле нивите и ја наводнувале околината на градот. Но, сите градови мора да се разгледуваат како градови што самите не си обезбедувале храна со агрикултура, сточарство, риболов или имале занаетчии - специјалисти, транспортни работници, трговци, службеници и свештеници. Сите тие биле секако потпомогнати од вишокот произведен од селаните, кои живееле во градовите и во зависните села, но тие не го обезбедувале својот дел директно од размената на нивните продукти или услугите за жито или риба со индивидуалните селани.

Секој производител посебно го исплатил вишокот, што можел да го исцеди од земјата со својата сé уште технички ограничена опрема, како данок или такса на замислено божество или божествениот крал, кој на овој начин го концентрирал вишокот. Без оваа концентрација, поради ниската продуктивност на руралната економија не би бил возможен ефективен капитал.

2.2.1 Општествена и просторна организација на првите градови

Навистина, монументалните јавни згради не само што го прават секој град различен од било кое друго село, туку ја симболизираат и концентрацијата на општествениот вишок. Секој Сумерански град отпрвин бил под доминација на еден или повеќе храмови, централно поставени во форма на коцка, подигната над околните живеалишта и обично поврзана со вештачка планина. Но, до храмовите биле работилниците и складиштата, а како важен додаток на секој храм бил голем амбар. Харапа, во базенот на Инд, била под доминација на вештачка цитадела опкружена со масивен бедем од печени тули. Градот содржел најверојатно и палата и огромен амбар до него, но и бараки за занаетчиите. Во Египет не биле ископани рани храмови и палати, но целата долина на Нил била под доминација на гигантски гробници на светите фараони, додека пак кралските амбари се потврдени од пишани документи. На крај, градовите на Маја - индијанците се посебно познати по храмовите и пирамидите од изделкан камен околу кој тие се воздигнуваат.

Значи, во Сумер општествениот вишок бил отпрвин концентриран во рацете на Бога и складиран во неговиот амбар. Ова, веројатно било точно во Централна Америка, додека во Египет, фараонот (кралот) бил самиот - Бог. Но, се разбира, замислените божества биле служени од вистински свештеници, кои освен што ги организирале прославите и често крвавите обреди во чест на боговите, раководеле со земните имоти на нивните свети господари. Во Сумер навистина набргу, ако не и пред револуцијата, Господ го делел своето богатство и моќ со смртникот (кралот на градот), кој имал улога на владетел и водач на војна. Божествениот фараон бил потпомогнат од цела хиерархија службеници.

2.2.2 Ослободени од секаква рачна работа

Сите оние што не биле вклучени во производството на храна биле секако потпомогнати отпрвин од вишокот собран во храмот или кралските амбари и така биле зависни од храмот или дворецот. Но, се разбира, свештениците, цивилните или воените водачи и службеници апсорбирале голем дел од концентрираниот

вишок, па со тоа формирале "владеачка класа". За разлика од маѓепсникот во палеолитот или шефот во неолитот, тие биле како што Египетскиот писар запишал - ослободени од секаква рачна работа. Од друга страна, на пониските класи им биле не само загарантирани мир и сигурност, туку биле и ослободени од интелектуални задачи, за кои многумина мислеле дека се поздодевни од која било физичка работа. Покрај тоа што ги разубедувале ма-сите дека сонцето ќе изгрее следниот ден и дека реката ќе тече повторно следната година /луѓе, кои немале повеќе од 5 илјади години документирано искуство на природна униформност зад нив, секако се загрижени поради вакви проблеми/, владеачките класи, навистина, доделувале одредени бенефиции на нивните потчинети, со планирање и организација.

Тие, всушност, биле принудени да изнаоѓаат системи на прибележување потребни за новонастанатите егзактни науки. Администрацијата на огромните приходи на Сумеранскиот храм или на Египетските фараони водена од постојаната корпорација на свештеници или службеници, им дозволувала на своите членови да смислат конвенционални методи на забележување, кои ќе бидат разбирливи за сите нивни колеги и следбеници, т.е. да пронајдат системи на пишување и нумеричка нотација. Така, пишувањето е значаен и погоден знак на цивилизацијата. Но, додека пишувањето е особина вообичаена за Египет, Месопотамија, во долината на Инд и Централна Америка, постоеле карактерни разлики во секоја регија, но и во материјалите за пишување - папирус во Египет, глина во Месопотамија. Изгравираните печати или камени плочи, кои ги обезбедуваат првите податоци за првите Хинди и Маја записи, се исто така валидни пишани текстови како и споредбените документи од Египет и Сумер.

Пронаоѓањето на писмото или како што би рекле - пишаните текстови им овозможило на слободните службеници да се зафатат со разработка на егзактни науки; аритметика, геометрија и астрономија. Очигледно успешни во одредувањето на годината и создавање на календарот (според документите) биле Египќаните и Маја - индијанците. Ова им овозможило на владетелите успешно да го регулираат кругот на агрикултурните операции. Но, уште еднаш Египетските, Маја и Вавилонските календари се покажале како различни од кои било системи, базирани врз какви било природни поими. Календарите и математичките науки се вообичаени одлики на најраните цивилизации, а се последица на астролошките изучувања.

Други специјалисти, поткрепени од општествениот вишок, земале друг правец на своето изразување. Дури и дивјаците во

периодот на палеолитот се обидувале, понекогаш и со зачудувачки успех, да ги насликаат животните и луѓето, онака како што ги гледале - конкретно и натуралистички. Селаните од времето на неолитот никогаш не го сториле тоа; тие одвај и да се обидувале да ги претстават предметите од природата, туку настојувале да ги претстават со симболи, со апстрактни геометриски цртежи, кои во најдобар случај можат да прикажуваат некакви црти на измислена личност или животно, или пак растение. Но, Египетските, Сумерските, Хинду и Маја мајсторите - скулптори, сликари или резбари - почнале повторно да длабат, да моделираат или да цртаат луѓе и предмети, но не повеќе со наивен натурализам на ловец, туку следејќи одредени и префинети стилови, кои се разликувале еден од друг.

Понатамошниот дел од концентрираниот општествен вишок бил употребуван за плаќање на увозот на суровини, потребни за индустријата (и за обредите) но, бил непристапен во пошироки рамки. Постојаната трговија "со странство" на големи далечини, била карактеристика на раните цивилизации и иако, подоцна вообичаена меѓу Варварите, не е сигурно потврдена во Стариот Свет пред - 3 илјади години пред нашата ера, ниту во Новиот пред царсатвото на Маја - индијанците. Поради ова, постојаната трговија на Египет се одвивала до брегот на Сирија, додека пак, Месопотамија била трговски поврзана со долината на Инд. Додека предметите на овој вид интернационална трговија отпрвин биле "луксуз", тие веќе во голема мерка вклучиле индустриски материјал /во Стариот Свет - благороден метал, чие место подоцна во Новиот Свет било веројатно заземено од други предмети. До овој степен, првите градови биле зависни од виталните материјали на ваквиот вид трговија како што не било ниедно село од периодот на неолитот.

Во градовите мајсторите биле снабдувани со суровини потребни за изведување на нивната вештина, а им била гарантирана сигурност во државната организација врз основа на престојот, а не (како дотогаш) на сродството. Сезонското работење веќе не било задолжително. Градот бил заедница на која занаетчијата и припаѓал и економски и политички.

2.2.3 Конфликт на економски интереси

Сепак, што се однесува до сигурноста, тие биле зависни од храмот или дворецот и биле потиснати како пониска класа. Селските маси имале дури и помалку предности; во Египет, на

пример, металот не ги заменил старите камени и дрвени орадија. Но, иако нецелосно, дури и најраните урбани заедници се одржувале со еден вид солидарност, што ја немало во неолитот. Селаните, занаетчиите, свештениците и владетелите сочинуваат заедница, не само поради исто верување и ист јазик, туку и затоа што секој од нив исполнувал еден вид комплементарни дејности, потребни за доброто на сите (како што е дефинирано според нормите на цивилизацијата). Всушност, најраните градови претставуваат прво приближување до солидарноста, базирана врз функционалната комплементарност и заемна зависност меѓу сите членови, како што е зависноста меѓу клетките на организмот. Се разбира, ова било не само приближно вреднување. Колку и да била потребна концентрација на вишокот на постојните сили на продукција, изгледа дека постоел конфликт на економските интереси меѓу малубројната владејачка класа, која го присвојувала поголемиот дел од општествениот вишок, и поголемиот дел од народот на кој му останувал мал надоместок и кој бил исклучен од духовните бенефиции на цивилизацијата. Така, солидарноста сé уште била одржувана со идеолошки средства пригодни за механичката солидарност на Варварството, изразено во надмоќноста на храмот или на светилиштата, а сега заменети со силата на новата државна организација. Во овие најстари градови немало место за скептици или секташи.

Овие десет особини ги исцрпиле факторите вообичаени за постоење на најстарите градови, кои археологијата, потпомогната во најдобар случај со фрагменти и често чувани пишани извори, може да ги открие. Никакви специфични елементи не можат да бидат докажани како карактеристични за сите градови. Тоа е затоа што, од една страна, Египетските и градовите на Маја - индијанците се уште не се ископани, а од друга, селата од неолитот често биле оградувани со зидини (разработен систем на наводнување во пуеблата во претколумбовскиот период, итн.).

Обичните фактори се крајно апстрактни. Конкретно, Египетската, Сумерската, Хинду и Маја цивилизацијата биле различни како и плановите на нивните храмови, знаците на нивните камени плочи и нивните уметнички конвенции. Со оглед на ова и бидејќи нема натамошни забелешки за временска доминација на некој друг центар од Стариот Свет (на пример, Египет), ниту пак, за некаков контакт помеѓу Централна Америка и некој друг урбан центар - четирите револуции, кои се штотуку разгледани, можат да се сметаат како заемно независни. Напротив, сите оние подоцнежни цивилизации на Стариот Свет можат на извесен

начин да се сметаат за продолжение од оние на Египет, Месопотамија и Хинду.

Но, ова не бил веќе случај во натамошниот развиток. Приморските цивилизации од Бронзеното Доба, како Крит или Стара Грција, на пример, се разликувале од нивните предходници, како и меѓу себе. Но, урбаната револуција, која всушност ги создала не почнала од ништо. Тие можеле и секако се базирале врз капитал акумулиран во трите утврдени центри. Тоа е најочигледно во културниот капитал. Дури и денес го употребуваме Египетскиот календар и Сумерската поделба на денот и на часот. Нашите европски предходници немале потреба да ги изнаоѓаат за себе оние поделби на времето, ниту пак, да ги повторуваат набљудувањата врз кои тие се базирале. Тие само ги искористеле и многу малку ги усовршиле системите разработени пред 5 илјади години...

2.3 ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ ВО ГРАДОТ*

Изразите како ловец, рудар, овчар и земјоделец, ги употребуваме за група луѓе од старото камено доба и со тоа во суштина ние го пренесуваме нивното подоцнежно урбано значење во една поранешна фаза на човечкиот развој. Кога би успеале да навлеземе во менталитетот на првите луѓе, веројатно би виделе дека тие самите за себе си биле едноставно луѓе кои ловеле риба, удирале кремен или копале, според потребите на моментот и местото. Да се лови секој ден, или секој ден да се копа свиткан на едно единствено место, да се обавува само една работа или само еден дел од работата, начинот на живот би им се чинело тешко замислив или поднослив. Во тоа време, примитивните народи толку го презирале овој начин на работа што нивните европски експлоататори биле принудени да се послужат со сите видови принуда за да ги натераат да работат.

Самиот поим на воспоставена поделба на трудот, фиксирање на многу природни дејности во единствена животна професија, ограничување на еден единствен занает, веројатно датира, како што вели Чајлд (Childe), од основањето на градот. Тоа зголемување на колективната моќ само по цена на ограничување на перспективата на својот личен живот, можело да му овозможи на човекот да ја трансформира својата околина. Општествената заедница на постарото камено време по влегувањето во градот се расчленила на десетина делови: касти, класи, професии, струки, занаети.

Навистина првите податоци за специјализација и поделба на трудот, можеби стигнуваат наназад до палеолитските времиња, што се гледа од посебната моќ што ја имал волшебникот или предводникот во вршењето на обредите, а во тоа исто време можеби дошло до стручни специјализации меѓу оние кои се занимавале со копање руда или нешто друго. Hocart смета дека поделбата на трудот започнала во време на обредите имајќи го предвид тоа што примитивните народи обредот не го сметале за помалку важен од работата, туку напротив, му давале уште поголемо значење. Нема потреба да се претпостави дека овие две форми на специјализација се одвивале одвоено, напротив нормално е да се очекува тие да се мешале како што се мешале

* Mumford Lewis, Grad u Historiji, Naprijed, Zagreb, 1967, p. 115-120

магиските обреди со практичните работи како што е сеењето и наводнувањето на житните полиња.

Уште пред да биде потполно обликуван градот во него се зацврстени и некои посебни касти и професии, со тоа што во определено семејство од генерација на генерација се пренесувала тајната за знаењето, постапките и за умешноста на предците. Но првите вистински специјалисти во градот веројатно биле членовите на вооружените, ловциски групи кои ја презирале едноличната секојдневна работа и чуварите на светилиштата кои веројатно биле ослободени од тешката работа со сопствените раце.

Во првобитните заедници, работата претставувала дејност која се врши само во дел од времето и не е можно потполно да се одвои од останатите функции на животот како религија, игра, општествен сообраќај па дури и сексуалност. Во градот прв пат специјализирана работа станала секојдневната и исклучителната професија. Како резултат на тоа, специјализираниот работник - зголемена рака или око, се усовршил во својот дел од работата толку ефикасно како без таа специјализација никогаш не би можел да се создаде. Но со тоа тој ја изгубил среќната севкупност на својата егзистенција. Оваа жртва претставува еден од хроничните абортуси на цивилизацијата; таа е толку универзална така што се создала "втора природа" на градскиот човек. Благодетот на разновидниот и потполно хуманизиран живот, ослободен од професионалната стеснетост бил монополизиран од владеачките класи. Благородните биле свесни за тоа; во определени култури тие си го присвоиле за себе изразот "вистински луѓе".

Од времето на Адам Смит сите сме свесни за предноста на специјализираната работа што придонесува за продуктивноста, дури во времето пред пронаоѓањето на сложените машини. Фактот што урбаната култура ја развила ваквата специјализација, претставува една од поважните причини за акумулација на капиталот и пораст на доходот, до што се дошло заедно со развојот на градот, додека сé уште немало поголем напредок на полето на механичките пронајдоци. Сé додека многу жители во првите градови работеле на полињата, на храмовите или на блиските ниви, сé дотогаш поголем број на граѓани се занимавале со други професии и струки - прво како слуги на храмот, а подоцна како занаетчии кои на таа работа ѝ посветувале дел од своето време или пак целото свое време, работејќи директно по нарачка или за пазар.

Во "Сатира на занаетите", што се појавила некаде во вториот милениум пред новата ера во Египет, писателот споменува

осумнаесет разни занаети, покрај својата професија на писар, но воопшто не ги споменува професиите на свештеници, војници, лекари и архитекти кои веројатно ги сметал превисоки за критика или оцрнување. Токму поради можноста да се среќава со такви возвишени личности, тој високо го цени позивот со кој се занимавал тој самиот. Професиите кои што ги споменува писарот се движат од бербер до стручњак за балсамирање, од дрводелци до кожари. Во секоја професија тој наоѓа тешкотии и професионални, слабости и деформации, за разлика од можностите што ги има писарот кој живее лесно и доаѓа во контакт со големи луѓе.

За прв пат во градот се случило сиот живот да се помине со една единствена професија. Работникот бил стандардизиран и секогаш бил заменливо делче во сложената општествена машина; тој е поставен во една положба, осуден на повторување на исти операции, ограничен во еден простор целиот свој живот. Петри (Petrie) забележува дека и надвор од градот во рударскиот занает "од записите на мумиите гледаме како била поделена работата. Секој поединец бил одговорен за еден детаљ: еден истражувал, друг ја испитувал карпата, третиот бил задолжен за производот. Во рударските експедиции се спомнуваат повеќе од педесет различни степени на службеници и работници".

Оваа поделба била вкоренета во самата природа на градот. Овие поврзани операции можеле успешно да се извршуваат во сите делови на стопанството само затоа што градот бил во можност да ги реализира и да ја распредели бројната работна сила. Во времето кога Херодот дошол во посета на Египет, поточно во петиот век пред нашата ера, целокупната поделба на трудот и прецизната поделба во специјализацијата веќе достигнала степен што може да се спореди со поделбата на нашето време. Тој забележал дека постојат лекари за очи, за глава, некои за заби, некои за желудник, а останатите за внатрешни пореметувања.

Новата урбана форма собрала и соединила поголема група луѓе кои соработувале и дејствувале едни на други најмногу од која било друга форма пред неа, но таа и ги раздвоила во цврсто одвоени групи во кои секој дел е обоен со бојата на својата професија. Целокупниот систем на специјализираната работа е карикиран во Индија, каде што кастите, дури и ситните групации во кастата станале наследни. Оваа поделба во времето на Платон била така втисната во свеста на луѓето што е прифатена скоро како нешто природно како и самото ропство. Тојнби (Toynbee) ги карактеризира кастата и стручната специјализација како исклучителни својства на "запрената цивилизација", но оваа

запреност е карактеристична за сите урбани заедници во поголема или помала мерка. Дури и денес има уште многу луѓе кои што не можат да ги замислат формите на една идна организација, различни од оние што ги познаваме. Ослободени од физичката работа, со замена на автоматските машини, тие сé уште применуваат исто стручно знаење и ограничување на спорт, игра, знаење и наука.

Стручното и кастинското структурно групирање во стариот град формирало пирамида чиј што врв достигнувал до апсолутниот владетел. Кралот, свештенокот, воинот и писарот го сочинувале врвот на пирамидата, но кралот сам, на највисоката точка, се капел во сиот сјај. Под него слоевите се проширувале во трговци, занаетчии, селани, морнари, куќна послуга, слободни граѓани и робови, кои биле во најнискиот слој и биле во постојана сенка. Оваа поделба го заострувала поседувањето или непоседувањето на имоти, потоа се нагласувала со облеката, начинот на живот, исхраната и живеалиштето.

Одделните економски функции и одделните општествени улоги, од своја страна, создавале соодветни делови на градот, меѓу кои не бил последен, иако не бил ниту прв - плоштадот. Ако локалниот храм делувал како магнет за жителите од целото соседство, тогаш треба да се истакне дека постоел исто така и делумно видлив вид на занимања што можел да се распознае по типот на куќите и служел како класна бариера. Оваа пракса се применува дури и денес во спонтаното групирање на определени професии, и без притисок од какви и да се градски прописи. Така на пример, во Филаделфија, сите лекари се собираат на мало подрачје околу оската на Spruce Street, додека агентите на осигурителните друштва се простираат скоро на цел кварт меѓу Independence Hallа и на пазариштето. "Harley Street", Madison Avenue", "State Street" претставуваат кратенки не само за определени професии, туку и за начинот на живот што се води во нив. Рим и Антиохија, можеби и Нинива и Ур имале исто такви реони.

Поделбата на трудот и одделувањето на функциите претходеле на паричното стопанство. Во суштина, тие само го продолжуваат жртвувањето, кога човекот ги напуштил и одложил другите функции и лесно ги менувал улогите со што би се сконцентрирал на една единствена дејност за доброто на кралот, богот и градот. Без разлика на тоа дали проституцијата е најстариот занает на светот, значаен е податокот дека специјалистите за сексуалната игра се јавуваат многу рано во текстовите за урбаниот живот. Така, читаме за тоа дека додека "Гилтамеш ги

собирал занетчиите, мајсторите за оклопи", дотогаш божицата Иштар ги собирала "давајќи блудници на храмот" за забава.

Оваа рана сексуална специјализација ни зборува дека веројатно во првите градови имало многу неженети мажи, но исто така ни зборува за еден општ процес што довел до нова состојба при што функциите кои што пред тоа биле соединети во селските домаќинства како спиење, јадење, пиење, разговор, перење и образование со текот на времето се одвоиле, се зголемиле и откинале во посебни згради и квартови во градот. Преноќиште, гостилница, пазар, храм, училиште и јавна куќа, сето тоа било во рацете на професионалците кои што го посветувале целото свое време на тоа. Во таа смисла, градот станал зголемено колективно домаќинство. Со ваквата диференцијација дошло и до суштинско одвојување; сите неопходни функции, дури и телесните добиле форма на игра што се практикувала повеќе поради својата социјална отколку практична потреба.

Ова издвојување на специјализирани и диференцирани функции, од целината на заедничкиот живот, е унапредено со воведување на писмото и парите. Со развојот на трговијата на големи далечини, сиве овие човечки вредности кои порано значеле нешто само за непосредниот живот, сега се претвориле во едно неутрално средство околу кое можело да се договара и што би можело да се чува и користи како извор на моќ над работата на другите луѓе.

Првите форми на урбаната специјализација сигурно започнале во храмот, со појавата на рационализацијата и собирање на луѓето на такво свето место. Дури и проституција можеби потекнува од учеството на свештеничките во обредите на плодноста. Обичајот на храмската проституција не се зачувала до нашето време само во земјите како Индија; туку храмовите на божиците на љубовта Иштаре, Афродита, Венера и Изида по традиција служеле за состанување на љубовниците. Храмската проституција го скандализирала Херодот затоа што во Вавилон, веројатно се барало во неа да учествуваат сите жени, дури и оние маженитe, барем еднаш годишно. Погрдите жени морале да останат во храмот неопределено време сé додека некој не се смилувал да ги посака.

Сево ова нагласува една општа карактеристика на градот, начинот на кој тој им дал специјализирана, апстрактна, професионална и колективна форма на човечките потреби на кои дотогаш никој не попмислувал да им го посвети целото свое време.

Овде треба повторно да се примети контрадикторната и двозначната улога што ја одиграл градот. Човекот биолошки се развивал и понатаму, во споредба со кој и да е вид, затоа што останал неспецијализиран, подвижен, вешт, способен за сé, а сепак до некаде сé уште необликуван и несовршен, никогаш потполно приспособен само за една ситуација, што би траела толку долго колку и последното студено време. Наместо да ја спречува својата дејност со развојот на специјализираните органи за ефикасна адаптација човекот, речиси сиот свој органски капитал го ставил во една карактеристика на животинскиот развој која можела да пронајде замена за специјализирани органи. Таа карактеристика е неговиот централен нервен систем. Благодарение на зголемувањето на мозокот далеку над сите непосредни функционални потреби, човекот бил способен да си создаде нови органи надвор од телото, а при тоа да не биде врзан како другите организми во својата адаптација на бесконечно повторување на исти работи. Останувајќи неспецијализиран, човекот отворил илјадници нови патишта во својот понатамошен развој

Цивилизацијата во својот развој го пореметила овој процес во градот. Посебните услови на градскиот живот овозможиле и помагале во создавањето на специјализирани групи и секој поединечен живот морал да се вклопи во целината во која што секоја група ги прифаќа ограничувањата на зададената улога. Стариот египетски занаетчија не смеел да ја менува својата професија што ја наследил од својот татко, а раното подучување и привикнување го направиле непотребен овој законски пропис. Работникот секаде бил работник, робот секогаш бил роб, благородникот секогаш благородник, сé дотогаш додека робот или не се побунил или не ја откупил својата слобода, односно додека благородникот не бил заробен во борба и така би ја загубил својата слобода.

На тој начин градот на самиот почеток прифатил полиморфизам на кошницата со пчели: со општествени средства тој ја постигнал истата онаа физиолошка диференцијација која што ја следи интеграцијата на заедницата на инсектите. Навистина, оваа поделба на трудот овозможила многу поголема внатрешна мобилност, отколку онаа што е во заедницата на инсектите. Дури и проституцијата, иако ја осудувала целата класа на тешката работа на сексуалните односи, никогаш не достигнала степен на кој што би се создала една одделна класа за принови што би била одвоена од сé и би имала единствена задача да раѓа деца. (Оваа страшна перспектива можеби ќе му донесе триумф на постисторискиот човек). Споредбата меѓу човечките општества и

заедниците на инсектите, сепак вреди во однос на работниот живот имајќи го предвид тоа дека внатре во животот на еден човек со различна професија, предизвикува карактеристични болести и слабости па дури и промени на телесната структура. Овие разлики сé уште дејствуваат на смртноста и на должината на животот на различни професии.

2.4 ФОРМАТА НА ЕЛИНСКИОТ ГРАД*

...Пред да ја испитаме личноста на идеалниот граѓанин, да го погледнеме малку одблизу градот кој бил далеку од тоа да биде идеален, а кој сепак помогнал да се создаде идеален граѓанин. Ова испитување можеби ќе ни го промени мислењето, претходно создадено, за тоа во што се состои поволната околина за човечкиот прогрес. Можеби ќе открие, дека тоа совршенство кое обично го сметаме поволно, всушност претставува кочница или препрека.

Јадрото на градот и центарот на неговите највредни дејности како и смислата на неговото постоење била акрополата. Таа била, пред сé, дом на градските богови и тука се сретнуваат сите оние свети елементи кои произлегле од природата и историјата. Гледајќи ја атинската акропола преокупирани сме со неговите најважни згради Ерехтеон и Партенон. Меѓутоа изворот на нивната убавина и нивната улога бил во цврстата карпа која тие згради ги воздигнала кон небото, карпа која со својата сина и розова боја се истакнувала на врвот од белиот мермер, додека неговите нерамни контури, дури и кога на нив стои голиот зид, ја истакнуваат величенствената геометрија на храмовите.

Тоа на вистина била света гора, а во тоа и помогнале уште и нејзините првични атрибути: шпиље, гробови, јами, извори кои извршиле исто толкаво дејство како и подоцнежните светилишта, свети простори и бунари. Уште пред да биде изграден првиот храм или палата, акрополот им служел на боговите и нимфите, на оние исти земни и подземни богови кој го направиле Делфи свето место и кои сеуште не ја изгубиле својата магична моќ и мистерија. Да се најдеш пред акрополата, ноќе на месечина, или да се спушташ низ стрмнините на Делфи, одозгора низ маслинките се до морето, макар и дење, претставува религиозен настан кој не може свесно да се објасни.

Овде, собрани на акрополата, се наоѓаат изворите на античкиот град, од палеолитскиот извор и шпиље, до неолитскиот зид и светиот простор, од кралската палата и тврдините од храмот до космичките богови, од заштитниот логор и село, до горниот и моќен град. Оваа комбинација, на поволни природни услови и човекови творби, не може да се повтори; сликата на градот не оставила секаде така длабок печат на човечката свест како во

* Mumford Lewis, Grad u Historiji, Naprijed, Zagreb, 1967, p. 181-185.

Атина. Исто таков град во дорски стил изграден е во Паестум во шестиот век но, не остава таков впечаток, иако е поголем и подобро сочуван од оној на атинската акропола, имајќи го тоа предвид што Паестум е распослан во равнина и планините кои би можеле да му дадат убавина, се далеку зад него.

Паестум, од самиот почеток морал да биде поцелосен отколку што некогаш била Атина, дури и во последниот период од својата независност. Но затоа, нему му недостасува оној длабок допир со оние институции, временски така далеку, кои Атина секогаш ги чувала и во целосна мерка ги искористила, еднакво во миговите на трагичните драми како и во архитектонско уредените акрополи, каде нема знаци дека исконските карпи се прекриени со нешто друго освен со згради. Така, на акрополата се соединуваат првобитните дејствија со највисок естетски израз, како што се соединуваат и во карпите олуците и лаковите на готските катедрали. Тоа ни овозможува подобро да ги сфатиме сите форми на градскиот живот и печатот што тој го оставил над своите згради, дури и на градбите во станбените квартови кои, слично на неолитските селски куќи, биле направени без било каков ред. Тоа е една комплексна, но и прототипска формација.

Да се искачиме на стрмните падини на акрополата и да го погледнеме распоредот на неговите отворени простори и згради, иако денес тоа е урнато и уништено.

Страните на карпите на кои се наоѓа, биле повеќе погодни за одбрана, отколку за изградба, така што задачата на архитектот не била да ги ублажи неговите контури или да го олесни движењето, туку да ги искористи случајните предности на гребенот и рамнината и градбата и спомениците да ги пореди без некаква желба да постигне визуелен склад или кохерентност со целината, и едноставно најважната зграда да ја стави на врвот. Тука нема никаква осовина, никаков континуитет или визуелна прогресија, никакво настојување да се постигне симетрија, освен во главната зграда со отворени погледи, украсена од сите четири страни, која ја менува формата како што се менува култот на приодот. По должината на целата косина, без некаков ред, многу свети простори го отежнувале движењето, понекогаш тоа било олтарот, понекогаш кип на богот или херој, понекогаш мала зграда слично на корегијски споменик. Тие градби долго се противеле на остранувањето, дури и кога се испречувале на патот на нешто поважно. Дури кога победиле елинистичките урбани идеи и кога старата религија малку избледнела, тие се пренесени со целото должно почитување према старините, камен по камен, на ново место. Лизикратовиот керегијски споменик (од 334г. п.н.е.) сега е

сместен во малиот парк на источната страна во подножјето на акрополата.

Внатре во границите кои ги поставила традицијата сигурно имало свесно планирање во сместувањето и конструкцијата на зградите на акрополата. Можеби многу внимателно е искористена дури и визуелната можност што ја овозможувал извиениот и неправилен приод. Меѓутоа, формата на зградите полукружна или правилна, никогаш не е вклопена во една целина. Секоја градба стоела сама за себе, доволна самата на себе, рамноправна и самостојна, независна од било какво хиерархиско степенување. Тоа само по себе веќе е исклучиво симболичко.

Додека овие централни градби на атинската акропола кон крајот на шестиот век биле сеуште многу едноставни, често сурови дури и кога биле градени од камен, сигурно, уште поедноставни и погрубо изградени биле работилниците и продавниците на агората каде работеле колбасар и златар, трговец со мирудии, лончар и менувач на пари. Ако акрополата навлегува во длабочината на градот, сé до неговите најдлабоки и првични извори, тогаш таа претставува проширување на градот и навлегување понатаму од неговите видливи пространи граници. Ако ја исклучиме нејзината отвореност, агората не изразувала никакво друго единство, на неа можело да се обавуваат скоро секакви функции и да се најде скоро секоја зграда. Почетоците на пофомалното уредување, со нов критериум за пространоста и убавината, дури и новата свест за уживање што го овозможувале тие својства, се јавиле на периферијата на градот. Таму е сместена новата спортска сала и таму настанало новото вистинско урбано уредување, не во метеж и неред, туку во пространства оградени со дрвја.

Овие нови творби, посебно театрите, во почетокот биле само едноставни модификации на природните форми, театарот ја претворил полукружната косина на брегот во амфитеатар со круг пред седиштата кој служел како сцена на актерите и играчките. Сé ова дошло прилично брзо, првата претстава во театар одржана во Икарија во првата половина од шестиот век, а еден век подоцна и драмата како форма на формалниот израз и духовно творештво, доживеале свој максимум. Само Софокле напишал стотина драмски дела, а во текот на еден век кој завршил во 406 год. п.н.е. напишани се и изведени илјада и двеста драмски дела. Со еднаква брзина пораснал и бројот на спортските сали. Кога тие две функции се одвоиле, тогаш религијата и политиката ја задржале централната положба во градот. Меѓутоа, присуството на историските споменици и традиционалните обичаи ги

спречувале слободно да се служат со нив. Иако Паусание ја споменува зградата за подготовка на процеси во подножјето на акрополата, влезот во неа бил еден, додека големиот панатенски пат бил толку тесен што по него можеле да се движат само петмина, еден покрај друг. Ако распоредот на зградите ги изразувал традиционалните односи, а не некоја нова естетска концепција, тогаш, што да кажеме за натрупаните куќи во неговото подножје, изградени од непечени тули, со кровови покриени со ќерпич или дури со кал и гранки, со кровови покриени со слама кои носеле печат на селска суровост. Тие куќи го сочинувале најголемиот дел од градот сé до четвртиот век, па и покасно, така што некаде меѓу третиот и вториот век п.н.е. Дикеарх напишал: Патот за Атина е удобен, зошто постојано те води низ обработени полиња. Градот е сув и малку снабден со вода. Улиците не се ништо друго освен бедни патчиња, додека куќите, со мали исклучоци, многу сиромашни. Кога прв пат ќе стигне во неа, странецот едвај верува дека тоа е Атина за која толку слушал.

За станбената ситуација во Атина, најдоброто што може да се каже е тоа дека куќите на богатите и сиромашните биле една покрај друга и дека не се разликувале многу освен можеби по големината и внатрешното уредување. Во петиот век племенитата сиромаштија била повеќе ценета, отколку срамното богатство, а јавната чест и углед на семејството, вределе повеќе отколку изобилство и големина на имотот. Приземните куќи, со ниско навалени кровови, на станбените квартови им давале изглед сличен на некој денешен заостанат медитерански град, само зидовите не им биле побелени.

Во станбените квартови на првите градови немало уреден систем на улици и од денешен аспект тие изгледалаат некако ориентални. Фактот што атинските жени многу ретко излегувале на улица, го потврдува тоа. Уличките биле широки само за поминување на човек со магаре или со кош за на пазар. Затоа луѓето морале добро да го познаваат својот кварт, за да можат да се снајдат во него. Тој неред од улици, без никаков систем, се сметал за ефикасно одбрамбено средство во случај непријателот да продре низ надворешниот зид. Аристотел прв го застапувал тоа мислење, а покасно тие предности ги истакнувал и Плутарх. Според неговото мислење, непријателот кој би продрел во градот, не би можел да се снајде во оваа збрка од улици.

Улиците не биле поплочени, биле полни со кал во пролет и прашина во лето. Во средниот дел на градот немало градини, ниту улици засадени со дрвја, туку само неколку засводени јавни шеталишта. Во поголемите градови, во петиот век, владеела го-

лема нехигиена, а недостатокот на санитарни уреди бил катастрофален...

...Се додека градовите останале релативно мали и сé додека во нивна близина се наоѓале отворени полиња, негрижата во однос на хигиената сé уште можела да се поднесе. Градовите кои зафаќале површина од петнаесет до четириесет хектари, со жители од две до пет илјади, можеле да си дозволат, како и селата, да не се грижат за ѓубрето и изметот. Меѓутоа, во големите градови, морало да се води повеќе грижа за тие работи. Но, и во нив по се изгледа, немало јавни санитарии.

Што се однесува до приватните санитарии, податоците добиени од ископините, се разликуваат од напишаните податоци кои и самите се двосмислени. Современите археолози не искажале никакви докази за санитарните уреди во хотелските куќи. Тоа може да се потврди со делови од комедијата "Општинари" од Аристофан, во која авторот го прикажува градскиот домаќин, кој кога се буди, бара згодно место да врши нужда. Најпосле клекнува и врши нужда со разни бесрамни комични напомени, за тоа што го работи пред очите на публиката. Оваа сцена сведочи за недостатокот на најосновните уреди и за недостатокот на било какво чуство на срам. Оваа вистина ја потврдуваат и белешките на Ксенофон за посебната учтивост и срамежливост на персијанците кои се срамеле јавно да ги вршат физиолошките потреби.

Оваа комбинација на позитивни и негативни докази би била доволна кога не би постоеле против докази, посебно во еден сегмент од "Мир" на Аристофан, каде Тригеј вели: "Нареди им на сите луѓе да бидат тивки да ги затворат своите цевки и нужници со нови плочки и да ги затнат дури и своите отвори". Од ова произлегува дека барем некои куќи имале сопствени санитарни простории, иако не најдов податок за тоа што се случувало понатаму со изметот...

...Што се однесува до бањите, исто така тешко е да се интерпретираат податоците. Бањи се најдени во Олинт, град со околу 15.000 жители. Ако приватните бањи биле раширени, тогаш постоењето на јавни бањи можело да се објасни само со желбата за дружење. Прашање е дали би отишла во јавна бања атинската жена, која била затворена и чувана, оставајќи го мажот дома да ја искористи можноста да ја бакнува убавата трачанка - домашна прислужничка, како што прави еден од ликовите на Аристофан, ако имала бања дома? Сепак, приватните кади сигурно постоеле зошто во комедијата "Мир", Тригеј заповедува: "Побрзај, внеси ја таа млада девојка во мојата куќа, испразни ја бањата, загреј вода и подготви го брачниот ложник, за неа и за мене." Според ова, се

чини дека приватното капење било еден вид обред предвиден само за посебни прилики што било сосема природно за места сиромашни со вода, која морале да ја пренесуваат на раце...

2.5 ПРЕДИНДУСТРИСКИОТ ГРАД*

Во последниве неколку децении општествените научници извршиле неколку проучувања на извесен број стари градови, кои имале лик, кој релативно потсетувал на Западот. Нивното неодамнешно откритие од Северна Африка и разни делови на Азија, комбинирано со веќе познатото, јасно покажува дека овие градови не се како типичните градови од Соединетите Американски Држави и други високо индустријализирани области. Тие повеќе потсетуваат на градовите од Средновековна Европа. Таквите заедници се означени овде како "прединдустриски", познати од формата на производството, која ние ја поврзуваме со Европската индустриска револуција.

Неодамна Фостер (Foster), во еден информативен напис го опишува прединдустрискиот град. Пред сé, тој го става акцентот врз селанството (кое тој го нарекува "народ"); но, го разликува како дел на поширокатa општествена структура, која го вклучува прединдустрискиот град. Тој забележува одредени сличности меѓу селанството и пониската класа во градот. Исто така, овој автор настојувал да го анализира целокупното општество чии интегрални делови се селанството и прединдустрискиот град. Поради потребата од подобар термин ова е наречено "феудално". Како и Редфиловото народно (или "примитивно") општество, феудалниот почеток е крајно стабилен и свет; како контраст меѓутоа, *тој има комплексна општествена организација. Окарактеризиран е* со високо развиената држава и образовни или религиозни институции и со строга класна структура.

Толку подробно никој не го разгледувал прединдустрискиот град "per se", особено неговите разлики од градско-индустриската заедница, како Вебер, Тенис и неколкумина други ги согледувале разликите. Сепак е потребен таков осврт за да се разбере урбаниот развој во таканаречените неразвиени земји, а со ова и во делови на Европа. Таква е целта на овој напис. Типолошката анализа секогаш мора да служи како водич во натамошните истражувања.

---

* Gidion Sjoberg, *The Preindustrial City*, American Journal of Sociology, March, 1955

2.5.1 Етничка и професионална сегрегација

Егзистенцијата на прединдустриските градови зависела од храната и суровините, снабдувани однадвор; поради оваа причина тие се таканаречени маркетинг центри. Исто така, тие служеле и како центри на рачна индустриска преработка. Освен тоа, исполнувале и важни политички, религиозни и образовни функции. Некои градови се специјализирале; на пример, Бенарес во Индија и Карбала во Ирак се најпознати како места на политички и образовни активности.

Пропорцијата на градовите споредена со селското население е мала; во некои општества околу 10 одсто, иако неколку прединдустриски градови достигнувале население од 100 илјади или повеќе. Порастот се одвивал бавно. Овие карактеристики се должат на неиндустриска природа на целокупниот општествен поредок. Износот на вишокот од храна доволна за издржување на градското население бил ограничен со немеханизираното земјоделство со средствата за транспорт што користат првенствено човечка или животинска сила, и со неефикасни методи за чување и складирање на храната.

Внатрешното уредување на прединдустрискиот град, во случајов е блиску до економската и општествената структура на градот. Повеќето од улиците се често патеки за луѓето и за запрежните животни. Зградите се ниски и блиску едни до други. Ограничените услови за живеење, комбинирани со ограничено знаење создале сериозни санитарни проблеми.

Многу позначајна е строгата општествена сегрегација, која довела до формирање "стамбени квартови". Во некои градови (на пример, Мароко, Алеп, Сирија и други) овие квартови биле одделени меѓусебе со ѕидини, чии порти се заклучувале преку ноќ. Тие ги одразувале острите, локални, општествени поделби. Така, етничките групи живееле во одредени делови. И професионалните групирања, некои од нив - етнички, по својот карактер биле раздвоени по местото на живеење. Често посебна улица или сектор бил населен исклучиво од членови на еден вид занает; градовите во такви дивергентни култури, како што биле Средновековната Европа и модерен Авганистан, имале улици со имиња како "Улица на ковачите". Пониските класи, особено "отпадниците" живееле на периферијата на градот, на голема далечина од примарните центри на активност. Општествената сегрегација, ограничените транспортни средства, малото коли-

чество на станбената мобилност и тесните градски квартови, всушност, го поттикнувале развојот на одбрани средства, кои се скоро примарни групи.

И покрај оваа груба сегрегација, податоците не покажуваат вистинска специјализација во употребата на земјиштето, како што би требало да биде во градските, индустриски заедници. Во Средновековна Европа и во други области градските станбени простори често служат како работилници, а религиозните структури, пак, биле употребувани како училишта или маркетинг центри. Конечно, областите каде што се одвива бизнисот немаат доминантна позиција, која ја имаат во градско - индустриската заедница. Така на Средниот Исток - џамијата или во Средновековна Европа - катедралата, се обично главни точки на животот на заедницата. Центарот на Пекинг е Забранетиот Град.

2.5.2 "Живи" извори на енергија

Економијата на прединдустрискиот град доста се разликува од економијата на еден модерен индустриски центар. Пред сé, постои разлика во отсуството на фармерот од индустријализацијата, што може да биде дефинирано како систем на производство во кој "неживите" извори на сила се замена за зголемување на човековиот труд. Прединдустриските градови во производството на храна зависеле од "живи" (човекови или животински) извори на енергија - применети директно или индиректно со такви механички средства како: чекани, макари, тркала. Градско - индустриската заедница, од друга страна, употребува "неживи" генератори на сила, како што е: електриката и пареата, кои во голема мерка го измениле продуктивниот капацитет на урбанизацијата. Оваа основна, нова форма на производство на енергија, која е потребна за развој и опстанок на посебниот вид на институционалниот комплекс предизвикува коренити промени во еколошката, економската и општествената организација на градовите, во кои станала доминантна.

Другите економски гледишта на прединдустрискиот град се поврзани со неговиот посебен систем на производство. Постои мала поделба или специјализација на работата. Занаетчијата учествува во, речиси, секоја фаза на изработката на некој производ, често изведувајќи ја работата во сопствениот дом или во мали работилници и тоа, во границите одредени од гилдата и правилата на заедницата. Занаетчијата со ова трпи директна контрола над условите за работа и начините на производство.

Во индустриските градови, од друга страна, пак, комплексната поделба на работата бара специјализирана група која ќе управува - често како екстра - заедница по својот карактер, чија првенствена функција е да ги управува и контролира другите. И, заради надгледувањето и координацијата на активностите на работниците, "фабричкиот систем" се развил, а со тоа се истакнала и разликата со прединдустриски градови. (Во некои случаи централизираното производство се наоѓало и во прединдустриските градови, на пример каде што државата вработувала робови за поголеми проекти). Многу комерцијални дејности, исто така, се изведувани во прединдустриските градови, и тоа од страна на поединци, без високо формирана организација; на пример, занаетчијата често бил одговорен за продажба на сопствените производи. Со неколку исклучоци, прединдустриската заедница не можела да издржува поголема група посредници.

2.5.3 Економската структура на градот

Различните професии биле организирани во таканаречени "гилди". Тие се стремеле да ги вклучат сите, освен елитата, кои успешно вршат некаква економска дејност. Гилдите постоеле за трговците и работниците, за оние што се занимавале со рачна работа на пример, ковачите, ткајачите, како и за послугите, забавувачите, па дури и за питачите и крадците. Обично, гилдите оперирале во локалната заедница и немало поголеми организации како оние во индустриските градови, кои ги поврзувале своите членови со припадниците на други заедници.

Членството на гилдите и чиракувањето се предходници на скоро сите занимања, а оваа околност очигледно води кон монополизација. До одреден степен, овие организации ја регулираат работата на нивните членови и цената на нивните производи и услуги. И гилдите вработувале работници во специфични занимања, селектирајќи ги според одредени критериуми на сродство, а не според универзалните стандарди.

Гилдите се интегрирани уште и со други елементи од општествената структура на градот. Тие претставуваат одредени религиозни функции; на пример, во Средноевропските, Кинеските и Средноазиските градови секоја гилда имала свој "светец заштитник" и одржувала повремени прослави во негова чест. Потпомогнувајќи ги своите членови во одредени тешки моменти,

гилдите имале улога на агенција што ја обезбедува општествената сигурност.

Економската структура на прединдустриските градови, функционирала со незначителна рационалност од градско - индустриските стандарди. Ова се гледа во општата нестандардизација на начините на рачна изработка, како и во производите. Во прединдустриските градови низ целиот свет, фиксираните цени се реткост; купувачот и продавачот се договараат со ценкање. Се разбира, постојат граници преку кои нема да преминат ниту купувачот, ниту пак продавачот. Често работата се водела на послободен начин, па често парите не биле крајно платежно средство.

Освен тоа, не било вообичаено сортирањето на стоката според големината, тежината и квалитетот. Постои и расипување на квалитетот на производите. И тежините и мерките не се стандардизирани; варијации постојат не само меѓу два соседни града, туку и меѓу заедниците, затоа што различни гилди воспоставувале свои сопствени системи. Во еден ист град можат да постојат различни струења, кои, со сиромашно развиено сметководство и кредитни системи, навестувале малку рационалност во целокупната економска активност на прединдустриските градови.

2.5.4 Социјалната структура на градот

Економскиот систем на прединдустрискиот град, базиран врз *живи извори на сила, се спојува со карактеристична класна* структура и семејство, и со религиозни, образовни и владејачки системи.

Најистакнатата компонента во класната структура е образованата елита, која ја контролира и чија егзистенција зависи од масата обично население (дури и во традиционалните градови на Индија со нивниот систем на касти). Елитата е составена од поединци, кои се на власт, или пак во религиозните или образовните институции на поширокото општество (иако понекогаш групите како што се големите земјопоседници припаѓале кон ова општество). На спротивната страна се масите, кои содржеле такви групи кои што се работници, чии производи и услуги биле пред сé во корист на елитата. Меѓу елитата и пониската класа постоел остар раскол, но и во двете групи постои градација на рангот. Членовите на елитата им припаѓале на "угледните" семејства и имале сила, имот, и одредени лични атрибути со висока

вредност. Нивната положба, меѓутоа, е легитимирана со свети записи.

Општествената мобилност во овој (прединдустриски град) е минимална, единствената опасност за елитата доаѓа однадвор, а не од пониските класи на градот. И средната класа - толку типична за градско - индустриските заедници каде што може да се смета за "доминантна" класа - не е позната во прединдустрискиот град. Системот на производството во едно поголемо општество обезбедува стока, вклучувајќи храна и услуги во одредени количества, за да се задоволи само мала група слободни поединци. Под овие услови градската средна класа, полуслободната група, не може да се воздигнува, ниту пак средната класа и проширената општествена мобилност се основни за одржување на економскиот систем.

Значајна е улогата на маргиналните или "прогонетите" групи (на пример Ета во Јапонија) кои не се интегрален дел на доминантниот општествен систем. Обично тие се на понизок ранг од урбаната пониска класа, кои извршуваат особено деградирани задачи како што е закопувањето на мртвите. Робовите, питачите и другите слични на нив се прогонети во повеќето прединдустриски градови. Дури и ваквите групи, како професионалните забавувачи и сезонските трговци, често се сметани како отпадници бидејќи нивните скитања ги изложуваат на "туѓи" идеи и (влијанија), од кои доминантната општествена база треба да се изолира. Всушност, многу прогонети групи, вклучувајќи ги и некои од предходно споменатите, се етнички групи а тој факт и натаму го зајакнува нивното изолирање. (Неколку од нив, како Евреите во претежно муслиманските градови на Северна Африка, имаат сопствена мала, образована, религиозна елита, која, меѓутоа, нема значајна политичка сила во целокупниот град).

2.5.5 Примарните групи во градот

Претпоставката на многу социолози на градот е дека малата, нестабилна роднинска група и значајната брачна заедница, се неопходно поврзани со градскиот живот. Но, оваа премиса не се однесува на прединдустриските градови. Порано, кога социолозите и антрополозите ги генерализирале различните традиционални општества, на селаните им ги припишувале типичните роднински норми. Всушност, во овие општества идеалните форми на роднински и семеен живот се најблиску до членовите на градската, образована елита, кои се најспособни да

ги исполнат точните барања од светите записи. Роднинските врски и можноста да се овековечи нечиј род се одредени според престижот на прединдустриските градови. Децата, особено синовите, се високо вреднувани и полигамијата, конкубинатот или пак посвојувањето, помагаат да се постигнат големи семејства. Надмоќта на роднинските врски се појавува дури и во такви прединдустриски градови каде што разводот е дозволен. Така, меѓу Муслиманите или Кинезите од градот, разводот не е знак на дезорганизација; овде, брачните врски се слаби и особено потчинети на врските на сродството, па секој член на послаба брачна заедница обично е приспојуван во неговата роднинска група. Бракот, како услов за зрел статус во прединдустрискиот град се склучува на рана возраст и тоа меѓу семејства не многу романтично и со помош на одредени луѓе.

Роднинската и семејната организација изразува некои груби шаблони на сексуални и старосни разлики, чија универзалност во прединдустриските градови е предвидена за жената. Особено онаа од повисоката класа идеално претставува неколку значајни функции надвор од домот. Таа е комплетно потчинета на мажите, особено на нејзиниот татко или сопруг. Неодамнешните откритија индицираат дека ова е вистина дури и за такви градови како: Ласа во Тибет, каде што жената имала повисок статус. Изолацијата на жените од јавниот живот била во некои случаи екстремна. Во деветнаесеттиот век во Сеул, Кореја, "почитуваните " жени се појавувале на улиците само во одредени часови, ноќе кога мажите биле дома. Оние жени во прединдустриските градови што успевале да ги избегнат построгите барања, се членови на одредени маргинални групи (на пример, забавувачи) или на пониските класи. Улогата на жените од пониската класа, обично потсетува на улогата на жената на село, повеќе отколку на улогата на жената од повисоката класа. Индустријализацијата, создавајќи потреба од вработување на жените надвор од домовите, предизвикала значајни промени во нивниот статус како и во целиот систем на сродството во градските области.

Формализираниот систем на старосната класификација е ефектен механизам на општествената контрола во прединдустриските градови. Меѓу родените сестри и браќа, најстариот син е привилегиран. И децата и помладите членови им се потчинети на родителите и другите постари. Ова, комбинирано со раниот брак го инхибира развитокот на културата на младите. Од друга страна, постарите членови имаат значителна моќ и престиж, факт кој придонесол да се забавува промената.

2.5.6 Градот место за религиозните функционери

Како што е спомнато, сродството е функционално интегрирано со општествената класа. Исто така, тоа ја зајакнува и е зајакнато од економската организација: занимањата преку гилдите ги селектираат нивните членови, пред сé врз основа на сродство и поголемиот дел од работата се пренесува во домовите или во соседството. Таквите услови не се функционални според барањата на високо индустријализираното општество.

Системот на сродство во прединдустрискиот град секако е јасно изразен во посебниот вид религиозен систем чија формална организација достигнува целосен развој меѓу членовите на образованата елита. Градот е место на главните религиозни функционери чии дела ги определуваат стандардите за останатото општество. Поништата градска класа како и на село, нема образование ниту средства да ги одржат нормите од светите писма. Сепак, религиозниот систем има влијание врз целокупната општествена структура на градот. (Обично, во прединдустрискиот град една религија е доминантна; а само помали групи се придружуваат до сопствените верувања). За разлика од ситуација во прединдустриските градови, религиозната активност не е одвоена од друга општествена активност, туку дозволува тие семејства да преземат економски, државни и други активности. Дневниот живот е проткаен со религиозно значење. Особено важни се повремените јавни фестивали и церемонии. Дури и посебните, етнички прогонети групи можат низ нивните религиозни фестивали да ја одржуваат својата солидарност.

Магијата, исто така, е вовлечена во економските, семејните и други општествени активности. Пророштвото е обично вклучено во определување на "вистинската" акција во една околина; на пример, во традиционалните Јапонски и Кинески градови - селекцијата на брачните шаблони и ненаучните процедури се широко применувани за да се излечат болестите меѓу сите елементи на населението во прединдустрискиот град.

Формалното образование обично е ограничено на машкиот дел на елитата, со цел да се извежбаат поединци за положби во државните, образовните или религиозните хиерархии. Економијата на прединдустриските градови не бара масовно образование, ниту пак, системот на производството обезбедува слободно време толку неопходно за стекнување формално образование. Одреден период е потребен да се научи пишувањето, кое често е сосем

различно од зборувањето. Положбата на учителот е почитувана, пред сé, поради престижот во поглед на учењето и особено, значењето на светата литература, но учењето е традиционално и базирано врз Светото писмо. Се очекува од учениците да помнат а не да вреднуваат и да не започнуваат нешто ново, дури и во институциите за повисоко образование.

Бидејќи прединдустриските градови немаат средства и системи за масовна комуникација, тие се релативно изолирани едни од други. Освен тоа, масите во градот се изолирани од елитата. Првите мораат да се потпираат врз вербалната комуникација, која е формализирана во специјални групи како што се раскажувачите на приказни или слични на нив. Низ стихови и песни тие им ја пренесувале традицијата од повисоката класа на необразованите поединци.

2.5.7 Јазикот и класната припадност

За оформената држава прединдустрискиот град е местото на елитата и е тесно интегрирана со образовните и религиозните системи. Таа претставува две принципиелни функции: признание на градските маси за поддржување на активностите на елитата и одржување на редот и законот со "полициска сила" (што порано била во состав на војската) и судскиот систем. Полициската сила постоела главно за контрола на "аутсајдерите", а судовите го поддржувале обичајот и правилото на светите книги, но словото на донесените закони често било запоставено.

Во практика малку доверба постоела спрема формалната машинерија за регулирање на општествениот живот. Позначајни се неформалните контроли извршени во роднинските врски, гилдите и религиозните системи, и овде, се разбира, личното гледиште е решавачко. Разликите во статусот се очигледно поврзани со личните атрибути, говорот, облекувањето и личните манири, кои ја претставуваат етничката група, професијата, староста, родот и општествената класа. Во деветнаесеттиот век, во Сеул, не само што се разликувала повисоката класа од пониската, по своето облекување, туку и говорот бил различен во зависност од општествената класа. Формите на глаголот и именките зависеле од тоа дали оној што зборува ѝ припаѓа на повисока или пониска класа, или пак е на исто ниво со оној кому му се обраќа. Очигледно, да се избегне една таква положба е тешко, особено во училишните мешаници. Поединецот е секогаш свесен за своите специфични права и должности. Сиве овие работи го зачувуваат

општествениот поредок во прединдустрискиот град и покрај неговата хетерогеност.

Низ сето ова постои претпоставка дека одредени структурални елементи се универзални за сите урбани центри. Оваа хипотеза значи дека нивната форма во прединдустриските градови е фундаментално одвоена од формата на градско - индустриската заедница. Значителен број податоци не само од Средновековна Европа, туку и од различни култури го поткрепува ова гледиште. Акцентот е даден на постојаните одлики на животот на прединдустрискиот град. Но, дури и тие прединдустриски градови, кои подлегнале на значителна промена, се доближиле до идеален тип на град. Поради една причина, општествената промена е таква по природа, да не е обично забележана од целокупната популација.

Многу градови од прединдустриски тип се лоцирани во Европа и Азија. Дури и Атина, Рим и големите комерцијални центри на Европа, примарни во индустриската револуција, покажале некои единствени особини кои се вклопувале доста добро во прединдустрискиот тип. И многу традиционални Латино-Американски градови се слични на овој вид град, иако постојат некои девијации, затоа што невклучувајќи ги предколумбовските градови, тие биле подложни до одреден степен на индустриска револуција веднаш по нивното формирање.

2.5.8 Прединдустрискиот и индустрискиот град - основни разлики

Претпоставка е дека индустријализацијата е основна варијабла за разликата меѓу прединдустриските и индустриските градови. Видот на општествената структура кој барал да се развие и одржи формата на производството, која искористува неживи извори на сила, е сосема различен од видот на општествената структура во прединдустрискиот град. Подоцна, широката индустријализација ќе бара рационализирана, централизирана, и пред сé економична организација на заедницата; во која изборот е базиран повеќе врз универзална природа; тоа е класен систем кој ги почитува резултатите; мал, флексибилен систем на сродство, систем на масовно образование кое ги потенцира универзалните критериуми и масовната комуникација. Модификацијата на кој било од овие елементи ги погодува и другите, и индуцира промени во други системи како што се оние на религиозната и општествената контрола. Индустријализацијата, освен тоа, не само што бара одреден тип на општествена струк-

тура во една градска заедница, туку обезбедува средства неопходни за нејзино формирање.

Антрополозите и социолозите во иднина ќе му посветат поголемо внимание на проучувањето на градовите во целиот свет. Поради тоа, тие ќе мораат да осознаат дека одреден тип општествена структура во градовите во Соединетите Американски Држави, не е типичен за сите општества. Неодамнешната студија на Мајнер (Miner) за Тамбукту, која содржи многу извонредни податоци, ја покажува потребата од препознавање на прединдустрискиот град. Неговите потенцирања на народно - урбаниот континуум го оттргнале од, исто така, значаен проблем: по што се разликува Тамбукту од модерните индустриски градови, од аспект на неговата еколошка, економска и општествена структура? Општеството изгледа многу посвето и поорганизирано, отколку што Мајнер сака да признае. На пример, тој го зема разводот како знак на дезурбанизација, но во муслиманското општество, разводот е регулиран со Светите книги. Студиите на Хсу и Фрајд (Hsu and Freid) сигурно ќе биле позначајни ако авторите ги забележале генерализациите на нивните пронајдоци. И, кога еднаш ќе се разбере општата структура на прединдустрискиот град, специфичните културни девијации добиваат поголема смисла.

Билс (Beals) ја забележува важноста на градот како центар на модернизација. Но, да се разбере овој процес не е можно без предходно познавање на општествената структура на прединдустрискиот град. Иако индустријализацијата јасно напредува насекаде низ светот, општествената структура на прединдустриските цивилизации е конзервативна, често давајќи им отпор на воведувањето на многубројни индистриски форми. Секако многу градови во Европа (на пример во Франција или Шпанија), не се целосно индустријализирани, и извесен број на прединдустриски шаблони, остануваат...

2.6 ПОЧЕТОЦИ НА "ГРАДОТ НА ЈАГЛЕНОТ"*

Приближна рамнотежа на различните дејности во градот постоела сé до деветнаесеттиот век. Иако работата и трговијата биле секогаш важни, исто така и религијата, уметноста и забавата апсорбирале дел од енергијата на граѓанинот. По шеснаесеттиот век, постојано се зголемувала концентрацијата на стопанската дејност така што времето и напорот потрошени за други работи, надвор од куќата, почнале да се сметаат за изгубени. Ако капитализмот го проширил подрачјето на плоштадот и ги претворил сите делови на градот во стока подложна на купување и продавање, преминот од организирана урбана мануфактура во масовно фабричко производство, ги претворил индустриските градови во темни кошници кои зуеле, клопотеле, чкрипеле и чаделе од дванаесет до четиринаесет часови на ден, а понекогаш и дење и ноќе. Работниот ден на индустрискиот работник станал скоро ист како работниот ден на затвореникот кој ропски работел за казна во рудникот. Ниеден од тие градови не ја послушал старата изрека која вели: "работата без игра отапува". "Градот на јагленот" се специјализирал за заглупување.

Како докази за големата продуктивност на машината, никнувале купишта од шљака и отпад, а човечките суштества кои со својата работа овозможиле тоа да се постигне, страдале и гинеле со иста брзина како на воено поле. Новиот индустриски град донел многу поуки, но главна поука за урбанистот била што треба да се избегнува. Борејќи се против недостатоците на индустријализмот, уметниците и реформаторите на деветнаесеттиот век конечно стекнале подобар увид во човечките потреби и можностите што може да ги создаде градот. На крајот, самата болест предизвикала појава на противтела потребни за нејзино спречување.

Факторите што дејствувале врз создавањето на новиот град, биле рудникот, фабриката и железницата. Но, нивниот успех со сите традиционални сфаќања за градот бил последица на слабеењето на солидарноста на високите слоеви. Кралот станал обичен статист, капиталистичката шпекулација се преориентирала од трговија кон индустриска експлоатација за да оствари што поголеми успеси и профити. Постарите начела на аристократското образование и селската култура во сите подрачја,

* Mumford Lewis, Grad u Historiji, Naprijed, Zagreb, 1967, p. 502-507

отстапила место на тесноградата одданост на индустриската моќ и на финансискиот успех, што понекогаш се прекривале со плаштот на демократијата.

Барокниот сон за моќ и раскош имал барем човечки апетити, човечки цели и секогаш пред себе имал опипливи задоволства на лов, јадење и кревет. Новата концепција на човечката судбина, каква што ја замислувале утилитаристите, немала место за сетилните уживања, туку таа се темелела на доктрините на производниот напор, на прекумерната штедливост во потрошувачката и физиолошкото воздржување, а се јавила во форма на исклучителна осуда на животните радости, како во време на војна или опсада.

Новите господари на општеството, сурово го заборавиле минатото и сé што се насобрало во текот на историјата, па се обраќале на новата иднина, која според нивната теорија за напредок, ќе стане исто така достојна за презир тогаш кога ќе стане минато; и исто така немилосрдно ќе се фрли на буниште.

Меѓу 1820 и 1900 год. разрушувањето и нередот во големите градови може да се споредат со военото поле: уништувањето е сразмерно со силата на опремата и употребените сили. Во новите подрачја при изградба на градот треба да се внимава на банкарите, индустријалците и пронаоѓачите на механичките направи. Тие биле одговорни за она што било добро и скоро за сé што било лошо. Во својата свест тие создале нов вид на град како што го нарекол Дикенс "град на јагленот" (Coketown). Секој град на западниот свет во поголема или помала мерка бил обележан со прототипски обележја на "градот на јагленот". Индустријализацијата, главна создавачка сила на деветнаесеттиот век создала најизопачени градски комплекси какви што светот никогаш не видел. Дури и квартовите на владеачките слоеви биле нечисти и пренатрупани.

Политичката основа на овој нов вид град се потпира врз три основи: укинување на цеховите и создавање состојба на постојана несигурност на работничката класа; формирање на конкурентски отворен пазар на работна сила и стока; држење на зависните имоти во странство како извор за суровини за потребите на новите индустрии и како пазар за апсорбирање на вишокот на механизирана индустрија. Економската основа била експлоатација на јагленокопите, неизмерно зголемено производство на железо и користење на постојан доверлив, иако многу неефикасен, извор на механичка, енергија: парната машина.

Овој технички напредок во општествен поглед зависел од пронаоѓањето нови форми на општествена организација и упра-

вување. Акционерското друштво, претпријатие со ограничена одговорност, пренесување на управните овластувања во претпријатијата со поголем број сопственици и контрола над работа со помош на буџетот и финансиските ревизии, се примери на кооперативната техника во кои успехот не зависи од способноста на кој било поединец или група поединци. Тоа важи и за техничката организација на фабриката со што продуктивноста е зголемена во поголема мерка. Основа на овој систем, иако со идеолошки сфаќања за тој период, бил човекот како поединец; единствена должност на државата била да ја чува неговата сопственост, да ги штити неговите права и да ја осигура неговата слобода на избори и слободно работење.

Овој мит на слободен поединец претставува демократизација на барокната концепција на апсолутистичкиот владетел: претприемливиот граѓанин би сакал да биде емоционален деспот како претприемачите. Адам Смит во своето дело "Богатството на народот" развил сеопфатна теорија на политичкото општтество: тој правилно ја сфатил економската основа на градот и добро ги воочил економските функции чија цел не е создавање на профит. Во праксата тој негов интерес ѝ отстапил место на агресивната желба за зголемување на богатството на поединецот: тоа било алфа и омега на новите малтузијански борби за опстанок.

Најзначајниот факт на целиот овој период на преобразба на градовите била масовната преселба на народите низ целиот глобус. Ова движење и населување било проследено со уште една вонредно важна вистина - застрашувачки пораст на стапката на прираст на населението. Ова зголемување ги зафатило индустриски заостанатите земји, како што била Русија, со претежно селско население со висок процент на наталитет и морталитет, на ист начин како и во развиените земји кои што биле веќе механизирани и урбанизирани во поголема мерка. Ова општо зголемување на бројот на луѓето било проследено со прелевање на вишокот население во градовите и вонредно зголемување на површината на големите градски центри. Урбанизацијата напредувала скоро правопропорционално со индустријализацијата: во Англија и Нова Англија на крај дошло до тоа што повеќе од осумнаесет проценти од целокупното население живеело во градови поголеми од 25.000 жители.

Во новооткриените земји на нашава планета во кои што на почетокот имало само воени логори, трговски поставки, верски мисии и мали земјоделски населби, а сега надошла река доселеници од земјите во кои владеело политичко угнетување и економска беда. Имало два вида ваква миграција на населението

и колонизација на територијата: пионерско освојување на земјите и пионерско воведување на индустријата. Прво се населувале ненаселените подрачја на Америка, Африка, Австралија и Сибир, а малку подоцна Манџурија, а второто довело до вишок на население во индустриските села и градови. Во повеќето случаи овие два вида надоаѓале сукцесивно, во бранови.

Екстензивната миграција помогнала во европскиот систем на земјоделство да се воведат култури од дотогаш малку познатите делови на светот: тоа е посебно важно за пченката и компирите, потоа тутунот, таа горчлива билка која станала средство за релаксација и важен фактор во општествениот живот. Понатаму, колонизацијата на тропските и субтропските земји, прв пат овозможила масовно снабдување со уште една билка - шеќерната трска.

Ова зголемување на изворот на храна овозможило зголемување на населението. Надворешната колонизација на новите селски територии помогнала да се создаде вишок на мажи, жени и деца кои ќе ја олеснат внатрешната колонизација на новите индустриски градови и трговски центри. Селата прераснале во градови, градовите станале велеградови. Бројот на урбаните центри се зголемил, а бројот на градовите со преку пет стотини илјади жители се зголемил, исто така. Димензиите на куќите и површините што ги зафаќале нагло се промениле. Големите градби никнувале скоро преку ноќ. Се градело набрзина и пред да успеат луѓето да се пожалат на своите грешки, зградите веќе морало да се срушат за, исто така, набрзина да се подигнат нови. Новодојдените, новороденчињата или доселениците не можеле да чекаат за изградба на нови квартови, туку се собирале во старите. Тоа било период на чиста импровизација, една потреба се надоврзувала на друга.

Треба да се знае дека брзиот пораст на градовите не се појавува само во новиот свет. По 1820 год., во времето на полниот залет на палеотехничката револуција, германските градови побрзо се зголемиле од градовите како во САД и покрај фактот дека во Соединетите Држави течела струја на доселеници. И покрај тоа што деветнаесеттиот век бил прв по средниот век што се впуштил во пообемна колонизација на земјите и населување. Претпоставките според кои што се спроведувал тој потфат биле многу попримитивни отколку во единаесеттиот век. Колонизацијата на цели заедници веќе не била правило, освен во случај на мали верски групи, од кои најголем успех имале Мормоните. Секој човек настапувал сам, а ѓаволот ако не ги испофаќал еден по еден, си ја задржувал за себе привилегијата да создава градови.

Овде, во новите индустриски центри имало можност да се гради на цврсти темели и да се почне од почеток; таква можност имала демократијата во осумнаесеттиот век во политичката управа. Оваа можност скоро секаде е испуштена. Во ерата на техничкиот напредок, градот како општествена и политичка единица бил надвор од доменот на пронајдоците. Освен комуналиите како што се гасоводи, водоводи и санитарни уреди, воведени со задоцнување при тоа, често лошо изведени и секогаш неправилно распоредени, градот не доживеал никакво подобрување во споредба со градот од седумнаесеттиот век. Најбогатите и "најнапредни" метрополи често се откажувале од животните потреби како светлина и воздух што ги имало најзаостанатото село. Се до 1833 г. ни Манчестер, ни Бирминген не функционирале како територијални и административни целини, туку биле куп луѓе и складови желни за подобар живот.

2.6.1 Механизација и процес на разградување

Пред да разгледаме како оваа толпа луѓе се сместила во градот, ќе ги испитаме претпоставките и ставовите што луѓето ги внесоа во оваа нова задача за изградбата на градот.

Основната животна филозофија произлегла од две потполно различни искуства. Едното се темели на строгата примена на математичките закони врз основа на проучување на движењето на небеските тела, што претставува врв на механичките правилности. Второто се темели на процесот на разградување, распаѓање, разјадување и слично, што алхемичарите во соработка со технички подобро опремените рудари, во доцниот среден век ги воздигнале од обичен механички процес до вистинска наука. Во овој нов ред, како што го формулирале тогашните природници немало место за организми или општествени групи, а уште помалку за човековата личност. Ниту институционалните формулари, ниту естетските форми, ниту историјата, ниту митот не произлегле од надворешната анализа на "физичкиот свет". Единствено машината можела да биде опредметување на овој ред: единствено индустрискиот велеград можел да се пофали дека претставува општествена и административна целина.

Остатоците од палеотехничкото гледање сé уште се длабоко во нас и сé уште не сме доволно свесни колку се тие ненормални. Малку кој од луѓето правилно ја сфатил разорувачката моќ на рудникот во сите подрачја на нашата дејност, убивајќи сé што е безживотно и неорганско. Пред девет-

наесеттиот век рудникот играл квантитативно второстепена улога во човековиот индустриски живот. Во средината на тој век веќе навлегол во сите негови пори. Ширењето на рударството довело до деформации на целото општество уништувајќи ја околината и реметејќи го исто толку насилно општественото миље. Земјоделието воспоставува равнотежа меѓу дивата природа и човековите општествени потреби. Тоа намерно надокнадува сé она што човекот го вади од земјата, изорано поле, уреден овоштарник, култивирано лозје, зеленчук, жито, цвеќе - сé се ова примери на дисциплинирани намени, уредно растење и убава форма. Рударството, од друга страна, е деструктивно: непосредниот производ од рудникот е дезорганизиран и анорганski; тоа што еднаш ќе се извади од каменоломот и јагленокопот, не може повторно да се надокнади. Да го додадеме и тоа дека трајната населеност во земјоделието придонесува за сé поголемо подобрување на околината и нејзино сé подобро адаптирање на човечките потреби, додека рудниците по правило брзо преоѓаат од богатство во исцрпеност, а потоа и во напуштеност и сето тоа во рок од само неколку генерации. Рударството многу бргу дава слика на човечката непостојаност, денеска си овде, а утре празнина и напуштеност.

По триесеттите години на деветнаесеттиот век, подрачјето на рудникот кое некогаш било ограничено само на првобитните наоѓалишта, благодарение на железницата се проширило насекаде и рудникот стигнувал со своите отпадоци. Додека каналите на раниот технички период со своите брани, мостови и царини, со своите уредни брегови и бесшумни чамци, внесле нов елемент во убавината на селската околина, железниците на палеотехничкиот период предизвикале траги...

2.7 УРБАНИЗАЦИЈА, РАЗВОЈ И ЗАВИСНОСТ*

2.7.1 Урбанизацијата во неразвиените и во земјите во развој

Зголеменото внимание што се посветува во социолошката литература врз анализата на процесот на урбанизацијата е во голема мерка потикнато од практичното, односно, политичкото значење на урбаната револуција во областите наречени со двосмисленият термин "неразвиени".

Поконкретно, ако жителите на Северна Америка и Европа во 1950 година биле 6,7 одсто односно 15 отсто од вкупниот број на светското население, тогаш овие пропорции во 2000-та година ќе бидат 5 отсто односно 9,1 одсто. Наспроти тоа Азија (без поранешниот Советски Сојуз) во 1950 година имала 23 одсто од човечката раса а во 2000-та година ќе има 61,8 одсто. Ако овој развој се доведе во врска со економско - политичката структура во светски размери и, поконкретно со опаѓањето на животниот стандард во реоните со најголем демографски пораст[1], како и со прогресивната политичка мобилност на народните маси, можеме да го разбереме ненадејното интересирање на западните социолози за проблемот на контролата на раѓањето и за процесот на урбанизацијата.

Ако демографскиот раст е голем тогаш е поголем порастот на градското население, а просторните форми што тој ги прима поприлично се изразени и носат политичко обележје. Да се открие нивната смисла во однос на местото кое го завземаат и на улогата која ја играат во општествената структура, се чини дека е заедничка цел на анализите кои го надминуваат описот[2].

---

* Manuel Castells, "La Question Urbain", François Maspero, Paris, 1981, p. 57-88.

[1] Cf. Kuan-I-Chen, "World Population Growth and Living Standard", University Press, New Haven, 1960.

[2] La meilleure source rècente de matèriaux sociologiques sur ce thème est l'ouvrage dirigè par G. Breese, *The City in Newly Developing Countries*, Prentice Hall, Englewood Cliffs, New Jersey, 1969, p. 555. Voir aussi S. Greer, Dennis, L. McElbrath, D. W. Minar et P. Orleans (editors), *The New Urbanisation*, New York, St-Martins's Press, 1968; P. Meadows et E.H. Mizucki (editors), *Urbanism, Urbanisation and Change*, Reading (Mass), Addison-Wesley, 1969, et l'intèresant travail collectif d'A.Gunder Frank, CEPAL;

На прв поглед урбанизацијата и економскиот развој изгледаат поврзани. Во технички грижливото истражување Брајан Бери (Brian J.L. Berry)[3] применил факторска анализа, групирајќи четириесет и три показатели на економски развој на примерок од дваесет и пет земји, избрани во две димензии - технички и економски развој од една страна, и демографските карактеристики од друга. Овие две димензии имаат негативна корелација: колку што е економското и техничкото ниво повисоко за толку е помал демографскиот раст. Тргнувајќи од оваа анализа Бери ја конструира скалата на развој, на која различните земји се сместени во рамките на еднакви димензии и ја проучува врската меѓу оваа скала и показателите на урбанизацијата (процент на жители во градовите со над 200.000 жители). Резултатот е позитивна корелација меѓу нивото на економскиот развој и степенот на урбанизацијата.

2.7.2 Урбаниот пораст во неразвиените области

Напоредно со тоа уште класичната анализа на Џибс (Gibbs) и Мартин (Martin)[4] формулира повеќе емпириски проверени ставови за 45 земји кои покажуваат зависност на ниво на урбанизацијата од индустриската диверзификација (показатели за поделбата на трудот), од техничкиот развој и од многубројноста на надворешните размени на општеството. Колку се повисоки овие варијабли, толку е поголем процентот на жителите во зоните на метрополата.

Сепак, ако овие истражувања ја потврдуваат историски дадената меѓузависност на техничко-економско ниво и нивото на урбанизација, тие не даваат објаснување на процесот, туку особено се спротивставуваат на исто толку важното тврдење за забрзување на урбаниот пораст во "неразвиените" области, во ри-

---

L.Perriera, G. Germani et J. Graciarena, *Urbanizaçe subdesenvolvemento,* Zahar Editores, Rio de Janueiro, 1969.

[3] Brian J.L. Berry (University of Chicago), "Some relations of Urbanization and Batic Patterns of Economie Development", paper presented at the Seminar of Urban Problems, University of Oregon, 1962.

[4] J.P. Gibbs and W.T.Martin, "Urbanization Tehnology and the Division of Labor: International Patterns, *American Sociological Review*, 27, October 1962, 667-677. Cf. Aussi, J.A. Kahl, "Some Social Concomitants of Industrijalization and Urbanization: *A Research Review*", *Human Organization,* XVIII, n° 2 summer 1959, pp. 53-74.

там побрз од урбаниот налет на индустријализираните земји што не се проследени со соодветен економски пораст. Треба да се направи обид за да се изјасни оваа појава со теоретски средства за да се постави проблемот во рамките на нетаутолошки термини.

Зошто ваквото често и погрешно толкување произлегло од емпириските ставови на кои се повикуваме, урбанизацијата ја третира како механичка последица од економскиот пораст, посебно индустријализацијата, па тогаш постојниот ритам на урбанизацијата во неразвиените замји се објаснува со почетната етапа на процесот во која се наоѓаат овие земји. Тоа значи дека развојот би бил целосно трасиран ако овие општества го исполнуваат претприемачкиот дух[5].

Расположивите статистички податоци дозволуваат да се отфрли ова тврдење.

Табела 1.

Активно становништво и степен на урбанизација

Земја	Година	% Акт. станов. во земјоделие	% Акт. станов. во индустрија	% Акт. станов. во услужни дејности	% урбани (+20 000 ст.)
Австрија	1890	43	30	27	12,0
Ирска	1851	47	34	19	8,7
Франција	1856	53	29	19	10,7
Норвешка	1890	55	22	23	13,8
Шведска	1890	62	22	16	10,8
Швајцарија	1888	33	45	22	13,2
Португалија	1890	65	19	16	8,0
Унгарија	1900	59	17	24	10,6
Просечно по земја		**52,1**	**27,3**	**20,6**	**11,0**
Индија	1951	70,6	10,7	18,7	11,9

[5] Suivant la perspective parfainment synthètisèe par W.W. Rostov, *The stages of Economic Growth. A Non Communist Manifesto*, Cambridge, The University Press, 1960.

Урбанизацијата што е во тек во "неразвиените" области не е повторување на процесот низ кој што поминале индустријализираните земји.

Со еднаков број на градско население, што денес го постигнале "неразвиените" земји степенот на индустријализацијата на "развиените" земји би бил многу поголем[6]. Порастот на индустриските градови во 20 век не се разликува многу од порастот на европските градови во втората половина на 19 век но, ако за Индија и за некои западни земји се утврди приближниот степен на урбанизацијата во нив крајно се разликува составот на активните жители.

Појавата што е илустрирана со овие бројки е позната во стручната литература како хиперурбанизација. Таа подразбира степен на урбанизација поголем од оној кој што "нормално" можел да се очекува со оглед на нивото на индустријализација. Хиперурбанизацијата се покажува како пречка за развој во толкава мерка во која што во форма на непродуктивни инвестиции, ги задоволува паричните средства неопходни за создавање и организирање на служби потребни за голема концентрација на населението посебно кога тоа не се одвива во производните центри[7]. Концентрацијата на населението со низок животен стандард и висока стапка на невработеност ѝ претходи зошто создава поволни услови за екстремистичка политичка пропаганда[8].

Од овие анализи произлегува поделбата на "производни" и "паразитски" градови, според тоа дали се потикнува или се кочи економскиот пораст[9].

Ако оваа многу сложена ситуација треба да се разгледува како појдовна точка на нашето размислување, постанува несфатливо кога се анализира со помош на категоријата хиперурбанизација што применува шема на потполно етноцентричен начин на економски пораст од високоразвиените земји врз другите општествени форми сместени во потполно нова конјуктура. Н. В.

---

[6] Cf. Kingsley Davis and Hilda H. Golden, "Urbanization and the Development of Preindustrial areas", *Economic Development and Cultural Change,* III, oct. 1954, pp 6-26.

[7] Cf. Ph. M. Hauser (editor), L'Urbanisation en Amèrique latine, UNESCO, Paris, 1961, pp 149-151.

[8] Cf. B.F. Hoselitz, "Urbanization and Exonomic Growth in Asia", *Economic Developmemt and Cultural Change,* t. VI, n° 1, oct. 1957, pp 42-54.

[9] B.F. Hoselitz, "The Role of the Cities in the Economic Growth of Uderdeveloped Countries", *Journal of Political Economy,* 61, 1953, pp 195-203.

Совани (N.V Sovani.)[10], сјајно реагирал на едно вакво гледање, покажувајќи ја врз основа на истите фактори со кои се послужиле Дејвис (Davis) и Гулден (Couldn) вистинската комплексност на проблемот.

Како прво, корелацијата меѓу урбанизацијата и индустријализацијата не е линеарна. Наместо да ја пресметуваме глобално за сите земји, како што прават Дејвис и Гулден, да ги поделиме овие земји во две групи според степенот на нивниот развој; корелацијата меѓу урбанизацијата и индустријализацијата останува и натаму голема за "неразвиените" (P = 85) но, сé до 1950 година кога нагло се намалува за "развиените" (P = 39). Ако пресметката за "развиените" земји била направена во 1891 година наместо во 1950 тогаш односот би бил голем (P = 84). Во слабо индустријализираното општество, дејството на првата индустријализација е многу поголемо.

Од друга страна пак, поимот на хиперурбанизацијата Дејвис го разработил врз основа на споредбата со Азија и четири Западно - европски земји во фаза на нивниот стопански пораст - САД, Франција, Германија и Канада. Но, ако се направи споредба со Швајцарија или Шведска на релација урбанизација - индустријализација не би се појавила голема разлика меѓу овие две земји во текот на нивниот пораст и азиските земји.

2.7.3 Два града во еден: автохтон и западен

На крај, хиперурбанизацијата е дотолку повеќе извор на непродуктивна потрошувачка, доколку успееме да докажеме дека, капиталот вложен во јавните служби би можел да биде употребен на понепосредно производен начин. Познато е дека основна карактеристика на неразвиеноста, покрај недостигот на пари е неможноста за постоење општествени организации способни да ги концентрираат и насочат постојните средства за развој на целото општество.

Ако вработувањето во индустријата во неразвиените градови е ниска, тогаш во која дејност би бил вработен поголем дел од градското население? Од активното градско население на Индија во 1950 година 25 одсто било вработено во индустријата, 14 одсто во земјоделството, 6 одсто во сообраќајот, 20 одсто во трговијата и 35 одсто во разни служби, додека во Германија 1882

[10] N.V. Sovani, " The Analysis of Over-Urbanization", *Economic Development and Cultural Change*, 12, n° 2, jany. 1964, pp. 113-122.

година, на сличен степен на урбанизација, 52,8 одсто од градското население било вработено во индустријата. Ова доселено, променливо и невработено население, т.н. "резервна армија" на една непостоечка индустрија, претставува основа за развој на градовите. Тоа е прв важен податок кој треба да се објасни.

Останатите, значајни фактори ја истакнуваат специфичноста на процесот на урбанизацијата која нема свој можен историски еквивалент. Прво, концентрација во големите агломерации без вклучување во урбаната мрежа, јасно нé наведува да ги разликуваме супераглomерациите на "неразвиените" земји од метрополските области на индустриските земји, кои што се средства за просторно-економско поврзување[11]. Второ, отсуство на континуитет на урбаната хиерархија. Трето, социјални и културни разлики меѓу градските агломерации и селските заедници. Четврто, истовремено постоење, еколошки гледано, на два града, во агломерациите наследени од колонијализмот - автохтон и западен[12].

2.7.4 Зависна урбанизација

На овој начин, ситуацијата станува разбирлива само ако се проследи со анализа на процесот на нејзиното создавање. Проучувањето на урбанизацијата во "неразвиените" области мора да се смести во една поопшта анализа за "неразвиеноста". Јасно е дека терминот "неразвиеност" упатува на прашањето за степенот на пораст и е дотолку повеќе двосмислен што означува само дел од сложената структура во согласност со процесот на развој[13]. Не станува збор за различни фази на еден единствен развој, туку за форми на експанзија на конкретната историска структура како што е напредокот на капиталистичкиот систем каде што

---

[11] Certains auteurs recourent au Subterfuge hautement symptomatique d'appeler ces agglomerations "metropoles prèmaturèes"; cf. parmi d'autres, Nirmal Kumar Bose." Calcuta: A Premature Metropolis". *Scientific American*, sept. 1965, 91-102.

[12] Cf. P. George, *La Ville*, Paris, P.U.F., 1950.

[13] Cf. Pour les perspectives thèoriques fondant une rèelle comprèhension du developpement, F.H. Cardoso, *Cuestiones de Sociologia del Desarrollo en America Latina*, Editorial Universario, Santiago de Chile, 1968, 180 p. (Traduit par Anthroops en 1969). Sur le plain de l'analyse èconomique, un texte fondamental est celui de P.A. Baran, *Economic Politique de la croissance*, Paris, Maspero.

различните општествени творби вршат разни функции и истакнуваат карактеристични особини што одговараат на формата на поврзување на овие функции[14]. Да констатираме заедно со чарлс Бетелхајм (Ch. Bettelheim) дека неразвиените земји би требало поконкретно да ги анализираме пред да почнеме да зборуваме за нив како за "експлоатирани земји" под доминација и со дефинирана економија[15].

Овие последици настанале со диференцирано воведување на овие земји во структурата што ја преминува институционалната граница, а е организирана околу главната оска на доминација и зависност во однос на развојот[16]. Впрочем, ако две општества се меѓузависни, нивните односи се асиметрични. Не станува збор за тоа да се карикира "империјализмот", одговорен за сите негативности туку да му се одреди јасно вистинскиот домет. Од аналитичко гледиште, суштината не е во политичката потчинетост на "неразвиените" земји, во однос на империјалистичките метрополи (што е последица на структуралната зависност) туку е во истакнување на оваа зависност во внатрешната организација на општеството за кое станува збор, и поблиску, во поврзаноста на производниот систем со класните односи[17].

2.7.5 Миграциите и урбаниот раст

Урбаниот пораст на агломерацијата произлегол од два фактори, а) зголемување на стапката на природен прираст на градското, а исто колку и на селското население, и б) руралноурбани миграции.

Првиот фактор е последица од намалувањето на смртноста како резултат од развојот пред сé на медицината. Наталитетот е зголемен и поради старосната структура на насе-

---

[14] L'ensemble du problème est traité de manière claire, précise, documentée, par P. Jalée dans son ouvrage *L'impérialisme en 1970*, F. Maspero, Paris, 1969, 231 p.

[15] Cf. Ch. Bettelheim, *Planification et Croissance accélérée*, Maspero, Paris, 1967, ch. 3.

[16] Cf. F.H. Cardoso et E. Faletto, *Desarrollo y Dependancia en America Latina*, Siglo XXI, Mexico, 1970.

[17] Cette analyse s'appuie théoriquement sur les apports faits par N. Poulantzas dans son ouvrage, d'une extrême importance, *Pouvoir politique et classes sociales*, Maspero, Paris, 1968, 398 p.

лението; таму каде што доминираат млади нормална е демографска експлозија.

Миграцијата е битна појава што го одредува урбаниот пораст. Притисокот врз градовите повеќе е резултат на руралната одбивност (отфрлање), отколку на урбаната привлечност; односно, многу повеќе е последица од распаѓањето на селската средина, отколку на динамиката на развојот на градската средина. Проблемот е содржан во нашето сознавање зошто како последица од навлегувањето на една општествена формација во друга, настанува миграционо движење. Зошто можностите за вработување се мали во споредба со големината на миграцијата, а нивните перспективи се многу стеснети?

Ако доходот по глава на жител во градовите, и покрај тоа што е низок но сепак општо земено повисок отколку во селата, капацитетот на вистинската потрошувачка значително се намалува во градовите, затоа што директната потрошувачка на земјоделските производи станува помала, и притоа низа нови служби го оптоваруваат буџетот (посебно сообраќајот), а да не зборуваме за прекумерната потрошувачка, која ја воведе пазарната економија во процесот на својата афирмација.

Пред сé, повеќе станува збор за распаѓањето на општествената структура на селото отколку за некаков економски биланс на индивидуален план. Многу често се истакнува улогата на новите западни култури и вредности и привлечност на новите видови градска потрошувачка што ги шириа медиумите[18].

Ако овие промени во однесувањето ја изразуваат реорганизацијата на личноста во новата општествена ситуација, тогаш тие не можат да бидат разгледувани како двигатели на процесот. Тоа би било можно единствено ако би се прифатил либерален идеолошки постулат за поединецот како суштински и историски фактор. Каква е оваа нова општествена ситуација? Станува збор за општа криза на економскиот систем врз претходните општествени формации. Тргнувајќи од некои фази во процесот на меѓусебното општествено проникнување, не е можно паралелно да функционираат два комерцијални системи; Во исто време да се развива натурално производство на стока и да се развива пазарна економија. Освен во случај кога во географски и културно одвоени области производниот систем во целина се реорганизира во зависност од интересот на владеачкото општество. Во овие области, логично е внатрешниот економски систем да е "неартикулиран" и "диференциран". Но оваа "инкохерентност" е

[18] Tendance représentée, entre autres, par E. C. Hagen.

резултат на совршено кохерентната економска мрежа ако ја разгледуваме општествената структура во нејзината целост (владеачкото општество и зависното општество).

Ако демографскиот притисок на обработливата земја предизвикува емиграција и го влошува животниот стандард на селото, тогаш тоа не е само поради постојното и некомплетно присуство врз основа на новата санитарна техника, туку и поради системот на сопственоста и користењето на земјата, базиран на екстензивната и малку продуктивна експлоатација, која широко ги задоволува интересите на сопственоста на земјата[19]. Овој систем е дел од класните односи на зависното општество, а тие се предодредени од односите што произлегуваат од зависноста кон целината на структурата.

2.7.6 Урбаните процеси и општествените структури

Ако Семејниот систем, како основна економска институција слабее, тогаш причината за тоа е мошне застапеното привремено вработување во интензивното сезонско производство на земјоделските суровини, што се тесно поврзани со флуктуацијата на светскиот пазар. Кога веќе еднаш е нарушен, обемот на традиционалното земјоделско производство не може да се обнови, додека намалувањето на меѓународните цени повлекува со себе и невработеност[20].

Во таа смисла би можеле да наведеме уште многу примери. Суштината е во тоа да се сфати тесната врска меѓу урбаните процеси и општествените структури и да се прекине со идеолошката шема на дуалистичкото општество; рурално - урбано, земјоделско - индустриско, традиционално - модерно. Затоа, ако оваа шема одговара на општествената реалност, според формите на односи и културни манифестации, таа реалност едноставно кажано, е одраз на единствената структура во која последиците на една спротивност настануваат со посебен и определен начин поврзан со друга спротивност.

Второ, зависната урбанизација предизвикува суперконцентрација во агломерациите (primate cities) - голема оддалеченост меѓу овие агломерации и останатите делови на земјата и прекин

---

[19] Cf. S. Barraclough, *Notas sobre tenencia de la tierra en America Latina*, ICIRA, Santiago, de Chile, 1968.

[20] Cf. P.-A. Baran, op. Cit., 1954.

или непостоење на урбана мрежа на функционална поврзаност во просторот[21] .

Како што можевме да видиме оваа неповрзаност делумно е резултат на тесната врска на првите урбани центри со метрополата. Постои и друга причина од големо значење - појава на градови со средна големина; Нивното вклопување во урбаната хиерархија претпоставувало политика на поттикнување на производните единици кои не се директно рентабилни во рамките на односот капитал - производ, туку се оправдани со отворањето на работни места и на таков начин поттикнување на општествениот детерминизам. Ова пак претставува индустриско планирање, политика на вработување и административна регионализација. Кога би се воспоставила бирократија во тој случај, формално согласна со овие цели, очигледно е дека зависноста од динамиката на општиот систем оневозможува секаква реализација. Од друга страна пак, бидејќи миграцијата во градовите не одговара на потребата од работници, туку се обидува да најде излез во една разновидна средина, процесот може да биде само кумулативен и нерамномерен.

Трето. На крај може да се разбере интер - еколошката структура на големите агломерации, потполно различни од западните метрополски области. Тие се карактеризираат со тоа што паралелно со првобитното градско население постои маса на невработено население кое постојано се зголемува со неопределена функција во урбаното општество, затоа што ја прекинало врската со селската средина. Идеолошки е сосема во ред затегнатата ситуација да се окарактеризира како маргиналност меѓу две општествени структури кои се испреплетиле заедно. Бидејќи миграцијата во градовите е производ од распаѓањето на руралната структура, нормално е дека не е апсорбирана со урбаниот производен систем и што доселениците само делумно се интегрираат во општествениот систем. Тоа не значи дека овие групи се "надвор" на "маргините" на општеството, како да е "општеството" еквивалент на еден инстуционален историски даден систем. Начинот на поврзување е специфичен, но таа специфичност е карактеристична особина, а не патолошка, освен ако не се однесуваме како лекари кон утврденото уредување.

Да ги сведеме теоретските ориентации врз основа што ќе биде погодна за пристап кон проблемот. Анализата на урбанизацијата, во зависните општествени формации, може да се

[21] A. S. Linsky, "Some Generalizations Concerning Primate Cities", *The Annals of the Association of American Geographers*, t. 55, sept. 1965, p. 506-513.

спроведе со разгледување на образецот за односот меѓу четирите основни процеси;

Прво. Политичката историја на општествените формации во кои градот (или урбаниот систем) е вклучен, особено степенот на автономија на бирократскиот слој во однос на надворешните интереси.

Второ. Видот на аграрното општество во кое процесот на урбанизацијата се развива. Поконкретно, просторните форми ќе бидат различни зависно од тоа дали аграрната структура е феудална или родовска, дали распаѓањето одминало помалку или повеќе и е зависно од помалото или поголемото сложување на интересите на владеачките братски или селски групи.

Трето. Видот на сочуваниот однос на зависност и посебно истакнување на три типа доминација - колонијална, комерцијална и индустриска.

Четврто. Самостојно дејство на индустријата својствена на тоа општество. На пример, во случај на локална индустрија, ќе постои посебно дејство на видот на индустријата врз видот на живеалиштето и посебно на социјално - културната средина, формирана со поврзување на индустријата и домувањето. Ова е случај со индустриските Латино - американски агломерации во кои доминираат мануфактурата и рудниците. Но, на ист начин, понекогаш може да се открие во процесот на урбанизацијата што е произлезен од индустрискиот развој и дејството на националната бирократија и пролетеријатот кој ќе ја проникне средината со динамика на сопствените противречни односи.

2.8 СТРУКТУРАТА И РАЗВИТОКОТ НА МЕТРОПОЛИТЕ*

Во напредните општества денес, главниот тип заедница е метрополата - гранична урбана единица, економски и географски сконцентрирана во голем град. Речиси 70 одсто од Американците сега живеат во метрополи, урбана форма што битно се разликува од гратчињата и градовите во минатото.

И покрај постојаната миграција на населението од селските во градските подрачја, последниве две или три генерации, темпото на урбанизација варираще од еден до друг регион. Североисточната област во која се сместени државите како Њујорк, Масачусетс и Пенсилванија, прва се урбанизираше поради раниот индустриски и трговски развиток. Во 1900 година 6 до 8 држави што имаат 50 или повеќе одсто градско население беа лоцирани на североисток. Источните и западните градови чиј економски раст во прв ред зависеше од трговијата, заостануваа (Noel P. Gist and Sylvia Fleis, Fava, Urban Society, New York, 1964). Но брзата урбанизација во овие подрачја го следеше интензивниот развиток на воените индустрии и воените постројки за време на Втората светска војна. Оваа урбанизација продолжи и по војната затоа што владата даваше голема финансиска поддршка, но и затоа што растечкиот број индустриски објекти ги избегнуваше високите трошоци и организираната работничка класа на североисток за да се пресели на југот и на западот. Поголемиот акцент врз активностите во слободното време ја зголеми привлечноста на градовите со потопла клима - таканаречениот жежок појас.

Најбројно насление и највисок урбан растеж денес се среќава во такви држави како Флорида, Аризона, Невада, Колорадо и Калифорнија, додека во североисточните држави и нивните големи градови населението или се намалува или покажува само мал пораст.

---

* David Popenoe, *Sociology*, 1977, by Prentice-Hall, Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, p. 473-479;

2.8.1 "Преградија - спални соби"

Парадоксално е што брзата урбанизација на Соединетите Американски Држави не го интензивираа развитокот и порастот на населението во централните градски подрачја. Напротив, градовите растат ширејќи се географски во велеградски подрачја. Составени од специјализирани територијални сегменти како што се "предградија - спални соби" и "индустриски паркови", велеградските подрачја можат и понатаму да го зголемуваат населението додека во центарот на градот, тоа, всушност, се намалува. Најбрзо расте подрачјето на приградскиот прстен; до 1970, предградијата станаа единствената најголема група во американското општество и сочинуваат повеќе од една третина од вкупното население.

Со оглед на тоа што само подобро ситуираните жители на градот можеа да се преселат во предградијата, порастот на предградијата имаше како резултат поларизација на велеградските подрачја на два различни општествени слоја. Во центарот на градовите има несразмерно поголем број сиромашни, црнци, постари лица и самци, додека предградијата се претежно населени со семејства од белата средна класа. Контрастот особено паѓа во очи во смисла на расен состав; во 1970, 58 одсто од вкупното црнечко население живееше во централните подрачја, во споредба со 28 одсто белци. Во исто време, над 94 одсто во сите предградија беа белци.

2.8.2 Сиромашните живеат во центарот

Централното јадро на велеградското подрачје се карактеризира со зголемување на густината на населението, со подоминантни трговски, отколку станбени заедници; становите се мали и често скапи. Како место со најразвиен пристап во велеградското подрачје, центарот на градот претставува најдобра локација за такви индустрии и услуги како рекламирањето, издавањето, финансиите и забавата, што сé зависи од директната интеракција лице в лице од големата работна сила и има потреба од место за собирање на клиенти и публика.

Карактеристично за жителите на централното градско подрачје е што се сиромашни, често со статус на малцинство и зависни од општинските услуги како социјалната помош, јавниот

превоз и здравствената заштита. За овие луѓе е типично тоа што се сконцентрирани во сламови, составени од стари згради што се издаваат по релативно ниски цени и измешани со деловни згради и други нестанбени објекти. Освен тоа што овозможуваат живеалишта за сиромашните и близина на работното место, сламовите можат да служат како попатни станици за новите мигранти кои остануваат сé додека не им се подобри нивната економска положба толку за да можат да се преселат на друго место (J.R. Seeley, The Slum: Its Nature, Use and Users).

Сламовите стануваат замка за малцинствата што имаат неповолна економска положба. Недостигот од работа и образование ги ограничува малцинствата во акумулирањето доволно пари да ги напуштат сламовите; дискриминацијата во предградијата ја намалува мобилноста на оние што имаат средства да заминат. Така во сламовите се јавува тенденција на постојана, хронична сиромаштија и очајничка визија на сериозно ограничените можности за напредок.

2.8.3 Урбаните животни стилови

Централното градско подрачје опфаќа најразлични животни стилови, кои се движат од оние што одбираат и се способни да ги искористат единствените можности што ги дава градот, до оние кои имаат мал или никаков избор. Урбаниот социолог Херберт Ганс определил пет групи многу различни животни стилови што можат да се сретнат во едно типично американско централно градско подрачје (Herbert Gans, Urbanization and Suburbanizm as ways of Life):

1.Космополити - Оваа група обично е високо образувана и работи во такви професии и индустрии поврзани со литературата и уметноста, како што се рекламирањето, издавањето и дизајнот. Тие во просек имаат високи примања. Нивниот избор е да живеат во градот за да бидат во близина на неговите културни установи и не се цврсто врзани со локалното соседство.

2. Самци и парови без деца - Овие луѓе живеат во градот по сопствен избор, пред сé заради неговите предности на место каде што можат да среќаваат луѓе и да живеат активен општествен живот, но не сосредоточен врз домот. Тие често се селат, обично сосема напуштајќи го градот кога ќе се омажат или оженат и кога ќе добијат деца. За самците и семејствата без деца градот е привремена станица на нивниот пат до предградијата и

за нив е типично тоа што немаат развиено чувство на приврзаност кон градот.

3. Етнички селани - Оваа група е составена од имигранти од други земји кои остануваат во голем дел неинтегрирани, задржувајќи многу од нивниот начин на живеење во селата од кои потекнуваат. Во најголем број случаи тие остануваат стриктно во рамките на своето соседство и малку се интересираат или се информираат за преостанатиот дел од градот. Како што вели Ганс, "Иако живеат во градот, тие се изолираат од побитен контакт со повеќето од градските установи, освен нивните работни места".

4. Обесправените - на оваа група ѝ припаѓаат сиромашните, економски маргиналните и мајките на големи семејства. Тие живеат во градот затоа што можат да најдат евтини станови или соби за издавање во сламовите: затоа што социјалната помош е повисока во градските одошто во селските подрачја; и затоа што тие се надеваат дека градот ќе им даде шанса да се вработат и да ја подобрат својата економска состојба.

5. Фатените во замка - Главно составени од постари луѓе кои не можат да си овозможат да се преселат и кои живеат од пензија. Членовите на оваа група често живееле во градот сиот свој живот. Како и етничките селани, тие силно се идентификуваат со своето соседство и ретко го напуштаат.

Додека централните градски подрачја во последниве неколку години имаа стабилна популација, а многу дури и се намалија, предградијата бележат брз пораст; 37,2 одсто од сите Американци сега живеат во заедници, кои Американската управа за попис ги класифицира како предградија, споредени со 31,4 одсто кои живеат во централните градови; дополнителни 31,4 одсто живеат сосема надвор од велеградските подрачја. Значително е тоа што заедниците на предградијата во Соединетите Американски Држави имаат најбрз пораст. До колку продолжи сегашниов тренд, по неколку децении повеќе од половината од сите Американци ќе живеат во предградијата.

Иако во ограничена форма, низ историјата во многу урбани подрачја постои предградието, релативно мала заедница во близина на центарот на градот и зависна од него, а својот целосен процут го бележи во XX-иот век. Тоа се наметна како нужност поради брзиот урбан растеж и беше овозможено со напредокот на превозот, особено автомобилот и масовниот превоз, како и со порастот на личните приходи.

Кога се вели дека луѓето во Соединетите Американски Држави се урбанизираат, можеби подобро би било да се рече дека

тие се субурбанизираат, зашто многу луѓе одат директно од фармите и од малите гратчиња во предградијата.

Од една гледна точка, предградијата претставуваат решение на проблемот на пренаселеноста на градовите. Со пренаселеноста јавните објекти се пренатрупуваат и се амортизираат од претерана употреба. Становите стануваат скапи и ги нема доволно. Трговските претпријатија и управните канцеларии ги прошируваат своите објекти за да ги задоволат растечките барања и почнуваат да го присвојуваат поранешниот станбен простор, предизвикувајќи на тој начин уште поголема пренатрупаност во станбените подрачја. Решението на овој синдром на проблеми речиси во сите градови се бара во проширувањето на територијалните граници на градот и во утврдувањето на станбени подрачја по неговите рабови.

Кингсли Дејвис забележал:

> "Надворешното движење на урбаната популација, на урбаните услуги и на трговските претпријатија, како и на лесната индустрија - што ги олесни подобрениот моторен превоз и комуникациите - овозможи големи агломерации да продолжат да се шират без да ги почувствуваат незгодите од пропорционалниот пораст на густината на населението. Во многу нешто тримилионската метропола е сега полесно место за живот и работа одошто градот од петстотини илјади жители порано. Под претпоставка дека економските предности на урбаната концентрација сé уште продолжуваат и сé уште го туркаат населението во правец на урбанизација, ефектот од велеградската дисперзија се сведува на намалување на лошите страни на вака продолжениот урбан растеж" (Davis, The Origin and Growth of Urbanization).

Центарот на градот и предградието се меѓусебно зависни. Центарот зависи од предградијата во смисла на значителен дел од неговата работна сила и продавачите на мало; предградијата се зависни од центарот на градот поради можностите за вработување и поради многу културни и образовни установи. Сепак, работните места и установите од централното подрачје сé повеќе се преселуваат во предградијата, заедно со луѓето. Привлечени од широкиот простор и од пониските даноци, индустриите се селат надвор. А повеќето централни стоковни куќи имаат свои гранки во предградијата, а некои сосема се преселени од центарот. Така со време предградијата стануваат сé помалку зависни од центарот. Овој модел е особено забележлив во најновите

американски градови, како Хјустон и Феникс. Овие градови имаат релативно мало централно подрачје и се составени од поврзани серии од одвоени станбени предградија низ кои се разместени канцеларии и трговски центри.

2.8.4 Предградието и општествената стратификација

Во предградијата има тенденција на висока стратификација, во смисла на општествената класа и расата (Leo F. Schnore, Urban Structure and Suburban Selectivity). Некои предградија - како Иванстон, Арлингтон и Станфорд, Калифорнија - се составени од горната средна класа, со висок процент жители со високо образование и приходи; некои се составени од високата класа како Конектикат, Дариен и Грос Поинт, Мичиген. Повеќето предградија се населени со средната и работничката класа. Според својот состав од целосно бела раса, многу предградија претставуваат заедници со највисока сегрегација во Соединетите Американски Држави.

Предградијата се чини дека го задржале својот посебен општествен карактер и состав подолго од градските соседства, во кои класниот состав брзо се менува. (R. Farley, Suburban Persistions, A.J.S, 29/64). Во оваа смисла можеби помага поголемиот степен на изолација; како и фактот што имотот главно мора да се купи, а не да се издаде, така што цената ги држи жителите во извесни граници што ги поставува нивниот приход. Градењето, зонирањето и законитостите на домувањето кои ги регулираат имотните односи, како и големините и типовите на градбите помагаат да се засили овој ефект.

2.8.5 Урбаната екологија

Изучувањето на просторната и социјалната структура на урбаните подрачја се нарекува социјална екологија. Претставувајќи долго време важно поле на истражување во рамките на социологијата, урбаната екологија предизвика студии што се покажаа корисни во формирањето теории за урбаниот живот и во планирањето на урбаните заедници. Урбаните еколози издвоија извесен број процеси според кои луѓето и активностите се дистрибуирани во урбаните подрачја.

2.8.6 Концентрација и дисперзија

Сите градови се функција на концентрацијата на населението, еколошки процес во кој лицата и општествените единици имаат тенденција да се собираат онаму каде што има поволни услови. Но во текот на поголемиот дел од својата историја Соединетите Американски Држави беа под влијание на спротивниот процес, процес на дисперзија на населението, особено во периодот кога изолираните селски фарми беа честа појава. Денес концентрацијата и дисперзијата се јавуваат паралелно - некои луѓе го заменуваат селото со градот, додека други го напуштаат градот за да се населат во предградијата со помала густина на населеност.

Концентрацијата на населението се мери со односот помеѓу земјиштето и населението. Поновите градови на Западна Америка се подисперзирани од постарите индустриски градови на Исток, односно, тие имаат поголема површина по жител.

Термините централизација и децентрализација почесто се употребуваат кога се зборува за концентрација и дисперзија на економските, управните и услужните функции, отколку кога се зборува за населението. Централизација е тенденција малопродажбата, индустријата, банките, образовните, рекреативните и другите објекти да се концентрираат во централните и најпристапните региони на едно урбано подрачје. Централното деловно подрачје е очигледен пример на централизација. Тоа е фокусот на транспортот и комуникацијата во урбаната средина и затоа е најлесно пристапно за купувачите и работниците, предност што има како резултат погуста населеност и поголема вредност на земјиштето.

Кога, сепак, централното подрачје станува прегусто и пренатрупано, а земјиштето и другите трошоци стануваат премногу високи, економските активности почнуваат да се децентрализираат и да се релоцираат во секундарни центри или субцентри сместени во околните подрачја. Процесот на децентрализација - дисперзијата на економските, управните и услужните функции - се јавува денес во секоја метропола во Соединетите Американски Држави. Индустриите го нарушуваат центарот на градот во потрага по простор; малопродажбата го следи населението во предградијата.

2.8.7 Еколошка сегрегација

Процесот во кој подрачјата на еден град се специјализираат во посебни видови на користење на земјиштето, услугите или населението се нарекува еколошка сегрегација. Најочигледен пример е утврдување на некои подрачја како населби за посебни малцинства, но има многу други видови сегрегација (David Popenoe, Urban Rezidental Differentiation). Постојат места каде што живеат парови без деца или самци, како што се становите на Златниот брег (Gold Coast) во Чикаго. Државните станови ги издвојуваат оние со ниски примања. Стариот град (Old Town) во Чикаго и Гринич вилиџ (Greenwich Village) во Њујорк се два примерка на подрачја издвоени врз основа на извесни животни стилови популарни меѓу уметниците и младиот свет. Еколозите забележале дека објектите во кои се обезбедуваат извесен вид услуги исто така предизвикуваат концентрација во специјализирани подрачја. Управните канцеларии, на пример, често се сретнуваат на раздалеченост од само неколку блока, судовите се близу до затворите, помалите продавници се сместени во близина на поголемите стоковни куќи. Еколошката сегрегација може да се забележи и кај "индустриските комплекси", како и во деловите за забава, каде што театрите и ресторaните се групирани заедно. Издвоените подрачја што се јавуваат без планирање и се резултат на силите на пазарот, понекогаш се нарекуваат природни подрачја, за разлика од административните и политичките подрачја, кои имаат повештачки граници. Еден корисен, квантитативен начин на одредување на урбаните станбени подрачја, беше тестиран последниве години. Наречен анализа на социјалното подрач*је*, тој користи податоци од пописот на населението на одредено подрачје, определувајќи ги подрачјата според три фактори: општествената положба, мерена според положбата на професијата и приходот, урбанизацијата, мерена според наталитетот, вработените жени и процентот на жителите самци, и сегрегацијата, мерена според просторната изолација на етничките или расните групи. Овие три фактори помагаат да се опише начинот на кој се диференцираат луѓето во градовите.

2.8.8 Инвазија и сукцесија

Овие поими се директно позајмени од биолозите. Инвазијата се однесува на навлегувањето на една општествена група или користењето на земјиштето во територијата на други.

Во еколошката сукцесија, една општествена група или тип на користење на земјиштето се заменува со друга доминантна група или користење на едно подрачје. За инвазијата и сукцесијата добар пример претставува историјата на подрачјето на Хоу во Кливленд. Порано отворена ловечка територија на Индијанците, таа стана земјиште со фарми за колонизаторите. Откако беше утврден центарот на градот, фармите им отстапија место на градските куќи - прво мали и раштркани, потоа, со зголемениот број придојдени, поголеми куќи збиени една до друга. Конечно, близината на градскиот центар ги придоби богатите, кои градеа скапи градски куќи. Потоа, соседството почна да се осипува, богатите заминаа, а на нивно место дојдоа сиромашните и неснаодливите, кои беа привлечени од ниските цени на старите големи куќи. Овие беа разбиени во бројни семејни станови, а понекогаш и во соби за издавање. Со време осипувањето стана толку сериозно што многу згради беа напуштени; за извесно време тие претставуваа дом за најниските општествени слоеви - наркоманите, скитниците, уличарите и сиромасите. Многу згради неодамна беа срушени и комплетно реновирани бидејќи почна нов циклус на инвазија и сукцесија.

2.9 МЕГАЛОПОЛИСОТ*

Постојаната миграција на велеградските периферии резултираше во нов облик на заедница, наречен мегалополис, во кој надворешниот прстен на мегалополисот го надјавнува последниот појас од другиот, создавајќи продолжени појаси на урбан и субурбан развиток што може да се шири со стотици милји. Најинтензивно изучуваниот мегалополис е "Босваш коридорот", комплекс од градови што лежи меѓу Бостон и Вашингтон. Во мегалополисот не се јасни границите меѓу селските и градските подрачја; целиот регион е полу - интегриран конгломерат од индустриски, субурбани и урбани сектори. Секојдневните активности ги носат работниците од живеалиштата до работните места и назад, што често претставуваат патувања од стотина и повеќе милји. Во извесен смисол луѓето што живеат стотина милји еден од друг и во различни држави станале соседи во една гигантска урбана заедница. Бидејќи проблемите што се регионални по својата природа можат да ги решаваат извесен број државни и локални влади со спротивни интереси и слаба координација, мегалополисот поставува огромни проблеми за градските и регионалните планери. Но, како и да е мегалополисот има изгледи да биде главната урбана заедница во иднина, со оглед на тоа што Американците се стремат кон комбинирање на економските предности на урбаното живеење со амбиентот на ниска густина на населеност.

Појавата на мегалополисот е феномен на средината на дваесеттиот век - тоа е меѓусебно зависна група од големи велеградски подрачја. Научниците утврдиле десетина и повеќе мегалополиси во Соединетите Американски Држави, но најистакнатиот и најгрижливо проучениот се протега по должината на источниот морски брег од Бостон до Вирџинија; некои писатели на шега го крстиле "Босваш".

Североисточниот морски брег на Соединетите Американски Држави денес е простор што бележи значителен развиток - тоа е речиси непрекината низа од урбани и субурбани подрачја од јужниот дел на Њу Хемшир до Северна Вирџинија и од брегот на Атлантикот до подножјето на Апалачите. Процесот на урбанизација, што има длабоки корења во минатото на Америка, овде

* Jean Gottman, Megalopollis: The Urbanized Northeastern Seaboard of the United States, 1961, (превземено од: David Popenoe, Sociology, 1977);

постојано се одвивал, создавајќи во овој регион единствени начини на живот и користење на земјиштето. Во ниеден дел од Соединетите Американски Држави нема таква концентрација на население, со толку висока просечна густина, што се протега врз толку големо подрачје. И ниту еден дел нема таква улога во рамките на нацијата, ниту таква важност за светот. Овде се развил еден вид супремација, во политиката, во економијата, и можеби во културните активности, што ретко била постигната во друга област од таква големина.

Додека човек се движи по главните автопатишта или железнички пруги меѓу Бостон и Вашингтон, неговиот поглед постојано следи изградени предели, густо испреплетени станбени заедници или моќни концентрации на фабрички комплекси. Ако се оди со авион на истата релација, може да се открие дека, од друга страна, зад лентите од густо населено земјиште по должината на главните сообраќајни артерии и меѓу предградијата околу старите урбани центри, сé уште останале пространи предели покриени со шуми и зеленило што се наизменично распоредени со грижливо култивираните фарми. Овие зелени пространства, кога се набљудуваат поодблизу, се покажуваат исполнети со мноштво од згради, повеќето станбени, но некои и од индустриски карактер. Односно, многу од овие сектори што изгледаат селски, всушност во голем дел имаат функција на предградија во орбитата на некој градски центар. Дури и фармите, кои заземаат поголем простор, ретко ги обработуваат луѓе чија единствена професија и приход се навистина земјоделски. А сепак, во овие фарми се произведуваат огромни количества земјоделски продукти.

Така старата дистинкција меѓу руралното и урбаното овде веќе не може да се примени. Дури и брзиот поглед врз пространите области на мегалополисот открива револуција во користењето на земјиштето. Повеќето од луѓето што живеат во такаречените рурални подрачја, и сé уште се квалифицираат како "рурално население" во недамнешните пописи, имаат малку или ништо заедничко со земјоделството. Во смисла на нивните интереси и работата, тие се она што порано било класифицирано како "граѓани", но нивниот начин на живот и природата околу нивните живеалишта не се совпаѓа со старото значење на урбаното.

2.9.1 Мегалополисот - главна улица на нацијата

Во ова подрачје, тогаш, мораме да ја напуштиме идејата за градот како густо организирана единица во која луѓето, активнос-

тите и богатствата се сконцентрирани на многу мал простор јасно одвоен од неурбаната околина. Секој град во овој регион се шири надалеку и нашироко околу оригиналниот нуклеус; расте во средината на неправилна колоидна смеса на селски и приградски пејсажи; таа се претопува со други смеси со сличен иако поинаков состав, што им припаѓа на приградските соседства или на други градови. Ваквото сраснување може да се набљудува, на пример, по должината на главните сообраќајни линии што ги поврзуваат Њујорк Сити и Филаделфија. Овде има многу заедници што можат да бидат класифицирани како да ѝ припаѓаат на повеќе од една орбита. Тешко е да се рече дали се предградија или "сателити" на Филаделфија или Њујорк, Њу Брунсвик или Трентон. Последниве три града и самите се сведени на предградија на Њујорк во некоја смисла, иако Трентон спаѓа и во орбитата на Филаделфија. По должината на североисточниот атлантски брег на тој начин се издигнува речиси непрекинат систем од длабоко испреплетени урбани и субурбани подрачја, со вкупно население од околу 37 милиони жители во 1960 година. Тој ги опчекорува државните граници, се шири преку широките естуари и заливи и опфаќа многу регионални разлики.

Постојат многу други големи метрополи, па дури и нивни групи во разни делови на Соединетите Американски Држави, но сепак ниту една од нив не може да се спореди со Мегалополисот по бројот на население, густината на населението, било да се тие изразени во смисла на транспорт, комуникации, банкарски операции или политички собири. Мегалополисот ѝ обезбедува на цела Америка многу битни услуги, од оној вид што заедницата порано ги добивала во својот "градски центар", па може со право да го заслужи прекарот "главната улица на нацијата". И веќе три века тој ја има оваа улога, и покрај трансконтиненталниот марш на населување по должината на источно-западната оска, вертикална на овој дел на атлантското крајбрежје.

Во последно време во Мегалополисот се сконцентрирани повеќе функции од типот, Главна улица, од кога и да било порано. Сведоци сме, на пример, на влијанието на Федералната влада во Вашингтон што се протега врз многу аспекти на националниот живот, постојаното натрупување на финансиските и управните операции во Менхетен; доминацијата на Њујорк врз националниот пазар на медиумите на масовната комуникација која им се опира на сите обиди за ерозија; и доминантното влијание на универзитетите и културните центри на Мегалополисот врз американската мисла и начинот на водење на политиката. Мегалополисот, исто така, е главната фасада на земјата свртена кон другиот

свет. Од него, како од Главната улица на некој град, локалното население заминува на далечни патувања и таму пристигнуваат туѓинците. На емигрантите што доаѓале, тој отсекогаш им служел како главно пристаниште за истоварување. И како што туристите на минување често малку ќе видат од градот освен неколку блока од неговата главна улица, така повеќето странски посетители гледаат само дел од Мегалополисот кога патуваат низ Соединетите Американски Држави.

Токму како што Главната улица живее и просперира повеќе заради функциите на целиот град, отколку заради некои свои чисто локални предности, во таков однос е и Мегалополисот кон Соединетите Американски Држави и нејзините богатства.

Општо земено, самиот Мегалополис бил само скромно надарен од природата. Тој нема широки пространства од плодна почва (некаде има плодни почви, но повеќето се сиромашни), нема посебни климатски предности (неговата циклонска клима е далеку од идеална), и нема големи минерални залихи (иако има малку). Во оваа смисла тој не може да се спореди со дарежливиот природен потенцијал на Средниот Исток или Тексас или Калифорнија. Но неговата локација има некои предности - длабоки пристаништа покрај брегот на кои се утврдени првите градови и добра поврзаност меѓу богатото средиште на континентот и другиот свет. Со својот голем труд човекот извлекол сé што можел од овие предности на локацијата која има само просечни природни богатства. Како резултат на тоа, уште во својата рана историја Мегалополисот станал динамично место на меѓународни односи и таа улога ја одржал и ја проширил до денешно време. Тој сега е најактивен крстопат на земјата, зашто луѓето, идеите и стоките го шират своето влијание далеку зад националните граници, а само таков крстопат можел да ја постигне сегашнава економска предоминација.

Современата технологија и општествената еволуција им даваат големи можности на урбаните стремежи од една страна, а од друга постојано се подобруваат средствата за производство на повеќе земјоделски производи со помалку човечки труд.

Затоа во нашево време работната сила, заедно со порастот на населението се предодредени да го канализираат сé поголемиот интерес на луѓето кон занимања и начин на живот од урбан тип. Бидејќи оваа плима зафаќа сé повеќе и повеќе градови, тие ќе излезат од старите граници за да се прошират и да се распрснат насекаде, земајќи нови форми слични на оние што веќе ги видовме кај Мегалополисот. Така овој регион служи како лабораторија во која можеме да ја изучуваме новата еволуција која ги

преобликува како значењата во нашиот традиционален вокабулар, така и целата материјална структура на нашиот начин на живеење. Утрешното општество ќе биде поинакво од она во кое сме израснале, во голем дел заради тоа што ќе биде поурбанизирано. Неземјоделскиот начин на живот ќе го следат сé повеќе и повеќе луѓе и ќе зафаќа многу повеќе простор од кога било порано, а ваквите промени не можат да се развијат без длабоко да го модифицираат и земјоделскиот живот и производството. Последиците на општата еволуција што ја навестува сегашниот растеж и сложеноста на Мегалополисот се толку големи, што анализата на проблемите на овој регион често предизвикува чувство на поглед кон мугрите на новата етапа во развојот на човечката цивилизација. Ова подрачје може да се смета за лулка на еден нов поредок во организацијата на населениот простор...

ГЛАВА 3

ЧОВЕКОТ И ГРАДОТ

ГРАДОТ Е ЛАБАРАТОРИЈА ИЛИ КЛИНИКА

РАЗВОЈОТ НА ГРАДОТ: ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

УРБАНИЗМОТ КАКО НАЧИН НА ЖИВОТ

ЧУВСТВАТА И СИМБОЛИКАТА КАКО ЕКОЛОШКИ ВАРИЈАБЛИ

ГРАДОТ КАКО ЗБИР НА ЈАДРА

РАСПРАВА ЗА ТЕОРИЈАТА НА ПРОСТОРОТ

МИТОТ НА УРБАНАТА КУЛТУРА

РУРАЛНО-УРБАНИОТ КОНТИНУУМ

КОНЦЕПТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОСТОР

МАРКСИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА НА КАПИТАЛИСТИЧКАТА УРБАНИЗАЦИЈА

УРБАНИТЕ КРИЗИ И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

ГРАДОТ-ПРИРОДНО МЕСТО ЗА ЧОВЕКОТ ОД ЗАПАД

3. ЧОВЕКОТ И ГРАДОТ

3.1 ГРАДОТ Е ЛАБОРАТОРИЈА ИЛИ КЛИНИКА*

Големите градови отсекогаш биле собиралиште на повеќе раси и култури. Од активното меѓусебно дејствување, чиј центар се тие, се создала нова група и нов тип на општество. Големите градови во САД, на пример, го прифатиле селското население од Европа и Америка од нивните изолирани родни места. По доживеаниот шок од новите контакти се ослободила латентна енергија на овие примитивни луѓе и посложените процеси на меѓусебно дејствување создале, не само различни професии, туку и различен темперамент.

Подвижноста на поединецот, односно транспортот и комуникацијата меѓу другото, се бавни но далекусежни промени кои делувале на, како јас го нарекувам "подвижност на поединецот". Тие ја зголемувале можноста на поединецот во поглед на контакти и здружувања со нему слични, но тие контакти ги направиле краткотрајни и помалку стабилни. Голем дел од жителите на големите градови, вклучувајќи ги и оние кои живеат во изнајмени станови или станбени згради, живеат како луѓе во големи хотели кои се сретнуваат, но не се познаваат. Последица од споменатите промени се што случајните и попатни познанства се заменуваат со поинтимни и попостојани здруженија на мали заедници.

Во овие услови статусот на поединецот е во извесен степен одреден со конвенционални знаци - мода и "фасада", а уметноста на живеењето е сведено на лизгање на тенок мраз и внимателно проучување на стилот и однесувањето.

Не само транспортот и комуникацијата, туку и поделеноста на градските жители, ја олеснуваат подвижноста на поединецот. Процесот на подвоеност создал морални бариери кои градот го прават мозаик од мали светови кои се допираат, но не се преклопуваат. Ова им овозможува на поединците брзо да преминуваат од една морална средина во друга и поттикнува експеримент кој воодушевува, но е и опасен, во исто време да се живее во неколку различни паралелни и многу раздвоени светови. Сето ова се стреми да му даде на градскиот живот вештачки и авантуристички карактер, се стреми да ги комплицира општествените односи и создаде нови дивергентни индивидуални видови. Ова, во исто време, донесува елемент на избор и

---

* Robert E. Park: Grad: Predlozi za istraživanje ljudskog ponašanja u gradskoj sredini, Sreten Vujović, Sociologija grada, (Red.)p. 141-145;

авантури што му дава шарм на градскиот живот и на младите и свежи нерви им создава посебна привлечност. Привлечноста на големите градови можеби е последица на поттикнувачите кои дејствуваат директно на рефлексите. Како вид на човечко однесување, може да се објасни со привлечноста која пеперугата ја чувствува кон светлоста, како некој вид тропизам.

Метрополата е привлечна затоа што со текот на подолг временски период секој поединец пронаоѓа меѓу разновидните манифестации на градскиот живот, вид на околина каде се сместува и каде се чувствува пријатно, со еден збор, наоѓа морална клима во која неговата лична природа добива поттикнувачи кои неговите внатрешни наклонетости ги доведува до полн и слободен израз. Верувам дека тоа е вид на мотив чија основа не се интересирањата, ниту чувствувањата, туку нешто поосновно и попримитивно што ги оттргнало (ако не и мнозинството млади луѓе) од сигурноста на нивните куќи, од внатрешноста и ги донело во големата мешаница и возбудувања на градскиот живот. Во малата заедница најверојатно ќе успее нормален човек, без ексцентричност и без дух. Малата заедница често само ги толерира ексцентричностите. Градот дури и ја наградува. Ни криминалецот, ни детективот, ни генијалецот немаат исти можности да ги развијат своите внатрешни склоности во малиот град, што неизбежно ги наоѓаат во големиот град.

Пред педесет години, секое село имало по еден или двајца ексцентрици според кои луѓето се однесувале со благонаклонета толеранција, кои истовремено се сметале некорисни и чудни. Овие исклучиви поединци воделе осамен живот. Со својата ексцентричност, без разлика дали била ексцентричност на гение или на човек со мани, биле издвоени од вистинскиот и интимен контакт со останатите. Кога би имале посебна склоност за криминалци, ограничувањата и забраните на малите заедници ги направила безопасни. Ако во себе носеле клетка на гение, останувале јалови поради недостиг на охрабрување и можности. Во приказната на Марк Твен Pudd'n Head Wilson е опишан еден таков непознат и потценет гение. Ништо не е вистинито во толкава мерка како што се Грej-овите стихови:

"Многу цветови се родени да цветаат незабележани
и својата миризба ја расфрлаат во пустинскиот воздух;"

Многу од овие дивергентни видови во градовите нашле средина во која, за среќа или за жал, нивните таленти се раѓаат и донесуваат плод.

3.1.1 Област на моралот

Неизбежно е дека поединците кои бараат исто возбудување, било тоа да е предизвикано од коњски трки или голема опера, одвреме - навреме се наоѓаат на исти места. Резултат на тоа е, што организацијата која градскиот живот спонтано ја прима, популацијата се стреми кон сегрегација, не само спрема своите интереси, туку тој стремеж е во согласност со сопствениот вкус и темперамент. Поделбата на жителите до која доаѓаме, е сосема различна од онаа која настанала од професионалните интереси или економски услови.

Секое соседство, под околностите кои се насочени да ги раздвојат и поделат градските жители, може да прими карактер на "морална област". Такви се, на пример, квартовите на гревот кои се наоѓаат во многу градови. Областа на еден морал не е нужно и местото каде луѓето престојуваат. Тоа може да биде и собиралиште, место за одмор.

За да се разберат силите кои во секој голем град се стремат да развијат одвоени средини во кои авантуристичките и потиснатите импулси, страсти и идеали се ослободуваат од доминантниот морален поредок, потребно е да се има во вид и теоријата за латентните импулси на луѓето.

Се чини дека луѓето доаѓаат на свет со своите страсти, инстинкти и желби, неконтролирани и недисциплинирани. Во интерес на општото добро, цивилизацијата понекогаш наложува потиснување, а секогаш контрола на нескротливите природни склоности. Во процесот на воспоставување на нејзините дисциплини над поединецот, во постигнувањето на согласност меѓу поединецот и прифатениот модел на заедницата, многу е постигнато, а многу од тоа наоѓа замена во нагласувањето на формите кои се општествено корисни или барем не се штетни. Еве каде функционираат спортот, играта и уметноста. Тие на поединецот му овозможуваат да се исчисти со помош на симболичкиот израз од овие нескротливи и потиснати импулси. Тоа е онаа катарза за која Аристотел пишувал во својата Поетика, а на што, ново и позитивно значење ѝ дале истражувањата на Сигмунд Фројд и психоаналитичарите.

Без сомнение, многу други општествени феномени, како што се штрајковите, војните, народните избори, будењето на верата, имаат слична улога во намалувањето на потсвесните напрегнатости. Но, во малите заедници, каде општествените од-

носи се поинтимни, забраните построги, постојат многу исклучиви поединци кои внатре во границите на активностите на заедницата не наоѓаат нормален и здрав израз на своите индивидуални склоности и темперамент. Условите кои му дале поттик на она што овде е опишано како "морална област" делумно се резултат на рестрикциите кои ги наметнува градскиот живот, а делумно на привилегијата која ја овозможуваат истите тие услови. До неодамна многу се занимававме со искушенијата на градскиот живот, но толку не ги разгледувавме последиците на инхибицијата и забраната на природните импулси и инстинкти во изменетите услови на велеградскиот живот. Децата кои на село се сметаат за богатство, во градот се претвораат во обврска. Затоа е многу тешко да се подигнува семејство во градот, отколку, да речеме на фарма. Луѓето во градот во брак стапуваат подоцна, а некогаш и воопшто не го прават тоа. Овие факти имаат последица чие значење уште не сме во можност да го процениме...

3.1.2 Темперамент и општествена заедница

Она што ѝ дава посебно значење на сегрегацијата на сиромашните, на семејните криминалци и воопшто на исклучивите личности, она што е толку карактеристична црта на градскиот живот е фактот дека општествената зараза тежи кај дивергентните типови да ги стимулира заедничките разлики во темпераментот и да ги пригушува особините кои ги спојуваат со *нормалните типови околу нив. Здружувањето со другите кои се од* ист вид, не само што ги стимулира, туку им дава и морална поддршка за заедничките карактеристики што не се случува во помало одбрано друштво. Во големиот град сиромашните, луѓето со пороци и престапниците се здружуваат во нездрава и "заразна" блискост, формираат тело и душа, така што често им паѓаше на ум на оние долги генеологии на семејството Juks и племињата Isabela не би покажале така упорна и жалосна едноличност на порокот, злосторството и бедата да не биле специфичностите кои се вклопиле во средината во која споменативе биле осудени да живеат.

На тој начин мораме да ги прифатиме овие "морални области", помалку или повеќе ексцентрични и исклучиви луѓе кои живеат во нив како дел од природниот, ако не и нормален живот во градот.

"Моралните области" во буквална смисла, не се место или заедница кое е нужно, криминално или неморално. Тоа се области

каде преовладува еден дивергентен морален закон, област каде луѓето кои живеат таму владеат, што инаку не е вообичаено, вкусовите или страстите или некои интереси кои имаат директни корени во правата природа на поединецот - индивидуата. Тоа може да биде некаква уметност како музика, спорт или коњски трки. Овие области се разликуваат од другите општествени групи по своите непосредни и основни интереси. Поради тоа нејзините разлики се појавиле, повеќе поради моралните, отколку поради интелектуалните изолации.

Поради можностите кои ги овозможува градот, посебно ексцентричните и необични луѓе, големиот град се простира и лежи гол пред погледите на јавноста. Накусо, градот покажува и претерано добри и претерано лоши страни на човечката природа. Всушност, можеби таа вистина повеќе од некоја друга го оправдува ставот дека градот е лабораторија или клиника во која човечката природа и општествените процеси може да се изучуваат на адекватен и корисен начин.

3.2 РАЗВОЈОТ НА ГРАДОТ: ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ*

...Ширењето на градот од аспект на градското планирање, и формирање на зони при регионалните планирања, скоро во целост се третира како физички развој. Студиите за транспорт се занимавале со развој на транспортот во однос на распоредот на градското население. Мерењата што ги правела телефонската комисија, Бел и другите јавни служби, се обиделе да ја предвидат насоката и стопата на порастот на градот, со што би се процениле идните потреби за ширење на нивните услуги. Во градскиот план се локациите за паркови, булевари, ширењето на сообраќајниците и планирањето на општинскиот центар, планирањето и во интерес на идната контрола на физичкиот развој на градот.

Ова територијално проширување на нашите најголеми градови сега е намерно доведено во центарот на нашето внимание благодарение на планот за истражување на Њујорк и неговата околина и создавање на чикашко регионално здружение за планирање кое ја проширува територијата на метрополата со радиус од 50 милји и опфаќа 4.000 квадратни милји територија. Во двата случаја мерењето се обидува на распространетоста на градот да ги задоволи промените кои ги следи неговиот пораст. Во Англија каде што повеќе од половина од населението живее во градовите кои имаат 100.000 и повеќе жители, дејството на урбаното ширење на општествените организации го опишува Ц.Б.Фосет на следниот начин:

"Еден од најважните и најочигледните видови на развој на урбаната популација на развиените народи во светот, во текот на последните неколку децении била појавата на определен број урбани групации или градски подрачја, далеку поголеми и побројни од големите градови на минатото. Тие обично настанале со истовремено ширење на неколку соседни градови кои се приближувале еден кон друг додека не се соединиле во една непрекината урбана област. Секоја ваква област сé уште содржи многу јадра при што градскиот развој е посилен и повеќето од нив претставуваат централни области на оние градови од кои настанале тие подрачја. Овие јадра се поврзани со урбанизирани области со помала густина, кои некогаш биле подрачја на тие гра-

* Ernst V. Bardžes: Razvoj grada: Uvod u istraživački projekat, превземено од книгата Sociologija grada (Redaktor, S.Vujović) стр. 147-154.

дови. Во овие делови куќите сé уште не се градат во континуитет, а има и доволно празен простор. Големите групации на жителите во градот се нова форма на распоред на луѓето на земјата. Денес постојат од триесет до четириесет вакви групации од кои секоја содржи повеќе од милион луѓе, додека само пред сто години надвор од големите популациони центри, на водените патишта во Кина, немало повеќе од два или три милиони. Вакви групации на луѓе се феномени со големо географско и општествено значење. Тие поттикнуваат нови проблеми во организацијата на животот и благосостојба на нивните жители во нивните различни активности. Мал број меѓу нив, веќе развил општествена свест што е пропорционална на нивната големина и уште не се формирале како конечна група на луѓе кои имаат заеднички интереси, емоции и мисли.

Тенденцијата на големите градови да се шират, во Европа и Америка е позната под терминот "метрополитенско подрачје на градот", што ги надминува неговите политички граници, а во случајот со Њујорк и Чикаго, дури и државните граници. Територијата на метрополите може да се сфати како област која опфаќа соседна градска територија, што ќе биде определена со можностите на сообраќајот кој што му овозможува на вработениот човек да живее во предградието на Чикаго, при тоа да работи во строгиот центар, а неговата сопруга да купува кај Маршал Филд и да слуша опера од Аудиториум.

3.2.1 Ширењето како процес

Иако до сега, не е направена ниедна студија за ширењето како процес, сепак, материјалите за неа се присутни во градското планирање како формирање на зони и регионални примери. Најтипичните процеси на ова ширење на градот најдобро може да се обележат со број за да се одбележат зоните на постапното урбано ширење и видовите области кои се формирале во процесот на ширење.

Оваа шема преставува замислена структура на тенденциите на некој помал или поголем град што радијално се шири од своите централни работни делови на шемата. The Luup (I). Обично него го опкружува една преодна зона во која се развил бизнисот и лесната индустрија (II). Третата област (III) ја населуваат работници во индустријата кои побегнале од зоните во кои што се влошиле условите за живот (II), но сакаат да живеат недалеку од местото на работа. Надвор од оваа зона се наоѓаат станови со ви-

сок стандард или ексклузивни "ограничени" краеви со индивидуални куќи. Уште понатаму, надвор од градските граници се наоѓа зоната во која живеат луѓе кои патуваат на работа. Тоа е зона на приградски делови или сателитски градови, оддалечени триесет до шеесет минути возење од централната деловна зона.

Шема 1. Растење на градот



Оваа шема јасно го покажува главниот тек на експанзија, односно тенденцијата секоја внатрешна зона да ја прошири својата територија преку освојување на следните надворешни зони. Овој вид експанзија може да се нарече "сукцесија" слично на процесот што бил детално проучен во растителната биологија. Ако оваа шема се примени на Чикаго, сите четири зони во раната историја би биле вклучени во рамките на внатрешната зона, денешните деловни области. Сегашните граници на зоните на

грѐвот, до неодамна биле граници на зоните што денес ги населуваат независните надничари, а според сеќавањето на илјадници жители на Чикаго, во неа живееле "најдобрите фамилии". Скоро е непотребно да се додаде дека ниту Чикаго, ниту било кој друг град не одговараат совршено на оваа шема, прво поради јадрото, реката Чикаго, железничката пруга, историските фактори во лоцирањето на индустријата, релативно спротиставување на заедниците на ова ширење итн...

Покрај ширењето и сукцесијата, со општиот процес се опфатени антагонистички но, сепак комплементарни процеси на концентрација и децентрализација. Во сите градови постои природна тенденција локалниот и меѓуградскиот сообраќај да стигнува до централната деловна зона. Во централниот дел, во секој голем град наидуваме на стоковни куќи, облакодери со канцеларии, железнички станици, големи хотели, театри, музеи и градска куќа. Сосема природно, скоро неизбежно, овде се концентрираат економскиот, културниот и политичкиот живот. Односот на централизацијата кон другите процеси во животот на градот може грубо да се согледа со помош на фактот дека повеќе од милион луѓе дневно доаѓаат и си одат од "јазолот". Неодамна изникнаа помали деловни центри во надворешните зони. Овие сателитски "јазли", се чини дека не го претставуваат "очекуваното" оживување на соседствата, туку спојување на неколку локални заедници во поголема економска единица. Вчерашниот Чикаго, збир на помали градови и доселенички колонии, преминува низ процес на реорганизација во централизирано - децентрализиран систем на локални заедници, што се стопуваат во помали деловни зони над кои што видливо доминира централната деловна област. Вистинските процеси на она што може да се нарече централизирана - децентрализација сега се проучуваат врз развојот на синџир на исти работилници, што е само една илустрација за промените врз основа на урбаната организација.

Ширењето, како што видовме, се однесува на физичкиот пораст на градот. Ширењето на техничките служби го направиле градскиот живот, не само за живеење, туку удобен, дури и луксузен. Некои од основните потреби на урбаниот живот се остваруваат само со огромен развој на комуналниот систем. Три милиони луѓе во Чикаго зависат од единствениот водоводен систем, од една џиновска плинска компанија и една огромна електрична централа. Сепак, како и многу други видови на нашиот комунален урбан живот, оваа економска соработка е пример кој што не содржи ништо од она што обично се мисли дека значи "дух на соработка". Големите јавни служби се дел од животниот механи-

зам во големите градови и имаат малку или ни малку значење за општествената организација...

3.2.2 Општествената организација и дезорганизација како процес на метаболизамот

На прашањето за организација и дезорганизација можеби најдобро може да се одговори размислувајќи за урбаниот пораст како резултат на организацијата и дезорганизацијата, аналогна на анаболичните и катаболичните процеси на метаболизмот во телото. На кој начин поединците се вклучени во животот на градот? Со помош на каков процес една личност станува органски дел од општеството? Природниот процес на стекнување на културата почнува со раѓањето. Човекот се раѓа во семејство кое се адаптира на општествената средина - во овој случај модерниот град. Најповолен природен процент за асимилација е оној, кога процентот на раѓање е поголем од процентот на смртноста, но дали е тоа нормална стапка на градски прираст? Секако дека бројот на жителите во големите градови се зголемувал и постојано се зголемува со многу поголем процент. Меѓутоа, природниот прираст може да се користи за мерење на пореметувањето на метаболизмот што предизвикува прекумерен пораст, како што бил случајот по војната со големиот прилив на црнци од југот во северните градови. На сличен начин, сите градови отстапуваат во однос на стандардното население во поглед на возраста и полот, како што е случај со населението на Шведска, врз кое последните години не делувале ни големите иселувања и доселувања. Повторно се применуваат варијациите како што секое зголемување на бројот на мажите во однос на жените; или жените во однос на мажите; зголемување на бројот на децата и возрасните од едниот или од другиот пол, покажува абнормалност во општествениот метаболизам.

3.2.3 Зони на гревот

Обично за процесите на организација и дезорганизација се размислува како за процеси што стојат во реципрочен однос еден спроти друг или како за нешто што содејствува во нестабилната рамнотежа на општественото уредување на патот кон една цел, сфатена неопределено или недвосмислено како прогресивна. Сé додека дезорганизацијата укажува на реорганизација и корисни

дотерувања, не треба да се гледа на дезорганизацијата како на нешто патолошко, туку како на нешто нормално. Дезорганизацијата како увод во реорганизацијата на ставовите и однесувањето е неизбежна судбина придојдена во градот. Отфрлање на вообичаеното, често на она што за нив било нормално, неретко предизвикува силни ментални конфликти, чувство на лична загуба. Оваа промена почесто, порано или подоцна, овозможува чувство на еманципација и потреба за нови цели.

Со брзиот процес на ширење на градот, се одвива и процес на распоредување преку кого поединците и групите се одбираат и групираат или се преместуваат заради живеење или вработување. Американските големи градови се менуваат во градски подрачја каде што исто така постојат само интересни, помалку

модифицирани. Внатре во централната деловна зона или на улица што се надоврзува на неа, се наоѓа "главниот корен" на хобохемијата. Rialto преполн со бездомници, иселеници од Средниот запад. (N. Anderson, The Hobo, Chicago 1923). Во зоната што го опкружува централниот деловен простор, секогаш се наоѓаат т.н. "сламови" и "лоша земја" со скриени квартови на сиромаштијата, деградацијата, болестите и подземниот свет на криминалот и пороците. Во тие зони на гревот се наоѓаат квартови со соби за издавање, "чистилиште за изгубените души". Во близина е Латинскиот кварт - престојувалиште на творечките и бунтовните души. Сламовите се преполни со доселенички колонии. Гето, Мала Сицилија, грчкиот дел од градот (Greektown), кинескиот дел (Chinatown) кои на волшебен начин го спојуваат наследството од стариот свет и американското подмладување. Од овде се протега Црниот појас, каде што слободно и неуредно се живее. Зоните на гревот, иако првенствено се дел кој пропаѓа, со население кое не се менува или опаѓа, во исто време се и области на регенерација во која што настануваат и се создаваат уметнички колонии како радикални центри во кои сите се обземени со визијата за новиот и подобар свет.

Следната зона ја населуваат претежно индустриски работници и продавачи, што се квалификувани и успешни. Оваа зона ја населуваат доселеници од другите генерации. Во тој крај доаѓаат бегалци од сламовите; тоа е германски кварт на амбициозните фамилии од гетото. Квартот германски наречен малку од завист, малку со потсмев зашто во таа област, надвор од гетото, успешните соседи како да го имитираат животниот стандард на германските Евреи. Од другата страна жителите на овие делови од градот за возврат гледаат со завист на "ветената земја" надвор од својата зона, на нејзините хотели, куќи со апартмани, "сателитски јазли" и "блескавите" простори.

Разликите во природното прегрупирање врз економска и културна основа му даваат форма и карактер на градот. Сегрегацијата ѝ овозможува на групата, а со тоа и на поединците кои ја сочинуваат групата, место и улога на целокупната организација на градскиот живот. Сегрегацијата го ограничува развојот во определени насоки, но и ги ослободува во некои други. Во овие области се стреми да се истакнат некои црти во привлекувањето и развивањето на видот на поединецот според кој натаму ќе се разликуваат.

Во поделбата на трудот во овие градови се гледа дезорганизација, реорганизација и зголемување на разликите. Доселеникот од руралните заедници во Европа и Америка, ретко доне-

суваат со себе економска способност што е валидна за нашиот индустриски, трговски и професионален живот. Сепак, дојде до интересна професионална селекција кон националноста која се објаснува повеќе со расниот темперамент или со околностите, отколку со економските основи на стариот свет.Примери за тоа се ирските полицајци, грчките продавници за сладолед, кинеските пералници, црнците носачи, белгиските портири итн.

Факт е дека во Чикаго еден милион (996.589) доходовно вработени поединци, имаат пријавено 509 занимања и преку 1.000 мажи и жени, од публикацијата "Кој е кој", се занимаваат со 116 разни професии, ни дава некаква престава како во градот, со помош на мали разлики во занимавањето, "може да се анализира населението, да се одделат и класифицираат различни елементи" (Weber). Овие броеви покажуваат сложеност на модерниот индустриски механизам и заплетканост на сегрегацијата и изолацијата на дивергентните економски групи. Со оваа економска поделба на трудот поврзана е соодветна поделба на општествените класи на културните и рекреативните групи. Во мнозинството групи во кои се одвива разновиден начин на живот, поединецот си наоѓа општествен свет сличен на самиот себе, а тоа не е изводливо во тесните меѓи на едно село, каде што може да се движи и живее во потполно одвоени, можеби и конфликтни светови. Личната дезорганизација може да биде само неуспех во согледувањето на каноните на однесување на две дивергентни групи.

Ако појавите на ширење и метаболизам укажуваат на умереният степен на дезорганизација може и навистина да ја олеснува општествената организација; тие исто така укажуваат дека брзото урбано ширење премногу ги зголемува болестите, злосторствата, нередите, пороците, лудилото, самоубиствата што се груби показатели на општествената дезорганизација. Но, кои се показателите, а не последиците, на тие појави, на тој пореметен метаболизам на градот? Зголемувањето на објективниот број на жители во однос на природното зголемување веќе е наведено како критериум. Значењето на ова зголемување е во доселување на десет илјади луѓе годишно во метрополите како што се Њујорк, и Чикаго. Нивната инвазија на градот имала дејство на плима што ги преплавила прво доселеничките колонии, пристаништата на првобитното доаѓање, поместувајќи илјади жители кои што сега се преместуваат во следната зона и така со ред, сé додека не стигнат во последната урбана зона. Конечната последица е забрзаното ширење на градот, потикнување на индустријата и забрзување на процесот за "наѓубрување" во зоните на гревот. Овие

внатрешни движења на населението станале многу занимливи за проучување. Какво движење се врши во градот и на кој начин може да се измери? Секако, полесно е прво да се определи движењето во градот, а потоа да се измери. Постои движење од едно кон друго место на живеење, промена на професија, промена на работното место, движење до работа и враќање од работа, движење за рекреација и поради авантура. Кој вид на движење е значаен за проучување на промените во градскиот живот? Одговорот на овие прашања директно упатува на значајната разлика меѓу движењето и подвижноста...

3.3 УРБАНИЗМОТ КАКО НАЧИН НА ЖИВОТ*

Уште од Аристотеловата политика се знае дека доколку се зголеми бројот на жители во една населба над одредена граница, тогаш тоа ќе се одрази на меѓусебните односи меѓу нив, како и на карактерот на градот. Што поголем е бројот на жители, како што беше нагласено, тоа поголем е степенот на поединечни варијации. И понатаму, што поголем е бројот на поединци кои учествуваат во процесот на интеракција со тоа поголема е потенцијалната диференцијација меѓу нив. Личните особини, професијата, културниот живот и идеите на членовите на урбаната средина можат, затоа, да се движат меѓу пошироките одделни полови отколку од оние на руралните жители. Многу лесно може да се заклучи дека таквите варијации ќе предизвикаат просторна сегрегација на поединците според бојата на кожата, етничкото наследство, економскиот и социјалниот статус, вкусовите и желбите. Роднинските врски, соседството и чувствата што се појавуваат за време на заедничкото живеење со генерации во општонародна традиција, најверојатно нема да постојат, или, пак, во најдобар случај ќе бидат релативно слаби во целина поради толку различните потекла и минато. Во такви услови конкуренцијата и механизмите на формална контрола обезбедуваат замена за солидарноста што го држи заедно општеството и луѓето во него.

Зголемувањето на жителите на едно подрачје над неколку стотини, неминовно ја ограничува можноста на секој член на заедницата да ги познава сите лично. Макс Вебер, потврдувајќи го значењето на овој факт, нагласува дека од социолошки аспект големиот број жители и густата населеност на населбата значат дека личните меѓусебни познанства меѓу жителите што обично меѓу себе контактираат, не постојат. Тоа значи дека зголемениот број население предизвикува промена на карактерот на социјалните врски. Како што Зимел подвлекува:

> (Ако) непрекинат надворешен контакт на одреден број личности во градот се сретне со ист број внатрешни реакции и тоа во мал град, во кој секој со секого се знае и кој има позитивен однос,

* Louis Wirth, Urbanism as a Way of Life, American Journal of Sociology, July 1938,p.145-151.

поединецот би бил потполно внатрешно атомизиран и би западнал во незамислена ментална состојба.

Мултипликацијата на личности во состојба на интеракција и во услови кога нивниот контакт како потполни личности е невозможен, предизвикува сегментаризација на човечките односи, што понекогаш ги зафаќа образованите во нивниот ментален живот, како објаснување за "шизоидниот" карактер на урбаната личност. Ова не значи дека урбаните жители имаат многу помалку познанства од руралните, зашто и обратното тврдење би можело да биде вистина; тоа значи дека во однос на бројот на луѓе со кои тие се сретнуваат и со кои постојано се во контакт во секојдневниот живот, се во помал процент и за нив имаат помалку интензивно знаење.

Карактеристично е дека луѓето од урбаните средини се среќаваат меѓу себе како носители на сегментирани улоги. Тие, секако, многу повеќе зависат во однос на задоволувањето на своите животни потреби од другите луѓе, отколку што зависат руралните жители, и токму поради тоа многу повеќе се здружуваат во бројни организирани групи, но тие, пак, многу помалку зависат од одредени личности и нивната зависност од другите е ограничена на високо сегментираните активности на другите луѓе. Токму на ова се мисли кога се вели дека градот повеќе го карактеризираат секундарни отколку примарни контакти. Контактите во градот можат навистина да бидат лице в лице, но тие сепак се безлични, површни, преодни и сегментни. Резервираниот, индиферентен и заситен поглед што урбаните жители го манифестираат во нивните односи, според тоа, би можел да се смета за средство за самоимунизирање меѓу себе против личните стремежи и очекувањата на другите.

Површноста, анонимноста и преодниот карактер на урбано - социјалните односи прават, разбирливо, исто така, префинетоста и рационалноста да им бидат во принцип припишани на градските жители. Нашите познанства се во многу тесна врска со нашите интереси, во смисла на тоа дека улогата што секој еден ја игра во нашиот живот е во функција на постигнување на нашите сопствени цели. Имајќи го предвид тоа може да се заклучи дека поединецот, од една страна се здобива со одреден степен на еманципација или ослободување од личните и емоционални контроли на интимните групи, а од друга страна, пак, го губи спонтаното само - изразување, моралот и чувството на партиципација што се јавува со живеење во едно интегрирано општество. Ова битно ја востановува состојбата на растројство или социјална

празнина на кои Диркем алудира во своите обиди да ги објасни различните форми на општествена дезорганизација во технолошкото општество.

Парцијалниот карактер и утилитаристичкиот акцент на интерперсоналните односи во градот наоѓаат свој институционален израз во размножувањето на специјализирани задачи кои ние ги гледаме во нивната најразвиена форма во професиите. Операциите со парични врски водат кон грабежливи односи кои се заканувааат да го спречат делотворното функционирање на општествениот ред ако не се контролирани со професионални норми и работна етикеција. Премијата ставена над корисноста и ефикасноста бара адаптибилност од корпоративното уредување за организирање на претпријатија во кои поединците можат да дејствуваат само во групи. Предноста на корпорацијата над индивидуалниот сопственик и партнерството во урбано - индустрискиот свет не е само во тоа што таа создава можности за централизација на природните богатства и помошни средства од илјадници поединци, или пак, што има привилегија на ограничување на одговорноста и вечната наследност, туку предноста е во тоа што корпорацијата нема душа.

Специјализацијата на поединците особено според нивните професии, може да продолжи, како што Адам Смит подвлече, само врз основа на проширен пазар, што во замена ја истакнува поделбата на трудот. Овој проширен пазар само делумно е снабдуван од градската периферија; во голема мерка го има во самите градови. Доминацијата на градот врз периферијата станува сфатлива со поделбата на трудот што градскиот живот ја предизвикува и унапредува. Огромниот степен на меѓузависност и нестабилна рамнотежа на градскиот живот се тесно поврзани со поделбата на трудот и специјализацијата на занимања. Меѓузависноста и нестабилноста се зголемуваат со тенденцијата на секој град да се специјализира во оние функции во кои тој има голема предност.

Во заедница што се состои од поголем број поедници отколку што можат да се познаваат еден со друг интимно и да се соберат на едно место, станува неопходно да се комуницира преку индиректни медиуми и да се насочуваат индивидуалните интереси со процесите на делегирање. Типично за градот, интересите се остваруваат преку претставување. Поединецот не значи многу, но гласот на претставникот се слуша поинаку, пропорционално на бројот на оние од чие име тој зборува.

3.3.1 Густина на населеност

Исто како во случај на голем број жители, така и во случај на концентрација во одреден простор, искрснуваат одредени важни консеквенци во социолошките анализи на градот. Од овие само неколку можат да бидат индицирани.

Како што Дарвин укажа на флората и фауната, и како што Диркем забележа за човечките општества, зголемувањето на бројот на жители кога просторот останува ист (зголемување на густината на населението) се стреми да предизвика диференцијација и специјализација, зашто само на тој начин просторот може да го издржи овој зголемен број жители. Така, густината на население го зајакнува ефектот на бројот на населението врз разноликоста на луѓето и нивните активности и врз зголемувањето на сложеноста на социјалната структура.

Од субјективна страна, пак, како што предлага Зимл, блискиот физички контакт на бројни поединци неминовно предизвикува промена во средствата преку кои ние се насочуваме себе си кон урбаното милје, а особено кон нашите пријатели. Типично е тоа што нашите физички контакти се блиски но нашите општествени контакти се на дистанца. Урбаниот свет повеќе го вреднува визуелното препознавање. Ние ја гледаме униформата што ја означува улогата на функционерите и не сме свесни за личните ексцентричности што се кријат зад униформата. Ние се стремиме да стекнеме и да развиеме чувствителност кон светот на предметите за употреба и сé повеќе и повеќе се оддалечуваме од светот на природата.

Ние сме изложени на упадливите контрасти меѓу сјајот и бедата, меѓу богатството и сиромаштијата, умот и незнаењето, редот и хаосот. Конкуренцијата за простор е огромна, така што секоја област обично се стреми да се стави себе си во таква позиција која неминовно ќе донесе најголема економска корист. Местото на работа се стреми да се оддели од местото на живеење, зашто близината на индустриските и комерцијалните установи ја прават областа и економски и општествено непожелна за станбено живеење.

Густината на населување, вредноста на земјата, најмувањата, пристапноста, здравата средина, престижот, естетскиот аспект, отсуството на пречки како што се бука, чад и нечистотија ја одредуваат пожелноста на одредени области во градот како места за населување за одредени делови од популација. Местото

и природата на работата, приходите, расните и етничките карактеристики, социјалниот статус, обичаите, навиките, вкусовите, желбите и предрасудите претставуваат еден од најзначајните фактори во согласност со кои урбаната популација е селектирана и распоредена во повеќе или помалку различни населби. Разноликите популациони елементи кои населуваат една компактна населба се стремат кон меѓусебно сегрегирање едни од други до тој степен до кој нивните барања и начини на живот се инкомпатибилни еден со друг, и дотолку доколку се тие антагонистички еден спрема друг. Слично на тоа, личностите со хомоген статус и потреби несакајќи се наоѓаат свесно селектирани, или пак се присилени од условите да живеат во иста област. Така да, различни делови од градот се здобиваат со специјализирани функции. Поради тоа градот се стреми да личи на мозаик од социјални светови во кои преоѓањето од еден во друг е нагло. Јукстапозицијата (една покрај друга) на различните личности и начините на живот водат кон создавање на релативистички перспективи и на чувство на толеранција на разликите што може да се смета како предуслов за рационалност и кое води кон секуларизација на животот.

Блиското заедничко живеење и работење на поединците кои немаат сентиментални и емоционални врски, го негува духот на конкуренција, зголемување и обострана експлоатација. За да се дејствува спротивно на неодговорноста и потенцијалниот неред формалната контрола се стреми да претставува помошно средство. Без круто придржување кон предвидена рутина, едно големо и компактно општество не би можело да опстане само за себе. Часовникот и сообраќајниот семафор се основни симболи на општествениот ред во урбаниот свет. Честиот и близок физички контакт, проследен со голема социјална дистанца, ја нагласува воздржаноста на слободните поединци еден кон друг и ако не се надомести со други можности, ја зголемува осаменоста. Неопходните чести движења на голем број поединци во преполните живеалишта дава можност за судири и раздразнетост. Нервната напнатост што произлегува од таквите лични фрустрации се акцентира со брзо темпо и сложена технологија во кои услови животот во густо населените области мора да се одвива.

3.3.2 Хетерогеност

Општествената интеракција меѓу различните типови личности во урбаната средина, се стремат да ја раскинат крутоста на кастите и да ја комплицираат класната структура, и поради тоа предизвикува многу поразгранети и разнородни рамки на социјална стратификација отколку што се среќаваат во поинтегрираните општества. Зголемената мобилност на поединецот, што го доведува да биде на домет на стимулација од страна на голем број различни поединци а изложен на колебливиот статус во различните општествени групи што ја сочинуваат социјалната структура на градот, како норма упатува на попримање на нестабилност и несигурност во светот воопшто. Овој факт, исто така, помага да се објасни префинетоста и космополитството на градовите. Поединецот не ѝ е апсолутно верен на ниту една поединечна група. Групите во кои поединецот е здружен не се даваат така лесно себе си да бидат хиерархиски класифицирани. Врз основа на неговите различни интереси што се јавуваат од различните аспекти на општествениот живот, поединецот се зачленува во најразлични групи, од кои секоја функционира само во поглед на поединечен сегмент од неговата личност. Нити пак овие групи дозволуваат концентрично уредување, така што потесните спаѓаат во кругот на повклучените, каков што е случајот со руралната средина или во примитивните општества. Групите со кои личноста е типично сврзана се допирни една со друга или пак се вкрстуваат на многу променлив начин.

3.3.3 Градот - место за деперсонализација

Делумно како резултат на физичката слобода на населението и делумно како резултат на нивната социјална мобилност, протокот на членството на групата е обично рапиден. Местото на живеење, местото и карактерот на вработување, приходот и интересите се колебливи, така што држењето на организациите во заедништво и здружувањето и залагањето за интимни и трајни пријателства меѓу членовите е многу тешко. Ова особено упадливо се однесува на месните области во рамките на градот во кои личностите стануваат многу посегрегирани според разликите во раса, јазик, приход и социјален статус, отколку според сопствен избор или привлечност кон луѓе слични на себе. Градскиот жител

не е сопственик на куќа, и бидејќи привременото живеалиште не создава традиции и чувства што поврзуваат, тој многу ретко е вистински сосед. Постои многу мала можност за поединецот да се здобие со концепција на градот како целина или да се одмери неговото место во рамките на вкупната шема. Поради тоа него му е тешко да одреди што спаѓа во доменот на неговите лични "најдобри интереси" и да одлучи меѓу работите и водачите што му се презентирани од страна на агенциите како масовни предлози. Така, поединците кои се одделени од организираните тела што го интегрираат општеството ги вклучуваат флуидните маси што го прави колективното однесување во урбаната средина толку непредвидливо и поради тоа толку проблематично. Иако градот, преку регрутирање на различни типови за да ги спроведуваат своите различни задачи и да ја нагласуваат нивната единственост преку конкуренција и премија над ексцентричноста, новитетите, ефикасното изведување и инвентивноста, создава високо диференцирана популација, тој исто така применува и степенесто влијание. Секаде онаму каде што се собира поголем број различно конституирани поединци, процесот на деперсонализација исто така е присутен. Оваа степенеста тенденција има свои корени делумно и во економската основа на градот. Развојот на големите градови, барем во денешно време, предимно зависеше од концентративната сила на пареата. Појавата на фабриките овозможи масовна продукција за безличниот пазар. Потполната експлоатација на можностите за поделба на трудот и масовната продукција, можни се само со стандардизација на процесите и продуктите. Паричната економија оди рака под рака со таквиот систем на продукција. Прогресивно како што се развиваат градовите врз основа на позадината на системот на продукција, паричната врска што подразбира способност на купување на услуги и предмети, ги има истиснато личните врски како основа за здружување. Индивидуалноста од вакви услови мора да биде заменета со категории. Кога голем број луѓе мораат секојдневно да ги употребуваат средствата и институциите, тогаш мора да се создаде ред за прилагодување кон овие средства и институции кон потребите на просечната личност а не кон оние посебни поединци. Јавните комунални услуги, рекреативните, воспитните и културните институции мораат да се прилагодат кон потребите на масите. Слично на тоа, културните институции, какви што се училиштата, кината, радиото, весниците, врз основа на својата клиентела, мораат неизбежно да функционираат како степенести влијанија. Политичкиот процес онаков каков што се појавува во урбаниот живот, не може да се разбере без да се земат предвид

средствата за масовно комуницирање што се користат во модерната пропагандна техника. Ако поединецот воопшто учествува во општествениот, политичкиот и економскиот живот во градот, тој мора да подреди нешто од својата индивидуалност на потребите на поширокаta заедница и да се впушти во масовните движења.

3.4 ЧУВСТВАТА И СИМБОЛИКАТА КАКО ЕКОЛОШКИ ВАРИЈАБЛИ*

Систематизацијата на еколошката теорија има далеку напреднато и тоа врз две главни премиси во поглед на карактерот на просторот и природата на издавањето локации. Првата премиса постулира дека единствената врска меѓу просторот и издавањето локации е наметната и натурена. Втората премиса претпоставува дека издавањето локации е само извор на "буџетски" средства[1] . Врз основа на овие две премиси единствената можна врска меѓу издавањето локации и просторот е економската. Бидејќи обезбедувањето пожелни простори е ограничено следува дека не можат сите активности да бидат фаворизирани. Поради тоа настанува процес на конкуренција, во кој помалку пожелните локации се присвојуваат за да може подоцна да се експлоатираат и за да создадат најголем профит од приходот од продажбата. Помалку саканите локации им припаѓаат на оние со помалку можности и потреби[2] .

Давајќи договорно милје во чии рамки модерниот град се развива и ги стекнува своите функции, таквата "економска екологија" има одредена адекватност во опишувањето на урбаната просторна структура и динамика. Меѓутоа, како што од една страна секоја теорија созрева и се приближува до еден логички заклучок на своите воопштувања, од друга страна неизбежно наидување на факти што не се согласуваат со теоретската шема. Во овој текст наша цел ќе биде да ги опишеме одредените еколошки процеси што очигледно не можат да бидат опфатени со крута економска анализа. Наша претпоставка е дека податоците што не му се изненадувачки или непознати на истражувачкиот

---

* W. Firey, Sentiment and Symbolism as Ecological Variables, American Sociological Review, 10/1945, p.140-48.

[1] Види Everett C. Hughes, "The Ecological Aspect of Institutions", American Sociological Review. 1:180-9, април 1936.

[2] Оваа претпоставка за корелација меѓу максималните услуги на приватните здруженија и оние од општеството можат да бидат оспорени во рамките на маргиналната услужна анализа. Види особено A. C. Pigou, The Economics of Welfare, 2, London: 1924, дел II, глава 8. За јасна претстава на типичната позиција види Robert Muray Haig, "Towards an Understanding of Metropolis - the Assignment of Activities to Areas in Urban Regions", Quarterly Journal of Economics 40: 402-34, мај 1926.

еколог, укажуваат на промена на основните премиси во екологијата. Оваа промена ќе се состои, прво, од припишување на просторот не само дополнителен квалитет туку исто така и дополнителна предност со оглед на фактот што понекогаш е симбол на одредени културни вредности што се поврзуваат со одредена просторна област. Второ, тоа би се состоело од признавање дека доделувањето локации не е само на извор на приходи туку може исто така да содржи и чувства што можат значително да влијаат врз населувањето[3] .

Анализа на оваа двојна хипотеза е дадена врз примерот на одредени карактеристики на корисното земјиште во централен Бостон. Исто како и многу од постарите американски градови и Бостон има наследено од минатото одредени просторни обрасци и ориентири што имале забележлива истрајност и дури заживеана моќ и покрај предизвиците од други економски покорисни земјишта.

Истрајноста на овие посторни обрасци може да се разбере само од аспект на групните вредности што тие ги симболизираат. Ние ќе опишеме три типови на такви обрасци: прво, градски простор за живеење на високата класа познат како Бекон Хил; второ, одредени "свети положби", угледниот Бостон Комон и колонијалните гробишта и трето, пониската класа на италијански подрачја познати како Норт Енд. Во секое од овие подрачја можеме да откриеме процеси што изгледа им се спротивставуваат на крутите економски анализи. Првата од областите, Бекон Хил, е сместена околу пет минути одење од малопродажниот центар на Бостон. Ова подрачје го има за речиси за век и половина задржано својот карактер како област за живеење на високата класа и покрај нејзиното граничење со Вест Енд - областа, што важи како област со куќи за изнајмување, со ниски кирии. За време на својата долга историја Бекон Хил стана симбол за голем број сентиментални асоцијации што го прават вистински атрактивна сила за одредени стари семејства на Бостон. Некои идеи за природата на овие чувства можат да се стекнат од изјавите во многубројните памфлети и статии напишани од жителите настанети во Хил. Забелешките за "оваа света еминенција"[4] , "свечен старински изглед"[5] , и "старински старомоден шарм"[6] , даваат увид во одне-

[3] Georg Simmel, "Der Raum und die raumlichen Ordnungen der Gesellschaft", Sociologie, Munich, 1923, стр. 518-22, Hughes, op.cit.

[4] John R. Schultz, Beacon Hill and the Carol Singers, Boston, 1923, стр.11.

[5] Bulletin of the Society for the Preservation of New England Antiquities. 4:3, август 1913.

сувањата во оваа област. Еден жител јасно ја открива просторната упатеност на овие чувства кога таа пишува за Хил:

> "Има своја лична традиција, што започнува со гостољубивоста на некој што сака книги, и никогаш го нема загубено тој вкус. Да, нашите улици се непогодни, стрмни и лизгави. Аглите се нагли, контурите се изопачени... И можеби потсмевањето на нашите завидливи соседи има основа зашто овие драги наши кривулести улици навистина потекнуваат од калта на предците од расеаниот сој."[7]

Зад таквите изрази на чувства стојат многубројни историски асоцијации поврзани со таа област. Литерарните традиции во нив се најсилни; и навистина, целата литерарна легенда на Бостон го има својот фокус на Бекон Хил. Многумина од американските најистакнати литерати имаат свои домови на Хил. Денешните станари на овие куќи извлекуваат вистинска сатисфакција од индивидуалните истории на нивните станови[8] . Една дама чиј дом имаше славно педигре забележува: "Сакам да живеам овде зашто сакам да мислам дека голем дел од интересната историја се случувала токму овде во оваа соба." Не се малку семејствата што можат да имаат континуитет на живеење на Хил и тоа наназад неколку генерации некои дури од 1800-та година кога Хил за првпат се оформил како подрачје за живеење на високата класа. Прашање на чест е за жителот на Бекон Хил ако тој може да каже дека бил роден на Хил или пак дека барем бил одгледан таму; друга дополнителна предност е да се нагласи дека неговите предци некогаш живееле на Хил.

Така, еден широк спектар од чувства - естетски, историски и семејни - се здобија со просторна артикулација на Бекон Хил. Односот на овие чувства врз процесите на населување подразбира три форми: онаа која се памети, привлечната и одбивната. Сега би ги разгледале секоја од овие по ред. За да го измериме она влијание што просторните чувства можат да го вршат врз населувањето ги ставивме на список по место на живеење сите семејства што се регистрирани во Бостонскиот

---

[6] Josephine Samson, Celebrities of Louisburg Square. Greenfield, Mass., 1924

[7] Abbie Farwell Brown, The Lights of Beacon Hill, Boston, 1922, стр. 4.

[8] Cf. W. Lloyd Warner & Paul S. Lunt, The Social Life of a Modern Community, New Haven, Conn., 1941, str. 107, за овој образец.

социјален регистар за годините 1894, 1905, 1914, 1929 и 1943. Ова требаше да обезбеди разумно точна слика на распоредување на семејствата од високите класи по подрачја во Бостон и во предградијата. Најочигледна карактеристика на овие податоци е, се разбира, постојаното зголемување на семејствата од повисоките класи во приградските населби и забележливото намалување во две од градските области на високата класа - Бек Беј и Јамајка Плеин. Иако и двете овие подрачја остануваат во мода како области за живеење нивниот престиж рапидно опаѓа. Бек Беј конкретно, иако сé уште ги надминува по број сите други поединечни подрачја, ја има надминато постојната инвазија на станбени згради, соби за издавање и трговски установи кои ја уриваат неговата вредност и престиж. Трендот на Бекон Хил е сосема различен. Денес тој има многу поголем број семејства од високата класа отколку што имаше во 1894 година. Бекон Хил е единственото градско подрачје кое го има задржано постојаниот карактер на приоритетно подрачје и ја има задржано значителната пропорција на Бостонски стари семејства за себе.

3.4.1 Просторот и чувствата

Постои, меѓутоа, друг аспект на просторната динамика на Бекон Хил, оној што се однесува на "привлечната" локациона улога на просторно упатените чувства. Од 1894 до 1905 година Бекон Хил претрпе благо опаѓање, за потоа да претрпи постојан раст за 24 години, и неодамна да доживее друг благ пад. Овие варијации се значајни и тие многу јасно ја покажуваат динамичната еколошка улога на просторниот симболизам. првобитниот пад може да му се припише на тогашниот нов Бек Беј. Стотици акри земја беа преуредени од гранични појаси во величествени живеалишта. Модата ја посочуваше оваа област како селективна во градот и како одговор на нејзиниот диктат голем број семејства го напуштија Бекон Хил за да се населат во попретенциозниот Бек Беј. Сопственичките вредности на Хил почнаа да опаѓаат, старите живеалишта станаа соби за издавање, и бизнисот започна да ги окупира некои од улиците. Но многу од старите семејства останаа на Хил и некои од нив направија напори да го спречат постапното пропаѓање на кварто. Под заштита на трговците со недвижнини, еден архитект и неколку блиски пријатели, беше направена една програма за купување куќи, модернизирајќи ги куќите внатре и оставајќи ги колонијалните екстериери недопрени, за потоа да ги продаваат куќите на инди-

видуалните семејства за живеење. често соседите соработуваа во планирањето на подобрувањата за да се постигне архитектонска согласност. Резултатите од оваа програма можат да се видат во постапното враќање на семејствата од високата класа, назад на Хил[9]. Природата на привлечноста на Хил и видот на личности кои Хил ги привлекува можат да се опишат заеднички во наредните редови:

Спасувањето на старинскиот шарм на колонијалната архитектура на Бекон Хил, Бостон, е предмет на јасно дефинираното движење меѓу писателите и професионалците што ѝ ветува возбудливи можности на една личност што бара дом во умерена смисла на зборот и со конзервативен вкус. Поради тоа што разумните луѓе можеа да ги предвидат можностите што ги презентираа овие архитектонски ориентири, и ја прифатија задачата за преуредување и враќање на стариот сјај, овој историски кварт на стариот Бостон, некогашен центар на културата на литературата, си го враќа стариот сјај.[10]

Независната варијабла во овој "привлечен" локациски процес изгледа бил симболичкиот квалитет на Хил, со кој тој создаде средства за одредени силни чувства на бостонците од високата класа.

Иако ова обновување напредуваше, остана постојаната закана на карактерот на Бекон Хил што ги предизвика жителите на Хил да се организираат во Здружение на Бекон Хил. Формално во 1922 година, ова здружение имаше одредена задача "да го штити подрачјето Хил од непожелен бизнис и нарушување на животните услови"[11] . Едно време градот се занимаваше со подготвување обемна зонска програма, за да се обезбедат соодветни заштитни мерки за Бекон Хил. Беше предложена систематска мрежа на препораки од Здружението, земајќи предвид униформа од 65 стапки височина како граница за цел Хил, и исклучувајќи ја трговијата со исклучок на само две улици, и ограничување на обемот на станбените куќи[12] . Тоа успеа да се здобие само со делумно признавање на програмата во 1924 година со важност на зонски декрет. Но здружението продолжи

[9] The Boston Transcript. 12 април 1930.

[10] Harriet Sisson Gillespie, "Reclaiming Colonial Landmarks", The House Beautiful, 58: 239-41, септември 1925.

[11] The Boston Transcript, 6 декември, 1922.

[12] The Boston Transcript, 18 март, 1933.

да се бори против штетното користење на земјиштето од година на година[13].

Во 1930 година Здружението стигна до вистинско ограничување на висината на повеќето улици на Бостон и некои гранични улици. Една година подоцна Здружението успеа да спречи да се презонира Бекон улицата за трговски цели[14]. Во другите кампањи Здружението успешно се пробиваше во врска со презонирањето на трговските улици во простори за живеење и за неколку позитни случаи од локален интерес[15].

Така, во распон од еден век и половина на Бекон Хил постоеја одредени населувања што во голема мерка йсе оттргнуваат на економската анализа. Токму симболичниот квалитет на Хил, а не некој друг карактер, најблиску корелира со привлечните и одбивните трендови што ги разгледавме. И токму динамичната сила на просторните чувства, а не киријата, објаснува зошто одредени семејства избрале да живеат на Бекон Хил, а не во други градски подрачја што имаат еднаква пристапна локација или дури многу попогодни услови за живеење. Постои, значи, еден неекономски аспект во Бекон Хил, таков што е во некои аспекти вистински неекономски во своите консеквенции.

Ако се свртиме кон друг вид на образец на корисно земјиште во Бостон, што се состои од Бостон Комон, се среќаваме со друг случај на просторен симболизам кој има извршено значително влијание врз еколошката организација на другиот дел од градот. Бостон Комон е остаток од колонијалните денови кога секој ново-англиски град имаше доделено дел од земјиште за општа употреба како пасишта и простор за народната војска. За период од над три века Бостон растеше и се развиваше околу Комон, така што денес имаме земјиштен простор од 48 акри, збиен директно во срцето на трговскиот центар. На три од неговите пет страни се наоѓаат продавници со женска облека, театри и слично. На четвртата страна е Бекон-улицата. Единствено активностите на жителите на Хил ја имаат спречено трговијата да ја окупира оваа страна. Петтата страна е зафатена со јавниот парк. Картата на земјишната вредност ја опишува линијата на највисоката вредност отисната на двете страни на Комон,на улиците Третмонт и Бојлстон, во форма на долга тенка врвца.

[13] The Boston Transcript, 29 јануари,1927.
[14] The Boston Transcript, 12 април, 1930.
[15] The Boston Transcript, 10 јануари, 29 јануари, 1931.

3.4.2 Симбол на колективни чувства

Пред да ги земеме предвид еколошките консеквенции на оваа конфигурација, да погледнеме какви ставови се поврзуваат со Комон. Постои широка литература за Комон и во неа наоѓаме опишани многу интересни чувства[16] . Еден граѓанин вели: "...Овде, накратко, се сите наши акумулирани сеќавања, интимни, јавни, приватни."[17] Бостон Комон беше, е и секогаш ќе биде извор на традиција и инспирација од кои Ново - англичаните можат да ја обновуваат својата верба, да ги обновуваат своите морални сили и да ја јакнат својата способност да растат и да постигнуваат[18] . Така, Бостон стана "свет" објект, насочувајќи ги и симболизирајќи ги вистинските историски чувства на одреден дел од заедницата. Као и сите такви објекти, неговата светост произлегува не од некои суштински просторни атрибути, туку од претставувањето во мислата на луѓето како симбол на колективни чувства[19] .

Таква беше силата на овие чувства што Комон почна да се потпира врз многубројни законски гаранции. Градската повелба го ограничува Бостон засекогаш да го менува Комон или кој било негов дел. На градот му е понатаму забрането со државното законодавство да гради на Комон, освен во строгите рамки, или, пак, да гради патишта или железници низ него[20] . Со прифаќање на оставнината од Џорџ Паркмен, во 1908 година, што се проценува на над пет милиони долари, градот е натаму обврзан да го задржи Комон, и одредени други паркови, "за доброто и уживањето на своите граѓани"[21] .

Што значеше сево ова за просторниот развој на малопродажниот центар на Бостон јасно е од денешниот карактер на тој кварт. Малку градови од слична големина имаат толку малопродажен простор во областа. Спротивно од специјализираните продавници во многу градови, оние во Бостон се често зби-

---

[16] Говорот на William Everett, цитиран во The Boston Transcript, 7 март, 1903.

[17] T. R. Sullivan, Boston New and Old. Boston, 1912, стр. 45-6.

[18] Josua H. Jones,Jr., "Happenings on Boston Common", Our Boston, 2:9-15, јануари 1927.

[19] Cf. Emile Durkheim, The Elementary Forms of the Religious Life. London, 1915, стр. 345.

[20] Ст. 1859, ц. 210, параграф 3, пуб. стс. ц. 54, параграф 13.

[21] M. A. De Wolfe Howe, Boston Common. Cambridge, Mass., 1910, стр. 79.

ени меѓу тесните граници и мораат да се прошируваат преку задните и гранични згради. Сообраќајот во центарот на Бостон има дојдено буквално до точка на заситеност, делумно како последица на тесните еднонасочни улици, но главно како последица на недостигот од адекватни артерии што водат во и надвор од Хуб. Американското здружение за изградба на патишта има проценето дека дневно во Бостон има загуба од 81.000 долари како резултат од сообраќајното задоцнување. Возењето со камион во Бостон е ужасно скапо. Овие загуби понатаму се зголемуваат кај трговците, фабрикантите, оние што патуваат од и до работа со воз, и кај многу други[22]. Направени се многу предлози за проширување и градење премин низ Комон, и со тоа да се ослободи екстремниот застој во сообраќајот во Тремонт и Бекон улиците, двете артерии што се граничат со паркот[23]. Поранешните предлози што ѝ претходеа на изградбата на автопатот, предвидуваа поминување на трамвајска пруга низ Комон. Но, "контролните чувства на граѓаните на Бостон и на поголемиот број други граѓани од Соединетите Држави, му опонираа на дозволувањето таква употреба на Комон".[24] Бостон долго време страдаше од недостиг на земја и невообичаено високи цени на недвижнините како резултат и на тесните ограничувања на полуостровот што го прави градскиот центар и како резултат на исклучувањето од даночна потчинетост на толку големо подрачје како што е Комон.[25] Натамошна тешкотија се појавува од рапидното југозападно ширење на трговскиот дел во изминатите две декади. Со Комон, кој лежи директно на патот од ова проширување, трговскиот центар мораше да се рашири околу него во облик на продолжување, со очигледна непогодност за купувачите и постојана загуба за трговијата.

Комон не е единствена пречка за експанзија на градската трговија. Но, помалку од три гробишта од колонијално време го окупираат центарот на Бостон. Контрастот што е прикажан со деветкатните канцелариски згради што се издигнуваат покрај мирните гробишта, обезбедува видлив доказ за конфликтот меѓу

[22] Elisabeth M. Herlihy, ed., Fifty Years of Boston, 1932, стр. 53-4.

[23] Види, на пример, писмо до издавачот The Boston Herald. 16 ноември, 1930.

[24] First Annual Report of the Boston Transit Comission. Boston, 1895, стр. 9.

[25] John C. Kiley, "Changes in Realty Values in the Nineteenth and Twntieth Centuries", Bulletin of the Business Historical Society, 15 (јуни 1941), стр. 36, Frank Chouteau Brown, NBoston: "More Growing Pains", Our Boston, 3 (февруари 1927), 8.

"светото" и "профаното" што го илустрираат бостонскиот еколошки образец.

Комерцијално скапата земја е посветена на неуслужни цели и се оди дури подалеку од отстранување на трговските услуги од одреден простор. Од друга страна, стандарден принцип на недвижнините е дека трговијата извлекува дополнителна вредност ако граничните имоти се ангажирани со друга работа.[26] [27] Исто онака како што може само една единствена празнина да ја намали вредноста на еден цел трговски блок што се граничи со улицата, така и прекин во континуитетот на продавниците од страна на гробиштата ја намалува комерцијалната вредност на околните имоти. Но, колонијалните гробишта на Бостон беа опколени со морално значење што ги прави, речиси, неприкосновени. Не само што постои вообичаена побожност и светост што ги карактеризира сите гробишта, туку оние гробишта од Бостон имаат и извесна дополнителна светост што произлегува од староста на теренот и од фактот дека предците на многу Новоанглиски најславни семејства, како и извесен број колонијални и револуционерни водачи, се погребани токму на тие гробишта. Затоа постои многустран симболизам кај тие гробишта, што е во врска со семејната лоза, националноста, граѓанското потекло и на тоа слично, а кај сите тие има силни сентиментални асоцијации. Она што беше речено за старите гробишта може да одговара, со еднаква сила, и за многу други подрачја во централен Бостон достојни за почитување. Зградите какви што се Старото јужно собрание, Црквата во Парк-стрит, Кралската капела, и Старото сојузно собрание - сите жаришта на историски асоцијации - зафаќаат комерцијално вредно земјиште и го прекинуваат континуитетот на трговскиот дел на нивните улици. Речиси, сиве овие места беа загрозени во различни периоди од недвижностите и комерцијалните интереси што бараше од нив да бидат заменети со некои попрофитни потреби. Во секој случај, чувствата на заедницата им дадоа отпор на таквите закани.

Во сите овие примери наоѓаме симболично-чувствен однос кој има извршено огромно влијание врз корисноста на земјиштето. Не смее да се мисли дека таквиот феномен е чисто еколошки. Многу други постари американски градови покажуваат слични карактеристики. Деланси-улицата во Филаделфија претставува фрапантна паралела на Бекон Хил; и одредени градски квартови

[26] Richard M.Hurd, Principles of City Land Values, New York, 1903, стр.93-4

[27] H. W. Gilmore, "The Old New Orleans and the New:"A Case for Ecology", American Sociological Review. 9:385-94, август 1944.

во Чикаго, Њујорк и Детроит, неодамна освежени како модерни станбени реони, имаат сличности со обновениот Бекон Хил. Натамошните студии од овој вид треба уште повеќе да го разјаснат просторот на чувствата и симболизмот во урбано-просторната структура и динамика.

3.4.3 Симбол на етничка солидарност

Како трета точка на индикација на нашата хипотеза избравме подруг тип на област во однос на оној што досега го разгледувавме. Многу добро познат факт е дека имигрантските гета, заедно со другите сиромашни квартови, станаа реони во кои опаѓа бројот на населението во повеќето американски градови. Не е толку силно вкоренета мислата дека ова опаѓање се стреми да биде селективно во својот опсег врз жителите и дека оваа селективност може да манифестира различни степени на идентификација со имигрантските вредности. Зашто живеалиштето во рамките на гетото претставува повеќе од просторно сместување; тоа обично значи прифаќање на имигрантските институции. Извесна светлина врз овој процес се фрла со податоците од Норт Енд во Бостон. Овој крај речиси наполно италијански по популација, долго време беше познат како "Бостонската класична земја на сиромаштијата".[28] Осумнаесет проценти од жителите се постари од осумдесет години, а 60 проценти се стари четириесет или повеќе години.[29] Индикативно за опаднатата вредност на многу згради е неодамнешната продажба на дваесетсобна станбена зграда за само 500 долари. Затоа не е изненадувачки што во тој реон има опаѓање на популацијата од 21.111 во 1930 година на 17.598 во 1940 година.[30] Па, сепак, прегледот врз одредени емиграциони диференцирања во Норт Енд го открива совпаѓањето меѓу италијанската социјална структура и процесите на населување. За да се дојде до овие диференцијации беше пристапено кон проценување на емиграцијата според старосните групи и

[28] Robert A. Woods, ed., Americans in Process. Boston, 1903, стр. 5.

[29] Finance Comission of the City of Boston, A Study of Certain of the Effects of Decentralization on Boston and Some Neighbouring Cities and Towns. Boston: 1941, стр.11

[30] Aggregate population of census tracts F1, F2, F4, F5: Census Tract Data, 1930 Census, необјавен материјал од 15-от Цензус на Соединетите Држави, табела 1, Population and Housing – Statistics for Census Tracts, Boston. 16-ти Цензус на Соединетите Држави, 1940, табела 2.

раѓањето, со употреба на животни табели. Процедурата се состои од споредување на стварното население од 1940 година со остатокот од 1930 кое веројатно преживеа до 1940 година според темпото на преживување на државата Масачусетс. Секој недостиг на вистинска популација од 1940 година е мерка на "ефективната емиграција".[31] Ефективната емиграција едноставно го индицира степенот на опаѓање на популацијата што може да ѝ се припише на емиграцијата, а не на смртта...[32]

Накратко, Норт Енд ги губи своите млади луѓе во многу поголем степен отколку своите постари луѓе.

Овие диференцирања не се во никој случај зачудувачки; она што е зачудувачко, меѓутоа, е нивното совпаѓање со основните италијански вредности што го наоѓаат својот полн институционализиран израз во Норт Енд. Емиграцијата од реонот може да се посматра и како причина и како симбол на алиенација од овие вредности. Во сржта на италијанскиот вредносен систем се оние чувства кои се однесуваат на семејството и соселаните. И двете овие му даваат голема шанса за одржување на престојот во Норт Енд.

Соселаните, или луѓето од исто село или потекло, покажуваат значителна тенденција на живеење близу едни до други, понекогаш зафаќајќи поголем дел од една улица или маало.[33] Таквата близина, или барем заедничко живеење во Норт Енд, во голема мерка го олеснува учеството во соседските функции што им се толку важни на првата генерација Италијанци. Освен тоа, таму во Норт Енд се одржуваат фештите, годишнините и другите староседелски прослави, и таквата нивна зачестеност во живеењето во тој реон е, речиси, неопходна за нормална

[31] Гледајќи ги полициските листи за две различни години пресметка е направена за имиграцијата во примерот на полицискиот округ Норт Енд. Бројката (61) открива толку мал обем на имиграција што било каков обид да се пресмета вистинската емиграција според старосни групи би довел до статистичка неточност во пресметувањето. Стапката на преживување за Масачусетс беше пресметана од државните табели во: Комитетот за национални извори, Статистика на популацијата, 2. State Data, Washington, 1937, Дел Ц, стр. 38. Техниката е набележана во C. Warren Thornthwaite, Internal Migration in the United States. Philadelphia, 1934, стр. 19-21.

[32] Очигледно најмногу од емигрантите во старосната група од 15-24 години во 1930 година мигрираше во старосна група од 20-29 години, додека пак емигрантите од старосна група 35-64 години мигрираа кога беа во старосна група од 40-69 години.

[33] William Foote Whyte, Street Corner Cosiety, Chicago, 1943, стр XIX.

партиципација. Општествените односи на овие групи, како и добротворните друштва, тајните здруженија и религиозните организации, имаат строго локалистичен карактер. Кога еден Италијанец од втората генерација бил запрашан дали неговите родители имигранти имале намера да го напуштат станот под кирија во Норт Енд, одговорил: "Не, бидејќи сите нивни пријатели се таму, нивните роднини. Тие го познаваат секого таму." Токму поради овие причини првата генерациија Италијанци толку малку се наклонети да го напуштат Норт Енд, за разлика од Италијанците родени во Америка.

Еднакво значаен е и локалистичкиот карактер на Италијанското семејство. Неговата солидарност е толку голема што воопшто не е необично да се најде стан населен сосема и само со едно пошироко семејство: дедовците и бабите, возрасните деца со нивните партнери и внуците. Има примери кога едно такво семејство го има надминато еден таков стан и се има проширено во соседен, рушејќи ги преградите во влезови. Ова се еколошки изрази, делумно, поради очекуваната грижа што една италијанска мајка ја има за доброто на својата тукушто омажена ќерка. Идеален пример за ќерката би бил да продолжи да живее во куќата на својата мајка, со тоа што таа и нејзиниот маж би имале одредени свои простории кои би ги опремиле самите. Со текот на времето од младата двојка се очекува да заштеди и да си купи сопствена куќа, по можност не многу далеку. Повластените кирии, кои Италијанецот кој има сопствен стан, ќе му ги определи на својот роднина се уште една манифестација на локализирани ефекти на италијанските роднински вредности.

Одењето во Норт Енд обично означува извесен степен на откажување од вредностите на заедницата. Еден Италијанец пишува за еден емигрант од Норт Енд: "Јас сé уште се сеќавам со жалење на суетната насмевка на супериорност што се појави на неговото лице кога му реков дека јас живеам во Норт Енд, Бостон." "Јас не одам меѓу тие плебејци."[34] По правило постар Италијанец не би сакал да прави ваква промена, до колку не мора. Само помладите возрасни, оние што се родени во Америка и кои се образовани, се во состојба да го прават тој преод кон друг вредносен систем со радикално различни вредности и цели.

Становите во Норт Енд, изгледа, се просторна последица на интеграцијата со италијанските вредности. Исто така, емигрирањето од тој реон означува асимилација со американските вред-

[34] Enrico C. Sartorio, Social and Religious Life of Italians in America, Boston, 1918, стр.43-4

ности, и така го толкуваат и самите луѓе меѓу себе. Така, иако реонот не е свесен објект на сентиментална привлечност, како што се Бекон Хил и Комон, тој сепак стана симбол на италијанската етничка солидарност. Врз основа на овој симболичен квалитет реонот има моќ на памтење врз оние жители кои најмногу ги разменуваат вредностите кои преовладуваат овде.

Оттука е логично да се каже дека сиромашниот реон е многу повеќе отколку "област со минимум избор".[35] Под површината на феноменот на опаѓање на популацијата, можеби, постојат диференцијални стапки на опаѓање што бараат позитивна формулација во системската еколошка теорија. Таквите процеси се очигледно преломни за анализа во смисла на конкуренција за најмалку нарушена локација. Различниот ред на поими, под влијание на вредносниот, аспект на просторно прилагодување мора да ги дополни доминантните економски поими на екологијата.

[35] R. D. McKenzie, "The Scope of Human Ecology", во едицијата на Ernest W. Burgess, ed., The Urban Community, Chicago, 1926, стр. 180.

3.5 ГРАДОТ КАКО ЗБИР НА ЈАДРА*

Ни теоријата на кругови на Ернест Барџес[36], а ни теоријата на сектори на Хомер Хојт[37] не даваат задоволително објаснување за формата на градот. Екологијата на градот во средниот век е спротивна на согледувањата до кои Барџес подоцна ќе дојде. Фактите говорат за овој период многу повеќе одошто теоријата. Најдобрите згради биле сместени во близина на катедралата во центарот на градот. Се наоѓале на плоштадот, откаде што во правец кон градските ѕидини вредноста на земјиштето опаѓала. Посиромашните слоеви од општеството биле сместени блиску до градските ѕидини каде што населението се трупало во хаотичен неред сé додека проширувањето на градските ѕидини не ја решило ваквата состојба. Некои цртежи на средновековните градови покажуваат дека предградијата растеле надвор од градските ѕидини. Предградието во кое се наоѓале седиштата на трговците и другите луѓе кои доаѓале во градот, се формирало во вид на испапчување пред една од градските порти, под палисадите кои биле доволно цврсти за во случај на непријателски напад да овозможат повлекување во внатрешноста на ѕидините и на неговите жители.

Барџесовата теорија на кругови била заснована врз претпоставката за постојана трка во правец на урбаната периферија. Според оваа теорија се претпоставува дека жителите практично се натпреварувале кој попрво ќе се досели на периферијата на градот, дека забрзано се ширеле во правец на природата, дека под паролата "laissez-faire" на периферијата на градот се населиле оние луѓе кои биле финансиски најмоќни, дека вредноста на земјиштето кон приферијата на градот растело, дека оние што

---

* Svend Riemer, The Nucleated City, The British Journal of Society, 3/71, p.231-239.

[36] Теоријата на кругови за развојот на градот прв ја разви Е.В. Барџес (E.W.Burgess) "The Growth of the City" во издание на Роберт Е. Парк (Robert e. Park), Е.В.Барџес и Родерик Д.Мекензи (Roderick D. McKenzie), "The City", Chicago: University of Chicago Press, 1925, p. 47-62.

[37] Теоријата на сектори од Хомер Хојт (Homer Hoyt) е вклучена во нацртот на "The City of the Future" во издание на Артур М. Вајмер (Arthur M. Weimer) и Хомер Хојт, "Principles of Urban Real Estate", New York: The Ronald Press Co., 1948, p.17. Хомер Хојт ги заснова своите откритија врз пописите на надвижнини усовршени од ВПА (WPA) во триесеттите.

нуделе најмногу биле во можност да ги добијат оддалечените плацови, итн.

Терминот "ширење" всушност подразбира центрифугален урбан растеж. Градот се ширел онаму каде што тоа било возможно, имено на периферијата. Движењето во тој правец, значи, се засновувало врз љубовта кон природата, а со цел да се избегнат бучавата и непријатните мириси од средиштето на градот.

Па сепак, може да се сомнева дека токму природниот амбиент на периферијата на градот е она што ја зголемува вредноста на земјиштето во овие области. Урбаната периферија е само граница каде што се среќаваат градот и селото. Не е многу битно дали куќата се наоѓа една, две, или повеќе милји од природата. Според тоа, постапното вреднување на земјиштето во урбаната средина не може да се објасни само со близината на природата до периферијата на градот. Уште нешто мора да се земе предвид. Пределите на периферијата на градот не претставуваат многу благопријатна средина. Земјата овде не може да се обработува и затоа тука се наоѓаат земјиштата со непријатна намена. Има отпади за стари автомобили, а овде се сместени и домовите на оние од многу сиромашната класа кои живеат во стари колиби или привремено направени бараки од картон или лим.

Со еден збор, во атмосферата на предградието сé има привремен карактер. Причина за потрајна инвестиција нема. Станбената сопственост од средиштето на градот се движи кон неговата периферија и ќе ги заземе и оние простори што сега за некои претставуваат привремено решение. На урбаната периферија се наоѓа вториот сиротински кварт. Знаеме дека сиротинскиот кварт во средиштето на градот и оној на неговата периферија се лоцирни онаму каде што ниската вредност на земјиштето се очекува да се зголеми[38], онаму каде што трговијата се заканува да ја уништи станбената сопственост и онаму каде што обработливото земјиште е загрозено поради ширењето на земјиштето со станбена намена. Затоа, сопствениците очекувајќи измената на сегашната намена на земјиштето да им донесе поголем профит во иднина, избегнуваат да инвестираат и така се создаваат услови за сиротински квартови. Значи, од станбениот појас на градот, во насока кон центарот и во насока кон периферi-

[38] Walter Firey, "Ecological Considerations in Planning for Urban Fringes", Amer. Sociol. Rev., vol. 2, no. 4 (Август, 1946).

јата две различни зони на промена ги привлекуваат жителите на градот[39].

На периферијата на градот се наоѓа исто така и земјиште наменето за објекти кои бараат поголем простор, па поради тоа и зависат од ниските цени на земјиштето. Тука се лоцирани терени за голф, пространи градинки и стоковни куќи, хиподроми и слични објекти за пасивна забава. Сите овие објекти бараат голем простор, а носат релативно висок профит зашто се засновани врз краткотрајна амортизација.

Хомер Хојт, пак, ја напуштил идејата дека вредноста на земјиштето во модерниот град се јавува во низа од кругови[40]. Наместо тоа, тој претпочитал да разгледува одделни делови од градската средина каде што се утврдила различна вредност на земјиштето со тенденција кон кумулативна агрегација. А што се однесува до станбената сопственост, во тесна врска со нејзината локација биле правците на ветровите.

Во повеќе европски градови куќите на богатите се наоѓаат на југо-запад, додека пак оние на сиромашните се сместени претежно на североисток. Ветровите кои главно доаѓаат од југо-запад дуваат во правецот на посиромашните квартови, така што квартовите каде што живеат богатите не се загадуваат од нечистотиите што ги носи ветерот.

Барџесовата теорија на кругови не ја претпостави само кружната форма на градот туку и тоа дека на еднакво растојание од градот земјиштето ќе има слична намена. Неговата претпоставка за специфични кругови беше произволна.

Петте кругови од неговата теорија треба да се сфатат како непрекината низа од кругови кои меѓусебно се разграничени со внатрешни и надворешни прстени на обезвреднување. Овие прстени водат од зона на помала во зона на поголема "функционална застареност". Според тоа, ширењето на урбаната периферија не се должело само на љубовта кон природата, туку исто така и на потребата за куќи кои одговараат на барањата на современиот начин на семеен живот.

На периферијата на градот куќите се изградени во поново време па затоа и се прилагодени кон современите барања за семеен живот, што посебно може да се забележи ако се погледне

[39] За надворешниот сиротински кварт, види Svend Riemer, "The Modern City", Prentice-Hall, Inc., 1952, p. 96.

[40] Петте кругови на Барџес вклучуваат: прво, деловна област; второ, преодна зона; трето, домови на работници; четврто, станбен појас; и петто, појас на оние што патуваат на работа.

планот на приземјето. Спротивното пак важи за куќите кои се наоѓаат околу центарот на градот. Како што навлегуваме од предградијата кон центарот на урбаната средина, така ќе забележиме дека куќите се сменуваат во постојана низа. Ако навлеземе подлабоко кон центарот на градот, ќе забележиме дека куќите се од позастарен тип, што одново може да се забележи од распоредот на приземјето. Во центарот на градот куќите обично имаат соба за послуга, иако сосема мал дел од современите семејства имаат послуга која и живее со нив. Од друга страна, пак, ниедна модерна куќа на периферијата на американските градови не е без работна соба во приземјето.

При вака новонастанати услови тешко е да се прифатат само кругови кои ги разграничил Ернест Брицис. Во урбаната целина можат да се најдат куќи кои го одразуваат поранешниот и поновиот начин на семејно живеење.

3.5.1 Урбаното ширење не значи напредок

Движењето на семејствата кон периферијата на градот треба да се согледа како нешто повеќе отколку само воодушевување за природата и зеленилото. Намалувањето на "функционалната застареност" е тоа што ги придвижувало фамилиите чекор по чекор нанадвор. Всушност, прекрасната природа е навистина блиску само до мал број куќи кои се наоѓаат на самата периферија на градот. Може да се каже дека токму "функционалната застареност" е повеќе вистинската движечка сила, отколку што е тоа воодушевувањето за мирна природа со ридови, езера и шуми.

Новиот начин на планирање на единки на соседството се одразил врз состојбата во текот на четириесеттите години од овој век.[41] Планерите требаше да се погрижат за неочекувано големиот растеж на градовите. Тие сфатија дека урбаното ширење само по себе не значеше напредок.

Начинот на кој можеше да се скроти големината на градот беше да се формираат единки на соседство, единки на урбана средина кои немаат повеќе од 5.000 жители[42]. Со ваквиот начин

[41] За литература за планирање на соседството види ја библиографијата на Џејмс Дин (James Dean), "The Neighbourhood Unit Plan", New York: Russell Sage Foundation, 1947.

[42] Clarence Arthur Perry, "Housing for the Machine Age", New York: Russell Sage Foundation, 1939.

на планирање требаше да се надмине анонимноста на урбаната егзистенција. Соседството требаше да исполни две задачи: прво да создаде природен изглед на групи станбени блокови кои би биле окружени со зелени површини со грмушки и дрвја и второ да ги намали симптомите на социјалната дезорганизација.

Познанствата меѓу луѓето кои живеат во единките на соседство ја намалија високата урбана стапка на криминал, ментални болести, алкохолизам, разводи, наркоманија и сл. Се очекуваше единката на соседство во градот да создаде услови за живот слични на оние во малиот град. Па сепак, планирањето на соседства не ги оствари надежите на планерите. Тоа навистина создаде услови за пријатен живот, но не ја оживеа социјалната контрола.

Она што се постигна со планирањето на соседства беше растоварувањето на претераната бучава и непријатните мириси предизвикани од густиот сообраќај во средиштето на градот. Со тоа се создадоа услови за попријатен семеен живот.

И покрај тоа што ваквиот начин на планирање имаше и некои други предности, тоа сепак не ги донесе очекуваните резултати. Имаше обиди да се стандардизира овој начин на изградба, бидејќи така се штедеше на издатоци. Така, беа изградени не многу убавите таканаречени "споени куќи". Јавноста негодуваше против ваквиот начин на изградба од две причини:

прво, изградбата на вакви куќи претставуваше обид да се заштеди на издатоци бидејќи се употребуваа поевтини материјали за изградба. Затоа зборот "споена куќа" денес се употребува да означи лош материјал и неотпорност на лизгање, зашто ваквите куќи беа градени и врз земјишта кои не беа погодни за изградба и

второ, презирот кон "споените куќи" произлегуваше и од фактот дека постои можност тие да се стандардизираат. Но против ова не би требало да има приговори, бидејќи стандардизацијата на куќите е погоден начин да се стандардизира и семејниот живот.

Стандардизираните слепени куќи, значи, станаа предмет на презир. Од друга страна пак, не мора да значи дека урбаната единка на соседство нужно ги намалува симптомите на социјална дезорганизација во големите градови, сепак не се должни само врз фактот дека тие се причинети во голем град[43], туку и на тоа што луѓето кои пројавуваа вакви симптоми се оние што во големиот град се доселиле од малите градови. Фактот кој исто така придонесува за создавање социјална дезорганизација е и

[43] Svend Riemer, "Villagers in Metropolis", Brit. J. Sociol., vol II, no.1 (1951).

социјалната контрола на познаниците. Животот во единката на соседство е удобен, но не ја носи во себе социјалната контрола која е присутна во малите гратчиња. Она што е заедничко и за единките на соседство и за трговските области е тоа што луѓето живеат во близина едни со други. Малото јадро на урбаната целина се одржува во секоја од нив. Во секоја од овие единки се доближуваме до европските вила - градови кои се лоцирани на периферијата на метрополите, а кои често прераснуваат во предградијата.

3.5.2 Жителот на предградието - прототип на современиот човек

Предградијата на периферијата на градот добиваат форма на трговски центри окружени со станбена зона. Ваквата структура е опишана во литературата за трговските области, а и во она за градовите-градини[44]. Урбаната целина насекаде е прошарана со трговски области и тоа не само на периферијата, туку и во областите што се наоѓаат поблиску до центарот на градот.

Повеќето од луѓето во современото општество се сметаат себе си за жители на предградието. И двата термина, жител на градот и жител на предградието, се соодветни за сите граѓани. Со неформалниот начин на живот во предградието се елиминира острата граница меѓу чиновниците и работниците. Независно од професијата, потрошувачката е тоа што сега го одредува статусот на индивидуата. Значи жителот на предградието ги има истите психолошки карактеристики како и современиот просечен човек - ако за такво нешто воопшто можеме да зборуваме. Со еден збор, жителот на предградието е прототип на современиот човек.

Трговските области и градовите - градини имаат многу заеднички карактеристики, и често тие се разликуваат само по големината. Но, и покрај овие сличности, секако дека градовите - градини имаат некои свои особености кои не се карактеристични за трговските области. Ебенезер Хауард (Ebenezer Howard) во своите обиди да го смири огромниот растеж на Лондон, се застапувал за јадра кои би биле сосема независни од градот и каде што би ги имало сите услови за работа и рекреација надвор од зелениот појас. Но ако градот - градина не дава услови за вработување на неговите жители, тогаш постои опасност тој да се

[44] Ebenezer Howar, "Garden Cities of Tomorrow", London, Faber & Faber Ltd., 1945.

претвори само во станбено предградие. Ниеден град - градина досега не си ја исполнил својата цел.

Во сите досега познати случаи, зелениот појас што постоел меѓу градот - градина и централниот дел на градот исчезнал. Во просторот меѓу градовите - градини и централниот дел на градот се лоцирани диви населби, делови необработена земја и лесна индустрија. Токму таков е и примерот со Велингби, град - градина сместен во близината на Стокхолм. Овој град - градина е поврзан со метро со центарот на градот и на тој начин е премостена територијата што ги дели. Истото важи и за трговските населби што се растурени на еднакво растојание во околината на Стокхолм.

Визуелниот преглед на градовите - градини уште повеќе ни ја открива нивната сличност со трговските области. Така на пример, трговкиот центар во Стокхолм се вика "Центрум". Ова потсетува на трговски центри кои на други места се споиле со зонирање. На овој начин тековите на трговијата и стопанството не го нарушуваат мирот и тишината на станбените области. Луѓето од околината знаат дека ваквото јадро постои и дека тука јавниот живот им дозволува да си причинуваат разни задоволства како што се купувањето или пак да уживаат во благодетите кои ги нудат ресторaните или кината. Дури и самата карта на Стокхолм јасно покажува како е тој опкружен со градови - градини и трговски области.

Може да се каже, значи, дека близината на природата и ограничената "функционална застареност" се фактори кои ја прават периферијата на градот привлечна за живеење. Копнежот за урбаната периферија е присутен веќе подолго време, имено уште од времето кога Ернест Барџес прв ја поставил теоријата за ширењето на градот.

Тој го забележал постојаното ширење на урбаната средина насекаде. Урбаната целина се ширела по аксијалните оски на транспорт, а внатрешните кругови на урбан растеж се ширеле по должината на правците на транспорт. Ваквиот растеж можел да се предвиди ако растојанијата во градот се мерат со времето потребно за нивното совладување, наместо тоа да се прави во географски мерки. Лоцирањето куќи околу оддалечените железнички станици или пак покрај пругите, укажува на фактот дека станбени услови постојат и на оние места каде што инаку би изгледале неприфатливи, освен ако не се во близина на центарот на градот. Следствено на ова, круговите на градот се шират во насока нанадвор.

Урбаната целина досегна длабоко во заднината на градот по должината на оските на транспорт, а пак просторот внатре меѓу самите оски на разни начини постојано се шириле, што овозможи лоцирање на населби меѓу нив. При овој процес следниве фактори одиграа значајна улога:

- моторните возила,
- септичките танкови и
- производството на електрична енергија.

Улогата на моторните возила е јасна. Тие го овозможуваа приватниот превоз онаму каде не досегаше јавниот транспорт. На овој начин станаа достапни и оние локации што беа далеку од главните оски на транспорт, бидејќи патишта постоеја и на онаа територија што не беше покриена од страна на јавниот транспорт. Септичките танкови и производството на електрична енергија пак, го условија формирањето населби онаму каде што приватните автомобили помагаа при транспортот.

3.5.3 Градот е збир од јадра

Уште една новина во современиот град е и локацијата на тешката индустрија. Во времето кога Ернест Барџес ја поставил теоријата на кругови, тој точно укажал на централната локација на индустриските објекти. Во тоа време тој главно бил засегнат со лесната индустрија која била лоцирана во центарот на градот. Подоцна, градилиштата на периферијата на градот овозможиле товарните возови да можат да сообраќаат директно до индустриските објекти, каде што можело да се натоварат со стока за продажба во некое подалечно место. Многу современи индустриски објекти, а особено оние што имаат тешка машинерија, користат подвижна лента. За тешката индустрија да има периферна локација придонесува и тоа што купувањето земја за оние процеси на производство е поевтино во предградието на градот. Фабриката во предградието на градот привлекува и други структури како на пример, куќи за работниците и другите вработени и сл. Така, индустрискиот центар, сконцентриран околу објектот на фабриката, сочинува круг за себе.

Нешто друго, пак, се случува во големите градови на нашата цивилизација. Во средиштето на градот се градат патишта, автопати, автостради или сеедно веќе како ќе ги наречеме, и тие во форма на лакови оцртуваат сектори во урбаната целина на средиштето на градот.

Долго време измина откога Ернест Барџес и Хомер Хојт ги поставиле своите теории за градот. Денешниот модерен град претставува група на јадра.

Нашето внимание е свртено кон градот на иднината. Мораме да се соочиме со сеприсутниот пораст на населението. Во земјите на западната цивилизација, овој пораст не се должи како на Далечниот Исток на подобрувањето на средствата за транспорт со што се отстрани опасноста од глад.

Овде се други факторите што го условија порастот на населението бидејќи вистинско гладување никогаш и немало. Во Америка и Европа два фактора придонесуваат за пораст на населението: прво, во некои земји голема е групата на луѓе од фертилна старост, па старосната пирамида има форма на круша и второ, поради големиот број млади бракови и рано мајчинство се забрзуваат фазите на семејниот живот. Резултат на ова е зголемен број на населението. Зголемениот број на население и поширокатa територија на градот се услови кои мораат да се земат предвид кога се преземаат мерки за планирање. Планот за градот во иднина мора да се однесува и на веќе изградените делови на градот. Околината на градот е прошарана со мали урбани целини, со трговски области и градови-градини[45], а околу урбаните јадра е оставен појас на необработена земја.

Постојната шема ќе треба да се прошири за идниот град. Урбаните конструкции навлегуваат длабоко во внатрешноста и треба да се очекува тие во иднина да се зголемуваат и да го пополнат празниот простор меѓу нив. Во иднина трговските области и градовите-градини ќе станат проширена урбана целина во центарот. "Зелениот појас" ќе се пополни и повторно ќе добиеме кружен град.

Шемата за растежот на Стокхолм е пример за тоа дека треба да ги напуштиме и теоријата на кругови и теоријата на сектори, и да ја прифатиме теоријата за создавање јадра со слободни простори околу урбаните точки на периферијата на веќе изградениот град.

Теоријата на кругови и теоријата на сектори не се неточни, туку тие едноставно веќе не функционираат во современи услови. Историски гледано, тие имале своја улога. Теоријата на сектори можела да се примени за објаснување на градот во средниот век, па и подоцна кога економијата бавно се развивала, и кога одделни

[45] Интересна дискусија за планот за модерен град може да се најде во "The 1966 Outline Regional Plan of the Stockholm Area", Stockholm Regional Planning Office, 1968.

делови од урбаната целина се групирале на разни места од урбаната територија. Деветнаесеттиот век во Америка, пак, најдобро може да се објасни со помош на теоријата на прстени која го објаснува ширењето кон периферијата на градот[46].

Градот денес мораме да го согледаме како збир на јадра. широките улици во центарот на градот, изолираните трговски области, и градовите-градини на периферијата се отворен простор меѓу нив, создадоа нова слика на модерен град[47].

[46] Види погоре E.V. Barxes (E.W. Burgess).
[47] Види погоре фуснота 10.

3.6 РАСПРАВА ЗА ТЕОРИЈАТА НА ПРОСТОРОТ*

Да се разгледува градот како одраз на општеството во просторот е во исто време неопходно појдовна точка и една суштинска афирмација. Ако треба да се надмине емпиризмот на географската дескрипција, постои ризик просторот да се замисли како празен лист хартија на кој се запишува делувањето на групите и институциите без да се наиде на друга пречка, освен на трагата на изминатите генерации. Тоа нé доведува до сознание дека, природата во целост е обликувана од културата, додека општествената проблематика започнува во нераздвојната обединетост на овие два поими, низ дијалектичкиот процес во однос на кој еден посебен биолошки вид (посебен, бидејќи е поделен на класи), "човекот" се преобразува и ја прилагодува својата средина во борбата за живот и во диференцијалното присвојување на производите од трудот.

Просторот е материјален производ во однос на други материјални елементи - меѓу другото човекот, кој и самиот влегува во одредени општествени релации, кои му ја даваат на просторот (како и на другите елементи) форма, функција, и општествено значање. Тој не е сосема погоден за откривање на општествената структура, но претставува конкретно изразување на секоја историска целина во која едно општество се конкретизира. Станува збор, за воведување структурални и конјуктурни закони, на ист начин како и за секој друг реален објект, кои го командуваат неговото постоење и трансформација, како и специфичноста на артикулирањето на другите елементи на една историска вредност.

Тоа значи дека не постои теорија за просторот која не е составен дел на општа општествена теорија, дури и имплицитно.

Урбаниот простор е структуиран, не е организиран случајно, додека општествените процеси ги појаснуваат сите видови определувања и периоди на општествената организација. Поаѓајќи од една таква очевидност, иако исполнета со имплицитности, изучувањето на урбаната структура треба да биде насочено кон два плана: од една страна се работи за изнаоѓање на теориските инструменти кои овозможуваат приод кон конкретно - реалното на еден особен начин, а од друга страна за употреба на инструменти во едно испрекинато следење на

* Manuel Castells, la Question Urban, Erancois Maspero, 1972, p. 152-160.

посебни анализи кои се стремат кон историски дадените феномени.

Повеќе теориски движења беа заинтересирани за ова изучување, што го потврдуваат многубројните истражувања во теоретското настојување на екологијата на човекот, особено поаѓајќи од Чикашката школа, сé уште преовладува обработката на урбаната организација во литературата и практиката, било да се работи за повторно проучување на класичните теми или на низа критики и предизвикани реакции[48]. Впрочем, повеќето од предложените теоретски алтернативи кои стојат наспроти таа традиција, даваат инверзна слика без повторно да се дефинираат поимите.

Невозможно е да се пристапи кон анализа на организацијата на просторот, без да се зборува дури и на кратко за теоријата на истражувањето. Не за да се направи еден осврт на идеите, туку за да се испита теоретската ефикасност на напредните мислења, и на остварените задачи. Бидејќи формулацијата на познатата теорија на Барџес (Burgess) за развитокот на урбаните агломерации, на концентрични зони[49] изгледа несериозна, етноцентричната наивност ни објаснува некој процес на урбаниот развој, историски лоциран во економско - социјални услови кои Кин (Quinn) ги дефинира: еден извесен степен на етичка и социјална хетерогеност; една економска индустриско - комерцијална база, приватна сопственост; трговија; економски организации, функционално специјализирани и просторно одвоени; систем на успешен транспорт; урбан главен центар[50].

Значи, се работи за развојот на една агломерација во подем, во која капиталистичката индустријализација доминира, управувана од логиката на профитот која поаѓа од еден урбан центар кој веќе постоел како социјална и архитектонска образованост, Така, во Чикаго проучуван од Барџес (Burgess), урбаниот центар (зона 1) го заземаат седишта на претпријатија и административни центри, од што произлегува општествената доминација на претпријатијата и стратегиската важност на рако-

[48] L'ouvrage de base raste celui de R. Park, E. Burgess et R. Mc Kenzie, The City, Chicago, University of Chicago Press, 1925. La meilleure collection de travaux écologiques est celle éditée par G.A.Theodorson, Studies in Human Ecology, Evanston, Illinois, Row, Peterson and C°, 1961, 626 p.

[49] E. Burgess,"The growth of the City " dans Park, Burgess et Mc Kenzie, op. cit., pp. 47-62.

[50] J.A.Quinn,"The Burgess Zonal Hypothesis and Its Critics", American Sociological Review, 5, 1940, pp. 210-218.

водните центри концентрирани во една, мошне организирана средина. Зоните 2 и 3 се резултат на индустриската инвазија во поранешниот урбан простор во кои исто така се наоѓаат неопходните живеалишта на вработените работници; од една страна тие се резултат на огромната предност за индустријата и тесната поврзаност со урбаната средина, а од друга, општествената можност за доминација и дури уништување на урбаната рамка со сместување на индустријата. Зоната 4, живеалиште на високите класи се јавува како последица на урбаното уништување и како појава на општествената дистанца која го материјализира создавањето на еден нов простор за живеење надвор од градот. На крај, зона 5 која ги подразбира сателитските и работничките живеалишта кои се уште не се интегрирани во агломерацијата, ја изразува прогресивната доминација на градот и неговиот ареал (позадина) низ економската концентрација и функционалната специјализација[51].

Објаснувањето на основните услови укажува дека истиот модел на урбанизација се сретнува во голем број американски градови[52], а особено во европските градови, како што тоа го докажа Шомбар де Лов (Chombart de Lauwe), во Париз[53], или МекЕлрат(McElrath) во Рим[54] воведувајќи една значајна модификација - постоењето на едно живеалиште на високите класи во рамките на градот, простор со симболична поврзаност и место на културни збиднувања.

Наспроти тоа, кога основните услови квалитативно се менуваат, претензијата на универзалност на моделот на Барџес (Burgess) паѓа самата од себе. На пример, тоа е случај со класичната студија на Џис (Gits) за екологијата на Бангалор[55] (Bangalore) која го покажува распрснувањето на центарот и просторната испреплетеност на активностите и на населението. Уште

[51] Cf. Les éléments facilitant cette discussion dans P.H. Mann, An Approuch to Urban Sociology. Routledge and Kegan Paul, Londres, 1965.

[52] Par exemple, R.V.Bowers,"Ecological Patterning of Rochester, New York "American Sociological Review, 4, 1939, pp. 180-189; Th.R.Anderson and J.A.Egeland,"Spatial Aspects of Social Area Analysis", A.S.R., 26, 1961, 392-398; R.W.O'Brien,"Beatle Street, Memphis, A Study in Ecological Succession", Sociology and Social Research, XXVI, may 1941, 439-36.

[53] P.H.Chombart de Lauwe et collaborateurs, Paris et l'agglomération parisienne, 2 t., Paris, P.U.F., 1950.

[54] D.E.McFlrath,"The social areas of Rome", A.S.R., 27 juin 1962, pp. 389-390.

[55] N.P.Gist, "The ecology of Bangalore, India: An East-west Comparison", Social Forces, 35, may 1957, pp. 356-65.

поинтересна е анализата на Шнор (Schnore) за просторната организација на шеесетина латиноамерикански градови, која упатува на две главни урбани форми: "традиционалниот" модел - историски центар, опколен од предградија каде живеат широките народни маси кој служи како преграда на високите класи и на раководството - и моделот на индустриски растеж кој делумно ги репродуцира главните центри на развојот по зони[56].

Чикаго во средината на XIX-иот век, како и големите европски градови пред индустријализацијата го создале нивниот простор хиерархиски околу центарот на првобитното населување. Некои градови од југот на Соединетите Американски Држави значително се издвојуваат со нивната конфигурација, со нормите на просторната организација каде доминира законот за купопродажба, каде што социјалниот состав прави место на остатоците на традиционалната аграрна олигархија[57].

Промените што се обидовме да ги направиме врз теоријата на зоните не претставуваат суштинско поместување на проблематиката и подлежат на истата критика на спецификација на историските услови. Така реонските разлики предложени од Хоjт[58] (Hoyt) се обидуваат да го прилагодат моделот на местата во кои постои една социјална исклучивост што се должи на посебната историја на таа зона. Еколошкото движење и неговата функционална определеност, остануваат исти.

Теоријата на многубројните центри[59] која се обидува да ги комбинира развитокот на блоковите и функционалната поделеност на градот, сметајќи го просторното развивање за серија раздвоени процеси во анализата на новите метрополитенски области, ги пролонгира првите размислувања на Чикашката школа, каде сложеноста ги надминува рамките на Барџесовиот(Burgess-овит) модел. Очигледно е дека и покрај овој обид метрополитенската област ја отфрла класичната формулација, како што тоа го покажуваат конкретните анализи исто толку битни како и оние на Готман (Gotmann) за северно - источниот

[56] L.F.Schnore,"On the Spatial Structure of Cities in the Two Americas" dans Ph.M.Hauser et L.F.Schnore (editors) The study of Urbanization, New York, John Wiley and Sons, 1965, p. 347-398.

[57] H.W.Gilmore,"The Old New Orleans and the New:A case for Ecology", A.S.R., 9, August 1944, pp. 385-394.

[58] H.Hoyt, The Structure and Growt of Residential Neighborhoods in American Cities, Washinngton D.C.,Federal Harsing Administration, 1939.

[59] Cf.Ch.D.Harris et E.L.Ullman,"The Nature of Cities",The Annals, vol. 242, novembеr 1945, pp. 7-17.

брег на Соединетите Американски Држави[60] , или на Вернон[61] (Vernon) за Њујорк.

Примерот на теоријата за урбаниот растеж елаборирана од Чикашката школа ги покажува границите на едно истражување детерминирано од неговата конкретна формулација, а не од принципите на една анализа. Но, целокупната работа на Барџес (Burgess), МекКензи (Mc Kenzie), Вирт (Wirth) итн... истакнаа низа поими чие сфаќање ги надминува можностите на поединечно истражување, но кои се основа на многубројни трудови. Обидот да се создаде една вистинска теорија за просторот, толку редок во еден домен е едновремено исчистен и од емпиризам и од пророштво, и ја објаснува трајноста на концепциите директно поврзани со еволуционистичкиот организам.

Во основата на просторните анализи, има една општа теорија на општествената организација, која е раководена од два суштествени принципи:[62]

1. Принципот на меѓузависност помеѓу индивидуите, заснован на нивните дополнителни разлики (симбиозна врска) и нивните дополнителни сличности.

2. Принципот на централната функција: во секој систем кој е во врска со една средина, координацијата е обезбедена со посредство на еден мал број основни функции. Ставот на секоја индивидуа, во однос на оваа функција, ја одредува неговата положба во системот и во односите на доминацијата[63] ...

3.6.1 Главни еколошки процеси

Урбаната организација е објаснета со една целина на процеси кои ги формираат, делат и доверуваат во врска "еколошките единици", просторот кој претставува извесна специфичност во однос на неговата непосредна околина (станови,

[60] Cf.J.Gottmann,Megalopolis 1985, Cambridge, Mass, Harvard University Press, 1960.

[61] R.Vernon,Metropolis 1985, Cambridge, Mass.Harvard University Press, 1969.

[62] Nous avons bénéficié, pour cette discussion, de l'aide précieuse de L.de Laberbis, professeur a l'Universsité de Montréal et ancienne éléve de A.Hawley.

[63] Cf.A.Hawley, Human Ecology, New York, Ronald Press, 1950.

фабрики, канцеларии итн.). Главните еколошки процеси се[64]: концетрацијата - зголемувањето на густината на населеноста на некој простор во одреден момент; централизацијата или функционалната специјализација на една активност или мрежа на активности на еден ист простор каде што постои хиерархија на просторот; децентрализацијата која се јавува како последица на централизацијата и е основа на процесите на мобилност на урбаната структура, а од тука произлегува циркулацијата во поширока смисла на зборот; сегрегацијата - упатува на процесот со кој социјалниот состав станува внатрешно хомоген, но битно се разликува од надворешните целини следејќи ја социјалната дистанца произлезена од слоевскиот систем; и на кој населувањето со сукцесија го објаснува движењето со кое едно ново население (или дејност) се населува на веќе населен простор.

Меѓутоа, оваа конструкција останува на формално ниво, во случај кога овие еколошки процеси, кои ги објаснуваат урбаните конфигурации (зони, сектори, центри, реони итн.) објаснети се во однос на општите економски закони. Една теорија на урбаната структура ги насочува законите според кои различни социјални состави се изразени преку изложените процеси. Формирањето на емпириските гледишта на некоја урбана реалност не дозволува да се напредува во овој правец.

"Нео-ортодоксната" зона на екологијата на човекот допре до една систематизација во своите истражувања кодифицирајќи ги поимите комплексна екологија или еко-системите. Во формулацијата на Данкан[65] (Duncan), составот на една урбана структура може да се сфати како резултат на интеракцијата на четири основни елементи: населението (Н), околината или физичката средина (О), технологијата (Т), и општествената организација (О) која се однесува на составот на институциите и на социјалната пракса. Така на пример, со помош на овие термини тој се обидува да го објасни проблемот на загадувањето на воздухот во Лос Анџелес[66]. Но, сите анализи се враќаат на една формализација на посматраните реални процеси низ нивната кодификација на овие четири елемента. Не постои промена во посматрањето на овие

[64] Cf. R.D. Mc Kenzie,"The Scope of Human Ecology",Publications of The American Sociological Society, XX, 1926, pp. 141-154.

[65] O.D.Duncan,"Human Ecology and Population Studies" dans Ph. M. Hauser et O.D.Duncan (édit.), The Studu of Population, Chicago, The University of Chicago Press, 1959, pp. 681-684.

[66] O.D.Duncan, "From Social System to Ecosystem", Sociological Inquiry, t. 31, no 2, 1961, pp. 140-149.

поими, ни воспоставување врски помеѓу елементите. Единствената предност е во тоа што се резимираат емпириските констатации во неколку точки. Дали е тоа навистина предност? Постојат сомневања (така на пример, кога се менува сообраќајот со воведувања на индустриски новитети под претензија дека се работи за технолошки прогрес[67].

Од друга страна, елементот "општествена организација" кој оневозможува прецизна артикулација на социјалната структура, претставувајќи основа на еден глобален однос помеѓу социјалното, природното (и техничкото).

Џист (Gist) и Фејва (Fava) се обидоа да говорат за оваа тешкотија додавајќи го и петтиот елемент, културен или психосоциолошки за да ги диференцира вредностите на институциите[68]. Но, нивната анализа на процесот на американски субурбанизам ги има истите карактеристики како оние на Данкан (Duncan) и не ја надминува формалната категоризација на различни "фактори", историски комбинирани во процесот на урбаната дифузија во Соединетите Американски Држави.

Настојувањето на еколозите да го разгледуваат составот на организацијата на просторот поаѓајќи од интеракцијата помеѓу човекот, орудијата создадени од него и природната средина ги става во екстремна позиција во случај кога елементите се основни податоци за проблемот и понекогаш се директно прифатливи, дури и од гледна точка на статистиката[69] Но, не обидувајќи се да се теоретизираат овие врски и претставувајќи ги единствено како вметнати материјали во универзалниот процес на битката за животот, нивниот основен биологизам лесно претрпе културалистичка критика, особено во моментот кога општествените науки го следеа највисокото достигнување на психо-социологијата и како проблематиката на вредности се наоѓаше во центарот на истражувањето.

Првите продлабочени критики, особено оние од Алихан[70] (Alihan) и Гетис[71] (Gettys), потсетуваа на специфичноста на

[67] Le cas extréme du technologisme écologique étant l'orientation des travaux, excellents par ailleurs, de Gibbs, ét Martin. Voir, par exemple, J.P.Gibbs et W.T.Martin,"Toward a Theoratical System of Human Ecology",Pacific Sociological Review, no 2, 1959, pp. 29-36.

[68] N.P.Gist et S.F.Fava, op. cit., 1964, pp. 102-103.

[69] O.D.Duncan et L.F.Schnore,"Cultural, Behavioral and Ecological Perspectives in the Study of Social Organization",American Journal of Sociology, LXV, september 1959, pp. 132-146.

[70] M.A.Alihan, Social Ecology, New York, Columbia University Press, 1938.

човековото однесување, отфрлувајќи ја непосредната примена на природниот детерминизам во заедниците. Наредното движење кое ги извртува поимите кои се во прашање, земајќи го предвид просторот, почнува со изучувањето на Валтер Фирej (Walter Firey) за Бостон[72] како град формиран од вредностите и однесувањата на групите. На пример, Вилјам Колб[73] (William Kolb) ги формулира културните услови кои претходат на урбанизацијата (еквивалентни на вредносните системи кои се појавуваат од индустријализацијата, во анализата на Вебер (Veber) и предлага интерпретација на просторниот состав следејќи ги симболичните афинитети на различни социјални групи и улогата која тие ја имаат во општеството. Форм[74] (Form) инсистираше на просторните реперкусии на феномените на општествената доминација и на традицијата на географското, историското и компаративното изучување од Дикенсон[75] (Dickinson) до Сјуберг[76] (Sjoberg) и од Макс Сор[77] (Max Sorre) до Пјер Жорж[78] (Pierre George) ја покажаа социјалната разновидност на просторните форми. Треба ли да се заклучува за една одредена просторна организација исклучиво од дејствувањето на луѓето кои се водени од културните ориентации?

Критиката на Вилхелм (Willhelm) оди подлабоко, покажувајќи како во име на еколошката организација една битна особина на човековиот простор е запоставена. Имено контрадикторната диференцијација на социјалните групи, фактот дека присвојувањето на просторот е дел на еден процес на борба кој се однесува на составот на општествениот производ, и дека таа борба не е само еден индивидуален натпревар, туку им се спротивставува на групите кои се формирани со диференцирано

---

[71] W.E.Gettys,"Human Ecology and Social Theory,"Social Forces", XVIII, may 1940, pp. 469-476.

[72] Cf.W.Firey, Land Use in Central Boston, Cambridge, Mass, Harward University Press, 1947.

[73] W.L.Kolb, "The Social Structure and Functions of Cities",Economic Development and Cultural Change, t. 3, 1945-55, pp. 30-46.

[74] W.H.Form, "The Place of Social Structure in the Determination of Land Use",Social Forces, no 32, mai 1954, pp. 317-323.

[75] R.Dickinson, The West European City, London, Routledge and Kegan Paul, 1951.

[76] G.Sjoberg, The Pre-Industrial City, London, Routledge and Kegan Paul, 1951.

[77] M.Sorre, Les Fondements de la géographie humaine, Paris, A.Colin, 1952.

[78] P.George, Précis de Géographie Urbaine, Paris, P.U.F., 1961.

вметнување на индивидуите во различните компоненти на општествената структура - додека "еколошкиот комплекс" претставува дистинкција без разлика[79] . Ова теоретско заобиколување конкретно се манифестира во истражувањето преку фактот за употребата на материјалот од податоците од пописот на населението, кои глобално го карактеризираат колективитетот спрема категориите на административната пракса, но кои не можат да ја објаснат нивната внатрешна динамика, ни преминот од социјалните врски во просторната организација.

Еве една нова димензија која ја поместува спротивставеноста на "културните фактори" и "природните фактори". Така во културалистичката проблематика не се воведува динамичкиот аспект на присвојувањето на просторот во функција на социјалистичката диференцијација. Една од најдобрите современи концепции на Ашил Ардиго[80] (Achille Ardigo) ја смета метрополата за социјален систем преместувајќи ги четирите подсистеми на урбаниот простор, покажувајќи како различните просторни имплантации ги следеа овие процеси на адаптација и промена на институционални вредности.

[79] Voir S.M.Willhelm,"The Concept of The Ecological Complex:A Critique", dans The American Journal of Economics and Sociology, 23, july 1964, pp. 241-248.
[80] A.Ardigo, La diffusione urbana, Roma, AVE, 1967, pp. 41-66.

3.7 МИТОТ НА УРБАНАТА КУЛТУРА*

Кога се зборува за урбаното општество, никогаш не се мисли едноставната констатација само за една просторна форма. Урбаното општество дефинирано е во прв ред од конкретната култура, урбаната култура, во антрополошка смисла, односно од воспоставениот систем на вредности, норми општествени односи кои имаат историска посебност и сопствена логика на организација и трансформација. Во таа смисла квалификацијата "урбан" поврзана со таков начин на дефиниран облик на култура, не е наивена. Како што веќе констатиравме, се зборува за конотација на претпоставката за производство на култура по природен пат, или во посебен состав на општествените односи (урбана култура) зададена во еколошки рамки (град).[81]

Таквата конструкција директно се поврзува со еволуционистичко - функционалистичката мисла на германската социолошка школа, од Тенис и Шпенглер (Tonnies and Spengler), преку Зимл (Simmel). Навистина, теоретскиот модел на "урбаното општество" бил сфатен, пред сé, како спротивност на "селското општество", а преминот од второто кон првото се расчленува во термините на Тенис, како развој од форма на заедница до форма на здружување, обележени во прв ред со поделбата на улогите, зголемување на припадноста и примат на секундарните општествени односи (по пат на посебни здружувања) над примарните, (директни лични контакти потпрени на чувствените наклоности).

Прифаќајќи го тоа размислување Зимл (Simmel) чие влијание на американската социологија перманентно расте, на крајот предлага вистински идеален тип на урбана цивилизација, определена првенствено со психо-социолошки термини, тргнувајќи од, во голема мерка Диркемовската идеја за криза на личноста, прекумерно изложена на психички надразнувања, поради прекумерната сложеност на големите градови. Зимл ја разгледува нужноста на процесот на делење на дејностите и силно ограничување на делувањето на поединецот на различни улоги, што е единствена можна одбрана против општата нерамнотежа,

---

* Manuel Castells, la Question urban, Francois Maspero, Paris, 1972, p. 104-116.

[81] Cf. M. Castells, "Théorie et idéologie en sociologie urbaine", Sociologie et Sociétés, t. 1, n° 2, 1969, pp. 171-191.

како резултат на мноштво спротивставени допири. Меѓу последиците кои резултираат од еден ваков процес во општествената организација, Зимл ги наведува пазарната економија и развојот на големи бирократски организации - инструменти, кои се погодни за рационализација и обезличување, какви што ги бара урбаната сложеност. Од таму кругот се затвора во себе самиот и од него може да се разбере "метрополитенскиот тип на човек, свртен кон сопствената индивидуалност и секогаш слободен во однос спрема неа..."[82]

За Вирт (Wirtha)[83] карактеристичен е фактот на модерните времиња; концетрација на луѓето во гигантски населби од кои зрачи цивилизацијата. Пред важноста на таа појава итно треба да се воспостави социолошка теорија за градот која, од една страна ги надминува едноставните географски критериуми а, од друга страна, таа теорија не ја сведува на јазикот на економскиот процес како индустријализација или капитализам. Зборот социологија за Вирт значи, внимателно да се концентрира на човечките суштества и карактерот на нивните односи. Од тука, сета проблематика се концетрира околу една дефиниција и едно прашање. Социолошка дефиниција за градот: "секогаш релативно просторно и густо престојувалиште на општествено хетерогени поединци". И веднаш следи прашањето - какви се новите форми на општествениот живот што ги произведуваат тие три битни обележја на димензиите, густината и разновидноста на човечките населби.

3.7.1 Просторно блиски но социјално далечни

Вирт (Virth) настојува да ги истакне причинските односи меѓу урбаните обележја на формите на културата. Најнапред, тоа што се однесува за дискусиите за градот: колку е поголем градот за толку е поширока и лепезата на индивидуалните варијации и е поголема општествената разновидност, а тоа го детерминира и слабеењето на заедничките врски, кои го заменуваат механизмот на формалната контрола и општествениот натпревар. Од друга

[82] Cf. Surtout, G. Simmel, "The Metropolis and Mental life", in K. Wolff (ed.), The Sociology of Georg Simmel, The Free Press of Glencoe, 1950.

[83] L. Wirth, "Urbanism as a Way of Life", American Journal of Sociology, XLIV, juillet 1938, pp. 1-24; pour une sélection de Poeuvre de Wirth, cf. le recueil de textes: On Cities and Social Life, The University of Chicago Press, Chicago, 1964.

страна, од поголемиот број на механизми, произлегува поделеност на општествените односи што предизвикува "шизоиден" карактер на градскиот човек. Знаци на препознавањето на тоа однесување се: анонимност, површност, минливо значење на градските општествени односи, незаконитост, недостаток на соработка. Таа состојба предизвикува последици и во економските процеси и во политичкиот систем: од една страна поделеноста и утилитаризамот на градските односи доведуваат до функционална специјализација на дејноста, поделба на трудот и пазарна економија; од друга страна, пак директните односи повеќе не се можни, интересите на поединецот се штитат само преку посредници.

Освен тоа густината ја зголемува внатрешната диференцијација што звучи парадоксално; колку луѓето се физички поблиску - општествените контакти се поретки, имајќи го предвид фактот дека со секоја припадност во групата потребно е само делимично ангажирање од страна на поединецот. Присутна е една состојба на паралелизам на различни социјални средини, без меѓусебно мешање, што предизвикува релативизам и секуларизација на градското општество (рамнодушност спрема сé што не е директно поврзано со целта на поединецот). Најпосле, заедничкото живеење без можност за вистинско ширење предизвикува поединечно насилство (како би се избегнала општествената контрола), а потоа и агресивност.

Што се однесува до општествената разновидност на градската средина што ја овозможува променливоста на составот на класите, а високиот процент на општествената подвижност се објаснува со фактот дека поврзаноста со групата не е постојана туку зависи од привремената положба на секој поединец: здружувањето (базирано на рационална блискост) надвладува над заедницата која ја одредува припадноста на класата или приврзаноста кон правилото. Таа општествена разновидност се сложува со разновидноста на пазарната економија и со политичкиот живот заснован на масовни движења.

Најпосле, разновидноста на градските дејности и средината предизвикува силни растројства на личноста, со што се објаснува и зголемувањето на злочините, самоубиствата, корупцијата, лудилото во големите метрополи.

Од така зацртаните перспективи градот се здобива со посебна културна содржина и станува негова објаснувачка варијабла, а градската култура го отсликува начинот на живот (Urbanism as a way of life).

Тезите кои се однесуваат на урбаната култура во суштина се само варијации на Виртовото тврдење. Сепак, тие се користени

како средство на еволуцинистичкото толкување на човековата историја во теоријата на Folk-Urban Continuum, која ја развил Редфилд (Redfield), а нејзиниот одек во развојот на социологијата бил голем.[84] Редфилд го обновува двојството рурално - урбано; селско - градско и го сместува во еколошко - културна перспектива во развојот изедначувајќи го традиционално - модерното со селско - градското. Разликата е во тоа што, тргнувајќи од антрополошката традиција, тој го разбира градското општество во однос на претходно означеното народно (фолк) општество; станува збор за општество со различни размери издвоено, неписмено, историодно со вонредно силна смисла за солидарност внатре во групата. Формите на живот во тоа општество се одредени со целокупниот состав кој се нарекува култура. Однесувањето што преовладува во него е традиционално, спонтано, некритичко, и лично: нема законодавства, ниту обичаи да се експериментира и размислува за интелектуални цели. Роднинскиот состав, неговите односи и институции, директно произлегле, од искуствените категории а семејната група е единица на дејност. Светото надвладува над световното. Економијата е многу поголем фактор за прописите отколку елемент на пазарот.

Градскиот тип на човек се одредува со симетричката опозиција формирана од бројни фактори и се насочува кон општествената растроеност, индивидуализацијата и посветувањето. Развојот од еден до друг пол се случува, секако, со порастот на општествената разновидност и можност за меѓудејствување, како што се развива самото општество, а и губењето на одвоеноста во допир со другите општества и (или) други култури, и на тој начин, значајно го забрзува тој процес. Бидејќи таа конструкција е идеално - типска, ниту едно општество не ѝ одговара целосно, но секако се сместува негде по должината на континуумот, така што различните карактеристики продолжуваат во различни размери спрема степенот на општествениот развој. Овие карактеристики ја одредуваа средишната оска на проблематиката на општеството и спрема тоа, порастот на густината во некои заедници со општествена сложеност, која од тоа произлегува и е директен двигател на историскиот развој, што материјално се исполнува низ разни форми во просторот.

---

[84] L. Wirth, "Urbanism as a Way of Life", American Journal of Sociology, XLIV, juillet 1938, pp. 1-24; pour une sélection de Poeuvre de Wirth, cf. le recueil de textes: On Cities and Social Life, The University of Chicago Press, Chicago, 1964

...Спротивно од основната критика на Дјуи (Dewey) (континуумот селско - градско е реален фактор, но не толку важен)[85] го доведува подлабоко во прашање тоа гледиште зошто покажува дека, иако постојат очигледни разлики меѓу селото и градот, тие се само практичен израз на многу процеси кои истовремено произведуваат цела низа посебни фактори на друго ниво на општествената структура. Со други зборови, постои проследувачка варијација меѓу развојот на еколошките форми, а сепак да не може да се смета како таа варијација е составна нишка, ниту дека таа културните и општествените форми произлегуваат од еколошките. Доказ за тоа е "градската култура" која може да се шири и на село, а сепак да не се намали разликата на нивните еколошки форми. Би требало, значи, тезата "народно - градски континуитет" да го сочува нејзиното описно значење, а не од неа да се прави општа теорија на развојот на општеството.

...Подетално расчленување на секоја карактеристика што ја одбележува урбаната култура без тешкотии би ја покажала причинската врска, степен по степен, меѓу карактеристичниот структурален модел на капиталистичкиот начин на производство и резултатите во разните подрачја на однесување. На пример, разгласената "поделба на улогите" која се наоѓа во основа на сложеноста на урбаното општество, директно е одредена со статусот "слободен работник", чија нужност за постигање максимална рентабилност на работната сила ја покажал Маркс. Преовладувањето на "секундарните" односи над "примарните" како и забрзувањето на индувидуализацијата на односите, исто така ја изразуваат таа економска и политичка потреба на новиот начин на производство - дека од "слободни и еднакви граѓани можат да направат потпора на средствата за производство и работната сила. Овде не може да се развие цел состав на одредени форми на култура во нашете општества, со оглед дека целта на нашите забелешки исклучиво се занимава со тие општествени содржини по пат на анализи во термините на урбаното. Сепак, против таквото толкување на урбаната култура би можела да се даде значајна забелешка . Со оглед на тоа дека советските некапиталистички градови се покажуваат аналогни на градовите на капиталистичките општества, нели се наоѓаме пред начинот на однесување поврзан со урбаната еколошка форма? Одговор може да се даде на две нивоа: ако под капитализам се подразбира правна приватна сопственост над средствата за производство но тоа

[85] R. Dewey, "The Rural-Urban Continuum: Real but Relatively Unimportant", American Journal of Sociology, t. LXVI 1, juillet 1960, pp. 60-67.

значење не е доволно за објаснување на некој културен систем. Но, ние го употребуваме терминот капитализам во онаа смисла во која го употребил Маркс во "Капиталот" како посебен модел на различни темелни општествени системи (економско, политичко, идеолошко). Сепак, дури и во тоа определување на капитализмот сличноста на типовите на културата не би произлегле од ист еколошки облик, туку од општествената и техничката сложеност чија основа се разновидноста и густината на населението. Како прво би можело да се зборува за "индустриска култура". Технолошкиот факт на индустријализацијата би бил главен елемент кој го одредува развојот на општествените форми. Така би се приближиле до идејата за "индустриското општество". ...Очигледно е дека во тој момент проблематиката на урбаната култура повеќе не е на место. Сепак, очекувајќи такво истражување можеме интуитивно да кажеме дека постојат слични технолошки одредби кој можат да доведат до сличности во однесувањето дека тоа зголемено со актуелната присутност на капиталистичките структурални елементи, дека формалните аналогии на однесување се смислени дури откако ќе се доведат во врска со општествената структура на која и припаѓаат. Зошто, ако и понатаму продолжиме на таков начин да размислуваме, на крајот ќе констатираме дека сите општества се исти, зашто сите луѓе, повеќе или помалку, редовно јадат и спијат.

Зашто не би го прифатиле поимот "урбана култура" за систем на односи кои се поврзани со капиталистичкото општество? Затоа, како што констатиравме, тој нé наведува на помислата дека тие форми на култура се произведени во посебна еколошка форма каква што е градот. Доволно е да се размислува само неколку минути за да се констатира колку е апсурдна теоријата за општествените промени засновани на порастот на сложеноста на заедницата на луѓето тргнувајќи од едноставниот демографски пораст. Навистина, во развојот на општеството никогаш не постоело, нити може да постои појава која може да се сфати единствено со термини како што се "големина" сл. Секој развој на димензиите и разновидностите на некоја општествена група и самите се производ и израз на општествената структура и нејзините закони на промените.

Према тоа, едноставниот опис на процесот не ни го објаснува техничко - општествениот систем (на пример, производните сили и производните односи). Постои симултано и нуз производство на општествени форми во нивните различни димензии, а посебно во просторните и културните. човекот може да си го постави проблемот за нивното меѓудејство, но не може да тргне

од претпоставката дека една форма може да произведе друга. Тезите за урбаната култура се развиле во емпириска претпоставка во која како извор на општественото создавање е земено она што било негова рамка.

Втор проблем, наш проблем, е да се сознае какво е местото и какви се законите за обликување на таа рамка, односно просторните форми на целината на општествената структура. За да би можело да се разгледува тоа прашање би требало најнапред да се разбие општоста на урбаното општество разбрано како реален резултат на историјата на модернизмот. Ако е вистина дека различните појави, поради идентификација, сме ги именувале спрема местото, наспроти тоа каде настанале, останува дека урбаната култура, како што ја претставуваат, не е ниту поим, ниту теорија. Таа е, зборувајќи ја вистината, мит, бидејќи идеолошки ја раскажува историјата на човековиот род. Према тоа, темите за "урбаното општество" кои се основани директно на митот, ги сочинуваат клучните зборови на воочената идеологија на модерноста која е на етноцентричен начин, адаптирана на општествените форми на либералниот капитализам. "Вулгаризирани" ако така може да се каже, тие теми имале и сé уште имаат значајно дејство врз идеологијата на развојот за една "спонтана социологија" на технократите. Од една страна, во термините за преминот од "традиционално" во "модерно" општество се пренесува проблематиката на "фолк - урбаниот континуитет" на анализата на односите внатре во империјалистичкиот систем. Од друга страна "урбаната култура" е во основите на цела низа на одговори што на западната управувачка елита и служат наместо анализите на општествениот развој и поради тоа масовните медиуми нашироко ги распространуваат, и на тој начин ги прават да бидат дел од секојдневната идеолошка средина.

3.8 РУРАЛНО-УРБАНИОТ КОНТИНУУМ*

Во социолошкиот контекст, териминте рурален и урбан се позабележливи поради нивната способност да збунат, отколку поради нивната моќ да расветлат одредени состојби.

Никој не го оспорува правото на недоволно информираниот да ги користи овие термини за да означи различнни начини на користење на земјиштето;она што е спорно е социолошката релевантност на овие физички разлики, особено во многу сложените индустриски општества. Ако навистина нема битни социолошки разлики меѓу урбаното и руралното, тогаш оние социолози што се застапници на руралното можат да се посомневаат во основата на својот професионален идентитет. Сепак, постоењето на Друштвото што е основано за да се унапреди руралната социологија претпоставува дека постои дистинктивно поле на изучување. Затоа е разбирливо што имаме многу претходници кои ја развија оваа тема, па тешко е да се даде нов сјај на веќе излитените дискусии.

Социолозите застапници на руралното во Соединетите Американски Држави традиционално се ориентираат на истражувачките техники, па затоа можеби треба посебно внимание да им посветиме на предупредувањата кои ни ги даваат. Во еден неодамнешен текст Фугит (Fuguitt) ја опиша трансформацијата на земјоделството во Северна Америка во агробизнис (препродавање), говорејќи дека во 1960 година 70 проценти од руралното население не било поврзано со земјоделството и заклучува: "Ако руралната и урбаната социологија треба да продолжат како специјализирани гранки на една матична дисциплина, кои се разликуваат од другите гранки по својата значајна појмовна основа, очигледна е потребата за нови ориентации" (Fuguitt, 1963, p.261). Барањето нови ориентации јасно се гледа во најновите дискусии за рурално - урбаниот континуум, како што јасно покажуваат насловите на следните согледувања: "Руралноурбаниот континуум: Реален но релативно неважен" (Dewey, 1960), "Несигурноста на социологијата: Идеологија на руралноурбаниот континуум" (Benet, 1963), "Урбано-руралните дихотомии како форми на западниот етноцентризам" (Houser, 1965) и слично.

---

* R. E. Pahl, The Rural-Urban Continuum, vo knigata Readings in Urban Sociology, ed. by R.E. Pahl, Pergamon Press, Ltd., 1968, p. 263-277.

Она што Рајсман (Reissman, 1964) во 1964 година го опиша како "таканаречена теорија на контраст", е зачувано во студентските учебници и ја добива својата ритуална важност за време на испитите: меѓутоа, според зборовите на Луис (Lewis, 1965) "нивната хеуристичка важност како истражувачки алати никогаш не била докажана". Се чини дека Хаусер (Houser, 1965) ги отфрла различните дихотомии и континууми што ќе ги наведеме во овој прилог како "привлечни нелогизми кои често се мешаат со знаењето".

Она што за Бекер (Becker) како рурална категорија е СВЕТО, а како урбана категорија е световно, за Диркем (Durkheim) е механичка солидарност, наспроти органска солидарност; за Мејн (Maine) е статус односно договор; за Редфилд (Redfield) е народно и урбано; за Спенсер (Spencer) е воено наспроти индустриско, за Тенис (Tönnies) е заедница наспроти општество, а за Вебер (Weber) е традиционално наспроти рационално.

Извесно време овие дијаметрални типологии, некои од нив поткрепени со авторитетот на основачките татковци на социологијата, служеле како оправдување за оние што биле виновни за она што Хофсти (Hofstee, 1960) во 1960 година го нарекол "некритично славење на старомодниот рурален живот". На оваа тема пишуваше и Бенет (Benet), кој ја критикуваше раната чикашка школа за урбаната социологија за нејзиниот етноцентризам и анти - урбана идеологија. "Ако тој (т.е. рурално - урбаниот континуум) е измислица на фантазијата, и анти-урбаниот менталитет е измама - а карактеристично е за европскиот и за американскиот фолклор да му припишуваат рурално потекло на она што е добро - тоа значи дека размислувањето за континуумот зело некакви чудни форми." (Benet, 1963, p.5)

За оние што ги нагласуваат рурално-урбаните разлики можеби сé уште класичен текст претставува оној на Вирт (Wirth, 1963) "Урбанизмот како начин на живот" во 1938 година, за кој еден американски социолог во 1965 година рече дека е "можеби највлијателниот напис што некогаш се појавил во едно социолошко списание"(Simpson, 1965, p.133). Секако во нашиот сегашен контекст тешко можеме ова да го избегнеме, па дури и Џуи (Dewey), во донекаде критичка статија, чувствува дека постои "доказ што ќе го потврди впечатокот на Вирт дека зголемувањето на бројот и густината на населението води кон зголемена анонимност, која заедно со широката поделба на трудот од своја страна произведува социјална хетерогеност. Под вакви услови односите, неизбежно би станале безлични и формални, а

престижот би се постигнувал според критериуми што се поинакви од личното познанство.

Вирт често го критикуваат за наивност која, всушност, ја нема во неговото дело: тој ја ценел арбитрарната природа на класификациите на населбите исклучиво според бројот на нивното население: тој ги разбирал влијанието на технолошкиот развиток во транспортот и комуникациите кои го проширувале влијанието врз градот надвор од неговите физички граници; тој исто така сознал дека начинот на живот кој најдобро може да се опише како урбан може да се појави меѓу луѓето "каде и да се наоѓаат, ако се маѓепсани од влијанијата кои ги наметнува градот со помош на своите институции и личности што дејствуваат со средствата на комуникацијата и транспортот" (Wirth, p.48). Вирт исто така критички размислувал за критериумите на урбаната карактеризација, како што се густината, професиите на жителите, постоењето на извесни установи, институции и форми на политичка организација; тој исто така ги прифаќа големите разлики меѓу градовите и одејќи натаму во размислувањето за нивните битни карактеристики ја додава битната забелшка "барем во нашата култура". Конечно, тој особено е загрижен урбанизмот да не се помеша со индустријализмот и забележува дека постојат прединдустриски и феудални градови.

3.8.1 Контактите се безлични, вештачки...

Свртувајќи се сега кон најновите критики на Вирт, а водејќи сметка да не му припишеме премногу поедноставен поглед на градот, можеме да размислиме дека "релативно големата, густо населена и постојана населба на хетерогени личности" има свои сопствени јасни белези на поведение. Овие три карактеристики ја имаат таа предност што се мерливи така што можеме да ги користиме како универзалии или општи ориентири за рурално-урбаниот континуум. Јасно, нас овде не нé интересира рангирањето на различните населби според функционирањето на услугите, нивната големина и просторност: овие прашања можат да бида интересни за географичарите и земјоделските економисти, но мора да се демонстрира нивната социолошка релевантност.

Вирт тврдеше дека урбаниот живот е фундаментално различен од оној што го наоѓаме во фолклорното општество. Контактите во градот се "безлични, вештачки, минливи и делумни" така што жителот на градот "ги губи спонтаното само - изразу-

вање, моралот и чувствата за активитет што произлегуваат од живеењето во хомогеното општество". Ова тврдење е познато и сега не мораме да го образложуваме поопширно: важниот момент, кој и Дјуи (Dewey) го прифаќа, е тврдењето дека централните подрачја на големите градови ја претставуваат едната крајност на рурално - урбаниот континуум.

Постојат голем број докази дека централните подрачја на градовите се разликуваат од она што Вирт и многу други го сугерирале. Студиите на Лондон (Young and Willmot, 1957), Бостон (Gans, 1962), Делхи (Bopegamage, 1957), Каиро, Ист Лондон, Лагос (Marris, 1961), Медан (Суматра) (Bruner, 1961) и Мексико Сити (Lewis, 1952) сугерираат дека постојат УРБАНИ СЕЛА (Urban villages) во центарот на градовите во кои има високо ниво на општествена кохезија што се заснова врз испреплетените роднински мрежи и високото ниво на примарен контакт со познати лица. Луис покажа во Мексико Сити дека селаните се адаптирале на градскиот живот многу полесно отколку што би можело да сугерира рурално - урбаната теорија; семејниот живот бил стабилен, па дури и семејните врски се здобиле со поголема важност; религиозниот живот станал поважен, одбивањето на кави било поими на секуларизација и разни други "рурално" селски културни вредности опстојувале во урбаната средина. Во Ист Лондон Мајер (Majer, 1962, p.590) забелеува дека иако за времето додека се на работа мигрантите се присилени на "урбано" поведение, тие не се должни "урбано" да се однесуваат кога не се на работа: "додека некои се родени во урбани средини, а други постигнуваат урбанизација, па за никој од нив не може да се рече дека му е наметната урбанизацијата". Мајер го користи зборот ИНКАПСУЛАЦИЈА (incapsulation) за да ја опише ситуацијата кога мигрантите живеат во градот, но не се урбанизирани.

Освен овие урбани села, централните подрачја на западните градови, воопшто не се хомогени: во нив можат да бидат опфатени становите на космополитското помодно друштво, можеби со голема густина, но без пренаселеност, како и становите на немажените и на семејствата без деца: посебно многу градови имаат многубројно студентско население во овие подрачја. Конечно, таму притеснетите, се принудени во тоа подрачје поради недостиг на станови со ниска кирија на друго место. Во ваквата конфузна смеша од подгрупи и подкултури тешко може да се види како можат густината и големината да имаат заедничко влијание и врз богатите и врз сиромашните. Исто така тешко е да се разбере како градот може во исто време да биде и решето и сито за луѓето во различни средини. Еден понов обид (Fava, 1956) да се

опише приградскот начин на живот е исто така дискредитиран, што во поголем дел е резултат на делата на Бергер (Berger, 1960) и, особено, на Добринер (Dobriner, 1963).

Сепак, можеби најцелосна и најдобро аргументирана критика на "урбанизмот и субурбанизмот како начини на живот" даде Ганс во 1962 година и ние многу му должиме на неговиот пристап во изнесувањето на аргументите. Тој тврди дека класата е најчувствителниот показател на способноста на луѓето да бираат и таа етапа во животниот циклус го определува изборот на најверојатното подрачје. Ганс потоа заклучува: "ако начинот на живот не се совпаѓа со типот на населбата и ако овој начин е функција на класата и на животниот циклус а не на еколошките атрибути на населбата не може да се формулира социолошката дефиниција на градот". Од ова произлегува дека не можат да се формулираат социолошки дефиниции на кој и да е тип на населба, а ова се чини дека ја уништува секоја концепција на рурално-урбаниот континуум.

Развитокот на урбаните села чија карактеристика се односите на заедништво фрла сомневање врз основата на рурално-урбаниот континуум. Сепак постои важна дистинкција меѓу високата густина на населението и на роднинската интеракција и високата густина на странците што се на минување: подрачјата на брза промена на соседството се разликуваат од урбаните села. Станбената нестабилност или транзитноста предизвикуваат многу од карактеристиките што ги опишува Вирт: меѓутоа, оваа донекаде Хобсовска ситуација делумно се ограничува само на некои градови.

3.8.2 Метрополско село

Сакам сега да преминам од разгледување на исклучиво градското население, ако такво постои, кон разгледување на урбанизираните "селски" области околу големите градови и конурбациите. Полето на моето истражување ја опфаќа областа на Лондонската метропола која се протега на простор од шеесет до осумдесет километри од центарот на Лондон. Тука Новиот, Стариот град, градовите-градини, поголемите и помалите села се поврзани заедно во една комплексна целина, што може да се опише географски како распрснат град...

Велам "ново" селско население, но тоа треба да се окарактеризира: кога Даниел Дефо (D. Defoe) патувал низ Сари во почетокот на осумнаесетиот век забележал "богати живеалишта

на господа од високото општество" во селата. Сепак овие не беа куќи на фармери или членови на земјопоседничкиот слој, туку куќи на граѓаните, каде тие се повлекуваат од брзаниците во бизнисот и заработувањето пари, да вдишат малку од чистиот воздух и да се разонодат тие самите и нивните семејства на топлото време. Дефо ја поздрави оваа имиграција во селските области: "сета оваа разноликост, оваа убавина, овој величествен приказ на богатство и изобилство е навистина поглед на богатото доба во кое живееме и на богатствата на граѓаните што се прелеваат". (Порано или подоцна истово движење ги зафаќа сите европски земји: го помислив сличното кога ги видов летните куќи на богатите кај Слапи блиску до Прага.)

Во Британија, железницата и автомобилите им овозможуваат сега не само на многу богатите или земјопоседниците да имаат куќа на село - таква што ќе ја посетуваат лете - туку таква во која оној што редовно патува на работа се враќа секоја вечер.

За една посебна подвижна група од средната класа метрополското село е, да се послужам со фразата на Р. Е. Парк, "состојба на свеста". Исто како што градските жители на селото не се можеби толку свесни за градот како целина, така и потопените сиромашни од областа на метрополата - земјоделските работници во нивните куќички - не се многу свесни за поширокаата околина. Само средната класа има средства и слободно време да може да ги избира "местата" во кои ќе живее. Високиот степен на лична подвижност овозможува модел на високо дисперзирана активност: тоа се активности што ги водат луѓето надвор од домовите - во купување, на училиште, на работа, рекреација, во посета на пријатели и роднини и тие вклучуваат комплекс на вкрстена мрежа на патувања. Овој високо подвижен начин на живот не е зависен од кое и да е посебно место: тој е заснован на областа. Има малку парадокс тука: луѓето на кои местото им значи најмалку, имаат начин на живот во кој изборот на место на живеење е многу важен. Сепак, меѓусебните контакти се одржуваат со пријатели и роднини кои се распространети на широка географска област, иако социјалните мрежи може да станат потесно поврзани со истиот социо - номски слој.

Во таква ситуација важно е да прашаме - каде е градот и кој е неговиот ефект?. Како може оваа комплексна метрополска област или "Мегалополис" (J. Gottman) да се смести во континуумот селско радско?. Можно ли е да се прават разлики меѓу различните елементи на населението со термини на "рурално" и "урбано" или овие зборови се толку без значење што би требало да бараме други критериуми?. Во такви ситуации, дали се

физичката околина и просторното ограничување во голем дел само збунувачки, посредувачки величини исто како што техниката и технологијата можат да го збунат индустрискиот социолог?

3.8.3 Урбано во рурална средина

Секако оној што патува на работа и се враќа редовно во селото не се вклопува многу добро во континуумот рурално-урбано, но, бидејќи можеме да го видиме како тој се наоѓа некаде на средина, вреди да се задржиме на тоа подетално. Особено може да разгледаме дали има "рурално-урбан" начин на живот кој е во врска со овој специфичен вид на населба. Би сакал да го следам Вирт кој употреби огромно богатство емпириски материјали врз кои се заснова неговиот модел или идеален тип на град: мојот идеален тип се заснова на помалку емпириски податоци, но мислам дека ги има доволно за да сугерираат еден општ модел.

За да го окарактеризираме метрополското село како "село" мораме едноставно да го сметаме како такво - општо земено влијателната елита ги води другите. Според тоа, процентот на земјоделски работници или некој друг објективен критериум не е битен; но сепак, за да одговара на дефиницијата на средната класа за состојбата, селото би требало да е општествено хетерогено.

Бидејќи, според дефиницијата, мнозинството од оние што заработуваат, патуваат на работа во околните градови може да избереме "урбано" во рурална средина и во типот рурална населба. Сепак, просторното ограничување функционира диференцијално така што зборот станува сé поограничен колку што се оди надолу по општествената скала. Според тоа може да разликуваме неколку поголеми групирања:

1.Група на сопственици на големи имоти.
Богати земјопоседници кои се врзани со местото по традиција и имот, но кои можат да имаат значаји финансиски и други интереси на друго место. Некои од овие може да се космополитски ориентирани.

2. Група на оние кои примаат плата.
Деловни луѓе и професионалци кои имаат желба да живеат на село и чие место на живеење субјективно е важен аспект во начинот на живеење кон кој се стремат.

3. Група на пензионирани урбани работници со извесен капитал.
Оние кои избираат да се населат, купат или изградат куќа кога ќе се пензионираат.

4. Група на урбани работници со ограничен капитал /приход.
Оние кои не сакаат особено многу да живеат во овој тип на населба, но поради високите цени на градското земјиште се принудени да бараат поевтино сместување "во село". Ова се луѓе што неволно го користат транспортот за патување на работа и бројно се, можеби, најважниот имигрантски елемент во многу ново проширени села на овој вид работници.

5. Група на рурална работничка класа што патува на работа.

6. Група на традиционални селанства.
Овој елемент е бројно мал, составен од локални трговци, земјоделски работници и други чиј престој и вработеност се локални. Може да има блиско сродство и врски со петтата група а во практика е тешко помеѓу двете да се прави социолошка разлика.

Може да биде чудно, но има извесни сличности помеѓу метрополоското село на работници што патуваат и урбаното село: сегрегација и привременост може да се најдат во обете. Локалната власт и приватните градители на станбени населби градат блокови од куќи за оние што имаат сличен социо - економски статус како во "руралните" така и во урбаните области. Привременоста во село на работници што патуваат на работа е типична во втората група, луѓе кои се често принудени да се селат заради унапредување или заради менување на работата. Овие "спиралисти", како што ги нарекуваат, може да ценат мала населба или "рурално општество" бидејќи сметаат дека нивните сопруги и семејства полесно може да се чувствуваат членови на една "заедница". Има показатели дека спиралистите создаваат ваков вид заедница за себе, не само во многу делови на југо - источна Англија туку и во Вест Мидлендс, Чешир и на други места.

Барањето за такви заедници може да биде значаен фактор во меѓу - обласната менаџерска подвижност. Сепак, доаѓањето на втората група создава основна непостојаност на статусот во селото, особено меѓу нив група два и група пет. Групата на оние кои примаат плата има широко распространет модел на дисперзирана активност како што спомнав, а ова го има во помал степен и кај четвртата група (Pahl, 1965, p. 54-62). Оваа подвижност во руралната област може да се посматра како урбан модел - бидејќи суштината на градот, за вистинскиот граѓанин, е избор. Вистинскиот граѓанин е оној кој може и кој го прави изборот, а само мал дел од средната и горната класа ги имаат средствата и можностите да бираат: така кога средната класа се протега од градот кон областа тогаш, на овој начин, градот ќе се прошири во метрополската област.

3.8.4 Изборот како начин на живот

За делови од средната класа изборот е начин на живот - во сé, од стока за широка потрошувачка до пријатели и роднини со кои сакаат да бидат во чекор и местото во кое живеат. Така, имаме некои луѓе кои се во градот но не се од него (урбаните жители на село), додека пак други се од градот но не се во него (подвижната средна класа, работници што патуваат од метрополското село).

Како и да е, класата и степенот на животниот циклус не објаснуваат сé. Не мислам дека мојот идеален тип на село на луѓе што патуваат на работа е едноставно дел од градот опкружен со полиња, иако, можеби се чини дека е така, посматрано од други гледишта.

> Мојот аргумент лежи на две важни точки:
> 1. Големината и општествената хетерогеност на таков тип населба обезбедува повеќе можности да се научи за начинот на живеење на статусните групи во урбани ситуации би изгледале подалечни.
>
> 2. Оние од групата на менаџери и професионалци што примаат плата, кои бираат да живеат во ваков вид село, не го прават тоа само заради физичката околина туку и на сметка на посебниот модел на општествени односи, којшто тие го поврзуваат со селото. Спротивно од, да речеме, предградијата,

селото вклучува интеракција со други статусни групи.

Ако се има ова предвид, не е сосема прикладно да се спротивстават "космополитите" (кои можеме да ги наречеме имигрантска, професионална и менаџерска група) со локалистите. Космополитите одредиле, како цел од нивниот начин на живеење, напуштање на локалните корени. Скоро без исклучок тие многу брзо ги опишуваат пријателството и чувството за заедница во селото. Тие се подеднакво цврсти во одбивањето нови градби (обично против градба на куќи се оние што биле принудно истерани од градот, но не секогаш) што неизбежно укажува на некаква неприкладност. "Локалистичките" космополити се самоназначени чувари на традицијата и рустикалноста како што тие ја одредуваат.

Можеби најпресудно од сé е односот на групата што прима плата кон неквалификуваните работници кои се принудени да се вработуваат на други места. Во централниот град или во издвоеното предградие средната класа не би ги очекувала овие работници со сопругите во нивните клубови и организации. Сепак, во селото на неквалификуваните работници се гледа како на опрема за селска сцена која помага да се одреди ситуацијата на селото. Ако тие не ја одиграат добро улогата што им е доделена локалистичките космополити стануваат раздразливи: тие можеби очекуваат попустливост како една од наградите на општествена подвижност спрема горе. На пример, вообичаени се жалбите за неуспехот на жителите на селото активно да учествуваат во доброволни дружења. Ова ја спречува количината на мешање неопходно за состојбата на селото како што го замислува средната класа, а за која се вели дека е штета што е таква: а сепак ова може да биде очекување на средната класа. Од друга страна, локалистичките космополити можат да изнајдат причини да не ги праќаат своите деца во училиште на село или во најблиското државно средно училиште (Pahl, 1963). Во овој контекст е значајно дека оние принудно дојдените од градот не покажаа неволност да ги користат месните училишта и, во оваа смисла, полесно можат да станат "дел од селото". Не само жителите на селото што се од работничката класа туку и вистинските, нелокалистичките космополити се критикувани од локалистичките космополити што не учествуваат во работите на селото. Секако дека односите помеѓу различните не-мануелни категории треба да се разјаснат. Се сомневам дека односите помеѓу локалистичките космополити и разните локалисти (посетувачи на црква, чистачи

на домови) е поблиска отколку помеѓу првите и други имигрантски не-мануелни групи. Ако е тоа така во тој случај би можело да има друга дистинктивна социолошка карактеристика за овој тип населба.

Заради оваа необична ситуација на метрополското село сите статусни групи не се сразмерно претставени. Освен тоа, групите кои во "нормална" урбана ситуација би биле општествено оддалечени, се натерани на невообичаено освестување еден за друг. Ова може да доведе до формирање на незадоволство кај мануелните работници, чие чувство за релативното осиромашување може да се влоши со близината на селото. Фрази како "богатиот крај", "снобови", "не подобро, само повеќе пари" често се слушаат, заедно со специфичните коментари за начинот на живеење на оние што примаат плата - нивната облека, коли, однесувањето во кафеани, и барање сé да се превземе (Pahl, 1965).

3.8.5 Селото од работ на метрополата

Мануелниот работник реагира на оваа ситуација со исклучување на имигрантот како "странец" или " дојденец" едноставно затоа што неприфаќањето врз основа на должината на престојот е еден од неколкуте начини на кои установената работничка класа може да го одреди или издржи престижот. Развивањето на алтернативни "ние" работничката класа вредности наспроти "тие" може да биде понатамошна реакција на ситуацијата што им се наметнува. Дознав дека во случајот на едно село, каде еден фармер ја поседуваше цела парохија и всушност секој беше поврзан со земјата на некој начин, беше можно да се забележи хиерархија на престиж од начинот на кој луѓето зборуваа еден за друг. Без да прашуваме, коментарите за пријателство во селото и чувството дека е тоа како едно семејство беа многу вообичаени. Во друго село каде четириесет и пет проценти се главно од работничката класа и патуваат во околните градови на работа, ги опишав затегнатостите во работничката класа помеѓу "простите" и "почитуваните", помеѓу одборот и останатите од селото и така натаму (Pahl, 1964). Се сомневам дека разликата е главно помеѓу работниците полни со почит и оние пролетеризираните: властелинот е сé уште многу важна фигура во селото. Конечно, во третото село, каде имотот беше уништен по првата светска војна и каде има долга традиција на патување на работа во урбаните фабрики, работничката класа е помалку напната. Тоа

беше село каде поларизацијата помеѓу "горни" и "долни" статусни групи беше најуочлива: групата што прима плата е многу јасно видлива. Се чинеше дека луѓето мораат да застанат на нечија страна (ова често ми го велеа); обете групи имаат прифатено внатрешни диференцирања, но се соединиле за сметка на разликите со другата група. Тоа можеше да се опише како ситуација на постојан индустриски штрајк. Оние што бираа ги осудуваа мануелните работницишто не се волни да "соработуваат", а мануелните работници ги оспоруваа правата на оние со плати "да управуваат со сé".

Мислам дека социолошки најважната карактеристика на овој вид населби е интеракцијата на статусните групи кои се одредени од државата - со образовниот систем, индустриската ситуација и друго - во ситуација на мала скала, каде дел од дефиницијата за состојбата, од локалистичките космополити е еден вид општествена интеракција. Тие очекуваат сегмент од работничката класа, да се однесуваат како "жители на село" односно со почит - или во секој случај да учествуваат до извесни добро дефинирани односи. Така, јас се надевам дека не е премногу клише да се каже дека селото од ивицата на метрополата е општествена лабораторија во која се забележуваат макроскопски промени во структурата во вид на процес и интеракција. Бидејќи такви населби се релативно изолирани и синџир од статусни групи, поради различни причини, веројатно живеат во поголема близина можно е да се посматра интеракција која на некој начин не е можна во сé поголемата поделеност на урбаните области. Можно е уште да се направи типологија на заедници од, скоро целосно феудални до повеќе пролетеризирани и поларизирани. Различни комбинации на статусни групи јасно ќе овозможат различни локални конфигурации и специфични исходи како што се конфликтите во врска со локалните избори, училиштата и градењето на нови живеалишта ќе варира локално, во зависност од различните очекувања на "принудно дојдените", "локалистичките космополити" и така натаму. Претпоставувам дека она што е најмногу привлечно во метрополското село за социологот е дека тука, во неопходно ограничена средина може да се истражува цел низ од општествени светови во блиска јукстапозиција. Шансите за "драматични случки", што можат да се посматраат и анализираат со традиционалните методи на општествена антропологија се многубројни (Frankenberg, 1966)

3.9 КОНЦЕПТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОСТОР*

Географичарите денес се соочуваат со драматични и возбудливи предизвици. Револуционерните промени во емпиричките општествени обрасци ја имаат заменето застареноста на многу традиционални аналитички постапки: радикалните трансформации во сколастичниот свет имаат покренато прашања што се однесуваат на филозофските основи на методите на општествените науки. Бихеивјуристите и егзистенцијалистите го поставуваат фундаменталното прашање: дали науката може да продолжи да ѝ служи на својата корисна функција со мерење и објаснување на стварноста, или пак таа мора да се пробие и да ги инкорпорира своите субјективни димензии?[86]. Како што Едвард Хол[87] (Edward T. Hall) тоа толку убедливо го поставува: дали времето говори, дали просторот зборува? Како молчаливиот јазик на времето и просторот влијае врз културните варијации на човештвото? Географичарите се прашуваат себе си: дали би требало да бидеме задоволни со скицирање на непрозирна, објективна мапа на социјални обрасци во просторот, или пак, мораме неа да ја замениме со субјективен или внатрешен поглед?[88]

Овој проблем секако не е нов. Студијата за Нормандија од 1908 година на Жил Сион (Julies Sion) покажува како разликите во менталитетот меѓу нормандските и пикардските селани ги одразуваат и зајакнуваат разликите меѓу двата физички слични региона[89]. Пјер Гуру во своето умно поставено мислење за циви-

---

* A.Buttmer, Social Space in interdisciplinary perspective, Geographical review, 59 (1969) p., 417-426.

[86] Martin G. Plattel: Social Philosophy (Pittsburgh, 1965),A.G de Waehlens: L'Existentialisme de Merleau - Ponty (Brussels, 1963).

[87] Edward T. Hall: The Silent Language (Premier Books, New York, 1965). Vidi isto taka The Hidden Dimension (Garden City, N.Y., 1966).

[88] Paul Claval: "Geographie et psychologie des Peuples", rev.de Psychologie des Peuples, 21 (1966) 386-401, essai sur l'evolution de la geographie humaine (Paris, 1964). Види исто R.W.Kates i J.F. Wohlwill,"Man's Response to the Physical Environment", Journ. of Social Issues, 22, No.4 (1966).

[89] Jules Sion: Les Paysans de la Normandie orientale: Pays de Caux, Bray, Vexin Normand, Vallee de la Seine, Etude geofeaphie (Paris, 1909). Види исто така преглед на овој труд од Paul Vidal de la Blache vo Anales de geographie 18 (1909), 177-81.

лизацијата докажува како ставовите влијаат врз еволуцијата на земјиштето на Далечниот Исток[90]. Добро познатата Бостонска студија на Волтер Ферej[91] (Walter Firey) покажа како културните варијации и традиции влијаеја врз земјишните вредности во урбанизираната средина, а Сицилијанската студија[92] на Реме Рошфор (Renee Rochefort) остава малку сомнение што се однесува до доминантното влијание во општествениот живот на тој остров: Мафијата! Во принцип, а во практиката, вистинската работа ја покажува потребата од исцрпна анализа на оваа субјективна компонента во географската студија. Во една неодамнешна студија[93] дури и се тврди дека единствениот придонес на географот може да се состои во компаративни студии на групниот менталитет. Неколку научници имаат дадено конкретни и применливи истражувачки наоди кон овој вид аналитички настојувања. Меѓу оние што имаат дадено творечки придонеси во овој контекст се двајца француски научници: Максимилијан Сор и Пол-Анри Шомбар де Лов (M.Sorr and P.H.Shambart de Lauwe), кои ја развија претставата за општествениот простор. Овој труд претставува обид да се скицираат одредени димензии на концептот за општествен простор што се развил преку дијалог меѓу географот и социологот во Франција, и да се расправа за неговата примена во урбаните истражувања денес.

Сор, традиционален географ со широко развиени хоризонти, и Шомбар де Лов, социолог-етнолог со еднакво екуменски хоризонти, имаат многу заеднички карактеристики. И двајцата може да се сметаат, за пророци кои не се прифатени во својата сопствена земја. Француските географи многу малку му оддаваат отворено признание на Сор: тие се со тенденција да го класифицираат како неортодоксен, зборлест и можеби како човек со намерка да внесе збрка во науката и филозофијата. Социолозите од Сорбона понекогаш ги отфрлаа трудовите на Шомбар де Лов како површни, безвредни и маргинални во однос на матичниот тек. Сепак, ако францускиот одек е слаб, тогаш меѓународниот не е; идеите на Сор имаа широк аудиториум во дисциплините надвор од географијата, и придонесите на Шомбер де Лов беа добредојдени во многу социолошки школи и регионални планирања.

---

[90] Pierre Gourou: "Etude du tropical", L'Annuaire du college de France, 63 (1962-3), 261-75, "Changes in Civilization and Their Influence on Landscape", Impact, 14 (1964), 57-71.

[91] Walter Firey: Land Use in Central Boston (Cambridge, Mass., 1947)

[92] Renee Rochefort: Le travail en Sicile, (Paris, 1961).

[93] "Geographie et psychologie des peuples" (види горе забелешка 3).

Меѓу многуте придонеси на Сор во областа на географијата се односите што тој ги создаде со другите дисциплини, особено со биологијата и социологијата. Првиот том од неговото ремек-дело, "основи на хуманата географија"[94] е проникнат со еколошка тема, како што ни иницира и нејзиниот поднаслов "Биолошките основи на хуманата географија". Вториот том има повеќе социолошко, понекогаш психолошко групирање на темите во рамките на контекстот на нивната средина и третирано како "техника на општествениот живот" - и Третиот том говори за примерите на населби како видлив опис на групна активност, став и културна традиција во руралната средина. Токму во Третиот том од книгата на Сор, Шомбер де Лов наоѓа инспирација за неговата сега веќе позната студија за Париз[95], во која тој го применува и го проширува мислењето за "социјалниот простор".

Концептот на општествениот простор беше првпат јасно изразен и применет во 1890 година од Емил Диркем, чиј пристап кон студијата за социјална диференциација беше извесна новина. Диркем ги оспоруваше: ставот за човековата околина на Фридрих Рацел (F.Ratzel), еволуционизмот на Херберт Спенсер и формализмот на Георг Симел[96 97]. Диркем ја гледаше социјалната диференцијација со чисто социјален аспект: социологијата се состои од социјална морфологија, што претставува студија на социјален супстрат (дистрибуција на социјални форми), и социјална психологија, што претставува студија на сегментацијата, интеракцијата и "моралната густина" на општеството[98]. Неговата дефиниција на социјалниот супстрат беше социјалната околина, или

---

[94] Maximilien Sorre; Les Fondements de la geographie humaine (3 vols. Paris, 1943-52). За содржината на публикациите на Sorre vidi Francoise Grivot:"Bibliographie des oeuvres de Max. Sorre, annales de geographie, 72 (1963), 186-91.

[95] Види ги уводните наоди на Chombart de Lauwe и други, том 2, Paris, 1952), Том 1, стр. 19-26.

[96] Maximillien Sorre: Les Migrations des peuples: Essai sur la mobilite geographique (Paris, 1955): Rencontres de la geographie et de la sociologie (Paris, 1957), i "La Geographie psychologique: L'adaptation au milieu climatique et biosocial", vo traite de psychologie appliquee (Paris, 1958), Том 6, глава 3, стр. 1343-93.

[97] Emile Durkheim: De la division du travail social, (Paris, 1893, 5-to izdanie, 1926). Види исто: Les regies de la methode sociologique Paris, 1895), Friedruch Ratzel: Anthropogeographie tom 2, Stuttgart, 1882 i 1895), Herbert Spencer: Principles of Sociology (London, 1876), i Georg Simmel: Soziale Differenzierung (Berlin, 1890).

[98] De la division du travail social (види ја горната забелешка број 12)

групната рамка, независно од физичките околности. Сор ја сметаше Диркемовата дефиниција на околината премногу тесна и затоа наведува многу примери каде што физичките услови влијаеле врз социјалната диференцијација[99]. Тој веруваше дека социјалниот супстрат треба да ги инкорпорира и двете и физичката и социјалната средина, и поради овој двоен супстрат тој го употребува Диркемовиот термин "општествен простор" означувајќи го оригиналното значење кое ја вклучува физичката средина.

3.9.1 Општествениот простор како мозаик од области

Во анализата на општествениот простор, основниот придонес на географот би се состоел во картографирање на распореденоста на различните социјални групи. Меѓутоа, регионалните монографии на Школата на Видал, исто така, придонесуваат кон социјалната психологија, покажувајќи, ја, на пример, креативната улога на човековите групи во трансформирањето на нивната околина (супстрат)[100]. За да го сместиме концептот на општествен простор во глобалните рамки на Соровата хумана географија, мораме да се повикаме на неколку негови општи точки. За Сор општествениот живот претставува интегрално единство, и затоа обрасците на организација - од семејството и средните групи до националните држави и политички блокови - се "методи" на општествениот живот[101]. Поради тоа тој го сметаше политичкиот или економскиот простор како составни димензии на општествениот простор. кога тој говореше за просторите како чисто социјална природа (на пример, религиозен, етнички или лингвистички простор), неговиот јазик стана конфузен и некако двосмислен.

Како глобално мерило, тогаш, Сор го предвидува општествениот простор како мозаик од области, кои се сосема хомогени што се однесува до просторните перцепции на нивните жители. Во секоја од овие области може да се идентифицираат цела мрежа од точки и релации што се движат до одредени точки на привилегија (театри, училишта, цркви и други форми на општествено движење). Секоја група се стреми да има свој

[99] Sorre, Recontres de la geographite et de la sociologie (види ја горната забелешка број 11), глава 1.
[100] Ibid.
[101] Maximillien Sorre: L'Homme sur la terre (Paris, 1961).

сопствен специфичен општествен простор, што ќе ги рефлектира нејзините посебни вредности, желби и аспирации. Густината на општествениот простор се одразува врз комплементарноста и поради тоа и врз степенот на интеракција меѓу групите[102]. Ова им звучеше како неортодоксно на колегите географи на Сор, но тоа го инспирира Шомбар де Лов во социологијата да ги примени идеите на Сор во емпириските урбани студии.

Познатата тимска студија за Париз од 1952 година на Шомбар де Лов ги илустрира новите димензии на концептот на општествениот простор. Разликата се појавува, на пример, меѓу објективните и субјективните компоненти на општествениот простор[103]. Објективниот општествен простор беше дефиниран како "просторни рамки во кои живеат групите чија социјална структура и организација биле условени од еколошки и културни фактори". Субјективниот општествен простор беше дефиниран како "простор каков што е забележан од членовите на одредени човечки групи"[104]. Практично, тогаш урбаните просторни обрасци беа разгледувани на две нивоа: секој арондисман, кварт и сектор беше опишан прво со објективен термин - а тоа просторната околина со нејзините физички граници и мрежа на комуникации - и второ, од аспект на посматрани димензии и карактеристики на тој сегмент како што беа овие субјективно означени од страна на жителите. Во многу случаи објективните и субјективните "простори" не се совпаѓаат - субјективниот простор ги одразува вредностите, аспирациите и културните традиции што свесно или несвесно ги искривуваат објективните димензии на средината.

---

[102] Maximillien Sorre: L'Espace du geographe et due sociologue", vo Recontres de la geographie et de la sociologie (види ја горната забелешка број 11), стр. 87-114.

[103] Chombart de Lauwe и други, op. cit. (види ја забелешката број 10). Види исто Paul-Henri Chombart de Lauwe: Paris: Essais de sociologie (Paris, 1966).

[104] Chombart de Lauwe i drugi, Paris et l'agglomeration parisienne (види ја горната забелешка број 10), и Chombart de Lauwe, Essais de sociologie (види ја горната забелешка број 18), стр. 96-101.

3.9.2 Екологија на урбаното живеење

Темата на живеалишна перцепција убаво го илустрира континуитетот меѓу оригиналната формула на Сор за општествен простор и наредното истражување на Шомбар де Лов[105]. Сор сугерира дека секој животен стил се стреми да се впише себеси во една типична живеалишна форма. Во случајот на руралните живеалишта, на пример, тој покажува како работниот ритам, аграрните режими, социјалната структура и економските активности се во тесна врска со типовите на домови и типовите на села. Тој на долго и на широко пишува за "екологијата на руралното живеење", за хармоничните врски што ги поврзуваат општеството, економијата и географската средина во една кохезивна целина, што се рефлектира во регионална живеалишна форма. Но, во урбаниот контекст, еколошката формула на Сор не успева да го објасни или да го опише живеалиштето од функционален аспект. Сор беше руралист по срце, и иако и оддаваше признание на урбанизацијата како на огромен општествен подвиг, тој доследно ги осудуваше лошото влијание на смогот, загадувањето, расната нетрпеливост и раскинувањето на неговата многу сакана "живеалишна екологија"[106]. Токму Шомбар де Лов вистински ја истражи екологијата на урбаното живеење. Двата главни концепта што провејуваат во неговиот труд се, од една страна, општествениот простор и општественото милје, од друга.

За Шомбар де Лов урбаниот општествен простор означува хиерархија од простори во кои групите живеат, се движат и дејствуваат[107]. Најпрвин постои "семеен простор", или мрежа од

---

[105] Paul-Henri Chombart de Lauwe: Famille et habitation: Tom 1: La Vie quotidienne des familles ouvrieres (Paris, 1956), и Том2: Science humaines et conceptions de l'habitation (Paris, 1959).

[106] Еколошкиот и интегративниот том на Chombart de Lauwe најдобро е илустриран во неговите предавања и статии, на пример во неговото предавање за "Социологијата, хуманистички науки и социјалните трансформации",што го држеше во Лувен во ноември 1966 година, и исто го објави во Revue de l'Enseignement Superieur, 1-2 (1965), 11-19. Види исто така и "Des hommes et des villes" (Paris, 1965).

[107] Paul-Henri Chombart de Lauwe: L'Evolution des besoins et la conception dynamique de la famille", Rev. Francaise de Sociologie, 1 (1960), 403-25, и: "Le Milieu social et l'etude sociologique des cas individuels", Information Sociales, 2 (February 1959), 41-55.

односи карактеристични за домашно ниво на општествена интеракција; потоа "соседски простор", или мрежа што го опфаќа дневното и локално движење; "економски простор", што опфаќа одредени центри на вработување; и на крајот "урбан сектор" или "урбано регионален" општествен простор. Прогресивно поголемите и преплетувачки димензии на овие просторни хоризонти се рефлектираат врз дневните, неделните и повремените орбити на групна општествена активност и ја создаваат нормалната просторна рамка во која групите се чувствуваат удобно.

3.9.3 Прагови во просторот

Шомбер де Лов ги пресмета праговите во просторот под кои одредени групи не можат да одат без да почувствуваат фрустрации, притисоци и чувство на непријатност; таквите прагови обезбедуваат корисни забелешки за урбаниот планер и создаваат критички индекси на задоволително домување или соседска заедница какви што би можеле да бидат[108]. Но, се појавува една интересна компликација, зашто социо-професионалните групи значително се разликуваат една од друга во нивните перцепции за просторот. За секоја социо-професионална група може да разликуваме пирамида на општи карактеристики или хиерархија од простори и многубројни комбинации од овие хиерархии можат да се најдат во рамките на еден урбан регион[109]. Гледајќи хоризонтално, општествениот простор ја вклучува мрежата од грубо концентрични врски или сектори што ги опишуваат орбитите на дневното, неделното и повременото движење[110].

Шомбар де Лов, исто така, ја има истражувано и вертикалната димензија на општествениот простор. Колку квадратни метри на жител е посакуваната густина на населување[111]? Постојат

---

[108] Famille et habitation (види ја горната забелешка број 20), Том 1, des hommes et des villes (види ја горната забелешка број 21). За патолошките консеквенции на недостижните хоризонти види Pol-Henri Chombart de Lauwe: "Hypotheses pour une psychosociologie de la fatigue", rev. de Medecine Psychosomatique et de Psychologie Medicale, 3 (1966), 275-86.

[109] Chombart de Lauwe, Des hommes et des villes (види ја горната забелешка број 21).

[110] Chombart de Lauwe i drugi, Paris et l'agglomeration parisienne (види ја забелешката број 10).

[111] Neal M. Burns, R.M. Chambers, i E. Hendler: Unusual Environments and Juman Behavior (New Jork, 1963).

неколку објективни показатели на задоволително ниво на густина на населението, иако беа предложени различни густини на прагови. И досега се проучувани ефектите од стеснувањето на стресот[112], а Службата за цивилна и одбранбена мобилизација на Соединетите Американски Држави има направено специфични препораки што се однесуваат на адекватниот простор на човек во засолниште[113]. Но, овие показатели се однесуваат на ненормални околности и обезбедуваат рамки на толеранција под принуда, а не оптимални нивоа под нормални услови. Кога Шомбер де Лов ги анализираше условите за живеење меѓу семејствата на работничката класа во Париз, откри дека е оптимална густина од 10 - 13 квадратни метри простор на жител за станбена единица[114]. Онаму каде што густината беше помала од 8 до 10 квадратни метри на жител, стапката на криминалитет расте, а напнатоста се зголемува, веројатно поради преголема стеснетост. Онаму, пак, каде што густината изнесува повеќе од 14 квадратни метри, се појавуваат некои други социјални и психолошки проблеми, што произлегуваат од обрасците на односите родител-дете на една повисоко мобилна социо - економска класа. Како резултат се заклучува специфичност, објективен показател на густината на живеење пожелна за една социо - економска класа[115]

Ретроспективно, тогаш, бидејќи критериумите на Сор за ограничување на областите во рамките на општествениот простор се базираат врз макроскопските и универзални категории како што се јазичните и етничките групи, националните држави и стилот на живеење, критериумите на Шомбар де Лов беа микроскопски и повеќе социолошки (на пример, социо - економски и групи со специјални интереси). Контрастот меѓу нив не се состои само во приодот, туку и во скалата: едниот се обраќа до светот општо и до руралната населба конкретно; другиот е стриктно ориентиран на урбаната околина.

---

[112] John B. Calhoun: "Population density and Social Pathology", Scientific American, 206, No.2 (1962), 139-48, W. Graig: "Why Do Animals Fight?", International Journal of Ethics, 31 (1921), 264-78.

[113] "Guide for Executives" (Office of Civil and Defence Mobilization, Battle Creek, Mich., 1958 (OCDM NP-10-1), "Guide for Architects and Engineers" (ibid., 1960/OCDM NP-10-2). Види исто и "Procedures for Managing Large fallout Shelters" (Dunlap and Associates, Stanford, Calif., 1959).

[114] Chombart de Lauwe, famille et habitation (види исто горната забелешка број 20), Том 2.

[115] Hall, The Hidden Dimension (види ја горната забелешка број 2), стр. 161-2.

3.9.4 Социјалното миље на Монмартр

Во урбаниот контекст, исто така, се појавува дополнително мислење во трудот на Шомбер де Лов, наречено општествено миље. Што се мисли со општествено миље? Секој ученик знае дека животот во Латинскиот кварт не е еднаков со животот на Монмартр, ниту, пак, Монпарнас е споредлив со дваесетиот арондисман, но каква дефиниција или формула може да ги одреди сегашните составни делови што го сочинуваат социјалното миље на овие места? Шомбар де Лов означи три различни нивоа: географско миље или временски - просторна рамка: техничко миље или ниво на технолошка опрема; и културно миље или традиционалната атмосфера забележана од жителите или, пак, опишана од други[116]. Сите три нивоа, како битна комбинација, го сочинуваат ефективното општествено миље, во кој контекст би требало да го сместиме целокупното општествено однесување.

Но, како може сите овие три нивоа да се одделат за систематска анализа, а истовремено да се задржи целосната концепција на општественото миље? Шомбар де Лов го критикува факторско - аналитичкиот пристап што постои во американската социологија; тој одбива да ги употреби термините како што се "фактори" и "елементи", или, пак, да употреби други концепти што се однесуваат на еднонасочен образец на односи. Тој смета дека е многу поважно да се дешифрираат комплицираните и комплексни нитки што го држат цврсто миљето, отколку да се занимава со актуелните механики на специфичните делови. Така тој зборува за варијабли што се формираат себеси околу одредени препознатливи групи. Но, во практиката неговата методолошка процедура може да се смета едноставно за внимателно програмирана факторска анализа на пет главни групи феномени: прво, обрасци на население во рамките на временско - просторната рамка; второ, економско - активни обрасци; трето, општествено групирање, односи, однесувања и ставови; четврто, комуникации и културен и духовен живот и петто, образовно ниво[117]. Понатаму, сите овие групи создаваат систем, или органска целина, што е витално

[116] Ова е особено подвлечено во "Le Role de l'observation en sociologie" (Rev.de l'Institut de Sociologie /Universite Libre de Bruxelles/, 1, No. 1 (1960), 27-43).

[117] Ibid. Vidi isto "Le Milieu social et l'etude sociologique des cas individuels" /види ја горната забелешка број 22/.

поврзана со другите групи преку вредносниот систем, ставовите и потребите на составните групи. Повторно ја гледаме врската меѓу општественото милје и појавата на хиерархии на општествен простор за одредени групи. Всушност, комбинацијата на контрасти меѓу општественото милје и хиерархиите на општествениот простор ги создаваат основните разлики меѓу источен, западен и централен Париз, искажани во познатата студија на Шомбар де Лов[118]

3.9.5 Еден географ и еден социолог можат да соработуваат

Кон крајот на педесеттите години Максимилијан Сор (Sorre) предупреди дека проблемот на еден урбан географ не е толку проблем на делење на општествениот простор на серии од составни "простори", туку дека е тоа повеќе испитување како овие делови се усогласуваат во конкретните животни ситуации на одредени урбани региони[119]. Во студијата за Париз, на пример, постојат некои докази дека кога аспирациите на групата ги надминуваат нивните достапни хоризонти, или кога просторните групи кои се поставени една покрај друга имаат сосема спротивни идеи за просторот, тогаш напнатоста расте, а тоа влијае врз просторните движења и со тоа се влијае врз географијата на тој сектор на градот.

Париските наоди ги зајакнаа некои од оригиналните претчувства на Сор (на пример, дека општествениот процеп што постоеше во населбата за спиење се должеше, пред се, на разликите во начинот на живот и ги поби другите, на пример, за неопходната врска меѓу живеалишната форма и начинот на живот во урбаниот контекст[120]). Еколошките принципи што владеат во руралното живеалиште не одговараат на урбаниот контекст каде што функционалните врски меѓу работата и домот се сосема различни, и не постои видлива хармонија на социјалната структура, животниот стил и типот на населба какви што можат да се најдат во селцето Бретен или во селото Лоран.

---

[118] Paris et l'agglimeration parisienne (види ја горната забелешка број 10), Том 1, стр.68 фф.

[119] Rencontres de la geographic et de la sociologie (види ја горната забелешка број 11).

[120] Chombart de Lauwe i drugi: Paris et l'agglomeration parisienne, (види ја горната забелешка број 10), Том 1, стр. 243.

Еден од најзначајните заклучоци што ги повлече Сор е тој дека еден географ и еден социолог можат да соработуваат во една студија со толку сложени прашања како што се општествената мобилност и миграциите[121]. Само преку таква соработка би можело да се открие во каква врска е општествената мобилност со просторната мобилност или да се отплеткаат психолошките врски што ги прават одредени живеалишни формации да бидат сили на стабилизација, а други сили на стимулирање на миграцијата на руралните и урбаните групи. Отпорот кон промени - на пример, инерцијата на винската област во Ба-Ланждо, на рударските населби во Лоран, на текстилните работници во Ланкашир - обезбедува погодни предмети за расправа за интердисциплинарен труд. Така, во доцните 50-ти години Сор повторно се залага за соработка меѓу географичарите и социолозите[122].

Од раните шеесетти години социологот Шомбар де Лов и неговиот тим напреднаа откривајќи нови фронтови[123]. Тој се приближува до студијата за социалниот простор[124] на три нивоа: на бихеивјуристичко ниво (каде и како живеат и се движат луѓето), на ниво на знаење (каде луѓето знаат дека им се достапни алтернативни можности), и на аспирациско ниво (каде би сакале луѓето да одат доколку би имале можност). Целиот тон на нивното истражување имаше бихеивјуристичка ориентација, што повторно дава потенцијална врска со современото истражување на географијата, волунтаристичката географија[125], што е толку популарна меѓу француските научници денес.

---

[121] Rencontres de la geographie et de la sociologie (види ја горната забелешка број 11), стр. 53-86.

[122] Ibid. Vidi isto L'Homme sur la terre (види ја горната забелешка број 16), стр. 96-101.

[123] Центарот на главната група, "Centre d'Ethnologie Sociale", е во Montrouge. Таму можат да се најдат интердисциплинарни истражувања на општа тема, "еволуција на општествениот живот", субвенционирани од Centre National de Recherche Scientifique. Интересен изданок, "Centre d'Etudes des Groupes Sociaux" работи на практичните проблеми што се сврзани со урбанистичкото планирање, на пример работа на политиката на децентрализација што денес се применува во Париз.

[124] 4 тома, Paris, 1962-5. Види исто така и Logement et vio familiate:Etude sociologique des quartiers nouveaux (Centre d'Etudes des Groupes Sociaux, Paris, 1965), i L'Attraction de Paris sur sa banlieue (Paris, 1965).

[125] Jean Labasse-ovite трудови се можеби најилустративни од сите останати меѓу новиот тренд на француски географи, види ја неговата L'Organization de l'espace: Elements de geographie volontaire (Paris, 1966).

3.9.6 Идеално место за живеење е провинцијата

Се поставуваат три прашања: каде живеат парижаните? Каде би сакале да живеат и што ги спречува онаму каде што сакаат? Парижаните очигледно би сакале да живеат надвор од метрополитската област и би емигрирале до колку нивниот работодавач се движи. Но има значајни разлики на социо - економските групи што се однесува до изборот на локалитет. Семејствата на работничката класа во целина, ако нивните домашни услови се разумно добри, не сакаат да го напуштаат Париз; но најголемиот дел од другите групи веруваат дека идеално место за живеење би било "во провинција". Три главни точки што привлекуваат се Алпите, средната област и Бретања, а оптималната големина на прифатлив град е онаа од 100 до 400 илјади жители. Анализите на интерните просторни предности даваат многу поочигледни разлики меѓу социо - професионалните групи[126]. Бегство во предградијата пред сé прават слободните професионалци и побогатите шефови и директори. Ако семејствата на индустриските работници воопшто се движат тогаш е тоа во "внатрешните предградија", каде што тие сé уште имаат пристап до средствата за јавен сообраќај. Лицата вработени во услужните дејности имаат тенденција да остануваат близу до центарот, близу до нивната клиентела. За многу групи професии идеално место за живеење е она кое има некаков идентитет. Овој идентитет може да се дефинира со јасни физички граници, со традиционален углед, со комерцијална атмосфера, или со други специјални белези што луѓето ги привлекуваат кон таа средина. Тенденциите на просторна сегрегација од социјални причини се многи позабележливи меѓу службениците и канцелариските работници, помалку забележливи меѓу индустриските работници, и помалку видливи меѓу групата со услужни професии. Меѓу највисоко ценетите карактеристики за идеално место на живеење се осаменоста, просторот и слободата на избор меѓу учество или немешање во локалниот живот.

Овие воопштувања нудат интересни појдовни точки на споредба со обрасците што постојат во други земји. Развојниот

Види исто Jean Gottmann: essais sur l'amenagement de l'espace habite (Paris, 1966).

[126] Ова се само некои од општите резултати на делото L'Integration du citadin a la ville et a son quartier (види ја горната забелешка број 39).

просторен ред на метрополните прегради во Соединетите Американски Држави следи помалку одредена линија, но исто така открива реакција на општествените вредности и ставови. Најновата литература укажува на зголемена општествена свест во обликувањето и селекцијата на квартови за живеење и корелативно опаѓање на важноста на економските сили[42]. Така, кога се работи за каков било општествен или политички контекст, гледаме дека има широко прифаќање на планирање на општествените вредности повеќе отколку што има поединечни реакции на законите на економскиот пазар, како главна детерминанта на просторната форма денес.

3.9.7 Општествениот простор - еколошки и психолошки аспект

Врз основа на овие француски предности може да се размислува за практичната корист од концептот на општествениот простор во урбаните анализи денес. Во целост, неговата главна вредност можеби е во врските постулирани меѓу внатрешниот субјективен ред (ставови, традиции и аспирации) и надворешниот просторен ред во рамките на урбаното милје. Истражувањето на овие врски е паралелно на денешните трудови на други полиња.

Погледи сродни на општествениот простор (на пример, етничкото подрачје, биотопот итн.), може да се најдат во антропологијата, но во најголем дел тие се прикажани од еколошки и психолошки аспект. Биотопот во психологијата е дефиниран како "живеалиште или локал кон кој организмот е привлечен преку извесна комбинација на учење, врежување и инстинкт. Еколошки пристап на студијата на такви биотопи е прикажан во Бартовата студија на етничките заедници во Северен Пакистан и во "науката на близината" на Едвард Хол што одговара на сличните концепти на урбаните анализи. Трудот на Шомбар де Лов навестува во таа смисла дека секој биотоп има внатрешна хиерархиска структура составена од лични, семејни, соседски и регионални простори, и второ, дека оваа структура се разликува од една социо-економска група до друга. Ова го покренува прашањето дали поединците во одредени професионални групи имаат постојан образец на биотопски вредности што се однесува до станбеното планирање и локација, рекреациските потреби и склоноста кон движење. Дали постои, на пример, некаква постојана врска меѓу секојдневните ("најблиски") просторни услуги - на пример, во канцеларијата, училницата или фабриката - и рекреативните предности на викендот? Дали постои врска меѓу недостигот на стимулација во

рутинските урбани занимања и трагањето по стимулација во надворешните рекреативни активности за време на одморот? Повторно, во каква врска е приспособувањето кон биотопот (дефиниран во еколошка и психолошка смисла) со променливите стапки во развојот на домувањето во предградијата? Просторниот ред во метрополитските маргинални области обезбедува фасцинантно поле на истражување.

Друга можност за меѓусебна соработка меѓу географот и социологот кое ја предлага Сор лежи во царството на мобилноста и миграциите. Клише е дека просторната мобилност е тесно поврзана со општествената мобилност меѓу средната класа Американци; меѓутоа, класните разлики во склоноста за движењето во рамките на метрополитските предградија се многу помалку дефинирани отколку што се претпоставуваше порано. Шомбар де Лов откри некои од мотивациите што се криеа зад промената на живеење во парискиот контекст и покажа дека неможноста да се достигне идеалот води кон психички растојства и општествени притисоци. Така, претставата за општествениот простор послужи како хеуристичен концепт, создавајќи многубројни различни истражувачки ориентации, а секоја од нив може да биде анализирана многу попрецизно од специјалисти по разни дисциплини. Во иднина може да послужи како координативна рамка за интердисциплинарно истражување на субјективните димензии на човековото однесување во просторот. Како толку многу други идеи во историјата на општествените науки, и распаѓањето и пропаѓањето на општествениот простор како поединечен и единствен аналитичен концепт, едноставно е неопходен прелудиум во новата жетва на истражувачките напори.

И покрај нивните општи филозофски и методолошки идеи, Сор и Шомбар де Лов радикално се разликуваат во еден поглед: Сор никогаш не можеше да се помири со идеата на планирање, додека трудот на Шомбар де Лов речиси целосно е насочен кон практични цели. Ова можеби и ја изразува разликата на генерации, Сор ја претставува предвоената буржоаска традиција: "знаење поради знаење", а Шомбар де Лов повоениот авангарден стил на не-академско знаење. Поради нивните основни разлики во погледите нивните дела мораат да се проценуваат од различити перспективи. Делата на Сор се всушност еден вид кабинетска концептуализација што може да послужи како предговор и како организациона рамка за емпириско истражување. Шомбар де Лов од друга страна пак, навидум толку нестрплив да дојде до брзи решенија на итните општествени

проблеми, често се движи премногу брзо низ аналитичниот дел за да дојде до готови апликативни резултати.

Ретроспективно, овие два научника ни имаат дадено збир на појмовни директиви; а не лесно употребливи истражувачки формули. Сор како голем хуманист остави одлични учебници за предавање на социјална географија, но тој не основа истражувачка школа; тој имаше неколку ученици кои, барем навидум, ги следеа неговите предложени предности. Шомбар де Лов би можел по многу нешта да се смета за првиот голем интернационалист меѓу француските социолози. Тој ги има поедноставено и интегрирано многу појмовни правци развиени во Американските, Германските и Британските школи за општествени науки, и така помогнал да се стимулира дијалогот меѓу различните традиции, како и меѓу специјалистите од посебните школи. Тој повикува на едноставен јазик што ќе им овозможи на социолозите да комуницираат со архитектите и инжинерите и што ќе им дозволи на граѓаните и планерите да соработуваат во создавањето на нова општествена средина.

3.10 МАРКСИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА НА КАПИТАЛИСТИЧКАТА УРБАНИЗАЦИЈА*

Добро се познати односите што Маркс ги постави меѓу индустриската револуција, механизацијата и капиталистичката акумулација. Анализата, пак, на значењето на "урбаната револуција" за капиталистичките односи на производство е надвор од неговото теориско поле[127]. Дури, далеку од тоа да биде минорен феномен, урбанизацијата според наше мислење, игра, исто така, важна улога во општиот развој на капитализмот како и зголемената употреба на механичката работна моќ во производните единици.

Во Капиталот, Маркс покажа дека капиталистичкиот начин на производство е обврзан континуирано да ги "револуционализира" своите средства за производство, со цел да го зголеми уделот на вишокот на трудот во однос на целокупниот труд. Далеку од тоа да биде едноставно технолошка потреба, зголемувачката продуктивност е неопходна во развојот на капиталистичката акумулација.

Денес овие добро познати анализи на односите меѓу развојот на силите на производство и акумулацијата на капиталот на ниеден начин не се ограничени, како што понекогаш се мисли, со трудот во работилницата, или дури и во погонот. "Социјализацијата" на производните сили, следствено на развојот на релативниот вишок на вредност, на ниеден начин не е ограничена со употребата на "колективниот работник" на работното место; напротив, за Маркс концептот на социјализација се проширува на репродукцијата на општествениот капитал како целина. Поточно, може да се каже дека тој се однесува и на техничката поделба на трудот во работилницата и на поделбата на трудот во општеството како целина. Освен тоа, Маркс беше доведен во состојба да развие нов концепт со цел да го определи односот меѓу непосредниот процес на производство, производните единици, од една страна, и целокупниот процес на производ-

---

* Jean Lojkine, *Contribution to a Marxist Theory of Capittalist Urbanization*, во книгата, Urban Sociology, Critical Essays, ed., by C.G.Pickvance, 1976, p. 119-138;

[127] Certainly one can find allusions, ane even preliminary analisys, in particular in *The German Ideology*. But Marx's systematic study of the principal forms of capitalism (*Capital*) leaves aside urban phenomena.

ство и циркулација на капитал, од друга: концептот што тој го употребува е оној на општите услови на производство.

Хипотезата која мислиме да ја развиеме што се однесува на местото на урбанизацијата во Марксистичката теорија во голема мерка е заснована врз овој концепт. Освен тоа, ни изгледа неопходно да ги анализираме последиците од концептот колку што е можно строго и исцрпно. Кога Маркс употребува некој израз, веројатно не настојува да му даде значење кое ќе му овозможи да го поврзе со градските феномени. Така во "Капиталот" истакнува дека:

"Револуцијата во начините на производство во индустријата и во земјоделството нужно предизвика револуција во општите услови на социјалните текови на производство, тоест во средствата за комуникација и транспортот"[128].

Како и да било, наше гледање е дека ова ограничување на концептот денес е поставено како прашање со појавата на фактори кои се од подеднаква важност и кои се исто така неопходни услови за севкупната репродукција на развиените капиталистички формации. Се повикуваме на една страна на заедничките средства за потрошувачка кои мораат да се додадат на средствата за социјална[129] и материјална[130] циркулација, и од друга на просторното концентрирање на средствата за производство и репродукција[131] на капиталистичките социјални формации.

3.10.1 Колективни средства за потрошувачка

Концентрацијата на средствата за производство и размена (банкарство, трговија) не е специфична карактеристика на капиталистичкиот град дотолку што дури и во средновековниот град производните и комерцијалните активности биле здружени, иако во многу поограничена мерка. Како и да е, според наше мислење,

---

[128] Capital I (Lawrence and Wishart, London, 1970) 384 (chapter 15, # 1), emphasis added.

[129] By 'means of social circulation' we refer essentially to commercial and banking institutions. Marx laid particular emphasis on the role of credit, but he also showed how commercial capitel could be an indirect condition of increased productivity.

[130] I.e.means of communication and transport..

[131] I.e.means of reproduction of capital (see fns 3 and 4) and means of reproduction of labour power, i.e. individual and collective means of consumption.

она што го карактеризира капиталистичкиот град е од една страна растечката концентрација на "заедничките средства за потрошувачка" кои постепено создаваат стил на живот, нови социјални потреби - оттука фразата "урбана цивилизација"; и од друга посебниот начин на концентрација на вкупноста на средствата за репродукција (на силата на капиталот и на трудот) која самата станува детерминантен фактор во економскиот развој кој се повеќе се наметнува.

Да се обидеме да ги анализираме овие две карактеристики подетално.

А) Под "колективни средства за потрошувачка" ја подразбираме севкупноста на материјал кој ги поткрепува активностите посветени на проширената репродукција на општествената моќ на трудот, што не треба да се брка ниту со едноставната физиолошка репродукција ниту со конзумирање - уништување материјални објекти од страна на одделна индивидуа.

Од оваа перспектива Маркс со својата дефиниција на "општите услови на процесот на општествената продукција" го споредува задоволувањето на потребите кои индивидуата ги консумира и ги чувствува... како една индивидуа во општеството" и задоволувањето на "социјално поставените потреби на индивидуата" кои таа ги консумира и чувствува... заеднички со другите - чиј начин на потрошувачка е општествен според самата природа на работите"[132].

Денес, ова конкретно се однесува на медицинските, спортските, образовните, културните и на можностите на јавниот транспорт. Доволно е да се погледнат издатоците за здравство и образование во буџетите на поголемите капиталистички земји почнувајќи од 1945 година за да се има индикација за големата важност на овие нови и неопходни видови репродукција на моќта на трудот.

Зголемувањето на продуктивноста, како и зголемувањето на брзината на циркулација на капиталот, денес се повеќе и повеќе се појавува низ оваа социјализација на потрошувачката. И основното образование и проширената репродукција (натамошна квалификација, преквалификација) на комплексната моќ на трудот, всушност претпоставува не само механизација (што денес значи автоматизација на средствата за производство), кооперација на работниците комбинирајќи ја нивната едноставна моќ на трудот во општествена моќ на трудот, туку и концентрација

[132] *Grundrisse, Foundations of the Critique of Political Economy* (Penguin, Harmondsworth, 1973) 532, latter amphasis added.

на средствата за образование и истражување и цело множество предуслови на новата репродукција на моќта на трудот - паркови, станбени објекти, транспорт итн.

Да се потсетиме на специфичните карактеристики на заедничките средства за потрошувачка.

Наспроти индивидуалните средства за потрошувачка, заедничките средства за потрошувачка не се удопствата во строгата смисла на зборот, т.е. материјални производи кои постојат независно од нивниот процес на производство. Секако, училиштата, патиштата, парковите се материјални објекти: тие имаат вредност, т.е. тие се производ на минатиот, опредметен труд. Но нивната употребна вредност не е опредметена во објект кој може да биде продаден. Производот продаден во овој случај е едноставно употреблив ефект на материјалниот процес кој самиот не создава каков и да е производ. Тоа што е продадено е трудот на производот.

Работниците одговорни за одржувањето на заедничките делови на станбените згради или парковите, учителот кој одржува настава, итн. се добавувачи на услуги а не производители на удопствата. На услуги, со други зборови на употребни ефекти, на употребни вредности кои се неразделени од процесот на нивното производство, и, оттука, од нивните средства за производство.

Додека кое и да било индивидуално потрошувачко добро по својата природа е одделено од своите средства за производство, "колективните потрошувачки добра" се неразделни од материјалните средства кои ги произвеле: медицинската нега не постои, таа нема материјална егзистенција независна од средствата за медицинска нега...Тоа е она што Маркс го покажа во случајот со транспортната индустрија каде што употребната вредност - менување на местото - е "потрошен во моментот кога е произведен"; истото може да се каже за лекцијата која ја дава учителот или негата на лекарот.

Втората карактеристика на заедничките средства за потрошувачка се трајноста, постојаноста на реализацијата на нивната употребна вредност, на нивниот корисен ефект; со други зборови, нивната потрошувачка не повлекува уништување како во случајот на потрошувачка на храна, туку попрвин имплицира многу посебен вид на субјективно присвојување кое ќе се обидеме да го опишеме.

Според наше мислење, колективната потрошувачка претпоставува еден социјален однос кој не е маскиран , дехуманизиран со објектификацијата на употребната вредност во удопство,

како во случајот на индивидуалната потрошувачка. Додека последнава се стреми да ја опфати заедничката размена наоѓајќи се зад размената на два производа, две разменливи вредности, во обезбедувањето колективна услуга, хуманата размена не може да биде скриена и станува спротивставена со стандардизацијата на употребните вредности создадени од законите на пазарот, како што ќе видиме понатаму.

Третата и последна карактеристика е колективноста на начините на потрошувачка кои така по својата природа се спротивни на индивидуалното, лично присвојување. Парковите или лекциите не можат да бидат консумирани индивидуално - барем не во нивната сегашна социјализирана форма.

Слично, социјалните потреби создадени со развојот на кооперацијата се повеќе доведуваат до рушење на рамките на либералната медицина, вклучувајќи ги и оние во земјите со забележани "либерални" идеологии, како Соединетите Американски Држави.

И населувањето, чие присвојување се појавува како индивидуално, станува се потешко да се раздели од градската средина и веќе не може да се сведе на "машина за живеење" колку што стана интегрален елемент на ентитет кој не може да се консумира поинаку отколку колективно: градот.

3.10.2 Градот и просторната комбинација на елементите

Предходната анализа на заедничките средства за потрошувачка ни овозможи да ја покажеме необичноста на градскиот начин на живот. Но, како и да е, таа не може да ни каже зошто токму градот е специфичен центар на поопштествувањето на потрошувачката. Таквото прашање се однесува на поширокиот проблем на социо-историските услови под кои не се подразбираат само средствата за производтсво и циркулација, туку исто и севкупноста на општите услови на производство, вклучувајќи ги колективните средства за потрошувачка кои се концентрирани во ограничена област.

Тоа е она што по наше мислење е објаснето со Марксистичкиот концепт на кооперација, со тоа што тој не е ограничен само на здружението на работниците во рамките на производната единица. туку се разгледува како неопходен инструмент за развојот на заедничкото производство.

Ова според наше гледиште е значењето на прославениот текст во кој Маркс ги анализира односите меѓу употребната вред-

ност на заедничкиот простор и концептот на кооперација. Според Маркс:

"Здружувањето и дозволува на работата да биде пренесена над проширениот простор...Од друга страна, додека ја проширува скалата на производството, создава можност за релативно стеснување на аренатa. Ова стеснување на аренатa симултано со, и произлегувајќи од, проширувањето на скалата, со што се намалени неколку непотребни трошоци, се должи на конгломеркацијата на трудбениците, на агрегацијата на различни процеси, и на концентрацијата на средствата за производство"[133] Далеку од тоа да биде сведлива на концентрацијата на средствата за производство, развиената кооперација така се проширува со вклучувањето на концентрацијата на работниците и здружувањето на различни операции, т.е. одделни фази, на производствениот процес.

Концентрацијата на население, инструменти на производство, капитал на задоволства и потреби - со други зборови, градот[134] - е автономен феномен раководен со законите на развојот тотално одделени од законите на капиталистичката акумулација: тој не може да биде одделен од тенденцијата на капиталот да ја зголеми продуктивноста на трудот со поопштествување на општите услови на производство - од кои урбанизацијата, како што видовме, е неопходна компонента...

Она што ја објаснува привидната автономија на урбаните феномени е фактот дека тие се дел од поделбата на трудот во општеството а не од поделбата на трудот во производните единици: општествената поделба на трудот - од која поделбата меѓу градот и селото е "фундаменталната основа" - е дел од економските формации на најразличните општества а не, како поделбата во мануфактурата или онаа во работилницата, само од капиталистичката формација.

Тоа е она што оди во прилог на фактот дека нужноста на урбаните форми постоеле далеку пред раѓањето на капитализмот и дека некои од (дури и) неговите (сегашни) карактеристики не се покажуваат како директно зависни од капиталистичката акумулација (посебно опстојувањето на малите градови чиј општествен и економски живот е повеќе во сродство со феудалниот начин на производство отколку со урбаната цивилизација создадена со механизацијата).

---

[133] *Capital I, 328-9* (chapter 13), emphasis added.

[134] K.Marx, *The German Ideology I* (Lawrence and Wishart, London, 1970) 69 (Division of labour and country).

Ете зошто Маркс го избегнува сведувањето на односот меѓу урбанизацијата и капитализмот на едноставна, директна и заемнозначна врска на причината и ефектот. По разликувањето на двете сфери во кои ове два феномена се манифестирани (поделбата на трудот на ниво на социјалната формација како целина и поделбата на трудот во рамките на производната единица) тој се ограничува во почетокот само на аналогија, паралелизам чии граници внимателно ги поставува во "Капиталот":

Токму како што некој број истовремено вработени трудбеници се материјална претпоставка за поделбата на трудот во мануфактурата, така и бројот и густината на популацијата, која овде соодветствува на агломерацијата во една работилница, е неопходен услов за поделбата на трудот во општеството.[135]

Со цел да стане јасно дека не се опфаќа едноставно демографската карактеристика (концентрацијата на популацијата во рамките на одредена област) туку урбаната карактеристика, Маркс е во тешкотија да истакне со што според него е определена популационата густина: со мрежата на комуникации.[136]

Денес би можеле поопшто да кажеме дека просторната распределба на средствата за производство, капиталот, и средствата за потрошувачка се решавачки фактор; комукационата мрежа само ја актуелизира оваа распределба. Освен тоа, Маркс употребува сличен израз кога се повикува во истиот текст на "територијалната" поделба на трудот, која ги затвора специјалните гранки на производство во специјални подрачја на земјата.[137]

Значи ли ова дека не треба да се направи разлика меѓу здружувањето во работилницата и здружувањето во општеството? Воопшто не! И поради тоа Маркс е внимателен да ги одреди границите на својата аналогија:

Наспроти многубројните аналогии и врски кои ги поврзуваат, поделбата на трудот во внатрешноста на општеството, и таа во внатрешноста на работилницата, се разликуваат не само во степенот, туку исто и во видот.

Додека внатре во работилницата, железните закони на пропорционалноста потчинуваат одреден број работни луѓе на

---

[135] *Capital I, 352* (chapter 14 # 4), emphasis added.

[136] 'Nevertheless, this density is more or less relative. A *relatively* thiny populated ountry, with well-developed *means of communication*, has a *denser population* than a more numerously populated country'.(Loc.sit,emphasis added.)

[137] *Ibid.,* 353 (chapter 14 # 4), emphasis added.

одредени функции, во општеството надвор од работилницата, случајот и каприцот имаат целосна улога во распределувањето на производителите и нивните средства за производство меѓу разновидните гранки на индустријата.[138]

Со еден збор, додека здружувањето повлекува заедничко планирање во рамките на капиталистичкото претпријатие, тоа не значи ништо друго освен анархија на нивото на капиталистичката социјална формација како целина, тесно поле на натпревар меѓу зависните производители и удопства.

Оваа разлика во видот е фундаментална, бидејќи се однесува на најнеопходното од капиталистичкиот начин на производство од кој е невозможно да се искорени натпреварувањето, особено во ерата на меѓународните монополи, без да и се стави крај на капиталистичката акумулација. Но тоа воопшто не ја запоставува неопходната улога на просторната распределба на средствата за производство и средствата за потрошувачка во капиталистичката потрага за зголемена продуктивност.

Напротив, Маркс ја покажува непосредната врска меѓу зголемената продуктивност на трудот и урбаниот развој цитирајќи ги, меѓу другите, Џејмс Мил и Томас Хоџкин:

Постои определена густина на популација која е удобна и за социјалните контакти и за онаа комбинација на способности со која се зголемува производството на трудот. (James Mill, Elements of Political Economy, London, 1821, p.50). Како што бројот на трудбениците се зголемува, продуктивната моќ на општеството се зголемува во мешовитиот однос на тој раст, мултиплициран со ефектите на поделбата на трудот. (Thomas Hodgkin, Popular Political Economy, London, 1827, 125-6)[139]

Така, далеку од тоа да се три назависни сфери, сферите на производство, размена и потрошувачка се во постојана интеракција.

[138] *Ibid.*, 353 (chapter 14 # 4), emphasis added.
[139] *Ibid.*, 352, fn. 2 (chapter 14 # 4), emphasis added

3.10.3 Економскиот ефект на агломерацијата

Поделбата на трудот во мануфактурата го демантира тврдењето дека поделбата на трудот во општеството треба предходно да постигнала таков степен на развој. Спротивно, првата поделба дејствува над и ја развива и мултиплицира втората.[140]

Маркс го обопшти ова заемодејство на сите историски стадиуми во развојот на здружувањето (мануфактурно и фабрички периоди) покажувајќи како средствата за комуникација и транспортот биле "револуционализирани" почнувајќи од поделбата на трудот во мануфактурата а потоа со механизацијата и модерната индустрија.[141]

Како и да е, ние не можеме да се ограничиме себеси на едноставен паралелизам меѓу различните стадиуми од развојот на капиталистичката кооперација и нивните односи кон општите услови на производство: не постои ли контрадикција меѓу самиот поим развој за здружувањето и идејата за статични меѓусебни односи фиксирани еднаш за секогаш, меѓу непосредниот процес на производство и општите услови на негова репродукција?

Додека мануфактурниот период и почетокот на модерната индустрија гледаа спротивност меѓу единицата на производство и мноштвото неизвесни производители на удопства, развојот на модерната индустрија создаде огромни монополи чии царства се поделени на многубројни установи поврзани меѓусебно со остроумно планирани заштеди на индиректни трошоци и сеопфатна стратегија за максимализација на профитот.

Разликата во "видот" меѓу "редот", организацијата во рамките на мануфактурата и анархијата на натпреварувањето на тој начин останува, но денес таа е манифестирана во спротивставеноста меѓу грозната организација на секое одделно индустриско или банкарско царство од една, и натпреварувањето, анархијата која ги покрива односите меѓу соперничките царства од друга страна.

Една анализа на развиената капиталистичка кооперација нужно води кон спротивставеноста меѓу техничката неопходност на социјализацијата и социјалната неопходност на натпреварувањето. Поради тоа таа ни овозможува да го сфатиме контра-

[140] *Ibid.*, 353 (chapter 14 # 4), emphasis added
[141] *Ibid.*, 384 (chapter 15 # 1).

дикторниот карактер на капиталистичката социјализација на општите услови на производство.

Социјализацијата на (социјална и материјална) циркулација, социјализацијата на потрошувачката, просторната концентрација на средствата за производство и репродукција на моќта на трудот, развиената кооперација соодветствува на сегашната состојба од развојот на производните сили и на тој начин и на новите форми на зголемена продуктивност појавени како нужни со капиталистичката акумулација. Но во исто време оваа социјализација ги трпи сите знаци на контрадикцијата меѓу општествениот карактер на производните сили и капиталистичкиот карактер на односите во производството.

Тоа е она што имаме намерка сега да го прикажеме спротивставувајќи ја специфичната природа на економскиот ефект на урбаната конгломеркација со неговата општествена (капиталистичка) содржина.

Се досега бевме заинтересирани само за еден аспект од односот меѓу урбанизацијата и капиталистичката акумулација, имено за развојот на урбаната агломерација определена со постојаниот стремеж на капитализмот да го намали производното време и времето на обрт на капиталот.

Така градот се јавува како непосреден ефект на потребата да се намалат индиректните трошоци на производството, и трошоците на прометот и потрошувачката со цел да се забрза степенот на обрт на капиталот и така да се зголеми периодот за време на кое капиталот бил продуктивно искористен. Но да се заклучи од ова дека урбаниот развој на некој начин е обезбеден од постојаната потреба на капитализмот да ја зголеми продуктивноста на општествениот труд би било погрешно од две причини: од една страна, затоа што секој пораст во продуктивноста, со зголемување на органската содржина на општествениот капитал, на крајот го засилува стремежот степенот на профитот да се намали и доведува до противударна реакција која го контролира и "селектира" развојот на производните сили; и, од друга, затоа што потребата од кооперација меѓу различните застапници на производството во урбаниот простор е оспорена прво со: законите на капиталистичкото натпреварување и второ, со парцелизирањето на урбаниот простор во независни фрагменти кои се лична сопственост на земјосопствениците.

Ова второ ограничување е, всушност, наемнината на градското земјиште.

На тој начин капиталистичките односи на производство, во исто време кога овозможуваат - со модерната индустрија - зго-

лемена тенденција кон урбана конгломеркација, обележуваат тројна граница на било какво рационално, општествено планирање на развојот на градот.

Најпрвин, ограничување поврзано со финансирањето на разновидните елементи кои на градскиот капиталистички живот му го даваат неговиот посебен карактер; Второ, ограничување поврзано со социјалната поделба на трудот на територијата како целина и оттука со анархичното натпреварување меѓу различните застапници што го употребуваат или трансформираат градскиот простор; Трето, ограничувањето што е произлезено од приватната сопственост врз самата земја.

3.10.4 Капиталистичките ограничувања и средствата за потрошувачка

Маркс јасно го покажал противречниот ефект на развојот на производните сили врз тенденцијата на опаѓање на стапката на профитот: од една страна, зголемувањето на продуктивноста ги зголемува масата на вишокот на вредноста и степенот на вишокот на вредноста; но со пораст на органскиот состав на капиталот преку зголемување на акумулацијата на постојниот капитал тие се стремат да резултираат во обновен стремеж кон пад на стапката на профитот. Тоа е она што Маркс го мислел, на пример, во следнава содржинска и посебно експлицитна мисла:

"Оваа зголемена производна сила (т.е. машинеријата вклучена во модерната индустрија), не е... купена со зголемена потрошувачка на трудот.[142] Останува да се покаже дека градската рента ја игра истата улога што се однесува до органскиот состав на општествениот капитал како што го прави тоа употребата на машинеријата. Тоа ќе овозможи споредбата што е направена да биде проширена и врз односот меѓу социјализацијата на непосредниот процес на производство и социјализацијата на неговите општи услови."

Со цел да го сториме тоа ќе продолжиме во две етапи. За почеток ќе се обидеме да ја испитаме положбата на разновидните урбани елементи во однос на двете сфери од производниот капитал и непроизводниот капитал. Тогаш ќе се поставиме на нивото на општествената распределба на масата на вишок на вредноста, т.е. на нивото на собирањето и присвојувањето профит, со цел да

[142] *Ibid.*, 387 (chapter 15 # 2), emphasis added

ја определиме "профитноста" на разновидните форми урбани издатоци.

Ние го определивме капиталистичкиот град како производ на социјализацијата на општите услови на производството, и социјализацијата на просторот. Затоа може да се употребува изразот ефекти на урбаната агломерација разгледувајќи го глобалниот удар на урбаните активности врз капиталистичката економија.

Под овој израз ги подразбираме: од една страна, корисните ефекти создадени со средствата за промет и за потрошувачка концентрирани во градот;од друга страна, ефектите на агломерацијата кои се само индиректен производ на порастот на средтствата за производство или репродукција и не се поврзани, како предходниот ефект, со некаков посебен материјален објект. Производството на ваков тип ефекти може да се каже е во некоја смисла колективно: тоа е социјална комбинација - концизна или не, промислена или не - на одделни градски елементи (градби од блокови на катови, куќи, продавници, канцеларии, фабрики итн.).

Употребната вредност така се вклучува во капацитетот на урбаниот простор да го потпомогне заемодејството меѓу различните елементи на градот.

Ќе се вратиме во нашата анализа на овој втор вид ефекти при разгледувањето на наемнината на градското земјиште, каде што ќе биде покажано дека градската рента е директно искористување на оваа употребна вредност со спекулативни цели.

Да се вратиме на урбаните ефекти од првиот вид, оние создадени со средствата за промет и потрошувачка.

Овие корисни ефекти секако се и употребни вредности, но никако не се материјални објекти чии производи можат да служат како физички носител на вредноста определена од моќта на трудот. Маркс покажа дека производството на стоки ја нагласува контрадикцијата меѓу вредноста и употребната вредност, претпоставувајќи ја "алиенацијата" на производот од производствениот процес, одделување на производот во кој може да биде опредметена вредноста создадена со моќта на трудот. Случајот не е таков со употребните ефекти или "услуги" се додека нивната употребна вредност не е опредметена во некој материјален објект.

Со два исклучока: транспортот и сместувањето на стоките, до колку овие две активности повлекуваат, како што Маркс јасно покажа, трансформација на употребната вредност на

транспортираните или сместените стоки.[143] Тоа е затоа што трудот вложен во транспортирањето или сместувањето дава употребна вредност кон производот (трансформирајќи го од потенцијална стока во реална стока, ставајќи го реално на располагање на потрошувачкиот пазар и продавајќи го и дека ове две активности го продолжуваат процесот на производството во процесот на циркулацијата.

Но овие два исклучока само го потврдуваат правилото. Овие "услуги", овие корисни ефекти, било тие да се јавен транспорт, населба, медицинска нега или образовни активности, банкарство или комерцијални активности не се опредметени во ни еден материјален објект. Така тие не создаваат додатна вреднсот и се во целост непроизводни.

Во каква врска, тогаш, можат трошоците врзани за средствата за потрошувачка и промет да се споредат со оние врзани за средствата за производство и комуникација?

На ова прашање може коректно да се одговори единствено имајќи ги предвид во нивната вкупност сите разновидни издатоци причинети со проширената репродукција на капиталот: Маркс всушност ги зема предвид само издатоците за производството (што ги вклучуваат издатоците и за изработката на машините), и индиректните издатоци за производството (т.е. издатоците за производството на средствата за комуникација и сместување и исто така издатоците за прометот во строга смисла, банкарството и комерцијалните активности) неопходни за продуктивно искористување на капиталот, но кои не пренесуваат или додаваат каква било вреднсот. Кон овие трошоци ќе ги додадеме и трошоците на потрошувачката повикувајќи се на кажаното. Сега во случајот на трошоците на прометот, како во случајот на потрошувачките трошоци, вложените пари не се издаток на приходите, туку (непродуктивен) издаток на капиталот...

3.10.5 Урбаните системи и репродукцијата на работната сила

...Така во случајот со трошоците на потрошувачката и прометот, вложените пари секако се издаток на капиталот, но не така како кај константниот капитал; тој издаток резултира од одземањето од веќе создадениот вишок на вредноста. Оттука и

[143] We refer here to Marx's basic texts: on the transport industry, see, *inter alla, Capital II* (Progrss Publishers, Moscow, 1967), chapters I (esp. pp. 53-4) (#) and 6 (pp.152-5) (#). On storage, see *Ibid.*, chapter 6, p. 139 (# 2).

претпоставениот концепт "трошковен капитал"[144]. Овој капитал дејствува врз органскиот состав на капиталот на истиот начин како константниот капитал: го зголемува органскиот состав зголемувајќи ја масата на акумулираниот заеднички капитал без самиот да биде продуктивно искористен. Но овие два процеса конвергираат многу поинтимно ако се прифати хипотезата за надакумулационата девалоризација.[145] Веќе покажавме дека капиталистичкото постојано трагање за зголемена продуктивност (со цел да се бори против тенденциското сфаќање на профитната стапка) денес веќе не е исполнето само со зголемување на стапката на вишокот на вредноста, туку и со поопштествувањето на општите услови за производството.

Но овие нови оружја во борбата против втората тенденција, се како и постарите, со двојна острица: со зголемување на масата општ капитал кој не е продуктивно искористен, капитализмот повторно го покажува органскиот состав на капиталот и остварува ново преакумулирање.

Освен тоа, сиот продуктивен капитал не дејствува на ист начин врз органската содржина. Хипотезата за надакумулациона девалоризација овозможува да се разграничат различните степени на обезвреднување на капиталот во рамките на сферата на производството. На пример, железничките линии и средствата за комуникација се дел од сектор кој делумно е обезвреден поради прекумерно големата органска содржина - како што забележа Маркс во првата половина на деветнаесеттиот век.

Според тоа, разликата "во видот" меѓу константниот капитал на заедничките средства за потрошувачка и средствата за општествена циркулација станува нејасно од гледна точка на девалоризацијата на капиталот; разликата во видот станува разлика во степенот меѓу тотално девалоризираниот капитал кој произведува нула екстра вредност, и силно девалоризиран капи-

---

[144] Economic analysis of the repercussions of the growth in social expenditure, and in particular of urban expenditure, on the tendency for the rate of profit to fall, refers to the general theory of devalirization and overaccumulation of capitel in the State monopoly capitalist period. We shall merely refer here to the most important works on this subject: Paul Boccara, Capitalisme monopoliste d'Etat, accumulation di capital et financement public de la production, *Economie et Politique 143-4* (International Conference, Choisy-le Roi, 26-29 May 1966); and more recently, La crise du capitalisme monopoliste d'Etat et la lutte des travailleurs, Economie et Politique (special issue, March 1970. (Also in P.Boccara,*Etudes sur le Capitalisme d'Etat, sa Crise et soh issue* (Editions Sociales, Paris, 1974).

[145] See p. 130, fn. 20.

тал како оној инвестираниот во средствата за комуникација. Затоа може да се зборува дека општите урбани услови на капиталистичкото производство имаат заедничка економска функција. Финансирањето на заедничките средства за потрошувачка, како и финансирањето на средствата за материјална и социјална циркулација, ја зголемува масата капитал кој е девалоризиран во однос на оној што е продуктивно искористен на или над среднатa стапка на профит.

Додека како целина урбаните трошоци ја засилуваат тенденцијата на стапката на профит кон опаѓање, од гледна точка на нивната способност да го соберат и присвојат вишокот на вредноста попрво отколку нивната способност да го создадат, тие можат да бидат поделени во две сосем одделни целини. Со други зборови, она што му придонесува на одделен капиталистички претставник не е производството вишок на вредноста, туку вложувањето на профитот што може да го присвои. Помалку е важно дали тој го добива тој профит со изработување стоки или со продажба на правни или финансиски услуги. Конкретно, профитноста на дадена економска целина ќе зависи не од тоа дали целината е дел од процесот на создавање вишок на вредноста или не, туку од стапката на профитот и брзината на обртот на инвестираниот капитал.

Тој ја објаснува историската поделба меѓу силно профитниот сектор на промет на капитал (банкарство и комерцијален капитал) и секторот на заедничките средства за потрошувачка чија профитност е ограничена на изолирани полиња блиски до комерцијалниот сектор. Од времето на Осман, па се до ден денес може да се следи опозицијата меѓу помпезниот раст на финансиските институции на големите градови и малтузијанизмот на капиталистичката класа кон развојот на средствата за заедничка потрошувачка чија ралиазација во големи размери секогаш е резултат на долги класни борби, како што ќе видиме потаму.

Малтузијанизмот се однесува на населбите на работничката класа, основните стандарди на здравјето на народот, основната инфраструктура за градежното земјиште во Франција во 1920-тите или социо - културната опременост на блокови од катови развиени во повоениот период, итн. Наше гледање е дека објаснувањето не треба да се бара на нивото на нивниот непродуктивен карактер туку во нивната неадекватност од гледна точка на критериумот на формирање профит и од монополистичките профитни вишоци.

Додека средствата за социјална циркулација го дозволуваат формирањето мошне големи степени на профит, самата

структура на употребните вредности - средствата за заедничка потрошувачка ги прави нив сфера каде што промената на критериумите на пазарот е тешка[146]... На пример, кога една населба се продава на пазарот таа станува стока во голема мерка резервирана за богата елита или индиректно средство за набивање вишок на вредноста со помош на системите на банкарски кредит кон кој работниците нужно се упатени.

Но постојат многу заеднички средства за потрошувачка кои, според самата своја природа, се спротивни на императивите за профит. Благодарение на бавноста на обртот на капиталот во овие сектори, на различната и дисконтинуирана природа на зголемувањето на нивната побарувачка, јавниот транспорт, училиштата, истражувачките центри, парковите... се оние области што и се туѓи на капиталистичката профитност, а што ѝ се неопходни на вкупната репродукција на капиталистичките општествени формации.

Со репродукцијата на работната сила преку средствата за потрошувачка и на капиталот преку урбаните системи на преобразбата, капиталистичкиот град се повеќе станува манифестација на две контрадикторни неопходности:

- таа за репродукцијата на капиталот кој бара повеќе вишок на труд; и на таа за репродукција на работната сила која бара, обратно, преку развојот на здружувањето, секогаш повеќе слободно време, секогаш помалку неопходен труд, и конечно сосема задушување на спротивноста - појавена со капитализмот - меѓу потребното време и слободното време, со цел да се излезе во пресрет на новите потреби на научната и техничката револуција која сега започнува.

Но, спротивноста не е лоцирана единствено во рамките на економското поле: таа нужно се одразува и врз начинот на самиот живот. Пазарните елементи на градот, редуцирајќи ги општествените односи на безлична размена на стандардизирани вредности, се спротивни на непазарните општествени односи создадени со новите заеднички средства за потрошувачка кои ја зголемија можноста на човекот веќе да не биде "производител на парче"... сведен на едноставен дел од човек туку во целост развиена личност, извор на иницијативна и колективна креација.

---

[146] This observation has been made by numerous economists, includin non-Marxist economists. See J-F. Besson, *l'Integration Urbaine* (P.U.F.,Paris, 1970); Jean Remy, *La Ville, Phenomene Economique* (Editions Ouvrieres, Brusseis, 1967).

3.10.6 Фактори во изборот на локацијата

Развојот на урбаната агломерација зависи, од нејзината врска со можностите за вработување, па затоа начинот на локација на индустриските фирми и служби ќе има важна улога во развојот на градовите. Се повеќе станува јасно дека сместувачките критериуми на големите капиталистички фирми влегуваат во противречност со технолошките и социјални потреби на кое било реално територијално планирање, т.е. на развиената соработка на ниво на нацијата како целина.

Една современа анкета[147] на група американски и европски фирми, главно големи и од различни гранки на индустријата, покажа дека главниот фактор во нивниот избор на локација била ситуационата предност доделена со постоењето на добри врски со други земји, на можности и услуги од сите видови (пристаништа, аеродроми, телекомукациони врски), со други зборови, целиот опсег на урбана инфраструктура - според тоа што Маркс го нарече "релативна густина" на популацијата.

Градот игра фундаментална економска улога во развојот на капитализмот, но обратно, урбанизацијата е модулирана и формирана со потребите на капиталистичката акумулација.

Истото истражување откри дека големите капиталистички фирми продолжуваат да ја претпочитаат Ломбардија во однос на Мецоџорно; во 1968 97,2 одсто од новите работни места отидоа на центарот и северот на Италија, а само 2,8 одсто на југот. Во периодот 1951-63, распределбата на новите работни места беше следната: 76 одсто на центарот и северот, 24 одсто на југот.

Општествената поделба на трудот под дејство на ефектот на монополистичка акумулација на тој начин создава два контрадикторни просторни феномена, кои резултураат од вообичаениот стремеж на капиталистичките фирми кон локација која ќе им овозможи да ги редуцираат индиректните производни трошоци колку што е можно.

Овие феномени се, од една страна, се поголемата неразвиеност на областите кои во најмала рака се добро опремени со урбана инфраструктура (материјални средства за циркулација и заедничките средства за потрошувачка), и, од друга страна,

[147] The poll was carried out on behalf of the Olivetti Foundation and the Club Turanti, organizers of a "Round Table" at Venice, 8-9 November 1969, attended by representatives of public and private industry and political leaders.

растечкото натрупување на гигантските "мегалополиси" во кои веќе се концентрирани најразновидни и најгусти средства за комуникација и заеднички средства за потрошувачка. Концентрациите во кои самиот процес на просторна диференцијација меѓу најдобро опремените области, кои ќе станат дури подобро опремени - деловни квартови, станбени квартови за доминантните класи - и во најмала рака добро опремените области, ќе се репродуцираат, со тенденција да го прошират јазот меѓу нив.

3.11 УРБАНИТЕ КРИЗИ И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ*

Во тишината на седумдесеттите, лесно е да се заборави метежот од доцните шеесетти. Тогаш проблемите на нашите градови изгледаа бескрајни и безнадежни. Бунтовите, вандализмот, високите стапки на криминал и одеднаш видливата сиромаштија на градските гета беа предмет на национален интерес. Слабиот транспорт, битките за контрола над училиштата, политичките скандали на локално ниво и ризиците за здравјето од загадувањето на воздухот и водата тогаш донесоа први новости, продолжувајќи го тоа и денес. Нашите градски центри сé уште ги покажуваат лузните на насилството што експлодира на улиците и се разгори во студентските домови. Кои и да се причините за мирот на 1970-тите, сигурно не е затоа што сме ги решиле проблемите на шеесеттите.

Некои настојуваат да нé потсетат на овој факт, како и да е, сугерирајќи дека многу од она што го сметаме за проблем не е навистина тоа. Бенфилдовата (Banfield) намера се покажува различна. Тој сака проблемите на градот да ги направи управливи, правејќи разлика меѓу проблемите што се важни но немаат потреба од моментално разгледување и проблемите што се сериозни и бараат итно внимание. Вторите проблеми во голема мерка се поврзани со нискиот слој.

Кусогледоста на средната класа ја уништи анализата во трагањето за божествениот град според сопствената определба на божественото. На тој начин количеството загадување на воздухот и водата што може да се најде во еден наш типичен град е иритирачко и неудобно, но сигурно не би требало да биде согледано како сериозен проблем. Тоа е мала цена што треба да се плати за прогрес. И многу од она што личностите од средниот слој го земаат како потстандардно домаќинство може да се согледа како напредно од перспектива на сиромашниот. Можеби е погрешен патот сиромаштијата да се определи како релативна во однос на стандардната потрошувачка бовча, претпоставена како достапна на сите просечни Американци. Сигурно сиромаштијата е помалку уништувачка за телата на сиромашните Американци отколку сиромаштијата на бедните квартови на Калкута.

---

* Robert A. Willson/David A. Schulz, Urban Sociology Prentice-Hall, Inc., 1978, p. 9-12.

Со сегашните форми на урбанизацијата, проблемите на перспектива станаа поинтензивни во современите растечки трендови во нашите метрополи. Оние што покажуваат слични перспективи се стремат да се здружат - наспроти митот на лонецот за топење (melting pot). Посебно, централните градови стануваат сé повеќе сиромашни и црни, а предградијата сé повеќе имотни и бели.

Скоро 69 одсто од нашата севкупна популација живее во она што пописот го нарекува стандардна статистичка област на метрополата. 75 одсто од црните Американци живеат во оваа област и 58 одсто живеат во централниот град на таквата област. За споредба, додека околу 68 одсто од белата популација живее во стандардните статистички области на метрополата, само околу 28 одсто живее во централните делови од градовите.

Сегашниот растеж на американските градови, посебно оние на север, се карактеризира со многу бавен пораст во централните градови, и со рапиден степен на пораст во предградијата. Централните градови сé повеќе стануваат црни, колку повеќе црнците од село продолжуваат да емигрираат од руралните области, а поимотните белци имигрираат во предградијата. Така градовите се соочени со проблемот на потребите на сé посиромашната популација додека го трпат падот на даночната основица.

Иако станбената популација на централните градови опаѓа, таа станува главен корисник во повеќето стандардни области на метрополата. Општинските управи се обидоа да *повратат дел од своите изгубени даночни приходи зголемувајќи ги* даноците на приход. Овој извор на приход, здружен со новите федерални фондови, несомнено помогна но започна да се јавува една несакана последица. На пример, во Вилмингтон, Делавар, предградијата испраќаат петиција до сојузната влада да им дозволи да гласаат при градските избори врз основа на премисата дека, плаќаат даноци би требало да имаат право на глас. Ако таквиот преседан се воспостави, предградијата веднаш ќе доминираат во политиката на централниот град. Ако, од друга страна, продолжи сегашниот курс, јасно е дека централните градови нема да бидат во состојба да ги обезбедат потребните услуги без надворешна помош.

Разликата градско-приградско не е иста како поделбата богат-сиромав. Богатите, било да живеат во предградијата или во централните градови, ја поседуваат својата сопственост, ги контролираат пазарите на работна сила, ја раководат економијата, во нивните сопствени интереси најдобро што можат и

покажуваат политичка моќ во голема диспропорција со нивниот број. Многу Американци чувствуваат дека само тоа го сториле што го заработиле. Сиромашните, од друга страна, добија во наследство пречки кои за нив ја направија тешка ако не и невозможна реализацијата на американскиот сон. Нерамноправноста на американските структури никаде не може подобро да се види отколку во градовите каде што е чест случајот богатиот и сиромавиот да живеат еден до друг. Ова е делумно точно за јужните градови, каде што живеат заедно затоа што богатите имаат потреба од куќна помош, а сиромашните имаат потреба од работа, но исто така тоа е вистина и на Северот. На пример, во Бостон аристократскиот Бекон Хил опстана со генерации во лошите услови во центарот на градот. Стиловите се производ на општествениот статус. Класната структура го нарушува начинот на кој луѓето гласаат, ги воспитуваат своите деца, бараат работа и веруваат во иднината. Растежот и развојот на градот и неговите кризи не можат да бидат разбрани без истражување на разликите во животните стилови кои никнуваат од статусот и разликите во примањата.

3.11.1 Усогласување на конфликтите

Многу набљудувачи чувствуваат дека големите градови, како што е Њујорк, се неуправливи. Њујоркчанецот стана легендарен со својата способност да го поднесе постојаниот метеж, заканувачките удари, постојаното уништување и обновување на неговиот град, исто како и присутната несигурност на неговите услуги.

Со или без управување, планирање, политичко дејствување или нечија согласност, нашите градови се менуваат. Можеме да ја опишеме промената на популацијата, да ја посведочиме промената во употребата на земјата, да ги набљудуваме менливите мушички во архитектурата и чудото на придонесот на технологијата во менувањето на нашите животни стилови. Можеме да ги забележиме ефектите на кибернетската револуција врз нашата работна сила и семеен живот. Можеме да стоиме на страна или да интервенираме во програмите за обнова на градот и неговите модели. Можеме да ја помогнеме борбата против сиромаштијата, да се обврземе на зголемени граѓански права за секој граѓанин и да говориме со чувство за идеалите на правда и еднаквост за сите пред законот. Можеме да измислиме машини за живеење, брз транспорт, развиена комуникација и лет во вселе-

ната. Можеме да развиеме компјутерска симулација на градските популации и нивните проблеми, така што да можеме да проверуваме различни решенија на обврските во нашите градови. Можеме да присуствуваме и да учествуваме во сите овие промени, а сепак да се чудиме на нашата способност да контролираме.

Во крајна линија, проблемот на управување во распространетиот град е проблем на усогласувањето на конфликтни и натпреварувачки интереси. Политиката е уметност на можното. Можното произлегува од компромисите и ограничените придонеси на разновидните елементи вклучени во политичките процеси. Колку повеќе градот е распространет, толку е побогат конфликтот на интереси. Сите интереси не можат да бидат задоволени истовремено. Довербата во системот како целина произлегува од уверувањето дека штом нечии сопствени потреби не се намирени во истиот момент, ќе има "следен пат". Сиромашните се оние личности за кои чекањето до наредниот миг стана во целост нереалистично. На многу начини, вклучувањето на нивните интереси во законските и политичките процеси е основата на вистинската реформа на владата, што сé уште не е достигната.

3.11.2 Технологијата и нејзината деструктивна страна

Проблемот на управување се рефлектира и на уште еден начин - во улогата на специјалистот. Како демократски народ ние сме со право сомничави кон експертите. Не доаѓаме лесно до идејата за планирано менување. Истовремено, не радо ѝ велиме "не" на технологијата. Историски говорејќи, му подаривме неограничено право на иноваторот во областите на технологијата, физичките ресурси и занимањата. Нашите кризи во предградијата се резултат на нефорсирањето на овие иноватори кон реално пресметување на трошоците на нивните смелости. Ако сторат така, и ако информацијата стане јава, нема да им се дозволи да продолжат со својата иновација. Истовремено, скоро и да не сме расположени да зборуваме за експериментите во социјалните иновации кои сериозно го нарушуваат статус кво-то. Направивме поголем прогрес, можеби, во областа на меѓусебните односи отколку во која и да е друга област. Јасно е дека мораме да започнеме со посмели експерименти во менувањето на општествените институции ако сме за насочување на моќта создадена од нашата технологија и истовремено за зауздување на нејзината деструктивна страна.

Иронично е тоа што реформираната управа им даде поголема доверба на експертите и на рационалното долгорочно планирање, но двојбено е дали тоа ќе создаде подобро управување. Реформираните управи ги водат професионалци кои ги разбираат проблемите на притоките, но се стремат да ги занемарат проблемите на сиромаштијата. Реформираните управи се стремат да институционализираат доста стандардна група на вредности од средниот слој и на она што се нивни очекувања за успешноста на добрата влада. Таа ретко радикално ја трансформира бирократијата. Изучувањата укажаа дека сиромашниот често ползува многу повеќе од политичките шефови и партискиот систем. Во овој систем, тие барем имаат повеќе поволни можности да влијаат врз политичарите во областите на најличните потреби. Ниту стилот на управувањето не го фаворизира секого подеднакво.

Мораме да ги прифатиме конфликтните интереси кои се неизбежен дел на политичките процеси на демократијата и кои го вклучуваат планерот на таков начин што неговите планови произлегуваат од процесите наместо да наметнуваат ограничени успеси и преку нив - визии. Исто така мораме да ги препознаеме внатрешните ограничувања на намерната промена во ситуации во кои несаканите последици на јавната управа често повеќе чинат отколку саканите повластици. Социолозите, со помош на општествените индикатори, компјутерска симулација, прегледните истражувања и многуте други техники, можат да помогнат во процесот на управување. Како и да е, не треба никогаш да им се дозволи да станат ексклузивна управувачка група. Нашите основачки татковци сфатија дека ниеден човек не е доволно добар да управува друг без негова дозвола и беа оптимисти во поглед на човечкиот капацитет да им се прилагоди на менливите ситуации и да ги измени кон подобро. Општествената наука се стреми да биде скептична кон обата случаја.

3.12 ГРАДОТ - ПРИРОДНО МЕСТО ЗА ЧОВЕКОТ ОД ЗАПАД*

"Главната функција на градот е да ја претвори моќта во форма, енергијата во култура, мртвата материја во живи симболи на уметноста, биолошката репродукција во општествена креативност. Позитивните функции на градот не можат да бидат изведени без создавање нови инструментални уредувања, способни да се справат со огромните енергии што ги управува модерниот човек: уредувања, исто така, дрски како оние што на почетокот го трансформирале недораснатото село и неговата тврдина во јадрениот, високо организиран град."[148]

Градот стана природно место за западниот човек. Тој е скоро во целост околина направена од човекот. Раката на неговиот творец може да се види секаде, од со графити покриените метроа до со алуминиум и стакло обложените облакодери. Како на место на живеење, човекот му се адаптира, ги исполнува неговите еколошки ниши, одговара на неговите притисоци, се обликува со неговите барања. Како производ на човечкиот немир, градот го искажува модерниот човек во сите негови димензии - манифестирајќи ги овде рационалните, планирани унапредувања; онде колежот, хаосот и жестината на невниманието; а секаде немирот на човечката борба и промена.

Американскиот сон за добар живот за сите е создаден во нашите мали градови; и некои од нас би кажале дека тој дошол до најцелосен израз токму таму - или би мечтаеле во нашата едноставна носталгија, заборавајќи ги револуционерните улоги на Бостон и Филаделфија. Но во последната половина на дваесеттиот век, градот ја понуди најголемата надеж за повеќето од нас. За среќа или за жал, ние сме обврзани за неговиот иден развој. Низ весниците, радиото и телевизијата е десеткуван космополитскиот живот. Новото на нацијата предоминантно е направено во нашите градови. Проблемите со кои се соочуваме во голема мерка се определени со начин според кој сиромаштијата е многу повеќе видлива во Њујорк околку во Апалачија, бидејќи многу повеќе луѓе ја бараат таму.

---

* Robert Willson,/David A.Schulz, Urban Sociology, 1978, by Pretince Hall inc.p.3-18.

[148] 1.Lewis Mumford,*The City in History* (New York:Harcourt Brace and World, 1961,p571

Во наше време реалноста на градскиот живот може се уште да им изгледа непријатна на многумина, зеленилото на предградијата помирно отколку сивите сенки во градот, но американскиот сон се венча со иднината на нашите градови и виталноста на американскиот народ е сврзана со нивниот растеж и развој. При некоја невидена катастрофа народот може да ги изеде напорите на помалку од шест проценти од својата популација што ќе продолжи да ја обработува почвата и да ги собира плодовите. Каде е тогаш ветувањето на градот што толкумина од нас го нарекуваат дом?

Во стотината години по граѓанската војна, големите градови на Соединетите Држави го почувствуваа својот огромен растеж. Истовремено, американската социологија бавно започна да се појавува како академска дисциплина. Најпрвин, социолозите се сосредоточија врз социјалните проблеми на големите градови. Оваа социологија со своето нагласување на "мелиоризмот", третманот на социјалните патологии, го создаде наследството на применетата социологија на градот. Повеќето од испитувањата спроведени од универзитетот во Чикаго преку дваесеттите и тиесеттите години го истакнаа директниот интерес во решавањето на проблемите како криминалот, деликвенцијата, проституцијата и менталните болести.

Со развитокот на социологијата на градот во Соединетите Држави, фокусот на проблемите е намален и заменет со заинтересираност за развиток на општи теории за структурата на градот и процесите во него. Подоцнежните работи како Линд во Middletown (1929) и Холингшид во Elmtown's Youth (1949) се обидоа да ја анализираат севкупната структура на заедницата, наместо да се фокусираат брз решавањето на проблемите.[149]

Крајот на Втората светска војна доживеа растеж во бројот на академсите социолози и во поголемата специјализација. Изучувањето на социјалните девијации и криминалот стана самостојно поле на интерес, додека социологијата на градот се попвеќе се свртува кон изучување на општествените слоеви и етнички подзаедници. Денес, социолодијата на градот се карактеризира со своето нагласување на сопредбената градска структура. Обзирот социјалните проблеми произлегува како меѓупроизвод наместо како непосреден фокус и на истражувањето и на пишувањето.

---

[149] Robert S Lynd and Helen M Lynd, Middletown (New York: Harcourt Brace, and World, 1929); A Bholingshend, Elmtown's Youth (New York:John Wiley and Sons, 1949.

По Втората светска војна, американската економија се карактеризира со распространетост. Вистинските лични примања за повеќето од нас започнаа бавно да се унапредуваат. Националниот производ стана дури и поголем, а инфлацијата може се уште во целост да поткопува што и да заработи просечниот Американец, сепак повеќето се способни да остварат повисок стандард на живеење за себеси и за своите фамилии отколку во кое и да било време во нашата историја. Со која било материјална мерка на економски просперитет, Американците се навистина богати. Нашите градови започнаа да го симболизираат ова ветување на изобилие. Релативно (во однос на посиромашната селска заедница), градовите го одржуваат ова ветување во целост.

Фантастичната парада на производи во еден типичен супермаркет претставува обична компонента на ова ветување. На некој начин изгледа површна, на друг основна. Без способноста да се надминат лишувањата како сиромаштијата и неписменоста, животот мора да биде одржуван на минимално ниво. Градот ветува повеќе и повеќе од се: повеќе работа, поголеми шанси за венчавање, наоѓање дом, набавка добра книга за читање или место за престој во текот на ноќта. Очевидно, секоја потреба може да биде задоволена.

3.12.1 Градот нуди мноштво на стилови на живот

Некој може да се препира дека оваа очевидна разновидност *не е правилна мерка на распространетоста затоа што само го* рефлектира намалувањето на алтернативите, а не нивното зголемување. Под влијание на продажбата на масовните пазари, вкусот на единката е сведен на вкусот на просекот. Оние со особен вкус во храната, облеката, книгите, филмовите, телевизијата итн. нужно ги напуштаат супермаркетот и националните мрежи, развиваат сопствени библиотеки и одгледуваат сопствени растенија. Бивајќи како што може, во градот е можно да се најдат луѓе кои го прават токму тоа - и имаат пристап кон оние кои го задоволуваат вкусот на просечниот човек.

Без оглед, дали можете или не можете да го искоритите неговото предимство, градот преку своите многубројни и различни локации, нуди мноштво животни стилови - од боемски до конзервативен, од нежен до вулгарен, одразувајќи ги боите и вревите на светските народи и убедувања. Тие во градовите на Америка, често се сретнуваат во поголем број отколку во градовите на нивните татковини. Така, 18,2 одсто од популацијата на Њујорк се

туѓинци. Тоа вклучува Италијани, Германци и Руси. Порторикан-ците иако не се родени во странска земја, зборуваат шпански, наместо англиски,[150] како нивни мајчин јазик. Едно време нашироко се веруваше дека сиве овие различни народи брзо ги напуштиле своите битни разлики и станале Американци. Идејата на "лонец" за топење (meltig pot) започна да наидува на отпор кај се повеќе и повеќе Американци така што тие настојуваа да го зачуваат своето сопствено оригинално наследство. Кога новите експериментални животни услови ќе се додадат на традиционал-ните разлики, се чини дека разнообразноста на градот ќе се зголеми уште повеќе.

И така, сликата на градот како сцена на која може да биде извршена целата човечка драма, изгледа прифатлива како вету-вање, ако не и како реалност. Очевидно е дека нашите градови не запознаваат со можностите за остварување не само на американ-скиот сон, туку и за негово достигнување во широката разновид-ност од различни стилови на живот. Во градот е можно да се искуси противречноста на идеи, вредности, стилови на живот, конкурирајќи ги производите и слоганите на таков начин како да си во можност да донесуваш совесни, смислени, сочувствителни, лични решенија за нечиј живот со нејасна идеја за веројатни последици од тоа. Како и да сака некој да живее, веројатно е дека во градот некој друг веќе живее на сличен начин. Можно е да се оди и да се види што значи тоа, да се почувствува нешто од мири-сот и вкусот на различниот начин на живот, да се сети нешто од неговото срце. Можно да се остане отворен и согласен со Теренс, "Јас сум човек и ништо човечко не ме навредува".

Ветувањето на креативниот личен животен стил е збогатено со културна учтивост која дозволува таков плурализам, но навистина е тешко да се биде отворен. Тешко е, навистина, да се работи заеднички за начин на живот што ќе им дозволи на другите да ги живеат своите животи на начин кој изгледа дека ги поткопува самите принципи врз кои ги имаме засновано нашите дела. Тешко му е на народот што бил во војна во подобриот дел од неговата неодамнешна историја да им понуди дури и условна амнестија на оние што не сакале да одат во војна. Не е помалку

[150] United States of the Census, Census of the population, 1970, Volume 1, Characteristics of the Population, Part 34: New York-Section 1, (Washingtown, D.C: (United States Government Printind Officel, 1973, Table 81. These figures are for the City of New York, whose population in 1970 was 7.894.798. The New York Consolidated Area has a population of 16.178.750.

тешко да се потврдат правата на граѓаните за други кои не го ценат тоа. Тешко е, но можно.

Ако се јавуваат тешкотии во дозволувањето на личната визија, исто така тешкотии има во определувањето на едноставните успеси и заеднички вредности. Како, на пример, изгледа добриот град? Некои од нас би кажале дека добриот град е убав, додека многумина сметаат дека нашите градови, всушност, се грди. Грдоста, се разбира, е работа на културно условената перцепција. Долго по масовната миграција од американските фарми анти - урбаните склоности се уште се колебаат. Од оваа перспектива, урбаната грдост може најдобро да се рефлектира во низата придавки кои нужно значат нерурално, масовно, нечисто, непошумено, не-зелено, избезумено, хаотично итн.

Многу Американци мислат дека големиот град има потреба од нешто за да ги оттргне нивните мозоци од неговата урбаност. Сан Франциско ги има своите брегови, својот залив, трамваите и мостот Голден Гејт; Атина својот Акропол; Рим неговиот Колосеум; Копенхаген - Тиволи; Парис - Ајфеловата кула и Лувр; Њу Орлеанс - Францускиот кварт. Да го спротивставиме ова со Чикаго и неговите пазари, Балтимор и неговите пренаселени сиромашни делови и Лос Анџелес со неговите спобудалени автостради и го имаме градот без неговите украсени излози, градот во неговата основна функционална форма. Така доаѓаме до точката како некои луѓе го разликуваат "добриот" град од "лошиот". Добриот, како Сан Франциско, може да опстане како добар од неколку перспективи, но главно од оние на туристите. Ако физичката страна на градот, видиците, јадењето и разонодувањето се пријатни, тогаш градот може да биде согласен како добар од перспектива на туристот. Постојаното живење таму може да биде нешто друго. Од перспективите на жителите, добриот град многу повеќе се согледува преку услугите и атмосферата што ја нуди - парковите и рекреацијата, градскиот транспорт и школите, дури и неговата даночна структура. На што наликува животот од ден на ден зависи многу повеќе од тоа како се управувани овие услуги, потоа како им личи градот на туристите, а сепак добар дел од парите потрошени за обнова на нашите градови да изгледа дека е потрошен со цел да се зголеми нивната туристичка атрактивност.

3.12.2 Градот е дерач на нервите

Тенденцијата покажана од многу Американци да го видат градот во неговата светлина е потпомогнато од значаен опсег од професионалните визионери. Социолозите како Симел, Вебер и Вирт, сите со потекло од германските села ја видоа урбанизацијата како неопходен но несреќен процес. Антрополозите како Роберт Редфилд ги величаа квалитетите на малите заедници и останаа значително скептични кон вредностите на големите метрополи, барем од времето на Луис Вирт[151] постои склоност кон хетерогеноста на градот, големината, високата густина, лаичката космополитска атмосфера да биде согледана како придонесувачка попрвин кон човечкото отуѓување отколку кон набавување поволни прилики за побогат живот. Зимл[152] "Metropolis and Mental Health" го опишува градот како израмнување на сите човечки вредности на заедничкиот именител на богатата економија. Шумот, бркотницата, повеќестраната симулација на животот во метрополата првенствено е дерач на нерви. Во Зимловото гледиште, човечкиот организам мора да отстапи пред нападот на таквото бомбардирање или ја губи контролата. Франклин Фрејзер (F.Frazier) во The Negro in the United States ја опишува урбаната околина како "град на уништување" заради штетата наметната над фамилијата. Фрејзер го обвинува градот за разделување на големата проширена фамилија и оставањето на често "Скршената" мајка и дете отворени кон несигурностите на економијата на градот и поттикнувањето на уличниот живот.[153]

Постојат, како и да е, некои визии за тоа на што би требало да наликува градот, кои даваат надеж додека ја опишуваат реалноста на градскиот живот како груба и деструктивна. Првата меѓу нив може да се сретне кај Луис Мамфорд: (The City in History)[154]. Мамфорд ја истакнува рамнотежата - работа и мрза, град и село; смеса на јавен живот и приватност. Овој стил на

---

[151] Robert Redfield, The Folk Culture of Yucatan (Chicago: University of Chicago Press 1941)

[152] Luis Wirth, "Urbanism as a Way of Life, "American Journal of Sociology, 1938, p. 1-24.

[153] E. Franklin Frazier, The Negro in the United States, rev. ed. (New York: Macimilian, 1957).

[154] Lewis Mumford, op.cit.

живот ги велича потенцијалите на градот како единствена соодветна сцена на која може да се изведе целосната човечка драма. Тоа ја нагласува вредноста на алтернативите за колку што е можно повеќе луѓе. Така да се каже, ако некој живее и работи во урбанизирана област, му треба и одмор. За богатиот оваа рамнотежа може да поприми форма на одржување и на дом во село и на дом во град, земање многу одмори, или дејствување во многу ситуации, различни една од друга. Мамфордовата филозофија повлекува дека оптимумот е достигнат кога повеќето луѓе имаат пристап кон колку што е можно повеќе стилови на живот. Во економијата на "слободна претприемчивост" богатиот секогаш ги има повеќето опции, средниот слој нешто помалку, а нискиот слој - најмалку. Фундаменталниот исход на квалитетниот урбан живот, структуриран на овој начин, не се занимава со дизајнот на градот, туку попрвин ја дава врската со тоа како можеме да ги обезбедиме повеќето опции за жителите и корисниците на урбаната околина. Таквата филозофија има последици за дизајнирањето како што ќе видиме подоцна. Мамфорд, се разбира, е водечки адвокат на градот - градина, чии карактеристични паркови, зелени појаси кои служат да го спојат градот многу повеќе со неговата природна околина.

Со прифаќањето дека основниот елемент на градската политика на добриот град е да обезбеди, колку што е тоа можно, што повеќе опции на животни стилови за што повеќе луѓе, не следи автоматски дека сите кои имаат половина можност ќе ја искористат предноста. Бенфилд во The Unheavenly City Revisited предлага дека повеќето сериозни проблеми на градот се во врска со 10-20 одсто на популацијата во градот, која го чини нискиот слој.[155] Личностите од нискиот слој, според Бенфилд, се "сегашно ориентирани" и без можности да го одложат задоволувањето. Животот на моментално задоволување на која и да е потреба има одредена атрактивност за некои личности. Оние општествени научници, како Бенфилд, кои веруваат дека сиромашниот е намамен во културата на сиромаштијата прифаќаат дека многу, ако не и најмногу, не можат доброволно да ги избираат алтернативите освен ако нивното осиромашување не е прво елиминирано.[156] Другите - Родман, Волентин и Реинвотер го поддржуваат мислењето дека сиромашниот може да се избори за својот излез од

[155] Edward Banfield, The Unheavenly city Revisited (Boston: Little Brown, 1974) p. 11.

[156] The classic pozision was given by Oscar Lewis in his The Children of Sachez (New York: Random House, 1961), p. xxx.

економското очајание, но тоа може да одземе време. Скоро секој се согласува дека главниот проблем на сиромашниот е недостиг на соодветен приход.[157]

Перспективата на осиромашените мора да се земе предвид во опишувањето на добриот град. Планерите и другите професионалци кои ја формираат иднината на нашите градови често не се во можност тоа да го сторат. Тоа е навистина иронично, затоа што на разни начини, агонијата и борбата на сиромашниот во нашите градови го сврти нашето внимание кон урбаните кризи во 1960-тите.

[157] Hyman Rodman, Lower-Class Families: The Culture of Poverty in Negro Trinidad (New York: Oxford University Press 1971), 196. Charles A. Valentin, Culture and Poverty (Chicago: University).

ГЛАВА 4

УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА

ПОСТОИ ЛИ УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА?
СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ ЗА УРБАНИЗМОТ И ОПШТЕСТВОТО
ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИТИКАТА НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА
ПРАШАЊЕТО ЗА СТАТУСОТ НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА
УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА ВО УРБАНИЗИРАНО ОПШТЕСТВО
КАРАКТЕРИСТИКИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА УРБАНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА
ГРАДОТ И УРБАНОСТА
ФИЛОЗОФИЈАТА И ГРАДОТ

4. УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА

4.1 ПОСТОИ ЛИ УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА?*

"Тоа што ја дефинира целта на различни науки не е "моментната" меѓусебна поврзаност на работите, туку концептуалната поврзаност на проблемите. Нова "наука" се јавува онаму каде што новите проблеми се следат со нови методи, при што се откриваат вистини кои отвораат нови значајни погледи"(Max Weber).

Добро познат факт е дека во социологијата постојат модни движења, кои обично се одговор на некое барање на општеството. Зголемената свест во Франција за проблемите создадени со урбаниот развој води кон поголем интерес за истражување во овој домен. Во последниве години како последица на тоа се јави движење што беше наречено "урбана социологија", веројатно помалку видливо во досега комплетираните и објавени студии, отколку во истражувачките планови.

Една систематска проценка на ова дело би било не само пребрза туку и над нашите можности. Она што ние сакаме да се обидеме е испитувањето на научната релевантност на истражувачкото поле што најпрвин се јави како одговор на општествените промени. Интересно е тоа што експанзијата на урбаната социологија во Франција се совпаѓа речиси со нејзиното исчезнување како посебно поле во Англо - Саксонските истражувања, што се должи не толку на недостиг на интерес за урбаните проблеми колку на расчленувањето на "урбаната социологија" во мноштво одделни полиња на истражување.

Воопшто може да се рече дека независно од многуте технички, економски и плански студии за проблемите на просторната политика, социолошките или квази - социолошките истражувања што стојат под насловот "урбани", од една страна ги вклучуваат: 1) студиите за урбанизацијата како светски процес виден во повеќе или помалку демографски поими, на начинот на Hauser, или, уште подобро, како во трудот на International Urban Research (Berkley) под водство на Kingsley Davis; 2) студиите за општествената дезорганизација и акултуризација следејќи го

---

* Manuel Castells, is there an urban sociology; Urban Sociology: Critical Essays, ad. by C.G. Pickvance, First published 1976, by Methven, Co. Ltd. p. 33-59.

приодот на Чикашката школа[1] , или посовремените нејзини развои од истражувачите како: Srole[1], Clinard[2] , Killian[3] или Glass[4]; и 3) старата традиција на "студирање на заедницата" која конечно доби вистинско препознавање и која може да се посвети на исцрпно изучување на еден мал град, или, како што е вообичаено, на област во рамките на еден град. Трудот на Institute of Community Studies (London)[5] претставува систематски пристап кон изучувањето на општествените интеракции во рамките на просторно дефинирана област, додека американските истражувања на животот во предградието, посебно оние на Seeley[6], Berger[7] и Dobriner[8], покажуваат интерес кон истражување на просторна област дури и кога основаноста на таквиот пристап е предизвикана од достигнатите заклучоци[9]. Од друга страна,

[1] Good illustrations of this approach are to be found in the recently published collection of the Chicago school's work: E.W. Burgess and Bogue (eds), *Contribution to Urban Sociology* (University of Chicago Press, Chicago, 1964).

[1] L. Srole et al., *Mental Health in the Metrolpolis: the Midtown Manhattan Study* (McGraw Hill, New York, 1962).

[2] M.B. Clinard, A Cross-Cultural Replication of the Relation of Urbanism to Criminal Behaviour, *American Sociological Review 25 (1960), 253-7,* and also Slums and Community Development (Free Press, New York, 1966).

[3] L. Killian and C. Grigg, Urbanism, Race and Anomia, *American Journal of Sociology 57 (1962) 661-5.*

[4] 5.R. Glass, *London's Newcomers: the West Indian Immigrants* (Harvard University Press, Cambridge (Mass.), 1961).

[5] The most 'urban' of which are: M. Young and P. Willmott, *Family and Kinship in East London* (Routhledge and Kegan Paul, London, 1957; Penguin, Harmondsworth, 1962; P. Willmott and M. Young, *Family and Class in a London Suburb (*Routhledge and Kegan Paul, London, 1960; NEL Mentor, 1967) P. Willmott, *Adolescent Boys of East London (*Routhledge and Kegan Paul, London, 1966).

[6] J. R. Seeley, R.A. Sim and E.W. Loosley, *Crestwood Heights* (Basic Books, New York, 1956; Science Editions (Wiley), 1963).

[7] B. M. Berger, *Working Class Suburb* (University of California Press, Berkeley, 1960).

[8] W. M. Dobriner, *Class in Suburbia* (Prentice-Hall, Englewood Cliffs, 1963).

[9] In our view the most interesting American Attempt to develop a sociology of community is that of researchers at Brandeis Inuversity. See, in particular, M.R. Stein, *The Eclipse of Community: an Interpretation of American Studies* (Princeton University Press, Princeton, 1960; Harp Torchbooks, New York, 1964; A. J. Vidich and J. Bensman, *Small Town in Mass Society* (Princeton University Press, Princeton, 1958; revised edition, 1968), and, in particular, A.J.

политичката наука ја направи населената заедница привилегирано поле за изучување на процесот за создавање решенија, што водеше или кон опис на локалните системи на моќ или кон ограничување на локалните системи на влијание[10].

На некој начин на маргините на социологијата се обнови и интересот за хумана екологија, поттикнат од Schnore и останатите при Универзитетот во Висконсин[11]. Важноста на овој труд е многу поголема од привидно дескриптивниот карактер што можеби го предлага. Кон важниот проблем на теориското статус на хумана екологија ќе се вратиме подоцна.

Овој краток преглед, кој е чисто обид да се покаже теоретската расцепканост на урбаното истражување во неколку гранки од кои секоја создаде погрешен впечаток дека постојат мноштво такви истражувања и покрај нивната разнообразност. Всушност, брзиот преглед на поновата Англо-Саксонска литература покажува многу мал број статии во водечките списанија а во врска со урбаните проблеми и многу мал број извештаи издадени од оригинално истражување. Од друга страна, можат да се најдат многубројни текстови и книги за урбаниот живот кои всушност се занимаваат со општите процеси било во форма на систематско толкување на "општествената реалност" претставена во форма на функционални категории[12], или во форма на историска проценка на општествената еволуција[13]. Лесноти јата со која е извршено померувањето од "урбано општество" кон "глобално општество", е добра илустрација, од друга гледна точка, за исчезнувањето на урбаната социологија како одделно поле на истражување: идентификацијата на ова поле со урбаното општество има за последица тоа што tout court го постави општеството за негово поле на

Vidich, J. Bensman and M.R. Stein (eds), *Reflections on Community Studies* (Wiley, New York, 1964; Harper Torchbooks, 1971).

[10] See on this subject the excellent critical note by C. Schmidt in *Sociologie du Travail 2 (1965) 190-6.*

[11] Schnore has recently published a collection of his work under the title *The Urban Scene* (Free Press, New York, 1965). For an example of the work ofother members of the team, see K.E. and A.F. Taeuber, White migration and Socio-Economic Differences between Cities and Suburbs, *American Sociological Review 29* (1964) 718-29.

[12] In particular, N. P. Gist and S.F. Fava, *Urban Society* (Cromwell, New York, 1964), and ina very Metronian style, Alvin Boskoff, *The Sociology of Urban Regions* (Appleton Century Crofts, New York, 1962; second edn, 1970).

[13] 14. The most recent such account is J. Sirjamaki, *The Sociology of Cities* (Random House, New York, 1964).

изучување. Всушност, ова е токму она на што мислеше Martindale кога го поврза исчезнувањето на градот како автономна општествена единица со исчезнувањето на урбаната социологија како теоретски корпус[14].

Фактот за научната криза во урбаната социологија е нагласен од еден од лидерите на ова поле во Соединетите Американски Држави, Albert Reiss Jr., во уводот на неговите најпознати книги за оваа проблематика. Повторно е нагласен[15] од Scott Greer кога брилијантно опишува што за него е интелектуална криза[16]. Како што рече Louis Wirth и како што неодамна укажа младиот англиски социолог Peter Mann основен е проблемот за хипотетичната егзистенција на научниот објект. Меѓутоа, дури и писателите како оние досега спомнати кои го препознаа проблемот не беа во состојба да најдат задовилително решение за него. По сé изгледа не се работи за недостаток на социолошка имагинација туку за постоење на вистинска тешкотија.

Проблемот не е чисто академски. Прашањето, дали градот е едноставно вистиснскиот објект што треба да се реконструира надвор од сферата на научни објекти или тој е социолошка суштина самиот за себе, треба да се одоговори пред да се превземе какво и да било истражување. Во област каде што, по наше мислење, чисто дедуктивниот пристап е исто толку неупотреблив колку што е и претенциозен во дадениот момент, неопходно е да се испита што навистина е постигнато во урбаната социологија досега, обрнувајќи особено внимание на неодамнешните истражувања во Франција. Значењето на последново ќе биде просудено во однос на проблематиката што ќе се обидеме да ја опишеме.

4.1.1 Градот како социолошка променлива

Малку дисциплини биле толку многу зависни од одредена теоретска школа колку што урбаната социологија била зависна од Чикашката школа. Така не нé изненадува сознанието дека двете главни теориски перспективи што досега доминираа на ова поле беа логички насоки од двата пионерски текста: Park - овиот текст

[14] D. Martindale, Prefatory remarks: the theory of the city, in M. Weber, *The City* (Free Press, Glencoe, 1958) 62.

[15] 'The sociology of urban life: 1946-1956', in P.K. Hatt and A. J. Reiss (eds), *Cities and Society* (Free Press, Glencoe, 1957). See p. 21 of the 1964 edition.

[16] See S. Greer, *The Emerging City* (Free Press, Glencoe, 1962) chapter 1

"Градот: сугестии за испитување на човечкото однесување во урбаната средина"[17] и текстот на Burgess "Растежот на градот: увод во истражувачки проект[18]. Двата текста можат да бидат сумирани во два збора: урбанизам и урбанизација. Урбанизмот како начин на живот, урбанизацијата како процес определен со заемните влијанија меѓу човекот и средината: во социолошка смисла вистинските објекти на урбаната социологија и во минатото и во сегашноста

4.1.2 Градот како независна променлива[19]

Истражувачката програма поставена од Park ги вклучува скоро сите вистински процеси што кога и да е се изучувани од социологијата. Поле на изучување е се она што зазема место во еден урбан контекст. Имајќи предвид дека урбаната популација во индустриските општества постојано расте, тоа може да значи дека социологијата и урбаната социологија стануваат идентични. Расправата од овој вид ги подразбира изучувањата на заедницата, особено првите важни студии (Lynd, Warner, Hollingshead, W.F. Whyte, итн.) претпоставува да се направат исцрпни анализи на локалните општества, следејќи ја етнолошката традиција.

Меѓутоа, поблиското испитување на главните дела на чикашката школа покажуваат дека нивниот централен интерес не е толку она што се случува во градот туку (како што е добро познато) процесите на општествената дезорганизација и индивидуалната непогодност, постојаноста на автономните субкултури, девијантни или други, и нивната отпорност кон интеграција. Лесно е да се замисли изразениот ефект што општествениот живот на Чикаго мора да го имал врз набљудувачите со неговиот пораст од 50.000 лица на декада, во годините 1900-1930 - најголемиот дел имигранти. Но исклучителниот карактер на Чикаго не

---

[17] In R.E. Park, E. W. Burgess and R.D. McKenzie, *The City* (1925) (University of Chicago Press, Chicago, 1967) 1-46.

[18] *Ibid.,* 47-62.

[19] For the best general picture of the state of research in urban sociology in the United States, see G. Sjoberg, Comparative Urban sociology, in R.K. Merton, L. Broom and L.S. Cottrell (eds), *Sociology Today* (Basic Books, New York, 1959; Harper Torchbooks 1965) II, 334-59. This picture is developed further in Sjoberg's contribution to P.M. Hauser and L.F. Schnore (eds), *The Sttdy of Urbanhzation* (Wiley, New York, 1965). These two articles have been of considerable help in guiding us through the bibliographical jungle.

резултураше само во истражувањето на одредени аспекти на реалноста, туку исто така и во присвојувањето на одредена теоретска ориентација. Wirth беше оној кој можеше да го направи експлицитно она што беше имплицитно во класичните студии на Zorbaugh, Anderson, Thrasher, Reckless[20], и др. Градот не беше да ја употребиме дефиницијата на Park едноставно рамка за истражување или соодветна лабораторија. Градот, објаснет социолошки со поимот урбанизам (како во фразата "урбанизмот како начин на живеење") беше исто така променлива која објаснува. Постојаната населба со голема густина на човечка популација и со значајно висока стапка на хетрогеност резултира со појава на нова култура[21], окарактеризирана со преод од примарни во секундарни односи, функција на делење, анонимност, изолација, инструментални односи, отсуство на директна општествена контрола, губење фамилијарни врски и индивидуален карактер. Ова е тој општествено - културен контекст кој претставува конечно објаснување на новите форми на човечкото однесување[22]. Јасно, урбанизмот мора да биде споредeн со друга поранешна култура, руралната култура или рурализмот.

И покрај слабостите на оваа расправа, високо полемичката природа на критиката насочена против неа пропушти да упати доволно внимание врз основните недоразбирања. Така, по докажувањето дека на овие студии им недостасува научна основа, голем број социолози не можеа без да реагираат против реакционерниот и идеолошкиот карактер на статиите на Wirth или против носталгијата на Redfield, но без какво и да е нивно подложување на адекватна теоретска критика. Така Wilensky откако укажа на конфузијата кај Wirth меѓу ефектите на индустријализацијата и урбанизацијата, се ограничи себеси на порекнување на ефектите од општествената дезорганизација во градовите преку опишување нови форми на општествена контрола, поврзу-

[20] See L. Wirth, Urbanization as a way of life, *American Journal of Sociology* 44 (1938) 1-24; also in A. J. Reiss (ed.), *Louis Wirth On Cities and Social Life* (Univerity of Chicago Press, Chicago, 1964).

[21] (The French term for urbanism, *culture urbaine,* brings out the cultural basis of the definition of urbanism).

[22] See R. Redfield, The folk society, *American Journal of Sociology* 52 (1947) 293-308; H. Miner, The folk-urban continuum, *American Sociological Review* 17 (1952) 529-37.

вајќи ја на тој начин, Чикашката школа со теоријата за масовно општество[23].

4.1.3 Вестернизација на социологијата

Сега фундаментална точка е ова: Сé што е опишано од Wirth како "урбанизам" е всушност културно објаснување на капиталистичката индустријализација, на појавата на пазарната економија и процесот на рационализација во модерното општество. Еден писател како Stein, анализирајќи ги делата на пионерите за изучување на заедницата Park, Lynd, Warner покажува како тие всушност ги изучувале процесите на урбанизација, индустријализација и бирократизација во Американското општество[24]. Gist и Fava не се двоумеа во изедначување на поимите на урбанизација и модернизација - при што значењето на вториов поим станува сосем јасен кога синонимно се употребува со Вестернизација, при примената во развитокот на не-модерните и не-урбаните општества[25]. Овој принцип, повеќе или помалку, експлицитно ја подразбира целата "културно" - урбана социологија, со нејзините посебни нагласувања на "урбаниот контекст" - особено кога тој ги обработува проблемите на општествената дезорганизација.

Така може да се изведе логичен заклучок дека не само што оваа гранка има не-специфичен теоретски предмет, сé што зазема место во една урбана рамка, туку има различен и неексплицитен научен предмет: процесот на акултуризација во модерно општество, т.е. во Американското општество.

Ова е тоа што ја разликува урбаната социологија од, на пример, индустриската социологија. Некои од нашите критики на урбаната социологија можат всушност да се применат подеднакво и врз која било гранка од социологијата што се занимава со одредени аспекти на реалноста и на која ѝ недостасува теоретско поле. Меѓутоа, можеме да расправаме за вредноста на поделбата на трудот меѓу истражувачи во која "урбаните социолози" во цен-

---

[23] H. L. Wilensky and C.N.. Lebeaux, *Industrial Society and Social Welfare* (Sage Foundation, New York, 1958; Free Press, New York, 1965), chapter 5, Industrialism, Urbanism and Integration.

[24] Stein is referring to Volume IV in the Yankee City Series. W.L. Warner and J.O. Low, *The Social System of the Modem Factory* (Yale Univerity Press, New Haven, 1947).

[25] Ibid.,270-5.

тарот ги стават оние аспекти од реалноста која треба да биде прекината и теоретски обновена според одреден истражувачки проблем. Како што ќе видиме понатаму, оваа идеја не е без свои проблеми. Но дури и кога би го прифатиле овој критериум тој не би го сменил фактот дека голем дел од истражувањето извршено во урбаната социологија има предмет, овој пат научен, а не само вистински, кој во ниедна смисла не е урбан, имено социологија на интеграција. И покрај појавувањето, ние не ја критикуваме идеологијата иако е манифест на таква социологија. Општественото поле е сосема легитимно поле на изучување. Меѓутоа, никој во нејзиното изучување не смее да тврди дека успеал целосно да го разбере урбаниот општествен живот.

На пониско теоретско ниво употребата на урбаниот контекст како независна променлива може да се извлече од фактот дека различни урбани области се карактеризираат со различни типови однесување. Но пронаоѓањето на овој ефект всушност се стреми кон покажување на ирелевантноста на контекстот како објаснувачка променлива. Така, ако ние го набљудуваме, на пример, истражувањето на варијацијата на заемното влијание на моделите според урбаниот контекст, откриваме дека Sweetser пронашол оти детерминантите на заемното влијание во рамките на мало соседство се возраста и полот[26]. Form од своја страна, покажал дека заемното влијание варира според општествениот статус на населената област[27], а Dobson расправа дека моделот на локалната општествена партиципација бил ограничен на средните и високите класи;[28] Willmott i Young им посветија внимание на класните разлики во другарското и роднинското поведение додека[29] Dobriner во својата брилијантна студија за предградскиот живот тврди дека карактеристиките на урбаните области се зависни од нивните општествени карактеристики[30]. Слични заклучоци, кои би било непријатно да ги набројуваме, се изведени во студиите за социјалната партиципација на Ross, Catton, Smircich и

[26] F.L.Sweetser Jr, A. new emphasis for neighbourhood research, *American Sociological Review* 7 (1942) 525-33.
[27] J.Smith, W. H. Form and G. P. Stone, Local intimacy in a middle-sized city, American Journal of Sociology 60 (1954) 276-84.
[28] F. Dotson, Patterns of voluntary associations among working-class families American Sociological Review 16 (1951) 687-93.
[29] Ibid.
[30] W. M. Dobriner, op. cit.

Аџелрод,[31] во истражувањето на Boggs за криминалните области[32] и во многу интересната компаративна студија за различните контексти од Ellis i Scotson[33]. Со други зборови, веднаш штом урбаниот контекст е распарчен дури и во такви груби категории како општествена класа, возраст или "интереси", процесите што изгледаа необични за одредени урбани области се случува да бидат детерминирани од други фактори. Меѓутоа, во оние случаи каде што општествената единица и просторната единица се совпаѓаат, може да бидат откриени специфични модели на општествено заемно влијание. Така, за W.H.Whyte утринскиот "Kaffee-Klatsch" модел пронајден меѓу жителите од средната класа од Парк Форест се должеше на фактот дека луѓето од иста општествена група и иста возрасна група живеат заедно во просторна близина и во слични живеалишта[34]. Истражувањата на Seeley за средната класа во Торонто и книгата на Бергер за работничката класа доаѓаат до сличен заклучок.

Последните забелешки покажуваат дека можеби би била грешка да се отфрли идејата дека просторните фактори влијаат врз општественото однесување. Меѓутоа, она што сега изгледа сосем јасно е дека просторот мора да биде вклучен во мрежата на општествените структури, не како променлива која е независна, туку како елемент на реалноста која мора повторно да се опише со поими на општествени процеси според истражувачкиот проблем што се разгледува.

---

[31] H. L. Ross, Uptown and downtown: a study of middle-class residential areas, American Sociological Review 30 (1965) 255-9; M.Axelrod, Urban structure and social participation, American Sociological Review 21 (1956) 13-18; W. R. Catton and R. J. Smircich, A comparision of mathematical models for the effect of residential propinquity on mate selection, American Sociological Review 29 (1964) 522-9.

[32] S. L. Boggs, Urban crime patterns, American Sociological Review 30 (1965) 899-908.

[33] N. Elias and J. L. Scotson, The Established and the Outsiders (Cass, London, 1965).

[34] W. H. Whyte, The Organization Man (Simon and Schuster, New York, 1956; Penguin, Harmondsworth, 1960) chapter 23.

4.1.4 Градот како зависна променлива

Делото на Burgess за концентричниот модел на урбаниот простор е појдовна точка за втората теоретска перспектива која оди надвор од урбаната екологија како таква. Всушност, да се сфати градот како продукт на дејствието на еколошкиот комплекс (внатрешно зависен систем на популација, околина, технологија и општествена организација)[35] е исто што и негово анализирање како продукт на општествената динамика на одредена историска и географска формација.

Она што Burgess греши е (имплицитното) претставување на еден општествен процес кој е пронајден единствено под посебни услови, како универзален облик. Така неговите анализи земаат предвид одреден тип урбан пораст, како што беше покажано во студиите во други земји[36], и во студијата за Париз од Chombart de Lauwe[37]. Неодамна Schnore ја изучуваше сличноста на Латинско-американските градови со моделот на Burgess. Со целосно испитување на седум студии и со критички осврт врз околу педесет други[38], тој дојде до заклучок дека тие претставуваат различен просторен модел (со високата класа во центарот на градот и со "прогонетите" на периферијата), но дека овој модел и оној опишан од Burgess се само два стадиума во истиот процес: имено, процес на рапидна индустријализација, во пазарната економија, без обиди да се контролира моделот на урбан растеж. Всушност, аргументацијата на Burgess се засновува врз неколку имплицитни претпоставки што беа откриени од ортодоксниот еколог Quinn: општествената хетерогеност, комерцијално индустриски град, приватната сопственост, еднакво расположив транспорт низ градот, евтина земја на периферијата на агломерацијата и локација подложна само на законите на пазарот.

---

[35] We do not think it necessary to dyscuss the human ecology approach in detail. For a general overview, see the collection edited by G. A. Theodorson, Studies in Human Ecology (Row, Peterson, Evanston, 1961).

[36] See d. C. McElrath, The social areas of Rome, American Sociological Review 27 (1962) 376-91 (esp. 389-90) for one of the most recent studies.

[37] P. H. Chombart, On the spatial et al., Paris et l'Agglomeration Parisienne, 1, l'Espace Social dans une Grande Cite (P. U. F., Paris, 1952), see pp. 40-53.

[38] L. F. Schnore, On the spatial structure of cities in the two Americans, in Hauser and Schnore (eds), op. cit, 347-98.

Во склоп на ова гледање Sjoberg-овата критика следејќи го Вебер кон резултатот дека прединдустриските градови се здружени со одредена група на општествени вредности за[39], едноставно прифати дека човечката екологија историски ги ограничува биолошките процеси. Конечно, Firey јасно го покажа влијанието на културните модели врз користењето на земјата во централен Бостон[40]. Слично, анализите на Kolb на динамичката структура на градот како израз на универзалните и ориентирани кон достигнување вредности ѝ припаѓаат на иста перспектива дури и ако мора да се додаде уште еден фактор повеќе, како на пример, општествените вредности[41], пред да може да се објасни формацијата на урбаниот простор.

Во овој момент ние сме на граница на повторно афирмирање на приодот кој е мошне историски, мошне европски и мошне француски и според кој градот е продукт на историјата, рефлексија на општеството, дејство на човекот врз просторот кога го создава живеалиштето. Така повторно утврдена, урбаната социологија е врзана со иднината на човештвото. И навистина, како некој може да се исклучи од толку мудри забелешки? Не може. Кој и да е, е принуден да ја прифати добрата мисла на така општ израз. Вистинските тешкотии почнуваат подоцна кога треба да се именува полето на изучување, или да бидеме попрецизни, да се формулира хипотезата. Прифаќајќи го преопштиот исказ дека постои блиска релација меѓу општествениот процес и просторот во урбаните услови неопходно е да се опише природата на тој однос. Дали урбаниот простор е празна страница каде што општественото дејство се изразува самото со посредство на случаи? Или, од друга страна, постојат ли одредени правилности во дијалектичкиот процес со кои општественото влијание создава контекст и е под влијание на пред-егзистирачки форми? Аргументацијата според која просторот е чист продукт на општествена конструкција е еквивалентна со тврдењето дека природата се раѓа од културата токму како што најраните објаснувања на хума-

[39] G. Sjoberg, The Pre-Industrial City (Free Press, New York, 1960).

[40] W. Firey, Land Ise in Central Boston (Harvard University Press, Cambridge (Mass.), 1947). For a much more sociological approach to the same problem, see W. H. Form, the place of social structure in the determination of land use, Social Forces 32 (1954) 317-23. A recent study which follows the same approach as Firey, but much less convinингly, is by S. Wilhelm, Urban Zoning and Land Use Theory (Free Press, New York, 1962).

[41] W. L. Kolb, The social structure and functions of cities, Economic development and Cultural Change 3 (1954) 30-46.

ната екологија претпоставуваат дека културата е непосредно детерминирана од природата. Денес е општо прифатено дека социологијата го подразбира општествениот свет како интегрирана целина во која "природните" и елементите "создадени од човекот" не само што се неразделно поврзани во реалноста, туку е невозможно и аналитички да се одвојат. Во сопствениот исказ на Park за проблемот тој предупредува на двојната опасност од природната историја на општеството и идеалистичкото толкување на светот.

"Градот поседува исто така морална како и физичка организација и овие две заемно влијаат на карактеристични начини да се обликуваат и да се модифицираат една со друга. Она што прво нé импресионира е структурата на градот со нејзината видлива големина и комплексност. И покрај сé оваа структура има свои основи на човековата природа на која таа самата е израз. Од друга страна, оваа огромна организација која израсна како одговор на потребата на жителите, еднаш создадени, се наметнува како груб надворешен факт и ги формира според обликот и интересите што ги вклучува. Структурата и традицијата се само различни аспекти на едноставен културен комплекс што одредува што е карактеристично а што необично за еден град..."[42]

4.1.5 Урбаната социологија во Франција

Нема да се обидеме да одговориме на прашања како што е тоа дали растечката важност на урбаната социологија во Франција има некое друго значење освен постоењето (релативно) голем број фондови за истражување на урбаните проблеми; или за опсегот на која било неодамнешна студија што содржи нови теоретски приоди, или покажуваат пат кон нови приоди; или наспроти тоа дали се тие тотални неуспеси, интелектуално зборувајќи. Јасно дека би било премногу тешко да се одговори на овие прашања. Наместо тоа претпочитаме да прифатиме "емпириски" приод, и да дадеме критички осврт врз оние студии што по наше мислење се најинтересни од оние што се појавиле во Франција во последните две години.

Нашето читање на овие студии беше селективно врз две основи. Најнапред во смисла на нашите истражувачки цели: поправо, се стремевме да ја препознаеме точката на теоретски сигурното упориште на секоја студија, отколку да правиме

[42] R. E. Park, op. cit, p. 4.

неопходни шематски обиди за опишување на реализираните откритија[43]. Второ, ние ниту го испитувавме огромниот број плански и описни студии на урбаната социолошка структура,[44] ниту пак малиот број крајно важни трудови кои како и да е не ни помогнаа во нашите цели[45].

Во сенката на историскиот град се појавува ново општество во предградијата околу старата средина. Но дали овие предградија се автономни? Може ли некој да ги опише како градови? Или обратно, како еден град и неколку предградија? Со намера да се измери повлекувањето во околните предградија во Париз, еден истражувачки тим од Centre d'Etude des Groupes Sociaux (сега Centre de Sociologie Urbaine) изведе анкета меѓу 1053 домаќинства употребувајќи пет променливи: оддалеченоста од центарот на Париз, леснотијата во приодот кон центарот на Париз, вид на живеалишта, возраст и социо - економски статус.[46] Технички, стандардот на спроведувањето и анализата на оваа студија изгледа беше доста под просекот на Франција. Lamy ги изучуваше варијациите на човековите претстави за Париз според нивната област на живеење и општествено - економската катего-

---

[43] We would be pleased to think we have been able to read these studies in the spirit of, and according to the method set out by, Althusser in L. Althusser and E. Balibar, Reading Capital (New Left Books, London, 1970) 13-34.

[44] In particular, we consider as indispensable the studies by research workers at the Institut d'Amenagement et d'Urbanisme de la Region Parisienne, some of which have been published in the Cahiers de l'I.A.U.R.P. Similarly, the survey by Paul Clerc on the 'grands ensembles' (i.e. large housing estates consisting of blocks of flats) consititutes the first rigorous study in this. See P. Clerc, Grands Ensembles, Banlieues Nouvelles, CRU-INED, 'Travaux et Documents' series 49 (P.U.F., Paris, 1967).

[45] Starting with those of the pioneer of urban sociology in France, P-H.Chombart de Lauwe. We have already reviewed in this journal his book, Paris, Essais de Sociologie, 1952-1964 (Editions Ouvrieres, Paris); we shall shortly be reviewing the collection of this articles, Des Hommes et des Villes, (Pavot, Paris, 1965). However, his 'inspiration' is a strong influence in the work of the C.E.G.S. and of Henri Coing, which is included in our analysis. Less directly related to sociology, but of indisputable theoretical relevance are the works of Pierre George, Sociologie et Geographie (P.U.F., Paris, 1966) and, in particular, of Jean Labasse, l'Organisation de l'Espace (Hermann, Paris, 1966).

[46] C. Cornnuau, M. Imbert, B. Larny, P. Rendu and J. Retel, l'Attraction de Paris sur sa Benlieue, Etude Sociologique, 'L'evolution de la vie sociale' series (editions Ouvriere, Paris, 1965), and also C.E.G.S., l'Attraction de Paris sur sa Banlleue, Observations Complementaries (Paris, 1964-5) (mimeo) (The studies reffered to in the next three paragraphs are all described in these publications).

рија. Предградијата беа претпочитани како области за живеење, централните делови на Париз беа претпочитани за купување и одмор. Историските згради покажаа мало повлекување. Центарот на агломерацијата така би се појавил како чисто функционален. Во следната студија [47] Lamy се обиде да покаже како човечката употреба на центарот на Париз зависи од општественото и еколошкото сложување. Делото на Imbert за активностите во слободното време го прифаќа истиот приод. Жителите на предградието помалку ги користат можностите за одмор во услови на недостиг на такви можности во предградијата. Оддалеченоста од центарот на Париз го зајакнува селективниот карактер на оддалеченоста од удобствата. Колку е повисок општествениот статус на личноста толку е помал ефектот на хендикепираност поради оддалеченоста во однос на користењето на определени можности што можат да се најдат само во градскиот центар, особено театрите. Но привлечната моќ на Париз толку спротивставена на предградието всушност е заснована врз нејзиното поседување поширок можности за одмор и забава. Како логична последица постои општото чувство дека таквите можности треба да се децентрализираат во корист на предградието. Така меѓу жителите на предградието постои став на индиферентност спрема самиот Париз и свест за скратеноста на можностите што е хендикеп наметнат од материјални пречки (оддалеченост, семејна ситуација, итн.)

Потенцијалната автономија на предградските центри е исто така обработувана во прецизниот извештај на Sorrnau и Rendu за местата што ги користат предградските жители за големи и повремени купувачки: пропорцијата на овие купувачки направени во Париз варира обратно од степенот на можностите за купување во местото на живеење. Меѓутоа, главните (а кумулативни) детерминанти се: да се работи во Париз, да се има средно-класно занимање и да се биде роден во Париз.

[47] B. Lamy, La frequentiation du centre-ville par les differents categories sociales, Sociologie du Travail 2 (1967) 164-79. (Translated as the Use of the inner city of Paris and social stratification, in Universsity of Amsterdam, Socigraphical Department, Urban Core and Inner City, Proceedings of the International Study Week, Amsterdam, 11-17 September 1966 (Brill, Leiden, 1967) 356-67).

4.1.6 Неодреден поим за субкултурата на градот

Студијата која според наше мислење е најсоциолошка е онаа на Retel за општествените односи во Парискатa агломерација. Откако ја покажа важноста на роднинските односи тој го постави основното прашање, како се просторно структурирани општествените односи? Тој открива два модела; во првиот кој е карактеристичен за жителите на некогашните села сега вклопени во предградските области и во одредени работнички области, општественото заемно влијание е ограничено на многу мала област. Во вториот модел кој е карактеристичен за жителите на Париз и во помала мера за жителите во ново развиените предградски области, семејните и пријателските односи се раширени низ агломерацијата во целост - и покрај незадоволството причинето од долгите патувања. За луѓето од оваа втора категорија, поважни се средствата за транспорт низ агломерацијата отколку подобрувањата во непосредната област. Како што тврди Retel: "урбаната општествена активност откако ќе помине низ фаза на територијална структуризација ќе биде заменета со период на социолошка структуризација во која ќе станат клучни односите меѓу групите што не ќе се темелат врз територијална основа" (стр.116).

Ова придонесува да се сознае дека општествената активност не е ограничена во рамките на одредени области на градот и дека анализата на урбаните општествени односи се идентични со оние на општествените односи tout court.

Ако општествените односи се шират низ просторот, ако повлекувањето на градскиот центар е повеќе функционално отколку симболично, ако користењето на можностите за одмор зависи повеќе од пристапноста отколку од егзистенцијата на една урбана средина, ако купувањето на големо во Париз исто така зависи од дневната пристапност, тогаш може да се зборува за исчезнување на оној фактор што го прави урбаниот центар општествено јадро. Така урбаниот центар не е ништо повеќе отколку натрупување на збир од функции, во географска област, што би требало да бидат децентрализирани за да се подобри пристапот кон нив. Заклучокот на авторите дека во парискиот регион треба да се создадат нови урбани центри е така што по наше мислење е сосем личен избор. Како резултат, нема потреба за нови натрупувања на функции независно од парти прис спрема

"хуманата единица која станала преголема и преавтономна бидејќи била сиромашно структурирана" (стр. 274).

Додека оваа широка студија фрла нови светлини врз социоеколошките процеси во Парискиот регион и врз ставовите и претставите почитувајќи ги различните делови на агломерацијата, таа е крајно разочарувачка во тоа што од самиот почеток не прави обиди за социолошки објаснувања: таа не создава ништо повеќе одошто "ad hoc" променливи и ги употребува за аналитички цели што единствено би биле огледни категории. Во отсуство на специфична теоретска рамка за работа, невозможно е да се поврзат социоекономските категории и просторното однесување, освен ако некој има решение за неодредениот поим за субкултурите чија егзистенција не е ниту општо детерминирана ниту втемелена во одредени случаи. На крај, објаснувањето е со термини од теоријата на потреби и адаптации, фрустрирани или поттикнати од природни пречки (како што е оддалеченоста) или од општествени бариери (како што е општествено - економскиот статус).

4.1.7 Метод на "клиничко - социолошки" групи на студии

Со намера да се покаже недостиг на координација и длабокиот партикуларизам на различните тимови што работат на полето на урбаната социологија, да навлеземе во еден друг свет, кој скоро и да нема теоретска врска со она што тукушто го испитавме. Водени од Institut de Sociologie Urbaine да влеземе во светот на одвоена куќа[48]. Оваа студија е базирана врз семантички анализи на 265 ненасочени интервјуа со сопственици на одвоени куќи во 11 локалитети распространети низ Франција; исто така беа интервјуирани мал број жители на колективни или заеднички домови. Беше скициран примерок за да вклучува мноштво

[48] Institut de Sociologie Urbaine (Paris), l'Habitat Pavillonaire. Attitude des Citadins (Centre de recherche d'Urbanisme, Paris, 1966) (mimeo). (Report; Appendix 1, The historical development of the detached house in France, and analysis of idelogies; Appendix 2, The sample; Appendix 3, Analysis of interview). While the authors of this first report on the study are unnamed, the team was directed by Henry Lefebvre and the main researchers were Antoine Haumont, Nicole Haumont, Henry Raymond and Marie-Genevieve Raymond. (See also N. Haumont, Les Pavillonaires: Etude Psycho-sociale d'une Mode d'Habitat (C.R.U., Paris, 1966), and M. G. Raymond, La Politique Pavillonaire (C. R. U., Paris, 1966).

општествени ситуации, но не и да биде претставник, а статистичките анализи служеа единствено да потпомогнат да се сфати идеологијата на сопствениците на одвоените куќи, а не да се објаснува нивното однесување. Меѓутоа, во првиот дел на студијата базирана врз многу целосни историски и документарни анализи, развитокот на одвоената куќа во Франција е поврзан со државната политика и општествените сили, а исто така и со идеологиите изнесени во планската литература. Со поставување на одвоената куќа во историски контекст лесно е да се видат врските меѓу неконтролираната урбанизација и успехот на митот за одвоената куќа, во исто време реформистичката реакција против колективизмот и инструментот на идеологијата на ред и едноставност. Концентриран врз поимот за фамилијата како самодоволна единица овој мит е продукт и на буржоазијата која бара општествена интеграција и на недостатоците на стилот на колективната населба на кој му недостасува вистински колективен живот. Меѓутоа, додека е едноставна работа да се поврзе развитокот на одвоената куќа со општите општествени промени кога постојат политички или доктринарни извештаи за тоа, помалку е едноставно кога не постојат такви извештаи, т.е. кога облиците што ја поврзуваат општествената динамика со одреден факт мора да се испита со анализи на општествената структура. За I.S.U. истражувачкиот тим таквите анализи не значеа анализи на побудите, туку изучување на општествените корени на идеологијата на одвоена куќа. Затоа опишаниот истражувачки објект кој се појавува како прв степен во една поголема истражувачка програма, и кој се состои првенствено од анализи на одвоената куќа како симболички систем, и на идеологијата на одвоената куќа како комуникациски код за пораките меѓу жителот и општеството. Овој симболичен систем е до ситница реконструиран со дешифрирање на интервјуата. Додека моделот, според наше мислење, не е многу ригорозен,[49] особено во отсуство на определба на семантичкото поле на секој израз предходник на изборот на израз како означувач или означено, неможе да стане заблуда од нивниот пробив во анализата.

Овој метод припаѓа на таканаречените "клиничко-социолошки" групи на студии, повеќе окупирани со длабочината на набљудувањето отколку со основање правила. Сега, вредноста на набљудувањето од овој тип зависи од неговото постоење создадено во склоп на теоретски систем. А во овој систем не е

[49] This document is based on intuition rather than firm conviction given our admitted lack of competence in semantic analysis.

сосема експлицитен. И покрај сé, малку по малку е изградена слика на внатрешниот простор на одвоената куќа, откривајќи свет кој е затворен, но, на кој може да му се даде определено значење. Одвоената куќа претставува ред и самодостаточност: игра улога на дом и на тој начин мирно пребивалиште за изразување на индивидуалноста чии лимити се различно поставени според моделот на избраните меѓусебни влијанија. Но, ова не вклучува отворена идентификација со конзервативната идеологија. Всушност, тешкотијата во поврзувањето на симболичкиот систем на одвоената куќа со идеологијата на одвоениот дом се должи на тешкотијата во анализирањето на идеологијата на одвоениот дом без негово поврзување со општите анализи на општествените идеологии. Едноставно, со испитување на асоцијациите направени во секојдневниот живот можеме да добиеме одблесок на врските меѓу идеологијата на ред и стабилност претставена со идеологијата на одвоен дом на една страна и на внимателното и мудро ограничување на светот на внатрешниот простор на одвоената куќа на друга страна. Меѓутоа, ние се сомневаме дали е можно да се употреби истиот приод за да се научи врската меѓу симболичкиот систем и општествената практика. Системот на знаци може само да се однесува на други знаци, т.е. во случај на други идеолошки системи. Ако на врската меѓу овие идеолошки системи и учесниците треба да сфати директно, тогаш потребна е анализа во смисла на структури на општествените дејствија. Тоа е така затоа што вистинската историска анализа би значела скоро повторно поставување на знаците "во контекст", и врската не би можела да биде ништо друго отколку исказ на верување.

Според наше мислење, важноста на студијата или барем на нејзините делови што ги дискутиравме погоре, е во тоа што таа прекинува со чисто функционалниот приод на студиите во рамките на главните традиции во испитувањето на домувањето. Домувањето е многу повеќе отколку начин на задоволување на потребите. Дури и ако некој би ги докажувал квалитетите на колективното живеење, се уште постојат некои располагања со земја со изразит квалитет кои ги задоволуваат човечките "импулси" и "фрустрации" подобро отколку други. (Тука се појавува имплицитен однос кон психоаналитичко однесување кое се стреми да го поврзе симболичкиот систем со личноста, исто онака како што анализата на општествените структури на идеологијата би го поврзала овој свет со општеството како целина). Според нашето мислење, главните иновации на оваа студија лежат токму во начинот на кој аспектите на станбениот простор се опишани во деловите на нивната анализа однесувајќи се заедно како систем,

без отстапување од избраниот степен на анализа, т.е. степен на знаци. На тој начин одвоената куќа не е повеќе општествен факт, туку знак, а нејзиниот свет - свет на знаци. Дали е ова пример на вистинска урбана семиологија? Веројатно. Но, само дотаму до каде што на аспектите на просторот им треба специфично повторно опишување на степен на знаци. Да продолжиме и да докажеме дека затворен систем на знаци што се совпаѓа со урбаната заедница може понатаму да биде можен начин на урбаната социологија започната со оваа студија на одвоен начин на живеење.

4.1.8 Соседството е единица на општествениот живот

Од една сосема друга перспектива друг тим од I.S.U. под водство на Henri Lefebvre го изучува местото на соседството во градот[50]. По силната осуда на идеологијата за соседството како интеграциона идеологија, Lefebvre поставува вистински социолошки проблем. Дали соседството е единица на општествениот живот или не? Постои ли совпаѓање меѓу "општествениот простор и геометрискиот простор"? Дали локалната заедница има општествен сплет еквивалентен на степенот на соседството? По наше мислење, тука е внесена вистинска теоретска проблематика. За несреќа, истражувањето што следува не само што пропушта да даде некои одговори туку пропушта и да си обезбеди средства за да го стори тоа. Студијата содржи две научни расправи, историска и географска, една за урбаниот развиток на Argenteuil и Choisy-le-Roi и другата на типологија на соседствата во Suresnes, Vitry и Choisy-le-Roi. Првата го опишува раздорот што го предизвикува брзиот урбан развој предизвикан од индустријализацијата и поволните прилики за локалната општествена активност, (разбрана во голем дел преку учество и здружување). Но, локалната општествена активност е прикажана преку поимите на институции. Така е дадено дека институционалните центри за давање решенија се лоцирани надвор од соседството, во окружните места, заклучено е дека не постои соседска активност и дека треба да се подобрат можностите за контакт базирани врз локалните можности. Наше гледиште е дека

[50] I. S. U. Le quartier et la ville, Cahlers dr i'I.U. R. P. 7 (March 1967), comprising Neighbourhood and neighbourhood life by H. Lefebvre, City and Neighbourhood by M. Coornaert and C. Harlaut, and Neighbourhoods in three localities in the Paris region by A. Haumont.

чисто дескриптивниот карактер на студијата и ограничувањето на анализата на очигледната положба исклучена каква било можност за докажување на почетната хипотеза.

Втората студија, за три соседства води кон типологија базирана врз користењето на земјата. Кажано е дека следниот и битен чекор е да се поврзат различните употреби на земјата со стратегиите на општествените и економските сили низ историјата на локалитетот. На оваа точка ние се соожуваме со очигледноста што е доста раширена во француската урбана социологија. Стана обичај да се создаваат со скоро механичка правилност студии во кои демографските и урбаните промени, што се одразени во вработувањето, користење на земјата и згуснувањето на живеалиштата, се поврзани со датумите на отварање фабрики, со локалните избори, итн. Ова не ни кажува ништо стриктно и никој не е толку будала да одрече дека моделот за промена може да биде раздвоен од поширокиот модел за општествена промена (или ако такви луѓе сéуште постојат, можат со сигурност да бидат игнорирани...). Вистинско истражување почнува потоа. На кој начин определена општествена структура придонесува во создавање на односната област? Два се одговори на ова прашање; не е доволно да се опишат одредени случаи; мора прво да се има теорија за создавање на просторот што не може да биде општествена историја на тој простор. Додека поимот за тоталноста е плоден за поставување на проблемот и осигурување на заемните сложувања на одредени приоди скоро е таутологиски да се постават едно до друго тоталноста и случајот. Ова е изгледа тоа што го спречува успешното следење на многу богатиот приод прикачан на почетокот...

4.1.9 Градот во економската теорија

...Најважен неодамнешен придонес на теоријата за градот направен на француски јазик е делото на еден белгиски економист.[51] Иако тоа е економска студија ние ќе ја продискутираме делумно зашто покажува разумна отвореност кон социологијата, но главно затоа што нејзината теоретска цел ни изгледа како примарна и заслужува да биде истражена во социологијата.

Авторот Жан Реми (Remy) го поставува во почетокот прашањето за градот во рамките на економската теорија.

[51] J. Remy, La Ville, phenomene economique (Editions "Vie Ouvriere", Brussels, 1966).

Дали градот е едноствно поле во кое се развиени теории за да се објаснат други аспекти на економскиот систем, или е градот оригинална економска единица, необјаснива со некоја друга?

За Реми ова прашање мора да биде одговорено пред да се преземе какво било конкретно истражување или да се конструираат инструменти за мерење. Тој натаму се упатува кон системска анализа на многу економски и социолошки проучувања на урбаните и просторните прашања со намера да биде во можност да детерминира некои од гледањата според кои градот е различен ентитет од економска гледна точка.

Да почнеме со тоа дека градот е дефиниран во економска смисла со оглед на предностите што произлегуваат од просторното собирање функции и фирми. Овие предности можат да бидат сумирани во два збора: промена и особено иновација. Од оваа гледна точка градот е согледан како извор на знаење. До толку повеќе што информацијата и иновацијата се основи на најнапредните општества, градот не станува нефункционално "урбано чудовиште", туку предуслов за економски развој. Реми, исто така, го гледа градот како општа форма на организација на простор што помага во создавањето одбрани стоки што ја детерминираат вредноста на индивидуалните добра. Градот е подрачје на избор, тој е контекст за процеси на општествена и географска мобилност. Но овие предности за поединецот се продукт на урбаната околина како целина, т.е. на продуктивните единици и центри што се менуваат и на функционалната разновидност на урбаниот простор овозможувајќи им на луѓето да се движат од една средина во друга во склоп на истиот систем на внатрешни зависности. Со други зборови градот е повеќе карактеризиран како флексибилен модел на општествена организација што повеќе резултира од комплексноста на системот отколку од разлижната урбана култура.

Она што ние го сметаме најинтересно се коментарите на Реми за урбаниот општествен живот. Така, ако градот е подрачје на центрифугални сили, како што се изборот, промената или иновацијата овие сили мораат да се реинтегрираат на ниво на самиот процес на трошење, имено, низ системот на домување. Така, на пример, улогата на сегментацијата е придружена со симболична диференцијација на урбаниот простор што овозможува создавање средини што се релативно хомогени во смисла на општествениот статус, ако не и на животниот стил. Поради тоа ние ги поместивме размислувањата за функцијата на урбаната област како соседство кон нејзината симболичка функција.

Понатаму, градот не е место на општествена дезорганизација, како што често се тврди, туку, напротив, тој е место на акултурација кон "модерниот живот", тоест кон процес на рапидно менување на карактеристиката на индустриското општество. Она што ја карактеризира околината е токму неговиот двоен капацитет за производство на иновации неопходни за економскиот растеж и што во исто време треба да се овозможи форма на општествена организација што не е само способна да прима иновации туку и да ја осигурува својата реинтеграција. Спротивно, индустријализмот е извор на промена во урбаната околина: тој исто така е структурален систем чии главни одлики се препознавање на иновацијата и промената како движечки сили и негов неопходен дополнувач на капацитетот за општествена апсорпција. Проблемот на урбаната социологија заслужува да биде поставен вои смисла на такви широки теоретски перспективи.

4.1.10 Во потрага по урбаниот идентитет

Би сакале да воведеме некој ред во идеите што произлегуваат од нашето читање на овие студии како прв и привремен резултат на нашата критика. Ние едноставно сакаме да направиме некои чекори кон приодот кој долго време беше премалку испитуван за да може да ни биде при рака како дефинитивен исказ. Да почнеме со тоа дека мораме да престанеме да употребуваме термини како "урбано однесување" или "урбани ставови". Таквите фрази, ако не конфузни, тогаш поими за заштита. Тие претпоставуваат дека постои урбана култура која го влече својот карактер од нејзиното урбано потекло и на тој начин е неопходно во контраст со рурална култура. Сега, како што видовме, "урбаната култура" е заведувачки опис на културтата на индустриското општество. Стдијата на Сјоберг, на пример, покажува дека постојат дури и големи прединдустриски градови што не ги покажуваат привидните урбани карактеристики. Слично, Вебер констатира дека западниот брег на Соединетите Американски Држави беше единствен и покрај фактот дека секаде постоеја урбани агломерации. Ман покажа дека квантитативните разлики меѓу градот и селото се помали кога споредбата е направена на ист датум и обратно (како што обично е случај за иста населба во различни временски периоди). И уште повеќе, скоро е признато дека карактеристичните одлики на урбаната култура можат да се најдат во руралните места.

Би било апсурдно да се одрече дека постојат разлики меѓу градот и селото. Она што ние, меѓутоа, го тврдиме е дека фундаменталните одлики на оваа урбана култура се директна консеквенца од индустријализацијата во одредени случаи на капиталистичката индустријализација. И покрај сé, вистина е дека концентрацијата на голема популација, разновидноста на општественото милје и групирањето на мноштвото функции во просторот го помагаат појавувањето на модел на општествени односи, различен од оној што е можен во селските заедници. Но ова е само дел од движењето кон индустриско општество. Премногу често општествената промена се анализира со помош на едноставни фактори, како што се индустријализацијата или урбанизацијата. Всушност, она што е неопходно е да се реконструира комплетниот систем на општествени елементи, вклучувајќи ги и вредностите и материјалната база која е трансформирана во процесот на создавање промени. Да разгледаме два примера. Прво, уредувањето на домувањето во големи градови е такво што ја поттикнува сегментацијата. Но, забрзаната урбанизација е резултат на индустријализацијата. Капиталистичката индустријализација е базирана врз третман на трудот како стока која претпоставува и предизвикува раскинување на општествените врски и атомизација на работната сила. (Така просторното уредување на домувањето не може да биде сфатено изолирано од процесот на капиталистичка индустријализација). Второ, општествените класи се појавуваат како актери што ја насочуваат индустријализацијата. Но, нивната организација е базирана врз постојните општествени групи, а еден од нивните извори е социо - еколошката сегрегација, итн. Целта на овие примери е едноставно да се укаже на неможноста - дури и аналитички - да се третираат во изолација ефектите на урбанизацијата на степен на тотална култура од таканаречената "урбано" општество.

Предходно видовме дека многу студии - особено оние од Чикашката школа - што беа концентрирани врз процесите на регулирање на урбаната култура создадоа огромна социологија на интеграција, проширена од социологијата на промена претставена како преод од руралното (традиционално) општество кон урбано (модерно) општество. Меѓутоа, додека ние одрекнуваме дека урбаниот контекст воопшто има специфични ефекти препознаваме дека одредени урбани контексти, а исто така и некои неурбани контексти (како што се селата) можат да имаат такви ефекти. Ова може да сугерира можни основи за социологија на заедница, можност на која ќе се вратиме подоцна. Додека

урбаниот контекст не создава специфичен научен објект за урбана социологија, градот се уште може да биде анализиран како аспект на реалноста користејќи го теоретскиот приод својствен на одредено поставено прашање. И дури дефиницијата на урбаната социологија базирана врз идејата за градот како аспект на реалноста е несомнено чиста како што може, на пример, да биде во случајот на социологијата на образованието. Така, согласувајќи се со студијата за "градот таков каков што е", станува нејасно што е вистинскиот предмет на интересирање: градот, агломерацијата, урбаниот регион? И кои аспекти треба да се проучуваат. Општествените класи? Искористеноста на градскиот центар? Задоволството на домување? Симболичката привлечност на историските згради? Транспортот? Воздушната загаденост? Соседската општествена партиципација? Гласање во локалните избори? Мобилноста на населението? Индустриска локација? Урбаната основа? Јасно е дека таква листа е неспоива. А сепак сиве овие прашања спаѓаат во урбана социологија. како што просторното поставување на општествениот живот станува скоро крајно урбано, предметот на урбаната социологија станува безграничен и урбаната социологија станува општа социологија. Нека биде така. Меѓутоа, остануваат две работи да се сторат. На една страна мораат да се разликуваат различни степени на анализа, а на друга, за секој изолиран степен просторот мора да биде шифриран со намера да се објасни врската меѓу општествените процеси и еколошкиот систем.

4.1.11 Студија на општеството низ просторот

Прво, да ги разгледаме различните степени на анализа. Студијата за градот може да биде разбрана како студија на општеството видено низ одреден просторен ентитет, исто онака како што обижно социологијата беше сфатена како студија на општественото дејствување со помош на одреден историски ентитет. Целта е да се открие, низ просторно вкрстен пресек, истиот процес што обично се открива со временски вкрстен пресек. Можат да се разликуваат четири степени на анализа. На пред-социолошки степен може да биде изучувана историјата на просторната суштина како таква. Ова е посебно поле на хумана екологија која презема такви анализи и во смисла на промена на времето и во смисла на синхронична внатрешна зависност. На вториот степен, локалното општество може да биде анализирано како општествен систем. Жителите на куќа или улица можат да

бидат анализирани со нивно шифрирање како актери и да биде проучуван нивниот систем на интеракција. Некогаш жителите на улица нема да бидат поврзани заедно во општествен сплет. Во тој случај вистинскиот објект (жителите на улица) не може да биде трансформиран во научен објект, освен ако улицата не исчезне и ако општествените системи на секој поединец не станат предмет на студија. Јасно е дека логиката на овој приод е да се бара систем на интеракција повеќе отколку да се проучуваат одделни единици како такви. На ист начин, на третиот степен, ако сакаме да разбереме некој аспект на системот на историското дејствување и на општественото движење би било бесмислено да се бараат општествени класи, во големи целини. Всушност, субјектот на општественото движење (на општествената класа врз која е базиран) мора да биде однапред дефиниран во однос на предметот што некој сака да го проучува а потоа да се реконструира во реалноста. Мора да се забележи дека пробивањето на "урбаното општество" од "општеството" без објаснување, тоест изучувањето на градот како научен објкект и дури како реален објект, не е еквивалентен со широко распространетата претстава за градот како проекција на општеството во просторот. Овој приод имплицитно се однесува на четвртиот степен на анализа, имено, на еколошкиот приод. Всушност, ако градот е проекција, приодот е нужно спротивен на оној што е вообичаено прифатен. Наместо проучување на систем од општествени односи или процес на дејствие што се појавува, како сé друго, во оваа општествена агломерација некој би гледал само град. Физичките објекти и екологијата на агломерацијата можат да бидат третирани како знаци. На оваа точка се отворени три можности: прво, може да се остане на семантичкиот степен и да се обиде да се открие внатрешниот систем на знаци, второ, може да се претпостави дека градот егзистира како локално општество со своја сопствена организација и да се направи обид да се верифицира оваа претпоставка со испитување на согласувањето меѓу организацијата на знаци и онаа на означените или трето, може да се изнесе еден вид општествена археологија и да се реконструира минатото општество преку трагите што тоа ги остава врз зградите, улиците и фабриките.

Кој било од овие четири приоди да прифатиме, поимот "урбан" е ирелевантен. Меѓутоа, со време нема да сакаме да го продолжиме нашето уништување на икони сфаќајќи ја урбаната социологија до нејзините крајни граници. Особено во поглед на фактот дека овде и онде откриваме нејасни индикатори дека урбаната социологија може и покрај се да има специфичен објект.

Значи, она што сакаме да го испитаме е под кои услови социологијата може да биде дефинирана како урбана од гледна точка на нејзиниот научен објект.

Според наше мислење, оваа можност постои кога постои коинциденција меѓу просторната единица и општествената единица, а од кои втората е општествен систем, систем на акција или систем на знаци (тоест, кој и да е од опишаните последни три степени на анализата е прифатен). За да дадеме почиста слика на оваа можност да го споредиме градот со претпријатието. Како градот, исто така и претпријатието е вистински објект и е зафатен од општите општествени процеси. А уште повеќе социологијата на претпријатието е препознато поле. Но, социолошки, социологијата на претпријатието постои бидејќи постои социологија на организација и покрај тоа што може да биде помалку јасно, бидејќи постои социологија на институцијата.

Враќајќи се назад кон идеите на Реми, градот како средиште на иновациите и комплементарниот процес на општествената реорганизација овозможува асимилација на забрзаните промени што постојат во индустриските општества и претставува систем на акција бидејќи се наоѓа во коренот на процесот од кој се формирани такви општества. Ако градот е вистина просторна форма на овој комплекс, нели е пример на онаа еколошо-просторна мешавина што може да се нарече урбана институција?

Можат ли Новите Градови да бидат видени како просторен израз на системите за дејствување? Или, дали тие се елемент од системот на дејствување во општеството?

Прашањата што ги дискутиравме се скоро изолирани примери на можен коментар на потенцијалната научна содржина на оваа социологија која се стреми кон поврзување на општествениот процес и елементите на просторот. Тешкотиите што ги сфаќаме во оваа работа се добра илустрација за жестокоста на кризата што беше покажана. Ако социолошкиот парадокс е сé уште неопходен тој не би бил последниот од парадоксите, имено по педесет години егзистенција само еден предмет на истражување во урбаната социологија останува недофатен: нејзината содржина.

4.2 СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ ЗА УРБАНИЗМОТ И ОПШТЕСТВОТО*

...Класичната формулација на Диркем (1893) ги спротивставува механичката и органската солидарност. Скоро еден век таа формулација ја засилуваше биполарната дистинкција на Тенис. Според Диркем, руралниот или селскиот живот претставува единство на вредности и визии, како што членовите на секое селско семејство го доживуваат приближно истиот сплет на околности што се повторуваат во нивното постоење. Резултатот од заедничкото искуство е единството на идеи во една колективна свест во механичка солидарност. Оваа социјална условеност не може да се добие во градот.

Во градот, густината на населението бара специјализирани активности при тоа менувајќи го единството, создадено од заедничко искуство и на негово место гради функционална независност меѓу луѓето зафатени со специјализирани дејности. Луѓето не се идентификуваат едни со други туку зависат еден од друг при задоволувањето на потребите на населението.

Тенис и Диркем го заменуваат моралниот ред на заедничките вредности во предурбаното општество, со инструментален поредок во урбаното општество. Истакнатиот социолог Макс Вебер (1905), е прв кој посочува на фактот дека градовите пред се се трговски места. Сепак, според него трговските односи не ја нарушуваат општествената кохезија, туку напротив, ја истакнуваат. Тој го издвојува прединдустрискиот град како најблизок до идеално - типскиот модел на урбаниот живот и организација. Според Вебер, она што го издвојува урбаниот живот е тоа што градските населби зависат од постоењето на трговските места и дневната размена на стоки и услуги. Градот е детален систем на размена, живеалиштата бараат сојуз со економската арена, подготвени да учествуваат во неговата одбрана против новодојдените, а вистинските градови остануваат делумно автономни политички унии.

Кога градовите станаа густи и избезумени манифестации на бирократската организација во индустриското општество, рационализмот во 20-от век ја потисна духовната и културна особина на урбаното ветување. Градовите од времето на Рене-

* William G. Flanagan, Contemporary urban Sociology, Cambridge University Press, 1993 p. 13-26

сансата, можат да се наречат вистински урбани заедници: машини на културата и знаењето. Индустрискиот град претставува групирање на популацијата, човечка маса, кадешто целта е ефикасната администрација на бирократскиот модел здруженият интерес е сé што останува од идеалниот град. Оваа идеја е сржта на наследството на класичната теорија за урбаната социологија.

4.2.1 Животот во безличните метрополи

Брзиот пораст на градовите за време на индустриската револуција, ги разбуди сомнежите на социјалните и моралните истражувачи од запад кои долго време го чувствуваа влијанието на градовите врз животот на луѓето. Градот во популарната имагинација и социјалната теорија постоеше за да ги нарушува моралните вредности и да ги побудува социјалните врски.

Во текот на првата половина на 20-от век познатите автори и критиката беа поделени во однос на прашањето за влијанието на урбанизацијата врз квалитетот на живот. Поделеноста на мислењата и променливите услови во градот се спротивставија наспроти најпознатите мислители во последниот век. Застрашувачките слики на градовите со кокс од 19-от век, во фикцијата на Дикенсон, повеќе одговараат на описите на Манчестер на Енгелс (1845) и Токвил (1835). Сликата на градот на крајот на столетието не се промени. Линколн Стефанс (L. Steffens 1904) предупредува за моралните зла, вкоренети во политичката моќ и економските предизвици на градовите во САД, а Чарлс Бут (Charles Booth, 1902) ги забележува очајните услови за живот на сиромашните во Англија. Во периодот што следеше постоеја повеќе критички осврти за негативните последици од животот во градовите но, сепак тие не беа едностранн како дотогашната критика. И покрај Веберовото обвинување за замрена изолација на урбаниот живот, развиените градови во 20-от век станаа погостопримлива околина, барем што се однесува до материјалните услови во кои луѓето живееја.

Мнозинството ја изгуби способноста и стравопочитта од чистата физичка присутност, но сепак социјалното влијание на градот остана тема за уште многу истражувачи. Британските автори беа загрижени за потенцијалот на политичка и социјална револуција, забавените чекори на животот, монотонијата и бедата што беа поврзувани со градовите.

4.2.2 Париз - безобѕирно чудовиште

На пример, Џорџ Орвел од една страна коментира за распаднатиот, беспланѕки хаос на градот, а од друга за она што го видел како состојба слична на затвор како резултат на планираната контрола во урбаната средина со цел да се воведе ред. За многу француски автори, во првата декада на 20-от век Париз бил модернизирана Атина, издигнат на повисок степен, додека пак други го поставуваат прашањето за тоа дали Париз се развил во безобѕирно чудовиште коешто ги голта плодовите што рамноправно припаѓаат на останатиот дел на земјата. Германските автори во 20-те и 30-те години на 20-от век ги оценија позитивно културните достигања на големите градови, но се разделија во однос на политичката линија, во грижата за социјалните влијанија од константниот развој. Уметниците и писателите од левицата укажуваа на неправдата, корупцијата и другите присутни ексцеси на капитализмот во градовите. Доминантната Национал - социјалистичка десница беше загрижена за политичкиот наплив на Марксистичката левица во урбаните средини, забележувајќи злонамерно за "биолошкиот пад" (што тие го виделе) како резултат на мешањето на "расите" (Lees, 1985, стр. 259-288).

Социолозите кои во првата половина на 20-от век работеа на теориите за градскиот живот ги истакнаа поврзаните аспекти на урбаната средина. Пример за тоа е Георг Зимел (1903) со есејот "Метрополите и духовниот живот во Германија" и Луис Вирт (1938) со есејот "Урбанизмот како начин на живот во САД". Зимел е значаен затоа што разликува две основни особини на урбаниот живот сфатен во облик на човековото однесување. Првата особина е тоа што преполнетиот живот во социјалната средина ги принудува луѓето меѓусебно да се изолираат, да ги развиваат способностите и да го игнорираат она што се случува околу нив. Тој ја оспорува потребата на луѓето кои живеат во градовите да ги развиваат способностите, за да ја одржат сопствената рационалност. Втората особина на урбаната околина е репродукцијата на мотивите по прашањето за трошокот. Од гледиштето на Зимел, урбаниот живот е серија на размена во којашто секој човек се прашува: Што ќе добијам јас за ова? Колку ќе ме чини тоа? Последиците од емоционалното воздржување и рамнодушноста се аверзија и интеракција на калкулирањето како социјални особини на метрополите. Како и да е, луѓето не можат да си дозволат да се грижат едни за други. Вирт (1938) го вградува Зимеловиот

поглед како и погледите на Тенис и Диркем, Вебер и на останатите, во својот напор да развие комплетна "теорија" за урбаниот живот. Неговиот мошне критикуван есеј за комбинираните ефекти на големата, густината и хетерогеноста врз урбаната популација, останува прекрасен обид за моделирање на суштинските последици од урбаната средина. Заедно, тие фактори ја условуваат природата на социјалната интеракција. Порастот на популацијата значи сегментирање и специјализирање на односите што остануваат неприродни.

4.2.3 Градот - мозаик на изолирани социјални и морални светови

Големата популација се згуснува и го оформува урбаниот живот не само како човечки улоги, туку и како разни специјализирани физички подрачја во градот. Учителот на Вирт, Роберт Парк (1915 1929), ја опишува екологијата на урбаниот простор, како мозаик на изолирани социјални и морални светови, секој со свој дистинктивен начин на однесување. Принципот на хетерогеност е базиран врз фактот што градовите содржат голема разновидност на културни и класни разлики, и нив ги генерализираат или ги форсираат со промотивна специјализација. Луѓето кои живеат во градот, тешко се идентифицираат меѓусебно и задоволни се ако односите меѓу нив останат на природно, инструментално ниво. Зимел, а посебно Вирт, создадоа атмосфера за идни социјални интерпретации за последиците на урбаниот живот. Луѓето во градот се внимателни, отуѓени, манипулативни и аверзни, настојуваат односите да се извештачени и секундарни по природа. Урбанизираните средини имаат изолирана егзистенција. Оваа визија е сведена на многу познати интерпретации за тоа што им прави градот на луѓето. Современите социјални истражувачи се многу внимателни со еднодимензионалниот карактер на овие антиурбани формулации. Сепак, како што може да се види во есејот "Тековните трендови во истражувањето на урбаната заедница", класичните заклучоци што се однесуваат на урбанизираноста се во прв ред и ги подржуваат современите истражувања.Но, како и да е, тие овозможуваат само делумна слика за урбаното искуство.

4.2.4 Урбаната заедница ја проучува традицијата

Сликата за урбаниот живот, претставена во социолошките теории речиси од почеток е оспорувана со доказите на истражувачите кои го проучуваат животот во градот со теренска работа. Самиот Вирт (1927), дава опис на блиските врски и богатиот живот во заедницата на Еврејското гето во Чикаго во 1920 год. Студијата на Вилијам Фут Вајт (W.F. White, 1943) за Италијанско - Американската заедница во северниот крај на Бостон, е блиска до есејот на Вирт и зазема значајно место како еквивалент на неговиот есеј.

Студија по студија, во богатата традиција на "студии за урбаната заедница", во текот на 50-те години тие покажаа дека во градовите постојат соседства кадешто луѓето имаат чувство на простор каде што припаѓаат, кадешто комуницираат меѓусебе, а посебно со членовите од семејствата кои живеат поблиску. Овие студии се концентрирани на животот на работничката класа. "Урбаните селани" на Ганс (Gans, 1962) се задржуваат на втората и третата генерација на Италијанци кои живеат во соседство, базирано на роднински врски. членовите на овие "племенски групи" изразуваат чувство на поврзаност едни кон други и кон нивното место на живеење. Роднинството го овозможува и каналот на социјалниот живот во Источен Лондон. Јанг и Вилмот (1957) го поставија матрификалниот систем на социјална кохезија во популацијата на работничката класа. Возрасните ќерки со своите семејства се приврзани со своите мајки. Семејствата настојуваат да останат локални, генерација по генерација. Сатлс (Suttles, 1968) вели дека токму локалноста претставува база за социјалната кохезија и идентификација на соседството во градот.

Иако "Адамовата околина" (фиктивно име), која тој ја проучувал во Чикаго содржи различни етнички групи (Црнци, Италијанци, Мексиканци и Порториканци) и постои нетрпеливост помеѓу овие групи, и затоа заедничкото чувство на "turf" или на адекватно чувство принуди овие групи да се обединат како одговор на било каква надворешна закана. Хантер и Сатлс (Hunter and Suttles, 1972) ги сумираа резултатите од останатите истражувања во корисна шема за класификација на разни типови на "урбаната заедница", во согласност со големината и степенот на приврзаноста, доживеана во местото на живеење. Чувството на приврзаност настојува обратно да биде поврзано со големината на

просторот и големината на популацијата: колку е помала единката (територијално) толку е поголем степенот на територијална идентификација. "Face block" може да биде помал од група улици во еден блок, или пак поголем. Постои висок степен на меѓусебно познавање помеѓу жителите. "Одбранетото соседство" кадешто жителите ги препознаваат своите територијални интереси во однос на некоја закана од надвор, може да се прошири на неколку блока. "Заедницата на ограничена одговорност" или територијата што има некои дистинктивни обележја, може да се окарактеризира со повеќе или помалку униформирани поседнички вредности, вклучувајќи ја и школската област или пак може да поседува некои други тематски особини. Поширокатa територија на "проширена заедница со ограничена одговорност" се појавува на територијата на градот на кој се однесува официјално или неофицијално, со општо познато име Југозападен кварт, Долна Источна страна (Менхетен), Источен крај (Лондон).

Секоја од територииte забележани од Хантер и Сатлс ја содржи секоја поголема просторна единица. Логично е да се поистовети секоја од индивидуите со овие територијални единици. Корисноста на овие просторни именувања е индуцирана од нивната општа употреба во современите истражувања.

4.2.5 Урбаниот простор - важна социолошка променлива?

Со ова прашање покриваме два вида на расправи за капацитетот на физичкиот простор и влијанието на социјалниот живот. Прво, ова е позицијата кадешто просторните фактори, како бројот на популацијата и густината, социјалните врски се карактеристични за помали и пораспространети популации. Второ, овде се јавуваат противречности, емпириски изведен аргумент за тоа дека општествените врски од различен вид, што можат да опстанат во услови на дезинтеграциски ефект како резултат на големината и густината во пренаселените градови. Херберт Ганс (H. Gans, 1962) препорачува трета можност. Природата на урбаната околина не е толку битна како другите востановени социолошки фактори, како општествените класи што се решавачки за животните искуства на луѓето кои живеат во градовите. Тој вели дека урбанистичките пропозиции се ослабени од фактот дека не постои еден, туку повеќе услови за урбано живеење. Постои голем број на отуѓени и изолирани луѓе во градот, но урбаната популација ги вклучува и артистите и интелектуалците кои живеат во градот, бидејќи го сакаат исто како и

другите категории на луѓе, привлечени од урбаното живеење. Најотуѓените и најизолираните луѓе во градот се сиромашните, фатените во стапица, и најмалку подвижни сегменти на урбаната популација. Нивната изолација и отуѓеност се условени од економската положба во општеството и од фактот дека тие живеат во градовите. Анализата на големината, густината и хетерогеноста на околината малку допринесува да се разбере нивната положба.

Втората насока на расправата која го поставува прашањето за урбаниот простор како важна независна променлива е насочена кон студиите за урбаната заедница и продолжува до соседствата како важен фокус на социјалниот живот. Која е базата да се претпостави дека резиденцијалните соседства го обезбедуваат решението, организирајќи сила за урбано социјалниот живот. Логично е да се претпостави дека луѓето ќе го имаат истиот социјален контекст со соседите и ќе бидат вклучени со луѓе надвор од тоа соседство со кои тие делат заеднички интереси.

Значајна претпоставка постави Клод Фишер (C. Fischer, 1975, 1984) со "субкултурната теорија за урбанизмот". Фишер во градот наоѓа витална сила за засилување на културното искуство и човечка креативност, за обединување на генијалците и настраните. Тоа доаѓа од големината на урбаното население, "критичката маса" која обезбедува плодна почва за култивирање на идеите. Хипотезата за критичката маса вели дека поголемите популации обезбедуваат индивидуи коишто во основа делат сличен интерес за развој на социјалните врски за колективно следење, како и за зголемување и артикулирање на тие интереси. Индивидуите можат да најдат други индивидуи со кои ќе ги споделат своите идеи, ќе ги следат и поттикнуваат какошто тие ги задоволуваат своите посебни (или необични) вкусови. Потоа, заедно да експериментираат, да прошируваат и иновираат таинствени, неконвенционални и авангардни интереси. Можеме да го прифатиме она што Вирт и емпириските студии за заедницата ни го откриј за природата на урбаното искуство, но време е да се оди понатаму од овие ограничени погледи за урбаниот живот. Неодамнешните студии напредуваат во насока на "ослободена заедница" - модел на урбани социјални односи (Велман и Лејтон, Wellman and Leighton, 1979) кадешто заедницата е ослободена од ограничувањата на локалниот простор. Во овој поглед, човечките меѓуодноси се повлечени од градовите кон потполна метрополитска област. Луѓето спијат во нивните соседства се идентификуваат со поголема или помала граница како нивно

составно специјално место во градот, но тие го живеат својот секојдневен живот во рамките на просторна дифузија и хетерогена социјална мрежа.

4.3 ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИТИКАТА НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА*

Кога го користиме терминот "класична", урбана социологија, мислиме на социологијата на градот за време на нејзиното настанување во првата половина на 20-от век. Терминот "традиционална" (класична), го користиме како технички термин затоа што урбаната социологија е релативно млада дисциплина и претераното повикување на традицијата, секако би било неадекватно. Од друга страна, тој термин го користиме за попластично да го одбележиме нејзиниот концепциски статус. Теоретските основи, концепциските рамки биле такви што од денешнава ситуација мораме да ги третираме како застарени, наивни и надминати. Во литературата кога се зборува за "традиционалната" урбана социологија може да се сретнат термини кои се слични: класична, натуралистичка (поради концепциското ниво), идеолошка (заради едноставноста на концептуалната рамка и еколошката детерминираност), "западна" (поради земјите и нивната географска локација, како и поради ориентацијата на проучување на капиталистичкото општество), еколошка (заради основачите на еколошката теорија) итн. Нам овде не ни е цел да ги потенцираме сите значајни традиционални урбани социологии, ниту лично да просудуваме за нејзините домети, туку да ја разгледаме смислата и значењето на критиката која најчесто се поставува за таква социологија од страна на истражувачите. На тоа ќе му посветиме повеќе место, зашто лично го сметаме за најважен дел на досегашниот придонес на новата урбана социологија.

Урбаната социологија (традиционална) која се изедначува скоро во целост со Чикашката школа, се третира како дисциплина која се формирала на погрешни претпоставки, која нудела идеолошки интерпретации на реалноста и која развила погрешни теоретски модели на експликација. Класичната урбана социологија на прво место создала мит за "урбаното општество", кој е определен од "урбаната култура". Мануел Кастелс (M. Castells) кој систематски ја разгледува положбата на класичната урбана социологија, урбаната култура ја изедначува со одредени систематски вредности, општествени норми и општествени односи, кои се исполнуваат и се артикулираат во "урбаното"

* Ognjen Čaldarević, Urbana Sociologija, Globus, Zagreb, 1985, p. 193-208.

општество. Таа идеја на урбаното (модерното) општество настанува како последица на функционалистичката - културолошка ориентација во социологијата, во сите дихотомии кои се развивале (заедница - општество; фолк - урбани општества; модерни традиционалистички општества и сл. во нејзините рамки). Урбаната социологија се занимава со проучување на специфичниот сплет на општествени односи и ситуации кои најчесто се изедначуваат со т.н. урбана култура како што ја нарекол Вирт (Wirt) урбанизам како начин на живот, подразбирајќи под урбанизмот специфичен општествен систем кој конституира одредени услови.

Интересно е да се разгледа како Вирт (Wirt) го дефинира градот. Овој автор тргнува од претпоставката дека се потребни три елементи за дефинирање на градот, големина (населби), густина (изграденост и населеност) и социјална хетерогеност на индивидуите кои живеат во таа населба. Кастелс критички ги анализира сите три елементи обидувајќи се да покаже како со тоа постанување на таквата концептуална рамка се создава основа за сфаќање на урбаното како посебна култура, начин на живот и основи за развој на урбаната социологија.

4.3.1 Физичката форма и однесувањето на поединецот

Вирт укажува на фактот дека големината делува на слабеењето на примарните односи меѓу луѓето што води кон нивна замена со таканаречените секундарни односи, со истовремено зајакнување на анонимните елементи на социјалната контрола. Тие односи доведуваат до сегментирање на улогите и појавата на специфичен карактер на "урбаната" личност, густината делува врз внатрешна диференцијација иако поединците се "поблиски" (густина), односно социјалната дистанца е поголема (улоги и компетиција). Зголемената густина води кон нагласување на компетициските односи меѓу поединци индиферентни према сé што не е поврзано со лична загуба. Социјалната хетерогеност пак делува на развивање на високиот степен на мобилност на населението, на зајакнување на улогите на здружување, наместо заедници (Тенис) како и значајна диференцијација на активностите. Сите три елементи значајно делуваат на социјалната дезорганизација на личноста со која, меѓу другото, може да се објасни и порастот на криминалот во големите градови.

Сигурно е дека описот е прифатлив како дескрипција на одредени општествени ситуации но, Кастелс го забележува и следното: градот е даден како специфична културна содржина и

станува објаснувачка варијабла на таа содржина. Урбаната култура се нуди како нејзин начин на живот. Со оваа забелешка авторот допира до една од најзначајните контраверзи во урбаната социологија воопшто - дали постои и каква е причинската поврзаност меѓу физичката форма (градот) и однесувањето на индивидуата. Во традиционалната социологија на градот таа врска е експлицитно прифатена и претставува теоретска рамка за најголемиот број истражувања во урбаната социологија. Меѓутоа, "физичкиот детерминизам", просторен, архитектонски или еколошки детерминизам или "рефлексна теорија" во поново време се отфрлени како релевантен модел на експликации, (Broddy, 1968,Lefebvre1974) и како теоретска рамка сé помалку и помалку ги употребува. Меѓутоа Кастелс го интересира следното: дали постои каузална поврзаност меѓу просторните форми на градот и карактеристиките на социјалната содржина одредена со урбаната култура. Тој смета дека матрицата која ја нуди Вирт отвора можности за постоење на такви врски, но ја конкретизира таа врска во смисла на тоа дека урбаната култура за која зборува Вирт не ја дефинира опозицијата, наспроти некои "рурални култури", туку како историски реалитет, како конкретна форма на општествената организација која е поврзана со капиталистичката индустријализација.

За разлика од вообичаено прифатената идеја за каузалната поврзаност меѓу просторното и социјалното, овој автор не само што таа претпоставка ја доведува под сомневање, туку изведува и спецификација на таа одредба, ја контекстуализира, што е многу важен момент во понатамошниот тек на критиката на т.н. традиционална урбана социологија. Дали тоа значи дека одредените општествено - економски системи (во одредени историски моменти) "произведуваат" специфични просторни форми? И да и не. Одредувањето на типот на општеството кое се најдува пред Советскиот сојуз, на пример, не се манифестира во просторот и поради неразвиеноста на концептот, кој можеби би можел тогаш поспецифично да се оцрта, но и поради општите општествени и економски комплексности кои се со сличен интензитет во сите развиени земји на светот. Значи, према Кастелс, сличноста на урбаните форми во различни општествени системи не може да се поврзат со сличноста на еколошките (просторни рамки), туку, примарно со општествената и економската коплексност. Битно е да се констатира дека "урбаната варијабла" (на пример, урбаната култура) не може да овозможи задоволително објаснување на појавата која се проучува. Оваа критика имала за цел да ги покаже следните две работи:

неспособност на еколошки засновани урбани социологии да ги разјаснат појавите, туку, наместо тоа, само да ги именуваат како и одредената традиција во урбаната социологија да ја поврзе со доминацијата на одредените општествено-економски системи (капитализам).

4.3.2 Производство на општественото со просторот

Урбаната култура со која оперира класичната урбана социологија е мит кој сака да понуди идеологија основана на идејата на прогресот, модерноста, поврзана со либералниот капитализам. Таа идеологија сака да понуди идеја за универзален човек, универзални формули за живот, универзална урбана култура и еколошки форми - градовите кои нејзе и припаѓаат. Универзализацијата на развојот на формите и културите на животот води кон пропишување на рецептот за капиталистичкиот начин на живот. Таквата идеологија, према Кастелс, е ефикасна зошто врши инвертирање на проблематиката и секојдневните човечки проблеми, се сведуваат на опишување на "урбаните проблеми" а нивната интерпретација се сведува на логичен еволутивен развој (пораст на урбанизираност) под кој е исклучен секаков класен антагонизам (Castells,1977).

Основната теоретска претпоставка на која е изградена целата класична урбана социологија, е теорија на каузалната поврзаност меѓу физичкото и социјалното. Кастелс ја специфицира наведената рамка на размислување, разгледувајќи го тој однос на неколку нивоа: дали постои специфично "урбано однесување" (подобно за проучување на урбаната социологија) кое е карактеристично за поедини урбани единици (простори, зони, предели од градот); дали воопшто постојат специфични урбани единици; дали воопшто е можно да се зборува за процесот на производство на општественото со физичко (просторен, еколошки), односно, дали е можно да се зборува за можностите за производство на специфични просторни рамки врз основа на манифестациите на вредности на посебни социјални групи? (Castells, 1977).

Овие димензии на проблематиката на односот меѓу физичкото и социјалното, како и темите за "природата на просторот" и процесите на планирање (урбанизам) се клучни теми на критиката на класичната социологија на градот. За да се понудат одредени одговори на поставените дилеми, за односот на просторното и социјалното, потребно е да се утврди дали постои било

каква можност за диференцијација на просторот во смисла тој да има свој специфичен социо - еколошки карактер, а не само еколошки. Таа тема е во основа на сите интереси на урбаната социологија зошто на идејата за постоење на специфични еколошки единици која се "преклопува" со социјалното, се засновува целиот процес на истражувањето. Деталното проучување на просторните карактеристики само е последица на претпоставката дека одредена социјална специфичност што се манифестира треба да се проучи и поврзе со просторот. На тоа логично се надоврзува и претпоставката дека таков "модел" на експликација на социјалното во просторот може подоцна да се акумулира во процес на настанување на просторно нова ситуација. Современиот урбанизам, односно планирањето се грчи во обидот за креирање на физички форми кои ќе бидат "хумани", а урбаната социологија постојано истражува различни социјални односи и степени на задоволство во различни "физички структури" за да открие некои корелациски врски, за да ги примени по логика на симулација. Проблемот на организацијата на "хумана околина" претставува клучен проблем на урбаната социологија, а се ослонува на општо прифатената претпоставка дека, врската меѓу физичкото и социјалното постои, дека е можно да се утврди, специфицира и како принцип на организација да се симулира на некое друго место, време или простор.

4.3.3 "Културата на сламовите"

Во секој случај, можно е да се зборува за форми што одговараат на систематизацијата на социјално - просторна околина, почнувајќи од најгрубите (град - село), па се до пофините поделби (кварт, улица, соседство и сл.) но, прашање е колку е цврста врската меѓу поединечните форми на просторното и социјалното? Можностите за диференцијација на просторот се неисцрпни према соодветните критериуми како што се критериумите за социјална диференцијација кои се многубројни. Најкарактеристични се разновидните дихотомни поделби (заедница - општество, локален - космополитски карактер, модерно - традиционално однесување и сл.) кои со различен успех се применува во комбинација со просторната диференцијација. Познати се и класичните ставови "за социјално хомогени квартови", "социјално нестабилни соседства", "субурбани елити", "синдроми на централитет," "средно - класни населби", "елитни квартови", "социјално - патолошки зони", култура на тој и тој слам и слично.

Сигурно е дека може да се расправа за постоењето на различни категории на околини кои можат да бидат "стимулативни" или "помалку стимулативни", имајќи ја предвид социјалната структура на населението, но не е можно да се зборува за просторните единици како за конкретни стереотипови кои можат да послужат за создавање на соодветна типологија на "случаи" на социјално - просторни единици кои би имале програмерско - стимулативен карактер. Социјалниот состав (население) на одредена просторна единица, помалку или повеќе, манифестира одредени вредности кои се исполнуваат како реализација на одреден начин на живот, но тоа може да се однесува на конкретната историска ситуација и други специфични ознаки на одредени констелации на односи. Со тоа, анализата на одредени просторни единици, во одредено време, може да доведе до формирање на повеќе или помалку стандардни обрасци за начинот на употребата на просторот, но такви обрасци не се исклучиво "предизвикани" со одредена организација на просторот, како што не може да послужат како "модел" за симулација за било каква идна (слична) просторна ситуација. Според тоа, специфичните урбани единки можат да постојат но, не може да се воспостави хиерархија која би служела за научна експликација и прогностички намени.

Во таа смисла можно е да се расправа за улогата на околината како експланаторна варијабла, за што зборувавме во овој труд. Кастелс, земајќи ги за пример сламовите, вели дека тие се пример за неможноста на објаснувањето кое смета на еколошки детерминизам. За да настанат сламовите, потребно е прво да постои специфична констелација на општествените односи, кои, меѓу другото, "произведуваат" и сламови. Освен тоа, во одредени конкретни услови, треба да постои и одредена социјална група, која евентуално има диференциран систем на вредности од кои еден дел се манифестира и во форма на организација на околината. Со соединување на тие две претпоставки може да дојде до појава на одредени урбани единици - сламови. Колку наивно да звучат "социологизираните" интерпретации на "културата на сламовите", кои не смеат да се "разорат", затоа што претставуваат специфичен образец за организација, култура, вредности. Во тој контекст очигледно е дека урбаните единици мора да бидат сфатени како конкретен социјален производ само во хипотетичка смисла, а никако во експланаторна, како што беше случај во класичната урбана социологија.

Сега полесно е да се одговори и на прашањето за евентуалното "производство" на посебни просторни единици врз основа

на посебни вредности на посебни социјални групи. Крајно упростената концепција би застанала зад ставот дека одредени вредности, на одредени социјални групи, кои се манифестираат во конкретни простори, дефинирани со симболи и кои се читаат од знаците на средината. Поинаку кажано, социолошкото истражување во тие урбани ситуации се сведува на проучување на кореспонденцијата меѓу однесувањето на конкретната социјална група и елементите на нејзината експресија во просторот, односно целата организација на просторот. Кастелс смета дека таквата идеја е наивна зошто имплицира постоење на директни кореспонденции меѓу системот на "производство на вредности" и "системот на производство на простор". Таа концепција смета дека општеството е релативно едноставна експресија на различни култури "како такви " и според тоа, општеството е збир на различно оформени простори. Таа идеја е наивна зошто општеството е... "помалку или повеќе е контрадикторна артикулација на интересите, според тоа, социјалните чинители кои никогаш не се претставуваат самите себе и едноставно самите себе, туку секогаш во однос на нешто друго. Според тоа резиденцијалниот простор не е страница на која се втиснати социјалните вредности" (Castells,1977г.).

Традиционалната урбана социологија се доведува во прашање и од позиција на "марксистичката урбанологија", односно обидот за примена на политичко - економски законитости на проблематиката на урбаниот феномен, како и од позиција на "радикалната географија", односно географија која се обидува да проучува географски односи, како и "производи" на општи општествени односи. Радикалните географи критички се однесувале спрема "постарата" географија која е обележана со дескрипција на физичката околина, но, и спрема т.н. понова географија која се конституира претежно околу новите методологии, од квантитативна природа и која спрема социјалната стварност се однесува неутрално, интерпретирајќи сé со помош на категоријата на дистрибуција на централните места, како на пример, преку оптимализација на локацијата и слично...

4.4 ЗА ПРАШАЊЕТО ЗА СТАТУСОТ НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА*

Урбаната социологија класично била дефинирана како научна дисциплина, како дел од општата социологија, што се занимавала со проучувањето на начинот на животот во градовите, трансформациите на тој начин на живот под различни влијанија, односно од разни аспекти на т.н. урбан живот. Класичното одречување на подрачјата на дејствување на урбаната социологија е најблиску до она што го дал Л. Вирт во својот есеј Urbanism as a way of life (1938). Поимот урбанизам, како што го сфатил Вирт, има далеку пошироко значење од значењето што денес му го придаваме на урбанизмот како на определена техника и систем на планирање на просторот. Според мислењето на овој автор, урбанизмот доведува до нов квалитет што произлегува од социјалната хетерогеност на поединците кои ги населуваат големите градови, од густината (домувањето, масовноста) што исто така допринесува за создавање на споменатиот квалитет, и притоа резултира во определен начин на живот, односно, специфична "урбана култура".

Ако ги анализираме аспектите со кои најчесто се занимава урбаната социологија, ќе видиме дека тие се сведуваат на некои од манифестациите на спомената специфичност на "урбаниот живот". Анализите на урбаниот криминалитет, урбаната беда, урбаните самоубиства, воопшто урбаните проблеми како проблеми на животот во градовите, претставува класично поле на интересирање на урбаната социологија. Се поставува прашањето: што ќе се случи ако пред секој термин што е специфично означен со терминот "урбано" го отстраниме тој термин и го сведеме на проблем подобен за класична социолошка анализа, што овој пат се манифестира во формите на градскиот начин на живот? Дали во тој случај ни треба посебна дисциплина (урбана социологија) со која ќе ги испитуваме наведените проблеми? Што, значи накратко, поимот урбано во научна смисла?

М. Кастелс (M.Castells) е автор кој најсериозно се обидел да го разјасни статусот на урбаната социологија и при тоа самиот се прашува: "Навистина, што е тоа урбан феномен? Што е тоа што е релевантно за градовите, а не е за нивната околина? Дали урбаниот феномен е нешто што не е рурално? Дали е тоа феномен

* Ognjen Čaldarević, /Urbana sociologija, Globus, Zagreb, 1985, p. 208-215.

што не е урбан? Дали е тоа организација на економијата дефинирана со природата на индустријата или со поделен труд со природата? Но, зошто тогаш се вика урбан? (Castells, 1977). Значи, ако за "урбани проблеми" се сметаат проблемите на сообраќајот, девијантното однесување, управата, екологијата, тогаш се губи специфичноста на можното определување на областа на дејствување на урбаната социологија. Наместо наведениот термин можно е да се стави името "модерно општество" зашто сите наведени проблеми, се проблеми на модерното општество и следејќи ја таа насока на размислување, би морале да дојдеме до констатацијата дека би требало да се востанови определена социологија на модерното општество, што во најголема мерка би ги проучувала областите на денешното дејствување на урбаната социологија.

Како знак за распознавање на модерното општество, ако се употреби синтагмата "урбано општество", тоа може да се реализира единствено врз основа на претпоставки дека постои некаква поврзаност меѓу определен вид простор и определен вид на општество, тогаш тоа може да овозможи примена на урбаната социологија.

4.4.1 Идеолошка функција на урбаната социологија

Многу автори укажуваат на идеолошката функција што ја врши урбаната социологија, на прво место поради мистифицирањето на проблемите на општествениот живот, нарекувајќи ги посебни, урбани проблеми, тогаш како последица на наведеното во класичните политички и општествени проблеми се случува да се расправа од една страна како за урбани проблеми, а од друга страна се прикажуваат како технички проблеми, што се создаваат во рамките на специфичната организација на просторот (урбан). "Тоа е превртување на проблематиката, бидејќи се смета дека општествената организација не зависи од општествената ситуација, класните односи, класната борба итн, туку, едноставно од природните, просторните, техничките и биолошките услови. Секоја реална основа на акциите треба да се измени во техички термини, а урбаното планирање на технократите ја заменува политичката дебата меѓу политичките групи" (Castells 1977).

Урбаната социологија се наоѓа во своевидна криза зашто класичните аспекти на нејзиното проучување во извесна смисла се претвориле во општи проблеми на т.н. модерно општество. Анализата на проблемите од подрачјето на урбаната социологија покажува дека тие се сведуваат на проучување на неколку битни

аспекти, меѓу кои значајно место зазема проучувањето на процесот на урбанизација во сите негови аспекти, различни анализи на процесот на дезорганизација и адаптација и на различни аспекти на истражувањето на поблематиката на заедницата, што често била еден од основните предмети на интерес на американската урбана социологија. Тоа довело до изработка на различни видови социјални монографии за "малиот" и "средниот" град, разни студии и сл. Битно прашање кое се поставува, а е слично на прашањето за карактерот на поимот "урбано", е прашањето: Дали градот може да претставува социолошки ентитет "за себе", т.е. дали може да претставува научен објект и дали е допуштено да се оперира со поимот урбано, односно градот како експланаторна варијабила? Според мислењето на Кастелс не е точна претпоставката дека може да се оперира со градот објаснувајќи го поимот за многу "урбани аспекти" и според тоа нема смисла да се зборува за урбаната социологија. За евентуалното дејствување на урбаното, може да се зборува во контекстуална смисла, а градот може да биде анализиран како еден аспект на реалитети со адекватен пристап на прашањата што се истражуваат. Меѓутоа, ако се впуштиме во испитување на градот "како таков" останува мошне нејасно на кој предмет на истражување мислиме. Кастелс понатаму се прашува: "Кој аспект треба да биде проучуван? Општествените класи? Начин на кој луѓето го конституирале центарот? Задоволството од домување? Симболичната атракција на историските објекти? Сообраќајот? Загадувањето? Партиципацијата во соседството? Гласање на локални избори? Резиденцијална мобилност? Индустриска локација? Урбана обнова? Сосема е јасно дека таа листа е теоретски некохерентна. и сите тие предмети се реферираат како "урбана социологија" (Castells 1976).

Заради таквиот нејасен вистински предмет на проучување (сé или ништо) првенственото согледување на проблемот на современиот живот што сé повеќе, станува урбан, предметот на урбаната социологија се претвора во бесконечен и постапно се претвора во општа социологија. Кастелс дозволува можност за постоење на самостојна дисциплина урбана социологија, со дефиниран теоретски предмет на своето проучување единствено ако доаѓа до коинциденција меѓу општествените и просторните единици, односно, кога просторната единица се претвора во специфичен социјален систем. Втора можност, според истиот автор, постои во оние случаи во кои определено просторно (еколошко) подрачје коинцидира со автономни системи на акции (Castells, 1976).

4.4.2 Урбанизмот како идеологија

Поставувајќи ја можноста за постоење на урбана социологија во наведената смисла, Castells всушност и самиот се враќа на критизираната поставка на класичната урбана социологија, на молчелива претпоставка дека конкретниот еколошки систем треба да се истражува како социјален систем зашто се претпоставува дека еколошкото феноменолошко ниво во себе крие комплексни и подлабоки процеси. Второ е прашањето колкаво значење се дава во експлоатацијата на т.н. еколошки елемент што аналитички се издвојува како независна варијабила (простор, град, објект). Наивно е да се претпоставува дека со помош на урбаната социологија е можно да се истражуваат проучуваните феномени "до крај" бидејќи наивно е да се претпостави дека во рамките на т.н. еколошки или просторен елемент, општеството рефлектира исто така "до крај". Општеството не може да биде рефлектирано во просторот. Според тоа посебна анализа на просторот во којшто се согледува општеството не е можна. Можност за постоење на урбана социологија што се фундира со анализата на просторот сфатен како автономен предмет на истражувањето, а со прифаќање на теоријата на рефлексии на општеството во просторот, е исто така ограничено. Можноста за постоење на урбана социологија што го проучува "урбаното" како специфичен теоретски предмет на истражување исто така е ограничен (премин на урбаната социологија во општа социологија).

Потребно е да се испита уште една можност за постоење на урбаната социологија, формирана на теоријата на урбанизмот, за што веќе наведовме нешто во овој труд. Доколку урбаната социологија се формирала на концептот на урбанизмот сфатен во Wirth-ова смисла (урбанизам како "начин на живот") би се претворила во апологија на идеологијата на определен начин на живот, а не би станала критичка дисциплина. Можност за афирмација на урбаната социологија, врз основа на традиционално сфатениот поим за урбанизмот според тоа не е задоволителен.

Меѓутоа, ако урбанизмот се сфати како една од современите технологии и техники на управување со различни активности во просторот, тогаш е можно постоење и афирмација на урбаната социологија што е најголема во подрачјето на критичката анализа на урбанизмот како определена идеологија, и како "продолжена рака на државата, односно како обид за институционализирање на определени вредности на општеството во просторот. Во таа

смисла е интересна анализата на процесот на урбаното планирање како процес на интервенции на политичката над економската сфера на општеството. Развојот на урбаната социологија по стапките на овие перспективи последниве години бил најделотворен. Оваа ориентација на урбаната социологија била забележлива и кај нас последниве десетина години, што е во прилог на можностите за основање на определена социологија на просторното планирање (урбанизам) сфатена како критичка анализа на процесот на планирање и неговите резултати.

4.4.3 Социологија на колективната потрошувачка

Меѓутоа, определените можности на автономното дејствување на урбаната социологија сепак постојат и се содржани во идејата за проучување на процесот на т.н. колективна потрошувачка. Овој термин се однесува на домувањето, образованието, просторите и средствата за трошење на слободното време, односно сите непроизводни области, во кои, во извесна смисла се реализира потрошувачката, а за нивното постоење и одржување во современото општество обично е заинтересирана и задолжена современата држава. Основните карактеристики на процесот на колективна потрошувачка, според Pickvance се следните: 1. Средствата за колективна потрошувачка не се стока во класична смисла, туку претставуваат соодветни сервиси, услуги, и не може да се реализираат доколку се одвојат од своите средства за производство; болница не може да овозможи услуги доколку не постои оспособен персонал којшто ги "произведува" тие услуги; училиштето не може да постои доколку во него не работат луѓе кои ги испорачуваат ("произведуваат") своите услуги - наставници и сл. 2. Тие средства за колективна потрошувачка главно се трошат колективно. 3. Процесот на конзумирањето на средствата за колективна потрошувачка не ја вклучуваат и нивната деструкција (уништување, исчезнување) во процесот на потрошувачка (Pickvance 1976). Средствата за колективна потрошувачка претставуваат еден од важните делови на концептот за развој на поновите тенденции во развојот на урбаната социологија, посебно во Франција. Колективните средства за потрошувачка мора да се стават во поширок контекст на економската теорија, како и во теоријата за интервенција на државата во глобалните процеси на општеството, што е видливо и од следното определување на процесот на колективната потрошувачка: "Под колективни средства за потрошувачка се мисли на целокупност

на материјалните поддршки на активностите што се опфатени со процесот на репродукција на работната сила и не треба да се мешаат со физиолошките репродукции или со процесот на потрошувачка на каков било предмет од страна на поединецот (Lojkine 1976). Употребната вредност на колективните средства за потрошувачка е неодвоива од нивниот процес на производство (настанување) зошто главно се состојат во давање на разновидни услуги (медицинска сестра, лекар, наставник).

Во модерното општество, сé повеќе се зголемува значењето на тие форми на потрошувачка што накратко ги опишавме. Castells смета дека процесите на колективната потрошувачка претставуваат поволно подрачје за истражување на урбаната социологија, како втемелени научни дисциплини. Улогата на урбаната социологија во проучување на процесот на колективната потрошувачка, Castells ја гледа прво во формата на дисциплината која бара механизми за прилагодување на даденото уредување, видот и нивото на процесот на колективната потрошувачка, а во некои ситуации, кога доминираат просторните елементи, таа анализа може да се преориентира во анализа на просторна артикулација на материјалните елементи во конкретниот простор, (Castells 1976). Во подоцнежните трудови Castells, под дејство на критиката на идејата за колективната потрошувачка, како основно поле на интереси на урбаната социологија, во извесна мерка го менува својот став.

Интересно е да се погледа како Castells го објаснува интересот на државата за реализирање на контролата над секторот за колективна потрошувачка. Државата се ангажира затоа што "...сака да има монопол за да би си ги осигурала интересите на капиталистичката класа како целина"... и според тоа колективната потрошувачка е потрошувачка на стока чие производство не е осигурано од капиталот, не заради нејзиниот интризичен квалитет, туку поради специфичниот интерес на капиталот. Така, ист производ (на пример домување) ќе биде третиран и од страна на пазарот и од страна на државата и според тоа ќе биде алтернативен производ на индивидуална или колективна потрошувачка во зависност од критериумот што ќе се менува во зависност од историската ситуација" (Castells 1977). Овој автор ги насочува интересите на урбаната социологија кон едно специфично подрачје на проучување, од економско политички аспект на современото капиталистичко општество. Обидот да се разјасни поимот колективна потрошувачка и релациското значење што му се припишува само делумно се успешни. Екстремната комплицираност на начинот на истражување и расправи е типична за овој

автор, со што некои автори ги усмерил за неговото дејствување во урбаната социологија да зборуваат како за специфична теоретизација па дури и фосилизација (види во Duncan, 1981).

4.4.4 Поимот "урбано" е идеолошки

Castells се обидел да го разниша стаусот на урбаната социологија нагласувајќи го фактот дека основниот поим што го проучува урбаната социологија е идеолошки поим ("урбано"), односно поради тоа не постои можност за теоретско дефинирање на нејзиниот предмет на истражување преку наведениот поим. Науката, т.е. дисциплината која нема свој теоретски предмет на проучување, нема причина за постоење. Castells, понатаму вели дека поимот "урбано" не само што е идеолошки и како таков не може да послужи како теоретски предмет за конституирање на урбаната социологија, туку не постои сам за себе како реален поим. Можноста за формирање на определена наука може да биде дадена единствено ако постои определен реален предмет (објект) што ќе го проучува, а во случајот со урбаната социологија тој предмет се појавите на современото, индустриско, капиталистичко општество со сите негови аспекти. Pickvance, меѓутоа не смета дека со тоа се губи секоја можност за воспоставување на вистински предмет на урбаната социологија, туку дека определена "социологија на заедницата" (како "производ" на модерното капиталистичко општество) секако може да биде подрачје за истражување на урбаната социологија. Таква специфична "социологија на заедницата" станува уште поспецифична со предметот на проучување на урбаната социологија ако се концентрира на проучување, на пример, на функционирањето на социјалниот систем во одредена населба. На општо ниво, секако дека постои можност за проучување на економската основа на определено општество и нејзина просторна структурираност, а посебно што таа структурираност може да биде извор на диференцијација меѓу поодделни населби. (Pickvance, 1976).

4.5 УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА ВО УРБАНИЗИРАНО ОПШТЕСТВО*

Социолозите на деветнаесеттиот век не се сомневале во важноста на урбанизацијата при трансформирањето на Европа. Некои од клучните поими во класичната социологија - класа, општество, аномија, индивидуализација и рационализација, потекнуваат од нивните анализи на искуствата во новите урбани средини. Мислењата се разликуваат; за Маркс и Енгелс, на пример, градот бил една неопходна средина за развој на генерацијата со револуционерна свест; додека за Тенис метрополите биле вистинско општество, во состојба да ја спречи појавата на вистинскиот комунизам; а за сите нив, градот бил извор на економски, политички и културни промени. Сепак, од овие размислувања и интересирања не произлегла никаква "урбана" социологија. За овие луѓе модерниот свет станувал урбан свет, и нивната наука, социологијата, била, според тоа, урбана наука. Но Вебер во своите предавања, подоцна објавени во делото "Град"[52], енергично ја одвоил социологијата од урбаните заедници.

Аргументот на Вебер би изгледал вака: Модерниот град потекнува од средновековната заедница на трговците, слободно здружение на граѓани. Оваа заедница имала релативна автономија и надополнување во своите институционални сфери. Тука во еден момент, на вододелницата меѓу феудализмот и капитализмот, општествените и индивидуалните интереси се совпаднале со тоа што секој индивидуален интерес зависел од моќта и силата на самото здружение. Вебер овој целосен општествен систем го нарекува "заедница - здружение". Но овие заедници на трговци кои имале само ограничена независност и автономија многу бргу станале основа на националната држава и му подлегнале на супер - урбаниот империјализам. Тие станале резиденција на кралеви и императори, постојани војски, национална и интернационална бирократија и биле сами по себе раздвоени со класната поделба.

Со оваа загуба на автономијата дошло до распад во интеграцијата на различните аспекти на општествениот живот кои го карактеризирале еснафскиот град. Живеалиштето, работата, религијата, политиката, законските и воените обврски, сите тие

---

* Rozemary Mellor, Urban Sociology in an Urbanized Society, The British Journal of Sociology, N.3, 1975, p.276-293.

[52] M. Weber, "The City" (1921), Free Press, 1958.

престанале да бидат аспекти на целокупната општествена практика и требало да се разгледуваат како елементи на општествената структура, која се протегала многу пошироко од самата урбана средина. Од моментот кога населението во градовите веќе не ја вршело целокупната дејност, а целокупноста на објектите што го сочинувале градот веќе немала исто, или некое друго значење, за нив градот престанал да биде релевантна единица во социолошките анализи. Во модерниот свет, димензиите на класата и престижот а не локалноста, биле основа за формирање заедници внатре во рамките на националната држава. Со овој критериум за автономија на заедницата, општествената интеграција и индивидуалната реле-вантност епохата на градот се ближела кон својот крај.

Во ваква ситуација во Франција, каде што интернационалната миграција на трудот се совпаднала со наглата промена во руралната економија, социолошките интереси за урбанизацијата остануваат доста силни. Во Британија, обично сметана за целосно урбанизирана општествена структура, покрај високиот процент на население што живее во градовите, неколку области сепак ја избегнале инкорпорацијата во урбаната економија. Тука многу социолози веројатно би го прифатиле Веберовиот став за месноста како критериум. Но, на него се гледало како на примитивна категорија со само повремена важност во светот на брзи комуникации, кој е близу до тотално освојување на просторот, интернационалните текови на капиталот и богатството, до импресивната централизација и контрола. Научниците што ги проучувале заедниците биле, според тоа, принудени на одбранбена позиција, барајќи потврда за своите студии за заедницата и трагајќи по "урбаната" димензија во општествената егзистенција.

4.5.1 Градот огледало на класната структура

Многу урбани социолози сега се уверени во неадекватноста на зборовите "урбанизам" и "урбанизација", а идентичен е и заклучокот за нивната употреба како категории при социолошките анализи. Така што на извесна доза оспорување би наишла и Кастелсовата изјава: "Целата еволуција на димензијата и диференцираноста на една општествена група е производ и израз на една општествена структура и нејзините правила на трансформација"[53].

[53] M. Castells, "La Question Urbaine", Maspero, 1972.

Урбаниот, локалниот, непосредниот контекст на искуство е изведен од структуралните промени во општеството како целина на која мора да се однесуваат сите анализи. Градовите во денешниот западен свет се појавуваат како "огледало на апстрактни, безлични сили на историјата, класната структура и културата"[54].

Во исто време, пак, расте свеста на општествените научници за локалните и регионалните разлики во општеството. Повоениот развој во Британија ги прошири регионалните разлики во богатство, престиж, можности за вработување, амбиент[55], така што еден човечки век поминат во еден од провинциските градови на север има малку сличности со човечки век поминат во "златниот круг" на метрополската Англија[56]. Ние не сме униформно урбанизирано општество со исти природни богатства, тоа општество вклучува многу заедници; некои дифузни, некои компактни, некои многу големи, и други кои се само селца или села, со различни можности за нивните популации и со различно чувство за заедништво и култура. Како потврда за овие разлики во последниве години во општествените науки се појавиле разни нови специјалности, регионални и урбани економии, како на пример[57], студијата на една локална влада за регионализмот во политичкото учење[58]. Единствено социологијата не пројавила доволно интерес за компаративни изучувања на заедниците во рамките на едно општество.

4.5.2 Сламот "политички" предмет на разговор

Во исто време расте интересот на јавноста за правецот во кој се менува градот. "Урбаните кризи" стануваат клише на политичката платформа напоредно со менувањето на обликот и забрзувањето на темпото на инвестирање во ресорсите на заед-

[54] R. Glass, 'Urban Sociology in Great Britain: a Trend Report', "Current Sociology", vol. 4 (1955), p. 5.
[55] B.E. Coates and E.M. Rawstrom, "Regional Variations in Britain", Batsford, 1971.
[56] G. Moorhouse, "The Other England", Penguin, 1964, p. 13-28.
[57] H.W. Richardson, "Urban Economics", Penguin, 1971; and B. Goodall, "The Economics of Urban Areas", Pergamon, 1972.
[58] H.V. Wiseman, "Local Government in England 1958-69", Routledge, 1970; N. Boaden, "Urban Policy Making", Cambridge University Press, 1971; J.C. Banks, "Federal Britain", Harrap, 1971.

ницата. Како што економијата се определува за развој и масовна потрошувачка, така и луѓето во британските градови по војната ги искусиле релативно брзите промени во нивните средини. Емиграцијата, постојаниот натпревар за простор за изградба, образовните олеснувања, отстранувањето на сламот и трулежот во мрачните квартови, обновата на градските центри, планирањето на улиците, цените на земјиштето и куќите, станале "политички" предмети за разговор, и тие биле оние за кои се сметало дека директно се однесуваат на мнозинството од населението. Изгледа дека недостатоците на капитализмот како производен систем се лесно забележливи на овој степен, на степенот на локално здружување во непосредната средина со која сите сме соочени. Иако само некои групи од популацијата се нешто поперманентни или попостојани жители во една заедница, локалните места се во суштина околината на нашето секојдневно живеење, и како такви претставуваат важна основа во нашето искуство и нашата свест за општествената стварност. Тие се, накусо, светот во кој живееме. Од ова толку живо произлегува и чувството за една "урбана проблематика".

Очигледно е дека интересите на граѓанството се врзани за секојдневното искуство на урбаното живеење на начин кој Вебер не можел да го предвиди. Вебер ја занемарил еколошката расправа како што вели Зимел, и ја предвидел можноста дека ресурсите во урбаната средина можат сами по себе да станат основа за класни разлики, и градот, според тоа, да биде определен за своите жители со локално ограничената дистрибуција на урбаните ресурси. Секојдневниот свет на локалното заедништво има сосема друго значење од државјанството. Постоењето на изучувањето на заедницата може да се оправда со сосредоточувањето на "конкретните проблеми на животот" (Reich) и на "мешаницата на секојдневното искуство" (Mills)[59], значи со една посебна "урбана" социологија упатена кон истражување на ситуациите со кои индивидуите се соочуваат во еден урбан контекст. Единствено ако се воспостави врската меѓу "баналниот, примитивен, едноставен секојдневен живот и желбите на најшироките маси на популацијата со сите специфичности на нивната положба во општеството" и "објективниот социолошки процес"[60], тогаш оваа урбана проблематика може да биде преформулирана.

[59] C.W.Mills,"The Sociological Imagination", Oxford University Press, 1959, p.5.
[60] W. Reich, "What is Class Consciousness?", a pamphlet reproduced by Socialist Reproduction, London, 1971.

Урбаните социолози се поради ова во дилема. Преокупацијата на нивните колеги со димензиите на класата, престижот и моќта и нивната општа незаинтересираност за урбаните проблеми, треба да се спротивстави на широко распространетото мислење за проблемот на нашето време како за еден урбан проблем. Една реакција била одклонување од главната насока на социолошките дебати во заинтересираност за урбаната политика и заедничкото планирање, при тоа прифаќајќи дека навистина нашите проблеми се "урбани" проблеми и како такви се прашање за администрацијата и реорганизацијата на градовите сами по себе. Многу поопшто, урбаните социолози би одговориле на аргументите од нивните колеги дека усвојувањето на една урбана перспектива само го прерушува античкиот извор на нееднаквост сместен во императивите на капиталистичкиот систем со укажување на широко распространетата свесност за недостатоците во урбаниот свет. Тие би тврделе дека провизијата и доделувањето на заеднички ресурси толку ги замаглуваат нееднаквостите што произлегуваат од односите во производството што полето на проучување може да биде зацртано врз овие основи. Конфузијата настанува во реалниот свет: индивидуите директно не ги искусуваат објективните контрадикторности во класното општество, туку се среќаваат со ирационалностите на локалната и националната бирократија и со партикуларизмот на локалните политичари и со специјалните околности во локалните провинции на заедничките ресорси.

4.5.3 Систем на урбаниот индустријализам

Конечно, тука е и погледот дека постоењето на градовите е една идеолошка изјава, "последна заштитничка илузија во кризите на нашето време, не е капитализмот тој кој нé повредува, туку уште поизолираниот, поевидентниот систем на урбаниот индустриализам"[61], и како таква е вредна да се истражува во критичката социологија. Само сега се поставува прашање дали постои свесност за вечноста на ставовите на либералните средни класи на викторијанска Англија за нивните градови и професиите што се грижат за човековата околина[62]. Како и да гласи одговорот, социолозите биле хендикепирани со неадекватноста на нив-

[61] R. Williams, "The Country and theCity", Chatto and Windus, 1973.

[62] G.S. Jones, "Outcast London", Oxford University Press, 1972; and V. Kiernan, 'Victorian London', "New Left Review", no.76 (1972), p. 73-90.

ните теории во однос на урбанизацијата, сметана за трансформација на состојбите за живеење во општеството до состојби на општествената структура. Уште повеќе, до скоро, мали напори биле правени за да се поврзе урбанизмот со политичката економија: да се поврзе урбаната област со дефинирани односи меѓу општествата, и внатре во едно општество, меѓу заедниците од кои тоа се состои. Предолго време урбаната социологија била залажувана со универзалниот урбанизам за да биде дефинирана со чисто социолошки термини.

Тоа што разочарува е што нејзините теоретски изјави се појавуваат произволно и едностранo, и со само ограничена релевантност за разбирање на појавите зад урбаните промени. Некои, навистина толку му противречеле на општото искуство на градскиот живот што доведувале до тотална мистификација[63]. Во време кога другите традиции во истражувањето - историјата, политичките науки, економијата - сé повеќе се свртувале кон урбаните науки, и кога урбаните истражувања доведувале до пораст на инвестициите од страна на државата, урбаната социологија не била респектирана ниту во социологијата, ниту пак имала некаков авторитет во овие истражувања.

Урбаната социологија ги има своите корени во пренесувањето на европската социологија во контекстот на американските колеџи и универзитети во почетокот на веков. Таа е резултат на вкрстувања меѓу идеите и сфаќањата на општествениот дарвинизам, прагматизмот и социологијата на Тенис, Зимел, Вебер, Диркем во Чикаго под водство на Смол, Томас и Парк кое требало да доведе до настанување на една карактеристична урбана социологија. Тука нé интересираат три одлики на нивниот приод (кон проблемите на урбаното).

Прво. Нивното усвојување на градот и урбанизмот како референцијални рамки. Урбанизацијата ја сметале за самостоен автономен процес и за извор на општествени промени, а урбанизмот за израз на модерната култура. Промената во општеството била иницирана од градовите и нивното ширење на културата што се создавала со здружувањето на индивидуите во специфични услови на егзистенција.

Второ. Прифаќање на дуализмот меѓу селото и градот, руралното и урбаното. Покрај тоа што на градот му се признавале управните активности врз неговата заднина, градот и селото биле сметани за радикално различни култури, два вида живот. Урбано-руралната типологија, подоцна заменета со рурално-урбан кон-

[63] L. Wirth, "Urbanism as a Way of Life", Am. J. Sociol. (1938), p. 1-24.

тинуум, била теорија за развој паралелна со онаа изведена од Парсоновите варијабли на обрасци и многу спротивна на која било марксистички заснована теорија за развој.

Трето. Претставување на градот како "надворешно организирана" единица во просторот создадена според сопствени закони", како органска целина доволно организирана да ја одредува својата сопствена иднина (Park, 1915). Всушност, промените во урбаната средина, како контекст кој го управува индивидуалното искуство што се однесува до одредувањето на темпото и правецот на промените во општеството, се објаснуваат со самиот процес на урбанизација.

Ова предизвикало анализи кои марксистичките социолози не се двоумеле да ги означат како идеолошки[64]. Урбанистичките тези кои произлегле директно од работните претпоставки на класичната социологија, емпиризмот и изучувањето на "општественото", значеле "концентрирање врз изучувањето на доста дефинирани единици на искуството" (Small), и "урбаното" како очигледен контекст на здружени индивидуи, останало поле за истражување на "фактичноста на конкретниот живот" (Simmel)[65]. Градовите, според тоа, можеле да се проучуваат сами за себе, а урбанизацијата како процес независен од капитализмот како производен систем.

Не само што социологијата како академска наука била тесно дефинирана за да се избегнат проблемите на сиромаштијата и моќ, туку поимот "општествено" бил заменет со поимите "заедничко" и "индивидуално". Веберовиот поим на општествена дејност "ориентирана кон минатите, сегашните и очекуваните дејности на другите"; Тенисовите "односи на афирмација" и Зимеловиот концепт "социјација" поврзани со размислувањата на американските прагматисти за консензусот и комуникацијата, значеле дека социологијата станала за односите "кои, истовремено ги вклучуваат меѓусебното препознавање и свеста за нешто што е, истовремено поделено и заедничко". Оттука, областа на урбаната социологија била ограничена на проучување на "заедницата", а таа "заедница" станала свет на жени и деца. Претпоставувајќи дека заедниците претставуваат традиционални комплекси на односи на природна волја се заборавало на тоа

[64] M. Castells, op. cit., p. 103.
[65] K. Wolff, "The Sociology of Georg Simmel", Free Press, 1930, p. 16.

дека урбанизацијата мора да претставува повеќе особен облик на формирање на заедницата, отколку на нејзиното распаѓање[66].

Исклучувањето на проблемите на моќ и сиромаштија од истражувањата имало девалвирачки последици за изучувањето на градовите кои настануваат како резултат на моќта и централизацијата на природните богатства и сами по себе создаваат нова сиромаштија.

4.5.4 Британска урбана социологија

Во времето кога Глас (Glass) ги објавила своите критики за ограниченоста на британската урбана социологија (1962) и се залагала за конвергенција меѓу учењето за урбаната дифузија и социологијата на развојот, постоело целосно прифаќање на еколошката традиција како основа за урбаните проучувања. Самата критика на Глас почивала врз претпоставката дека урбаното како средина е спротивно на руралното, претпоставка што во едно долго развивано општество постои како веќе тривијална дистинкција. Таа утврдила дека "регионалните разлики се јасно забележливи на прв поглед, но класните разлики се најбитни". Урбаната социологија во едно урбано општество станала неважно занимање, и на нејзино место вниманието требало да се сврти кон "градовите како носители на општествените промени"[67].

Како и да е, следела преориентација на британската урбана социологија кон проучување на урбаната заедница како политички определена арена на конфликти меѓу конкурентските интереси што се борат за одредена распределба на ограничениот обем на ресурси. Во овие ресурси се вклучуваат и урбаниот простор и околина и целокупниот обем на заеднички услуги. Изразот на Рекс:"... постои класна борба за користење на куќите, и... оваа класна борба е клучен процес во градот како општествена единица"[68], кој произлегува од изучувањето на расните односи во самрачните зони на Бирмингем, станал преориентирачки принцип за урбаните изучувања во земјата на благосостојба.

---

[66] D. Martindale, 'The Formation and Destruction of Communities;, in G. Zollschan and W. Hirsch, "Explorations in Social Change", Routledge, 1964.

[67] R. Glass. Овие цитати се земени од стр. 487 и 497 од 'Urban Sociology', вклучено во "Society", во издание на A.T. Welford, 1962.

[68] J. Rex, and R. Moore, "Race, Community, Conflict", Oxford University Press, 1967, p. 273.

4.5.5 Класната борба - конфликт за станбен простор

Почетна точка за Рексовото одредување на станбените класи биле набљудувањата на разликите во пристапот кон ресурсите на станбената изградба и кон можностите за образование меѓу работниците - емигранти и нивните локални колеги. Истиот статус како работна сила не отвара исти можности за двете групи во урбаниот контекст, и тоа поради станбената политика, која, директно или индиректно, им дава предност на постојните локални домаќинства. Изгледа дека тука е основата за разликувањето меѓу класната борба произлезена од работните односи и класната борба која прераснала во конфликт за станбен простор внатре во самиот град. Посебно на локалната работничка класа ѝ се овозможувал пристап кон населбите со стандард кој е неспоредлив со нивната контрола врз средствата за производство, додека емигрантските работници биле исклучени од новите населби и ограничени на "самрачните" реони. Оттука се открива дека пристапот до заедничките ресурси, кои Кастелс ги нарекол "колективна потрошувачка" не произлегува исклучиво од односите во производството.

Темите на кои Рекс укажал во урбаната социологија, како на пример за распределбата и употребата на ретките ресурси во урбаната средина и ограничувањата што владеат во урбаниот систем, биле проширени од страна на Пал (Pahl). Урбаната социологија станува социологија за ограничувањата: "Основа на урбаната социологија станува обликот на ограничувањата кои дејствуваат различно во дадени средини"[69].

Означените нееднаквости во правото за вложување во заедничките ресурси значеле нерамноправност во нивната распределба. Ова, земено заедно со данокот на промет, значело различен пристап на различни групи во едно општество кон предностите што ги нуди тоа општество. Ниското ниво на контрола на просторот, всушност ниските приходи што оневозможуваат пристап кон широк круг заеднички услуги, наметнува уште едно оптоварување за сиромашните во општеството. Урбаната социологија треба да се сосредоточи врз политиката за поделба на заедничките ресурси во просторот. Всушност, вниманието треба да се насочи кон управувачите на системот, локалните технократи и чуварите на општеството кои се посредници во процесот

[69] R. Pahl, "Whose City?", Longman, 1970, p. 218.

на распределба на "општествено - просторниот или општествено-еколошкиот систем"[70].

Јасно, социолошката традиција поврзана со Вебер чии предмети на интерес се неадекватноста, класата, силата и конфликтот, ја заменила алтернативната традиција врз која се засновуваат екологијата и учењата за заедницата. Тесното насочување кон соседството и домашното живеење, осудено од страна на Глас во раните урбани студии, е отфрлено во корист на политичките анализи на урбаната заедница како општествен систем определен преку конфликтот во однос на ресурсите кои се важни за таа локација - нејзината земја и сопственост. Иако параметрите за класните конфликти се одредени на национално ниво, градот останува арена за борба, сé додека овие ресурси се локално распределување. Локалната општествена единица, или заедницата, според тоа е дефинирана со конфликт, а не со консензус, со политичка борба во која локалните ресурси се предмет на преговарање и заплашување и на привремени примирја. Градот не е веќе автономно здружение - заедница како што го дефинирал Вебер, туку, како во примерот на Бирмингем, очигледно е постоењето локална општествена единица која има значење за нејзините жители, токму поради тоа што е извор на материјални ресурси.

Значи, британските социолози би барале средина меѓу Веберовото одбивање на урбаната заедница како единица на социолошкиот интерес и отфрлањето на општеството од страна на еколозите како нерелевантно во урбаните анализи. Тие го признаваат влијанието на националната политика врз локалните пазари, а од друга страна, одбиваат да ги занемарат специфичните услови на распределба на ресурсите во заедницата. Во одредена мерка се одржува рамнотежа меѓу локалното и националното, и меѓу претпоставката дека класата е основна категорија и претпоставката дека тоа е заедницата или местото.

Меѓутоа, во реагирањата на Чикашката школа против бесцелноста и можната тривијалност на изучувањето на заедницата, како да е усвоен еден непотребно ограничувачки пристап. Оваа социологија со нејзиното истакнување на материјалните услови и со укажувањето на нееднаквоста на шансите за живот,

[70] Од неодамнешните изјави на Пал, 'The Sociology of Urban and Regional Development as a Problem in Political Economy', подготвено за Осмиот Светски Конгрес на Социологија, Торонто, 1974, и 'Urban Managerialism Reconsidered', необјавен текст циркулиран во август 1974.

ги губи од вид "меѓусебните влијанија на човековите искуства"[71], т.е. светот на луѓето по улиците. Главниот акцент е врз распределбата на ресурсите и можностите, на полето меѓу еколошкиот и политичкиот систем, свртен повеќе кон оние што ги контролирале и делеле ресурсите, отколку кон оние што ја чувствувале таа контрола. Зар не треба поблиску да ги разгледаме патиштата по кои луѓето, а не планерите, ќе ја прилагодат, ќе одговараат за неа и ќе ја искористат својата заедница. Повеќе се истакнува системот и неговото управување, отколку луѓето во него. Ние треба да ги вратиме луѓето да се соочат со "специфичниот начин на кој тие влегуваат во овие дефинирани општествени и политички односи". Иако состојбите во кои индивидуите мораат да дејствуваат за нив се претвораат во состојби на ограничување, тие мораат да ги разберат и да ги објаснат тие ситуации во кои дејствуваат со свој сопствен јазик.

Британските социолози сé уште не можат да побегнат од парохијализмот и од употребата на анализи на системи во индикатив; постои заклучок дека урбаниот систем може да даде параметри за објаснување онака како што дал за Чикашката школа. Коментарот на Халси е дека "не постои град кој е или автономен или внатрешно хомоген. Тоа не може да биде единица на анализирање за сите животни услови"[72]; покажува дека постои загриженост меѓу социолозите. Уште повеќе, таа загриженост постои сé уште поради домашните проблеми: немаштијата во градовите во внатрешноста, животот во самрачните квартови, развојот на заедниците во градовите од внатрешноста, нестручноста на локалните извршни власти во отстранувањето на нееднаквостите. Но сиве овие проблеми мораат да отворат натамошни прашања во врска со британската национална политика за инвестиции и развој, и зависноста на Британија од меѓународните ресурси. Ова особено е забележливо во случајот на станувањето. Личниот свет кој се состои од домот и семејството е оставен на милост и немилост на интернационалната игра на среќа од таа причина што политиката на станбената изградба зависи и од статусот на Британија на светскиот пазар. Најважните прашања на "урбано-инфраструктуралните инвестиции во оваа смисла и не се "урбани".

Тоа што недостига е работна теорија базирана врз историски анализи на британското искуство во урбанизацијата,

---

[71] W. James, "Pragmatism", Longman, 1907.

[72] C. Halsey comments on D. Donnison, "Whose is the Good City?", in "New Society", December 1973, p.720.

што неминовно би ги поврзало различните урбани единици, т.е. заедниците со нивните извори на капитал и снабдување. Урбанизацијата значи зависност од други работници, од други центри, од внатрешноста на земјата и од светското општество. Таа исто така значи и доминација кога ресурсите, капиталот и трудот гравитираат кон центарот, прво од провинцијата кон градот, потоа од прекуморските територии на Британија кон Британија итн. Овие односи меѓу урбаната заедница, државата и светското општество останале неиспитани, а сé уште тие се оние што треба да бидат потпора за секое полокализирано општество. Ова истражување мора да продолжи дури и пред да се разгледаат внатрешните причини што прават разлики во поделбата на ресурсите. А овие разлики меѓу местата не се случајни, ниту пак можат да се утврдат нивните причини со емпириско истражување на нивната сегашна состојба: со време тие цврсто се вкорениле во специфичните односи кои секоја локална средина ги имала, и мора да ги има, до националната распределба на капиталот, трудот, контролата и ресурсите.

4.5.6 Теорија за доминација на метрополите

Постои едно широко распространето гледиште во социологијата дека локалните изучувања не се легитимен метод во социолошките анализи, воопштено, тука се прифаќа Веберовото мислење. Губењето на самостојноста и целосноста на општественото искуство, со масовната урбанизација и растежот на државата, значи дека таа формира порелевантен предмет на анализа што треба да се искористи "како извор на сознанија за вкупните состојби во општеството... како управувачки точки за другите истражувања и како... коментари за општеството воопшто[73]. Истражувањето на семејниот живот во една населба според тоа има поширока применливост. А изучувањето на заедницата ѝ нуди откритија што можат да се воопштат на "работничките семејства" без оглед на нивните локални состојби. Локалните разлики во ресурси, околина, можности и култура во рамки на општеството се занемаруваат. Но сепак во секој преглед на британското искуство за урбанизација, многу убаво се гледа дека секое место има специфична историја и во текот на својот развој се наоѓало во посебни односи спрема "општеството". Неед-

[73] A. Vidach, J. Bensman and M. Stein, "Reflections on Community Studies", John Wiley, 1964, p. xi.

наквото размислување на трудот и капиталот предизвикува и широка разновидност на условите за егзистенција, во практиката и во културата. Некои од овие разлики во културата се толку мали како на пример, меѓу Манчестер и Лидс; а други се многу остри, како меѓу Глазгов и Сарај. Специфичните и регионални култури во Британија задржале релативна самостојност и покрај големината на земјата и централизираната власт.

4.5.7 Поларизација меѓу провинцијата и метрополата

Без многу критика се прифаќа фактот дека живееме во масовни општества во кои разликите во културите одвај преживуваат и наскоро ќе бидат збришани, а не дека живееме во општества кои би било подобро да се анализираат преку метрополската доминација и провинциска зависност, во кои разликите што потекнувале од релативната позиција на една заедница наспроти другите заедници, постојано се одржуваат. Дури и во општество толку компактно и силно централизирано како британското, постојаното обновување на локално заснованите култури не можат да се пренебрегнат. "Мерси Бит" од Ливерпул, бандите од населбите во Глазгов, национализмот во Велс и Шкотска, насилништвото на Геордиевците - сé се тоа култури кои се развиваат во периферните региони и провинциски заедници надвор од златниот круг на метрополската Англија и се толку изопачени како што се културите во самите срца на метрополите.

Ако културата се смета за "систем на поими" што го претставуваат и истовремено го обликуваат нашето искуство[74], таа тогаш треба да се разгледува во контекстот на различните можности за општествена практика кои произлегуваат од променливиот однос меѓу периферната заедница и метрополскиот центар - меѓу локализмот т.е. провинцијализмот и "националната" хегемонија.

Поимот - метрополска доминација - не е нов, за првпат го применил Андре Гундер Франк[75]. Стеин го употребувал овој поим

---

[74] N. Harris, "Beliefs in Society", Penguin, 1968, p. 35.

[75] Текстот на Франк вклучува:"Capitalism and Underdevelopment in Latin America: Historical Studies of Chile and Brazil", 1967; "Latin America: Underdevelopment of Revolution", 1969; "Lumpenbourgeoisie: Lumpendevelopment - Dependence, Class and Politics in Latin America", 1972, all Monthly Review Press; and James D. Cockcroft, Andre Gunder Frank and Dale

за да го означи судирот на урбанизацијата, индустријализацијата и бирократизацијата на заедницата во Америка, но тој го користи во контекст на масовното општество[76]. Но за Франк, кој беше под силно влијаание на искуството во повоена Латинска Америка, доминацијата на центарот станува процес со кој периферните заедници се реструктуираат; истовремено, центарот, метрополата сама по себе се менува. Франк вака ги сумира своите сопствени тези:

Противречностите меѓу експропријацијата и апропријацијата, поларизацијата меѓу провинциите и метрополата, целосно навлегуваат во неразвиениот свет, создавајќи една внатрешна структура на неразвиеност[77].

Не станува збор за распаѓање на светот во аморфни, безлични полусенки во споредба со метрополскиот центар, туку поларизирање кое е отсликано во синџирот на светската, националната, провинциската и локалната експропријација: на секое ниво постои заедница која ги реплицира контрадикциите на капитализмот. Глобалните односи на империјализмот постојано се обновуваат преку сé поголемата блискост меѓу светските метрополи и оддалечените провинции. Во исто време, метрополите и провинциите се во однос на напнатост и антагонизам како што метрополскиот центар се оддалечува од провинциската заедница. Франк ги поставува истите политички проблеми кои Тенис така искривено ги разгледуваше, но, додека Тенис можеше само да го предвиди распаѓањето на постарите општествени групации, вклучувајќи ги и локалните заедници, и нивното заменување со институцијата на модерната држава чиј центар е метрополата[78], Франковиот модел ја опфаќа реорганизацијата, а не распаѓањето на заедницата, и го враќа импулсот на промената од центарот - метрополата до периферијата - рурално - сателитската провинција.

Сепак, само лежерноста со која Франк ги користи своите главни поими "претерана експропријација - (апропријација)" и "метрополска - (сателитска) поларизација" му дозволува да зборува и за просторните односи и за односите меѓу општествените класи со истата терминологија. Оваа слабост беше рано увидена од страна на Мексиканските критичари и може со право да се

L. Johnson, "Dependence and Underdevelopment: Latin America's Political Economy", Doubleday Anchor Books, 1972.

[76] M. Stein, "The Eclipse of Community", Princeton University Press, 1960.

[77] Op. cit., 1969, p. xxi

[78] Tönnies, "Community and Society" (1887), Harper Torchbooks, 1963, p. 228

тврди дека "користењето на истиот речник и за општествените и за просторните односи означува недостиг на конкретност, или со други зборови она суштинското останува допрва да се објасни[79]. Исто така млитавоста на аналогијата меѓу колонизацијата и неразвиеноста,што ја користат, например, Кларк и Кармајкл (Clark and Carmichael) за црното гето,била потоа критикувана од писатели како Опенхајмер и Таб (Oppenheimer and Tabb)[80]. Спротивно на типичната колонија, гетото не постоеше пред капиталистичката урбанизација и нема можност за територијална контрола. Објаснувањето, значи, е повеќе едноставно; именувањето на гетото како колонија ги спречува прогресивните анализи на околностите во кои црнците се врзани за ограничени области во градот.

4.5.8 Доминација на центарот

До колку терминте - доминација/зависност и метрополска/провинциска поларизација треба да се извлечат од искуствата на неразвиениот свет постои уште едно тврдење кое може да биде вредно за изучување на заедницата, преземени од социолозите во Америка и во Европа. Централизацијата на контролата врз ресурсите во практиката на доминација која потекнува од центарот, ја спречува свеста за поширокатa општествена стварност, во која капиталот и контролата станаа невидливи раце, неочекувани во секојдневниот живот. Метрополската доминација во Британија барем успеа да го потсече локално заснованиот провинциски класен систем, и антагонизмот на класите го замени со ситен провинцијализам. Врвот на локалната позициона хиерархија се смета за главен но и досеглив, што се гледа од тоа што многу луѓе со виоски позиции во локалната позициона хиерархија се познати како луѓе со скромно потекло. Така се изгради една слика за бескрајни можности. Ретко се случуваше експропријацијата да биде жива, како во деветнаесеттиот век или во средината на дваесеттиот век, и чувството на заеднички идентитет да ги

[79] D. Booth, 'Andre Gunder Frank: an Introduction and Appreciation', in I. Oxaal, et al., "Beyond the Society of Development: Economy and Society in Africa and Latin America", Routledge, 1974.

[80] K. B. Clark, in "Dark Ghetto", Harper Torchbooks, 1967, p. ii; and S. Carmichael, in "Black Power", included in D. Laing (ed.), "Dialectics of Liberation", Penguin, 1968.

надвладее стремежите за статус[81]. Всушност, и глобалните антагонизми и статусот - станаа пореални од класата.

Во метрополите, тврдењето мора да се смени. Како што пишува Вилијамс:

"Во деветнаесеттиот век метрополската практика беше доминантна. Но сепак, ниеден град, ни метропола, не е предмет сам по себе. Тоа што е концентрирано во градот, е сепак општеството, цело општество кое фактички се протега и надвор од градот дури и кога е раководено од страна на градот"[82].

Ако ништо друго, ова покажува дека во проучувањето на космополитската егзистенција на метрополата, непосредната реалност со која таа е соочена е недоволна како објаснување. Ако парафразираме - појавите на нештата не ги означуваат нивните реални постоења. Сиромашните луѓе во светските градови ништо подобро не ги разбираат околностите за нивна експропријација од нивните провинциски сограѓани. На пример, анализите на Стедман Џонс (Stedman Jones) за повремената сиромаштија покажуваат како социјализмот не успеал да се вкорени во Лондон во деветнаесеттиот век. Лондон не водеше општествена револуција, но ја изгуби иницијативата над провинцијата т.е., над местата на периферијата, како Глазгов, Јужен Велс и Северен Исток. Тој заклучува: "Законот на нееднаквиот развој брутално се свртел против неговите креатори"[83].

Противречноста меѓу капиталот и трудот не е никогаш едноставна, туку секогаш специфична поради историските конкретни форми и околности во кои таа се одвива"[84, 85]?

Значи, компаративните проучувања на заедниците во едно општество се витални за разбирање на класните формации и не можат да се отфрлат како второстепени во однос на учењата за односите на експлоатацијата меѓу класите.

---

[81] J. Foster, 'Nineteenth Century Towns - a Class Dimension', included in H.J. Dyos, "The Study of Urban History", Arnold, 1968; and N. Dennis, F. Henriques and C. Slaughter, "Coal is our Life", Eyre and Spottiswoode, 1956.

[82] R. Williams, 'Literature and the City', "The Listener", vol. 78, no. 2017 (1967).

[83] Op. Cit., p. 349.

[84] L. Althusser, "For Marx", Penguin, 1969, p. 113.

[85] W. Christaller, "Central Places in Southern Germany" (1933), republished Englewood Cliffs, 1966; and A. Losch, "The economics of Location", New Haven, 1954

4.5.9 Просторна компонента за нееднаквост

Уште од пионерската работа на Кристалер (Christaller), подетално изработена од страна на Лех (Lösch), поимот "хиерархија" беше составен дел на учењата за населбите во географијата и планирањето. Редот и во поделбата и во рангирањето на населбите, во рамките на еден регион, е земен за природен, својствен, рационален, затоа што контролата во едно општество, во тие активности мора да биде централизирана; прифатливо одредувајќи го степенот на контролата, или "услугата" што ја добива одредена населба. Според тоа, за еден географ сосема е природна нееднаквоста во распределбата на природните богатства меѓу заедниците и нивниот нееднаков развој. Марксизмот, како и да е, сé уште, не беше загрижен за димензиите на нееднаквоста во општествата. Нов квалитет во тврдењето на Андре Гундер Франк е признавањето на просторната компонента за нееднаквоста, и обидот за прифаќање на технички точните согледувања на просторните нееднаквости во самите општества во Марксистичката теорија за нееднаков развој.

Од оваа ориентација може да се обнови дебатата како продолжување на компаративните науки за населбите со следниве сугестии:

Прво: Во принцип не треба да се подвлекуваат разликите меѓу метрополите, градовите и селата: сите се тие локални собиралишта, кои им овозможуваат на своите членови извесни услови за егзистенција и основи за практика, чија историја се гради со независноста на едни од други. Урбаната социологија тогаш станува специјализирана во поширокиот контекст на учењата за населбите.

Второ: Треба да се усвои компаративна, специфична и конкретна методологија во која позицијата на одредена заедница во целокупниот продуктивен процес ќе се земе за почетна точка. Локалните заедници треба да се проучуваат како дефинирани делови на општествената структура, како контекст кој е специфичен по своите животни состојби, класни системи, форми на политички здружувања и култури, но секогаш во услови на релативна положба во "полето" или матрицата на другите заедници.

Трето: Оваа матрица на населбите не е случајна, а не се случајни ни варијациите меѓу местата ако се остават на страна научните анализи. Географските фактори - дистрибуцијата на

суровините за економска активност, т.е., вода, јаглен, бензин; олеснувањето на комуникациите поради близината; како, на пример, меѓу устието на реката Темза и Европа, не можат да се земат предвид. Но предвид не може да се земе ни контролата и централизацијата на природните богатства од страна на одредени урбани центри низ историјата. Затоа се сугерира дека обединувачка тема за учењето за заедницата би можела да биде темата за нееднаков развој, или поспецифично, за метрополската доминација.

Четврто: Како база за топологијата, се сугерира да се испитаат димензиите на "доминацијата" и "зависноста", "метрополата" и "провинцијата". Иако градовите го исполнуваат нашето општество, и иако во развиениот свет урбанизацијата постанува начин на живот, еден град не е општество; и некои локални заедници се потполно зависни, а други доминираат.

Како што локалните науки продолжиле да се развиваат, потребата од типологија станала многу евидентна. Да земеме два примерка: моделот на станбената класа во населбите, кој го пропагирале Рекс и Мур (Rex and Moore) во Бирмингем, и критиките на Денис (Dennis) за планирањето и станбената политика во Сундерланд[86]. Бирмингемскиот модел не е во прашање со својот концепт, но не може да се примени во други места каде емигрантите биле соочени со сосема други станбени ситуации, како во Лондон или во Братфорд, и покасно имале остро спротивставени можности за подвижно вработување. Тоа што се случило во Сундерланд било во извесна смисла специфично за депресивните индустриски градови во периферните реони. Националната станбена политика била спроведена од страна на професионални групи чии критериуми за проценка потекнувале од метрополските стандарди на живеење и биле употребени за популација во регион чие доходовно ниво било само осумдесет проценти од она на Југоистокот. Неуспехот на Денис да го смести Сундерланд во националниот контекст, ги осиромашила неговите сопствени анализи[87] и со тоа занимањата кои пресудуваат за иднината на внатрешните области почнале да изгледаат неодговорно, самоволно и лично казниво, а не како продолжување на хегемонијата на управувачкиот центар. Исто така обидите на локалните политичари да ги задоволат регионалните долготрајни

[86] N. Dennis, "People and Planning", Faber, 1969; and "Public Participation and Planners' Blight", Faber, 1972

[87] M. Harloe, in 'Inner Urban Areas - a Review Article', published as "Centre of Environmental Studies CES-WN-356".

нееднаквости на можностите и условите за живот соочени со трајното благо занемарување од страна на националната елита, не вродиле со плод.

Не е тешко да се направи прелиминарна идентификација на метрополските центри во развиениот свет. Сите тие се одликуваат со висок степен на економски развој од кој произлегуваат: недостиг од работна сила, внатрешни миграции, станбен притисок, повремени зони со привремени населби и висок степен на комерцијален развој подржан од масивните државни вложувања во обртот. Во секој поглед тие се различни од провинциските заедници на, на пример, Северна Англија, југозападна Франција, или јужните држави во Соединетите Американски Држави, чии ниски степени на економски развој даваат вишок на работна сила, кој е евидентен со степенот на невработеност и со надворешната миграција на младите од тие градови. Населеноста може да опадне, изградбата на станови да престане - тоа се проблеми на занемарената средина со неискористен човечки потенцијал од страна на локалното општество.

4.5.10 Генерални контури на урбанизмот

Ова се симптомите и еден вид мерило што треба да се најде за зависноста како спротивна на независноста. Овој клучен аналитички проблем останува нерешен дури и за националните економии на Латинска Америка и за Карибите, и речиси е невозможно да се направи дефинитивна категоризација на суштините (градовите, регионален град) кои ниту го контролираат сопствениот доход, ниту решаваат за приоритетот при трошоците. Очигледни се прашањата што треба да се постават за мерењето на силата на локалните врки во економијата на областа: дали, на пример, новите индустрии се финансираат локално; дали постои локална размена на стока, како во врховната управа на Манчестер во трговијата со памук; дали постоечката индустрија одговара на политичките директиви на главната управа било каде; во кои области локалната економија се саморазвивала...? Слично, можно е да се направат проценки на чистиот одлив на вишокот од одделни региони или области во еден регион. Но можно е дека во метрополското општество најназадните и очигледно неразвиените региони можат да покажат најголема економска автархија и чист прилив на капитал во форма на парична помош и доброволни прилози. Всушност ова станува речиси академско прашање во економијата каде земјата сама по

себе не е ништо друго туку бројка во трансакциите на големите финансиски институции и мултинационалните и националните корпорации се движат по желба преку територијалните граници.

Глас, во нејзиниот критички осврт од 1955 година, зборува за; Прво, "систематски нацрт за неодамнешната и сегашната урбана Британија, за варијациите во урбаните услови - во средината, институциите и општеството"; Второ, за "важноста на генералните контури на урбанизмот". Што се однесува до првиот дел од оваа реченица, имало акумулација на сурови податоци во науките за планирањето и во историските монографии, но без никаков обид за нивно групирање во компаративните науки, на што инсистирала Глас. За неа, писателите дале голем придонес надвор од академската социологија[88]. И културата на градовите и преовладувачките ставови за модерниот град, биле игнорирани во потрагата за подобри модели на урбан развој. И уште за расправата како помеѓу "зависност" и "независност" треба да се дискутира во врска со зголеменото навлегување во локалните и регионалните култури во Британија на култури од доминантните средни класи на националната метропола, т.е. она што Вирт го означил како "урбанизам".

Искуството и познавањето на периферните региони на Британија покажуваат дека постои само ограничено препуштање на метрополскиот начин на живот, и неговиот критериум за приватна потрошувачка, јавно инвестирање, и комерцијална развојна политика. Многу очигледно, формите кои се зачнале во метрополите се адаптирани на локалните конвенции, а некои воопшто и не се адаптирани. Во одредена мерка истото се однесува и на локалната влада и на локалните претпријатија, чии политики на инвестирање можат да ги водат локални и лични интереси. "Провинцијализмот" почнал да го означува овој локализам и оддалечување од метрополскиот живот. Локалните заедници почнале да имаат свои сопствени скали на разлики и почитување изградени врз широкиот круг на локални здруженија и подржани од локалниот медиј, и постои широко распространето, но премолчувачко одбивање на метрополскиот живот. Активните одбивања на метрополската контрола изразена со националните

[88] Некои од најинтересните дискусии за урбанизмот во Британија може да се најдат кај R. Hoggart, "The Uses of Literacy" (1957), Pelican, 1958; A. Briggs, "Victorian Cities" (1963), Penguin, 1968; B. Jackson, "Working Class Community", Routledge, 1968; J. Seabrook, "City Close Up" (1971), Penguin, 1973; R. Williams, op. cit., 1973; G.S. Jones, op. cit., 1972; and V. Kiernan, op. cit., 1972.

движења во Шкотска, Велс и Британија се симптоматични за паѓањето на уверливата хегемонија на метрополите.

Во 1955 година, евидентно е дека најголемиот расцеп во Британското општество кој настанал меѓу провинциите и метрополите на југоисток, кој освен тоа што е политички осуден, може и да се соочи со обезвластување на административните сили од страна на државата. За мноштвото луѓе, рутината и тивкото задоволство на провинцискиот живот е толку далеку од неуморниот космополитизам и потрагата по новини, како што е и сигурноста на метрополската егзистенција.

"Во златниот круг тие се свесни и тие знаат дека и секој друг е свесен, колку многу некои провинцијалци да се потсмеваат на идеата дека тука националното темпо е одредено, и националните трендови се оформени, за луѓето што живеат тука тие се дел од ексклузивниот прогрес."[89]

Најголемата вредност на Франковиот пристап кон Латинско - Американскиот развој за локалните науки во метрополските општества има конечното побивање на урбано-руралниот правец по кој се движеле еколошките теории за градот, и покажувањето на алтернативни основи за категоризација на заедниците. Може да постои разлика меѓу руралната провинција и доминантната метропола, но таа потекнува повеќе од економските и политичките врски меѓу нив, отколку од нивните еколошки карактеристики. Вештачкиот дуализам овековечен во идеата за урбаната и руралната социологија не можела да се подржи: многу поважни се разликите меѓу метрополата и провинцијата. Опстанокот на градовите зависи од мрежата активности кои далеку ги надминува границите на урбаната населба. Тие се "добро упатени контролни центри на економијата, политиката и културниот живот, кои ги вовеле најодалечените заедници за светот во нивната орбита, и ги испреле различните области, народи и активности во еден космос"[90] .

Со овој аргумент, урбаната социологија егзистира во "едно "урбанизирано" општество како што "урбанизацијата" нема никогаш да заврши. Целото општество не е униформно урбанизирано и заедниците имаат различни искуства за контрадикторностите на експропријацијата и централизацијата. Традиционалниот концепт на урбаната социологија зема нов правец: "урбанизмот" може да се смета за култура на метрополата, а "рурализмот" е асоцијација на "провинцијализмот", т.е. одвојување и исклучување

[89] G. Moorhouse, op. cit., p. 22.
[90] L. Wirth, op. cit., p. 2.

од метрополскиот живот. Урбанизацијата може да се смета или за трансформација на местата како што се менува нивниот статус во матрицата на заедниците, или алтернативно, за инкорпорација на групи во општеството, во начинот на живот на контролирачките метрополи, и нивно запознавање во хегемонијата на институциите што доминираат во метрополскиот центар.

4.6 КАРАКТЕРИСТИКИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА УРБАНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА*

Урбанизацијата е исклучително нов феномен во човековата историја, така што нејзините целосни потенцијали и брзиот пораст сéуште не се во доволна мерка опфатени и сфатени. Првите мали урбани центри датираат пред само пет до шест илјади години и токму овој факт укажува на тоа колку е овој феномен нов, спореден со долгата општествена и културна еволуција. Вистинската урбанизација пак, има уште покуса историја. Најраните урбани центри се наречени "градови", најмногу поради археолозите зашто самите места имале најмногу три до четири илјади жители, што не е доволно за едно место да биде наречено "град" во вистинската смисла на тој збор. Дури и во подоцнежните и поголеми градови на древниот свет - Мемфис, Теба, Вавилон, Атина, Картагина и Рим, живеел само минимален процент од вкупното население на областа во која што се наоѓале. Тие претставувале само градски островца во огромните селски простори. Всушност, дури во последново столетие градското население израсна во значаен дел од целокупното население на одделни земји, а само во последниве неколку децении можеме да зборуваме за постоење на педесет проценти градско население и тоа во некои земји. Урбанизацијата е всушност овој пораст во пропорцијата на градското население и таа има покуса историја отколку што многумина од нас мислат.

Со оглед на тоа што најголемиот дел од овие што читаат, пишуваат и размислуваат за овие проблеми, живеат во високо урбанизирани земји или барем во некоја од големите светски урбани агломерации, тие честопати го превидуваат феноменот на историските почетоци на оваа појава. Сите ние се свртуваме кон појавата на голема концентрација на население во градовите без да ги испитаме нејзините предуслови или револуционерното општествено влијание. Меѓутоа, нашата свест за една голема трансформација што се случува во човечкото општество, нужно бара целосно разбирање на процесот на урбанизацијата што е суштински дел на оваа трансформација; а посебно затоа што овој процес добива размери како никогаш досега.

---

* Kinsly Davis, Foreword: Urban Research and its Signification, во книгата: Urban Research Methods, by Jack P. Gibbs

Секако дека важноста на градовите и порано била нагласувана. Но сите размислувања за нивната природа и влијание врз човекот биле честопати повеќе морализаторски отколку научни, повеќе "од ракав" отколку аргументирани.

4.6.1 Градот е лежиште на зло и извор на прогрес

Големото присуство на морализаторска и реформистичка литература од оваа проблематика ги потврдува и спорноста и значењето на градовите. Инаку би било тешко да се сфати од каде доаѓаат амбивалентноста и различните чувства во нивното третирање. Градовите од една страна се посматрани како лежишта на зла, скепса, алчност, криминал, беда, загаденост и врева, а од друга страна се честопати фалени како извори на прогресот и цивилизацијата од каде што иновациите, науката, образованието, уметноста и трговијата се прошируваат во руралната внатрешност на земјата. Како и да е, во двата случаја имплицитно се потенцира значењето на градот за индивидуата. Иако веќе се јавува и еден друг, пообјективен третман на градот, сéуште не постои бројна научна литература која по својот обем би можела да се натпреварува со огромниот број реформистички осврти. Постои една тенденција да се обвинуваат градовите, да се намалува нивната вредност и да се "исправат" нивните лоши страни, да се планираат идеални градови; од друга страна пак, да се бранат, да се смалуваат нивните недостатоци, или пак да се опишуваат и величаат извесни специфичности на одделни градови. Како што може да се претпостави, ретко се сретнува едно вистинско изучување на градовите и причините за нивниот пораст, како и за начинот на кој што функционира градот како механизам.

Како и да е, и досега постои извесна релативно непристрасна социолошка литература за градовите - која што резултира од досегашните напори за соочување со разновидните практични проблеми. Со оглед на фактот дека градовите во себе ги опфаќаат, на еден или на друг начин, речиси сите аспекти на човековиот живот, оваа литература е крајно разновидна. Таа може да се занимава со градскиот сообраќај или со станбените прашања, со системот на управување или финансирање, со противпожарното обезбедување на градот или пак со одржување на парковите, но и со малолетничка деликвенција или пак комерцијализирањето на човечките пороци. Во оваа литература се прават обиди, преку систематско пристапување, да се пронајдат начини за решавање на одделни тешкотии, проблеми, опасности,

за кои што се смета дека се последица на урбаните агломерации. Потенцирањето на проблемите е нешто што е природно и потребно, бидејќи густото сместување на илјадници и милиони луѓе на ограничен простор, создава услови за живеење кои се општо земено непријатни за единката. Некои од овие ситуации се толку нови што воопшто и не постојат традиционални начини за нивно третирање. Разрешувањето на ваквите проблеми може да се оствари само со сериозно замислување над нив, истражување, како и со пронаоѓање нови институционални модели. Примената на социологијата во вакви услови е навистина препорачлива.

4.6.2 Природата на урбаното истражување

Како што може да се очекува, најголемиот дел од оваа богата литература за градот се занимава со одделни аспекти на урбаната средина. Таа се занимава со историјата, екологијата или раководењето на одделни градови, со организацијата на управата во одделни земји или воопшто, со контрастите меѓу урбаната и руралната средина во однос на демографијата или социјалната струтура и сл. Сите социолошки публикации од оваа област се тематски по својот карактер, обработувајќи ги економските, политичките или социолошките аспекти на градот.

Меѓутоа, во мноштвото изданија, расфрлени овде - онде се среќаваат и извесни методолошки делови, а тоа се главно куси осврти или поглавја во кои се објаснуваат начините на добивање и анализирање на научни информации за градовите.

Појавата на ваков материјал укажува на еден позрел пристап во науката за градот. бидејќи прецизното познавање е во директна зависност од постоењето прецизни методи, за систематско разбирање на феноменот на урбанизацијата можеме да зборуваме само доколку пристапот до таквото разбирање е сам по себе експлицитен и критички во однос на истражувачките техники.

Со брзото зголемување на урбанизацијата во светот, посебно во земјите што сé уште не се индустриски развиени, со појавата на нови форми и додатни последици на урбаните агломерации дури и во индустриски развиените земји, се јави итна потреба за урбано истражување со цел да се решат досега појавените проблеми, како и да се предвидат тешкотиите кои можат да се јават во иднина. Првенствено нашата намера беше, да се илустрира примената на истражувачкиот метод во земјите кои сé уште не се индустриски развиени во голема мерка, сметајќи дека

во тие земји ќе се почувствува најголема потреба за замислено урбано истражување и дека во исто време тие земји ќе имаат најмал број стручни лица од оваа област. Но, како што досега можеше да се забележи, посебно од страна на издавачите со европско или американско образование, најконцизни и најсовремени методолошки пристапи се главно добиени и применети во високо индустријализираните земји. Како и да е, оваа околност не ѝ нанесува сериозна штета на нашата првична намерка, бидејќи основното е квалитетот на новините и придобивките, а не од каде точно тие произлегле или биле применети.

Мора да се разјасни дека овде, изразот "урбано истражување" е употребен во една специфична смисла во која може да се сфати само ако се разграничи што вклучува тоа во себе, а што не. Пред сé, овој израз не се однесува на истражување што се изведува во градовите. По својот карактер, тие во себе ги опфаќаат речиси сите аспекти на човековиот живот. Секако дека постојат извесни предмети кои не можат адекватно да се изучуваат во урбаната средина како што е на пример конкретното обработување на земјата, но од друга страна, во градовите можат да се изучуваат голем спектар други прашања како што се разводот, проституцијата или малолетничката деликвенција или пак економијата, начинот на избори во управата или религијата. Но мора да се потцрта дека од научна гледна точка, терминот "град" не се однесува на конкретен ентитет. Тоа не е Синсинати, Бангкок или Њу Џерси; ниту пак тој термин се однесува на Ливерпул, Лима или Сибу конкретно. Терминот "град" се однесува на сите овие места, посматрани од една специфична гледна точка. Она што е релативно за оваа гледна точка, не зависи од нештата што се физички присутни или отсутни во дадените места, туку од самата гледна точка. Така, фактот што градовите се населени со луѓе не е дефинирачка црта, бидејќи и земјите сами по себе се населени со луѓе. Исто така, бидејќи малолетничката деликвенција, на пример, може да се јави и во градот, но и надвор од него, таа не е сама по себе урбан проблем, дури и кога се проучува во градовите. За да биде еден проблем релевантен за урбаното истражување, мора пред се да се види на кој начин тој дејствува врз сиот комплекс фактори или варијабили што ги апстрахираме од целокупната реалност и ги подведуваме под поимот "град",или пак, како тие влијаат врз него. Главно поради сопствените критериуми за релевантност, но исто така и поради други причини, овој труд не се свртува кон обработувањето на техниките на она што се нарекува "преглед на едно истражување". Читателот овде нема да пронајде објаснување за

тоа како да направи прашалник, или како да води интервју со своите испитаници, како да избере одделни единки или семејства за интервју, или како да ги кодира резултатите и да прави табели. Овие проблеми се изоставени, не поради тоа што не се во посебна врска со стриктно урбаните прашања. Општите истражувања се применливи врз голем број прашања што се занимаваат со човековото однесување и мотивации и токму затоа што не се специфични за урбаното истражување или пак лимитирани врз урбаната средина. Самите техники на едно истражување претставуваат посебен и независен проблем кој што е добро обработен во одделни книги и прирачници. Секако дека тие техники можат да се применат и во урбано истражување, но тие не се некоја истакната одлика на дадениот предмет.

4.6.3 Дали градот е погоден за растројства на човекот?

Но, што е тогаш она што е посебно релевантно за урбаното истражување? Одговорот е доста компликуван поради фактот што како и во многу други аспекти на хуманистичките науки и овде станува збор за едновремено опфаќање на проблемот на два различни нивои. Термините "урбано", "град", "урбанизација", од една страна се однесуваат на извесни физички и географски карактеристики на човековиот живот, а од друга страна пак, се употребени во смисла на социјални карактеристики и однесувањето на индивидуата во тој контекст. Дури и самиот начин на кој што овие две страни на урбаната реалност се испреплетуваат претставува интересен научен проблем. Дали се, на пример во физичка смисла, градовите "погодни" за растројства, социјална хетерогеност, индивидуализам и слично? За жал, постои една тенденција да се реши овој научен проблем, не преку истражување, туку со воспоставување дефиниции. Еден од најексплицитните примери е позната дефиницијата на градот од Луис Вирт во која се вели дека „градот е релативно голема, густа и постојна населба во која живеат социјално хетерогени единки". Не само што ваквата дефиниција е неопределена, зашто не дава податоци за тоа каква е таа "големина", "густина" и што е всушност терминот "населба" (дали во тој случај и цела Белгија е град), туку таа е исто така и прерано поставена. Таа го затвора прашањето за тоа во колкав степен се (емпириски кажано) заемно поврзани густината и социјалната хетерогеност. Истата тенденција, во помалку експлицитна, но далеку поисклучива форма, е присутна во делата на овие автори кои се обидуваат да

ги издиференцираат општествените типови и да ги интерпретираат општествените промени со помош на така нареченият градско-рурален континуум.

Ние претпочитаме да го дефинираме градот во демографска и просторна смисла. На овој начин можеме да зборуваме за постоење на една објективно важечка концепција која е применлива во практиката и истовремено го остава отворено прашањето на општествено економските причини и последици од урбанизацијата. Исто така таа создава и доста јасен критериум за тоа дали некои истражувачки методи спаѓаат во урбаното истражување. Тие техники се релевантни за нашата намера, истражувачите да бидат оспособени за одредување на вистинските граници на градовите, брзината и причините за порастот на урбаната популација и региони, проучување на променливата стртуктура на урбаното население, да ги определат функционалните и еколошки реони во самиот град, да ги истражат врските меѓу градот и внатрешноста и да ги анализираат меѓуодносите на просторните и демографските промени од една страна и економските и општествените промени од друга. Основата на оваа селекција ќе стане појасна доколку успееме да ја образложиме на поексплицитен начин нашата дефиниција.

4.7 ГРАДОТ И УРБАНОСТА*

Стана баналност да се каже дека сегашното општество е во менување. Зборот "мутација" има прецизно значење само во биологијата; од социолошка гледна точка одговара повеќе на една слика, метафора, отколку на поим. Оваа слика се заканува да го прекине општественото прашање: кон што одиме ние?

Оваа "мутација" се карактеризира со многубројни кризи што се преплетуваат едни со други, со економските и политичко - економските кризи до кризите во уметноста, литературата, кинематографијата, театарот, универзитетот, младината итн. Во тоа преплетување и поврзување на многубројните кризи се поставува прашањето: дали постои некоја криза или повеќе кризи поважни односно посуштествени од други? Нашето излагање се базира врз хипотезата според која кризата на урбаната реалност е позначајна, поцентрална од било која друга.

Често се говори за индустриското општество. Овој термин е дискутабилен во таа смисла што не истакнува извесни социјални конструктивни врски во процесот на индустријализацијата. Продукционите односи бараат една анализа која што се стреми да го избегне терминот "индустриско општество" акцентирајќи го материјалното производство, растежот на производството, а не општествените односи на производството.

Може да се каже дека индустриското општество ја повлекува урбанизацијата. Станаа баналност таквата констатација и форма. Меѓутоа не е толку банално да се прашаме дали последиците од процесот, имено урбанизацијата не стануваат одеднаш поважни отколку првата причина: индустријализацијата. Изложенава теза говори дека урбаната проблематика ја депласира и длабоко ја модифицира проблематиката произлезена од процесот на индустријализацијата. Иако повеќето од теоретичарите и "практичарите" со емпириски пристап кои се уште ја сметаат урбанизацијата како една надворешна, мала причина, скоро случајна на суштествениот процес на индустријализацијата, ние го потврдуваме спротивното. Во овој процес со двојно гледиште се случува нешто мошне важно; просто речено еден квалитативен скок. Квантитативниот растеж на економското производство создаде еден квалитативен феномен што самиот се изразува со

* Henri Lefebvre, Le droit de la. ville, Espace et politique, Editions Antropos; 1968, 1972. p. 201-209.

една нова проблематика. Важно е да се биде совесен и да се има познавање, за да не се прави постојано теоретска и практична грешка; таа грешка се состои во тоа што се тврди дека од рационалноста на претпријатието, од искуството од индустријализацијата, можат да се извлечат модели и шеми применливи врз урбаната реалност што се создава. Би сакале да ја обработиме оваа реалност со нашите сознанија за претпријатието како такво. Рационалноста на претпријатието, на неговата организација, поделбата на трудот што ја содржи, беше една суштествена придобивка на индустрискиот период, но таа веќе не одговара на периодот кој отпочнува, кој треба да изработи една нова форма на рационалност: урбана рационалност. Да се пролонгира поранешното мислење, да се примени неразумно повлекува секаков вид грешки и илузии што се среќаваат во она што се нарекува "урбанизам".

Изразот "урбано општество" не може да се употреби за кој и да е град или историска населба; во така дефинираната иднина тие означуваат реалност во создавање, реален и потенцијален начин, што знажи дека урбаното општество не е оформено. Тоа е во тек. Тоа е тенденција што се манифестира и што е предодредена да се развие.

Бидејќи ја разјаснивме оваа терминолошка двосмисленост можеме да продолжиме една периодизација на историското време кое се дели на три дела: земјоделска, индустриска и урбана ера. Постоеја градови и во аграрната и во индустрискатa ера. Но урбаната ера започнува. Да повториме уште еднаш дека периодизацијата не е апсолутна; секаква поделба на историското време на различни периоди е релативна. Служејќи се со една позната метафора можеме да кажеме дека урбаноста е континент кој го откриваме и истражуваме гледајќи го.

4.7.1 Градот посредува меѓу иднината и минатото

Уште на почетокот на аграрната ера, градот беше човечки производ, едно извонредно дело; неговата историска улога е сé уште малку позната. Имено, на Исток изненадува теоријата за начинот на азиското производство во односот меѓу градот и селото. што се однесува до Запад, овој конфликтен однос, односно дијалектички, е еден од оние кои што историчарите најмалку го познаваат. А што се однесува пак до самиот град, ориентален, антички, средновековен итн. беше предложена цела една низа сфаќања.

Градот е пространа целина која зазема едно место, крај, што треба да се изучи како предмет со различни техники и методи: економски, политички, демографски итн. Како таков градот зазема специфичен простор толку различен од селскиот. Односот меѓу тие простори зависи од односот во производството, како и од поделбата на работата во самото општество.

Оттука произлегува дека градот е посредување меѓу еден близок и еден далечен поредок. Блискиот поредок е оној на селото, што се наоѓа близу градот кој доминира, експлоатира, земајќи му ја работата. Далечниот поредик е оној што е на општеството во целина (робовладетелско, феудално, капиталистичко итн.). Градот како посредник е исто така простор каде што се манифестираат спротивностите на општеството, на пример меѓу оние на политичката моќ и разните групи на кои оваа моќ им се наметнува.

Градот е дело во смисла на уметничкото дело. Просторот не е само организиран и создаден, тој е исто така моделиран, приспособен од некоја група, која ги почитува своите потреби, етиката и естетиката, односно својата идеологија. Монументалноста е основен аспект на градот како дело, но распоредот на времето на членовите од урбаната заедница тоа е исто така еден важен аспект. Градот како дело треба да се изучи под овој двоен аспект: како монументи и како распоред на времето што тие им го наметнуваат на граѓаните.

Од ова произлегува дека во стариот град обичајот и вредноста на обичајот сé уште го карактеризираат распоредот на времето.

Распрснувањето на традиционалниот град е очевидна појава, но нејзиното значење не е очевидно. Тоа треба да се бара. Интерпретациите на овој факт беа и сé уште се многубројни. Едните мислат дека треба да им се даде право на поклониците на "антиградот" против градот и дека современоста се дефинира со "не-град" (номадизам или неограничено размножување на живеалиштето). Овој феномен може да се објасни само со една дијалектичка анализа. Индустријата се појави како "не - град". Таа случајно се смести онаму каде што имало природни ресури што ги користела, енергртски извори, суровини, работна рака, но од друга страна таа ги нападна градовите уништувајќи ги во вистинската смисла на зборот. Индустријата неограничено ги зголемува, задржувајќи ја нивната стара карактеристика (феномен на имплозија - експлозија). Со индустријата тоа е обопштување на размената и на светот на трговијата кои оттука произлегуваат; обичајот и вредноста на обичајот скоро исчезна, задржувајќи се

само како потреба на трговијата. Исто така и квалитетната страна на обичајот скоро исчезна. Со ова обопштување на размената земјиштето стана трговија; неопходниот простор за секојдневен живот се продава и купува. Сé што претставуваше виталност исчезна пред обопштувањето на производот.

Дали може да се каже дека урбаната реалност исчезна? Не, напротив. Таа се обопштува. Целото општество станува урбано. Дијалектичкиот процес е следниот: градот - по негово негирање со индустријализацијата - по враќање во еден поголем размер од оној што бил на целото општество. Овој процес навлегува во сé подлабоки и подлабоки конфликти. Постојаните односи на производството се распространија, зголемија, тие освоија една поширока база интегрирајќи ги истовремено земјоделството и урбаната реалност, но во тоа проширување воведоа нови конфликти. Од една страна, се основаат центри на одлучување со сé уште непознати ингеренции, бидејќи тие го држат богатството, репресивната моќ, информацијата; од друга страна, распрснувањето на старите градови овозможува разнообразни сегрегации; елементите на општеството се немилосрдно раздвоени во просторот од каде што произлегува и раздвојување на општествените односи во најширока смисла на зборот што ја придружува концентрацијата на односите тесно поврзани со односите на сопственост.

Така се формира овој нов поим: урбаност што треба добро да се разликува од градот. Урбаноста се разликува од градот бидејќи се појавува и се манифестира за време на распрснувањето на градот, и овозможува да се сфатат некои аспекти што долго време минуваа незабележани: централизираноста, просторот како место за средба, монументалноста итн. Урбаноста, односно урбаното општество потенцијално постои; низ контрадикции меѓу живеалиштето, сегрегациите и урбаната централизираност суштествена за општествената практика, се манифестира една противречност која има свое значење.

Урбаноста е теоретски поим, издвоен и ослободен со еден процес таков каков што ни се претставува нам и таков каков што го анализираме. Тоа не е суштина со традиционално значење кај филозофите; не е ниту супстанција која ни е прикажана со величина; впрочем тоа е една форма, онаа на средба и собирање на сите елементи од општествениот живот, од плодовите на земјата (тривијално кажано: земјоделските производи), до симболите и до делата наречени култури. Урбаноста се манифестира токму во самиот негативен процес на раздвојување и сегрегација како потреба за средба, дружење, информација.

Како форма, урбаноста носи едно име: симултаност. Оваа форма зазема место меѓу формите што можат да се изучат само како издвоени од нивната содржина. Она што урбаната форма го соединува и го прави симултано, може да биде многу различно. Тоа се понекогаш предмети, понекогаш луѓе, или знаци: најважно е групирањето и симултаноста. За ова може да се каже дека "векторот нула" е најважен за дефиницијата за урбаноста.

4.7.2 Сегрегацијата - негација на урбаноста

Централизираноста има специфично дијалектичко движење. Тоа се наметнува. Не постои урбана средина без центар, било да се работи за трговски центар (кој групира производи и предмети), за симболичен центар (кој групира и го чини значењето симултано), за информативен и центар за одлучување. Но секој центар се уништува сам себеси. Тој се уништува од заситеност; се уништува бидејќи упатува на друга централизираност; се уништува кога предизвикува дејство кај оние кои ги отстранува и протерува кон периферииte.

Таквата урбана форма е една конкретна апстракција. Исто е и со размената што Маркс ни ја објаснува во почетокот на својот "Капитал". Оваа форма и теорија се крајно апстрактни и затоа нивната анализа беше толку малку разбрана во текот на еден век, меѓутоа оваа апстрактна форма е клуч на конкретното, на практиката. Таа е појдовна точка за сфаќање на содржината. Друг пример: формите на самата логика како форми на мислата се мошне апстрактни, меѓутоа тие се појдовна точка на секое методски проследено размислување. Бројот на примерите може да се зголеми во исто време како за конкретните така и за апстрактните форми (симетријата, повторувањето, итн.).

Апстрактниот карактер на ова размислување за урбаноста, како и дефиницијата можат да се сметаат како пречка, а не како приговор. Општата форма ја дава смислата на емпириските констатации, а не спротивно. Емпириските констатации не ја достигнуваат општата форма. Меѓутоа тие се неопходни, бидејќи ја откриваат содржината на формата. Тие овозможуваат процесот да се изучи и да се анализира, да се премери, да се обележат важните точки. Имено, сегрегацијата како и формирањето сиромашни периферискиpростори, што ја овозможуваат репродукцијата на односите во производството, односно класните односи, токму таа иста сегрегација создава една теоретска и практична негација на урбаноста, но таа тоа го открива како таква. Пустин-

скиот и осамен карактер на урбаните периферии ја разјаснува ситуацијата; она што го открива, за да се каже, треба да се прочита. Читањето на урбаниот простор периферен или централен, не се прави само на картите создавајки едно апстрактно правило; туку тоа е едно извонредно значајно симптоматично читање, а не буквално.

Ова читање на урбаниот простор дозволува да се даде една општа дефиниција на заплетканите спротивности и негации; тоа е едно диференцијално време - простор што се создава. Времето и просторот во земјоделскиот период се проследени со особености како градовите, климата, флората и фауната, етничките групи итн. Времето и просторот во индустриската ера се стремеа и сé уште се стремат кон хомогеноста, рамномерноста, присилниот континуитет. Времето и просторот во урбаната ера стануваат различни и тој карактер е истакнат со анализата. Мрежата и приливот исто се крајно различни, се поставуваат едни врз други и се заплеткуваат од патиштата до приливот на информации, од пазарот до размената на симболи. Дијалектиката на централизираноста воведува до едно диференцијално движење со огромна моќ. Предложено е да се разликуваат во овој простор две работи: изотопи (слични простори кои имаат соодветни функции и структури); хетеротопии (различни простори , игра на спротивни сили) и утопии.

Оваа диференцијална анализа на урбаниот простор ги избегнува аналитичките процедури кои констатираат и ја посветуваат хомогеноста на рационалноста. Овие аналитички процедури им се приврзуваат само на еднообразните шеми. Тие доведуваат до логики (онаа размената, планификацијата итн.) наместо акцентот да се стави врз разликите.

Од оваа фундаментална грешка за рационалноста произлегува една консеквенција која веќе ја напоменавме, но која треба да се поцрта: урбаноста, потенцијалност во развој, што се реализира создава едно мртво поле за оние кои држат до веќе надминатата рационалност, и така ризикуваат да го консолидираат она што му се спротиставува на урбаното општество, она што го негира и уништува во текот на самиот процес што го создаде. Имено, општата сегрегација раздвојувањето на сите елементи и аспекти на општествената практика, разделени едни од други и повторно групирани со политичка одлука во самата хомогена широчина.

4.8 ФИЛОЗОФИЈАТА И ГРАДОТ*

За да се продолжи радикално критичката анализа, и да се продлабочи урбаната проблематика, како појдовна точка ќе ни послужи филозофијата. На прв поглед тоа би можело да изненади, иако на страниците кои му претходат на овој текст, таквото навраќање кон филозофијата беше често практикувано. Не се работи за тоа да се даде една филозофија на градот, туку сосем спротивно, да се побие еден таков однос, со тоа што на целината на филозофијата ќе ѝ се врати нејзиното место во историјата: место на проект на синтеза и на тоталитет кој што филозофијата, како таква, не може да го исполни. Потоа следува испитување на аналитичката метода, односно расветлување или распарчување на урбаната реалност од страна на парцијалните науки. Отфрлањето на синтетичките предлози, базирани врз резултатите на овие специјализирани, одделни и парцијални науки овозможува - со политички термини - да се даде попрецизна формулација на проблемот на синтезата. Во текот на тоа бавно напредување, ќе наидеме на веќе разрешени особености, формулирани проблеми кои, овој пат, ќе се појават во една потполна нова светлина. Во прв ред спротивноста меѓу употребната вредност (градот и урбаниот живот, урбаното време) и прометната вредност (купените и продадени пространства, потрошувачката на производи, на богатства на места и знаци), се јавува во своето полно значење.

За филозофската медитација која се стреми кон еден тоталитет низ спекулативната систематизација, односно за класичната филозофија од Платон до Хегел, градот претставува многу повеќе од некоја второстепена тема, од еден предмет меѓу мнозинството други. Врските помеѓу филозофската мисла и урбаниот живот јасно се откриваат на размислата, иако и тука има место за појаснување. Градот и градската средина за филозофите не биле една објективна и едноставна условеност, еден општествен контекст, една надворешна зададеност. Филозофите внимателно го набљудувале градот: тие го изградиле јазикот и концептот на урбаниот живот.

Да ги оставиме прашањата што ги поставил ориенталниот град, со својот азиски начин на производство, со односите "град-

* Henri Lefebvre, Le droit de la, ville, Espace et politique, Editions Antropos; 1968, 1972. p. 36-45.

село" во рамките на таквиот начин на производство, и најпосле со формирањето на идеологии (филозофии) врз таква основа. Да го разгледаме само античкиот град (грчкиот или римскиот) од кој потекнуваат општествата и цивилизациите наречени "оксидентални". Градот најчесто резултира од една синекоја, здружување на повеќе села или племиња населени на иста територија. таквата целина го овозможува развитокот на поделбата на трудот и на подвижниот имот (парите) без да ја разори колективната, односно, "задружната" сопственост врз земјата. На тој начин се оформува заедница во чии рамки малцинството слободни граѓани се здобива со власт над останатите припадници на градот: жени, деца, робови, странци. Градот ги поврзува своите здружени елементи со формата на комунална сопственост ("заедничка приватна сопственост", или "исклучително присвојување") на активните граѓани, кои се спротивставени на робовите. Оваа форма на здружување претставува демократија, но елементите на ваквата демократија се наоѓаат во тесна хиерархиска подреденост на барањата на градската заедница. Тоа е демократија на не-слобода (Маркс). Во текот на историјата на античкиот град, чистата и едноставна приватна сопственост (над пари, земја, робови) се зацврснува и се концентрира, при што градот ги задржува своите права на територијата.

4.8.1 Демонска страна на урбаното

Раздвојувањето на градот од селото претставува една од првите и основни поделби на трудот, заемно со распределбата на трудот според полот и возраста (биолошка поделба на трудот), и со организација на трудот во зависност од алатите и способностите (техничка поделба). Општествената поделба на трудот меѓу градот и селото се поклопува со поделбата на трудот од материјалната и умствената сфера, односно со поделбата меѓу природното и духовното. На градот му припаѓа умствениот труд: функции на организација и управување, политички и воени активности, разработка на теориските знаења (филозофија и наука). Тоталитетот се раздвојува; се јавува подвоеност, сметајќи го тука и расцепот меѓу Физисот и Логосот, меѓу теоријата и праксата, а во праксата меѓу практиката (дејствува врз човечките заедници), творештвото (создавање на дела), техниката (активности проследени со техничка оспособеност, усмерени кон производството). Селото кое истовремено е практична реалност и претстава, донесува слики на природата, на битието, на изворноста. Градот ќе

даде слики на самопрегор, желба, субјективност, размисла без да се одделат тие претстави од реалните активности. Од овие спротивставени слики ќе произлезе голем симболизам. Околу грчкиот град и над него, се простира космосот блескав и среден простор со хиерархиски поредок. Италијанскиот град има за средиште една свето-проклета дупка која ја посетуваат силите на животот и на смртта, темни времиња на самопрегор и искушенија - светот. Во грчкиот град, низ постојана борба триумфира аполоновиот дух, светлиот симбол на разумот кој што напредува. Наспроти тоа, во етрурско - римскиот град преовладува демонската страна на урбаното. Но филозофот и филозофијата се обидуваат повторно да го пронајдат или одново да го создадат тоталитетот. Филозофот неможе да го признае расцепот. Тој не согледува дека светот, животот, општеството, космосот (а подоцна ѝ историјата) можат да нé претставуваат една целина.

Филозофијата значи ја раѓа градот со поделбата на трудот и нејзините многубројни модалитети. Таа самата станува одделна специјализирана активност, но при тоа не запаѓа во парцијалноста. Во спротивно, таа би се претопила во една од науките, кои што во тој период се наоѓаат во фаза на оформување како самостојни дисциплини. Филозофот ги отфрла причините и аргументите на научниците исто како што одбива да го прифати начинот на размислувањето на занаетчиите, војниците, политичарите. Како основен интерес и крајна цел тој го има повторно пронајдениот или преку системот создадениот тоталитет, односно единственото на мислата и на битието, на говорот и на чинот, на природата и на размислата, на светот (или на космосот) и на човековата реалност. Но тоа не ја исклучува, туку ја подразбира медитацијата за разликите (меѓу битието и мислата, меѓу она што доаѓа од природата и она што доаѓа од градот, и друго). Логосот (елемент, средина, посредништво и крај на филозофите и на урбаниот живот) како што вели Хајдегер претставува истовремено: да се изнесе, собере и набере, одбере и присобере, зборува и каже, изложи. Прибирањето претставува реколта, па дури и нејзиниот крај. "ќе ги побараме нештата и ќе ги собереме. Овде доминира грижата за засолнување, а со тоа доминира и желбата за конзервација... Реколтата е сама по себе и пред сé, селекција на она на кое што му е потребно засолниште." На тој начин, реколтата е веќе обмислена. Она што се собира се става во резерва. Може да се рече дека чинот на собирањето обединува. Тоа претпоставува присуство на "некој" пред кого, за кого и низ кого се најавува битието, на она што на тој начин е успешно. Ова присуство се манифестира на потполно јасен начин (или како што

вели Хајдегер, во "не - окултација"). Значи градот, поврзан со филозофијата, ги обединува низ својот логос и во него богатствата на територијата, дисперзираните активности и луѓето, зборот и напишаното. Таа го прави да биде истовремено она што во полето според природата се случува и поминува, се распределува според циклуси и ритмови. Таа ја зграпчува и ја става под своја заштита "целината". Доколку филозофијата и градот се присоединети на тој начин во логосот (разумот) кој што се раѓа, тоа не е форма на субјективноста на Декартовото "когито". Ако тие образуваат некој систем, тоа не е на вообичаен начин и во форма која произлегува од секојдневното сфаќање на зборот.

4.8.2 Градот - седиште на логосот

На ова првобитно единство на урбаната форма и нејзината содржина, на филозовската форма и нејзината смисла, може да се надоврзе и организацијата на градот: еден привилегиран центар, јадро на политичката активност, седиште на логосот, управувано од страна на тој ист логос пред кој граѓаните се "еднакви", регионална распределба на просторот која има некоја рационална оправданост пред логосот (за него и од него).

Логосот на грчкиот град не може да се оддели од логосот на филозофијата. Творештвото на градот се продолжува и се концентрира во делата на филозофите, кои ги собираат мислењата и ставовите во најразличните дела и ги разгледуваат во една истовременост која пред нив ги обединува разликите во еден тоталитет: урбаните места во космосот, времето и ритмите на градот во времето и ритмите на светот (и обратно). Значи тоа е само еден површен историцизам кој што филозофијата му го дава на јазикот и на концептот на урбаниот живот, животот на градот. Всушност, градот како изданок, јазик и медитација, со посредство на филозофот и филозофијата ги достигнува височините на теоријското.

По ова уводно излагање за внатрешните врски меѓу градот и филозофијата, да (се навратиме) скокнеме во окциденталниот (европски) среден век. Појдовна точка е селото. Римскиот град и Римската Империја биле разурнати од страна на германските племиња кои истовремено претставувале примитивни заедници и воени организации. Од таа раздвоеност на суверенитетот (град, сопственост, продукциони односи), резултира феудалната сопственост над земјата, при што кметовите ги заменуваат робовите. Со ренесансата на градовите доаѓа, од една страна, до феу-

далната организација на сопственоста и на поседувањето на земјата (бидејќи селските заедници имаат традиционално поседување, а господарите и властелините "еминентна" сопственост, како што подоцна ќе биде наречена), и од друга страна, до сталешката организираност на занаетите и на урбаната сопственост. Иако во почетокот преовладува властелинската сопственост над земјата, оваа двојна хиерархија го навестува крајот на ваквата сопственост и на надмоќта на неподвижниот имот. Оттаму произлегува еден длабок и суштински конфликт во средновековното општество. "Неопходноста од здружување на ситните занаетчии за да се заштитат од меѓусебно поврзаните дружини на крадци, потребата од заеднички пазаришта, во една епоха во која работникот е занаетчија, конкуренцијата на избеганите кметови кои наоѓаат прибежиште во градовите чие што богатство постојано се зголемува и целосната феудална организација, довеле до создавање на еснафски здруженија. Ситните капитали заштедени со текот на времето од страна на самостојните занаетчии, и нивниот постојан број во средина чие што население постојано се зголемува, го овозможиле развојот на системот на ортаци и чираци, што во градовите создава хиерархија слична на онаа што ја среќаваме надвор од градот" (Маркс). Во такви услови теологијата ја потчинува филозофијата, и таа веќе не размислува за градот. Филозофот (теологот) размислува за двојната хиерархија. Тој ѝдава форма, водејќи или пак не водејќи сметка за конфликтите. Симболите и поимите кои што се однесуваат на космосот (просторот и хиерархијата на супстанциите во тој простор) и на светот (настанувањето на крајните супстанции, хиерархијата во времето, слегување или пад, растеж или избавување) ја бришат свеста за градот.

Почнувајќи од мигот кога се јавуваат не две туку три хиерархии, (феудалната земјишна, еснафските здруженија и кралот и неговиот државен апарат) размислата се здобива со една критична димензија. Филозофијата и филозофот повторно се пронаоѓаат бидејќи повеќе не мораат да бираат меѓу Ѓаволот и Господ. Но овој пат филозофијата не ја препознава својата врска со градот. Иако надоаѓањето на рационализмот е проследено со надоаѓањето на капитализмот, (комерцијалниот и банкарскиот, а потоа и индустрискиот) и ширењето на градовите, тој рационализам се поврзува или со Државата или со индивидуата.

Во апогејот на филозофската разработка (спекулативно, систематска, контемплативна), според Хегел, единството меѓу Совршениот предмет, односно грчкиот град, и Идејата која го анимира општеството и Државата, тоа совршено единство било

неповратно разрушено со историското движење и промени. Во современото општество, Државата ги потчинува елементите од кои што е изградена, што значи и градот. Но сепак тој и понатаму останува како некој потсистем во рамките на целосниот филозофско - политички систем, заедно со системот на потребите, системот на правата и обврските, на семејството и службите (занимање, еснафи), системот на уметноста и естетиката и др.

За Хегел филозофијата и "реалното" (практично) не се веќе туѓи еден на друг. Бариерите кои што ги разделуваат се рушат. Филозофијата не се задоволува со размислата за реалното, со обидот за соединување на реалното и на идеалот. Таа се реализира разликувајќи го идеалот; а тоа е рационалното. Реалното веќе не се задоволува само да даде изговор на размислата, знаењето, свеста. Во текот на една историја која има некоја смисла - која има таа смисла - реалното станува рационално. На тој начин реалното и рационалното се стремат едно кон друго. Секој од своја страна, тие се упатуваат кон својот (така признат) идентитет. Рационалното, тоа е пред сé филозофијата, филозофскиот систем. Реалното, тоа е општеството и правото, Државата која ја зацврстува градбата, приведувајќи ја до крај. Како последица на тоа, во современата Држава филозофскиот систем станува реален; во филозофијата на Хегел реалното се препознава како рационално. Системот има две страни: филозофска и политичка. Хегел го среќава историското движење при преминот на рационалното во реално и обратно. Го изнесува идентитетот на светлина на денот во мигот кога историјата го создава, филозофијата се реализира. Тоа за Хегел значи, како што ќе навести Маркс, истовремено настанување - филозофија на светот и настанување - свет на филозофијата. Прва последица: не може веќе да стане збор за некоја подвоеност за филозофијата и реалноста (историска, општествена, политичка). Втора последица: филозофот ја губи својата независност и почнува да врши една јавна функција, како и сите други функционери. Филозофијата и филозофот се вклопуваат (со посредство на функционерите и средниот сталеж) во таа рационална реалност на Државата, а не на градот, кој станува само предмет (навистина совршен, но сепак само предмет) побиен со една повисока и поцелосна рационалност.

Познато е дека Маркс ниту ја побил ниту ја отфрлил основната хегеловска афирмација. Филозофијата се реализира. Филозофот нема веќе право на независност, ви-за-ви на општествената пракса. Филозофијата станува дел од таа пракса. Постои истовремено настанување - филозофија на светот и настанување

- свет на филозофијата, значи, тенденција кон едното (познавање и препознавање на неразделбата). Но сепак, Маркс го отфрла хегелијанството. Историјата не е завршена. Едноставно не е постигната, ниту пак спротивностите се разрешени. Значи, филозофијата не може да се реализира ни во, ни преку Државата, со бирократијата како потпора. Таа историска мисија му припаѓа на пролетеријатот: единствено тој може да стави крај на сепарациите (отуѓувањето). Неговата мисија има двоен аспект: да се сруши буржоаското општество, да се воспостави едно ново општество; и да се поништат филозофските шпекулации и апстракции, Отуѓената контемплација и систематизација, за да се оствари филозофскиот проект на човековото битие. Работничката класа ги црпи своите сили од индустријата и индустриското производство, од својата поврзаност со производните сили и работата, а не од некој морален или филозофски суд. На светот му е потребен преврат: до соединување на рационалното и на реалното ќе дојде во некое друго општество.

4.8.3 Односот на филозофијата и градот

Од оваа перспектива, историјата на филозофијата, во релација со историјата на градот претставува само едно наговестување кое е сé уште далеку од својот крај. Таа историја подразбира и анализа на теми чиј што израсток се врзува со претставата за природата и за земјата, за земјоделството, за сакрализацијата (и десакрализацијата) на почвата. Таквите теми, откако еднаш ќе се создадат, се поместуваат и повторно се јавуваат, понекогаш многу далеку (временски и просторно) од местото на создавањето. Одбивните и допирните точки, условите, примената и последиците не се совпаѓаат. Темите се јавуваат и се вкоренуваат во општествени контексти и категории, различни од оние кои што го одбележуваат нивното раѓање во онаа мерка во која што може да се зборува за "категории". Урбаната проблематика, на пример онаа што се однесува на судбината на грчкиот град, за да се ослободи и се прикрие, ползува космички теми кои му претходеле на тој град, или пак се јавуваат покасно, визии на циклички настани, или на прикриената неподвижност на битието. Овие забелешки имаат за цел да покажат дека разгледуваниот однос сé уште не се здобил со експлицитна формулација.

Каков е денешниот однос меѓу филозофијата И градот? Тој однос е неопределен. Најеминентните современи филозофи не ги посветуваат своите теми на градот. Башлар оставил прекрасни

страници посветени на домот и куќата. Хајдегер медитирал за грчкиот град и логосот, за грчкиот храм. Сепак, метафорите преку кои може да се резимира неговата мисла, не произлегуваат од градот, туку од еден оригинален и изворно - внатрешен живот: "пастири на битието", "шумски патеки". Изгледа дека Хајдегер ги посветува своите теми на Пребивалиштето и на спротивноста, меѓу пребивалиштето и скитањето. што се однесува до размислата наречена "егзистенцијална", таа се базира врз индивидуалната свест, на причините и искушенијата на субјективноста многу повеќе отколку на практичната историска и општествена реалност.

Сепак, не е докажано дека филозофијата го кажала својот последен збор, барем што се однесува до градот. На пример, може извонредно да се прифати еден феноменолошки опис на урбаниот живот, или да се создаде семинологија на урбаната реалност која за современиот град би го преставувала она што бил логосот за грчкиот град.

Единствено филозофијата и филозофот се залагаат за еден тоталитет: потрага по концепција или по една глобална визија. Зарем внимателното разгледување на "градот" не означува продолжување на филозофијата, повторно воведување на филозофијата во градот, или на градот во филозофијата? Точно е дека концептот за тоталитетот е изложен на ризик да остане празен, доколку не биде чисто филозофски. На тој начин се формулира проблематика која не се сведува само на проблематиката на градот, туку го засегнува и светот, историјата, "човекот". Еден определен број на современи мислители ги дале своите размисли за градот. Тие, во поголема или помала мерка сакаат да се претстават како филозофи на градот. Со таков изговор, тие сакаат да ги инспирираат и урбанистите, и да воспостават врска меѓу урбаните преокупации и стариот хуманизам. Но на овие филозофи им недостасува ширина и исцрпност. Филозофите кои претендираат да размислуваат за градот и сакаат да дадат една негова филозофија, продолжувајки ја традиционалната филозофија, дискутираат за "есенцијата" на градот, или за градот како "дух", како "живот" или "животен елан", како битие или "органска севкупност". Односно еднаш како за субјект, еднаш како за апстрактен систем. А тоа не води никаде. Отаму следува еден двоен заклучок. Како прво: историјата на филозофската мисла може и треба да се обнови, поаѓајки од нејзината поврзаност со градот (условност и содржина на таа мисла). Тоа е една од можните перспективи на таа филозофија. Како второ: оваа алка фигурира во проблематиката на филозофијата и на градот

(познавање и формулација на урбаната проблематика, поимот на тој опсег, стратегијата која што треба да се усвои). Филозофските концепти немаат ништо оперативно, но сепак тие го разгледуваат градот и урбаното - како и целото општество - како единствена целина, и тоа од двете страни на аналитичката фрагментација. Она што во овој случај се навестува од филозофијата и од нејзината историја, би можело да произлезе од уметноста и нејзината историја.

ГЛАВА 5

КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ

СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ГРАДОТ
СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ
ПРИРОДА НА СЛАМОТ
ГРАДОВИТЕ И КУЛТУРАТА
ЕКОЛОШКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ И ПАД

5. КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ

5.1 СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ГРАДОТ*

...Една од причините за слабоста на градскиот колективен динамизам и на општествената контрола, се наоѓа во недоволното учество на граѓаните на современиоте градови - особено на оние од големите градови - во јавниот живот на градот. Политичкиот живот на локалните заедници е изменет и функционирањето на локалната демократија е значително преобразено во големите градски центри од 19-от и 20-от век.

Колективниот живот на градовите губеше во интензитетот толку, колку што нивната зафатнина растеше, а нивната површина се простираше вон границите на стариот град. Ова намалување на колективниот живот, не го доведува светот со-сема до редукција на општествениот живот, бидејќи не треба да се сомневаме во тоа - како што забележуваат Сорокин и Цимерман - дека општествените односи не се помалкубројни во градовите отколку во селата, и без сомнение, не помалку во големите градови отколку во помалите. Колективниот живот е оној што ги обединува единките и нивните односи во една целина која што има свој сопствен живот. Овој живот може да се набљудува преку манифестациите, церемониите и разните собири, а се однесува на членовите на заедницата. Градскиот колективен живот е дотолку поинтензивен, доколку овие манифестации се помногубројни, тие собираат многу лица и го менуваат подлабоко животот на единките и другите групации чијшто дел можат да бидат.

5.1.1 Политичките односи и интересот на граѓаните

Овој колективен живот, претпочитува да има постоење на установи и исто така повеќе или помалку формални организации. Некои од овие институции (установи) имаат политичка функција. Колективниот живот, поврзан со политичките установи не може да биде одвоен од колективниот живот на локалните заедници, земен во целина и од различен аспект. Политичкиот живот слабее секогаш во контекст каде што колективниот живот е главно ограничен. Општинските избори, со нивните предизборни кампањи и јавни собири можат да достигнат учество на високо ниво, а седниците и советувањата на едно општинско собрание можат да го

---

* Raymond Ledrut, Sociologie urbaine, P. U. F. Paris, 1968, p. 73-98

привлечат вниманието на јавноста само заради интензивноста на колективниот живот на градот во целина (како заедница). И обратно, политичкиот живот е моќен фактор на колективниот живот и општествената кохезија до таа мерка, што општинската политика допира директно до основните интереси, конкретни и секојдневни, на жителите на градот. Проблемите на управата за патиштата и сообраќајот, за сместувањето и снабдувањето се тесно поврзани со виталните интереси, оние најнеопходните, на жителите на една градска заедница.

Сепак, денес многу од жителите на еден град, не покажуваат никаков интерес за јавниот местен живот и не се чувствуваат засегнати од настаните во градот. Врската меѓу општиот и приватниот интерес не живее во позитивните политички односи. Многумина од граѓаните не бараат да бидат зафатени со општествена одговорност; најголемиот дел од нив воопшто не се грижи за јавниот живот вон изборните периоди; мнозинството од нив гласа без да оди на политичките состаноци, а еден важен дел дури и не излегува да гласа. Овој феномен не е својствен на француските градови, а широко е распространет во САД. Тој ги засега средните, малите па и големите градови, иако на еден помалку значителен начин. Менувањето на економските и социјалните услови - во еден среден период - се чини дека не го менуваат феноменот што произлегува од подлабоки причини и од основните структури на нашето општество.

Роберт и Хелен Линд (во Middletown in Transition) изучувајќи го малиот град, именуван од нив middletown, во нивната анкета од 1937, како и во онаа од 1929, истражувале идентична политичка апатија: општа рамнодушност, повеќе или помалку голема, во зависност од единката и слаб стремеж за превземање на јавни одговорности. Се чинеше дека политичката корупција не ги засега граѓаните. Поновите анкети ја докажаа истата рамнодушност и истото дистанцирање од учество во јавниот живот. Особено видливи на политички план, овие ставови се среќаваат во функционирањето на колективните организации со општествен карактер (служба за здравство, социјално осигурување итн.). Арнолд Роуз покажа дека во гратчето што тој го нарекува easterntown, интересот за политичките настани е малку слаб и дека сите направени напори граѓаните да земат поголемо учество во општинскиот, политички живот, не само што беа неуспешни, туку, уште од самиот почеток беа осудени на пропаст.

Сигурно е дека објаснувањата дадени од политичарите, наречени "лидери", коишто ова го осудуваат и жалат заради недостатокот на граѓанско чувство, не се идентични со мотивите

што ги даваат граѓаните, а тоа сведочи за незаинтересираност. За да се откријат причините за оваа немилост, за овој недостиг во учествувањето, не треба да се потпира ниту на образложенијата на едните, ниту на оправдувањата на другите. Меѓутоа, како што ни покажаа нашите студии, а исто така и оние на нашите соработници за Тулуза, По, Сен-Годан и Фижак, тврдењата на едните и другите не се ни безвредни, ни без основа.

5.1.2 Проблемот на политичкиот живот е проблем на интеграција

Проблемот на колективниот живот, а особено оној на учеството во политичкиот живот на локалната заедница е проблем на колективната интеграција на жителите од една локална заедница. Она што го предизвикува неуспехот на оваа интеграција го ограничува учеството. Не треба да се мешаат симптомите со синдромот. Недостигот на интеграција се толкува како тегоба, како притисок и взаемна сомничавост што владее меѓу оние кои што управуваат во местото и оние кои се нивни граѓани. Жителите најавуваат дека не можат да влезат во играта, а општинските службеници им префрлаат дека не прават ништо за да го сторат тоа. Во middletown, граѓаните велат дека локалната политика е измамничка игра; во многу француски градови се осудува оваа политика што се одвива во рамките на затворени политички групи. Но одговорните политичари од своја страна потврдуваат дека незадоволните не разбираат ништо, дека не се спремни на соработка и мислат само на своите особени мали интереси. За нив, "обичните" жители на градот се ситничави: ја чуваат само својата страна на улицата. Без секакво сомнение е дека во овие жестоки критики, многупати слушнати за време на градските анкети има одраз од една реална ситуација. За постоењето на еден таков расцеп и такво недоразбирање, има длабока причина. Напразно е да се обвинуваат недостатоците на едните или другите, и да се смета на будењето на граѓанското чувство и волјата за дијалог.

5.1.3 Колективното чувство и општествената интеграција

За да има колективно учество и интеграција, би требало сите граѓани подеднакво да ја почувствуваат нивната припадност во градот и од тоа да извлечат чувство за заеднички интерес.

Покрај ова, не би биле исклучени ни опозицијата ни ривалите. Бидејќи ова чувство на припадност не е општо во нашите современи градови - особено во големите градови - тоа е честопати многу слабо меѓу оние што го чувствуваат. Тоа е избришано од други многу посилни чувства на припадност, или пак од еден силен индивидуализам мошне развиен во потрошувачкото општество. Постојат разни причини за ова. Меѓу најважните е географската подвижност. Во САД таа е веќе одамна многу развиена и во Франција, во последниве десетина години исто така. Интензитетот на оваа подвижност може да биде длабоко сфатен, меѓу жителите од еден град на еден одреден датум, преку пропорцијата на лицата кои на некој поранешен датум не се наоѓале тука, додека растојанието меѓу двете дати е помало или поголемо (година или период од 8 години, повремено прекинуван, во Франција, или 10 години во САД). Овие лица се наречени мигранти или "доселеници во општината" (терминологија на I.N.S.E.E. во Франција). Поновите студии за активната популација во еден, определен број градови во регионот на Јужни Пиринеи го покажуваат интензитетот на имиграцијата. Просекот на коефициентот на географското обновување на активното население меѓу 1954 и 1962 е околу 30 одсто за сите градови. Најголемиот процент е 51,7 одсто, а најнискиот е 20 одсто.

Меѓутоа, од гледна точка на социологијата, мобилитетот што го има во еден град не може да биде измерен единствено преку пропорцијата на мигрантите во градската популација. Во мобилноста спаѓа и емиграцијата и имиграцијата. Таа не е сведена на пристапување кон градскиот колектив бидејќи ,излегувањето од него е исто така дел од таа мобилност што треба да биде разгледана како целосен прилив кој што во еден одреден период, ја прави стабилна една фракција која е повеќе или помалку присутна во популацијата. Бидејќи бројниот однос што постои меѓу стабилната популација и онаа што се менува, има големо дејство врз колективната интеграција. Релативниот обем на стабилното јадро има директни последици врз начините на интеграција, како и врз формите на колективната диференцијација, на структурата на власта и градскиот динамизам. Од друга страна, еден град е длабоко одбележан од разликите кои постојат меѓу стабилната популација и лицата кои се движат. Многу е важно да се знае дали има многу, средно или малку постојани и активни жители, еднакво или нееднакво поделени во социопрофесионални категории и економски активности.

Бирото за попис на населението на САД нуди размер за мобилноста земена во глобала во еден краток период (една

година): во 1958 год. 11 милиони лица го смениле реонот на престој во текот на годината. Степенот на мобилност, детерминиран на тој начин е 6,7 одсто за целата американска популација. Ако се води сметка за менувањето на живеалиштето, што може да биде во еден ист локалитет и во секој случај во ист кварт, пропорцијата се качува скоро на 20 одсто (19,8 одсто). Менувањето на живеалиштето во рамките на еден кварт има голема улога во пространите населби: од тоа зависат интензитетот на колективниот живот во квартот и влијанието на посредните групи.

Мобилноста, според проценките на Бирото за попис на населенеито на САД, се менува зависно од типот на агломерацијата (селска-земјоделска, или неземјоделска; градска - урбанизирана зона и неурбанизирана зона), според големината на агломерацијата (сосема неправилно) и според интензитетот на нивниот пораст. Последнава меѓусебна зависност е една од најкарактеристичните и најважните за нашава анализа. Данкан и Реис (Duncan et Reiss, Social caracteristics...) го пресметале коефициентот на корелација (за 151 агломерација во урбанизираните зони што имаат популација од 100.000 и повеќе жители) меѓу градскиот растеж (1940-1950) и пропорцијата на лица кои не го смениле живеалиштето во 1950: тој коефициент е многу висок и е инверзен (P = 80). Разгледувајќи ја единствено популацијата на мигрантите, ние пронајдовме, за градовите од регионот на Јужните Пиринеи, директна корелација меѓу степенот на растеж и показателот на географското обновување. Од друга, страна можеше да се набљудува дека под еден извесен праг на пораст, корелацијата повеќе не постои: од ова може да се заклучи дека постои еден миграционен минимум. Односот меѓу растот на градовите и мобилноста потешко е да се разбере. Дотолку повеќе што разликите не се значителни во мобилноста. Од дистанца мобилноста изгледа како најпресуден феномен...

5.1.4 Мобилноста и интеграцијата

Бидејќи овој важен "мобилитет на растежот" ги засега на различен начин разните општествени групи на активната популација, тој има особено дејство врз колективната интеграција. Во Сен-Годен, на пример, географски најстабилни општествени групи се: групата на работодавачи (газди, сопственици) во индустријата и трговијата (главно тоа се ситни трговци и занаетчии) и групата на членови на либерални (напредни) професии. Пропорцијата на стабилното јадро во овие групи е околу 75 одсто, во период од 8

години, додека оваа пропорција опаѓа на 53 одсто кај кадрите и техничарите, на 50 одсто меѓу работниците, на 40 одсто кај службениците. Вкоренувањето во локалната заедница им дава на најспособните групи значителна улога и моќ во јавните настани. Преку создадените врски и "познанства", тие можат полесно да се присоединат кон колективниот живот и многу повеќе да учествуваат во јавниот живот, особено во малите градови.

Состојбата, дури и на лицата од стабилните групи (лекари, адвокати, занаетчии, трговци) им нуди бројни можности за непрекинати контакти со населението. Сите тие, повеќе или помалку, имаат клиентела. Кога нивниот прием е толку широк што се доближува до границите на соседството, кога нивната личност е доволно силна за да биде призната од оние што се рамни на нив, и кога тие ќе преземат некакви одговорности во рамките на локалните друштва и организации, професионални или спортски итн. - тогаш тие стануваат "угледни граѓани", локални личности кои се општопознати и способни да ги придобијат гласовите на бирачите. Во секој развиен степен тие претставуваат подвижна сила на изборите. Со нив можат да се натпреваруваат само учителите и црковните лица со нивното влијание. Освен тоа, и покрај честите политички несогласувања учителите или свештениците не се секогаш дел од некоја друга социјална средина. Меѓу овие "угледни граѓани", владее еден определен договор, и тоа меѓу оние кои веќе не се големи газди или големосопственици. "Старите Тулужани" - како и "старите од Сен-Годан" - сочинуваат, и покрај сите внатрешни разидувања, една хомогена средина на мали луѓе, повеќе или помалку задоволни. Очигледно е дека во индустриските градови, каде што еден голем богаташ е вкоренет веќе долго време, состојбата е сосема различна. Сепак стабилноста насекаде е фактор на социјална власт во служба на угледните, какви и да се тие. Лошо сместените, оние кои се на минување, остануваат настрана во секој поглед, толку долго колку што стабилното јадро има доволно цврста бројна база. Тогаш населението се стреми кон одвојување на два дела. Од една страна се постојните, вкоренетите, релативно добро здружени, кои понекогаш сочинуваат вистинска локална комуна што се регрутира во светот на поседниците, големи и мали, на либералните занимања и неподвижните кадри на јавната функција, делумно составена од работници, честопати слабо квалификувани и доста нестабилни - понекогаш од друго национално потекло или странска етничка група - а делумно тоа се службеници и кадри од приватниот и јавниот сектор. Значи, социјалната разлика е доста забележителна меѓу постојното јадро и

нестабилниот крај на населението. Физичките работници се многубројни во тековната (непостојаната) фракција...

...Миграцијата што се менува - емигранти и мигранти во целина е помлада од постојната популација. Во сите категории на градови во САД, во 1950, се забележува разлика од 3 до 4 год. во просечната возраст на лицата што се движат и онаа на популацијата на градовите во целина. Разликата е уште поголема ако се земат предвид и мигрантите од селско потекло. Просечната возраст на мобилната популација - или на онаа нестабилната - е впрочем дотолку поголема, доколку е поголем растежот на градовите е (од 25 год. во градовите со барем 25.000 жители, до 30 год. во градовите со 3 милиони или повеќе жители). Исто и во Сен-Годан, менливата фракција на активното население е помлада од постојаната фракција. Мигрантите и емигрантите се млади: показателот на географското обновување (однос на бројот на мигрантите со населението населено во почетокот на периодот) е: за периодот 1954-1962 - 66,7 одсто, за активните од 15 до 29 години, додека само 52 одсто е за сите активни во целина. Оваа појава не е без последици врз општествениот живот, и тоа врз колективниот динамизам и формите на интеграција.

На овие основни разлики треба да се додаде уште една разлика чие влијание не треба да се запостави. Географски најпостојаните групи се исто така социјално најнепропустливи. Пропустливоста е исто така слаба повеќе на социјален отколку на географски план. Всушност, и покрај една напредна струја на општествениот мобилитет на физичките работници кон останатите службеници - силна струја својствена на напредните капиталистички општества - и покрај размените меѓу различни социјални слоеви, групата на газдите и на членовите на либералните професии се обновува многу послабо отколку другите групи. Напредната струја го намалува интензитетот кога доаѓа до супериорните слоеви. Размените се особено бројни меѓу инфериорните слоеви на средните кадри, службениците и работниците. Така во градот постои една заедница на луѓе, демографски, професионално и социјално мошне добро дефинирана. Ова јадро има многу јака отпорност во секој поглед. Поделбата на населението што се должи на мобилитетот се засилува и се толкува како социолошки прекин во градскиот колектив. Таа понекогаш се јавува на морфолошки план преку просторно одвојување. Новодојдените тогаш живеат во одвоени квартови: најсиромашните се сместуваат - помалку или повеќе привремено - во старите делови од градот или на периферијата, а помалку сиромашните - во големите населби...

5.1.5 Мобилноста и социјалните односи

...Дејствата на мобилноста или флуидноста - врз колективната интеграција зависат од интензитетот на оваа мобилност. Очигледно е дека мобилноста, врши одредено дејство врз единките, групите или заедницата дури и кога е слаба. Но квантитативните разлики ги одвлекуваат квалитативните или структуралните разлики. Мобилноста секогаш ги намалува социјалните односи, заради тешкотиите што ги има непостојаната единка за да оствари контакти. Професионалната мобилност може да има дејства со ист ефект како и оние на географската мобилност. Постојаните прекини на социјалните врски, предизвикани од мобилноста, се фактори за дезорганизација на општествените структури. Флуидноста на единките (индивидуите) доведува до флуидност на општествените односи и на нивните комбинации во формалните или неформалните групи: таа е општествено разурнувачка. Според тоа, треба да се има многу моќен базичен апарат за да се одржат колективните институции и структури. "Откорнувањето", ако го употребиме изразот на Баре (Barres) и Симон (Simon) бара зајакнување на системот на безлични односи (systéme des relations impersonnelles).

Општествените ефекти од растежот на флуидноста не доведувале само до нагласување на дезорганизацијата во безличните општествени односи. Тие повлекуваат ослободување на колективната свест и на индивидуалноста на градот. Всушност, чувството за припадност кон градот е послабо нагласено кај новодојдените. Тоа е особено слабо кај мигрантите кои биле многу подвижни или пак се од селско потекло. Само едно издигнато општествено - културно ниво може да го надополни тоа дејство. Учеството во колективниот живот е дотолку поограничено, доколку мобилноста е поголема. Колективната интеграција е загрозена. Жителите кои често го менувале местото на живеење на крај се чувствуваат како странци во градската заедница каде што живеат, дури и кога се врзани преку одредени интереси. Заедницата исчезнува. (Lipset, Social Mobility and Urbanization, A.J.S. 61, 1956).

Кога мобилноста е слаба, само една мала група мигранти се населува честопати и се интегрира, бидејќи ремиграцијата (Remigration) е еднакво слаба, а нестабилноста е ретка. Во почетокот тие се странци во градскиот колектив, а потоа малку по

малку се врзуваат со него, дури и кога има класни конфликти. Тие нема да ја сочинуваат "главно" работничката класа, туку ќе бидат дел од работниците од оваа или онаа фабрика во местото. Откорнувањето е засега само кај мал број; тоа е надминато дотолку полесно, доколку новодојдените ги сочувале врските со селското подрачје, и доколку и самиот град не е отсечен од својот "hinterland".

Наспроти ова пак, ако мобилноста расте, при што новодојдените образуваат важна и нестабилна маса, подложна на ремиграција и сместена во еден многу пространград, каде таа маса се чувствува туѓа, ако имигрантите не можат да бида примени во некоја локална општествена група и ако наспроти овие мигранти постои едно стабилно и моќно јадро на големи или мали видни граѓани, тогаш ситуацијата и моделот се менуваат. Се набљудува поделбата и раскинот споменати погоре. Она што, за време на целиот XIX век во Париз не била состојба на работничката класа која била цврсто сместена и соединета, ни во Тулуза, состојбата на јужниот народ сé уште неоткорнат од својот менталитет, - сето ова се стреми во 20-от век да стане состојба не само во мегалополисите, туку и во средно големите градови, па дури и во малите. Општинската демократија дејствува сé помалку и помалку добро, заради просечното учество на нестабилната франга и тешкотиите со коишто се среќаваат многу жители за да се идентификуваат со градот. Мобилитетот не е извор на динамизам.

5.1.6 Елемент на колективна кохезија

На еден повисок степен на интензивност, мобилноста има други дејства и се забележува појава на трет модел. Кога стабилното јадро е двојно послабо, неговата моќ и општествената организација која е поврзана со него, попуштаат. Флуидноста станува општа: таа ги зафаќа сите механизми и сите институции. Иако таа не доведува секогаш до важни општествени промени, сепак ги изедначува ситуациите. Колективноста не е веќе поделена на две фракции. Со општествената конструкција на градот исчезнува статичниот фактор од социјален "поредок" кој е елемент на делумната колективна кохезија. Кога економските, социјалните и политичките структури остануваат исти, флуидноста ги раскинува старите односи но, не го спречува ни присвојувањето на власта ни измамничката игра на политиката. Индивидуализмот се зголемува, појавите на општествена дезорганизација се развиваат,

политиката станува предмет на јавното мислење. Токму ова се случува во многу големи американски градови чиишто општи карактеристики и политички живот беа опишани погоре. Незаинтересираноста и отсутноста за учество стануваат речиси општи појави со невообичаена ширина. Демократијата, е во прашање поформално од кога и да е.

Без сомнение, може да се замисли еден друг вид на флуидна колективност во градот. Од него има многу малку примери, ако го оставиме настрана можеби оној во Гренобл, што се збир на едно испитување коешто е во тек, а чијшто развој треба да се следи. Може да се замисли една флуидност придружена кон една посилна интеракција и мобилност што е извор на колективен динамизам. Сепак, овие појави кои се политичко-административни и социоекономски не можат наполно да се остварат во рамките на општествените т.е. политичките навики, и во рамките на сегашните структури на нашето општество.

5.1.7 Мобилноста и моралната изолација

...Недоволното учество на жителите во јавниот живот и осредноста на колективната интеракција не се израз на суштествена незаинтересираност, туку на многу важен недостиг на односи меѓу популацијата и одговорните лица. Структурите на колективната интеграција се недоволни и неприспособени. *Каналите за врски веќе не одговараат на новите услови на колективниот живот.* Тие даваат само многу слаби и празни информации - тие не дозволуваат одговори, приспособени на овие информации. Патерналистичкиот техницизам и ирационалноста се последици од тоа. Бидејќи, каналите за врски се определени од групации и посреднички структури, а тоа е токму она што го става во прв план прашањето за формите и институциите на општествениот живот во градската средина.

Кога населението што ја сочинува базата на еден локален колетив е многу големо и различно во улогите и активностите, тоа бара, заради своја интеграција, во еден колектив да делуваат посреднички групи меѓу семејството, или домаќинството и самиот град. Усогласувањето на групите е фактор на кохезија. До неодамна таа улога ја имаа здруженијата. Овој тип на групирање, основачки и многуфункционален, е исчезнат. Кои групи ја превзеле улогата на здруженијата, и какво е нивното дејствување? Тие беа заменети од групи, создадени од коегзистенција на соседството и на квартот, и од доброволни групи, создадени врз база на вкус

или интерес. Овие групи можат да контролираат само еден дел од однесувањето на единките кои тука учествуваат. Освен тоа, тие се слабо поврзани едни со други: нивните активности се средно координирани, а нивните функции се лошо составени. Може да се даде пример за односите на работодавците и иницијаторите, кои се задолжени да го сместат населението, со трговците кои треба да ги снабдуваат разните потреби на тоа население. Проблемите на составување на различни групи на приватни средства, се многу тешки во територијалните заедници што се подложни на промени. Конструкцијата на групи на неподвижен имот е ретко придружена со креирање на приватно трговско снабдување, способно да одговори на потребите на новите жители. Кога превозот во целост е гарантиран од една приватна компанија, потребно е да се чека однапред да биде загарантирана широка рентабилност за линиите да можат да бидат продолжени.

Така, одложувањата и задоцнувањата се зголемуваат. Општествената контрола во режимот на индустрискиот капитализам - напреден или не - веројатно лошо се покажала штом движењата зеле голем интензитет. Се успеало да се одржи само еден "среден" ред. Се чувствува потребата подобро да се усогласат однесувањата на групите, но недостигаат институциите и механизмите што би можеле да обезбедат комуницирање и соработка. Но не е најмал проблем на урбанизмот да ги приспособи единките за разни акции. Ова прилагодување бара да се покренат во комуникација разни средства, и поради тоа, да се покренат и групи кои ги контролираат овие средства.

5.1.8 Рамнодушност и морална изолација

Сепак, оваа контрола останува мошне слаба, бидејќи групите што постојат во еден градски колектив имаат само еден просечен живот и имаат само малку моќ над единките кои се дел од нив. Заедниците во соседство сé уште постојат. Но тие сепак лошо го контролираат однесувањето на нивните жители. Подоцна ќе видиме дека и квартовите имаат малку колективна коегзистенција. Групите сврзани со заеднички интереси и професионалните групи остануваат како најдобро организирани групи коишто мошне добро го контролираат партискиот сегмент на однесувањето на нивните членови. Улогата на парохиите и партиските секции е многу ограничена. Професионалната како и географската мобилност се толку важни што не ѝ дозволуваат на единката да се вклучи во локални и професионални групи. Во

големите градови треба да се води сметка колку за мобилноста внатре во градот, толку и за движењата на излегување и влегување во градот. Констатирано е дека 13 одсто од Американците во предходната година имале друго живеалиште. Токму ова допринесува, по кратко време, најголем дел од жителите на еден кварт да се променат. Професионалната мобилност што доведува до менување на претпријатието, на службата или занаетот, периодично ја откорнува единката од средината кадешто со време таа би можела да се смести и да пушти корења. Таа ги напушта својата канцеларија, своите канцелариски колеги и целата своја социјална средина. Таа е принудена да врзува нови односи што останууваа нестабилни, се привикнува на еден вид рамнодушност, а понекогаш и на морална изолација. Како би можело да биде солидно припојувањето кон групите? Како би можела да биде силна општествената контрола на овие групи? Како самите овие групи би можеле да имаат моќна колективна реалност?...

Посредничките групи се речиси без дејство и ретко го гарантираат приклучувањето на единката кон локалната заедница. Тие не ја играат нивната улога на посредници. Тие не го развиваат учеството во колективниот живот - делумно и во јавниот живот - и тие се само бедни инструменти на градската општествена контрола. Сепак, функцијата на некои од овие групи може да биде од суштествено значење, кога бројот на нивните приврзаници е доста голем, кога виталноста им е голема, и особено кога некои глобални услови на нивната активност се исполнети. Разни искуства, особено во Скандинавските земји, покажале дека нивните доброволни друштва можат да имаат забележителна улога во растежот на колективниот динамизам и во градската интеграција, кога нивната дејност се врши во глобалната структура на колективниот живот. Ако пак овие друштва се затворени кругови, без можност да се отворат кон проблемите од општ интерес тие допринесуваат кон оградување и внатрешна поделба, повеќе отколку кон интеграција. Значи, групите можат да имаат различно влијание, како што можат и посредничките колективи. Доброволните друштва се општествени инструменти и со двојна острица. Уште еднаш, проблемот што се поставува е оној за средствата - канали и институции - коишто групите допуштаат да се поврзат со колективниот, земен во целина...

5.1.9 Општинската власт и потребите на луѓето

...Каналите за комуницирање обезбедуваат мошне ограничена размена на информации, на двострани информации меѓу колективните фактори и приватните фактори во денешните градови. Практиката на "не - информација", што законски може да им се припише на јавните фактори (подвижни сили) и што ја поддржуваат делумно нивната недоверба во поглед на народот со простачки, егоистички интереси, не е единствена причина за недостаток на комуникација. Има подлабоки причини. Мрежите на комуникација не се едноставно создадени од органите што даваат информации од јавен карактер, или од органите кои даваат или примаат информации од приватен карактер (локалниот печат, на пример). Освен тоа, општинските фактори располагаат со малку важни органи за информации: тие воопшто не можат да ги употребат радиото или телевизијата освен за да пренесат "информации", во тесна смисла на зборот, често со чисто информативен карактер. Мрежите на информации се исто така составени од единки и особено групи, коишто располагаат или не со средства за масовно комуницирање - преку кои се распространуваат и пренесуваат еден извесен број на информации, во поширока смисла. Гласините се истовремено еден вид на информација (неконтролирана и што не може да контролира, пластична и двосмислена) и вид на пропаганда на информациите. Многу често градските колективни фактори се засегнати само од гласините. Тие комуницираат со масата, давајќи административни информации, што доаѓаат повеќе или помалку лесно до единките и оттаму примаат гласини.

Не треба да се чудиме од тоа што тие бараат достоен претставник. Бидејќи, ако самите тие се претставници, со титулата на политички избраници, уште од изборот тие губат контакт. Значи, тие би требало да си ја вршат должноста преку посредник кој е постојано во контакт со масата како заедница - освен ако не се претставници и не се "законски" - и со општинските виши и нижи службеници, зафатени со грижи околу нивното управување. Но, една комуникациска мрежа не може да биде создадена од единки. Тоа претпочитува да има стабилни, организирани и распоредени канали. Пренесувањето на вести во општеството чијашто маса има големи колективи, може да биде остварено само ретко, меѓу двајца соработници кои припаѓаат на два краја на градската средина. При ова се поставува проблемот за транс-

мисија, во секоја смисла. Повеќето актуелни посреднички групи, слабо или добро организирани, се неспособни да го решаваат тоа. Сепак, една од улогите, една од функциите на групациите како здруженија на родители на ученици, друштва на станари или трговски комори би требало да биде гаранција за оваа комуникација. Што се однесува до групациите со просторен карактер (заедници во соседство или квартови), нивна функција во комуникациите од градски карактер, се чини дека се намалува истовремено со намалувањето на општествената реалност. Во големите градови нивната улога е слаба, па дури и во распространувањето на информациите и ретко ја надминува рамката на случки од соседството или од квартот (брборење и сл.).

Во мрежата на комуникации, чијшто дел се овие групации и организации, "пропаста (загубата) на информација" е невообичаена. Ништо не функционира полошо. Помислите само на тоа, дека еден ден наспроти општинските избори, значителен дел од избирачите во Тулуза не го знаеше името на градоначалникот, кој пак на тоа место беше веќе 7 години. Малкумина Тулужани знаат дека постои директор за планирање на урбанизмот! Што се однесува до општинската власт, за колку потреби таа не знае? Што знае таа за активностите на своите жители кои најдиректно влијаат врз нејзината иднина? Ние сме далеку и од "прозирноста" и од рационалноста...

...Групациите и организациите што сега постојат, зафаќаат само мал дел од населението и воопшто не се консултираат (советуваат) со одговорните фактори од градот. Тие исто така имаат своја бирократија. Нивните "водачи" припаѓаат главно на истата средина како и политичарите. Така тие не можат да ја исполнат нивната функција. Тие не ја засегаат доволно масата, тие имаат само епизодни и формални врски со општинската власт. Кои се групациите што утре би можеле да ја зацврстат оваа врска? Кои се условите што би можеле да допуштат формирање или будење на вистински посреднички тела? Тоа според општествениот експеримент значи да се бараат средства за да се одговори на актуелните недостатоци што главно се должат на карактеристични неадаптации.

5.1.10 Јавноста и урбанизмот

Креативното градско планирање бара учество на јавноста коешто не може да се сведе на политички консултации. Неопходно е јавноста да биде потесно поврзана со урбанизмот и

при тоа да може да биде застапувана во органите за развој на градот. Тоа е услов за колективна интеграција, за поефикасна општествена контрола, и оттука - за позитивно и креативно планирање. Градското планирање не се сведува ни на решенијата на општинските власти, ни на урбанистичките планови. Значи, би требало да се пронајдат оригинални инструменти за учество. Треба да се создадат нови структури на колективна интеграција. Не недостасуваат вистински поттикнувачи на масата, но тие се често обесхрабрени. Потребно е да им се даде можност да бидат посредници меѓу народот и надлежните власти. Можно е "советите на квартот", да се создадени и развиени околу јадрото на училишни и општествени или културни групации. Социологијата не може да каже дали треба да се следи само еден пат, или пак да потврди дека новите форми на општествено постоење треба да се пронајдат и можеби да нé натера да видиме дека овие форми насекаде се бараат и се изработуваат. Бидејќи никулците на утрешното општество се различни и сé уште кревки, не би требало да се заклучи дека тие се без ефект, без сила и без иднина. Без сомнение е дека колективната безличност може да се развие, но тогаш неадаптацијата и расипувањата што притоа растат би довеле колективната интеграција да се најде сведена на ништо и тоа би било момент да исчезнат "локалните колективи" и да ѝ ја препуштат на една повеќе или помалку зависна власт, што зависи од централната власт, грижата да управува со проблемите на населението кое би престанало да има колективно постоење. Тогаш навистина времето во градовите би било исполнето.

5.2 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ*

Концептот на социјалните мрежи во современата социологија започнува со истражувањата на J.A. Барнес (Barnes, 1954) иако некои траги водат до социометриските студии на Морено од 30-те и 40-те Роџерс, (Rogers,1987). На елементарно ниво, мрежата метафорично бара да ги визуелизираме индивидуите, вградени во системот на социјални меѓуодноси што ги групираат луѓето во формална група на односи, како на пример, семејство, благородништво, работа. Сликата на социјалните мрежи укажува на тоа дека индивидуите не живеат во посебни групи, или во систем на групи, туку на фактот дека луѓето живеат со комплексен систем на меѓусебни односи. Овој систем ги обединува индивидуите како такви со други посебни индивидуи. Така, во кое било време дадената индивидуа е субјект што влијае на неговото или нејзиното размислување и однесување од широкиот спектар на нивните контакти со други. Овие "други" се луѓе кои се познаваат со индивидуите што се во прашање. Секоја личност познава определен број на други луѓе, нејзините пријатели и познаници познаваат други итн. Така, секој од нас може да се постави како центар во системот на врски кои се вртат околу нас. Тоа е нашата социјална мрежа.

Сликата на социјалната мрежа ни дава корисна метафора да правиме разлика меѓу структурните карактеристики на лични врски во урбаната и во руралната средина. Руралната мрежа е густо структурирана, така што во релативно мали места секој го познава секого. Соодветно е да дадеме слика со силно изразена мрежа на односи помеѓу жителите. Во градот луѓето ретко контактираат со своите пријатели и познаници. Така што урбаните мрежи се лабаво структурирани или "отворени". Секако, во градот некои индивидуални мрежи можат да бидат густи,некои отворени во зависност од степенот на густината. Урбаниот селанец чиј живот е заокружен со територијата на соседството или жена која живее во источниот дел на Лондон и која е подробно запознаена со настаните во нејзината улица, ќе има позатворена мрежа отколку некои од космополитите на Ганс. Франкенберг (Frankenberg, 1966) издаде колекција на студии за заедницата од Англија, Ирска и Велс - корисна илустрација за веројатноста на концептот

* William G. Flanagan, Contemporary Urban Sociology, Cambridge, University Press, 1993, p. 26-38

за споредба на разликите меѓу социјалните структури и густината на населеност.

5.2.1 Социјалната мрежа на урбаните селани

Мрежите претставуваат некаков вид структура на помошни средства. Тие обезбедуваат помошен резервоар на информации што индивидуите можат да ги употребуваат во посебни услови. Тие исто така директно или индиректно ги поврзуваат индивидуите за добро ситуираните, кои можат да влијаат на индивидуата која е во прашање. Теоретски, колку повеќе е поотворена мрежата, толку повеќе се поваријабилни или хетерогени системите на меѓусебни односи, и повредносни ќе бидат системите на врски под различен сплет на околности. Оваа констатација на Грановетер (Granovetter, 1973,1982) е извонредно прецизен опис на "силата на слабите врски". Урбаниот селанец можеби ќе ужива во мала, но затворена блиска мрежа на пријатели и роднини, сите со приближно исто потекло и искуство, но помошните врски во таквата мрежа се ограничени. Ова станува поочигледно ако таквата мрежа се спореди со мрежата на личност што е поврзана со релативно слаби врски со поширок спектар од другите. Слабите врски се корисни бидејќи тие ја врзуваат индивидуата со поразлични помошни средства, па така потенцијално го поврзуваат учесникот со информација која е нова и неприемлива на друг начин Кембел, Марсден и Хулберт: (Campbel, Mursden and Hulbert, 1986, 98-99).

Концептот на социјална мрежа придонесува за креирање на ментална слика на една социјална структура во градот. Едната почнува со ментална слика за една социјална мрежа, една егоцентрична структура (базирана на меѓусебни односи и аспект на единствена индивидуа). Таа индивидуа стои во центарот, обиколена со сите личности со кои може да се рече дека таа комуницира. Понатаму, секоја од личностите во оваа ментална слика може да стои во средината од својот систем на врски, како и секоја од личностите со која се поврзани, итн. Иако дијаграмот наскоро станува комплициран, сугерира нешто од структурата на било која популација, како што е онаа во градот. Импликациите од сликата на мрежите покажуваат една важна димензија на урбаната структура т.е. градот е мрежа на социјални мрежи (Craven and Wiilman, 1973).

5.2.2 Актуелни трендови во научната работа за урбаната заедница

Идеите за изгубена заедница, заштитена заедница и ослободена заедница продолжуваат да дејствуваат заедно со развојот на урбаната социологија. Актуелните истражувања укажуваат на тоа дека луѓето кои живеат во градот понекогаш страдаат од отуѓувачките ефекти на животот во урбаната средина, а оние кои понекогаш живеат во урбани села од разни видови и неизбежно стојат во центарот на сопствената социјална мрежа. Почетните прашања што ги насочуваат современите истражувачи се: До кое ниво и под какви услови дејствуваат овие карактеристики на урбаното искуство и организација ? Можеме ли да утврдиме колку е важно живеалиштето во воспоставувањето на урбаната мрежа? Под какви услови луѓето се чувствуваат урбано во домовите во градот и под какви услови тие подлежат на стресот на урбаната заедница?

Да го земеме примерот на современиот урбан човек - млад припадник на машкиот пол и дилер на марихуана во голем град во Северна Калифорнија. Неговиот неформален сектор, ситната трговија, го искористува хаотичното соседство во коешто пораснал. Тој работи на аголот од улицата кадешто може да ги сретне пријателите и познаниците кои ги познавал пред да почне да се занимава со оваа работа; социјалниот простор кај што работи наликува на многуте блокови или заштитени соседства. Тоа се луѓето од кои зависи во својата трговија. Меѓу дилерот и купувачот се гради врска базирана на познанство и доверба во натпреварот меѓу цената и квалитетот на производот, значајни поради тоа што незаконските трансакции се брзи и не дозволуваат ценкање, инспекција и промоција. Сепак, дилерот е член на распространетата градска мрежа на дилери кои си го почитуваат ексклузивното право на клиентела, кои се упатуваат еден на друг ако предходниот дилер не ги снабдил и го обезбедуваат протокот на информации за полициската активност и еден на друг си служат како заедничка служба за помош и предупредување од евентуално апсење. Но, постои и еден елемент на непријатност и одбегнување во искуството на ситниот трговец. Градот, сепак останува опасно место и дилерите со марихуана ги одбегнуваат посебно (тешките) опасните делови од градот кадешто работат дилерите на хероин и нивните потрошувачи Филдс (Fields, 1984, 251-263). Локалитетот, мрежата, супкултурниот афинитет и

одбивноста кон другите урбани жители, се чини, дека овде дејствуваат.

5.2.3 Локалитет и социјални врски

Во последните две декади, истражувачите ја прифатија идејата дека "заедницата" не е место, туку систем на социјални врски т.е. посебен просторен социјален феномен што не треба да се заменува со соседството. Како и да е, истражувачите продолжуваат да ја прикажуваат важноста на местото на живеење што делува врз просторната дистрибуција на социјалните односи. Соседството сé уште игра важна улога во физички зацврстените социјални мрежи, посебно во мрежите на оние кои минуваат многу време во градот и имаат високо ниво на идентификација со нивното живеалиште Кембел и Ли, (Campbel and Lee, 1992).

Гринбаум и Гринбаум (Greenbaum and Greenbaum, 1985, 48-70), ја проучуваа скромната населба во Канзас, Канзас сити, населена со голем процент на изнајмени живеалишта со едно семејство. Тие ги замолија жителите (сите жени) да покажат на картата на градот каде живеат нивните пријатели и познаници или луѓето со кои тие редовно контактираат. Фасадата на блокот, во случајов живеалиштата на тие луѓе, се протегаа во истиот блок во кој испитаниците живеат. Но овде се забележува и појавата на "опаѓање со далечина". Имено, жителите познавале 61 одсто од жителите во далечина од 150 стапки од нив, 20 одсто на далечина од 150-300 стапки и се разбира процентот опаѓа со зголемувањето на далечината. Испитувањата на Гринбаум и Гринбаум покажуваа дека локацијата на живеалиштето има голема улога во откривањето на тоа со кого се познаваат луѓето и со кого се дружат, но не покажува како тие познанства влијаат на социјалната мрежа на луѓето бидејќи овде се работи за локални врски. Кембел и Ли (1992) во Нешвил истражуваа колку е важно соседството во системот на потполни врски на познанства. Тие откриваат дека демографските фактори имаат големо влијание на луѓето и познанствата. Полот, социјално - економскиот статус и возраста влијаат на степенот на кој индивидуалните мрежи се концентрирани на соседствата или пак се прошируваат на поголеми реони. Општата слика е комплексна. Познанствата на жените се лоцираат повеќе во соседствата, но степенот на интензитетот на соседските врски или фреквенцијата на контактите не е многу различна од онаа на мажите. Мажите и жените од повисокиот социо - економски статус познаваат малку поголем

број од нивните соседи, додека припадниците на понискиот социо - економски статус се поинтимни и бараат поддршка од лицата кои ги идентификувале како соседи и членови на сопствената мрежа. Возраста и состојбата на семејниот циклус, влијаат на соседските врски, но сепак се нелинеарни, комплексни примери (Кембел и Ли, 1992, 1086-92). Истражувањето укажува на фактот дека живеалиштето е еден од важните фокуси за познанство и пријателство.

Тешко е да се даде основа за тоа како живеалиштата во Канзас Сити и Нешвил се разликуваат од урбаните населби. Колку добро се познаваат соседите во облакодерите во Њујорк и колку често се дружат?

Една таква студија конкретно ја покажува класичната теза за урбана одбивност.

Зито (1974) се откажа од стратегијата за директен интервју, бидејќи уплашените жители од Менхетен едноставно не сакаа да ги отворат вратите. Прашалниците пратени по пошта откриа дека само 2 одсто од жителите можеле да ги именуваат останатите 15 семејства од својот кат, додека половината мислеле дека можат да ги идентификуваат соседите по видување. Постои голема неинформираност за соседите (т.е. што работат, заработуваат, итн.) и тоа им се допаѓа на жителите. Зито верува дека станарите не сакаат да се запознаат меѓусебно и дури самото споменување на името се смета за акт на нарушување на приватноста. Мнозинството од нив ниту посетиле, ниту пак биле посетени од било кој од другите 12.000 жители во реонот.

Ниското ниво на интеракција не секогаш индицира ниско ниво на приврзаност кон местото на живеење. Во високите згради во Њуварк, Њу Џерси, слични на оние на Зито во Менхетен во студијата на Словак (1986), се вели дека постои нередовност во комуникацијата меѓу жителите, со исклучок на контактите на спрат. Сепак, освен ниското ниво на интимните форми на социјализација (на пр. советување, посетување), многу луѓе се приврзани кон својата зграда што се изедначува со студијата на "заштитени соседства". Потоа, многу жители едноставно повеќе сакаат да бидат оставени насамо, но сепак се приврзани за соседството и воопшто не се вознемирени од недостигот на родното место.

Студијата од Њуварк го прикажува ефектот на приврзаноста кон соседството и приврзаноста кон заедницата со ограничена одговорност (самиот град Њуварк). Луѓето повеќе се приврзуваат кон соседството отколку кон поширокаата заедница. Повеќето од нив изразуваат големо негодување да заминат како

одговор на хипотетичното прашање за тој ефект. Словак, (1986, 587), Гест и Ли (1983) укажуваат на слични сознанија за Сиетл. Луѓето сé повеќе се приврзани кон тесно дефинираниот поим "урбано село", отколку кон поширокатa заедница. Приврзаноста кон поширокатa заедница тежнее да се одрази на основната сатисфакција за околината како убаво место за живеење. Приврзаноста кон соседството претежно е базирана на чувствата. Сите соседства не се "урбани села", но во оние кои се, жителите повеќе сакаат да живеат заедно со пријателите и родниниte.

Тоа што го покажуваат студиите е дека многу урбани граѓани го задржуваат чувството за место во градот. Тие нема многу да се дружат со соседите, сакајќи да се насамо и да ги одбираат врските по сопствен избор, а не под влијание на близината на живеалиштето. Најверојатно е дека најблиските социјални врски на многу луѓе се непропорционални со соработниците и колегите отколку со родниниte и пријателите (Фишер, 1982). Дури и во класичните студии (Ганс, 1962,21, Јунг и Вилмот 1957), приватноста на туѓите апартмани е резервирана само за родниниte иако луѓето познавале многумина од соседите. Неродниноското дружење меѓу урбаните селани зазема место во јавните места и е спонтано. Тешко е да се каже дали денес постои помало дружење на урбаните селани или дали е помало тоа дружење во облакодерите, во апартманите на средната класа од становите на работничката класа или пак во доградените куќи во Британски стил. Како фактор се јавува и архитектонскиот дизајн. Во Западниот крај на Бостон, структуралните особини на становите го поттикнуваат дружењето на жените чии кујнски прозорци биле свртени еден кон друг, долж долгите алеи (Ганс, 1962, 75). Во современите облакодери веројатно дека луѓето ќе го познаваат семејството наспроти нивната врата и неколкуте соседни семејства на тој спрат, но тие многу малку ќе ги познаваат соседите. Сепак, многумина се приврзани за зградите во кои живеат.

Иако не можат да прават многу работи заедно, сепак постои доказ дека луѓето ги прифаќаат своите соседи како слични на себе додека жителите од другите спратови ги сфаќаат како "лично од нас различни врсти на луѓе" (Зито, 1974,249). Локалното живеалиште останува важен извор за идентификација додека ефективната арена на интеракција е големо - градска.

5.2.4 Студии за мрежите

Неопходно е да се анализираат две прашања за да се прифати моделот на мрежата во современите испитувања. Прво, мрежестата метафора дека социјалната структура и личното однесување треба да се разберат како процес и производ во непросторните меѓуодноси на социјалните актери, е широко прифатена. Второ, методолошките пречки на патот кон целосното испитување на социјалните мрежи.

Истражувањето и општиот преглед повеќе се фокусира на личностите отоколку на системите од врски. Истражувачите на мрежата се интересираат за разоткривање на "длабоката структура", комплексни аспекти на социјалната структура, што лежат далеку од сознанието за оние кои се погодени од нив. Конвенционалниот општ преглед што бара од индивидуите информација за нивните односи со другите, е неадекватен за испитување на врските помеѓу другите (Роџерс, Rogers,1987). Личностите, често се лажат за природата на врските меѓу другите луѓе во нивните социјални кругови. Прашањата на личностите за врските меѓу нивните познаници е голема и гломазна тема како што многу порано го откриле Ј. Клајд Мичел, (J. Clyde Mitchell, 1987).

Истражувачкиот тим на Мичел ги испитувал интимните врски на жените бездомници во Манчестер, Англија со цел да ја разбере природата на потенцијалната поддршка од семејството и пријателите. Скромната цел беше да се испитаат десет жени за нивните 20 најблиски врски а понатаму да се испита и открие како овие 20 врски се меѓусебно социјално поврзани. Испитаниците беа прашувани за фреквенцијата на контактите, степенот на "блискост", вистинското задоволство од врската, емоционалната поддршка и практичната помош. Бидејќи фокусот е насочен кон комплетен систем на врски, природата на тие врски меѓу познаниците треба да се оцени што подобро како и квалитетот на врските меѓу десетте испитаници и нивните познаници. Она што во почетокот изгледаше скромно истражување, содржеше голем избор на информации. Секое интервју дава 1.900 делови на информации од секоја испитаничка. Мичел (1987, 40) констатира дека вежбата "се покажала како здодевна можност за испитаниците и повремено засрамувачки барала од испитаникот да се доискаже". На крај, резултатите од таквото испитување се сé уште ограничени од трети тврдења за природата на врските меѓу другите луѓе. Поефектна стратегија за оценување на оваа

длабока структура е поодделно да се интервјуира секоја од претходните 10 испитанички. Лесно се согледува дека прашањето за мрежата геометриски го шират бројот на испитувачки субјекти.

Во својот заклучок за состојбата на уметноста Роџерс (1987, 287,295), е оптимист и смета дека методот на мрежата за испитување на структурата што влијае на однесувањето е на работ на еден важен пробив. Развојот на софтверот во 70-те им дозволува на испитувачите да работат со голем број на податоци. Но Роџерс го истакнува своето предупредување за прашањата што ги поставиле други (Бурт, 1983, 300, Блау, 1982, 279, Burt and Blau), за тоа дека фокусот во истражувањата на мрежата треба да остане врз концептуално ниво, а не на елеганцијата на математиката и компјутерската техника.

5.2.5 Нови етнички групи: локалитет и мрежа

Етничките групи обезбедуваат можност за проучување на начините за асоцијација во урбаната средина. Постои чиста и цврста интеракција меѓу развојот и задржувањето на идентитетот на групата и урбаната средина. Секој помага за обликување на другиот (Фланаган, 1990, 100-13). Урбаните етнички студии за заедницата станаа традиција во урбаните студии.

Поголемите урбани центри во поиндустријализираните народи од 60-те години се реципиенти на големи миграции од посиромашни кон побогати реони во светот. Неодамнешните мигранти обезбедуваат нова можност за проучување на етничката заедница во градот и ја соопштуваат дискусијата за релативната важност на соседството и мрежата во обликувањето на социјалниот контекст на урбаниот живот. Овој дел од анализата осветлува неколку важни теми во урбаните етнички студии и претставува испитување на кинеската заедница во Њујорк сити, за демонстрација на динамичната комплексност на природата на етничките заедници.

Европските градови од 50-те, примија стотици илјади мигранти од Северна Африка, Индија, Пакистан, Карибите, Јужна и Источна Азија. Градовите во Канада и САД беа цел на уште илјадници од Карибите, Централна и Јужна Америка, Азија и Европа. Во САД, градовите Чикаго, Хјустон, Мајами и Сан Франциско го примија мнозинството од иселениците, но досега ниеден град не бил толку популарен за иселениците како Њујорк. Во 70-те и 80-те години преку еден милион мигранти го населиле Њујорк. Според податоците од 1980, повеќе од половината ре-

гистрирани иселеници дошле од 1965 год. Така големата и широко распространета имиграција во Њујорк, има значајно влијание во доменот на економијата. Додека продолжува дебатата за тоа дали ефектот е штетен или благотворен, Њујорк и другите градови покажуваат дека економското влијание на големата и широко распространета имиграција е комплексна тема. Влијанието врз последиците на локалната економија и економските последици за мигрантите е големо и проблематично. На пр. Њујорк губи голем број на мануфактурни дејности, од 1960 до денес. Во текот на овој период пропорцијата на развојниот картел на нови странски работници вработени во мануфактурните дејности останува стабилна. Всушност имаше пораст на пропорцијата на неодамна пристигнатите имигранти. Во 1980 можеби 35 одсто од мануелната работна рака во Њујорк ја сочинуваа имигранти доселени од 1970 год. Парадокс е дека родените граѓани на САД "ги напуштаа" тие работни места додека новодојдените се вработуваа барајќи каква и да е работа. Се разбира, новодојдените се вработуваат и во услужните сектори, со ниска плата (како местата за јадење и пиење, домашни помошнички, болничари и сл.), (Маршал 1987, 81-88).

Прашањето е дали овие имигранти им ги одземаат работите на автохтоните граѓани. Одговорот е негативен, барем не директно. Голем број на новодојдените се апсорбираат во новокреираните домени во економијата, во не атрактивни работи за автохтоните, или во индустриски претпријатија за достапна ефтина работа (на пр. работи создадени за, а можеби, и од имигрантите). Другото прашање се однесува на модалните форми на економска адаптација и економско етнички енклави кои се баланс на поексплоативни и поприспособливи работници.

Две фигури во историјата на урбаната социологија, Роберт Парк и Ернест Барџес (Парк и Барџес 1921, Парк 1926) во 1920 развија асимилаторски модел на економската адаптација на имигрантите. Идејата е во тоа што социјалната мобилност бара имигрантите да не се дистанцираат од тамошните жители во секој поглед и во што е можно пократко време; ова истовремено ја вклучува адаптацијата во тековната економија на начин одобрен од популацијата на работниците. Во последно време Портерс (1981, 1985, 1987) констатира дека можат да постојат повисоки степени на мобилност на способностите; ова го вклучува и развојот на групи на етнички претпријатија што обезбедуваат "паралелна структура на можности" за работниците во етничката заедница. Разните форми на етничка кооперација се важни за етничката солидарност во минатото, кога етничките енклави и

градовите оформени од нив, беа покомпактни структури. Денешните градови се проширени дифузни простори. Што може да се каже денес за етничката заедница и економијата на енклавите?

Секако дека етничките простори постојат во големите градови. Северниот крај на Бостон има чисто италијанско влијание како и во времето на Вајтовата студија за "Заедницата на аголот од улицата" (1943). Од неодамна имигрантите ги преплавија и прошириja областите на Кинескиот град (Chinatown) во Њујорк и Сан Франциско, се населија во Кореатаун во Њујорк, го потпомогнаа развојот и го зголемија бројот на Виетнамците во другите Југоисточни Азиски заедници во другите градови.

5.2.6 Природата на етничките енклави

Како и да е, во рамките на конкретната динамичност на урбаниот простор, како субјект на економскиот притисок, важно е да се покрене прашањето за дистинкција меѓу просторот и видовите на социјално учество во сооднос со етничката солидарност. Во прилог на прашањето за етничките енклави, неопходно е да се одвојат мрежите на видови на етничка асоцијација, посебно со тековната економска структура. Гулдин (1980, 241-5) ја истакнува важноста на разликата меѓу етничките соседства и етничката заедница. Заедницата означува интегрирана мрежа на нејзините членови.

Една димензија на етничката кохезија е јасно видлива. Голем број на припадници од една етничка група го поддржуваат синџирот на услуги како: продавници за издавање, религиозни институции, доброволни организации, комуникации, медиуми итн. За членовите на посебната група не е неопходно да го конституираат мноштвото од жителите во соседството за да биде поистоветен тој простор со посебна етничка група. Често и мала концентрација на жители е доволна да се развие едно единство на духот на луѓе кои живеат таму и оние кои таму минуваат. Секцијата на градот е всушност највисока концентрација на таа посебна група (Гулден 1980, 258-60). Дали и под какви услови просторот е или не е етничка територија може да биде комплицирано прашање. Хаиќанците живеат во повеќето станови во Бруклин. Во Менхетен има голем број на Хаиќански продавници, вклучувајќи ја и Амстердамската Авенија. Во саботите навечер, Хаиќанците одат во ноќни клубови кои ги држат повторно Хаиќанци, а во недела попладне тие се собираат во Квенс и Бруклин за да играат фуд-

бал (Лагуер 1984:52-7). Присутноста и интеграцијата на Хаиќанската заедница се манифестира со ова, но во прашање е територијалната локација.

Втора димензија на етничката интеграција е корисноста на членовите од своите членови. Причината дека Хаиќанските енклави се евидентни во Бруклин е фактот дека новите имигранти таму добиваат станови штом ќе прозборат. често и цела зграда е запоседната само од Хаиќанци. Се вршат многу заеднички работи , како на пример, чување деца, делење на храната и миење на автомобилите. Многу од имигрантите наоѓаат работа кај своите роднини или пријатели коишто порано живееле и работеле таму, а воедно им служат и како преведувачи (Лагуере 1984: 89-99). Студијата за Западно-индискиот ротационен кредит ја укажува важноста на блиската роднинска мрежа за креирање на неопходна институционална подреденост и обезбедување на механизам за социјална контрола што ја одржува институцијата. Кредитите обезбедуваат мали суми на пари за да се изнајмат станови. Механизмот за социјална контрола што гарантира дека изнајмувачите ќе ги вратат долговите е сличен на Gemeinschaft (Бонет 1984:111-129). Економската интеграција на етничката заедница се шири подалеку и од заедничката асистенција и самопомош до формална економија на разни начини.

5.2.7 Урбанизмот и заедницата

...Интересите на урбаните истражувачи се содржани во прашањата за природата и видовите на социјална интеракција во градовите. Концептуалните пристапи што предходно ги разгледавме сугерираат можни одговори. Анализата на Вирт може да предвиди поголема релациска изолација и меѓусебна одбивност во градовите. Гансовата теорија за урбанизмот и субурбанизмот предвидува дека определени категории на луѓе се воодушевени од тоа што живеат во градот, додека пак другите остануваат на местата во коишто дотогаш живееле. Фишеровата анализа сугерира дека градот нуди можности за посебен социјален контакт, заедно со Виртовото предвидување за одбивност кон јавното однесување. Традиционалните студии за заедницата нé водат кон тоа да очекуваме дека луѓето се идентификуваат со местото на живеење, додека пак социјалните мрежи нé поттикнуваат да бараме примарни врски надвор од соседството. Интересно е, но не и изненадувачки, да констатираме дека современите урбани истражувања нудат поддршка за сознанието дека секој од овие

пристапи ќе си најде свое место во урбаната заедница. Точно е дека познатата Виртова теза за урбанизмот е наследник на еден силен елемент на антиурбанизам во урбаната социолошка традиција, но нејзината уталитарност како модел - идеален тип, ги надминаа границите на социјалното објаснување. Иако овие Виртови резултати повеќе пати се доведувани во прашање, остануваат практична вежба за тестирање, за тоа дека порастот на населението и густината на популацијата, одат заедно со порастот на разидување во популацијата, и се поврзуваат со тенденцијата кон поограничена интеракција. Една антрополошка студија за просторот на поранешна Југославија нуди ретроспектива на таква промена (Кременсек 1983, 287-297). Кон крајот на 19-от век, малкумина се населија во градот Љубљана кој стана главен град на Словенија. Мнозинството од нив потекнуваа од рурална средина, но имаше и работници во железницата. Условите за живот во почетокот на 1900-та ја истакнуваат взаемната помош (позајмување и изградба) и социјабилноста која наликувала на мало рурално село. Постоело редовно посетување, и семејствата живееле "без некакви посебни обиди за приватност" (287). По 1940 и по II светска војна, порастот на населението е огромен, а областа стана инкорпорирана во регионален главен град. Популацијата постепено станала похетерогена и стратифицирана, блиската семејност пропаднала, луѓето се затвориле во себе, а недовербата кон другите се зголемила. Карактерот на промените, опишан овде, е токму онаков каков што го предвидел Вирт. Сепак, постојат сериозни методолошки теми вклучени во создавањето на тие промени и атрибутивната условеност. Постоеја и други типови на промени во текот на урбаното истражување. Колку од нараснатата одбивност и резервираност на луѓето треба да биде припишана на политичките промени, а колку на урбанизацијата? Ова секогаш ќе биде проблем на Виртовата теза. Урбанизацијата е присутна во рамките на поширок промени од кои таа е дел. Во кој поглед урбанизмот е причина? Во кој е ефект? Социолошката традиција во која Вирт дејствува (Тенис, Зимел, Парк) со нагласување на сомневањата и пресметките, продолжува да биде рамка за микролошки студии на урбаната интеракција. Многу студии што се обидуваат да дадат одговор на прашањата за урбаниот начин на интеракција, почнуваат со премисата на Вирт дека урбаното живеење предизвикува интеракција. Иако луѓето кои живеат и работат во големите градови ретко ги артикулираат своите искуства на начин на кој тоа го прават Вирт и Зимел, тие ја препознаваат извештаченоста на случајната интеракција. Можно е да се претпостави дека овој вид

на контакт е поприфатлив за многу луѓе. Тој контекст се развива како ефикасен начин на социјалниот однос во чисто инструментални врски на пазарот. Како и да е, луѓето кои живеат од трговија, употребуваат методи што се дизајнирани да ја надминат анонимноста и да развијат лажна интимност (Прус 1987: 350-57). Идејата е содржана во тоа што довикувајќи ги луѓето по име (можеби познато од неговата/нејзината кредитна картичка) или памтење на презимето од поодамна, родендените на децата или некој друг детаљ, го промовира потенцијалот за постојана продажба во и онака безличниот тек на деловните односи. Како што секому му е познато, таквите "лични" допири се инструментални и доведуваат до затоплување на односите. Но луѓето ги препознаваат и прифаќаат квалитетите на овој вид контакти и не се чувствуваат навредени или жртвувани. Малкумина ќе бидат изненадени од зборовите на продавачот кој за таквите односи вели: "ќе се пошегувам со нив, ќе се забавувам... Тоа е бизнис, но така е подобро за секого" (Прус 1987: 353).

5.2.8 Супкултурна теорија за урбанизмот

Како што истакна Ганс, луѓето го прифаќаат градот каков што е, го сакаат, и се градофили. "Го сакам Њујорк". Студијата за Сан Франциско разликува општи градофили ("космополитански урбанити") и оние кои сакаат конкретен град, но не и градовите воопшто ("локални урбанити"). Луѓето кои го сакаат градот и животот во него поради разните типови луѓе коишто живеат во него, либерализмот и толеранцијата ги поистоветуваат со урбаната популација. Согласно со Фишеровата супкултурна теорија за урбаниот живот, луѓето се чувствуваат слободни да ги реализираат своите интереси, а наоѓаат и други луѓе за да ги промовираат тие интереси. Хамон, (Hummon, 1986: 15-16) и Фишер, (Fischer, 1946) истакнуваат дека е важно да се прави разлика меѓу јавното и приватното однесување во урбаноста. Луѓето можат слободно да се искажат, но можат да бидат и ограничени на јавните места каде што се принудени да контактираат со странци. Можно е да се цени слободата и забавата, но може тие да се причина за оттуѓување.

Симиќ (1983: 216-17) известува од поранешна Југославија од урбаното искуство за парадоксот на слободата на приватноста и јавната ограниченост. За разлика од селскиот живот, "во градот секој е слободен да се однесува онака како што во моментот му одговара". Истовремено луѓето чувствуваат длабока недоверба во

неперсоналните ситуации бидејќи останатите се однесуваат слично, односно непредвидливо. "Во контекст е и тоа што нељубезноста, непријатноста и индивидуалноста кои ги карактеризираат инструменталните, поединечни трансакции со чиновниците, за келнерите стануваат неразбирливи". Зборовите на Вирт се препознаваат во констатацијата на Симиќ за урбаниот живот:

"Едно од барањата на урбаната средина е тоа дека секој мора неопходно да е во трансакција со мноштвото на размени со личности, коишто претходно не ги познавал и со кои можеби и нема да има работа понатаму Единственото очекување што може да се задржи рационално околу овие контакти на база на претходно искуство во традиционално село, е тоа дека се соочени со опасност и предзнак за измена и искористување".

Виртовите заклучоци за негативните ефекти на големината и хетерогеноста е дека сé уште водат кон некои интепретации на урбаниот живот.

5.2.9 Толеранцијата во големиот град

Гледиштата на Вирт и Фишер се преклопуваат во нивната интерпретација меѓу урбанизмот и толеранцијата на контраверзните гледишта (ставови) и етничкиот начин на живот. Во согласност со Виртовото мислење дека урбанизмот вклучува пораст во социјалната оддалеченост, тој исто така верува дека живеејќи во социјално хетерогена околина луѓето се потолерантни за разните ставови и животни стилови. Слично смета и Фишер кога вели дека голем број на супкултурни разлики што градот ги изедначува, ја редуцираат сензитивноста и настојчивоста да се биде различен од другите. Томас Ц. Вилсон (Thomas C. Wilson, 1985, 1986) ја измерил релативноста меѓу големината и толеранцијата кон контраверзните ставови и животни стилови на малцинството. Вилсон открил дека големината на градот е позитивно поврзана со потолерантни ставови за атеистите, расистите, милитаристите и комунистите. Жителите на поголемите градови се и помалку хомофобични. Неговата неодамнешна студија сугерира на рафинираноста на мерката што ја зема предвид големината на урбаната средина и миграциската историја на испитаниците, и при тоа воспоставува позитивна корелација меѓу урбанизмот и политичката толеранција (Вилсон 1991). Така Виртовата хипотеза за големината на популацијата и толеранцијата е потврдена. Наодите исто така ја поддржуваат Фишеровата теза за поголемата слобода на изразување и следење на скриените

интереси без да се привлече негодување. Вилсон (1986, 158) открива инверзна врска меѓу големината на градот и бројот на мерките за задоволување на квалитетот на животот. Критериумите на квалитетот на живот се проблематични. Се прашуваме, дали градовите се подобри или полоши отколку што се другите места за престој? "Критичната маса што Фишер ја опишува може, а може и да не е дел од свеста за конкретни индивидуи. Богатството на изборот на жителите од големиот град може да не биде видливо сé до оној момент додека човек не се пресели во помало место.

Општествената (социјална) контрола не го наведува како причина единствено полномоштвото (власта) на градската управа, но исто така нивото на колективната интеграција на градот и формата на таа интеграција. Една од причините за слабоста на градскиот колективен динамизам и на општествената контрола, се наоѓа недоволното учество на граѓаните на современите градови - особено на оние од големите градови - во јавниот живот на градот. Политичкиот живот на локалните заедници е изменет и функционирањето.

5.3 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ*

Често се поставува прашањето зошто некој град е пријатен за живот? Одговорот на ова прашање е мошне сложен, бидејќи зависи и од какви фактори, како што се, на пример, климата, безбедноста на сообраќајот, убавината или дури можноста за вработување. Во когнитивна смисла, врз одговорот може да влијае и познавањето на историското минато на градот или неговата улога во општествено-економскиот систем на земјата. Тој симболички елемент, заснован врз социо - културните асоцијации кои градот ги предизвикува, често им помага на жителите да го зачуваат карактерот на својот град. Истовремено, анонимноста што му се припишува на урбаниот живот, во најголема мерка е последица од неспособноста на луѓето да го најдат своето место во средината која има посебен визуелен и симболичен идентитет. Колку што е градот поголем луѓето во сé помала мерка можат да се идентификуваат со градот како целина. Тој сé повеќе се дели на феноменолошки сегменти. Постојат мислења дека интимноста и љубовта што ги чувствуваат луѓето спрема градот се можни само ако градот е изграден по нивна "мерка", односно ако не е премногу голем. Како што веќе истакнавме, не е тешко да се слушне ставот дека животот во голем град (или дури во град воопшто) во целина е непријатен за човекот, дека човекот многу тешко се адаптира и дека само неурбаната средина е "вистинска" средина за човекот, средина во која тој може да го зачува своето ментално и физичко здравје. Можеби заради тоа е потребно да се наведе мислењето на оние истражувачи што се обиделе да ги истакнат вредностите (и потребата) од градскиот живот, да укажат дека "градовите не се осудени на пропаст; на висока стапка криминалитет и насилство"[1].

Градовите се места на концентрација на голем број луѓе и, според сите предвидувања, бројот на жителите во нив и во иднина сé повеќе ќе расте. Иако постојат големи разлики во стапката на овој пораст во разни земји, може да се каже дека просторниот распоред на луѓето во мнозинството земји станува сé понерамномерен. Тоа е причината што е поставено прашањето за можноста за елиминација на оваа неправилност. Ако поправилно просторно

---

* Жарко Кораќ, човек и град, Глас, Београд, 1978, стр. 95-107.

[1] Freedman, J.L., *Crowding and Behavior*, W.H. Freedman and Company, San Francisco, 1975.

ги распоредиме луѓето, бројот на жителите ќе остане ист, но ќе се елиминираат големите урбани центри и драматично ќе се измени општествената и економската структура на одделните делови на земјата. Како одговор на овој, во суштината наивен и очигледно практично неизводлив предлог, што се обидува механички да ги реши проблемите на урбаната средина, се истакнати повеќе факти. Да наведеме два од нив. Еден е од естетска природа. Практично, секој град има некои особини кои позитивно дејствуваат врз луѓето. Особено се возбудливи големите градови; тие се витални и разновидини, што е последица од големиот број луѓе што живеат во нив. Фридман укажува дека тие понекогаш не се убави однадвор, но дека човекот го стимулираат и го забавуваат. Ако сегашната нееднаква дистрибуција на луѓето биде заменета со нивниот хомоген распоред, секоја човечка заедница во рамките на некоја земја (тој специфично мисли на Соединетите Американски Држави) ќе има приближно иста густина на населението, а веројатно и квалитет на животот. Со тоа ќе се загуби возбудливоста на големите градови, но и пространоста и мирот на нивните предградија и на малите градови; а тоа би бил непожелен резултат. Од економска страна е потребна доста голема концентрација на луѓе, за да се оствари одреден вид активности, без кој човечкото општество би било многу посиромашно. Активниот, успешен театар може да егзистира само на густо населена површина. Иако луѓето надвор од градот можат релативно често да одат во театар, сепак театарот остварува висок процент на гледачи од редовите на концентрираната популација. Фридман укажува дека тоа практично важи и за операта, балетот, за професионалните спортски клубови и слично. Така, тој од релативно хипотетското размислување постепено минува на излагање на конкретните позитивни аспекти на урбаниот живот. Во градот се наоѓаат многу специјализирани продавници, голем број одделни стручњаци; тој е центар на многу економски активности кои претпоставуваат такви стручњаци. Според Фридман, иако некои проблеми во градот се поакутни отколку на друго место, тие можат, поради големата концентрација на луѓе, истовремено и полесно да се решат! Тој пишува: "Јас сево ова го велам како љубител на градовите. Ги сакам - но дури и оние што не го сакаат животот во градот, мораат да го прифатат фактот дека концентрацијата на луѓето (во нив) нема да се намали"[1]. Очигледнао е дека покрај критичарите, урбаниот живот има и свои бранители и, што е каракеристично, често од редовите на социјалните истражувачи кои детаљно го проучувале. Категориите што ги предложија Ителсон, Прошански, Ривлин и Винкел, за да се испита врската на

градската средина и реакцијата на нејзините корисници, исто така укажуваат на тоа дека градот не е само непријатен за живот и дека таквиот пристап кон градот е погрешен. Потребно е урамнотежено да се испитаат сите страни на урбаниот живот, односно целосното доживување кое градот го предизвикува кај човекот.

Во проучувањата на социолозите, историчарите и планерите, најмногу беше запоставен сетилниот квалитет на градот - неговите тактилни, текстурални, звучни и амбиентни вредности. А тоа е една од суштествените димензии на нашето доживување на градот.

Пример како можат тој вид доживувања на градот емпириски да се испитаат даде Саутворт (Southworth)[2]. Тој ги проучуваше "звучните средини" на градовите и нивниот однос спрема визуелната форма на градот. Познато е дека звуците во градот предизвикуваат вознемиреност (чкрипењето на сопирачките, автомобилските сирени, пнеуматичките чекани), но тие можат да дејствуваат и смирувачки (сирените на бродовите, црковните звона, водоскоците во кои жуборка водата). Саутворт сакаше да утврди на кој начин визуелните информации за средината можат да се употребат за да биде поцелосно нашето доживување на средината, односно во која мерка поединецот може да ги идентификува звуците на градот, колку се тие звуци единствени и колку се информациите за нив релевантни за активноста на индивидуата. Субјектите според него можат да се поделат во три групи: експериментаторот привремено понудил решение, така што некои можеле да гледаат, но да не слушаат, некои слушале, а не можеле да гледаат, а некои можеле и да гледаат и да слушаат. Во придружба на соработник на експериментаторот, секој субјект поминал ист пат низ Бостон, долг околу пет километри. Потоа, од секого е побарано спонтано да ги опише своите впечатоци за патот што го изминал. Како што и се очекувало, најголем број градски звуци биле неединствени и давале малку информации, и тоа особено затоа што звуците и од автомобилите и од пешаците до извесна мерка ги маскирале информативните звуци. Самите за себе, тие биле најмалку информативни, иако на нив морало да се обрне најголемо внимание. Најлесно се идентификувани оние звучни квартови во кои постоела најмногу видлива надворешна активност. Често имале единствени специјални карактеристики, како тесните улици или

[2] Ittelson, W.H., Proshansky, H.M., Rivlin, L.G. and Winker, G.H., *An Introdustion to Environmental Psychologyl, Holt, Rinehart and Winston*, Inc., 1974.

подземните премини. Од друга страна, лесно се идентификувани големите, отворени простори. Во целина, просторот бил поосмислен ако субјектот можел да го слушне ехото на сопствените звуци. Новите звуци придонесувале подобро да се запомни одреден крај. Најпријатни биле звуците на ниската зачестеност и интензитет.

Врз основа на тие прелиминарни резултати, Саутворт предложи да се употребат некои нови видови техники што би ја збогатиле звучната средина на градот. Во деловите од градот што се визуелно монотони, информативните звуци можат да ја зголемат нивната индивидуалност. Во деловните квартови на градот звучните знаци можат да ги заменат визуелните. Саутворт предлага на постојките од градскиот сообраќај да се употребат звучни информации што би ги известувале луѓето за доаѓањето на автобусите, па дури и за промените на времето. Некој вид модерни телали гласно би ги огласувале јавните информации, а во визуелно грдите делови на градот, специјални инсталации конструирани под тротоарите би пуштале најразлични звуци додека би се одело по тротоарот. Иако овие Саутвортови предлози минуваат во областа на футурологијата, интересни се од две причини: пред сé, затоа што вклучувањето на проблемот на звучноста на градот може да придонесе градот да стане поразновиден и поинтересен, и во таа смисла похуман и второ, што тие можат да послужат како пример дека со воведувањето на психолошката димензија во испитувањето на урбаната средина можат да се постигнат нови и интересни резултати.

5.3.1 Станот и проблемите на домувањето

Проблемите на домувањето предизвикуваат сé поголемо внимание кај истражувачите, и тоа од повеќе причини. Според зборовите на еден од нив, куќата (односно станот) е најчеста од сите градби[3]. Таа на семејството му ја обезбедува средината во која е можно да се задоволат основните индивидуални потреби, како што се: потреба за јадење, домување, перење, облекување, одмор, вршење физиолошки потреби и слично. Освен тоа, таа овозможува и различни општествени активности: разговори, забава или одгледување деца. Од тоа следува дека, иако е релативно мала градба, таа мора да биде пофлексибилна од другите градби. Тоа, исто така, укажува дека и проблемот на местото во

[3] Lee, T., *Psychology and the Environment*, Methuen, London, 1976.

кое живее човекот е мошне сложен и значаен. Станот му овозможува на човекот, односно на семејството, да ги задоволи извонредно важните функции и до колку нешто се наруши на релацијата стан - човек, последиците може да бидат многу тешки. Би можело да се каже дека внатрешните структури на човековата личност, или барем некои нејзини делови, во голем дел се изградуваат во куќата. Тоа важи и за социјалните структури на бракот и на родителството. Таа станува продолжение на сопственото јас. Затоа, не е необично што наидуваме на сé поголем број трудови што се обидуваат пошироко да го определат односот човек-стан. Притоа, забележливо е дека некои поими, како што се: територијалноста, приватноста, згустеноста и некои други, во тие трудови се употребуваат доста широко, бидејќи ги поврзуваат општествениот живот и станбените услови на таков начин што не само што ни помагаат да го сфатиме човековиот однос спрема физичката структура на станот (начинот на користењето, емоционалното доживување и слично), туку, што е можеби уште поважно, ни укажуваат како треба да изгледа неговата структура за да одговори оптимално на потребите на човекот.

Постојат истражувања што укажуваат дека територијалното однесување, "присвојувањето" на одреден дел од просторот и физичките објекти, се случува во оние делови од станот за кои се претполага дека се "јавни". До тоа доаѓа поради фактот што територијалното однесување овозможува приватност и обезбедува слобода за индивидуалната активност. Секоја активност бара определен простор, иако територијалното однесување не може да се објасни само со тој факт. Освен тоа, употребата на просторот да ја одразува и социјалната структура, односно хиерархијата што постои во определениот простор. Затоа, употребата на просторот во станот ќе биде одредена со структрата на улогите што се вршат во рамките на семејството или на некоја друга група што живее во него. Како што наведува Рапапорт, иако луѓето можат да се адаптираат сепак е пожелен стан со "лабава форма". Меѓутоа, во практиката постојат многу ограничувања што го обусловуваат постоењето на релативно малиот број облици на физичката структура на станот. Затоа од извонредно значење е да се изработат оптимални нацрти и да се најдат соодветни решенија што ќе тргнат од далеку поголемиот број експлицитни претпоставки за облиците на интеракцијата стан-негови корисници. Иако во станбената изградба се вложуваат огромни средства, мошне мал е бројот на истражувања за тоа како, всушност, луѓето го користат станот. Смит, со своите соработници, спроведе

во 1969 година обемно истражување за да одговори на тоа прашање. Тој конструира комплетен трисобен стан во кој, по две недели, живееја вкупно дваесет петчлени семејства. Иако внимателно се посматраше однесувањето на тие семејства, очигледно е дека самата ситуација во која се најдоа тие во голема мерка беше вештачка, што го признаа и самите истражувачи. Некои од добиените резултати се очекувани, иако дури и ваквото специфично истражување даде интересни резултати. На пример, домаќинките од сите возрасти, без оглед на возраста на своите деца (од претшколските до возрасните) во куќата поминуваа приближно исто време во текот на денот - околу 80-84 насто од времето, што е висок процент. Од друга страна, татковците на претшколски или школски деца поминуваа 36 односно 37 одсто од времето дома, додека оние што имаа возрасни деца поминуваа значително повеќе (53 одсто) од времето дома. Во текот на вечерта тие се изолираа и се занимаваа со својата работа имајќи поголеми шанси да бидат невознемирувани.

5.3.2 Приватноста и структурата на станот

Сигурно е дека ваквите истражувања имаат големо значење, бидејќи должината на времето поминато во станот, како и типот и видот на активностите што се вршат во негови рамки, во голем дел ја определуваат пожелната структура и големина на станот. Тие им се неопходни на проектантите до колку сакаат да стекнат повратна информација на кој начин се користи станот.

Изгледот на станот има голема улога во создавањето чувство на збиеност кај луѓето. За да обезбеди минимум приватност, станот, според некои истражувачи, треба да биде ефикасен, добро организиран и пријатен, и да има доволен број простории. Меѓутоа, големината на просторот е релативно неважна. Далеку поважен е бројот на просториите и нивниот изглед. Попожелен е поголем број помали соби отколку една голема. За жал, не е лесно да се најде подетално објаснение за структурата на станот од ова становиште. Тоа, секако, се однесува и на приватноста која човекот може да ја оствари. Поимот приватност има голема улога во толкувањето и однесувањето на човекот во станот, со оглед на должината на времето што го поминува и значењето на активностите што ги врши во него. Приватноста ја одредивме како индивидуална слобода за избор на лицата со кои ќе се комуницира во дадена ситуација, и слобода за избор на содржина на самата комуникација. Очигледно е дека таа многу се менува во

различни околност. Токму ситуацијата на збиеноста може да се дефинира како недостаток на приватноста. Постојат и трудови посветени на овој проблем. Бари Шварц, на пример, го разгледува односот меѓу приватноста и структурата на средините во кои живееме[4]. Тој смета дека законите на приватноста се вклучени во физичките структури на општествената организација. Белезите на интерперсоналните контакти се институционализирани во архитектурата на зградите низ серијата концентрични кругови. Специфичните правила дозволуваат или забрануваат влегување во различните делови на тие структури. Посебно како што вели тој, во светиот "внатрешен круг" кој му одговара на семејството.

Еден од специфичните примери на физичката институционализација на нормите за него е бањата, со оглед на тоа дека нејзините варијации се во големината, распоредот и обликот, ограничени со барањето дека активностите во бањата се вршат приватно. Шварц смета дека архитектурата мора да внесе експлицитна идеја во својот нацрт за тоа дека постои базична амбиваленција на социјалниот живот. Зашто, човекот има тенденција и да се изложува на погледите на другите и од нив да се повлекува. Интересно е дека тој, притоа, смета оти таа двојна задача, што ја има средината во која човекот живее, најефикасно се реализира со помошта на вратите, чиј пронајдок, според Шварц, е исто толку значаен како и пронајдокот на огнот! Всушност, неговата анализа покажува дека имплицитните закони на потребата од приватност силно влијаат врз физичките структури кои ги користиме; потребно е само да се направат експлицитни за да можат да се контролираат.

5.3.3 Структурата на станот и патолошките појави

Меѓу прашањата што се врзани за условите на домување, едно од најважните е следново: во која мерка физичките услови на домувањето влијаат врз патолошките појави што ги пројавуваат неговите корисници? Според Сор, станбените услови (притоа се мисли, пред сé, на физичките карактеристики на станот) дејствуваат во наведенава смисла на три начини: на сликата која корисникот на станот ја има за самиот себе, на стресот што тој го доживува и на неговото физичко здравје. Тој смета дека многу лошите станбени услови видливо влијаат врз однесувањето

[4] Helmer, J. And Eddington, N.A. (ed) *Urbanman The Psychology of Urban Survival*, The free Press, New York, 1973.

и ставовите на луѓето[5]. Неговите ставови се засновуваат врз Вилнеровиот труд, кој изврши анализа на педесет студии чија цел беше утврдувањето на влијанието на условите за домување врз општествените процеси и здравјето на луѓето. Од тоа, шеснаесет студии се однесуваа на европски, а триесет и четири на американски градови. Дваесет и шест студии утврдија позитивна врска меѓу условите за домувањето и здравјето, или условите за домувањето и општествената приспособеност.

Сор истакнува дека нашето самозабележување во голема мерка зависи од непосредната средина во која го поминуваме најголемиот дел од својот живот. Станот или куќата е симболично продолжение на сопствената личност, па затоа изгледот на станот придонесува за начинот на кој ќе ја проценуваме сопствената личност. Покрај тоа, токму физичкиот изглед на станот (големината на расположливиот простор, санитарните услови и сл.) е значаен извор за стрес што го врзуваме за секојдневниот живот. Уморот, раздразливоста и пасивноста се јавуваат како секундарни последици од фактот дека мораме да вложуваме големи напори за успешно да ги отстраниме недостатоците на станот. Меѓутоа, со оглед на тоа дека луѓето имаат различна способност за адаптација кон стресот, лошите станбени услови не мораат нужно да бидат поголем извор за стрес, отколку добрите станбени услови. Сор смета дека станбените услови најизразито се појавуваат како извор на стрес тогаш кога ќе достигнат ниво на неподносливост, т.е. тогаш кога поединецот не е повеќе во состојба да излезе на крај со нив, без оглед на своите лични карактеристики.

Поголем број истражувачи утврдија дека физичкиот изглед на станот е само еден од факторите што придонесуваат за општото чувство на задоволство од станот. Меѓу другите фактори тоа се: симболичните асоцијации што ги врзуваме за станот, нашиот статус во однос на станот (сопственишството, давањето и земањето под наем и сл.), вредноста на станот, видот на соседите со кои сме опкружени и степенот на пријателските врски што постојат на одреден простор во чии рамки се наоѓа станот. Испитувајќи ги шемите и изгледот на становите во Филаделфија, САД, Роси утврди дека постојат значајни разлики во начинот на однесувањето спрема станот со оглед на припадноста на различните општествено-економски слоеви. Во целина, припадниците на

[5] Griffit, W. And Veitch, R. *Hot and Crowded Influences of Populations Density and Temperature on Interpersonal Affective Behavior*, Journal of Personality and Social Psychology, 17. (1971), 92-97.

пониските општествено-економски услови субјективно беа позадоволни од изгледот на становите отколку што тоа изгледот на становите, објективно, го покажуваше (бројот на собите, изгледот на станот во целина и сл.). Тоа покажува дека во истражувањата од овој вид е неопходно да се земат предвид и цела низа општествени и економски фактори, кои често се превидуваат или намерно се избегнуваат поради својата сложеност и можните политички импликации.

Некои истражувања покажаа дека начинот на кој е станот опремен со мебел има значителен удел во создавањето на естетското задоволство кај луѓето што го користат станот. Иако постојат извесни практични причини и барања што ги ограничуваат видот и начинот на употребата на мебелот, сепак неговото разместување и користење покажува извесна конзистентност во различните станбени ситуации, која е во согласност со, на пример, општествената положба или возраст. Архитектот мора да ги познава основните принципи на оваа правилност во употребата на мебелот за да ѝ се приспособи, или да се обиде да ја измени. Во англискиот град Кардиф спроведено е истражување за видот и распоредот на мебелот во 232 куќи со еднаков основен план. Потоа, од дваесет и осум архитекти, што се занимаваат со проектирање на слични згради, побарано е врз основа на проект што им е покажан самите да предвидат кој мебел луѓето ќе го набаваат и како да го распоредат. Анализата на добиените податоци покажа дека станарите на сличен начин го распоредија мебелот, што го предвидоа сé на сé неколку архитекти. И покрај тоа што куќата е флексибилен простор, можно е ваквото недоразбирање меѓу проектантите и корисниците да е екстремен случај, но очигледно укажува дека е потребно многу подетално да се проучи начинот на кој луѓето го користат станот и мебелот во него. Тоа е до толку поважно, што начинот на кој е мебелот распореден содржи извесно "значење", односно на личноста која влегува во тој стан ѝ укажува како да се однесува. Тоа се постигнува или со расположението (афективниот тон) што го предизвикува уреденият стан, или со "општиот план на однесувањето", што го сугерираат предметите и нивниот распоред. Да додадеме дека овие пораки често дејствуваат на несвесно ниво и дека со тоа се до толку потешки за проучување.

Напомнавме дека станот предизвикува емоционални реакции кај луѓето кои во него влегуваат или во него живеат. Предмет на некои од најраните експерименти во еколошката психологија беше откривањето на факторите што влијаат врз означувањето на некоја личност како убава или грда. Вулс и Кентер, во својот

експеримент, ги зедоа аголот на таванот (кос или хоризонтален), обликот на прозорците и распоредот на местата за седење, како независни варијабли. Тие се потоа обработувани во серија цртежи од ентериерот на собата. Зависната варијабла беше "срдечноста", една од неколкуте димензии (меѓу кои беа и "активноста" и "хармонијата") што се идентификувани како важни при посматрањето на собите, и тоа со помош на техниката на факторската анализа применета врз поголем број скали од семантичкиот диференцијал. Да наведеме само дека ова интересно истражување покажа оти, на пример, собата со кос таван конзистентно се прифаќала како поубава од собата со конвенционален таван. Причините за ова не им се јасни ни на самите автори на истражувањата, иако тие укажуваат на можноста дека при посматрањето на неконвенционално искосените тавани се работи за предизвикување асоцијации со романтични содржини.

5.3.4 Високи или ниски згради

Малку која страна на современиот урбан живот предизвикала толку спорови како што е дилемата што најзбиено можеме да ја изразиме со прашањето: дали високите згради (повеќекатниците) негативно влијаат врз општеството и индивидуалното однесување на човекот? Иако организацијата на животот, практично во секој поголем град, подразбира и изградба на повисоки згради, многу луѓе го поставија прашањето за целисходноста од изградбата на толку голем број такви згради, па дури и потребата од нивната изградба воопшто. Притоа најчесто се мисли на станбените згради што имаат повеќе од седум или осум катови. Без оглед на различните економски показатели, што оние што ја бранат ваквата станбена изградба најчесто ги користат како аргумент, факт е дека извесни истражувања покажаа оти луѓето негативно го вреднуваат животот во таквите згради и дека, кога можат, почесто одбираат пониски згради со помал број катови. Сигурно е дека во ваквата критика се крие носталгијата за градовите од нашето неодамнешно минато, неприфаќањето на "урбаниот феномен" во целина и идеализирањето на руралниот начин на живеење. А исто така е сигурно дека условите за живеење во многу "облакодери" со кои до неодамна бевме толку горди и кои претставуваа речиси архетипски израз на нашиот стремеж за одење во височина - наше одвојување од "мајката земја", како што истакнуваат психоаналитичарите, станаа во голема мерка неподносливи за мнозинството нивни жители. Ако

ништо друго, вандалски оштетените јавни делови од тие згради, на пример, влезовите и ходниците, сведочат не само за "некултурата" на оние што живеат во нив, што премногу лесно го истакнуваме, туку и за огромната фрустрација и омраза на урбаниот човек што е тешко рационално да се објасни. Затоа, да се обидеме прашањето да го поставиме во нешто изменет, но сé уште многу општ облик: ако се повеќекатниците во најголем дел веќе неминовност (што секако останува отворен проблем), како да се изградат за да бидат погодни за живеење на станарите? Од многуте размислувања за овој проблем ќе изнесеме неколку карактеристични.

Едно од најобемните истражувања, што се обиде да ја одреди врската меѓу социјалното однесување и условите за домување, го изврши Њуман[6]. Неговото истражување беше поттикнато од неуспехот на неколкуте поголеми потфати за изградба на блокови со социјални станови во САД. Тој откри дека корените на неуспехот на овие потфати се наоѓаат во самиот проект на зградите, во нивната положба и свртеност кон околната заедница. Тоа особено се рефлектира врз проблемите на криминалот и вандализмот. За нас е важно дека тој утврди колку зградата е повисока, толку процентот на криминалитет е поголем. Под услов станарите да биле на еднаква социјална и економска положба и под услов да биле населени во ист број. Се покажа дека станарите во пониските згради се позадоволни од условите во кои живеат. Добиените резултати се последица од четири основни причини кои Њуман ги означува како територијалност, природна прегледност, претстава и милје.

Станарите од пониските згради, според мислењето на Њуман, имаат поизразено чувство за територијалност, зашто се наоѓаат еден покрај друг, а не "еден над друг". Тие најчесто ги познаваат своите соседи и имаат поразвиен сопственички однос спрема просторот во кој живеат. Прегледноста се постигнува со лесна видливост на сите делови од проектот. Њуман забележува дека многу високи згради немаат "одбранлив простор", затоа што мноштвото ходници, "слепите" лифтови и покриви им дозволуваат на непознатите лица лесно и незабележано да се движат. Претставата на ниските или средно-високите згради предизвикува попозитивна реакција на станарите во поглед на физичката регулација на нивното однесување - размерите на таквата средина се во поголема усогласеност со потребите на човекот и овозможуваат полесно лично ангажирање. Веќе и самата идеја, дека

[6] Newman, O., *Defensible Space*, MacMillan, New York, 1972.

во одредената средина може лично да се ангажира, е важна, без оглед дали доаѓа до такво ангажирање. Милјето на проектот во средината го означува неговиот однос спрема соседните делови на заедницата и површините. Физичката изолираност во средината што ни е непријатна доведува до отуѓување од поширокаta заедница како целина.

За Њуман, урбаниот криминал е највидливата манифестација на човечката немоќ да се адаптира на урбаните услови за живеење. Притоа, тој ги анализира само некои специфични облици на тој криминал: ситните кражби со напади, необјаснивите насилства во празните ходници на повеќекатниците, вандализмот, па дури и насилните вселувања во празните станови, што е секако дозволено, но ги ограничува нашите заклучоци за причините на другите, најчесто, многу потешки облици на урбаниот криминал. Тешко е, наведува Њуман, да се биде подготвен за соработка со соседите во градот, зашто различноста на луѓето и нивните системи на вредноста, не дејствуваат како основа врз која може да се оствари таа соработка. Меѓутоа, според неговото мислење, физичката средина е можно да се модификува така што таа да ја охрабрува кооперативноста меѓу луѓето и со тоа да ги вклучува луѓето во активен процес за спречување на криминалот, што и е основна цел на неговото истражување. Луѓето не се вклучуваат во заеднички живот зашто не можат да се идентификуваат со просторот што почнува надвор од вратата на нивните станови. Тоа е "јавниот" простор што никој не го контролира и брани. Архитектот мора тој простор да го направи "одбранлив". Тргнувајќи од поимите што ги доби со анализата на изгледот на постојните згради во кои се јавува криминалот и незадоволството на станарите (територијалноста, прегледноста, претставата и милјето), тој дава конкретни предлози како да се реконструира тој јавен простор. На пример, просторот околу зградите треба да се дефинира и брани. До сега беше вообичаено просторот околу високите згради (повеќекатниците) да се остава колку што може повеќе отворен. Њуман смета дека е тоа погрешно и дека треба така да се формира, што да дејствува како физички да ѝ припаѓа на одредената зграда и да е под нејзинот влијание. Ако е поголем број високи згради поврзан во група, тогаш просторот околу нив треба да изгледа како да ѝ припаѓа на таа група и како да претставува надворешно продолжение на внатрешниот (станбениот) животен простор. Тоа е можно да се постигне со изградба на физички бариери, како што се оградите, мрежите и слично, кои го опкружуваат просторот и го "приопштуваат" кон зградите.

Притоа, повеќе се работи за визуелно и симболично опкружување, отколку за изградба на вистински бариери што го спречуваат минувањето на луѓето. Во тие одбранбени простори треба да се изградат игралишта и места за седење, за да се истакне уште повеќе територијалното однесување на луѓето.

Њумановиот труд предизвика полемика. Имаше критичари кои тврдеа дека изборот на зградите што тој ги анализира не е добар и поради тоа неговите заклучоци се некоректни. Укажувано е на фактот дека проблемот на "одбранливоста" на просторот се појавува, главно, само кај зградите со социјални станови (истражувањето е спроведено во САД), а не и со приватни, така што очигледно е дека и сложените општествени фактори ја поттикнуваат појавата на облиците на криминал што тој со своите предлози сака да ги елиминира. Без оглед на тие критики, еден од резултатите на неговиот труд е заклучокот дека високите згради можат да бидат изградени така што предностите за живеење во ниските згради да се намалат или сосема да се отстранат. Тоа е ставот што аргументирано го бранат и некои други истражувачи.

5.3.5 Високите згради - се студени и неудобни за живеење

Еден од најчестите приговори на повеќекатниците е дека условите за живеење во нив предизвикуваат чувство на стеснетост кај луѓето. Тоа е значаен приговор, зашто височината на зградите е во мошне висока позитивна корелација со бројот на луѓето што живеат на одредена површина (густина на живеалиштето). Ако ова се покаже како точно, тогаш повеќекатниците самите за себе би вршеле негативно влијание врз човекот во вид на создавање чувство на стеснетост кое, како што истакнуваат мнозина, доведува до нарушување на однесувањето. Но, има и поинакви мислења.

Фридман истакнува дека на високите згради им се упатуваат главно два приговори: прво, дека се студени, дехуманизирачки, неудобни за живеење и дека го обесхрабруваат чувството на заедништво со другите луѓе што живеат во нив; второ, дека во нив живеат премногу луѓе. Кога толку луѓе ќе сместиме на релативно мал простор, тие стануваат анксиозни и уплашени, агресивни, претрпуваат физички нарушувања, стануваат пасивни и се повлекуваат итн. Меѓутоа, како што истакнува Фридман, тоа не се типични последици од преголемата густина на луѓето. Преголемата збиеност, според него, само ги засилува типичните реакции на луѓето какви било да се тие. Тој мошне

луцидно го брани овој наизглед парадоксален заклучок и истакнува дека животот во повеќекатниците со стотини други семејства само ги зголемува негативните чувства што можат да се избегнат со структурални измени на средината во која тие луѓе живеат. До колку луѓето се чувствуваат слободни и отворени и до колку имаат доверба во своите соседи, условите на голем број луѓе само ќе ги зајакнуваат таквите чувства. А тие можат да се создадат со конструирањето на зградите, што пред сé ќе ја охрабрува социјалната интеракција на станарите. Голема предност, на пример, на четири-катниците е во тоа што секој секого го среќава. Фридман дава цела низа предлози како би требало да се реконструираат зградите со голем број катови за да одговорат на барањата за поголема комуникативност меѓу луѓето.

За него основна цел на станбената зграда е поттикнување на блиски социјални допири меѓу станарите. Зграда со дваесет катови, со долги ходници што делат дваесет семејства, и без јавни површини, освен ходниците и скалите, нема да поттикне социјална интеракција. Два поголеми лифта за четиристотини семејства се веројатно доволни, но луѓето што ги користат најчесто не се познаваат меѓу себе како оние што го делат лифтот што го користат само дваесет семејства. Тоа, според Фридман, јасно укажува дека потребата за интеракција со голем број луѓе предизвикува негативни последици. Работите стануваат непредвидливи и има премногу можни социјални контакти. Целокупната ситуација, помалку или повеќе, ѝ се извлекува на нашата контрола. Без оглед на тоа дали сме на игралиште со стотина деца или во ходник што раздвојува триесет станови, типична реакција е повлекувањето. Притоа, важно е да се истакне разликата меѓу ситуацијата во која имаме голем број луѓе и ситуацијата на нивна висока збиеност. На пример, големото игралиште на кое си играат двесте деца може да има помала популациска густина, отколку едно мало игралиште со педесетина деца, но чувството на збиеност се јавува во првиот случај, а не во вториот. Според Фридман, многу тешкотии на повеќекатниците може да се избегнат ако ходниците се разбијат во одделни целини што ги опслужуваат одделни лифтови. Со тоа, според него, веднаш се зголемуваат шансите со некого да се спријателиме во лифтот, зашто го користи помал број луѓе. Што е уште поважно, кога имаме само шест или седум семејства одвоени со ходник во рамките на еден кат, ќе биде речиси невозможно тие да не се запознаат, и така ќе биде поверојатно дека ќе се спријателат. Тоа е очигледно скапо за реализација, но неопходно е.

Слично на тоа, треба другите делови од зградата да се конструираат така што да ја поттикнуваат интеракцијата на станарите. Новите згради, повеќекатниците, немаат места за интеракција на луѓето. Иако во нив најчесто се наоѓа некаков простор за игра на децата или за собирање на станарите, тој е за луѓето непогоден поради својата големина и положба (обично во приземјето). Потребно е да се изградат повеќе помали простори во рамките на одделни сегменти од зградата, така што исти луѓе секојдневно ќе ги употребуваат. Иако е пожелен еден заеднички простор од поголеми размери, повеќето активности, и на возрасните и на децата, бараат помал простор.

Овие неколку примери го илустрираат Фридмановиот пристап кон проблемот за недостиг на социјална интеракција во мнозинството модерни повеќекатници и улогата на самата физичка средина во тоа. Тој го анализира проблемот од становиштето на културата на која ѝ припаѓа и затоа понекогаш е едностран, но често е и интересен, особено кога се труди во своите размислувања да биде што поконкретен. Проблемите на анонимноста на животот во повеќекатниците се појавуваат во нашава средина, иако се покажуваат малку поинаку, и Фридмановите предлози не би требало да се отфрлат пред да се разгледаат сериозно. Значајно е дека тој, во суштина, го брани ставот дека и повеќекатницата може да биде хуман и топол амбиент за живот, само што концепцијата за нејзиниот изглед треба темелно да се измени. Тоа не значи дека зградите можат во недоглед да се зголемуваат; некоја мерка и во тоа е секако неопходна, но дилемата, според него, не е во високата или ниската зграда, туку како би требало да изгледа високата зграда за да дејствува позитивно врз социјалното однесување на луѓето.

5.4 ПРИРОДА НА СЛАМОТ*

Не постои општо прифатена дефиниција за сламот (најдолен општествен слој). Некои истражувачи на сламот гледаат како на специфична појава, вид на неорганизирано подрачје. Но мексиканскиот слам во Вичита не е неорганизирано подрачје (Gist and Halbert, Urban Society, New York, 1950, p.162-163). Други пак сметаат дека терминот "слам" и "уништено подрачје" се синоними (Queen and Thomas, The City), но изгледа дека е поприфатливо да се следи примерот на Кин и да се прави разлика меѓу нив (J.A. Quinn, Human Ecology, p. 156). Кин смета дека терминот "уништено" е адекватен како за населени така и за ненаселени подрачја, додека терминот "слам" треба да биде прифатен само за населени подрачја. Уште повеќе, уништените подрачја секогаш се реони во процес на пропаѓање, додека многу сламови - мексиканските квартови во Вичита, на пример, од секогаш биле сламови. Други пак веруваат дека сламови може да се сретнат и во руралните подрачја, што претставува дискутабилна претпоставка. Мизерни, како што само тие можат да бидат, условите за живот, во некои рурални подрачја, сепак не претставуваат визуелна заедница која е во остра спротивност со пријатното соседство, бидејќи во овие подрачја градбите се расштркани.

Сламот би можел да се окарактеризира како подрачје со субстандардни услови за живеење во рамките на еден град и тој секогаш е подрачје. Осамена, напуштена куќа, дури и при највисок степен на руинираност, не претставува слам. Покрај тоа терминот "услови за живеење" сé повеќе се однесува на животниот стандард, отколку на физичкиот изглед на една градба. Во многу случаи некогашните "добро" населени региони се претвориле во сламови, не од причина што градбите не биле повеќе адекватни за живеење, туку големите куќи кои припаѓале на една фамилија се претвориле во трошни пренаселени згради. Исто така, терминот "субстандард" не треба да се сфати во објективна или технолошка смисла, туку повеќе во релативна социјална смисла т.е. компариран со дадени стандарди во одредена држава и време. Пештерскиот дом на предисторискиот човек, земјаниците и привремените бараки на првите доселеници, според нашите сопствени стандарди се субстандардни, но, тие не создавале

* Egon Erns Bergel, *Urban Sociology*, Mc. Graw-Hill Book Company, New York-Toronto-London Inc., 1955, p. 411-428.

услови за појава на слам. Теоретски, скоро сите оние градби изградени пред 1900-та год. и "немодернизирани" се субстандардни, бидејќи немаат парно греење, систем за топла вода, вода и сл; многу од нив немаат тоалети со вода и електрична инсталација. Навистина, секогаш кога се јавува концентрација на вакви градби кои не се реновирани, подрачјето се претвора во слам. Но тие истите, во времето кога биле изградени се сметале за удобни живеалишта. Во периодот меѓу 1920 и 1930-та год. во Виена биле изградени 60.000 станови. Ниту еден од нив немал парно греење или топла вода; практично ниту еден немал бања, а повеќето имале само еден извод за вода со лавабо кое служело како за капење, така и за миење на садовите. Сепак, овие реони не се претвориле во сламови, туку тие придонеле истите да не се создадат. Овие станови биле толку современи, за разлика од останатите во Виена (во случајот дури и Источна Европа), нивната градба претставувала голем прогрес во градежништвото и тие служеле како пример за градба на станбени згради низ цела континентална Европа. Во САД слични такви реони, без сомневање, во случај на нужност брзо би се претвориле во сламови.

5.4.1 Три вида на сламови

Постојат разидувања во мислењата, дали луѓето го чинат сламот, или тој нив. Со други зборови, дали субстандардните услови за живеење произлегуваат од социјалните стандарди и начинот на однесување на одредени групи луѓе, или обратно? На вака формулираното прашање не може да се одговори, бидејќи тоа е безсмислено од научна гледна точка. Неспорно е дека оние групи луѓе кои имаат ниски примања, имаат и понизок животен стандард. Но, тоа не мора да значи дека овие стандарди одговараат на условите во сламот. Многу емигранти, особено оние од Јужна и Источна Европа и од Латино-Американските земји, се навикнати на услови на живеење кои според американските услови, се неприфатливи. Ова практично објаснува зошто тие живеат во услови кои другите групи ги сметаат за неподносливи. Исто така, ова делумно објаснува зошто некои реони, кои некогаш биле во добра состојба, се претвориле во сламови по вселувањето на овие групи во нив. Но, сето ова не го објаснува постоењето на "оригиналниот" слам. Сиромашните и емигрантите не се во состојба да изградат домови кои би одговарале на нивниот вкус. Нивните домови најчесто ги градат луѓе кои самите не би можеле да живеат во нив. Мексиканскиот слам во Вичита бил

изграден од менаџерите на железницата, а многу други слични сламови се развиле благодарение на шпекуланти кои стекнале огромни богатства благодарејќи на изградбата на субстандардни станови. Како што е случај со многу други социјални феномени, така и сламот претставува комплексен производ од многу фактори. Најважна тежина сепак е сиромаштијата. Мексиканците од Вичита прифаќаат надници кои не им дозволуваат да закупат комфорни станови. Слично на нив Полјаците, кои дошле во оваа земја да работат во рудниците, примаат ниски плати и можат да си дозволат да живеат единствено во субстандардни домови. Во овие случаи очигледно се јавува взаемно дејствие на објективни економски фактори и групни субјективни стандарди. Нискиот личен доход ги обврзува луѓето да живеат во сламови, но тие и онака не се против, бидејќи навикнале да живеат и во полоши услови. Исто така, вистина е дека секој реон за кој не се води доволно грижа може да се претвори во слам. Во Њујорк цели сламови, реони полни со ѓубре, отпадоци и рушевини биле расчистени, но само по една година реонот бил во иста состојба како и порано. Овде повторно станува збор за взаемното дејство на социјалниот и економскиот фактор. Многу жители на сламот се немарни и ним не им пречи нечистотијата. Од друга страна, останатите луѓе ниту имаат доволно средства ниту пак доволно време за да ги одржуваат реоните во кои живеат онака како што посакуваат.

Во секој случај, постоечкиот социјален поредок, вклучувајќи го и она што се смета за соодветно живеалиште во зависност од класниот статус, останува непобитен - прифаќајќи ги постоечките стандарди се лишуваме од секаков потстрек за надминување на истите. Ниту влијанието на богатите, ниту пак страдањата на оние без основни средства за живеење, придонесуваат за негово подобрување. Покрај технолошките и хигиенските недостатоци, модерниот слам го карактеризираат и други, а мора да се додадат и други елементи: свеста на високите социјалекономски групи дека условите мора да бидат изменети и задоволени барањата на општествено запоставените групи за подобрување на условите. Со зголемената урбанизација состојбата уште повеќе се влошува. Дури и во времето на кралицата Елизабета градовите биле пренаселени со крајно осиромашени луѓе па биле донесени закони за регулација на состојбата. Сепак бездомниците, иако пропорционално земено многубројни, биле во мал број и повеќето од нив биле задржани надвор од градовите. Но, по индустриската револуција се јавува потреба од голем број на ефтина работна рака за работа во урбаните средини. Во овој пе-

риод модерниот слам започнува да расте. Ниските лични приходи не дозволуваат пристојни живеалишта; рапидно зголемената индустрија го удвостручила бројот на масите. Требало да се обезбедат домови за сите. Во вакви услови, станбените реони морале да бидат неадекватни. Нови населби изградени исклучително за физичките работници, изникнувале "преку ноќ" а за да бидат достапни за работникот, тие претежно биле ниски градби, со мали и ниски соби. А бањите најчесто биле изоставени, повеќе станови имале заедничко WC и водовод. Ваквите градби не биле погодни за живеење, не биле санитарно опремени и бргу пропаѓале.

Постојат три вида слам. Првиот е "оригиналниот" слам, реон во кој од самиот почеток се изградени неподобни згради за живеење и истите не можат да се реновираат, туку треба да се разурнат. Пример за оригинален слам е мексиканскиот слам во Вичита. Вториот вид на сламови е создаден при иселувањето на семејствата од средна и висока класа во други реони и нивно подоцнежно влошување на состојбата на реонот. Саут Енд сламот во Бостон е пример за ваков вид на сламови и треба многу повеќе да се дискутира за условите во овој слам. Мора да наведеме дека проблемите кои ги среќаваме кај овој вид слам се различни од оние во мексиканскиот реон на Вичита или некои други слични сламови. Според тоа, тешко е да се направи план кој би бил најпогоден за рехабилитација на реонот. Тој не е во состојба за целосно демолирање. Градбите кои се во фаза на целосно пропаѓање, би можеле да се изрушат. На нивно место може да се изградат станбени згради, бидејќи реонот е подобен за такви градби. Еден ваков проект веќе се остварува. Останатиот простор би требало да се искористи за изградба на неопходно потребни терени за рекреација. Според прифатените стандарди за урбано планирање на еден реон, неопходно е да постојат 600 ари терени за детски игралишта, 800 ари атлетски терени и 800 ари паркови. Овде всушност постојат само 212 ари терени за детски игралишта, 250 ари паркови а атлетски терени воопшто и не постојат.

Ако се преземат горенаведените мерки, споменатата рехабилитација би била само прашање на административната и општествената организираност. Подобрата инспекција и примена на законите би ги приморале сопствениците да ги реновираат, да ги исчистат градините и да ја уништат баграта. Со измената на статутот и правилникот за градежништво, би се редуцирал бројот на собите за издавање а воедно и бројот на жители и подстанари по стан. Треба да се укинат дозволите за точење на алкохол сé додека нивниот број не достигне разумна пропорција. Потребна е

централизација на реформите за општествена организираност, и се разбира, доволно финансиски средства за вакви промени. Во овој реон засега вршат служба повеќе од 200 цркви, или социјални работници и медицински центри.

Третиот и во исто време најнепријатен вид слам претставува појавата која нема долго да трае. Кога реонот околу главниот деловен центар бил уништен, физичкото и социјалното пропаѓање рапидно се забрзало. Во овој вид слам се среќаваат куќи во распаѓање, преноќишта за една ноќ, јавни куќи и илегални точилници за алкохол. Тој е населен со минувачи, скитници, багабонти, хронични алкохоличари, питачи, безделници и непоправливи криминалци. Неговите "економски" активности ги извршуваат сопственици на барови и коцкарници, сопственици на заложилници, растурачи на дрога, макроа и проститутки. Ваквиот вид на слам упорно ја одбива рехабилитацијата. Затоа, соодветен лек е најдоброто решение. Стриктни закони за урбанистичко планирање, правилници за изградба и политика на остра осуда довеле до демолирање на многу градби. Ефтините куќи би требало да се заменат со јавни згради или простории за социјални агенции. Дозволите за точење на алкохол би требало да се укинат. Со соодветна пореска политика досегашните бизниси не би биле веќе профитни и луѓето кои се вклучени во нив би се отселиле. Некои згради би можеле да се преуредат за јавна или приватна употреба на социјалните работници, а другите би требало да се изрушат за да се уредат зелени површини. Преселбата на малиот број семејства кои се населени во меѓузоната не е голем проблем.

Постои физичка разлика меѓу сламовите; постојат сламови со соби за издавање, сламови со станови и сламови со домови за едно семејство. Градбите се разликуваат според состојбата во која се наоѓаат. Некои едноставно ги задоволуваат неопходните потреби (централно греење, бањи и санитарен чвор), а другите се целосно промашени и не би требало никогаш да се изградат. Постојат и солидни градби кои се запуштени, но со мали инвестиции тие би можеле да се рехабилитираат. Други пак се во безнадежна фаза на распаѓање.

Условите во сламот се разликуваат и од многу други аспекти. Некои живеалишта се едноставно пренаселени. Во овој случај проблемот се состои само во преселување на одреден број на жители во други станови. Други се несоодветно лоцирани (покрај железнички пруги, близу до индустриски реони со висока концентрација на смог, непријатна миризба и врева) населението од овие реони мора да се пресели во соодветно лоцирани домови.

Сепак, некои од градбите во сламовите се опасни по живот и здравјето на човекот (во нив лесно може да избие пожар, имаат влага, недоволно свеж воздух и недоволно светлина) и треба да се демолираат.

5.4.2 Сламот и социјалната дезорганизираност

Мислењето дека сламовите се секогаш дезорганизирани реони е неточно. Единствено меѓузоната или, уште полошо, не е способна да се организира. Популацијата која се состои од бездомници без семејства, од перманентно невработени, од хронични алкохоличари, наркомани, проститутки, питачи и скитници, одбива каква и да е организираност. Некои од овие луѓе би можеле да се рехабилитираат но, исклучително после преселбата од вакви реони.

Единствената форма на организираност во ваквите реони е гангстерското подземје. Гангстерите се предводени од личности кои поседуваат одредени лидерски способности, како што се иницијативност, довитливост, енергичност и волја. Нивните следбеници покажуваат лојалност и подготвеност да направат многу поголеми жртви отколку една нормална личност. Никаде не може да се сретне така цврста групна кохезија, взаемна помош и општествена поврзаност како во организираните банди. Но, тоа што ги чини опасни за општеството, не е нивната способност за организирање, туку нивниот морален код.

Инаку, состојбата во сламовите е поинаква. Одделни групи имаат тенденции општествено да се организираат на свој сопствен начин. Секако тие се малубројни и не се прифатени, не само од страна на многубројните, туку и од црквата и клубовите. Еколошката сегрегација е секогаш проследена со социјална сегрегација, живеење што секогаш има дополнителен стимул во желбата да се сочува националниот идентитет и врските со стариот свет. Според тоа, среќаваме многубројни здруженија од сите видови, некои од нив се специфични за одредени групи, како на пример, германското Turnverein, или чешкото Sokols, додека другите се заменети со обичните американски здруженија или со организации за добротворни цели за расното, националното или верското малцинство. Впрочем, овие луѓе се многу добро организирани иако сето тоа е на неформална основа. Тие се познаваат меѓусебе, се среќаваат, и се поврзани во исти населби, со ист јазик и покрај сето тоа со отфрлање на воспоставените општествени односи. Новодојдените емигранти секогаш се

подготвено прифатени. Главниот извор на дезорганизираност лежи во амбивалентните ставови на втората генерација.

Сегрегираните сламови се погодени од дискриминација, отфрленост, а со тоа желбата за интеграција е поголема од онаа за дезорганизација. Во сламовите населени со сиромашни, состојбата е поинаква. Постои некаква организираност но, таа не е многу ефектна. Црквата е водечка организација, но барем една половина од популацијата на сламот не појавува никаков интерес за неа. Во последно време социјалната активност на синдикатите зема замав и во овие реони но, само одреден дел од популацијата појавува интерес. Најчест вид на организираност се спортските клубови. Биле направени огромни напори да се организираат соседствата на сламот но, само мал дел од популацијата ги прифатил понудените можности.

Неформалната социјална организираност на сламот, сепак, е многу поцврста отколку што некој е подготвен да поверува. Како по правило, секој член на сламот е социјално помалку изолиран отколку повеќето жители во реоните населени со средна и висока класа.

Не постојат многу причини за непочитување на соседот. Семејството од соседниот стан не мора да припаѓа на одредена црква или одреден клуб. Тие нема да бидат отфрлени бидејќи нивното потекло е сомнително ниту пак ќе бидат почитувани бидејќи не припаѓаат на некое познато семејство. Според тоа, постојат само неколку пречки во остварувањето на соседските контакти. Од друга страна, отсутноста на бариерите честопати е причина за конфликти кои лесно можат да се избегнат во другите средини. Не е ретко да се сретнат вербални дуели па дури и физички напади во случај на недоразбирање што сламот го прави реон на насилства. Ако непријателството се прошири меѓу повеќе семејства, се соочуваме со таков вид на дезорганизација која е непозната во другите реони.

Но постојат и други вредни разлики кои ја чинат специфичната атмосфера на сламот. Препознатлива карактеристика на сламот е викањето, гласното смеење, гласното слушање на музика што по сé изгледа не им пречи на жителите; напротив, изгледа тие уживаат во тоа. Па, затоа има многу помалку приговори за вревата. И покрај сé, удобните домови помалку се ценети. Барем рамнодушноста во воздржувањето е прифатена како дадена вистина. Ова е само зрно вистина во заклучокот дека луѓето го чинат сламот.

5.5 ГРАДОВИТЕ И КУЛТУРАТА*

Демографскиот прилив во сите градови во светот создаде серија буништа со посмртоносно дејство од колку хидрогенската бомба. Човекот се соочува со верижна реакција а практично и не ги знае културните атоми кои ја предизвикуваат. Доколку можеме врз човекот да ги примениме знаењата со кои се здобивме во врска со животните, кога се наоѓаат во пренаселена средина или се во туѓ биотоп, дотолку повеќе сме загрозени од драматичните последици на човековото натрупување. Проучувањата на етнологијата и споредбената проксемија би требало да не предупредат на опасностите кои нé демнат поради силниот прилив на селското население во урбаните центри. Проблемот на приспособување на овие маси не се поставува само од економски причини, туку се однесува и на прифаќање еден стил на живот. Овие маси треба да се соочат со тешкотиите кои им ги создаваат непознатите системи за комуникација, непријателските простори и сите паталошки феномени врзани за местото кое по своето однесување претставува буниште.

Во Соединетите Американски Држави црнецот од ниските класи, во врска со неговата адаптација на урбаниот живот предизвикува проблеми кои доколку не бидат решени, би можеле да ги направат градовите невозможни за живот.

Често недоволно се обрнува внимание на фактот дека црнците од ниските класи и белците од средните класи произлегуваат од различни култури. По многу нешта положбата на американските црнци е слична со онаа на американските индијанци. Овие малцинства се разликуваат од доминантната група по фундаменталните културни разлики во однос на основните поими и вредности како што се структурата и управувањето со просторот, времето и материјата, со кои секој се здобива на почетокот на животот. Некои водачи на црнците отишле до таму што тврделе дека ниеден белец не е способен да ги разбере нив црнците. Тие секако биле во право кога станува збор за црната култура на ниските слоеви но, сепак мал број на луѓе успевале да ги разберат дека културните разлики слични на оние од кои страдаат црнците, се засилени со предрасудите, а во основа немаат ништо заедничко со природата на самата предрасуда. Тие

* Edward T. Hall. La dimension cachie, Editions du Sevil, 1971. Paris, p. 202-221.

се неразделни од човечката положба и се исто толку стари, колку и човекот. Треба да се нагласи дека главните американски градови ги доведуваат во контакт луѓето кои припаѓаат на разни култури, наметнувајќи им опасно високи демографски концентрации, кои не наведуваат да споменеме некои резултати на паталогот Шарл Сутвик (Ch. Southwick). Имено, Сутвик открил дека глувците "Перомисцус" издржуваат многу високи демографски концентрации во нивниот кафез, под услов, да не се внесе глушец од друг вид. Во спротивно, ние набљудуваме не само значајно зголемување на борбеноста туку, и зголемување на тежината на надбубрежните жлезди и покачување на процентот на созинофил во крвта (два симптома карактеристични за состојбата на стрес). Дури и ако се успее да се укине дискриминацијата и сите предрасуди спрема црнците, како и да се избрише срамното минато, црнецот од пониските класи ќе мора секогаш во американските градови да се соочува со состојба на услови кои водат кон стрес: буништето ("џунглата" во уличниот јазик длабоките културни разлики кои ги раздвојуваат од доминантната средна класа на белците и сосем туѓиот биотоп во кој што треба да живеат.)

Социолозите Глазер и Мејнихан (Glazer et Mounihan) во нивното значајно дело "Beuond the Melting Pot" јасно покажаа дека не постои никаков лонец за топење во американските градови. Нивната студија се однесува на Њујорк, но нивните заклучоци се применливи на голем број други градови. Имено, сé чини дека главните етнички групации во американските градови ги одржуваат нивните особености за време на повеќе генерации. Сепак, нашите станбени програми, или програми за урбано уредување на градот, ретко водат сметка за етнички разлики...

5.5.1 Потребата од елементи на контрола

Според Луис Маморд, кодексот на Хамураби е создаден од потребата за борба против анархијата на населението кои се сливале во градовите на Месопотамија. Од тогаш, историјата на односите на човекот и градот, не престана да дава примери за потребата да се замени племенскиот обичај со законски системи. Урбаното законодавство и организмите наменети за постојана обработка постојат во сите земји на светот, но, пред нив се поставуваат премногу задачи. Во врска со ова, ќе забележиме дека досега недоволно се апелираше на улогата што би можела да ја играат обичајот и јавното мислење во етничките енклави во кои

нивната моќ останува значајна. Овие енклави извршуваат низа функции од кои една од најважните се состои во тоа што служат како приемни центри за население чија втора генерација би можела да научи како да премине на урбан стил на живот. Но, основниот проблем што го поставуваат тие енклави, се состои во нивната локализација која ги ограничува нивните димензии. И кога бројот на доселениците се зголемува со процент кој ги надминува можностите на конверзија на селските мигранти во граѓани (тоа се токму оние кои можат да ја напуштат енклавата), преостануваат само две решенија: територијална експанзија или пренаселеност.

Во случај кога не е можно ниту да се прошири енклавата, ниту да се одржи нормална демографска густина (нормите вариираат зависно од етничките групи), се развива буниште кое ги избегнува законските мерки. Тоа е чест случај во Њујорк со црнците и порториканците. Според еден извештај на весникот Тајм во 1964, 230 илјади луѓе се "натрупале" во Харлем на површина од 9 квадратни километри. Ако не сакаме буништето да го уништи градот, постои едно решение кое се состои во примена на архитектонски решенија со цел да се спречат страшните ефекти на буништето, без да се уништи енклавата.

Кај животните решението е мошне едноставно и сосема потсетува на нашите програми за урбано реновирање и проширување на предградијата. Ако сакаме да ја зголемиме густината на една популација на глувци а во исто време да ги зачуваме животните во добра физичка кондиција, тогаш тие треба да се постават во раздвоени кутии, на тој начин што не можат меѓусебно да се гледаат, да се исчистат нивните кафези и да им се даде доволно јадење. На тој начин може во недоглед да натрупуваме кутии. За несреќа, така затворените животни стануваат глупи и овој систем на преполнетост се плаќа со висока цена. Прашањето што се поставува значи е, да се знае до кое ниво на фрустрација нам ни е дозволено да се симнеме за да ги "сместиме" луѓето. Ние имаме горчлива потреба од водечки принципи за изработка на концепција за простори способни да одржуваат задоволителна демографска густина, а на жителите да им осигураат задоволително ниво на контакти и партиципација како и постојано чувство на етнички идентитет. Изработката на еден таков систем на принципи наложува тесна соработка на голем број специјалисти од разни профили.

Такви беа заклучоците на Вториот конгрес во Делос во 1964г, организиран од грчкиот архитект-урбанист Доксиадис. Конгресите во Делос инаку собираат секоја година голем број експерти од цел свет кои го вградуваат своето знаење и компе-

тентност во студијата која Доксиадис ја нарекува екистика (или наука за сместување на човекот). Би можеле во пет точки да ги резимираме заклучоците на Конгресот од 1964 година. Прво, програмите за нови градови изработени во Англија и Израел се поставени на неадекватни основи, стари еден век . Овие градови се премногу мали, и дури и најважните димензии, предложени од страна на англиските урбанисти, се засноваат врз крајно ограничени истражувања. Второ, иако луѓето се загрижени поради драматична ситуација создадена од недогледниот растеж на мегалополисите, ништо не е преземено тоа да се запре. Трето, взаемното дејство на порастот на автомобилите и населението, создава вистински урбан хаос во кој не се појавуваат авторегулациони механизми.Или,колите итаат кон центарот на градот (предизвикувајќи негово задушување како што е во Лондон или Њујорк), или градот попушта пред автомобилот за да исчезне во лавиринтот од автопатишта (како Лос Анџелес). четврто, од аспект на светски економски развиток, малку проекти би стимулирале еден толку широк спектар активности на услугите и техниките како што е реконструкцијата на градовите во светот. Петто, не треба само да се координираат и да се подржуваат проектите, образованието и екистичките истражувања, туку сите влади треба да ги прогласат за приоритетни.

5.5.2 Психологија и архитектура

За да се решат урбаните проблеми од таков распон, покрај традиционалните стручњаци - урбанисти, архитекти и инжињери од било кој профил, стручњаци за сообраќај и превоз, наставници, правници, социјални работници и стручњаци по политичка економија - има потреба за експерти од нов вид. Психолозите, антрополозите, и етнолозите, многу ретко се постојани членови на комисиите за урбанизам, што би било сосема нормално. Самоволието при укинувањето или доделувањето средства за истражување, треба да престане. Урбанистите не би требало да продолжат да бидат немоќни пред неуспехот или отстранувањето на задоволителните проекти. Би било пожелно да не се раздвојува урбаното планирање и урбаното реновирање, зашто второто е интегрален дел на првото. Да го земеме примерот на становите наменети за класи со низок доход, проектирани од страна на јавните служби во Чикаго. Всушност, тука имаше обид да се сокријат проблемите наместо да се решаваат. Не треба да се заборави дека популацијата со низок доход која се сливала во Чикаго и во

многубројните други американски градови повеќето биле црнци кои доаѓале од селските предели и малите градови на Југ. Повеќето од нив немале никакво искуство или традиција со урбаниот живот. По примерот на порториканците и белците од Апалашите, повеќето црнци страдаат од сосем неадекватно воспитување што се однесува до поимот живеење. Секако, новите и високи згради кои се редат едни до други, се помалку депресивни од ќумезите кои тие ги напуштиле, но тие внесуваат многу повеќе немир кога треба во нив да се живее. Црнците се покажаа посебно јасни во осудата на станови во високи згради. За нив, тие згради ја претставуваат само доминацијата на белците, еден вид споменик издигнат на поразот на етничките односи. Тие се подсмеваат на начинот на кој белецот ги натрупува црнците едни врз други, во овие високи градби. Високата зграда им изгледа несоодветна за задоволување на основните човечки потреби. Еве што зборувал еден станар: "Тоа не е место за живеење на семејство. Мајката не може да ги надгледува децата кога си играат петнаесет ката подолу. Посилните ги тепаат послабите, лифтовите се опасни и полни со ѓубре (станарите ги користат како нужник во знак на протест против овие згради), спори се и лесно се расипуваат. Кога сакам да се вратам дома, двапати размислувам поради тоа што, можеби, ќе го чекам лифтот дури половина час. Дали сте се качувале петнаесет ката пеш кога лифтот е расипан? Тоа не е, сигурно вежба која би сакале често да ја повторувате..." За среќа, неколку архитекти почнуваат да осмислуваат нови целини составени од градби на два, три или четири катови земајќи ја притоа предвид и човековата потреба за сигурност. Сепак, има премалку информации за тоа каков тип на простори најмногу би му одговарало на црното население. Моето лично искуство потекнува од Втората светска војна кога служев во инжинериска единица составена од црнци. Нашиот полк, собран во Тексас, учествуваше во пет европски акции. Но, дури кога пристигнаа на Филипините, тие пронајдоа свој "размер" на живот. Тие многу добро се приспособуваа на филипинското општество и на неговата економија каде што секој може на своја сметка да отвори дуќан од бамбусова трска, голем колку две телефонски говорници. Пазарот на отворен простор со сета своја активност, сé чини повеќе им одговара на потребите (приближно) на црнците, отколку толпата во американските стоковни куќи, затворени со ѕидови и прозорци. Со други зборови мислам дека размерот ќе се наметне како клучен фактор при планирањето на градовите, на соседските единки и населби. Секогаш урбаниот размер треба да одговара на етничкиот размер

поради тоа што секоја етничка група има разработено свои системи на размери.

Ќе го забележиме, освен тоа, и реперкусиите на класните разлики чии одзиви психологот Марк Фрид (Mark Fried) и социолозите Херберт Ганс, Пеги Глајхер и Џестер Хартман (H.Gans, P.Gleicher et Ch.Hartman) ги подвлекоа во серија важни публикации посветени на "Вест Енд" во Бостон. Плановите за отстранување на ќумезите и урбаната обнова на Бостон, пропуштија да поведат сметка за разликата помеѓу работничките квартови и оние на средните класи. Жителите на Вест Енд живееја во постојани меѓусебни контакти: холот на куќите, продавниците, црквите па дури и улиците за нив играше суштествена улога во учеството на животот во заедницата. Како што подвлекува Хартман, пресметувајќи ја демографската густина на Вест Енд, дошол до заклучок дека жителите располагаат во суштина со животен простор дури неколку пати повисок од оној што е определен со критериумите на вреднувањето за средната класа, засновани само врз келијата за живеење. Ганс, исто така, го спомна проблемот на урбаното село (негов израз). Вест Енд всушност служеше за преобразување на селските емигранти во граѓани, во текот на три генерации...

5.5.3 Патологија и пренаселеност

Кога говориме за реперкусиите на урбаниот живот врз човекот, ние најчесто помислуваме на криминалот, незаконските пораѓања, недостатоците во образованието и физичката патологија. Битно е, овој сектор на истражување, да добие значајно место. Многу студии ќе добијат свој смисол тогаш кога ќе се прифати врската помеѓу урбаната пренатрупаност и човечката патологија, но до денес, според мене, постои само една студија која директно ги напаѓа консеквенциите на недостатокот на простор. Таа студија е на Пол Шомбар д'Лов (Poel, M-J. Chombard de Lauwe) и соработниците кои знаеја да ги здружат психологијата и социологијата. Тие први објавија податоци за пренаселеноста во градските станови. Со типично француска грижа за исцрпност, тие собраа бројни податоци за сите аспекти на семејниот живот на францускиот работник. Тие почнаа да ја одбележуваат пренаселеноста со број на жители на една келија за живеење. Бидејќи тој коефициент премалку зборуваше сам за себе, тие решија да употребат друг коефициент, односно, број на квадратни метри по човек и по стан. Тој нов коефициент требаше да им овозможи да

воспоставаат зачудувачки корелации: како што расположливиот простор по човек се намалуваше под 8 до 10 квадратни метри, бројот на патолошките случаи (физички или социјални) се удвојуваше. Болеста, криминалот и пренаселеноста се покажаа, без сомнение, поврзани. Над 14 квадратни метри по човек, патолошките реперкусии од двата типа исто така се зголемуваат, но на помалку изразит начин. Единствениот начин на кои истражувачите можеле да ја објаснат оваа втора констатација се состои во социјалната динамика која ги наведува семејствата од втората група да им се посветат многу повеќе на својот успех, отколку на своите деца. Но овие заклучоци бараат и одредена воздржливост. Оптималниот простор од десет до четиринаесет квадратни метри нема никакво универзално значење. Оваа бројка важи само во ограничен дел од француското население во определен временски момент. Ваквата констатација не значи дека таа би важела и меѓу некое друго население. Проблемот на определување на границата на пренаселеноста кај разните етнички групи не враќа на проблемот на диференцијалните употреби на разните сетила.

Природата на сетилното ангажирање во човечките односи, како и начинот на употребата на времето, ни дозволуваат не само да го определиме прагот на пренаселеноста кај разните народи, туку и средствата за борба против ова зло. Така, црнците и порториканците имаат потреба од многу потесен контакт, отколку жителите на Нова Англија и американците од германско или скандинавско потекло. Народите, кај кои човечките односи се воспоставуваат врз принцип на блискост имаат очигледна потреба за повисока демографска густина отколку кај оние кај кои односите се подалечни, но затоа пак во однос на странците првата група народи може да има зголемена потреба за заштита и изолација.

Апсолутно е потребно да се продолжат истражувањата на ова поле, за прецизно да се определат минималните, максималните и оптималните густини за разните културни енклави од кои се составени нашите градови.

5.5.4 Монохронија и полихронија

Управувањето и структурирањето на времето, се директно поврзани со структурирањето на просторот. Во делото "Тихиот говор" јас дадов два начина за разбирање на времето, монохронија и полихронија. Монохронијата ги карактеризира народите со

оддалечени односи, кои го разделуваат времето во зависност од работите кои треба да ги извршат и кои се дезориентирани ако се појават повеќе симултани работи. Полихроните индивидуи поради интимноста на контактите кои ги одржуваат, имаат наклонетост да водат повеќе операции во исто време како жонглери. Затоа, на првата група им е полесно да ги разделат активностите во просторот, а на втората група да ги сконцентрира на едно место. Односите, кои се инаку тешки меѓу овие два типа народи, би биле во голема мерка олеснети со адекватно структурирање на просторот. Така, монохроните, северноевропејци лошо ги толерираат постојаните прекини на полихроните јужноевропејци затоа што така стекнуваат впечаток дека ништо не оди напред. Исто така, бидејќи редот нема никаква важност за јужнаците, најактивниот клиент ќе биде прв услужен, иако можеби дошол последен.

Ако сакаме да го намалиме влијанието на полихроното однесување, треба да ги скратиме можностите за контакт, односно да поставиме огради меѓу активностите. Напротив, монохроните индивидуи служејќи полихрони клиенти, треба да ги скратат или елиминираат преградите така што ќе допуштат воспоставување на контакт, макар и физички. Таков пример е даден во извештајот на еден Јенки стопанственик во врска со јужно американската клиентела, каде тој ја констатира улогата што ја игра софата во исходот на погодбите и нејзината предност над единечните фотелји разделени со работна маса. Тоа се тие елементарни принципи кои треба да се применат во урбаното планирање. Полихрон наполитанец чии социјален ангажман е интензивен, ја има изградено и ја употребува Галеријата Умберто каде секој може со секого да се сретне. шпанската "Плаца" и италијанската "Пиаца" се погодни за контакти и полихронија, додека бескрајните "Мејнстритс" се карактеристични за Соединетите Американски Држави и одразуваат поинаков начин на структурирање на времето и дистанцирање спрема туѓинецот. Бидејќи нашите големи градови, ги сочинуваат, во голем дел овие два типа народи, нивните меѓусебни односи би можеле да бидат значително подобрени доколку им се дадат соодветни простори.

Урбанистите би требало да направат чекор повеќе во креирањето простори, способни да ги направат културните енклави автономни. Со тоа би била постигната двојна цел: прво, да се олесни процесот во кој низа генерации ќе доаѓаат до претворување на селаните во граѓани, и второ, да се засилат системите на социјална контрола кои и се спротивставуваат на анархијата. Во сегашната состојба ние имаме внесено анархија во нашите енклави оставајќи да се претворат во буништа. Според

зборовите на Барбара Вард (B.Ward), треба да се најде начин да се направи "гетото" достојно за почит, односно не само животот внатре да биде безопасен, туку и жителите да излезат од него кога енклавата ќе ги исполни своите функции.

При двојниот процес на планирање на нашите градови и нивно реновирање, ние би требало да ја засилиме потребата што човекот ја чувствува за припадност кон некоја социјална група, како што беше порано случај, во која тој би бил познат, би имал свое место и каде луѓето би се чувствувале одговорни, едни за други. Освен во етничките енклави, американските градови денес, сé чини, изгледаат сосема социјално отуѓувачки - тие ги раздвојуваат и отуѓуваат индивидуите едни од други. Неодамнешните скандалозни случаи, кога луѓе биле тепани, па дури и убивани пред очите на "соседите" кои не сé ни потрудиле да дадат знак за тревога, јасно ја покажуваат состојбата на ова отуѓување.

5.5.5 Автомобилски синдром

...Во нашата култура е интегриран, еден технички предмет кој целосно го модифицира нашиот стил на живот и од кој ние толку многу зависиме поради задоволување на голем број потреби, и дури е тешко да замислиме да се откажеме од него. Се работи за автомобилот. Автомобилот е најголемиот потрошувач на личен и јавен простор што човекот го измислил. Во Лос Анџелес, градот на колата пар екселенс, Барбара Вирд (B. Ward) покажа дека 60 до 70 одсто од градскиот простор (улици, паркинзи, автопатишта) е наменет за автомобилите. Автомобилот ги голта просторите кои би можеле да служат за контакт и средби, и најпосле тој уништува сé, почнувајќи од тротоарите до парковите.

Овој синдром носи и други консеквенци кои не се занемарливи. Не само што луѓето не посакуваат повеќе да пешачат, туку и тие кои го посакуваат тоа, не можат да најдат соодветни места така не само што човекот физички се оштетува, туку и човечките контакти се проретчуваат. Шетајќи се, ние се запознаваме макар и со поглед. Автомобилите го имаат спротивниот ефект врз човечките односи. Нечистотијата, бучавата, гасовите од бензинот и натрупаноста на паркираните коли придонесуваат за неподносливоста на состојбата на пешакот во градот. Повеќето специјалисти се согласуваат со мислењето дека губитокот на мускуларниот тонус и забавувањето на крвниот проток, поради недостиг на вежбање, преставуваат погоден терен за развиток на срцеви заболувања.

Сепак, нема фундаментален расчекор меѓу човекот и автомобилот во урбаната средина. Треба само да се замислат структури кои ќе овозможат разделување на колите од пешаците како што тоа добро го забележа Виктор Груен во делото "Срцето на нашите градови". Ние веќе поседуваме многубројни решенија што можат да ја дадат за овој случај, урбанистичката имагинација.

Париз е град познат по задоволството што се чувствува при шетањето и каде што може сé уште да се дише воздухот, да се почувствува пулсот, да се набљудуваат жителите. Тротоарите на авенијата Шан Елизе го пружаат тоа вонредно чувство на сигурност поради нивната широчина која целосно ги изолира луѓето од сообраќајот. Што се однесува до уличките чија тесноти ја не е приспособена на автомобилскиот сообраќај, не само што тие се извор на разнообразност во урбаниот пејсаж, туку се и постојано сведоштво за припадноста на Париз како град на пешаците и на неговата хумана предодреденост. Венеција е еден од најценетите светски градови. Нејзините најзпечатливи црти се, отсуството на сообраќај, разновидноста на просторите, шармот на продавниците. Претварањето, на пример, на плоштадот Сан Марко во паркиралиште е незамисливо. Иако различна од Париз и Венеција, Фиренца е исто така идеален град за пешакот. Во центарот на градот меѓу Понте Векио и Пиаца дел Синьориа (Ponte Vesshio et Piazza della Signoria) на пример, теснотијата на тротоарите не дозволува поминување на повеќе од еден човек, така во случај на разминување, еден од пешаците треба или да се симне на патот, или да дојде до допир. Структурата на Фиренца не е приспособена на автомобилот и ако фиренците го исклучат автомобилскиот сообраќај од центарот на градот, тие ќе добијат извонредна трансформација.

Не само што луѓето се отсечени од надворешниот свет со тоа што се затвараат во метално стаклени обвивки, туку автомобилот ги затапува човечките чувства за движење во простор. Исчезнувањето на тоа чувство, не е само резултат на изолацијата во однос на површината на почвата и звукот, туку има и визуелно потекло. Возачот, на автопат, се движи во бран на сообраќај и брзината му ги заматува деталите од непосредната околина.

Човечкото тело е создадено да се движи со брзина помала од 8 километри на час. Колкумина од нас се сеќаваат на интензивното визуелно чувство што се има по пешачење во природа, по една недела или месец. Брзината на движењето овозможува перцепција на дрвјата, грмушките, листовите и тревата, па дури и површината на стените и камењата, зрнцата песок, мравките, гасениците како и мувите и комарците, а да не

зборуваме за птиците и другите животни. Брзината на автомобилот не само што ги заматува блиските слики, туку таа го расипува глобалниот однос со пејсажот. Јас се уверив во тоа еден ден кога одев на коњ, од градот Санта Фе до индијанските резервати на северот на Аризона. Јас требаше да поминам на север од врвот Тајлор чија јужна страна ми беше добро позната зашто ја имав видено педесетина пати од големиот пат од Албакерк до Галуп. Додека колата леташе кон запад, како што се појавуваа нејзините различни страни, така планината се вртеше. Целата панорама се одвиваше за еден до два часа за да приврши на црвените гребени Навахо, пред да пристигнам во Галуп. Но, при нормален ритам што е сличен при патување на долги растојанија со коњ, планината, сé чини, ниту се поместува, ниту се врти пред очите. Просторите, растојанијата и пејсажот добиваат поинтензивно значење. Како што се зголемува брзината, сетилното учество прогресивно се намалува се додека сосем не исчезне. Современите американски коли спречуваат секакво кинестезично искуство со просторот. Кинестезичниот и визуелниот простор, еднаш разделени, не можат повеќе да си дадат заемна подршка. Еластичноста на федерите на седиштата и гумите, управувањето и рамната монотонија на патиштата, придонесуваат за едно несекојдневно доживување на нашата околина. Еден конструктор на коли отишол дотаму што нацртал рекламни плакати кои покажуваат автомобил полн со одушевени патници како лебди во облак над патот. Автомобилот го изолира човекот од неговата околина како и од социјалните контакти. Тој дозволува само најелементарни типови односи, во кои најчесто срекаваме натпревар, агресивност и деструктивни нагони. Ако сакаме повторно да го најдеме изгубениот контакт со луѓето и природата ќе треба да побараме радикални решенија за проблемите што ги предизвика автомобилот.

5.5.6 Единки на колективни живеалишта

Покрај автомобилите, и многу други фактори придонесуваат за задушувањето на нашите урбани центри. Сега е неможно да се дознае дали ќе дојде до пресврт во движењето на средните класи надвор од градот, ниту да ја замислиме нашата иднина ако тој егзодус не биде сопрен. Сепак ќе забележиме неколку охрабрувачки факти. Таков е случајот на Марина Сити комплекс од тркалезни станбени кули што ги изгради Бертран Голдберг (B.Goldberg) во Чикаго. Тие кули зафаќаат цел блок. Пониските

станови се издигнати вдолж една спирала со која е овозможено паркирање на отворен воздух но, надвор од улицата. Марина Сити поседуваа и некои други услуги за потребите на граѓаните: барови, кафеани, супермаркети, продавници за алкохол, театар, банка, лизгалиште, па дури и ликовна галерија. Марина Сити е заштитена од опасностите на градот (може да се живее без да се излегува). Животот во становите е релативно мирен поради нивните мали димензии што им овозможува на луѓето дури и меѓусебно да се запознаваат и стекнуваат впечаток дека припаѓаат на една заедница. Спектаклот на еден град посебно ноќе, е еден од значајните урбани предности, но малкумина имаат на тоа право. Од визуелен аспект, силуетата на Марина Сити е грандиозна. Од далеку, нејзините кули личат на големите елки на градините што го опкружуваат заливот на Сан Франциско. Балконите во становите го стимулираат набљудувањето и го поттикнуваат гледачот да се доближи, ветувајќи изненадување на секој агол. Друг охрабрувачки пример на урбана архитектура е оној на Клотил Смит, архитект од Вашингтон. Секогаш загрижена за хуманиот карактер на архитектурата, таа успеа да создаде интересни естетски, но во исто време и хумани решенија на проблемот на урбаната обнова. Таа знаеше да ги направи автомобилите што помалку видливи и да ги одвои од пешаците.

Урбанистите и архитектите треба да ги разменуваат искуствата стекнати во случаите кога им е овозможено да сместат цели заедници во радикално нови единици со интегрирани служби. Покрај својата естетска вредност, Марина Сити ја има таа предност што нуди интегриран и добро дефиниран простор. Овој тип градба оневозможува дискретно или незапирливо ширење. Единствената негативност е теснотијата на становите чиј принуден карактер го потврдија повеќемина станари. Во срцето на градот, станбениот простор мора да биде попространа, а не помал. Домот мора да биде противтежа на напрегнатоста создадена од урбаниот живот. Во сегашната состојба, американските градови кои се празнат од своите жители секоја вечер и на крајот на неделата, претставуваат неразумно расфрлување на просторот. Би било нормално да очекуваме многу повеќе од американците кои се познати по својата "ефикасност". Субурбанизацијата на нашите градови се изразува со фактот што нејзините последни жители се претставници на ниските класи, сместени во пренаселени простори и на многу богатите класи кон кои се придружуваат и по некои преживеани претставници од средната класа. Поради тоа градовите се посебно нестабилни.

5.5.7 Манифест за планирање на иднината

Градот постои веќе 5 илјади години под разни форми и сé чини дека е невозможно да пронајдеме некаква интегрална замена. Без сомнение, градот, и покрај сето она што претставува, е израз на културата на народот што го создал и продолжение на општеството задолжено да исполни цела низа функции за кои не сме секогаш свесни.

1.Треба да се откријат соодветни методи за да се процени човечкиот размер (léchelle humaine) преку сите негови димензии, подразбирајќи ги скриените димензии на културата. Хармонизацијата на човековиот и автомобилскиот размер поставува посебно сериозен проблем.

2.Треба да се научиме конструктивно да ја употребуваме етничката енклава. Човекот има тенденција да ја идентификува својата слика со просторот во кој живее. Дел од современата популарна литература посветена на потрагата по себеси, ја одразуваат оваа врска. Значаен напор ќе треба да биде извршен за да се откријат и задоволат потребите на Хиспано-Американците, Црнците и другите етнички малцинства за просторите во кои тие живеат да не бидат само соодветни на нивните потреби, туку да придонесат за јакнење на елементите кои во нивните соодветни култури го засилуваат и гарантираат чувството на сопствен идентитет и сигурност.

3.Треба да ги сочуваме пространите слободни простори во градовите. Лондон, Париз и Стокхолм се модели кои ако се правилно интерпретирани, можат да се покажат како корисни примери. Постојаното уништување на слободните урбани простори е една од големите опасности кои ги загрозуваат Соединетите Американски Држави и можат да и причинат значајно оштетување на целата земја, па дури и да бидат фатални. Проблемите на животот во природата и контактот со неа се искомплицирани со појавата на криминалот и насилството поврзани со урбаната пренаселеност. Нашите паркови и плажи стануваат од ден на ден сé поопасни. Како последица на тоа се јавува зголеменото чувство на задушување кај граѓаните кои се спречени своето слободно време да го поминат во природа. Покрај урбаните површини за рекреација и зелените појаси, треба под итно да се предвидат и пространи диви зони. Ако овие мерки не бидат преземени сега, последиците ќе бидат катастрофални за идните генерации.

4.Треба да се чуваме од "бомбата" наречена урбана обнова на старите градби и квартови кои имаат естетска вредност, иако се неупотребливи. Новото, нé мора да биде добро, а ни старото - лошо. Во нашите градови многу места - понекогаш и само неколку куќи заслужуваат да бидат сочувани. Тие го потврдуваат континуитетот на минатото со сегашноста и внесуваат разноликост во урбаните пејзажи.

...Ниеден план не е совршен , но плановите се неопходни за да се избегне хаосот. Бидејќи околината ги моделира меѓучовечките односи, и поради тоа што урбанистите не се во состојба сé да предвидат, во нивните планови ќе недостасуваат важни елементи. Реперкусиите на човечки план на грешките создадени во планирањето, ќе бидат намалени само ако се започне со програми на интегрирано истражување, раководени од стручни екипи и со солидни финансиски средства.

5.6 ЕКОЛОШКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ И ПАД*

Градовите секогаш се променливи. Бизнисот се шири или намалува, индустриите се увезуваат или извезуваат, луѓето доаѓаат или си одат. Постои растеж или опаѓање во простор и популација. Промените во просторното сместување и општествените услови се неизбежен резултат на сето тоа. Овие промени го менуваат изгледот на градот, но не на случаен начин. Тие покажуваат јасно воочлив дизајн, определен редослед. Како што има сили кои ги обликуваат моделите на градот, така има и други сили кои ги менуваат овие обрасци (модели, форми). Тие понекогаш се спротивни една на друга иако постојат истовремено.

На пример, секогаш постои тенденција кон централизација како и кон децентрализација. Деловната област привлекува нови установи од ист вид при што областа се шири. Со зголемувањето на економската дејност се зголемува и населението, а цената на земјата расте, а со тоа и таксите. Деловните луѓе (бизнисмените), неспособни да се натпреваруваат со нивните посилни ривали, со обидуваат да ги намалат трошоците со преселување во поевтини локалитети надвор од градот. Слично на тоа, централниот трговски центар веќе не може да ги задоволи потребите на многу побројното население: локални центри и "комфорни" продавници никнаа во резиденцијалните делови, особено во оние најоддалечените од центарот. Резултат на тоа се мултинуклеарните или полинуклеарните (multinucleation или polynucleation) феномени кои претходно ги разгледавме. Во некои случаи бизнисот ги разместува жителите и резиденцијалните области се поместени кон периферијата. Во други односи бизнисот исчезнува или пак стануваат поатрактивни, па јавните установи ја менуваат својата локација.

Дали настанува експанзија или смалување, тоа најмногу се однесува на краевите на деловните области. Еден деловен сектор во експанзија предизвикува преселби од добро организираните резиденцијални области, при што вредноста на земјата веднаш до новата деловна зона (област) почнува да опаѓа, и целото гранично подрачје е загрозено. Доколку бизнисот напушти некои сектори, вредноста не се зголемува бидејќи напуштените објекти не се привлечни како резиденции. Сиромашните луѓе можат да се все-

* Egon Ernst Bergel, "Urban Sociology", M.C. Graw-Hill, Book Company, New York - Toronto - London Inc. 1955, p.92-97.

лат во зградите кои се преуредени во евтини квартови за живеење и така израсна новиот слам. Падот на деловните области е многу поредок одошто нивната експанзија, но во двата случаи загрозувањето на деловно-резиденцијалните граници е вообичаен резултат. На сличен начин растот и падот на населението ги менуваат просторните карактеристики на градот. Зголемувањето на населението споредбено било ретко, а во последниве сто години брзиот растеж на градот тоа беше правило. Резиденцијалните области станаа пренатрупани, вредноста на земјата, таксите и кириите се зголемија, но луѓето продолжија да се доселуваат. Основниот резултат на тоа беше масовна концентрација и централизација во резоденцијалните делови. Овој процес беше придружен од децентрализација на резиденцијалните делови. Придонес за новиот развиток имаа три групи: високите класи на кои им изгледаше непристојно да живеат во или близу до пренатрупаните области; најсиромашните кои не можеа да ги поднесат високите кирии; и мешана група од сите оние кои не можеа да најдат соодветно сместување во густо населените области. Според тоа децентрализацијата е резултат на појава на различни типови нови резиденцијални области: делови населени од високата класа со просторни домови изградени на огромни парцели; населби со средна класа, особено од различни градови-градини (garden city variety); и групи од брзо изградени, сиромашни куќи за најниската доходовна група. Старите делови не останаа какви што беа некогаш. Силниот прилив на населението предизвика изградба на куќи со апартмани, кои делумно, или во целост, ги заменија едносемејните куќи. На крај, целиот појас на едносемејните делови (делови со едносемејни куќи) се помести кон периферијата и подалеку. Во прво време растечкиот град создава додатни делови на слободните парцели, но многу од нив се растурени и допуштаат некој плански развој. Вишокот од населението "се прелева" и мора да се пресели надвор од градската зона, па така се формира предградието. Бидејќи овој процес се повторува, се менуваат и просторните карактеристики. Сé додека трае зголемувањето на градот во однос на обемот и популацијата, сé дотогаш најбогатите се поместуваат подалеку од центарот. Луксузните преградија кои се изградени на нова, порано необработена земја стануваат делови на средната клса и на повисоките класи.

Резултатот на сето ова се сведува на следното; Во еден град кој се шири, деловните центри тежнеат да се зголемат во обем, а со тоа ги дислоцираат резиденцијалните области. Во исто време, резиденцијалните области покажуваат центрифугална

тенденција со поместување, сé повеќе кон периферијата подалеку од градските зони.

5.6.1 Структурални промени

Порастот на градското население значи повеќе отколку едноставен пораст на бројноста. Различните градски групи не се зголемуваат пропорционално со нивната објективна сила. Зголемувањето, исто така, ја менува и класната структура и етничките поделби.

Промените обично ги покажуваат следниве карактеристики:

1. Пониските класи се искачуваат на повисок степен, повеќе отколку повисоките класи.
2. Во високодоходовните групи, новите богаташи, настојуваат да продрат меѓу веќе формираните семејства со вселувањето во нивните квартови.
3. Големиот и брз пораст на градот повеќе е предизвикан од надворешниот прилив отколку од висината на стапката на родените кон умрените; приливот е резултат или на мигрантите од другите делови на земјата или од имигрантите од странство или од двете истовремено.
4. Црнците од Југот на Америка мигрираат во зголемен број кон Северните градови.
5. Поради варирањето на стапката на раѓање, занимањето, и други разлики, етничките групи се зголемуваат, предизвикувајќи промена во дистрибуцијата на националностите во просторот.
6. Исто така влијае и врз религиозниот состав на населението во поголемите градови. Католиците и Евреите настојуваат да се зголемат, додека Протестантите пропорционално се помалкубројни.

Овие фактори предизвикуваат определени просторни промени. Повисоките класи се зголемуваат сразмерно, но понекогаш сé уште остануваат во своите области. често пати, тие се селат од централните делови кон периферијата. Така никнуваат нови, ограничени, предградија на високата класа. Новите "де лукс" делови најчесто се поодалечени од градот во однос на другите предградија. Географската дистанца претставува, исто така класна разлика, како и општествената дистанца.

Кога најбогатите семејства се иселуваат од една област, тогаш се доселуваат нискодоходовните групи, но тие тешко можат да ги издржат високите наемнини. Солуцијата (решението) лежи во промените. Едносемејните резиденции населени со групи од средната класа, се менуваат во повеќекратни живеалишта, и на тој начин намалувајќи ја киријата по делови го зголемуваат приходот од целата зграда. Ова резултира со влошување на станбениот стандард. Преселувањето на семејствата од средната класа е позабрзан; тие наоѓаат место во поранешните ексклузивни делови, напуштени од богатите, за сметка на домовите во предградијата. Средните класи, исто така, се сместени во субурбано развиените делови (субурбан девелопмент) од поевтин тип. Ако овој тренд продолжи, многу делови ќе се претворат во сламови. Ситуацијата се влошува поради фактот што многу од новодојдените се имигранти, навикнати на понизок станбен стандард. Бидејќи тие често мора да работат за најниски плати, нивниот приход не им дозволува да се грижат за домовите кои се веќе во лоша состојба.

5.6.2 Еколошка динамика: Инфилтрација, Инвазија, Наследство

Промените во дистрибуцијата на етничките групи населени во одвоените делови има свои еколошки импликации. Бидејќи квартот станува пренаселен, не може да ги вдоми сите оние кои сакаат (или се очекува) да живеат таму. Секогаш не може да се шири, бидејќи граничните делови се одвоени области, исполнети до нивниот капацитет. Оние кои не успеваат да најдат сместување мораат да се упатат на друго место. Понатамошниот развој се состои од три фази. Првата може да се нарече инфилтрација, при што едно семејство се обидува да се пресели во друг дел на градот. Ако успее, го следат уште неколку други семејства од истата група. Ако поголеми групи од обично сегрегираното малцинство продираат во област населена од други групи зборуваме за инвазија. Промената во составот на населението по некое време станува видлива и "старите" жители стапуваат во акција.

Една изолирана инфилтрација може да се дочека со нетрпение, но, по правило не е од големо значење. Во деловите со средна класа, соседите ќе ги избегнуваат новодојдените и ќе им покажуваат дека не се добредојдени. Новодојдените, навикнати на дискриминација и неможност повторно да се селат, мораат да ја поднесуваат непријатноста. Понекогаш се прават порадикални чекори, преку рестриктивни договори (кои се легално ненамет-

нати, преку "џентлменски договори") или, доколку законот дозволува, преку отворено објавување дека членовите на одредени групи се исклучуваат од соседството. Ако овие чекори се недоволни, луѓето се обидуваат да поткупат некои наметливци; понекогаш се јавуваат вознемирувања и демонстрации кои понекогаш успеваат да ја остварат целта, но многу често не, и инвазијата продолжува.

Наспроти повремените посериозни немири, белите "освојувачи" на крај остануваат мирни. Но, инвазиите на Црнците во многу инстанци се проследени со употреба на сила. Луѓето се обидуваат да "го земат законот во свои раце" и преку терористички методи да ги запрат Црнците да се доселуваат. Пред неколку години белите жители на Цицеро, во Илиноис, употребија сила врз едно црнечко семејство кое се доселило во градот и семејството мораше да си оди. Постои малку сомнение дека немирите би можеле да се пригушат доколку властите имаа поцврст став. Сé додека овие методи имаат повремен успех, сé дотогаш тие методи ќе водат кон неуспех. Во сите градски места, областите со Црнечко население се зголемени и Црнците сé уште се доселуваат во деловите каде што живееле само белци. Слично на тоа, сите други одвоени групи ги менуваат локациите. Поранешните жители се иселуваат, некои против својата волја, некои резигнирано, и така новодојдените добиваат сила.

Доколку една малцинска група е заменета од друга малцинска група во одвоената област, тогаш зборуваме за наследство. Во процесите на инфилтрација, инвазија и наследство, групата со понизок општествен статус секогаш ја заменува група од повисок општествен статус.

5.6.3 Вредноста на земјата

Вредноста на земјата е под влијание на приливот на населението и е последица на законот за понуда и побарувачка. Ако повеќе луѓе се натпреваруваат за ист број на куќи, цените растат - или би требало да растат. Еден економист никогаш не смее да се посомнева дека цените би можеле да се намалат, но социологијата нуди доказ дека нерационалните фактори често ги поттикнуваат акциите поефективно од рационалните размислувања.

Одбивноста кон туѓинските групи е честопати толку силна, што луѓето се подготвени да продаваат макар и да изгубат, за да се преселат во други квартови. Ако во тој дел се појави еден аутсајдер, соседот почнува да продава, а другите го следат неговиот

пример. Понекогаш движењето добива размер на панично продавање, бидејќи сопствениците се плашат дека можат да претрпат уште потешки загуби ако не го следат примерот на соседите кои си заминуваат од квартот.

По завршувањето на замената на населението вредноста на земјата продолжува да паѓа. Бидејќи наследниците обично претставуваат група од понизок статус и со пониски приходи, тие често пати не трошат толку многу за одржување или поправки како нивните претходници и понатамошното влошување на состојбата ја намалува цената на земјата. Понекогаш загубите се значителни.

Чесните сопственици се склони да изгубат, било да го продаваат или да го чуваат нивниот имот. Ова предизвикува многу сериозен проблем. Можно е да се води борба против сегрегацијата и предрасудата на религиозни, морални и социолошки основи. Невозможно е да се убеди едно лице дека мора да го прифати членот на една малцинска група како сосед доколку, како резултат на своето прифаќање, тој е склон да загуби дел од неговото законско вложување, кое во многу случаи изнесува колку и негова целосна заштеда.

Од друга страна, оваа ситуација ги поттикнува плановите на шпекулантите и тие купуваат евтино по многу ниски цени. Кога новите групи доаѓаат во голем број, едносемејните домови ги претвараат во повеќесемејни живеалишта, плаќајќи прекумерни кирии, или пак градејќи неадекватни згради на слободните парцели. Ризикот е мал, бидејќи малцинското население се зголемува и има потреба од итно сместување.

Вистинското вреднување на оваа ситуација е во сенка на два фактора. Дури и без поголема инфлација доларот има тенденција на опаѓање, а тоа се рефлектира врз растечките цени на добрата, вклучувајќи ја земјата и зградите.

Второ, со зголемувањето на населението и намалувањето на градското земјиште, цената на земјата мора да расте. Некои од големите имоти во Соединетите Американски Држави беа стекнати од лица кои имаа купено земја по ниски цени, а продадоа или градеа кога масовната миграција и брзиот развој на градовите предизвика вистински бум. Но има спротивни тенденции кои уште повеќе ја комплицираат ситуацијата. Покрај инфлаторните тенденции и зголемениот недостаток на градежно земјиште, куќите пропаѓаат и ако, како обично, целата област е развиена во исто време, а куќите во просек се од иста старост, вредноста на земјата ќе опадне. Освен тоа, дрвените конструкции се во ситуација побрзо да се распаѓаат отколку куќите од цигли, а вредноста на

земјата во извесен степен зависи од тоа кој тип на куќи преовладува. Сепак, сите овие се стриктно економски фактори и доколку тие беа единствени детерминанти, мораме да очекуваме вредностите да растат или опаднат во зависност од понудата на земјата, побарувачката, вистинската вредност на доларот и состојбата во која се наоѓаат зградите. Но, ние сме сведоци на промените кои не можат да се објаснат со економски термини. Вредноста на земјата во некои делови се намалува, а во други делови се зголемува, додека населението се зголемува а со тоа и побарувачката. Диспропорционалниот раст или пад на вредноста на земјата во определени области, не е во согласност со општиот тренд на цените и може да се објасни само преку постоењето и дејствувањето на нерационален фактор: променливиот општествен престиж на избраните градски подрачја.

Бидејќи престижот се заснова делумно на институционалните вредности (кои се предмет на промена), како и на емоционалните однесувања кон определени места, на историските настани, на семејните традиции и бројни други фактори, затоа е невозможно да се најде директна врска меѓу вредноста на земјата и еколошките области.

Имајќи ги предвид овие резерви, можат да се изведат следниве меѓусебни врски:

1. Вредноста на градското земјиште зависи повеќе од намената на земјата отколку квалитетот на земјата.

2. Постои определен ред на искористеност кој ги произведува сите други услови: (а) Намената за деловни цели определува повисока цена отколку ако намената е за резиденцијални цели. Ова е логично, бидејќи деловната намена е извор на заработувачка; резиденцијалната намена е извор на потрошувачка; исто така бизнисот ги префрла трошоците за кирија, како и сите други трошоци на купувачите. (б) Резиденцијалните делови на високата класа имаат повисока цена отколку деловите на средната и ниската класа.

Толку сме навикнати на ова вреднување што тешко ја согледуваме економската непостојаност. Од гледна точка на оправданоста на инвестирањето и профитната стапка, редоследот би требало да биде обратен. Вложувањата во сламовите се најдоходовни, додека вложувањата во областите на високата класа се најризични. Зградите во сламот се евтини и почетниот ризик е мал. Слободните места во време на кризата многу повеќе му наштетуваат на сопственикот на луксузна куќа кој припаѓа на високата класа, бидејќи многу е потешко да се најдат нови станари и губитокот на киријата е значителен. Кириите во

сламовите се ниски и жителите (закупници) навалуваат онаму каде што има слободно место. Понатаму, сламовите одвај можат да го почувствуваат влошувањето на целата област или на зградите, додека во деловите на високата класа влошувањето на зградите секако ќе ја намали нивната вредност, притоа влошувањето на областа, поради нејзината неразумна причина е толку непредвидлива како и порастот на цената.

Сепак вредноста на земјата во резиденцијалните области не е определена од економската рентабилност на земјишната трансакција, туку преку факторите кои една област ја прават повеќе или помалку привлечна за жителите. Како и да е, локацијата не е целосно ирелевантна или подредена. Локацијата во заедницата нуди одредени намени од кои зависи вредноста на земјата и нејзините промени.

ГЛАВА 6

СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ И ДОМУВАЊЕТО ВО ГРАДОТ

ГРАДОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ
ОПШТЕСТВЕНИТЕ КОНТАКТИ И ВРСКИ
НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ДОМОТ
СТАНОТ И ЗАДОВОЛУВАЊЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ
И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ

6. СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ И ДОМУВАЊЕТО ВО ГРАДОТ

6.1 ГРАДОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ*

Вкупниот впечаток што го оставаат многу студии на градот е дека тој не е многу добро место за подигање семејство. Овој општ заклучок е на линија со нашите обично прифатени концепции. Во Америка, изгледа, градовите беа поставени многу повеќе за целта да се започне бизнис отколку да се живее во нив.

Како и да е, штом ќе се мине зад општиот заклучок кој штотуку го направивме, предметот станува покомплексен. што е со градовите што ги прави бедни места за подигнување семејство? Или, обратно, кој вид семејство наоѓа дека е тешко да се живее во градовите во Америка? Токму прашањата од вториот вид ја поставуваат нашата првобитна општост во некој контекст и ни помагаат да дознаеме повеќе за нашите градови и семејства отколку што обичните начини нормално дозволуваат.

Урбанизацијата обично се однесува на процесот на растеж на градот. Поточно, градовите имаат голема хетерогена популација, често густо пакувана во згради за живеење, хотели или пансиони. Домовите за едно семејство се многу повеќе карактеристика на предградијата. Градовите бргу ги менуваат својата големина и состав. Процесот на урбанизација во рамките на една држава има драматични ефекти над селските популации и ја менува структурата на градот.

Барем уште два главни фактора учествуваат со урбанизацијата во растежот на градовите кои исто така го нарушуваат семејниот живот. Алекс Инкелс (Aleks Inkeles) и други проучувајќи ги земјите во развој, заклучуваат дека модернизацијата е еден таков фактор. Модернизацијата, изгледа, е стекната низ рутинска постапка на такви бирократии како консолидираната школа, армијата, владините бироа и големите корпорации. Адаптацијата на начинот на кој се вршат работите во овие бирократии е придружена со поголема флексибилност и прифаќањето на промената на селската личност. Големите бирократски организации израснаа со нашите градови.

Индустријализацијата истовремено придонесе кон растежот на градовите и имаше добивка од него. Таа го формира карактерот на одреден вид бирократија - фабричкиот систем - и создава стоки како автомобилот и пилулата кои го менуваат карак-

---

*R.A.W; Willson/D.A.Schulc, Urban Sociology, 1978 By. Prentice-Hall, p. 117-138.

терот на семејниот живот. Фабричкиот систем, особено кога е во континуиран начин на дејствување, бара голем број релативно неквалификувани работници во еден час или така нешто во фабриката. Историски, фабричкиот систем израсна со градот; сега корпорациите се селат кон предградијата, користејќи сé со предностите на развиениот систем на автопатишта. Бирократијата, фабриката и нејзините производи имаат ефекти над семејниот живот кои можат да се разликуваат од ефектите на други аспекти на градскиот живот.

Американските предградија се подигнати, така често велиме, затоа што се "добри места да се подигнат деца". До која мерка е тоа така? Кога ќе се претпостават разликите градско/приградско, мора исто така да се запомни дека изразот "приградско" денес опфаќа неколку различни видови заедници. Предградијата на работничката класа, проучувани од социолози како Бенет Бергер и Вилијам Добринер (Bennet Berger and William Dobriner), не се ист вид заедница како придружниот град или предградие спална[1]. Сепак, ние ќе му се посветиме на спалното предградие придружено со горната средна класа во Америка и ќе ја процениме неговата предност и слабост во почитта што му се укажува за подигнување семејство затоа што, до некој степен, рационализацијата за живот во ова предградие се врти околу прифаќањето дека семејството таму просперира.

6.1.1 Градовите и квалитетот на човечките односи

На крајот ќе зборуваме и за влијанието на дизајнот врз човековото поведение и семејниот живот. Дали уредувањето на зградите, нивниот внатрешен дизајн и начинот на кој тие се однесуваат спрема соседството можат нешто да сторат со тоа како луѓето живеат во нив? Главна размисла овде е како дизајнот управува голем број луѓе. Започнуваме да разбираме дека постојат многу начини да се мери густината на соседската популација и дека добриот дизајн може да ублажи многу од неповолните услови придружени со "густото" населување. Како градовите можат да бидат променети во нивниот дизајн со цел да се унапреди квалитетот на човечките односи и да се засили семеј-

[1] Bennet Berger, Working Class Subub: A Study of Auto Workers in Suburbia (Berkely: University of California Press, 1960). William Dobriner, Claa in Suburbia (Englewood Cliffs, N.J.: Prentice Hall, 1963).

ниот живот? Немаме едноставни одговори на овие прашања, но можеме барем да започнеме со истражување.

Проценувањето на уделот на урбанизацијата во семејниот живот е комплексен предизвик затоа што растежот на градот е испреплетен со други процеси како индустријализацијата и модернизацијата. Промените во големината на популацијата, густината и хетерогеноста (трите најчести конпоненти на урбанизацијата) имаат различни ефекти над семејната структура и стилот на живот, во зависност од тоа дали градот е тешко индустријализиран или не[2]. Навистина, градовите се изложени на различни модернизирачки влијанија кои ги прават нивните жители поспособни да се судираат со промените и да се прилагодуваат кон потребите на различните видови организација. Натаму, микрооколините во рамките на градот можат да имаат значителен удел во семејниот живот независно од видот на градот во кој семејството може да живее, како што го покажаа тоа разните етнички гета во почетокот на дваесетиот век.

Урбанизацијата нема потреба да се поврзе со модернизацијата, иако обично се поврзува. Градовите како Адис Абеба, со над милион жители, немаат изменето многу од животните стилови на нивните жители. Тие сé уште во основата се селани. Тивкиот профил на градот ја задржува човечката скала на селото; повеќето семејства сé уште живеат во одделни квартови во чија близина живеат и блиските роднини. Проширеното семејство функционира врз основата ден-за-ден, лице-до-лице, така што животот за просечниот граѓанин на Адис Абеба не е премногу различен во својата боја и квалитет од животот во соседните села. Животот во голем град не мора самиот за себе да ги промени основните карактеристики на селскиот живот[3].

Додека Адис Абеба изгледа необична во овој поглед, многу градови имаат подзаедници кои нужно остануваат селски низ неколку генерации. Во градови како Мексико Сити или Каиро, (десетти град по големина во светот), многу луѓе остануваат природно селски во изгледот. Херберт Ганс (Herbert Gans) ги драматизира разликите на таквите суппопулации во американските градови кога граѓаните на Јужен Бостон ги нарекува "урбани селани".

---

[2] One of the characteristics of cities in developing countries is, of course, that they are not heavily industrialized. Yet the migration to the city exposes the family to a quite different social environment in which, for example, individuals are valued more than families.

[3] William H. Michaelson, Man and His Urban Enviromment: A Sociological Approach (Reading, Mass,: Addison Wesley, 1976).

6.1.2 Индустријализацијата и семејниот живот

Оскар Луис живо го опишува здруженото дејство на силите на модернизирање и традиционализирање во својата книга "Децата на Санчез"[4]. Исус Санчез се сели од селска населба дваесет години пред Луис да го сретне во неговиот стан во Каза Гранде во Мексико Сити. Како и толку многу други јужноамерикански градови, Мексико Сити е окружен со растечка маса сиромашни семејства, привлечени кон градот со мамката за работата и поудобен начин на живот. Во градот, тие често живеат близу до црквите, владините згради, хотелите и стоковните куќи кои ги привлекуваат луѓето отсекаде од нивната земја како и од светот. Бидејќи нивното тесно соседство ги содржи сите неопходни работи за нивната сиромашна егзистенција, немаат потреба да излегуваат во големиот град. Но, со текот на годините децата на Санчез сепак се погодени од градската околина. Се здобија со поголемо образование, повисок приход, живеат помалку под дејство на старата народна религија, зборуваат подобар шпански и сé повеќе и повеќе се идентификуваат со нацијата наместо со селото откаде што потекнуваат. Многу од тие работи им се случуваат и на сиромашните селани кои мигрираат во градовите од Југот или од Апалачија. Во местата на нашите внатрешни градови сиромашните наоѓаат некаква сигурност од стар тип со луѓето како нив, додека започнуваат да ги асимилираат аспектите на космополитската американска култура[5]. Во миграцијата од селото реткост е целото проширено семејство да се сели истовремено. Попрво, општа слика е дека едно женидбено семејство си поставува "мост" во градот и потоа вдомува друго женидбено семејство сé додека дојденците имаат време да најдат куќа и да добијат работа[6]. Сосем е јасно, во тој случај, дека е можно да постои соодветен растеж во градовите без истовремено разурнување на роднинските врски и без истовремено модернизирање големи делови на урбаната популација.

---

[4] Oscar Lewis, The Children of Sanchez (New York: Random House, 1961).

[5] Anselm Strauss, Images of the American City (New York: The Free Press, 1961), pp. 52 - 67.

[6] Jerome Stromberg, "Kinship and Friendship Among Lower Class Negro Families. "Paper prepared for the Society for the Study of Social Problems, San Francisko, August 1967.

Влијанието на индустријализацијата врз семејниот живот е друга работа. Ефектите на фабричкиот систем, посебно, се забележани од неговите најрани стадиуми во смртноста на децата, во високиот степен на смртност, во статистиките за детскиот труд и распаѓањето на семејната трговија[7]. Започнувајќи од вториот дел на осумнаесеттиот век, во Англија голем број луѓе се селат во градот со цел да ги пополнат потребите на зголемениот број фабрики од ефтин, флексибилен извор на труд. Истовремено, машината стана дури и поефикасна. Продуктивноста може да биде зголемена за да излезе во пресрет на раширениот пазар без истовремената потребност од зголемување на трудовата сила. Жените и децата можат исто така да станат машински оперативци како и мажите; така што за првпат вистински им конкурираат за истите работи. Стана обично за бескруполозните експлоататори да најмат цело семејство за платите формално платени на главата на домаќинството. Резултатите беа предвидливи... "степените на смртност на доенчињата и на децата се зголемија, работниот ден се продолжи, децата беа отстранети од училиштата, младите девојки не ги учеа нужните домашни вештини, а татковците го продадоа трудот на своите деца[8]". Смелцер покажа дека на почетниот степен на индустриските процеси татковците биле во можност да ги надгледуваат нивните сопствени деца и на тој начин да го одржуваат авторитетот како глави на домаќинството. Кога целато семејство стана експлоатирано, ова стана многу потешка задача.

6.1.3 Проширеното семејство во Јапонија

Постои моќна традиција во рамките на социологијата на семејството да се поврзе женидбеното семејство - сопруг, жена и нивните деца - со фабричкиот систем при претпоставката дека тоа е пофункционално отколку за проширеното семејство во задоволувањето на потребите на фабриката[9]. Ловецот ја следи

[7] See, for example, the account rendered in Francesco Cordasco, ed., Jacob Riis Revisited: Poverty and the Slum in Another Era (Garden City, New York: Doubleday and Company, Inc., 1968).

[8] Neil J. Smelser, "Process of Social Change, "in Neil J. Smelser, ed., Sociology: An Introduction (New York: John Wiley and Sons, Inc., 1967).

[9] Talcott Parsons, "The Stability of the American Family System," in Norman W. Bell and Ezra Vogel, eds., Modern Introduction to the Family (Glemcoe, Ill.:The Free Press, 1960), pp. 93 - 97.

својата игра, модерниот човек ја следи својата работа. Во ловењето, собирањето и модерните индустриски култури, малото заедничко семејство е обична работа. Во земјоделските општества во светот, пак, предоминантни се големите проширени семејства. Колку и да изгледа ова обопштување атрактивно, во почетокот, никако не може да се одржи[10]. Гуд (Goode) укажа дека Јапонија е современа индустриска земја во која проширеното семејство е се уште достатно цврсто. Идеологијата на женидбеното семејство е присута во Јапонија па сепак непотизмот е присутен и во големите корпорации. Гринфилд (Greenfild) натаму укажува дека Барбадос е општество во кое женидбеното семејство е предоминантна структура на семејството иако таму скоро и да не постои индустријализација[11].

Гуд сосем разумно најавува дека индустријализацијата ги погодува посиромашните семејства поинаку од побогатите[12]. Колку е побогато семејството толку повеќе го одржува својот интегритет, соочено со барањата на кариерата или работата. На тој начин горната класа е една од неколкуте места во американското општество каде што големите проширени семејства сé уште функционираат. На сличен начин, богатството му овозможува на семејството да се заштити самото себе од неповолните последици на растежот на градот и модернизацијата. Богатите семејства имаат куќа во градот или апартман во центарот на Менхетен каде што можат да ги добијат предностите на градската култура и да бидат поблизу до срцето на нивната работа, и истовремено да се повлечат во еден или повеќе селски имоти кога ќе посакаат. По сé, првенствено средната класа, е таа што го напушти внатрешниот град. Семејствата со овој степен на приход не можат да си дозволат луксузен апартман заштитен од криминалот и нередот на улиците, ниту давачки за образование во приватни училишта за сите нивни деца, но имаат доволно да се преселат и купат дом во предградијата.

Конечно, Кингсли Дејвис (Kingsley Davis) ја одделува урбанизацијата од едноставниот растеж на градот[13].

Урбанизацијата, според Дејвид, е определена со односот на луѓето во дадената држава што живеат во градовите наспроти

[10] Goode, op. cit.
[11] Sidney M. Greenfield, "Industrialization and the Family in Sociological Theory," American Journal of Sociology, 67 (1961 - 62): 312 - 322.
[12] Goode, op. cit.
[13] Kingsley Davis, "Urbanization of the World Population," Scientific American (1965).

руралните области. Во напредните индустриски земји како Велика Британија и Соединетите Држави, урбанизацијата, според нејзината мерка, заостанува затоа што популацијата на фармите повеќе не придонесува кон растежот на градовите. Но градовите продолжуваат да растат, сепак, како функција на природниот пораст. Во Соединетите Држави ова не се случуваше до 1960. Пред 1960 урбаните области во Америка не го репродуцираа нивниот број и мораа да се поткрепат со имиграцијата од внатрешноста да го обезбедат својот растеж. Овој факт на релативно ниска урбана плодност беше употребуван како индикација на проширување на сфаќањето дека градот е непријател на семејниот живот. Други објаснувања на тоа зошто урбаните популации карактеристично не се способни да го одржуваат својот број, укажуваат на пораната историја на многу нездравите услови во градовите и опсегот до кој децата во градовите се помалку економски зависни од родителите. Семејствата на полските имоти зависат од нивните деца во помошта од која имаат потреба на фармата.

Неколку сериозни проблеми се јавуваат во земјите чии градови растат побавно отколку популацијата како целина. Во Венецуела, на пример, околу 225 луѓе се обидуваат да го надградат живеењето на секоја квадратна милја земјиште[14]. Тоа и отежнува на земјата оптимално да ги употребува земјишните ресурси и резултира во нужноста да се увезува повеќе храна. Се чини разумно да се прифати дека во повеќето случаи би било можно да се подобри употребата на земјиштето ако градовите можат да го апсорбираат порастот во популацијата.

Се чини разумно да се прифати дека во градовите што растат, првенствено како резултат на природниот пораст, женидбеното семејство ќе биде повеќе вткаено во функционирањето на проширеното семејство. Барем би било поверојатно дека три генерации ќе останат во контакт дури и ако второстепените роднини (вујковци и братучеди) не се поврзани. Ова би било делумно точно за работничката класа која би имала послаба тенденција за селење од град во град во потрага по подобра работа.

Придружни ефекти. Препознавајќи дека урбанизацијата, индустријализацијата и модернизацијата не мора да опстојуваат конкурентно, неопходно е да се претпостави најчестиот случај во кој тие дејствуваат. Во земјите што денес се развиваат се јавуваат некои заеднички форми. За време на почетните стадиуми на урбанизацијата, напредниот транспорт и комуникацијата, снаб-

[14] Davis, op. cit.

дувачите на зголемената побарувачка за храна, проширеното здравство и воведувањето на западните медицински техники го унапредува здравјето на популацијата и драматично го намали степенот на смртност. Овие унапредувања најпрвин се почувствуваа во градовите.

Како и да е, падот во степенот на смртност не доведе веднаш до намалување во степенот на раѓање[15]. Луѓето во економиите во развој сé уште се приспособени на агрикултурната економија во која децата се решавачка предност. Бидејќи добивките од намалената смртност не се почувствувани веднаш, тие се стремат да произведуваат колку што е можно повеќе деца со цел да се обезбедат дека доволно ќе преживеат за да бидат на работа.

6.1.4 Трансформација на селското општество

Како резултат на брзото намалување на степенот на смртност и постојаниот висок степен на раѓање, популацијата експлодира. Земјите во развој бргу се сместуваат во двојна опасност ако не ги подведат своите популации под контрола намалувајќи го степенот на рѓање (а повеќето тоа не го прават). Најпрвин од се, бројот на луѓе зависен од трудовата моќ, драматично се зголемува, додека големината на оваа моќ значително не се зголемува. Потребите на овие зависности од школи, облекување, домување, и подоцна работи, би биле огромни во и за себе. Како што популацијата на земјите во развој станува поурбана и понационално осознаена (дури и гледајќи кон меѓународната заедница), нејзините очекувања за тоа што ги чини добриот живот се зголемуваат. Така, оние што се зависни на тој начин бараат поваќе од сé отколку нивните родители. Нацијата како целина мора да се судри со овие зголемени очекувања истовремено како што мора да акумулира капитал со цел да го зголеми индустриското производство градејќи нови погони. Ако националното земјоделство, како во повеќето случаи, е неразвиено, тогаш голем капитал мора да биде врзан во напредуваењето на агрокултурната ефикасност.

Главните аспекти на оваа трансформација на селското општество во модернизирачко можат да бидат сумирани во след-

[15] A good discussion of the "demographie transition" is found in Nathan Kaylitz, "Population Theory and doctrine: A Historical Survey," in William Petersen, ed., readings in Population (New York: The Macmillan Company, 1972), pp. 63 - 65.

ните точки: (1) интеграција на претходно изолирани, само - доволни, селски економии во една национална економија со силни меѓународни врски: (2) се поголемата доминација на производството за продажба над производството за размена што води до економија на пари; (3) технолошки напредок на земјоделските техники вклучува широки инвестиции на капитал и намалување на процентот на популацијата врзана за земјиштето; (4) стравотен растеж во средствата за транспорт и комуникација што овозможува натамошна национализација и интернационализација на земјата во развој; (5) постојан растеж на помалите и поголемите градови, кои стануваат центри на трговија и производство; (6) постојано зголемување во специјализацијата во животот, што резултира во сé поголема функционална зависност од популацијата, додека истовремено се чувствува преломот во традиционалните начини на структуирање на општеството[16]. Сé поголемата потпора во индустрискиот систем го вознемирува традиционалното проширено семејство на два основни начина: прво женидбеното семејство станува сé повеќе различно од мрежата на проширеното семејство, и второ моќта на женидбената единица врз нејзините членови опаѓа, штом жената учествува во работната сила, а децата откриваат дека нивните родители стануваат сé помалку влијателни во обезбедувањето било работа било статус во општеството. Урбаното (женидбеното) семејство се стреми да биде сочинето од сопруг, негова сопруга и нивни деца, во кое жената има многу поголем статус отколку во селата, а младите уживаат споредбено поголема слобода да излегуваат, наоѓаат сопствени пријатели, развиваат свои кариери и да си ги определуваат брачните другари.

6.1.5 Американско искуство

Американскиот најголем бран на индустријализација се случи по Граѓанската војна. Во овој период, индустријата го најде својот извор на труд масовно меѓу имигрантите, децата и жените кои беа, во најголем дел, необучени машински оперативци[17]. Додека првобитните бранови на имигранти во голема мерка обучени,

[16] Joseph Kahl, "Some Social Concoommittants of Urbanization and Industrialization," Human Organization XVIII 2 (Summer, 1969), pp. 53 - 74.
[17] Harold Wilenski and Charles Lebeaux, Industrial Society and Social Welfare (New York: The Free Press, 1965).

оние што дојдоа меѓу 1883 и 1917 беа масовно неквалификувани и неписмени.

Индустријализацијата во Соединетите Држави зема нешто поинаков курс отколку во Англија. Натаму, треба да се разликува северното од јужното искуство. Со цел да се приспособи кон фабричкиот систем, имигрантниот селанец треба да научи да биде точен, да ја потврдува својата зависност од експлоататорот кои ги поседува машините со кои тој мора да ракува, да биде готов да менува работи бидејќи машините ја унапредуваат работната продуктивност, и да сака да одговара на новите развои на пазарот со работа. Долгите периоди на невработеност беа вообичаена работа. Пријателите и семејството не можеа да обезбедат вработување во најголемиот дел, и чувството на припаѓање и семејна сигурност беше заменето со сé поголема доверба во безлични договори.

Влијанието врз семејството беше драматично. Релативната изолација на женидбеното семејство се зголеми; женидбеното семејство се намали во големината (1790 година средната големина на семејството изнесуваше 5,2 а во 1960-та тоа беше 3,4). Родителите сфатија дека тие не можат да ги обезбедат сите добри нешта што ги сакаат за своите деца ако имаат многу деца[18]. Довербата во женидбеното семејство го зголеми емоционалниот интензитет меѓу членовите на семејството и обезбеди состојби за поверојатни конфликти. Зголемената меѓукласна подвижност има слични ефекти врз проширеното семејство како географската подвижност. Со исклучување на женидбеното семејство по статусната скала, тие ги оставаат старите пријатели, и често роднините, зад себе.

6.1.6 Што треба да прават добрите сопрузи

До средината на дваесеттиот век, во трудовата сила имаше повеќе мажени жени отколку самици. Во 1975, на пример, над 54 одсто од сите мажени жени со деца во училишен период (6-17 години) беа вработени[19]. Повеќето вработени жени ги обезбедуваат потребните дополнителни приходи за да го одржуваат семејниот статус, но сé поголем број наоѓа лично ис-

[18] Ibid.

[19] Amatai Etzioni, "The Family: A Look at Possible Dangers of Changing Patterns and Roles,"Washington Post, January 4, 1976. See also Urie Bronfenbrenner, "The Family,"Washington Post, January 2, 1977.

полнување во работата преку кариери кои се суштински наградени. Штом жената се здоби со економска независност од нејзиниот сопруг преку нејзиното вработување, бракот стана помалку од економска нужност за нив. Еден резултат е зголемувачки високиот степен на разводи[20]. Вработувањето на жената натаму ја направи нужна повторната определба на домашните улоги. Колку и да изгледа оваа повторна определба едноставна од рационална перспектива, често е тешко да се достигне во практиката поради скриените претпоставки на обата партнера за тоа што треба да прават "добрите" сопрузи и сопруги за да се има среќен дом.

Додека социјализацијата на децата може неповолно да биде погодна од вработувањето на мајките, постојат докази дека самото работење нема неповолни ефекти. Ако може да се најдат соодветна замена за мајчината грижа и ако родителите поминуваат доволно време со нивните деца кога го имаат на располагање, студиите покажуваат дека децата не се наштетени. Обата овие услови се тешки да се остварат во практиката, но не и невозможни[21]. Натаму, во општеството кое се менува толку бргу, родителите се помалку значајни како катализатори на поопштествувањето во животите на нивните деца. Учителите, телевизијата, врсниците, пријателите и мноштвото авторитети се натпреваруваат со родителите и вредностите на децата и секако до значителен степен го информираат нивниот во формирање поглед на свет.

На другиот крај на животниот циклус, зголемената изолација на женидбеното семејство придонесува кон изолацијата на постарите. Во нација која се гордее со независноста за остарените е тешко да прифатат помош од нивните деца. Додека скоро две третини од постарите Американци над 65 години живеат околу 15 минути во денот барем со едно од нивните деца, од тоа не произлегува дека остануваат во блиско друштво. Околу една третина од сите луѓе над 65 живеат под службено опре-

[20] In the nation as a whole there is about one divorce for every two and a half marirages each year. The number of divorces per 1,000 married persons has more than doubled since 1940, in which year there were 25 divorced persons for every 1,000 married persons in the United States; Statistical Abstract, op. cit., p. 66.

[21] Examples of studies in which surrogate mothers are not found to have any harmful effects or are found to have positive effekts upon children are: Leigh Minturn and William W. Lambert, Mothering in Six Cultures (New York: John Wiley and Sons, Inc., (1964);

деленитe нивоа на сиромаштво[22]. Општествените мерки на благосостојба и личната пензија се уште не им овозможиле на голем број Американци да се повлечат во разумно удобство.

Јужното искуство е нешто поинакво[23]. На југот, урбанизацијата се појави долго пред индустријализацијата да го формира урбаниот растеж. Северните градови искусија подолг период на индустријализација. Типичниот јужен град беше трговски центар и длабоко во дваесетиот век. Индустриите беа ориентирани кон сурови материјали (дрво, јаглен и железо се водечки примери), и се стремеа да бидат сместени во мали градови во близината на главните извори на нивните потреби. Текстилната индустрија е развиена на југот заедно со електрификацијата на селата и раширената и изобилна потреба за работа. Како резултат на тоа, текстилните фабрики беа изградени најпрвин во селата отколку во градовите и не го нарушувале многу градскиот растеж. Доминантните трговски центри на Југот во XIX-иот век беа Њу Орлеанс, Мобил, Саванах и чарстаун.

Важна последица на релативно доцната индустријализација во растежот на јужните градови е дека овие градови немаат раширена работничка класа, а внатрешните градови не беа прошарани со индустриски погони. Во постарите, помали градови на југот, богатите типично живеат надвор од централните трговски области. Ова е во значителен контраст со северното искуство, опишано со теоријата на концентрични зони. Како што градот растеше, старите семејства се стремеа да се селат кон периферијата на градот, а нивните стари огништа беа типично пресвртени во туристички домови. Во такви градови, сиромашниот, кој обично беше црн, настојуваше да живее на периферијата на градот или на имотот на богатото семејство што го служел во градовите. Така старите воспоставени семејства останувале подолго во градовите и потребите на фабричкиот систем не беа толку очигледни во јужното искуство како на северот. Овде не можат да се откријат високите стапки на деликвенција, разурнати домови, нерамнотежата на сиромашните и невработените распределени во зони околу централните деловни области, како на северот. Еден брз поглед врз статистиките од овој вид доведоа до заклучок дека јужниот град бил многу повеќе сакано место за подигнување семејство - барем за луѓето од средната и горната класа.

---

[22] Statistical abstract, op. cit., p. 393.

[23] Rudolf heberle, "Social Consequences of the Industrialization of Southern Cities," social Forces (1948): 29 - 37.

6.1.7 Град на уништување?

Повеќето студии на ефектот на градскиот живот над стиловите на семејниот живот не прават разлика меѓу различните форми на урбанизација и индустријализација опишани погоре. Во својата класика "Црнечкото семејство во Соединетите Држави" Френклин Фрејзер и даде наслов на една од своите глави "Градот на уништување" согледувајќи го процесот на имиграција во градот како деструктивен во основа за црнечкото семејство[24]. Но мора да се укаже дека Фрејзер пишувал од гледна точка на универзитетски професор врз црнците кои ги напуштиле своите "четириесет акри и мулето" и големите проширени семејства во селскиот југ, за ветувањето на подобриот живот во градовите на северот. Проблемите на црнците кои биле масовно неквалификувани и неписмени во наоѓањето добри работи и место во градското општество беа значително влошени со фактот дека потребите на индустријата за неквалификуван труд се намали кон крајот на Втората светска војна. Сепак, додека во почетокот на веков најголемиот дел на црната популација во Америка живеел во рурални области, до 1970, 81 одсто живеат во урбани области, повисок процент отколку меѓу белците[25]. Фрејзер го согледа градскиот живот како значаен фактор во раскинувањето на црнечкото семејство затоа што ги генерализира очекувањата на тоа што значи добар живот без истовремено да ги најде поволните прилики за остварување на таков стил на живот. Натаму, во градот младите беа изложени на сите предизвици на уличен живот лишен од заштитата на проширеното семејство кое би ги надгледувало на југот.

6.1.8 Семејството е влада, школски систем...

Голем дел од заинтересираноста за уделот на градот во семејниот живот произлегува од споредбата, имплицитна или експлицитна, со она со што семејниот живот наликува на современите култури од каменото време, познати од антрополо-

[24] E. Franklin Frazier, The Negro Family in the United States (Chicago: University of Chicago Press, 1939).
[25] Statistical Abstract, op. cit., p. 17.

зите[26]. Во таквите општества, проширеното семејство (обично верига во која умрените, постојните и оние што следуваат се бележани било по таткова било по мајчина страна на семејството) често е единствена форма на општествена структура во општеството[27]. Семејството е влада, школски систем, милиција, и основа на заеднички живот. Како такво, тоа покажува огромна контрола над своите членови бидејќи тоа е единствениот начин на кои една личност добива место во заедницата. често се вели дека оние што "не се од истото тело" - верига - се туѓинци. Сместувачката функција на семејството е поддржана со неговото право да уредува бракови и определува формални правила на однесување за своите членови. Браковите и служат на важната функција на обединување на претходно отуѓени роднини преку реципрочна размена, и на тој начин ја цементираат општествената структура. Семејниот статус во едно општество му кажува на другото кога треба да биде одбегнувано, почитувано или исмејувано во многу такви општества. Кога децата растат во такви села, стотици луѓе, нивните роднински надгледувачи на секојдневното поведение, ги гледаат како се однесуваат и растат во достојни членови на семејството. Многу земји во Африка, Јужна Америка и Азија имаат такви добро - поставени семејства пред да го започнат процесот на индустријализација и урбанизација.

Наспроти оваа заднина, влијанието на градот е стравотно. И покрај фактот дека женидбената единка што се сели во градот може да остане во контакт со нивните роднини, во споредба со контролата на роднините во таквите села, женидбеното семејство во градот е навистина изолирано[28]. Како што сé повеќе станува можно за сопругот и сопругата да воспостават независно престојувалиште и да ги подигнуваат своите деца настрана од роднините, старите начини бргу се заменуваат. Намалената преданост кон традиционалните роднински улоги корелира со зголемените степени на урбанизација[29]. Роднинската терминологија ослабува во важноста, а бројот на луѓе што типичното семејство

[26] See Parsons, op. cit.

[27] Claude Levi-Strauss, "The Family," in Harry L. Shapiro, ed., Man, Culture and Society (New York: Oxford Press, 1960).

[28] An exellent discussion of the control that lineages exercise over individuals is found in William N. Stephen, The Family in Cross Cultural Perspective (New York: Rinehart and Winston, 1969), pp. 102/ff.

[29] J.P.Brewer, "Matrilineal Kinship among the Kunda," africa 28 (195558): 207 - 224. Oscar Lewis, Life in a Mexican Village: Tepotzlan Revisited (urbana, Ill.: University of Illinois Press, 1961).

ги поткрепува меѓу роднините се намалува[30]. Конечно, кога урбаната популација масовно имигрира е нестабилна и општествено хетерогена, фиктивните родбински групи настојуваат да станат замена за вистинските роднински врски. Луѓето кои не се крвно поврзани или не се во брак добиваат фиктивни роднински изрази како "братучед", "вујко" или "тетка"[31].

6.1.9 Деца - според прирачник

Од друга страна, како што моќта на верижните и проширените семејства опаѓа, така статусот на жената се зголемува[32]. Сопрузите и сопругите стануваат подеднакви во брачната единица[33]. Ова изгледа има сосем измешани последици. Колку повеќе жената се здобива со статус и моќ, брачните односи стануваат поинтензивни, а стабилноста на бракот ослабува[34]. Што поурбанизирано општество, толку подоцнежен период на стапување во брак и толку поголема фреквенција на вонбрачните сексуални односи[35]. Родителската контрола над децата опаѓа заедно

---

[30] Lewis, op. cit., Philip Garigue, "French canadian Kinship and Urban Life," American Anthropologist 58 (1953): 367 - 372. Robert F. Spencer, "The Andamese Kinship system," Southwestern Journal of Anthropology, (1945): 284 - 310.

[31] Gallatin Anderson, "Caniparaggio: The Italian God - Parenthood Complex,"southwest Journal of Authropology 13 (1957): 37-53. Kenneth L. Little, "The Role of Voluntary Association in West African Urbanization," American Anthropologist 59 (1957): 579-596. Eliot Liebow, Tally's Corner (Boston: Little Brown, 1967). David A. Schulz, Coming Up Black: Patterns of Ghetto Socialization (Englewood Cliffs, N.J.: Prentice-Hall, Inc., 1969).

[32] Ruth Cavan, The American Family (New York: thomas Y. Crowell Co., 1963): Ernest W. Burgess and Henry J. Locke, The Family, 2nd ed. (New York: American Book Co., 1953).

[33] Burgess and Locke, op. cit.;Monica Hunter, Reaction to Conquest (London: Oxford University Press, 1936).

[34] Burgess and Locke, op. cit., Raymond Firth, "Social Problems and Research in British West Africa," Africa 12 (1947): 77-92. Monica Hunter, "The Effect of Contact with Europeans on the Status pf Pindo Women," Africa 6 (1933): 259-276; Oscar Lewis, op.; Cliford Kirkpatrick, the Family as Process and Institution (New York: The Ronald Press, 1955).

[35] murray Gloves, "Dancing in Pareporena," Journal of the Royal Anthropological Institute 84 (1954): 75-90; Monica Hunter, Reaction to Conquest; op. cit.; Thomas P. Mohnanan, "Premarital Pregnancy in the United States," Eugenics Quarterly 7 (1960): 130-147.

со паѓањето на влијанието на родителите[36]. Изборот на брачен другар и стил на живот сé повеќе станува работа на децата за сопствено определување[37]. Традиционалните форми на брак и семеен живот се стремат кон дезинтеграција под дејство на градскиот живот[38]. Над сé, додека нема потреба од корелација меѓу стабилноста на семејството и степенот на урбанизација во земјата, сé почесто се сретнува семејната стабилност да е непосредно поврзана со сé поголемата урбанизација[39].

Слична слика произлегува кога се прави споредба меѓу семејствата со рурални и семејствата со урбани престојувалишта во развиените земји. Во споредба со руралното семејство, градското семејство е повеќе одделено од роднините, настојува да биде помалку само - доволно, помало е и понестабилно[40].

Бракот е повеќе слободен избор во урбаниот контекст, позадоволителен за сопругата, а изгледа и со пократко траење отколку во руралните области[41]. Помалку е веројатно да се регулираат сексуалните односи меѓу маж и жена во урбани области. Во градот односите меѓу сопругот и сопругата се послободни, поотворени кон емоционалните проблеми и повеќе наклонети да завршат со развод[42].

---

[36] Burgess and Locke, op. cit.; Joan Alduous and Leone Kell, "A Partial Test of Some Theories of Identification," Marriage and Family Living 23 (Feb., 1961): 15-19.

[37] Lucy Mair, "Marriage and Family in the Dedza District of Nyasaland," Journal of the Toyal Anthropological Institute 82 (1952): 1-12.

[38] Bertram Hutchinson, "Some social Consequences of 19th Century Missionary Activity among the South African Bantu," Africa 27 (1957); 160-177.

[39] Oscar Lewis, op. cit.; Burges and Locke, op. cit.

[40] Burgess and Locke, op. cit.; Wrigt E. Bakke, "The Cycle of Adjustment to Unemployment," in Norman Bell and Ezra Vogel, eds., *Modem Introduction to the Family* (Glencoe, III.: The Free Press, 1960), pp. 112-125; Alexander lesser, "Evolution in Social Anthropology," *Southwest Journal of Anthropology* 8 (1952): 134-146; Hans Sebald and Wade Andrews, "Family Integrated and Related Factors in a Rural Fringe Population," *Marriage and Family Living* 23-24 (1961-2): 347-351.

[41] William J. Goode, *Women in Divorce* (Glencoe, III.: The Free Press, (1956); Alan C. Kirckhoff, "Patterns of Homogamy and the Field of Eligibles," Social forces 43 (Dec. 1964): 287-297.

[42] Burgess and Locke, op. sit.; Harold T. Christensen and Hanna H. Meissner, "studies in Child Spacing: Premarital Pregnancy as a Factors in divorce," american Sociological Review 18 (1953): 641-644. Hunter, op. cit.

Споредени со родителите на село, родителите во градот имаат помалку контрола над своите деца[43]. Во општ случај, градската поставеност создава повисок степен на деликвенција, особено во случајот на момчињата[44]. Како и да е, вработените мајки во руралните области имаат со поголема веројатност деликвентни деца отколку вработените мајки во урбаните области - веројатно затоа што постојат подобри можности за детска нега во градот[45]. Родителите ги подигаат децата "според книга" повеќе во градот отколку во селото[46].

6.1.10 Предградието и стремежот за семејност

Во голем број студии и не прават разлика меѓу урбаното и приградското живеење, кога го истражуваат влијанието на градот врз животот на едно семејство. Ова, на еден начин, ја комплицира интерпретацијата на истражувањата затоа што станбената населба на средната класа во предградието беше поставена врз основа на рационализацијата, која се сметаше дека ќе биде полезна за семејство. Предградието се развиваше затоа што разните средства за транспорт им овозможува, прво на стручњаците, а потоа на работничката класа да живее далеку од нивното работно место.

За разлика од градот повеќето од предградијата се похомогени во поглед на старосната структура бидејќи во нив доминираат семејства кои можат да одгледуваат деца. Насекаде во Соединетите Американски Држави живеат млади самци и стари луѓе. Со развојот на предградието сиромашните, разнородните етнички групи и скитници, се до неодамна беа ориентирани кон центарот на градот. Во работното време хомогеноста на станбената населба во предградието се зацврстуваше бидејќи работните луѓе - во најголем број мажи - заминуваа на работа. Дури и повозрасните деца одеа на училиште а во населбата останууваа само жените и малите деца. Работничките предградија имаа тенденција да се формираат околу индустриските места, кои пак се концентрираа на периферијата на градовите, каде ретко се раз-

[43] Burgess and Locke, op. cit.; Aldous and Kell, op. cit.

[44] Ivan F. Nye, family relationships and delinquent Behavior (New York: John Wiley and Sons, 1958).

[45] Nye, op. cit.

[46] S. Brody, Patterns of mothering (New York: International Universities Press, 1956).

виваа етничките предградија. Понекогаш ова беше рефлекс на некогашната заедница, која главно се состоеше од единствена етничка група, а која преставуваше брана пред ширењето на градот. Во некои случаи ваквите заедници, составени од Црнци, ја сочинуваа работната сила за богатите жители на предградијата во градовите на северниот дел на Соединетите Американски Држави. Сепак, во овој дел акцентот ќе го ставиме врз населби на стручњаците, припадници на средната класа, како дистинктивна метрополска средина во која се развива семејството.

6.1.11 Бракот распнат меѓу два света

Планирањето на типичната станбена населба во предградието е концентрирано околу индивидуална семејната куќа. Во зависност од тоа дека овие предградија беа планирани или се рефлектира врз урбанистичкото планирање на одредена зона, вредноста на куќата зависеше од соседството. Американците имаат можност и навистина сакаат да прават "статусен избор", бидејќи тие избираат куќи за живеење која е значително поскапа од куќите во соседството или пак тие "купуваат вредни работи", при што се трудат полезно да ги инвестираат своите пари. Куќа со јасно воочлива гаража (понекогаш со лажна додатна врата од страна) преставува главен статусен симбол во Соединетите Американски Држави. Поради зголемените трошоци за градење сопствена куќа, за мнозинството Американци станува се потешко да купат нова куќа или да обезбедат сопствено живеалиште. Како и да е, по завршувањето на Втората Светска војна, приградската куќа претставува сон за мнозинството Американци, особено на оние од средната класа. Желбата за личен мир како и за покажување на личното богатство во одредена мера придонесува за хомогеноста на приградската средина.

Но, личниот мир често во пространото предградие значи осаменост. Ова е посебно карактеристично за домаќинките кои мораат да останат дома со своите деца од предучилишна возраст. Со кого тие можат да комуницираат? Светот на нејзиниот сопруг се протега меѓу неговата кариера и личниот напредок во тие рамки. Буџетот на семејството е распнат меѓу куќните набавки и одржувањето на домот, а во случајов и на двата неопходни автомобили кои им овозможуваат на семејството адекватен транспорт. Градскиот превоз не одговара за приградските населби ниту пак е сообразен со денешните потреби.

Физичката одвоеност на сопругот од неговото работно место има далекусежни ефекти. Сопругот живее во многу поразличен свет од оној на неговата сопруга. Неговиот круг пријатели и познаници останува непознат за неговата сопруга, ако таа свесно не се доближи до нив. Неговиот интерес и енергија се цврсто поврзани со различни активности кои го окупираат и го ангажираат неговото внимание, дури и кога тој не е на своето работно место. На пример, еден просечен стручњак поминува многу малку време со своите деца. Потребна е голема вештина на сопружниците да го одржат својот брак, кој останува распнат меѓу овие два света.

Во традиционалната брачна заедница карактеристично е дека сопругата ги жртвува сопствените интереси за сметка на сопругот. Развојот на неговата кариера од обајцата е сфатена како критична точка за општиот напредок на семејството, на што се придава исклучително предимство. До колку и кога тој ќе постигне успех таа би можела да добие можност да ги развие сопствените интереси и талент. Во посовремените согледувања на дуализмот на кариеризмот во семејството, кој може да биде извор на мошне голем број проблеми и расправии, еден стан или некакво живеалиште во градот е препорачливо. Кога сопругата ќе посака да биде независна и самостојна, а притоа да има куќа во предградието, таа мора и да се откаже од нешто. Извршувањето на домашните обврски за сопругата е релативно едноставно, но во истовреме тоа преставува и скапоцена алтернатива. Решението да се нема деца станува сé поомилена опција. Единствено богатите можат да го остварат традиционалниот сон да се живее во предградието, а притоа да и се овозможи на сопругата целосно самостојно да се развива.

6.1.12 Во потрага по подобар живот

Младите луѓе кои живеат во комуни и се во потрага по алтернативни стилови на живеење типично потекнуваат од приградските среднокласни фамилии. Навистина, предградието за овие млади луѓе претставува безбојна животна средина. За некои семејства преселбата во предградието значеше губење на интимноста. Често проблемите во животот на модерното предградие се исполнети со конфликти. Се повеќе доаѓаме до сознание дека малолетната деликвенција не е само проблем на урбанизацијата, туку во исто време тоа е и проблем на предгра-

дието[47]. Повеќе од половина милион млади луѓе секоја година го напуштаат домот за да станат дел од растечката популација на номади кои лутаат во потрага по подобар живот[48]. Делумно, вознемиреноста на младиот човек се рефлектира во бескорисноста на изобилството кое може да рецидира кога ефектите на рецесијата ќе се почуствуваат подлабоко, но во исто време таа сведочи за незадоволството на помладата генерација со приградските станбени населби за кои нивните родители сметаа дека претставуваат рај на земјата.

6.1.13 Озборувања преку плотот

Физичките карактеристики на една средина можат да извршат одредено влијание врз начинот на живеење на семејството, како што покажуваат американското предградие и етничкото гето. На истиот начин тоа може да се види и од самиот проект на куќите во нив. На пример, да земеме предвид три студии, изработени во средината на педесетите години на овој век. Парк Форест, Рокленд Каунти и Олд Харбор беа населени со припадници на средната класа, па сепак тие имаа различен образец на општествена интеграција[49]. Делумно, тоа можеше да се објасни и преку проектот на нивните куќи.

Парк Форест, според визијата на неговите планери беше замислен како место на живеење на луѓе на различна возраст[50]. Сепак, сонот никогаш не се оствари до крај. Кога студијата беше готова, индивидуалните семејни куќи, наменети за сопружници чии деца одеа на училиште, а чии приходи беа стабилни,заземаа само мал простор во целата населба. Опсегот на активностите беше концентриран околу становите кои требаше да бидат населени од млади луѓе кои се потготвуваа да навлезат во животот. Овие станови беа изградени околу широки површини, кои станаа дистинктивен образец за интеракција, својствена за семејствата кои веќе живееја таму[51]. Грижа за децата, вечеринки со скара, ноќни коктели и "озборувања преку плотот" е сé што се

[47] Statistical Abstract, op. cit., p. 149.
[48] Jane O. Reilly, "Notes on the New Paralysis," New York Magazine (Oct. 26, 1970) p. 28.
[49] William H. Whyte, The Organization Man (Garden City, New York: Doubleday, 1956); A.C.
[50] White, op. cit., p. 314.
[51] Whyte, op. cit., pp. 338-39.

случуваше на овие простори. Интензитетот на интеракцијата беше толку силен што се јави потреба од воспоставување внатрешни сигналли (на пример, спуштени пердиња на прозорците) да се покаже дека на сопственикот му е потребен мир. Беше сосема нормално соседите да се посетуваат без претходно ѕвонење или тропање на вратата, во било кој дел од денот. Сосема необично, високиот степен на овие активности беше исто така прокламиран како најдобра заштита од вонбрачните наезди, од времето на чедноста. Активностите на секој поединец беа толку внимателно следени што кој се осмелуваше да се оддалечи од општата линија и да побегне од неа. (Сепак, во врска со самечкиот комплекс, во текот на седумдесетите години на овој век највисокиот степен на општествена интеракција се совпаѓаше со највисокиот степен на сексуални недоразбирања, со оглед дека нормите во оваа средина беа мошне различни)[52].

За разлика од нив, поранешните жители во предградието на Рокленд Каунти, во државата Њу Јорк, беа поставени незнатно повисоко на статусната скала, иако во суштина беа припадници на средната класа. Некогашните жители на предградието живееа во индивидуални семејни куќи, на површина од два до пет ари. Образецот на секојдневната општествена интеракција во оваа средина беше редуцирана во голема мера. Повеќето од сопругите беа осамени и се чуствуваа тажно. Нивната фрустрираност беше уште поизразена затоа што тие не можеа да сметаат на каква било помош од нивните сопрузи или соседи во текот на денот. Ако пукнеше некоја цевка, ако некое дете си ја скршеше раката или голтнеше терпентин, немаше никој, освен мајката да помогне. До колку станеше збор за посериозна повреда при што, на пример, беше неопходно одење во болница, можеше да се случи таткото да дознае дури тогаш кога сопругата ќе можеше да му телефонира. Како резултат на нивната осаменост беше типично сопругите да се впуштаат во вонбрачни односи, да конзумираат алкохол или да мечтаат да се вратат на работа. Повеќето од нив не беа во можност да го сторат по годините поминати во подигањето на децата. Додека жителите на Парк Форст беа активно вклучени во политичкиот живот во нивната средина, овие во Рокленд Каунти не беа. Тие мечтаеа за градот. Тие повеќе сакаа да шетаат по градските улици отколку по зелените патеки со дрвја во Рокланд Каунти. Во многу аспекти тие беа туѓинци во предградието; но одбиваа да се вратат во градот. На некој начин, тоа го

[52] Moran, op.cit.

покажуваше нивниот пораз. Како да беа "жедни пренесени преку вода".

Друга форма на структуирање на приградската населба, наменета за припадниците на средната класа, е промената во Олд Харбор, во државата Конектикат. Олд Харбор беше мало рибарско село, формирано во времето на колонијализмот.

Доселувањето на новодојдените започна по Втората Светска војна. Нивните интереси и ставови беа во остра конфронтација со староседелците. Новодојдените сакаа да живеат во Олд Харбор затоа што сметаа дека тоа е добро место за починка пред да преземат поширок потфат во животот. Нивните индивидуални семејни куќи на крајот од градот беа пространи и конфорни, но тие немаа намера во нив да останат долго време. На гласањата се заложуваа за развој на училиштата затоа што сметаа дека образованието е суштествен фактор за успехот на нивните деца. Староседелците сметаа дека тоа е добро онака како што беше во минатото. Интересот на новодојдените се ограничуваше на националните избори. Староседелците доминираа на локалната сцена. Наспроти заедничките интереси, новодојдените во Олд Харбор правеа познатства за време на годишните одмори, но не и со своите соседи. Беше типично дека и нивните пријатели беа дисперзирани низ земјата и светот.

6.1.14 Интеракција на фамилијата и густината на населеноста

Една од суштинските разлики меѓу трите приградски населби кои беа спомнати досега е нивната густина на населеност. Таа се чувствуваше значително повеќе во Парк Форест, отколку во Рокленд Каунти и Олд Харбор. Ова првенство се гледаше од фактот што во Парк Форест доминираа станбени згради додека во Рокленд Каунти и Олд Харбор беа ексклузивни индивидуални семејни куќи. Многу поинтензивната интеракција во Парк Форест делумно беше резултат на густината на населеност, иако тоа не мора да биде пресудно, како што можат да потврдат мнозина осамени жители кои живеат во заеднички станбени згради. Проблемот на густината на населеноста најчесто беше согледуван од гледна точка на дилемата како да се постапи со сиромашните слоеви. Општествените станови се градат во облакодери во централното градско подрачје, со образложение дека начин на изградба на станови е поекономичен. Карактеристично е дека луѓето кои живеат во вакви станови посакуваат да имаат

сопствена куќа со двор и личен мир, но не можат тоа да го обезбедат.

Врз основа на многубројни истражувања кои го потврдуваат неговиот заклучок, Мајклсон (Michelson) смета дека овој начин на живеење е пропратен со интензивна интеракција и дека тоа веројатно се должи на комуналното планирање кое ја стимулира. Тој пропорцијата ја одредува на следниов начин: Интензивната интеракција во семејството е примарна и сообразна на помалата отуѓеност на човек од човек[53]. Често овие заедници се посматраат како неорганизирани затоа што интензивната интеракција која се одвива во тие рамки е организирана на таков начин што истражувачите на средната класа на ја признаваат како форма на организираност. Во студијата[54] на Вајт (Whyte) за бостонскиот Вест Енд и во онаа на Реивотер (Rainwater) за сентлуискиот Норт Сајд[55], семејствата се прикажани како мошне компактни во меѓусебните односи и што имаат можност да задржат голем дел од сопствениот дистинктивен начин на живеење, а сепак тој да биде функција на интеракција. Сепак, и натаму му се придаваше важност на крвното сродство, иако е вистина дека многубројни студии дојдоа до заклучок дека при одделување на фамилиите, секаков вид интеракција се одвива со намален интензитет (вклучувајќи го меѓусебното корендсподирање, јавување по телефон и сл.).

6.1.15 Космополитски стил на живеење

Постои една интересна студија за ефектите кои се јавуваат при одделување на семејствата, изработена од Јанг и Вилмот, (Young and Wilmott) во врска со еден број лондончани кои беа преселени да живеат во новиот град Гринлеј[56]. Во овој случај не само што не беше зголемена можноста за живеење во помирна атмосфера, но во истовреме беше намален и интензитетот на заедничкото живеење. Кога семејствата беа одделни од лондонскиот кварт Ист Енд, каде што со години ги познаваа своите со-

[53] William H. Michelson, Man and His Urban Environment: A Sociological Perspective (Reading, Mass.: Addison Wesley, 1976).
[54] William F. Whyte, Streetcorner society (Chicago: Iniversity of Chicago Press, 1943).
[55] Lee Rainwater, Behind Ghetto Walls (Chicago: Aldine, 1971).
[56] Michael Young and Peter Willmott, Family and Kinship in East London (baltimore: Penguin Books, 1957), pp. 121-169.

седи и беа ставени да живеат во помалку населени куќи, една од индикациите на нивната одделност од соседите на покуќнината на богатите семејства. Без да ги познаваат новите семејства тие почнаа да бараат начин за постигнување соодветен статус, при што особено размислуваа за поседување недвижн имот, како веродостоен индикатор на успех во животот. Додека тие беа во Лондон статусот многу повеќе беше во функција на личната наобразба и затоа тој беше многу пошироко ценет. Личноста можеше да се здобие со одреден статус до колку, на пример, беше добар раскажувач или пак стануваше збор за добро воспитана индивидуа. Едноличниот мирен стил на живеење повторно се врати во Бетнал Грин, по една цела генерација (кога ќерките што се доселија родија свои ќерки) но тоа се уште беше далеку од доминантниот начин на интеракција во новата средина. Во пошироки рамки, таа се должеше на околноста што распоредот на куќите не овозможуваше толку интимна интеракција меѓу мајките и ќерките.

Накратко, следниве хипотези, кои се примерни за стиловите на живеење на семејствата во одредени средини, можат да се сретнат во литературата: 1. интензивното и често комуницирање меѓу широкиот круг роднини несвесно исчезнува во областите на ретка населеност; 2.станбените населби во предградието може најпримерно да се доведе во врска со јадрото на семејството; 3.луѓето кои сакаат "космополитски" стил на живеење се повеќе ориентирани кон физички одделувања од своите соседи, отколку оние чии интереси можат да се означат како "локални".

Во истражувањата градот често се карактеризира дека извршува негативно влијание врз животот на семејството. Суштината на овие истражувања се базира врз претпоставката дека адекватна и најфункционална форма за постоење на семејството е брачната заедница на средната класа (оваа структура на семејство е неповолно засегната и е под влијание на градот во повеќето истражувања). Навистина, предградијата беа иновирани како место за бегство од градската деструктивност и за зачувување на суштината на брачната заедница. Најштетните ефекти врз начинот на живеење на брачната заедница најверојатно е најадекватно да се забележат во индустриските градови на Север во Соединетите Американски Држави.

Искуството во јужните градови покажува дека многу помала деструктивност постои помеѓу нивните жители, затоа што таму беше забележан многу позанемарлив степен на сегрегација на побогатиот слој на населението во предградието. Работните

места и соседството останаа недопирнати подолг временски период, како резултат на резиденталниот образец, кој е повообичаен во јужниот дел на Соединетите Американски Држави.

Веќе станува очигледно дека планирањето на градските средини навистина влијае врз општествената интеракција. Во текот на шеесетите години од овој век, постоеше огромен оптимизам во однос на можноста за решавање на проблемите на урбанизацијата, како што се малолетната деликвенција и насилничкото однесување, едноставно преку менување на дизајнот во средините каде тие живееа. Тоа претставуваше преголем оптимизам и веќе станува претпазливо дека етничките гета и боемските субкултури се поставени во зависност од секојдневната интеракција меѓу луѓето со сродни мисли, која е поткрепена или пак отежната поради физичкото планирање на урбаните средини. Становите што се изградени во близината на широки простори за рекреација дејствуваат стимулативно врз интеракцијата; куќите кои се изградени на широки пространства ја дестимулираат. Сепак, луѓето со поизразени космополитски погледи очекуваат и, сосема нормално, достигнуваат поголем степен на личен мир, за разлика од оние чии погледи се "локалистички".

6.2 ОПШТЕСТВЕНИТЕ КОНТАКТИ И ВРСКИ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ДОМОТ*

Значењето на општествените контакти во домот во наши услови треба да се посматра во рамките на општиот општествен интерес за меѓусебно контактирање на луѓето. Домот е едно од потенцијало погодните места за воспоставување и негување (продлабочување) на општествените контакти што претставуваат и еден од аспектите на поопштествувањето на семејството. Со оглед на условите во кои се воспоставуваат, општествените контакти се разликуваат по видот и по содржината, притоа, контактите во домот претставуваат продлабочување на веќе порано воспоставените човекови односи. Тоа произлегува од улогата на домот како интимна рамка на семејството.

Општествените контакти во домот се под непосредно влијание на културата[57] и на општествените односи во кои живеат семејствата, па и се разликуваат според таа основа. Просторните услови, од друга страна, индиректно влијаат врз зачестеноста и врз многубројноста на општествените контакти, а во одредена мерка и врз нивната содржина.

Денес живееме во изменети општи општествени услови во однос на поранешниот период, па во согласност со тоа се менуваат и контактите во домот. Тие, пред се, се изразени во: промените на општествената положба на жената и во демократизација на односите во семејството. Основните карактеристики на општествените контакти во домот на традиционалното граѓанско семејство би можеле да се назначат во следново:

- жената - домаќинка е носител на контактите со соседството; повеќето од вака остварените контакти остануваат на тоа ниво и не прераснуваат во семејна врска.

- мажот - "татко на семејството" - е носител на семејните контакти, тој ги одржува и личните контакти (за разлика од жената) во присуство на целото семејство, но улогата на другите членови е пасивна.

---

* Д.р. Душан Илиќ - Стан и породица, Градина, 1983, стр. 37-42.

57 N. Lichfield: "From Urban Planning to Settlement Planning" (7-21)(u: "New trend in Urban Planning...";Pergamon Press 1979). H. Raymond: "Habitat - modeles cultures et architecture"(cas. "AA" juli - avg.1974g.)R. Perelman: "L' homme et son habitat"(u:"Environnement et qualite la vie"/G.le Prat Paris' 75)стр. 129-168.

- контактите на децата, по правило, се завршуваат надвор од домот, а кога би се пренесле во домот, тогаш по правило иницијатори на таквите средби не би биле децата. И денес одделни истражувања на авторите од Запад[58] даваат слика на семејните врски доста слични на оваа, со оглед на околноста што жената е во домот, додека работното време на мажот се завршува кон крајот на денот.

Под влијание на општите општествени промени, контактите во домот се менуваат и ги добиваат следните карактеристики:

- промената на општествената положба на жената објективно претставува проширување на условите за воспоставување на општествените контакти (врски од претходниот образовен период, соработници на работа и сл.),

- сите членови на семејството се активни учесници на воспоставениот социјален контакт во домот, што е последица на демократизацијата на односите во семејството и ситуацијата "неангажираното време" на мажот и жената во домот, главно да се совпаѓа во текот на неделата,

- децата се често повод и "мост" за воспоставување на општествените контакти во домот, така што, според нивните потреби за другарување, се одбираат и семејства со кои одржуваат контакти. Ваквата состојба може да се смета како последица на почитувањето на децата како посакувани членови на семејството[59], сознанијата за позитивното влијание на другарувањето на децата врз нивната социјализација, а, во одредена мерка, и промена на условите на домувањето што имаат како последица подолго претстојување на децата во домот.

Организацијата на просторот во домот треба да овозможи, да олесни и да потикне воспоставување и развивање на општествените контакти на семејството и на неговите членови со другите субјекти и групи во домот, како значаен дел на непосредната човекова околина.

Мотивите за покани и посети би требало да бидат стремеж кон воспоставување и продлабочување на човековите контакти, а не тоа да бидат самите предмети и нивниот распоред во домот.

Меѓутоа, не е секогаш така. Последниве дваесетина година развитокот на телевизијата, со поголем или помал

---

[58] G.Meuer-Ehlers:(Wohnung und Familie);G.Beyer:(Housing and Society); E.Grandjean:(Wohnphisiologie) и др.

[59] M.Mladenović: "Porodica izmedgu usamljenosti i društvenosti" (Savremena administracija. Beograd 1976)

интензитет (во шеесетите години со помасовната појава на ТВ, а и во седумдесетите со појавата на програмата во боја) влијаеше во поголем дел врз мотивите на воспоставувањето и развитокот на општествените контакти во домот. Последиците од влијанието на овој силен мас-медиум се чувствуваат и во организирањето на дневната соба која главно му е подредена (голема, издвоена соба, со регал за телевизор, гарнитура за седење свртена кон ТВ-апаратот и слично на тоа, се задолжителна, а често и единствена опрема на дневната соба). Општо земено, сето тоа води кон стеснување на содржината на општествените контакти во домот и психолошки негативно се одразува врз семејството и неговата подготвеност да прима посети од овој вид. Тоа го губи интересот за организирање општествени контакти под вакви услови, а од друга страна, останува "интересот" од страна на посетителите. Има и спротивни тенденции, кога "интересот" е од страна на семејството, што прима посети, што е исто така во одредена мерка придружна појава на денешната "култура на домувањето". Тоа се ситуации кога мотивот на поканата е желба за претставување.

Идејната суштина на ваквите појави не е прифатлива од наше становиште, таа претставува вид остаток на малограѓанство, кое во добар дел се напојува од присутните тенденции на потрошувачката психологија.

Во суштина станува збор за двократна нехумана појава - кон посетителите и кон членовите на семејството (особено децата), односно самото семејство.

Имено, во вакви случаи однесувањето во домот е оптоварено со низа "забрани" за да не се наруши "изложбениот" карактер на опремените простории. Забраните се однесуваат на посетителите - со тоа што им е спречено согледувањето на домот, тие се упатуваат во "опремената соба", што особено непогодно се одразува врз децата и слободата на нивното движење и доживување, но и на членовите на семејството - затоа што им го "стеснуваат животниот простор" во домот (за помалите деца смислата е буквална "за да не се нарушува редот преку денот"). Членовите на семејството се упатени на користење помал простор за вообичаените активности. Тоа значи дека семејството е збиено и во пространа дом, со што е стеснета разновидноста на активностите - со сите негативни последици на таквата состојба[60].

[60] Mitscherlih: "Die Unwirtlichkeit unserer stadte - Anstiftung zum Unfrieden" (Frankfurt na Maini 1970).

6.2.1 Социјални контакти во станот

Тргнувајќи од поширок интерес за остварување на социјалните контакти во домот, што е еден од аспектите за поопштествување на семејството, просторните услови треба да дадат можности:

- за рамноправно учествување на сите членови на семејството во воспоставувањето на контактите во домот, без принудно исклучување,
- децата неможат независно да се забавуваат во истата просторија со возрасните или во одделен простор, што е во добра визуелна врска со него,
- децата да можат да одржуваат општествени контакти со своите врсници во домот, што претставува вид социјализација на личноста и ја задоволува (во еден дел) нивната потреба за вакво другарување.

6.2.2 Просторни решенија за дневен престој

Барањето (или потребата) за рамноправно учество на семејството во општествените контакти во домот подразбира такви просторни решенија на просториите за дневен престој, вклучувајќи ги и собите на децата до нивната 13-та година, што со својата големина и меѓусебен однос можат да и овозможат заедништво на целата група, во рамките на единствениот простор и издвојување на помали групи заради разговор, игра, или гледање телевизија. Тие простории (или простор) се во меѓусебна визуелна и чујна врска. Ваквите решенија би значеле поголемо отворање на домот. Просторните решенија - денес доста распространети - во кои дневниот престој е "затворен" во една просторија, каде што кујната е визуелно одвоена од потенцијалните места за собирање на посетителите и на членовите на семејството, каде што детските соби се издвоени од деловите на домот за престој преку денот (за возраст под 13 години, а тоа, сепак, претставува половина од времето на заедничкиот живот на семејството во домот, за што се залагаат одделни автори[61 и 62] - неможе да ги задо-

[61] E. Grandjean: "Физиолошке препоруке за опрему стана".
[62] Grandjean,E.:"Wohuphysiologie" (стр.297).

волат бараните услови со сите пожелни општествени контакти во денот. Од ова становиште, особено се изразени веќе уочените недостатоци што имаат негативни последици и врз другите аспекти на организацијата и условите за живот во домот, во:

- изолација на работната кујна од деловите на домот во кои се одвиваат дневните активности, и во
- изолација на детската соба (или соби), со остра поделба на домот на делови за таканаречени ноќни и дневни активности.

Просторната изолација на кујната претставува повремено принудно исклучување на членот на семејството што работи во неа (по правило жената) од другите присутни во домот. Само комуникативната врска на кујната со просторот на ручање (кој по правило е со минимални димензии) не го решава проблемот во доволна мерка. Потребно е пошироко просторно и визуелно поврзување на кујната со просториите за собирање во домот, за лицето што претстојува во неа да не биде изолирано, односно "отстранета" од другите. Барањата за изолирање на кујната како "извор на бучава" од другите простории од домот и предлозите за организациона шема во домот врз основа на таквиот "критериум" се апсолутно погрешни и неприфатливи. Евентуалните потреби (поадекватно би било да се каже желби) за визуелно издвојување на оделните активности, што се извршуваат во кујната, треба да се насочат кон одделните елементи на опремата (на пример - мијалникот), а не на просторијата во целост. Можните недостатоци за решение на кујната како отворен простор (како на пример ширење на непожелни мириси) притоа се ублажуваат или се отстрануваат по технички пат.

6.2.3 Интеграција на детската соба со другите делови од станот

Интеграцијата на детската соба со другите делови на домот, каде што преку денот се одвиваат активностите на другите членови на семејството, има повеќе кратна предност за децата до нивната тринаесетта година. Овде ќе се задржиме само на два аспекта: 1) можност за остварување контакти на децата со нивните врсници во домот (и просторните потреби по таа основа), 2) можност за игра и за занимање на децата во одделен простор без целосно "раскинување на врските" со просториите каде што се наоѓаат возрасните.

Потребата за меѓусебно контактирање на децата е многу важна за соодветната социјализација на децата и нејзиното незадоволување на една возраст не може адекватно да се

надокнади подоцна. Домот, се разбира не е единствено место што овозможува воспоставување и развивање контакти меѓу децата. Меѓутоа, во денешни услови на домување во повеќекатни згради, неговата улога е нагласена. Имено, истражувањата покажуваат дека децата во катните згради помалку другаруваат со врсниците, одколку оние што живеат во еднокатни куќи итн., во еднокатните куќи, во зависност од возраста, 30-40 одсто од тоа другарување се одвива во дворот. Детето од предшколската возраст, за разлика од постарите (по тринаесеттата година), нема желба за криење од погледите на возрасните во текот на играта, напротив, во нивно присуство се чуствува посигурно и многу често настојува да им ги покаже своите "умешности". Тоа значи дека детето по таа основа нема особена желба за игра во одделна просторија, во детска соба, туку покрај родителите и другите возрасни. Според тоа, врзувањето, другарувањето и играта на оваа возраст за детската соба во реалниот живот се засниваат врз две причини: прво поголем број играчки (или сите) по правило се во детската соба, и второ таквата состојба "им одговара" на родителите, кои често (или воопшто) не се склони да дозволата "преселување" на играчките во другите простории на домот. Од друга страна, децата на оваа возраст треба да бидат под надзор на возрасните (родителите).

За да се "смират" овие спротивности, детската соба треба да биде визуелно и чујно поврзана со просторијата каде што родителите најчесто се задржуваат, извршувајќи разни активности во домот во текот на денот. Само под такви услови (во таквите просторни односи) потребното другарување на децата од оваа возраст во домот нема да претставува "пречка" за родителите (поради потребите децата да се надгледуваат или поради фактот што децата ги носат своите "ситнурии" со себе) кои истовремено извршуваат и други активности.

Децата од училишна возраст (од 7-12 години), со своите потреби за другарување, можат без тешкотии да се вклопат во просторните односи, што и одговараат на помладата возраст, иако станува збор за нешто поинакви аспекти. Имено, нивното другарување има поразновидна, а со самото тоа и побогата содржина: може да биде и комбинирано со: разговор со возрасните, гледање телевизија, потоа ваквото другарување често опфаќа поголем број деца и иако помала, потребата за директно надгледување на децата од страна на родителите, сепак останува.

Поради сево ова, од становиште на погодност за остварување на општествените контакти на децата со врсниците во до-

мот, може да се земе дека за деца од 13 години треба да се обезбеди поврзување на детската соба со другите делови од домот.

По тринаесеттата година, процентот на зачестеноста на другарувањето на децата се намалува во однос на претходната возраст. Причините за смалување на контактите во домот треба да се бараат во разновидноста и во многубројноста на контактите што децата на оваа возраст ги поставуваат надвор од домот, во други социјални средини. Во таквите околности другарувањето во домот не е веќе цел на самото себе, како вид потреба за какви и да било другарувања, туку станува насочено, со одредена цел. Таквото другарување добива карактер и содржина на другарување на возрасните. Се одвива претежно во "детската соба" и по правило децата на оваа возраст не сакаат родителите често да ги прекинуваат и "вознемируваат". Собата, освен спиење, прифаќа и работа и собирање, а сето тоа заедно, освен кон издвојување, води кон барање за зголемување на површината. Повеќе автори даваат податоци за потребната големина на детската соба, а малкумина од нив исклучително се врзуваат за одредена возраст.

Кога нема соодветни просторни услуги во својата соба - детето ги одржува контактите во другите простории на домот за дневен престој, или ги воспоставува и ги одржува надвор од домот. Смислата на другарувањето на оваа возраст во домот, нема примерно да ја сведеме на социјализацијата, затоа што се остварува и во други средини, туку затоа што е психолошка потреба. Врз основа на ова, овозможувањето на контактите на децата е важно и како еден од начините за подолго и почесто претстојување на детето во кругот на семејството, со што се развива чувството за припадност кон една одредена заедница.

Како еден од важните услови за одржување на меѓусебните контакти на семејството во домот, а веќе е речено дека децата се повод и цел на таквите другарувања, е особено важно создавањето соодветни просторни услови за децата од помала возраст. Во таквите ситуации се присутни две релативно хомогени групи по своите склоности (меѓусебно забавување), чии интереси се различни па дури и противречни. До колку просторните услови не овозможуваат остварување на оделните интереси на децата и возрасните, таквата заедница (две или повеќе семејства кои повремено се состануваат), брзо се распага и поретко се формира одново. Со оглед на тоа дека возрасните имаат природни предуслови за контрола на децата, барањата за одредени просторни односи се потпираат врз просторните потреби на децата. Меѓутоа, треба да се има предвид дека задоволувањето на

потребите на децата од оваа возраст преставува и индирекно задоволување на возрасните.

6.2.4 Звучна и визуелна врска со родителите

Децата од оваа возраст можат релативно долго да се забавуваат со своите врсници, ако се задоволени барем два предуслова: да имаат можност за промена на играта во текот на заедничкото занимање и да можат лесно да воспостават чујна и визуелна врска со своите родители. Притоа, потребата за менување на играта произлегува од неможноста на детето да се задлабочи, односно да го врзе вниманието за еден предмет, додека одржувањето на врската со родителите преставува нивна потреба за чуствување сигурност. Потребата возрасните повремено да "помагаат" во играта се манифестира и како вид "докажување на способностите". Во однос на просторот, задоволувањето на овие потреби се манифестира на два начина:

- како потреба за зголемување на слободната површина за игра и движење, и
- како меѓусебен однос на местото каде што децата се забавуваат и местото за потенцијално собирање на возрасните.

Со оглед на тоа дека дневната соба и просторот за ручање се делови од домот каде што најчесто се собираат возрасните во текот на семејните посети, поставените барања можат дасе остварат на два начина: обезбедување поголема слободна површина во овие простории или поврзување на оделните простори за игра на децата (на пример детската соба) со овие простории. Меѓутоа, имајки го предвид изнесеното забележување дека предметите за игра по правило се наоѓаат во детската соба, првиот начин би искажувал "преселување" на разновидните детски предмети во просториите каде што се наоѓаат возрасните. Според тоа, другиот начин - нагласено поврзување на просторот што им се наметнува на децата и тој за возрасните - преставува поволно решение. Така би било можно децата лесно да воспоставуваат потребни контакти со родителите, како и обратно, без потреба за прекинување на активностите на едните или на другите, што е особено значајно.

На децата од училишна возраст (до 13 години) ваквите решенија не би им преставувале пречка, затоа што: постојат можности во собата и подолго да се задржуваат окупирани со работа или со хоби и особено што кај нив уште не е изразена желбата за издвојување.

Треба да се има предвид дека по 1о-та година кај децата опага вистинскиот интерес да одат со родителите во поста за да воспоставаат контакти со врсниците и да другаруваат со нив, затоа што се осамостојуваат и имаат поволни услови за сопствен избор и начин на другарување. По 13-та година потребата за другарување и забавување со врсниците во рамките на меѓусебните контакти и посети на семејството, сосем престанува. Поради тоа, бараните просторни услови за воспоставување контакти и другарување на децата преку посети на семејства немаат траен карактер (додека се децата во исто семејство со родителите), но нивното значење не е мало, бидејќи преставуваат погодни услови за задоволување на потребите за другарување во траење од половина животен век на ваквото семејство.

Ваквиот приод се заснова врз достигнатиот степен на трансформација на семејството и односите во него, како и на натамошните тенденции на демократизацијата и поопштествувањето на односите во него во наши услови. Тоа подразбира и почитување и задоволување на потребите на поединецот и групата (станува збор за родителите) во семејството за издвојување (осамување), за заедништво од различен интензитет и воспоставување контакти (оделни или заеднички), со други лица и семејни групи.

Дијалектичкото единство на спротивностите (индивидуалност во заедничкото и заедница во индивидуалното) преставува особен вид култура на домување во наши услови и придонесува за зацврстување на семејната заедница. При ова просторните услови во домот имаат не сомнено значајна улога, што се остварува со изгледот на просториите (или нивната намена, односно функциите што можат да ги прифатат како трајни или повремени) со нивната големина, со меѓусебниот однос (поврзаноста). Потребите за издвојување и за заедништво се менуваат во текот на различните циклуси на развитокот на семејството, па со самото тоа и просторните потреби. Во рамките на оделните циклуси, пак, се менуваат просторните потреби во оделни елементи во зависност од бројот на членовите на семејството. Така, на пример, потребата за издвојување не постои кај семејства без деца (помлад брачен пар и постар брачен пар), додека потребата за одржување контакти на семејството на постариот пар (каде што децата основале свои семејства) се одразува врз просторните услови како потреба за додатни соби.

6.2.5 Користење на собата само во текот на ноќта

Одредивме дека просторните услови во домот од становиште на семејната заедница ќе ги анализираме кај семејствата со деца, од повеќе причини. Нив ги сочинуваат, пред се, временското траење на оваа фаза во развитокот на семејствата, особената општествена заинтересираност за сестраниот развиток на децата, променливоста на видовите и интензитетот на потребите во оваа фаза на развитокот на семејството и тн.

Потребата за издвојување во семејството со деца може да се посматра како потреба на родителите и на децата за одделна соба.

Одделни автори, преку ставот дека во домот секој член на семејството треба да има своја соба, индиректно зборуваат за можноста и родителите да имаат одделни соби. Меѓутоа барањето за издвојување на родителите се засновува врз условите за јакнење на нивното заедништво, па од ова становиште посебна соба за двајцата родители е поволно решение. Од друга страна, со оглед на тоа дека сите простории во домот не содржат и функција на спиење, тоа би можело да значи дека сепак, постојат просторни услови во домот за задоволување на повремените специфични потреби од овој вид, родителите да имаат одделни соби.

Вака сфатена проблематиката на издвојување на родителите во посебна соба (заради заедништво) се сведува на одреден начин на издвојување на децата, па задоволувањето на ова значи истовремено и обезбедување соба за детето во домот. Во таа смисла, најдоцна по навршената 6 година, повозрасното дете треба да ја задоволи потребата за издвојување од родителите. Тоа е од траен карактер, се додека се децата со родителите. Второ прашање што се поставува по утврдената потреба за одделна соба на родителите, е нејзината положба во однос на другите делови на домот.

Со оглед на тоа дека во овој дел на решавање на прашањето е поставена цел, издвојување од другите (децата) за заедништво, па затоа и проблемот се разгледува во однос на раздвојување на родителската од детската соба. Просторното раздвојување (а не преградување) е нужно, со оглед на природата и мотивот на издвојувањето. Содржината и функцијата што би можел да ја прифати просторот на детската соба можат да бидат

различни. Заедничка карактеристика на можните видови простор е во нив да не се спие.

Прашањето за големината на собата за родителите е во индирекна врска со проблемот на издвојувањето. Сметаме дека смалувањето на површината не може да води кон решавање на проблемот на "искористување на просторот во домот" или моно функционално користење (користење на собата само во текот на ноќта).

Патиштата за решавање на проблемот од овој вид треба да се бараат во поврзувањето со другите простории во домот. Исто така ,не е за потценување фактот дека родителската соба со смалена површина не би можела да ги задоволи потребите на семејствата со мали деца кои треба да спијат во соба со родителите. Поради сето ова, големината на собата за родителите треба да биде измерена, така да може да прифати и помошен кревет за мало дете, додека трае таквата потреба, додека се задоволуваат барањата за просторно раздвојување на детската соба и се создаваат услови за поврзување другите простории, зголемената површина може да користи за збогатување на функциите на родителската соба (интелектуална работа). И двете потреби би биле задоволени со површина од околу 15 метри квадратни. Потребата за издвојување на детето може да се посматра како потреба за издвоено спиење и како потреба за повремено издвојување од семејната заедница во текот на денот. И кај двата случаи станува збор за потребата на одделна соба. Во зависност од бројот и полот на децата, потребата за оделна соба се јавува како последица на:

-издвојување од родителската соба (најдоцна до шестата година),

- издвојување по полови и

- издвојување како вид на осамостојување (најдоцна до тринаесеттата година).

Потребите за издвојување од другите членови на семејството во текот на дневните активности се јавуваат кај децата дури во нивната тринаесеттата година. Од друга страна, детската соба, освен спиењето, би требало (од повеќе причини да прифати и други функции, односно активности, што детето ги врши од моментот на "вселувањето" во својата соба. Со оглед на тоа што во текот на растењето на детето, меѓу седмата и тринаесеттата година, доаѓа до драстична промена на примарните стремежи однос на прашањето за "издвојување" и "заедништво", а детето на таа возраст има соба во која треба претежно да врши повеќе од своите активности, на таа возраст се менува простор-

ното барање во однос на положбата и на врската на детската соба со другите делови на домот.

Собата за детето до неговата возраст од 13 години треба да биде поврзана со просториите за активности преку денот, каде што најчесто престојуваат родителите, за да постои можност за обострано воспоставување визуелни и чујни контакти. По тринаесеттата година таквата потреба престанува.

Според тоа, се работи за потребата на промените за поврзување на детската соба со другите простории на домот, во кои родителите ги извршуваат вообичаените дневни активности. Во временска смисла, потребата за приврзаноста на детската соба трае седум до десет години (во зависност од тоа во која детето ја добива својата соба), а наредните десет до дванаесет години со текот на развивањето на семејството (во зависност од која година детето останува да живее со родителите во домот) - таква потреба не постои, па потребно е издвојување на собата од домот.

6.2.6 Детската соба и родителот

Врз основа на сето досега речено произлегува дека аспектот на "издвојувањето" не е карактеристичен за детето и неговата соба пред возраст од 13 години па дури од оваа возраст можат да се бараат просторни услови за издвојување на детската соба, кога таа треба да прими третман на просторна целина. За помлада возраст е карактеристична потребата за "заедништво" па од неа произлегуваат и потребните просторни услови во домот.

Значењето и улогата на големината на детската соба, во смисла на примарност на овој фактор на задоволување на потребите на децата во домот, се менува во текот на растењето на детето, значењето се зголемува со возраста, а особено по 13та година.

Барањата за зголемена површина на детската соба, иако со различни образложенија, апсолутно, преовладуваат во многу истражувања. Тоа зборува за зголемените сознанија за влијанието на задоволувањето на потребите на децата во домувањето, врз нивниот општ развиток и, особено, во почитувањето на уочените потреби, што во добар дел произлегуваат од демократизацијата на односите во семејството, од планирањето на семејството и воопшто од општествената грижа за децата.

Меѓутоа, треба да се каже дека сите мотиви и изложени барања не можат некритички да се прифатат, со оглед на тоа што во одделни елементи се противречни. Ако со векови потребата за

детска соба, како просторна потреба во домот, е потиснувана, а големата соба за родителите практична останува надвор од површината за користење на целото семејство, денес не можеме да бараме слично третирање на детската соба прогласувајки ја за "детско царство" или "тврдина" во домот (дом во домот).Таквиот приод би бил спротивен на утврдените потреби за социјализација.

Бидејки, ако мотивите на поделбата на домот на простории и простори ги гледаме во засолнување, односно во затварање (изолирање) од нешто или некој за да се овозможи одвивање на меѓусебно "трпеливи" функции, или за да се спречи меѓусебното мешање на "нетрпеливите" функции, тогаш треба да констатира дека детето до 13та година нема ни желби ни мотиви за засолнување од другите (родители,посетители) во домот. Напротив, има изразени спротивни потреби особено во предучилишната возрас.

Освен тоа, на оваа возраст му е потребна помош, надгледување итн. Точно е дека детската соба има повеќе функции што треба да влијаат врз нејзината организација и врз големината, но и тоа дека сите детски активности не треба (ниту е тоа реално да се очекува за помлада возраст) да се одвиваат само во неговата соба. Од ова становиште додека трае потребата за "интегрираност" на детската соба со другите делови на домот, нема потреба за површина поголема од 7до 8 $м^2$.

6.2.7 Десет метри квадратни

Со постарата возраст, потребите за простор во детската соба се нешто поголеми, но не и толкави за да прифатат барање за површина од 15 $м^2$. Освен спиењето, на потребите за поголема површина влијаат: работата (самостојна или со училишните другари), занимавање со некој хоби и просторните услови за посета на другарите (разговарање, слушање музика и друго). Меѓутоа, детската соба, неможе ниту треба да има потребни просторни услови што потенцијално би ги задоволувале сите можни видови хоби, бидејќи ваквите потреби можат да се задоволат и во другите делови на домот. Понатаму, поголеми собирања на млади исто така да се одржуваат во домот, а не само во детската соба.

Имајќи го сево ова предвид, може да се реч дека рационалниот оптимум на големината на детската соба за дете од постара возраст би бил 10 $м^2$. Ако проблемот на потребната големина на детската соба се следи континуирано со текот на растењето на детето, во дом со една детска соба тешко е да се

задоволи потребата за зголемена површина за постара возраст, што значи дека треба веднаш да се предвиди поголема површина. Ситуацијата е многу поповолна за постигнување рационално решение кај семејствата со две деца.

Имено, задоволувањето на потребата на децата за двокреветна соба не е можно, па нејзината употребна вредност е со многу кус век дури и независно од полот на децата. Според тоа, потребната површина за две еднокреветни соби, како трајно решение би изнесувало околу 20 м^2 (17 - 20 м^2). Меѓутоа, кога би се определиле за "удвоен" тип еднокреветни соби, оделните заеднички потреби на децата би можеле да се задоволат поквалитетно и со многу помала површина (околу 15 м^2). Таквото решение би овозможувало, одделните видови активности, да ги користат наизменично (се разбира и заедно) слободните делови на соседната соба.

Потребата за заедништвото на семејството е една од основните карактеристики на промените на условите за остварување на заедничкиот живот, таа со голема мерка се заснова врз местата и улогата на жената во општеството, а тоа е временско совпаѓање на "неангажираното време" на мажот и жената (татковото и мајката) во семејството.

6.2.8 Просторните решенија на станот и заедништвото

Заедништвото внатре во семејството може да се посматра во однос на целината на семејството и неговите одделни членови - и тоа како активно, полу или делумно активно и пасивно.

Секое ниво и вид заедништво има свој дел во остварувањето на општото заедништво на семејството и јавува како фактор на неговата стабилизација. Особено значење во тоа има несомнено заедништвото на родителите и заедништвото на двајцата родители со децата (целото семејство).

Просторните потреби во однос на заедништвото на целото семејство најчесто се изразуваат како барање за одделна соба (вообичаено име на таквата просторија е дневна соба или семејна соба), што треба да биде заедничка за сите членови на семејството и по таа основа што во неа не би спиел никој. Со својата големина, со опремата и со условите за нејзиниот распоред, оваа просторија треба да овозможи првенствено активен вид заедништво на сите членови на семејството, таа треба да претставува место за собирање на семејството.

Полуактивниот вид заедништво, (е особено значаен за семејствата со деца на возраст до 10 години) исто така треба делумно да се задоволи во ваква просторија и тоа главно на два начина:

- создавање услови за одвивање и на други активности освен седењето и гледањето телевизија и

- создавањето поголеми слободни површини на подот (за играње на децата).

Меѓутоа, доколку потребите за овој вид заедништво како просторни барања би се насочиле само кон оваа просторија, без оглед на зголемувањето на нејзината површина, тие не би можеле да бидат оптимално задоволени. Според тоа, полуактивното заедништво (сфатено како ситуација кога секој член на семејството се занимава со одредена активност, самостојно или во група, и истовремено одвреме навреме одржува контакт со другите членови без прекинување на својата активност) упатува на просторни решенија со кои се обезбедува поврзаност (чујна, визуелна и комуникативна) на повеќе простори или простории во кои се очекуваат потенцијални "работни места" на членовите на семејството.

Просторните решенија во домот, од ваков вид, би ги задоволувале и потребите за пасивно заедништво, што е особено важно за деца од предучилишна и дел од училишна возраст. Истовремено треба да се нагласи, дека со задоволувањето на потребите на децата за "присуство" на родителите од овој вид, се создаваат поволни услови и родителите да можат да се занимаваат во подолги временски интервали со активности, независно од интересот на децата.

Од становиште на заедништво на семејството, освен дневната соба и потребите за нејзина поврзаност со другите простори и простории во домот, значаен е и просторниот третман на другите простории на домот, што по својата намена објективно претставуваат центар на собирањето на семејството.

Под ова пред сé, се подразбира просторот за ручање. Освен основната намена, за да може да ги задоволи и другите потреби, што би произлегувале од третманот на центарот за собирање, потребно е да се обезбеди: зголемување на површината во однос на потребите на основната намена, поврзаност со кујната и со другите придодадени простории (за домаќинството, хоби или воопшто простор со повеќе намени).

Со остварување на просторните услови според овие барања се создаваат можности за активно, полуактивно и пасивно заедништво на семејството и во овој дел на домот.Така

се овозможува поразновидно, а со самото тоа, и временски подолго користење и занимавање на тој простор во домот што претставува и подобрување на неговите употребни вредности.

Во зависност од меѓусебниот однос на дневната соба и просторот за ручање со проширени функции, вообичаено е домот да се третира како "дом со еден или со два центри за собирање".

Не навлегувајќи, на ова место, во анализа на предностите и на недостатоците на едниот и на другиот случај, ќе нагласиме дека нивното целосно раздвојување води кон "репрезентативен" третман на дневната соба, што не се смета како позитивно. Се залагаме за поврзаност на просторот во домот со можност, без поголеми зафати во одредени ситуации, оние што живеат во него да ја прекинат привремено ваквата врска.

Од становиште на остварување на сите "видови" заедништва на целото семејство, а особено активното заедништво на родителите низ вршењето на комплементарните работи (заедништво во работата), важен е просторниот третман на кујната. Решението со кое кујната се третира како дел на еден поширок простор (а не само како просторија) создава просторни услови за нејзино прераснувањеод просторија со едно "работно место" во простор како заедница на повеќе"работни места". Таквиот период подразбира и техничко - технолошки услови, одделни делови или видови активности визуелно да се "засолнуваат", но основно е дека со тоа не се "засолнува" и човекот што би ги вршел.

6.2.9 Општествени контакти во домот

На прашањата за создавање соодветни просторни услови во домот, за воспитување, негување и продлабочување на општествените контакти со поединци или со групи надвор од семејството, може да им се пријде како и на општествените односи во кои учествува: целото семејство или одделни членови на семејството (особено децата). Просторните услови што би му одговарале на одржувањето на општествените контакти во кои учествува целото семејство, би подразбирале:

- поголем број места на трпезариската маса од бројот на членовите на семејството (најмалку две, без реорганизација на просторот).
- доволно место за седење во дневната соба, подразбирајќи и поголема површина на подот (каде што децата би можеле да се забавуваат).

- визуелна и комуникативна поврзаност на просторот каде што децата (од прдучилишна и делумно училишна возраст) би се забавувале и

- елиминирање на несаканата изолација, односно "исклучување", на одделните членови на семејството за време додека се извршуваат одредени работи од интерес за целата група (на пример, работење во кујната).

6.2.10 Визуелна врска со просторите

Остварувањето на општествените контакти на одделните членови на семејството со посетителите отстрана, во денешни услови на позитивен тренд на трансформација во семејството во односите внатре во него, се однесуваат главно на децата и на нивните контакти со врсниците во домот. Контактите од овој вид имаат големо значење за децата и претставуваат составен фактор на социјализацијата на нивната личност. Од друга страна, домот претставува едно од погодните места од овој вид социјализација. Домот е особено значаен за децата од предучилишна возраст, со оглед на времето што во него го поминуваат и стеснетите можности за самостојно воспитување и проширување на социјалните контакти во другите средини.

За децата од училишна и постара возраст, другарувањето во домот нема претежен карактер на социјализација (затоа што го остваруваат и на други места) туку едукативно - културно и психолошко значење, па од тој аспект задоволувањето на ваквите потреби во домот заслужува внимание.

Основните карактеристики на просторните услови што би ги задоволиле ваквите потреби за другарување во домот, се менуваат заедно со растот на детето.

Децата од предучилишна возраст можат подолго да се забавуваат во детската соба со врсниците, ако се исполнети најмалку два услови:

1. доволно слободна површина на подот на собата и

2. директна визуелна врска со просториите каде што, извршувајки одредени активности, најчесто се наоѓаат возрасните (нивните родители).

Потребата за вакви врски е обострана, бидејќи на децата од оваа возраст треба повремено да им се помогне и да се надгледува нивната активност. Исто така, и во случај на задоволување на поставените услови, детската соба не треба да се смета како единствена просторија во која е овозможено задо-

волување на потребите за другарување на децата од оваа возраст.

Тие најубаво се чуствуваат, ако имаат доволно простор, интересни и драги играчки и родителите да бидат во нивниот видокруг.

Децата од училишна возраст најчесто би се забавувале во својата соба со врсниците, при што треба да постојат услови за повремено надгледување на нивната игра од страна на возрасните.

По тринаесеттата година, детската соба останува и натаму примарно место на другарување на децата со врсниците, со тоа што било какво надгледување од страна на возрасните не е потребно и би им пречело на децата. Со оглед на тоа дека се зборува за возрасни деца, не треба да се спречува изборот и на другите простории на домот, каде што самостојно или со постарите (родители), би го поминувале времето.

Истражувањата укажуваат и на такви тенденции.

6.3 СТАНОТ И ЗАДОВОЛУВАЊЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ*

Општиот развиток на човековата цивилизација, техничко-технолошката револуција во развитокот на производните сили и намалувањето на населението на селото за сметка на градовите - се заеднички рамки кои отвориja процес за трансформација на семејството. Меѓутоа, достигнатиот степен на трансформација, суштината на промените и натамошните правци на развитокот на семејството не можат да се набљудуваат "надвор од општествената структура во која тоа е во центарот на вниманието".[63]

Општествениот интерес подразбира создавање услови кои ќе придонесат за зацврстување на семејството, бидејќи како такво тоа ќе биде во состојба да ја остварува и својата општествена улога. При тоа "општествената улога на семејството зависи и од општествената улога на секој негов член одделно".[64] Во сето тоа, познавањето на потребите на семејството е важен предуслов за остварување на општествениот интерес и определување.

Хреиологијата е се уште млада наука за човековите потреби, а освен тоа е и недоволно развиена. По природа е мултидисциплинарна и бара координирање на научните сознанија од многу различни области.

Дополнителна тешкотија преставува и фактот дека човекот е индивидуално суштество, свесно за своите потреби кое самиот ги управува, иако многу од нив се условени од културата и традицијата.[65] Поради сето тоа да се даде целосна класификација на човековите потреби е многу тешко, особено на оние што се јавуваат во рамките на истражувањата на различни научни дисциплини.

"Домот треба да има потенцијал, за да го потпомогне човековиот живот во вистинската смисла на зборот, за да влијае врз развитокот и однесувањето на индивидуата во семејството, за да го подобри квалитетот на неговиот живот". За да се постигне тоа потребно е "разбирање и способност за забележување на

---

* Д.р. Душан Илиќ-Стан и породица, Градина, 1983, стр. 11-15.

[63] Ch. de Lauwe: "Des hommes et des villes" (Payot - Paris 1965).

[64] Др М. Младеновиќ: "Породица између усамљености и друштвености (Савремена администрација, Бг. 1976.)

[65] D. Soen: "Habitability Occupant's Needs and Dweling Satisfaction" стр. 121.

човековите потреби".[66] Различни автори ги делат различно потребите на семејството. Марко Младеновиќ разликува три поделби:

прво, поделба на потребите на облигацијата (потреби кои мораат безусловно да се задоволат бидејќи се од егзистенцијална природа) и апликацијата (потреби кои исто така треба да бидат задоволени зашто во спротивност доаѓа до напнатост во семејството и до пораст на семејната патологија);

второ, поделба на семејните потреби според циклусот на семејниот живот; и

трето, поделба на семејните потреби според тоа дали се во прашање "нормални" или "нарушени" семејства.

Шомбарт де Лов[67] потребите на семејството ги дели на: физиолошко-психолошки и културни, а разликува: задолжителни (нужни) потреби, потреби за опуштање и потреби за стремеж.

Доналд Зем разликува: потреби од закон и сигурност, физиолошки потреби, социјални и естетски потреби. Поделбата на семејните потреби според циклусот на семејниот живот, меѓутоа, има особено значајна улога во домувањето. Повеќето автори целосно се потпираат врз Бајеровата (Beyer)[68] поделба или само ја модификуваат. Според неа, потребите на семејството во домувањето се менуваат во текот на четирите стадиуми во развитокот на семејниот циклус:

- млада брачна двојка,
- семејство кое се зголемува,
- стабилизирано семејство,
- семејство кое се смалува.

Одредени модификации на општоприфатена поделба дадоа Реленберг[69] наведувајќи пет етапи на развитокот и Зен (Soen)[70] сведувајќи ги на три.

Значењето на поделбата на семејниот живот во циклуси пред се е во манифестирањето на различните потреби во домувањето како на членовите на семејството така и на семејството како целина. Би се определиле дека основните потреби во домувањето можат да бидат од:

---

[66] Satenig St.Marie: "Home are for People",str. 5, (Wiley Eolit. 1973 - N.York).

[67] Ch. de Lauwe: "Famile et habitation" (Eolit. "Centre national de la recherche scientifique", Paris 1975).

[68] G.Beyer: "Housing and Society" (Mc Millan Comp.London 1965).

[69] N.Sch.Relenberg: "Sociologie und Stadtebau" (K.Kramer Verl. 1968: Stutgart) стр. 186.

[70] D. Soen: Op. cit стр.123:

-биолошка (физиолошко - здраствена)
-психо - социолошка и
-културна (или едуктивно - културна) природа.

Притоа тие се манифестираат различно со развивањето на семејството со текот на времето.

Задоволувањето на потребите на семејството во домот (примарен, но не и единствен услов за да зборуваме за задоволувањето на потребите на семејството во домувањето) е општествено прашање од широко значење. Значењето на ова прашање во основата произлегува од значењето на семејството во нашето општество, од становиште на неговите основни функции ("со производна улога") и целите и задачите кои пред него ги поставува нашето општество, од една, а од друга страна, домот претставува примарно место (кое со своите просторни решенија го овозможува или не, го отежнува или го олеснува) во остварувањето на неговите општествени функции. Домот е единствена животна средина заедничка за сите членови на семејството. Од тоа становиште, потребата на семејството за дом е почетен услов за да може воопшто да се зборува за воспоставување однос на таа "просторна рамка" со потребите на семејството. Во наши услови таа потреба претставува и општествено определување, што само по себе зборува за значењето на неговото задоволување.

Незадоволувањето на оваа потреба директно влијае врз стабилноста и одржувањето на семејството.[71]

Освен почетниот услов (семејството да има дом) врз степенот на задоволувањето на потребите на семејството влијаат и други просторни услови: големината на домот, бројот, големината и видот на просториите во него и нивниот меѓусебен однос. Големината на домот, во ваква констелација, практично е последична величина во функција со сите други помногубројни елементи на просторот. Меѓутоа, тука големината на домот добива одделно место, за да се истакне "станбениот минимум" како критериум, за да може да се констатира дека семејството воопшто има дом.

[71] К. Карташева: Социјалне основе развоја станова (час. "Арх. СССР-а бр. 8/1978. г.).

6.3.1 Станот и психолошкиот замор

Бидејќи претставува последична величина, на поимот "големина на дом" му се приоѓа различно: како на вкупна површина или како на површина на "стамбена просторија" или "главна просторија".

Барањата за соодветна големина на просторот во кој човекот живее се засновуваат врз основните карактеристики на човекот како индивидуално и социјално суштество и според тоа врз неговите основни потреби за извојување и остварување заедништво без принуда. Психолозите одамна дошле до сознание дека човекот различно се однесува спрема другите единки на својот вид во зависност и од просторните услови во кои се одвиваат средбите, а уште повеќе престојот. Станува збор за човековата психолошка потреба за воспоставување одредени физички дистанци кон другите, за да можат неговите социјални карактеристики слободно да дојдат до израз. Со истражувањата е покажано дека доаѓа до таканаречениот "психолошки замор", дури и меѓу мајката и децата во случаи кога подолго престојуваат во стеснет простор.

Таквата големина на просторот под која човекот не може пријатно и без негативни психолошки последици да престојува во заедница Шомбар де Лов ја нарекува "праг на издржливост". Според него, таа изнесува 9 м^2 стамбена површина на возрасен човек. Употребениот термин "возрасен човек" не е доволно прецизен, па затоа би требало, според наше мислење, барем да се изедначи и да се поистовети со возраст на дете од 13 години, кога кај него се јавува интензивна потреба за издвојување, како трајна потреба. Слично мислење изнесува и Горомосов кога вели: "Успешното решавање на проблемот на домувањето зависи од остварувањето на основните цели - еден дом да му служи на едно семејство и да има одделна соба за секој возрасен. Поволното влијание на овие фактори врз менталното здравје и мирниот одмор веднаш се уочливи".

Врз основа на тоа можеме да заклучиме дека 9 м^2 површина стамбена просторија на човек е граница и минимален критериум за да може да се тврди дека семејството има дом. Тој објективно биолошки минимум истовремено не дава можности за остварување на потребите на семејствата кои имаати пошироко општествено значење, не дава услови за остварување и други

содржини на семејниот живот кои влијаат врз стабилноста на семејството.

Врз стабилноста на семејството влијаат низа фактори од кои домувањето е само еден од нив. Во оваа анализа би спомнале само неколку фактори кои самостојно или комплементарно со другите влијаат врз стабилноста на семејната заедница. Под ова пред сé подразбираме соодветни просторни услови во станот за:

- индивидуален и заеднички живот на членовите на семејството, родителите и семејството како целина;
- воспитување и развивање на општествените контакти и врски на членовите на семејството како целина со другите поединци и семејни групи.

ГЛАВА 7

ПЛАНИРАЊЕТО НА ГРАДОТ

ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ
ГЛАВНИТЕ ФАКТОРИ ВО УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ
ОПШТЕСТВОТО И ПРОСТОРОТ
БЕДАТА НА НАШИТЕ ГРАДОВИ
ГРАДСКИОТ ПРОСТОР Е ПРЕД СЕ ОПШТЕСТВЕН ПРОСТОР

7. ПЛАНИРАЊЕТО НА ГРАДОТ

7.1 ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ*

Начинот на планирање се базира, на прво место, на одредени вредносни претпоставки кои се конкретизираат во вредносни позиции на носителите на планирањето - планерите. Во таа смисла би можело да се зборува за социолошките димензии на планерите како носители на планирањето, со што се занимава специфичната социолошка дисциплина - социологија на планерите.

Дискусиите и расправите за планерската професија во подрачјето на урбаното планирање во последните десетина години многу се присутни. Приодите и констатациите многу варираат, од т.н. интегриран па сé до радикален планер. Основната диференцијација се врши од позиција на вредносни претпоставки на делување. Во тој контекст планерот, како носител на одлуките, се поставува пред многу конкретни дилеми во процесот на планирање на решенијата кои најмногу зависат од неговиот личен став - чесност и перцепција на сопствената улога.Сметајќи дека во секој процес на планирање, посебно урбаното, постојат оние кои "губат" и оние кои "добиваат", се поставуваат три главни прашања: Кој профитира? Кој губи? Кој плаќа? Социјално ангажираните планери се на страната на најзагрозените слоеви и групи на жители, притоа ризикувајќи и самите да бидат исфрлени од естаблишментот (каде што припаѓаат по својата социјална положба). Во тие дискусии преовладува идејата за рационализација на социјалната улога на планерот кој никогаш не делува неутрално, дури ни кога е цврсто уверен, туку секогаш со одредени вредносни претпоставки на сопственото делување.

Радикализацијата на претпоставките на планирањето сé се поприсутни во студиите за урбаното планирање. Претпоставките се различни, а различна е и перцепцијата на претпоставките со оглед на вредносните ставови на планерот. Не сведувајќи го проблемот на вредносната ориентација само на индивидуално ниво на однесување на планерот, сметаме дека уште поважно е да се истражува општествената втемеленост на поединиte ориентации.

Вредносната ориентација што преовладува во општеството и карактеристиките на општествените цели на просторниот развој се многу битни елементи на анализата.

---

*Ognjen Čaldarević, Urbana sociologija, Globus, Zagreb, p. 221-248.

Процесот на планирање, пред сé го сметаме како процес на донесување на одлуки за заедничките детерминирани цели на развојот, проблемите кои се претставуваат пред нас, се проблеми на утврдување на целите.

Покрај целите, една од поважните детерминанти на планирањето, а што не се планибилни феномени. Слично е и со проблемот за операционализација на целите. На кој начин да се "преточат" целите во операционални насоки на аукција или да ги предочат во "конкретни' цели (објективи). Колку што повеќе ги анализираме основните претпоставки на планирањето, толку се зголемуваат и прашањата. Социолошкиот интерес за феноменот урбано планирање се операционализира во следните димензии:

-планибилност
-мерливост
-цели
-објективи
-вредносни системи
-рационалитет
-процеси на донесување одлуки
-човечки потреби
-интердисциплинарен труд
-град како систем

Накратко ќе расправаме за секоја од наведените претпоставки.

Планибилност

Вообичаена е претпоставката дека сé може да се планира. Но, ако ја прифатиме оваа претпоставка и понатаму останува дилемата - во која мерка е можно да се планираат определени сфери на општествените и човечките дејности, а во која не? Значи, треба да се утврдат степените на планибилност на определени феномени.

Во рамките на планирањето на урбаните подрачја можно е дилемата да се сведе на следните димензии; категоријата на релативната планибилност би ги опфатила следните феномени:

-население (број и структура)
-степен на моторизираност (број на автомобили по глава на жител или обратно)
-начин и интензитет на користење на градски системи (вода, електрична енергија, гас, канализација и сл.)
-програмирање на станбена и друга изградба; и сл.

Дилемата за планибилност - непланибилност се сведува на дилемата за степенот на планибилност од аспект на точноста на предикцијата која се врши. Најголем проблем во детерминирањето

на степенот на планибилност на одредени феномени е степенот на стабилност на можните општествени интервенции на одделни трендови - со што го допираме прашањето на кое често ќе се навраќаме: до која мерка е експлициран вредносниот систем што преовладува во определената општествена заедница, а тоа да може да послужи како основа за заземање на децидирани планерски одлуки?

Да ја илуструраме зависноста од перцепцијата на планибилноста на примерите на двата феномена: број на автомобили и број на жители.

Експлицираната вредносна постава за сообраќајот на напредните општествени заедници воопшто, па и на нашата, е онаа за потребите за организирање на превозот во градовите кои исклучително се потпираат на јавниот превоз (трамвај, автобус, такси, метро и сл.). Со други зборови со средствата за општествена политика потребно е да се дејствува на постојаниот развој и на подобрување на квалитетот во јавниот превоз, истовремено, рестриктивно и регулационо се однесува кон индивидуалниот превоз (заради сите причини на потесната еколошка природа и сите други во кои сега нема подетално да навлегуваме). Таква е основната претпоставка инкорпорирана во повеќето урбанистички планови во делот кој го разгледува превозот (планови за превоз). Таа поставка најчесто е експлицирана и во целите во кои, на пример, се тврди дека во планот "мора да се даде предност на јавниот превоз" па така со операционализација се доаѓа до ставот дека со организација на јавниот превоз ќе бидат задоволени и до 80 одсто од потребите на населението во урбаните комуницирања, а останатите 20 одсто ќе се задоволуваат со индивидуалниот превоз (автомобили) секако во годината на планскиот зафат.

Но, тие основни општествени и планерски претпоставки за третирањето на превозот во градот го претпоставуваат фактот дека користењето на автомобилот (кој се движи низ градот) постепено ќе отпадне. Сосотјбата кај нас всушност е обратна: бројот на автомобили е во постојан пораст, а интензитетот и начинот на користење е во пораст исто така и покрај различните рестриктивни мерки (високи цени, проблем за паркирање и воопшто проблемите со "слободното движење со автомобил во градот")...

...Дали е похумано да се живее во поголеми или помали градови? - веќе поодамна не се поставува како алтернативно прашање. Негативностите на велеградот одамна се согледани, а процесите на концентрација на население се утврдени како

процеси кои најмногу придонесуваат. Во земјите со забрзан процес на урбанизација, во кои спаѓа и нашата земја, една од карактеристиките на процесот на урбанизација е степенот на концентрираност на населението во градовите (по правило е голем). Кај нас, тој степен како што веќе нагласивме е поприлично голем поради формулата на процесот на урбанизација. Очигледно е дека кај нас е присутна тенденцијата на пораст на бројот на жителите во градовите, односно, тенденцијата на зголемување на големите во сé поголеми (индексот на урбаната концентрација е голем во некои подрачја).

Начинот на кој се зголемува бројот на жителите е типичен претежно за земјите во развој. Градовите се зголемуваат почесто и многу повеќе "однадвор" отколку "однатре". Едно од основните прашања или основни појдовни точки во главните определувања на секоја планерска институција што го планира просторниот и општествениот развој на градот е определување на бројот на населението во иднина. Она што нé интересира нас е односот меѓу општествените зацртани цели во поглед на бројот на жителите и воопшто, потребите на регионалното планирање и дислокацијата на населението и актуелниот број кој се предвидува со планирањето...

...Со овие примери (превозот и зголемување бројот на жители) сакавме да укажеме дека на степенот на планибилност делува многу силно недефинираноста на т.н. институционализирани ставови на глобално ниво. Основен концепт на урбанистичкото планирање со оглед на анализираните претпоставки на *овие два феномена е концептот на вредносно неутралните* активности кои овие феномени се обдува да ги симулира во иднина не давајќи алтернативни планови кои во себе имаат вградени цели и претпоставки што се потпираат на поинакви вредносни определби, на пример, оние за, можеби потребан регулиран пораст на бројот на жителите поради зголемување и зачувување на квалитите на урбаниот живот воопшто...

...Прецепцијата на степенот на планибилност е една од основните проблемски целини во рамките на планирањето воопшто, а посебно во планирањето на урбаните подрачја. На споменатите проблеми се надоврзува и следната дилема за социолошката условеност на проценката на степенот на мерливост на феномените со кои се занимава урбаното планирање.

Мерливост

Степенот на планибилност, односно, оценката на степенот на планибилност е многу променлива. Слично е и со улогата на мерливост во процесот на урбаното планирање. Феномените кои

ги планираме преку урбанистичкото планирање се со различен степен на мерливост. Елементите на градската инфраструктура се целосно квантификабилни (вода, канализација и превозот до извесна граница и сл.) па во духот на урбанистичкото планирање, пред се како програмирање, лесно може да се изведат многу сложени пресметки за степенот и интензитетот на потрошувачката, на пример: на вода, струја и сл. Како што видовме во пртходното поглавје, населението се смета за прилично мерлив феномен.

На границата меѓу мерливите и немерливите феномени се наоѓаат многу подрачја на урбаниот живот, сите оние подрачја и димензии што тешко се квантифицираат, воопшто кажано тие се квалитативни аспекти на било која урбана ситуација.

Немерливите феномени се целосно на страната на хуманистичките и социопсихолошките перцепции и доживувања на урбаното, како на пример: чувствата, доживувањата, импресиите, сликата на градот, трансформацијата на урбаното однесување и др.

Она што нé интересира е начинот на кој урбаното планирање ја третира мерливоста во своите операции. Имено, во рамките на општото зголемување на трендот на прецизноста, се стреми и самото да биде попрецизно, а нејасна е тенденцијата кон третирање, скоро исклучиво на мерливите феномени. Со други зборови: колкав е степенот на квантификабилност на конкретниот феномен, толку повеќе внимание се посветува на тој феномен, попрецизно се анализира и програмира и воопшто, му се посветува поголемо внимание.

Цели

Со поставување на целите на еден конкретен план најчесто започнува процесот на планирање или создавање на планот. Целите на планирање, воопшто, а посебно на планирање на градот може да се дефинираат според различни критериуми на поделба. Во однос на степенот на воопштеност вообичаена е оваа поделба на целите:

-општи (генерални)

-посебни (конкретни, специјални)

Во таа смисла може да се зборува и за:

-целите од повисок ред (општи)

-целите од понизок ред (посебни)

Во однос на одделните сектори или подрачја на планирање

-секторски цели

-целите на планот воопшто (општи цели)

Во однос на одделните аспекти на планирањето во рамките на урбаното планирање можно е да се зборува за многу цели. Во таа смисла постојат:

-економски цели
-архитектонски
-урбанистички (потесни)
-социолошки
-цели за заштита на историското наследство
-цели за заштита на човековата околина и тн.

Ако се земе предвид временската димензија можно е да се зборува за различни цели и од аспект на етапите од кои планот се состои. Во таа смисла постојат:

-долгорочни цели
-среднорочни цели
-краткорочни цели

Сиве овие поделби на можните цели, од различни аспекти, ги наведовме под претпоставка да се сфати процесот на планирање како ориентирана активност кон определена цел. Во таа смисла, со планирањето се детерминира процесот со кој се сака да се остварат однапред поставените цели на планот или со нив што повеќе да се приближи до предлозите на планот. Процесот се дефинира со време (етапи на планот) и со начинот на спроведување на елементите на планот. Таа пракса на планирање, или воопшто на планирањето и кај нас е присутно како најчеста форма на планирање.

Покрај споменатите поделби на целите во планирањето, позната е и поделбата на квантитативни и квалитативни цели, на мерливи и немерливи, прагматични и непрагматини цели, рационални и ирационални, односно, утописки и "реални", односно остварливи и неостварливи, релативни и апсолутни цели и сл. Како што се гледа целите најчесто може да се делат дихотомно.

Разгледувајќи ја политиката на дефинирање на целите на одделни урбанистички планови, важно е да се утврдат начините на кои целите се поставуваат, каков однос постои меѓу целите на општествениот развој и целите на конкретниот план, каква е хиерархиската структура и воопшто односите меѓу целите во планот, а посебно за важно го сметаме утврдувањето на факторите - дали е можно да се утврдат конкретните носители на реализацијата на поодделните цели на планот? Дефинирањето на целите на одделни плански документи е процес кој зависи од многу фактори.

Објективи

Во претходниот дел од анализата разгледувавме некои проблемски рамки на целите на планирањето. Во таа смисла спомнавме дека постојат различни цели кои, имајќи ги предвид критериумите, односно, претпоставките на планот може да бидат во различни меѓусебни односи. Утврдивме дека се можни два вида на основни релации меѓу целите: конфликтни и компатибилни односи.

Воопштено, целите можеме да ги дефинираме како апстрактни идеали кон кои се стреми одредениот планерски процес. Целите треба да се мешаат со вредностите (од одредени вредносни поставки произлегуваат и целите).

Целите како апстрактни идеали најчесто се неапликабилни за конкретната примена. Поради тоа нужно е во процесот на планирање да се трансформираат во одреден број објективи. Во таа смисла објективите се цели од понизок ред (операционализирани цели) па мора да бидат колку - толку подложни на мерење и да бидат специфицирани во зависност од временските димензии и носителите на акцијата. Понекогаш е многу тешко да се разликуваат целите од објектите. Во определена насока на акција, во процесот на планирање како во процес на задоволување на однапред поставени цели, првиот степен се состои во утврдување на целите од различно ниво, потоа детерминирање на објективите со кои утврдените цели се детерминираат и конкретизираат, а следниот степен се состои во дефинирање на стратегиските постапки со кои определените замислени акции се реализираат.

Со специфицирањето на објективот (конкретизација на целите) можно е да се создадат основи за алтернативно планирање, што е меѓустепен за понатамошна демократизација на процесот на урбаното планирање. Прецизирањето на јасните односи меѓу целите, објективите и стратегијата е една од основните преокупации на планерот.

Вредносни системи

Кога расправаме за целите и објективите, спомнавме дека тие како и стратегиите произлегуваат од определени вредносни поставки, односно вредности. Дискусијата за вредносните системи во социологијата воопшто, би била тема на посебно разгледување. Ние сега ќе се ориентираме само на некои основни вредносни аспекти кои се појавуваат во процесот на урбаното планирање, а кои се интересни од социолошко гледиште.

Планерите се исклучително стручни лица кои ја вршат својата стручна работа и кон неа се однесуваат сосем неутрално.

Во тој став е содржана и поставката дека тие немаат независни сопствени вредносни определби, освен оние што им ги наложува нивната стручна совест. Имплициран е релативно пасивен однос кон основните вредности на определена општествена заедница. Со други зборови, вредностите пасивно се прифаќаат, а улогата на планерот во дефинирањето и создавањето на нови вредносни поставки ретко се забележува, односно, скоро секогаш отсуствува.

Ништо не е подалеку од вистината од ова што го изнесовме. Наспроти уверувањето за општата неутралност во дејствувањето, јасно е дека секоја акција на кој и да е поединец, според тоа и на планерите на градот е вредносно основана. Бегањето од одговорноста за донесување на одлуки под изговор за "стручна совест" е неправедно и фиктивно. Одлуките секојдневно се донесуваат во име на стручната свест и совест, но таа иста стручна совест произлегува од перцепцијата за тоа што треба одлуките да претставуваат, што е секако поврзано со базичните вредностни насоки на секој поединец.

Релативно комплицирано и шематски е да се врши систематизацијата на вредносните позиции со кои урбаните планери најчесто настапуваат. Сепак, може да се зборува за некои повеќе или помалку искристализирани насоки на вредносни определби во урбаното планирање. Ни се чини дека за вредносните позиции во урбаното планирање може да се зборува од традиционално и критичко (радикална) позиција.

Традиционален тип на планер во извесна мера спомнавме претходно. Основната карактеристика на традиционалната ориентација во планирањето е карактеристиката на планери или урбанизам кои претежно имаат пасивен однос кон социјалните проблеми на заедницата. Таков планер дејствува од вредносни позиции што цврсто се втемелени во општествената структура на конкретното општество. Општествените вредности што дејствуваат во општеството, кон кои и процесот на урбаното планирање е ориентиран, никогаш не го доведуваат во прашање таквиот урбанизам. Вредносно неутралниот планер или т.н. тредиционален планер функционира во рамките на релативно дефинираните подрачја на донесување на одлуки и во своето делување претежно е раководен од своето тесно стручно знаење. Смета дека неговата задача е првенствен во примената на знаењето за уште подобро планирање. Можеби најлесно би се именувал со вообичаеното име "технократски планер", а неговото дејствување иако не се смета за вредносно неутрално, сепак е вредносно неангажирано.

Таа перцепција во улогата на планирањето и планерот, е во спротивност со реалноста. Ниту е градот хомогена, општествена заедница составена од група и индивидуи кои во потполност делат исто или слично уверување, ставови, аспирации и сл., а ниту е можно да се создаде планирање на нешто што би се нарекло "општо добро"...

...Некои автори сметаат дека концепцијата на кооперативното општество на која ѝ одговара неутралниот планер е неприфатлива. На кооперативното општество му се спротивставува конфликтното општество. Во таа смисла J. M. Simmie вели: Вообичаено гледиште... се формира врз сфаќањето за општеството како фундаментално корпоративни заедници на групи и индивидуи кои ги делат истите вредности и аспирации (J.M. Simmie,1974). Simmie смета дека тој став е илузија и му спротивставува перманентно конфликтна ситуација во која планерот делува. Понатаму тој вели: "Во ситуација на социјален кофликт меѓу аспирацијата и желбите на различни групи во здобивањето на ресурси и моќ, јавниот интерес се свртува во несоодветна цел за планерите. На прво место нема такво нешто што претставува општ интерес "Слично е и гледиштето на J. Bailey кој вели: "...во општествениот живот не постои такво нешто што е вредносно неутрален факт , во таа смисла и создавањето на цели од податоци, кои се сметаат вредносно неутрални,е тешка злоупотреба..." (Baily 1975).

На кооперативното општество на коешто му е соодветна примената на модерната системска теорија се спротивставуваат различни тенденции на конфликтното општество во кое постои константна борба за превласт и освојување на ресурси меѓу различните групи и поединци...

...Грубо кажано, односот меѓу урбанизмот и поширокатa општествена заедница може да биде синхрон или конфликтен. Односот се истакнува во перцепцијата на улогата која носителите на урбаното планирање - планерите ја имаат во рамките на определената општествена средина, но и во актуелната општествена положба на планерите во општеството.

Урбанистите кај нас уживаат определени привилегии во општеството, а во рамките на синхрониското дејствување со градската администрација на социјалните конфликти, одговараат со поблаги мерки, делувајќи пред сé на последиците, а не на вистинските причини што доведуваат до конфликтна ситуација.

Една од најизразените дилеми во праксата на нашиот урбанизам е проблемот кој произлегува како последица на дијаспората меѓу планирањата и реализацијата. Најчесто планерите

- урбанисти се бранат од напад на своите неуспешни дејствувања со тоа што тие само планираат (техничка и експертна улога), а политиката ја водат други ("политичари"). Во тој контекст и сите проблеми на "лошите односи" меѓу планерите и населението се проблеми, според мислењето на планерите, на ненавремено изведување на испланираното (или воопшто нереализирано) или ако се изведува не се изведува во потполност како што е замислено од планерите. Таа дихотомија на планирањето - реализација, (план - изградба) предизвикува повеќе дилеми: Дали плановите се доволно "реални", односно, дали реализацијата не е можна зашто плановите не се "потполно" реални, дали проблемот е во тоа што скоро исклучително се планира и "за утре" за едно побогато и поразвиено општество и критериумите на планирање се "преостри" и поради неможноста на нивното задоволување реализацијата на плановите се одолговлекува, таа е парцијална или пак целосно изостанува итн.

Рационалност

Едно од прашањата на коешто често се навратуваат дискусиите за планирање е и прашањето за рационалноста за плановите. Голем број од планерите зборуваат за "рационалноста на процесот на планирање". Во планирањето одлуките се донесуваат рационално и иднината рационално се студира, дефинира и проектира. За жал рационалноста се изедначува најчесто со "евтино", "економично", или "рентабилно". Освен тоа, рационалното најчесто се изедначува со она што е добро и пожелно. Меѓутоа, во плурализмот на интереси, аспирации и судбини, дали постои концепт кој во себе би го соединил "општото" или "јавното добро", преку што е насочена рационалната акција на планирањето? Или кој е тој што дефинира т.н. општ, заеднички или јавен интерес.

Претходно веќе споменавме дека во име на општиот интерес може да се вршат различни манипулации, а определен број на автори кои расправаат за урбанизмот, експлицитно ја отфрлаат можноста за постоење на општ интерес, а посебно оние категории од "општ интерес" до коишто се доаѓа со рационална процедура на донесување на одлуки.

Рационалноста на однесување во планирањето оправдано се критикува од позиции на "општо добро". Рационалноста не е вонвременска или вонпросторна категорија, туку секогаш е конкретизирана, со дефинирани носители и со оние кои од рационалниот процес на планирање ќе извлечат некаква корист.

Не е тешко да се најдат примери на т.н. рационалност во урбанизмот во наши услови. Таа многу често е двосмислена. На

пример, рационалната станбена изградба би требало да го означи рационалниот начин на изградба на станбените објекти, односно, организацијата на процесот на изградба, за објектот да биде завршен што побрзо и покомплетно, а при тоа и со пониски цени. Наместо тоа, често како рационално во станбената изградба се смета, како да се заштеди на материјал и затоа спратната висина во современите станови е се помала; или пак како да се заштеди на просторот што го зазема станбениот објект и се мултиплицира основата на зградата за на иста основа да се подигнат што повеќе катови. Ретко се калкулира и со другите елементи, а последиците до кои со таа "рационалност" може да се дојде се: трошоците за лифтот, идните проблеми на станарите (посебно постарите) и непријатното чувство на станарите од висина и сл.

Урбаното планирање постојано се стреми да биде максимално рационално, а праксата покажува дека не само со своите предлози, туку и во процесот на планирање ирационалноста доминира. Процесот на планирање не е рационален ниту во начинот на "обработка" на одделни делови на градот, ниту е рационален во процесот на урбаното планирање што ги зафаќа проблемите кои се евидентни во подрачјето на градот (ако сметаме дека и со планирањето може да се решат проблемите). Одлуките за тоа "што треба да се планира" и "кога" се донесуваат најчесто рутински или спорадично и ефемерно, без почитување на приоритет на "вистинските" потреби.

Планирањето е претежно ирационално затоа што е дисконтинуирано во времето. Не се "обработуваат" конкретни проблеми, туку главно без одреден ред и систем.

Слично на временскиот дисконтинуитет, постои и дисконтинуитет во самиот процес на планирање. Логиката е таква, што во определено подрачје на градот, прво, генерално да се обработи (генерален план), а по тоа, детаљно и конкретно. Некогаш споменатите фази временски се толку развлечени што "кога ќе дојде времето" за деталниот план, карактеристиките на подрачјето општествено се промениле многу порано.

Донесување на одлуки

Основната разлика што ги дели автократското т.е. бирократското планирање, од било која форма на демократско планирање е начинот и отвореноста, односно, степенот на демократска процедура на донесување на одлуки. Во традиционалниот пристап на планирање одлуките ги донесува релативно затворен круг на "урбани експерти" сметајќи дека нивната стручност гарантира "синоптички преглед" на просторот на градот, односно, привилегијата на знаење гарантира дека одлуките се донесуваат

на најдобар начин. Во тој концепт постои јасна поделба меѓу оние кои планираат и оние на кои тоа е наметнато (население). Во условите на релативна стабилност на општествениот развој тој принцип и процес на донесување на одлуки функционира на некој начин помалку или повеќе успешно. Но, секогаш е имплицирано одлуките да се донесуваат во име на "општото добро", а тоа е категорија што би ги задржала интересите на сите па тешко дека може да се воспостави, а не да се примени. Општото добро секогаш е потребно да се конкретизира, односно да се специфицира.

Праксата на експертниот, технократски и затворен систем на планирање што опфаќа затворен и релативно едноставен процес на донесување на одлуки, се повеќе се судара со јакнењето на демократската тенденција во општеството. Приврзаниците на демократското планирање укажуваат на потребата за демократизација на процесот на донесување на одлуки: на потребата за вклучување на населението во процесот на планирањето, воопшто на "отворање" на процесот на планирање.

Проблемите на натамошна демократизација на процесот на донесување одлуки во рамките на урбаното планирање се различни. Ќе укажеме накратко на некои од нив.

Еден од основните проблеми е секако незаинтересираност на населението за учество и соработка во процесите на планирањето. Лефевр укажува правилно на фактот за повлекување на жителите од процесот на донесување на одлуки, на препуштање да "одлучуваат оние кои ги носат одлуките". Лефевр го истакнува проблемот на пасивност на населението: "Стигнавме пред еден проблем кој најмногу вознемирува: тоа е исклучителната пасивност на луѓето сериозно заинтересирани за проекти што се значајни, а што се доведени во прашање со стратегии. Од каде доаѓа молчење на "корисникот"? Од каде нејасни коментари за "тенденциите" кога ќе ги прашаат за совет? "Како да се објасни таа чудна ситуација. (Lefebvre 1974) Од една страна се работи за вообичаен начин на однесување - препуштање, а од друга, за уште еден мошне изразен феномен - граѓанинот не покажува интерес за "големата градска политика" зошто тие му се "преголеми' и далечни проблеми. Наспроти тоа, граѓанинот е многу заинтересиран за секојдневната околина и процеси што се одвиваат во неа. Жителите се најактивни во рамките на месните заедници, односно во непосредната околина на секојдневниот живот.

Човекови потреби

...Урбаното планирање треба да "одговори" на човековите потреби во рамките на сопствената животна средина. Колку

повеќе е тоа успешно, толку подобро одговара на потребите на луѓето.

Во историјата на урбаното планирање, потребите на луѓето биле дефинирани релативно едноставно. На трагите на основните урбани премиси најчесто се зборувало за потребите преку разгледување на основните човечки функции - домување, работа, рекреација, комуникација итн. Релативно едноставната поделба на функциите секако дека е своевиден редукционизам, па оттаму доаѓа во прашање и залагањето за толку едноставен и прагматичен пристап кон проблемот за потребите на луѓето. Урбаното планирање и денеска најчесто се организира преку планирање за задоволување на споменатите човекови потреби.

Претходно напоменавме дека во урбаното планирање постои тенденција за пренагласување на квантитативните, наспроти квалитативните феномени. Слично е и со човековите потреби. Потребите што се планираат со едноставна метода на екстраполација на трендовите најчесто се со квантитативен мерлив карактер.

Планерите бараат определена сигурност во планирањето на квантитативните, релативно едноставни потреби, истакнувајќи дека останатите потреби се многу покомлексни и дека иднината е само релативно предвидлива, па според тоа подобро е да се задржат врз планирањето на релативно едноставните потреби. Освен тоа, најчесто се работи за планирање на т.н. основни потреби, а што претставуваат основни потреби, тоа се менува имајќи го предвид релативниот степен на развиеност на конкретното општество:

Се планираат потреби што денеска се експлицирани и присутни, односно манифестните потреби се регистрираат, а латентните остануваат прикриени. Martin Kuenzlen вели дека во урбаното планирање потполно отсуствува планирањето, и воопшто разгледување на скриени потреби, што ја вклучува и потребата за експерименти, а Manuel Castells истакнува дека потребите не се обичен природен фактор, туку општествен"... се разгледуваат и истражуваат само во мерка во која се појавуваат во рамките на одредени политички ситуации" (во Kuenzlen,1973 и Castells, 1969)

Постојат оправдани сомневања во можностите за утврдување и верификација на човековите потреби, а уште повеќе во можноста за нивното екстраполирање во иднина како што се прави во урбаното планирање денес.

Се појавува и уште еден проблем: За чии потреби се работи? Дали постојат некои просечни потреби кои одговараат на

"човекот воопшто"? Инсистирањето за планирање на потребите за "човекот воопшто" е карактеристично за оние приоди на кооперативен, неконфликтен карактер, што зборува за "општиот интерес" односно за "човекот воопшто"...

...Вредносно ангажираниот урбанизам би требало да ги насочи инвестициите со плански предлози во "невралгичните точки", а не вредносно неутрално да ги третираат проблемите во градското подрачје како релативно единствени и општи. Но, пред тоа, потребно е да се институционализираат феномените на социјалната нееднаквост.

Интердисциплинарен труд

Со зголемување на комплексноста на различните аспекти на градскиот живот и со сé почестите неуспеси во урбаното планирање растело постепено и уверувањето за потребата од што подобро, попрецизно, сеопфатно запознавање и студирање на урбаната стварност. Основа на таа ориентација е убедувањето дека со подобро студирање на урбаниот феномен ќе се дојде до сознанието што ќе овозможи подобро планирање на градовите. Тоа гледиште е широко прифатено, а се материјализира во континуирано зголемување (бројчано) на планерските агенции, но и со дисциплинирана и стручна промена ("влегување" на различни струки и дисциплини во планирањето).

R. Arctander критички се осврнува на три догми во планирањето: 1. истражувањата ќе му помогнат на планирањето; 2. планирањето ќе им помогне на луѓето; 3. планерот знае што е добро за луѓето. И на крајот заклучува: за правилно да планираме треба да го смениме начинот на планирање (Arctander,1972)

Големата критичност кон можноста за организирање на тимска работа покажува и А. Лефевр сметајќи дека место креативната соработка, најчесто се работи за "дијалог на глуви" за "лажни средби" итн. (Lefebvre,1974).

Урбаното планирање е разбрането до таа мерка што денеска се зборува за соработка во процесот на планирање на повеќе од дваесетината различни "експерти".

Основниот проблем на организација на тимската работа е осигурување на равноправна соработка меѓу сите учесници во процесот на планирање без мајоризација. Меѓутоа, најчесто постои мајоризација и при тоа раководителот на планирањето кој што има најголеми овластувања може да манипулира со "резултатите од другите дисциплини" (кај нас најчесто се работи за архитекти - урбанисти). Со тоа не сакаме да кажеме дека тимската работа би функционирала "подобро", доколку во урбаното планирање би доминирал некој друг профил. Доминацијата на архитектот се

создала како резултат на "историско наследство", односно, создавањето на урбаното планирање и долгогодишната практика во планирањето и сфаќањето на урбанизмот како "убави форми".

Покрај споменатите проблеми во раководењето, значајни се и меѓусебните односи и положбата на конкретните дисциплини во рамките на тимската работа. Да ја разгледаме подетално улогата и положбата на социологот во тимската работа во нашиот урбанизам...

...Основната улога на социологот во тимската работа, улогата која од него се очекува е улога на "социјален инженер" кој го истражува "човечкиот фактор". Значи, се работи за аналитична функција кадешто социологот соработува со користење на претежно квантитативни методи на истражување пред, поретко по (испораката на планот), а најчесто со процесот на работа на определен план на делови од градот. Претходно спомнавме за предоминацијата за квантитативните методи на истражувањето што го илустрира следната констатација: "Скоро канонизираниот статус на социјалната анкета во планирањето почнува постепено да се разнишува поради нејзината ограничена употреба. Сепак таа сé уште претставува тоа што планерите сметаат дека е социјалното истражување. Еден од најдобрите примери е прирачникот посветен исклучително на техниките на социјалното истражување за планерите (Burton and Cherri, Social Resh earcTechnikues fir Planners. Allen and Unvin, London 1070) Само десет страници од вкупно 130, се посветени на неанкетни истражувачки постапки, а само четири страници од тоа на "опсервацијата", по разгледувањето "механички и електронски уреди", "физичка евиденција" и "документи". Основа на прирачникот е лексикон за "составување" на разни видови анкети. "Социјалното" е преведено во "анкетно" (Баилеу,1975).

Социологот може да води еден дел од процесот на изработката на планот ("социолошка анализа", "социолошка студија") или доколку планот што треба да се работи е повеќе "социјално обоен", постои начелна можност социологот да биде основен раководител при процесот на изработка на планот...

Систематичност на градот

Една од мошне изразените тенденции во урбаното планирање е разгледување на градот како определен систем, како збир на интеркорелирани потсистеми и функции. Во основа, мислиме дека овој поглед на градот и ваквото третирање на градот се засновува од една страна, на сé поголема и позначајна примена на современи научни постапки на истражувањето во урбаното планирање каде најзначајното место му припаѓа на општиот

теоретски систем, а од друга страна, веројатно се работи за инхерентна тенденција на комплексификација на процесот на планирање "од внатре". Претходно веќе нагласивме дека урбаното планирање од најраниот почеток имало двострана ориентација: планирање и подобрување на постојниот град (лечење на постојниот град) и бегање од градот (различни видови утописки предлози, идеална заедница и сл). Разгледувањето на градот како систем ни се чини поблизу до другата ориентација.

За градот како систем најчесто се зборува од аспект на присуство на различни системи во него. Најочигледни примери на градските системи се секако градската инфраструктура (водовод, канализација, ПТТ и сл.) и сметаме дека за системот за којшто посебно многу се расправа во системските термини, а тоа е сообраќајниот систем, може посебно да се зборува како за "вистински' систем.

Разгледувањето на градот како систем е многу поволна основа за оној концепт на планирање што планира технократски, како што во рамките на овој труд најчесто го нарекуваме традиционално урбано планирање.

Наспроти тврдењето дека градот може да се разгледува како систем, сметаме дека е поблиску до вистината да се каже дека, поедини процеси и феномени на урбаниот живот, покажуваат некои својства на системско однесување...

7.2 ГЛАВНИТЕ ФАКТОРИ ВО УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ*

Рационалниот пристап на гломазното институционално решение - а тоа е управата на метрополата - е ограничен од професионалните стручњаци за урбани проблеми. Она што се нарекуваше "силен стремеж кон едноставноста, униформноста и симетрија на структурата", кои ги карактеризираа предлозите за организацијата на метрополите, произлегува од професионалната еднодушност во однос на еден пристап кон решавањето на проблемот на метрополите кој изгледа дека нема приврзаници меѓу граѓаните на вакви области. Затоа во нашите обиди за наоѓање институционални средства за покривање на проблемите во областите на метрополите, може да биде неопходно попрво да се испитаат можностите за прагматично и произволно судење.

Голем број неодамнешни проучувања фрлаат сомнение врз веројатноста дека првите чекори кон решавањето на институционалните проблеми ќе бидат резултат на една широка народна перцепција на проблемите на метрополите или извесна еднодушност во однос на начините на нивно решавање.

Повеќето од решенијата спаѓаат во контекстот на релативно комплетна индиферентност од страна на мнозинството граѓани. Учествувањето во сите видови активности поврзани со јавни проблеми беше крајно ограничена, и едно проучување на јавното мнение покажа дека поголем дел на граѓаните се првенствено преокупирани со личните проблеми: здравјето, работата, децата и сл.

Дури и ако мнозинството жители на метрополите по правило не се заинтересирани на поширокаата заедница, сепак, не е веројатно дека функционалните проблеми на околината ќе го привлечат нивното внимание. Дали проблемите кои доаѓаат во судир со индивидуите и нивните приватни интереси - проблемите на децата и училиштата - фрустрирањето при одењето на работа - потребата за "покрив над главата" - можат да мобилизираат интерес и активност.

Како што Роберт Дал беше забележал "во политичката култура каде што на индивидуалните постигања и на невладеачките техники им е даден висок приоритет во решавање на

*Robert C. Weaver, Major Factors in urban Planing, превземено од, The Urban Condishon, ed. by Leonard J. Duhl, M. D., 1963 By. Basic Books, inc. New York.

проблемите, луѓето можат да бидат фрустрирани во нивните примарни активности, без да се обратат кон политиката за да бараат решенија". Од оваа студија Дал заклучува дека "древниот мит за загриженоста на граѓаните за животот на демократскиот град е погрешен во случајот на Њу Хевн. Дали овој мит беше реалност во Атина, веројатно никогаш нема да се знае".

Трето, структурата и дејствувањето на организациите на метрополата ќе треба да ги рефлектираат разбирливите разлики што се појавуваат на степен на народна свест и учество во јавните работи.

Ако ги одбиеме традиционалните претпоставки дека секој е заинтересиран за јавните проблеми и дека е заинтересиран во иста мерка, тогаш произлегува дека институционалните решенија веројатно ќе бидат неделотворни. Додека алтернативите можат да не бидат предмет на детален опис, некои испитувачи ја нагласуваат заинтересираноста на организациите на метрополите кои вклучуваат висок степен на централизирана власт во однос на одредени функции и доста висок степен на децентрализација во однос на други. Во нивните студии за Чикаго, Мејерсон и Бенфилд забележаа:

Повеќето од работите кои беа решавани локално беа од локален интерес. Дали една улица треба да биде поплочена, месниот закон на станбениот блок променет и сообраќаецот преместен, беа прашања кои имаат директни и јасно утврдени последици главно за локалитетот. Некои работи беа на границата меѓу локален и поширок градски интерес.

При ваквите работи би имало тешкотии поради вкрстувањето на надлежностите на локалните и централните властодршци.

Во областите на метрополите можат да постојат дури и поостри разлики кои можат да се повлечат меѓу работите од општ интерес - како што се транспортот, јавните проблеми, рекреацијата и отворен простор - и загриженоста на повеќето граѓани за проблемите на предградието и соседството.

Четврто, без оглед на тоа какви институционални методи за решавање на проблемите на метрополите да проектираме, изгледа веројатно дека ќе биде потребно мудро раководство за да ги реши и да ги поткрепи. Можеби, историјата на федералната унија на САД претставува корисен модел во овој поглед. Ако овој историски пример има некоја вредност тој исто така налага меѓу другите работи дека способно раководство ќе биде неопходно за да се создадат вакви организации... Како што Дал констатираше, "Наместо да се бара објаснението зошто граѓаните не се

заинтересирани, загрижени и активни, задачата е да се објасни зошто некои граѓани се".

Петто, меѓу многуте задачи што едно раководство кое се појавува мора да ги сретне веројатно ниедна не е поважна од онаа за развивање поширока и поефективна смисла за припадност на заедницата на метрополата што постои денес.

Од една страна обврската на ваквото раководство ќе биде дефинирање на вредностите и помагање на процесот на одредување на целите на заедницата, а од друга таа мора да работи на намалување на конфликтите и на премостување на класните и расните расцепи кои сé повеќе и повеќе ги загрозуваат вредностите и целите на урбаниот живот во Соединетите Американски Држави.

7.2.1 Сегрегација и општествен расцеп

Под крпениците на локалните управи кои се простираат низ метрополите се развил позагрижувачки пример на расна сегрегација и социо - економска подвоеност. Зголемената организација на нацијата изгледа дека во себе вклучила еден центрифугален процес со кој расите и класите се поделени во смисла на сместувањето во реоните на метрополите... Растечките централни градови се стремат да станат гета за расно и економски неповилигираните, така што поделбата меѓу градот и предградието станува расна и класна. Во анализирањето на овие развитоци корисно е да се забележи како тие се разликуваат од поранешните примери на развиток во урбаните предели.

Како што е познато, средните класи во американските градови во XIX век исто така се стремеја да се тргнат настрана од поновите емигранти. Но, додека густо концетрираните градови од таа ера исто така покажуваат одвоеност и сегрегација, важно е гледиштето дека овој пример се стремеше да биде концентриран во склопот на една самоуправна општина. Така бекството на несигурноста на живеењето на поновите доселеници не вклучи во себе избегнување на општественото добро и на сето она што беше резултат на обезбедување услови за ваквите малцинства. Преселувањето во предградијата во последните години е исто така мотивирано од слични желби од страна на денешните средни класи, од кои многу се деца или внуци на вчерашните етнички новодојденци. Заради моделот на локалната управа во реоните на метрополите денес ова преселување често е резултат на бегање од проблемите и нивните последици. Затоа обидите за

организирање на метрополите кои бараат овие последици и заеднички извори да се поделат, е веројатно дека ќе наидат на отпор кај некои од своите корени ги наоѓа во расните предрасуди и социо економоската неделивост. Дејствувањето на расните предрасуди во населувањето истотака мора да се одвои од неговите ефекти врз црнците, од ефектите кои предрасудите ги има врз поранешните етнички малцинства... Целите за подобро живеење, подобро соседство и подобри училишта изгледаа дека им се на дофат на раката на поранешните малцинства откако ќе можеа да ги заштитат економските придобивки.

Обоениот, сепак, е соочен со друга ситуација. Економскиот статус на црнецот значајно порасна за последните дваесет години и се појавува значајна црнечка средна класа. Во нивните аспирации, сопствен имиџ и вкусови, оваа група поседува најмногу од традиционалните карактеристики на американската средна класа. Како и да е, во контраст со поранешните малцинства, црнецот е опседнат од обоеноста која во американското општество е знак на различност и инфериорност. Ова не е никаде повеќе видливо отколку во проблемите во врска со сместувањето и живеењето. Расните предрасуди продолжуваат да го попречуваат црнецот од видот на живеалиштѐ и местото на живеење за кои неговите примања, аспирации и однесување го квалифицираат. Ако постоењето расна предрасуда ги фрустрира обидите на црнецот да ги заштити подобреното сместување и подоброто соседство тоа, исто така, дејствува во корист на ограничувања на ефективноста на јавните програми направени да се зголеми обезбедувањето на снабдувањето и да се подобри физичката околина на градот. Федералните програми за сместување, на пример, потекнуваат од националната согласност во однос на потребата да постои чесно, безбедно и хигиенско сместување на секое американско семејство. Контрадикциите меѓу националните интенции и локалните предрасуди, сепак долго време беа евидентни.

7.2.2 Просторната блискост и етничките разлики

Во многу градови јавните програми за евтино сместување се ограничени на преполнетите стари реони и тоа резултира со конструкција на ново сместување во околности на штетни влијанија и сегрегација. Федералната програма за урбана обнова обезбеди средства со кои локалните јавни агенции можат да ги елиминираат несоодветното сместување и детериторизираните

области во централните градови; но постигнувањата на оваа програма беа сериозно намалени во многу градови поради постоењето на расните предрасуди и дискриминации. Локалните напори семејствата обездомени од проектот за урбана обнова да се релоцираат во пристојни живеалишта и подобри соседства, беа неуспешни во повеќето случаи. Во минатите години ги забележавме овие проблеми и федералните програми сé повеќе и повеќе ја нагласуваат ефективноста на релокацијата на локално ниво.

Но основниот проблем сé уште нé вознемирува.

Фронталните напади на дискриминацијата со сместувањето и живеењето се веќе во тек и може да се очекува да се засилат во следните неколку години. Како резултат на овие напори ќе има се помалку разбирање меѓу малцинствата и мнозинствата. Овој поглед на расната интеграција на соседствата во нашите градови покренува интересни прашања за степенот на општествената комуникација и поделба на придобивките кои можеме да ги очекуваме од ваквата интеграција.

Слушајќи некои од планерите, ми изгледа како да мислат дека физичката блискост меѓу луѓе со различни ставови и различни социјални карактеристики на некој начин создава значајни општествени интеракции и резултати во заедничкиот идентитет и намалување на општествените затегнатости. Планерите и другите, затоа, ја нагласија потребата од урамнотежени соседства кои вклучуваат и луѓе со различни економски карактеристики; и ставија акцент врз физичката форма или положба на соседствата како начин за зголемување на важната комуникација. Неодамна имаше повторно враќање на носталгијата за "различноста" и "хетерогеноста" кои ги карактеризираат одредени соседства во централниот град.

Повторно изгледа дека постои импликација оти збиеноста и различноста на физичката форма на градот предизвикуваат единствено и пожелно влијание на намерите и однесувањето.

Кажано на друг начин, човек се прашува дали физичкото заедништво само од себе ќе ги преброди расцепите кои ги делат расите и класите во модерниот град. Урбаните еколози треба внимателно да ги разгледаат овие претпоставки; и потребно е испитување по прашањата какво влијание има физичката форма на соседствата и социјалните карактеристики врз однесувањето и ставовите. Разбирливо е - и јас цврсто се сомневам дека е вистинито - дека ваквите испитувања ќе индицираат на тоа дека само физичката блискост може да биде важен, а понекогаш и

неопходен елемент во стварањето разбирање и заедничко почитување меѓу одредени елементи во Американското општество.

Порастот на современото предградие е само симптом на пошироки општествени промени во животот и во градот.

Во недостиг на цврсто одредени лични или општествени цели што се деформирани од непрецизните стандарди пренесувани преку мас - медиумите, големи делови на населението во предградието ја изгубија способноста да дејствуваат во групи, освен кога се работи за проблеми од нивниот фамилијарен живот.

7.2.3 Физичките услови и моралот

Еден од проблемите со кои се соочува урбаното планирање се најновите имигранти во американските градови. Јужните црнци, Апалачките белци, Порториканците и Американските Индијанци имигрираат во град во голем број во последните декади.

Како и во минатото тие ги наследуваат најлошите квартови и соседствата на поранешните имиграции. Овие нови доселувања донесуваат некои посебни проблеми кои нé предизвикуваат да ги преиспитаме традиционалните одговори на прашањата за методите и целите на акултурацијата и вреднувањето на урбаната средина. Можеби најзадолжителните од овие традиционални "одговори" го вклучуваат и она што се нарекува "митови за реформите на живеење". Џорџ Дин и другите набљудувачи покажаа дека голем број аргументи за чистење на запоставените квартови и обезбедување подобро сместување на жителите во нив беа предложени врз основа на лажни докази за навидум каузалната улога на ваквите квартови во криминалот, деликвенцијата и загадувањето. Најголемиот број од овие докази, кои се состоеја од корелации меѓу доказите за физичката состојба на сместувањето и степените на општествено безредие во областите на сиромашните квартови, беа карактеризирани со Роберт Мертон на следниов начин:

Во својата рана фаза општествените и психолошките проучувања за живеењето беа сведени на општествено книговодство.

За време на оваа фаза беше претпоставено дека испитувањето вклучува периодично ревидирање на пропорциите на супстандардните живеалишта. Тие испитувања се занимаваа со големата и некритичка корелација меѓу нешто што беше наречено

" лошо сместување " - со значење или на сиромашни квартови со голема фреквенција на субстандардни живеалишта - или групи на домакинства кои живеат во субстандардни живеалишта - и серијата општествени проблеми...

Сепак долгите и се уште присутни извештаи кои покажуваат едногласно дека областите на сиромашни квартови со своите дефектни живеалишта се карактеризираат со свои општествени проблеми, ретко ја покажуваа улогата што ја имаа специфичните аспекти на субстандардното живеење.

Како резултат на претпоставката дека физичките услови на живеењето и соседствата имаат директен и уништувачки ефект врз личноста и моралот на жителите на заостанатите квартови, не е зачудувачки дека обновувањето на живеалиштето беше оценето од аспект на корисните ефекти што тоа би ги имало врз нивните ставови и однесување. Како што заклучува Деан:

"Реформаторите расправаа... дека лошото здравје, нечистотијата и деликвенцијата не му се својствени карактеристики туку дека се резултат на животот во средината на заостанатиот кварт. Нивната концепција на средината на заостанатиот кварт првенствено ја нагласува неадекватната физичка средина на заостанатите квартови. Таа ја запостави поврзаноста на општествените фактори во сиромашните квартови и безредието што сакаа да го пребродат. Така беше лесно да се дојде до заклучокот дека со расчистувањето на сиромашните квартови ќе се надминат општествените проблеми."

Додека денес малкумина ќе негираат дека постои директна врска меѓу физичкото и психичкото однесување, може да биде од корист да се присетиме на минатото искуство само за да се потсетиме на комплексноста на проблемот со кој се соочуваме во обидот да ја отфрлиме одговорноста која нашите градови ја имаат спрема урбаните имигранти, а од чија работа во голема мера зависи нивната економска состојба. Имено, новото сместување и новите соседства не се сами по себе и сами од себе доволно да ја овозможат акултурацијата на урбаниот имигрант и на жителот на сиромашниот кварт.

Слично набљудување беше направено неодамна од Џемс Конант кој пишува:

Меѓу преокупациите на оние што се занимаваат со запоставените области често наидуваме на големо нагласување на важноста на адекватно, пристојно сместување.

Да бидеме сигурни, жителите на сиромашните квартови (црнци и белци) можат исто така да живеат во шокантно лоши, па дури и во опасни живеалишта. Тие исто така можат да живеат во

нови живеалишта кои се резултат на проектот за расчистување на сиромашните квартови. Готов сум да претпоставам дека подобрувањето на физичките услови за живеење го подобрува живеењето на жителите. До границата до која условите за живеење придонесуваат да се смали мобилноста на населението, тие можат да имаат дури и директна поврзаност со проблемот на воспитувањето. Но јас сум сигурен дека новите живеалишта не создаваат чуда им ја нудам следнава хипотеза на професионалните општествени работници и социолози да ја побијат - имено, дека корелацијата меѓу саканите општествени тенденции (вклучувајќи ја младината) и можностите за работа е многу повисока отколку меѓу претходната и условите на живеење мерени преку комуналиите, греењето и просторот за семејство.

7.2.4 Поширока општествена интеграција

Сепак, во обидот да се направи "повеќе" отколку подобрување на сместувањето, наидуваме на неколку важни проблеми.

Првиот и попознатиот, го опфака продолжувањето на одредени традиционални и јавни верувања за индивидуализмот.

При критикувањето на реформаторите на сместувањето за нивниот неуспех да ја забележат неопходноста на комбинирањето на разместувањето со обемни програми за општествени добротворни мерки, мораме да имаме на ум дека нивното главно тврдење за општественото право на секое американско семејство на пристојно живеалиште е сé уште дискутабилно за одреден број луѓе во американското општество. Ако традиционалните етики на индивидуализмот ги ограничија и веќе ограничените намери на програмите за јавно сместување, овие исти верувања продолжуваат да го попречуваат развитокот на подобрените програми базирани врз понапредни увиди и поширoки интенции.

Какви било содржини и методи да пронајдеме за помагање на урбаните мигранти и жителите на сиромашните квартови нашата способност да ги остваримe ќе зависи од степенот на прифатеноста и запознавањето на сите луѓе со одговорностите спрема заедницата. При одредувањето на изгледите, не смееме да брзаме во нашиот оптимизам за сигурен напредок во оваа сфера. Етничките затегнатости и класните антагонизми кои ја обележаа урбаната сцена на XIX-иот век може да се стивнати. Останува да се види, сепак, дали нашето урбано општество направило чекори кон развивање на поширока општествена интеграција.

Вториот проблем го опфаќа изборот на методите што ќе ги примениме и успехот што можеме да го очекуваме од нив. Ова го споменувам затоа што во последно време стана модерно да се критикува пасивноста што некои ја видоа како карактеристика на реформаторските движења во Америка. Ако треба да бидеме модерни и тврдоглави, ми се чини дека мораме да сфатиме оти драматичниот напредок во мотивирањето на нивните урбани имигранти да се акултурираат на доминантните вредности на американското општество не е можен се додека не бидеме способни содржински да ги измениме институционалните услови во американското општество кои резултираат со ниски примања, голема невработеност и расна дискриминација.

Не можеме да очекуваме импресивни резултати, на пример, во всадувањето на економските доблести на штедливост во главите на непросветените урбани работници со мала работна сигурност и малку надеж за подобрување. Веројатно нема да има драматични масовни дискусии за вредностите на средната класа од страна на црнечките имигранти од исток, сé додека тие ги гледаат своите браќа од средната класа ограничени од расните предрасуди во истите гета за живеење населени од најновите пристигнувања во градот.

Со прифаќањето на овие проблеми ми се чини дека нашето барање средства да им се помогне на урбаните имигранти мора да вклучи разновидни техники.

Можеби нашата прва задача треба да биде наоѓањето техники за помагање на преместувањето во статус на средна класа. За обоените, на пример, ова ќе значи - зголемени напори за да се подобрат можностите за обучување и воспитување што ке им овозможи да влезат во професионални, технички и водечки групи. Ова би значело континуирана борба против дискриминацијата во вработувањето.

И како што напомнав претходно, ова ќе бара расните ограничувања во сместувањето и живеењето да бидат исклучени.

Вториот чекор вклучува потешка задача - во барањето патишта за "забрзување на ефективното функционирање на урбаниот живот за оние што не ќе станат средна класа". Прифаќањето на тоа може да биде тешко бидејќи би барало од нас да модифицираме некои од нашите традиционално оптимистички претпоставки и за платите на средната класа во нашето општество, а и за способноста на индивидуалците чии искуства или очекувања биле лишени од платите на средната класа. Оние што одбиваат да признаат каква било одговорност за проблемот

на имигрантот и на жителот на сиромашните квартови веројатно прават некои такви претпоставки, барем молчешкум.

Ова ќе биде потешко за многу од нас што се занимаваме со овие проблеми, бидејќи може да се случи да бараме компромис со основните општествени цели. Еден од резултатите на прифаќањето на таа работа може да биде подобрување на нашата способност за комуникација со оние на кои сакаме да им помогнеме... Како што забележа еден странски набљудувач, "ако општеството е помалку фрустрирачко отколку што субкултурата верува дека е, тоа е исто така помалку отворено отколку што таа го бара тоа."

Во барањето да се заврши оваа втора задача би било неопходно да се развијат многу нови техники. Како, на пример, поефективно би комуницирале со културните групи кои имаат различни вреднувања на амбицијата, натпреварот и чинот на консумирање од нас. Кои се нормите за однесување што се бараат за успешно урбано живеење и како можат да се постигнат тие? Какви типови на културно условување би биле најуспешни во проширувањето на хоризонтите на оние "кои се откажале обидувајќи се да избегаат од животот во гето?"

Јас се обидов да нагласам некои од нашите претпоставки, ставови и одговори "кои ќе бараат модификација и промена ако сакаме да бидеме успешни во формулирањето на проблемите и програмите. Се чини важно е ова да се стори , бидејќи, верувам дека, ако сакаме да бидеме успешни во следењето на нашиот основен предмет - помагање на имигрантите да се акултурираат кон урбаниот живот - можеме да дадеме важен придонес во квалитетот на урбаниот живот во развој.

7.3 ОПШТЕСТВОТО И ПРОСТОРОТ*

Човекот своевремено живеел во "локален", "окружувачки" простор. Колку и каков простор му бил потребен, тука или подалеку, целиот бил "уреден" за човекот. Тој простор бил човеков простор.

Со поделбата на трудот и понатамошниот развој на начинот на производство, човекот ги поместувал границите на просторот, освојувал земји, други луѓе, владеел. Засновајќи општество на приватна сопственост и стоково - парично стопанство, тој остварил експлоататорски развој кој, се чинело, нема граници. Освоен е Новиот свет, стариот е прераспрерделуван. Експлоататорското освојување на просторот е завршено во овој век. Целиот простор бил човеков простор.

Стопанскиот и урбаниот растеж, поттикнуван од профитот, кој е зголемуван од потребите и новите можности, се шириле се побрзо, за првпат во ист простор. Експоненцијалната крива на "развојот" ја прерасна кривата на потенцијалот на просторот и "папочната врвца" помеѓу средината и развојот се прекина. Уредувањето на просторот беше заменето со искористување на просторот со цел, како што е тоа наречено, "да се искористи просторот најрационално и ефикасно". Во меѓузависност со овој нов однос кон просторот, во стопанскиот и општествениот развој дојде до квалитативни трансформации, чии идни последици не можеа да се согледаат. Ја истакнуваме само неможноста да се обновуваат ресурсите кои порано не беа ограничувачки фактор на развојот, или начинот на производство во кој стопанската структура и разместувањето на големите индустриски комплекси го опрерделуваа развојот на една држава или регион од светот, или начинот на населување во кој во 1800 година градското население сочинува 3 одсто од вкупното светско население, во 1900 година 15 одсто, а се проценува дека во 2000 година само во милионските градови ќе живеат 25 одсто од светското население (вкупно годишно околу 50 одсто).

*Krstić, Branislav, Čovek i prostor, Svjetlost, Sarajevo, str. 13-22.

7.3.1 Содржини на просторот

Просторот, повеќе од кога и да е, има:

- природна содржина, како извор и услов за живот на целиот жив свет;
- стопанска содржина, како ресурс и како место за сместување на човекот и на сите активности;
- општествена содржина, како израз на засновање на општествените заедници и воспоставување на општествени односи;
- културна содржина, како рамка и израз на материјалната култура од минатото, сегашноста и иднината;
- политичко-управна, како форма на политичко-територијална организација на општеството;
- правна, кога дава или не дава право на користење или уживање на просторот, сите добра во него и локационите услови.

Веќе не е доволно просторот само да се обработува или гради, не е доволно само да се опишува, планира и истражува. Просторот, се она што го чини просторот и животот во него, треба да се развива. Всушност, секоја поединечна дејност, земјоделството, шумарството, градежништвото, индустријата, сообраќајот, градоизградбата, го зема, го користи просторот на различни начини, обезбедувајќи ги своите парцијални потреби и интереси. Секој ја остварува својата дејност, ги следи резултатите, врши насочување на својот развој. Секоја дејност го прави тоа од свој аспект иако е свесна за се поголемата меѓузависност со другите, бидејќи во дадениот простор развојот е се "погуст", така што и простор има се "помалку".

Просторот отсекогаш бил услов и рамка на "производството на живот" и тоа во најпотполна, Марксова, двојна смисла на зборот - како производство на средствата на живот и како создавање на сопствениот живот, животот на другите луѓе и односите меѓу нив.

Во современата трансформација на просторот и односите во него, исклучително значење добива фактот дека просторот е добро, кое се експлоатира, но и средство со чија помош се остварува експлоатацијата. Следствено на тоа, кој го користи просторот, а уште повеќе оној кој ги дава на користење, кој владее со просторот, остварува поповолни или полоши претпоставки за "производство на живот", со што се врши битна диференцијација на условите на производство на добра за живот,

како и репродукција на самиот живот. Ова двојно својство на просторот, недоволно вреднувано, има суштинско значење за изградување на секаков пристап кон просторот и неговото уредување.

7.3.2 Од архитектурата преку урбанизмот до просторното уредување

Од многуте различни пристапи кон просторот и неговото уредување, многу или мал број имаа карактер на теоретско воопштување. Па и тој дел остана скоро заборавен во прагматичниот развој кој следеше. Поголем дел, меѓутоа, произлегуваше од непосредните потреби на општествениот развој. Овие потреби се врзуваа за изградбата на градовите, бидејќи развојот на градот се повеќе зависеше од уредувањето и претпоставките за развој на поширокото подрачје. Најчесто решение беше вклучувањето на таканаречената гравитационо подрачје во обработка на урбанистичкиот план, но вака упростеното "проширување" на просторот, се разбира, не ја решаваше суштината на проблемот.

Дури потребите за развој на сложени, стопански и урбанизирани, но и географски и културно - историски целини, кои ја опфаќаа целоста на развојот, ја отворија практиката на уредување на целините на просторот и нивно планирање. Затоа се смета дека пристапот на уредување на просторот води потекло од урбанизмот. Оваа генеза на уредувањето на просторот имаше предности, како целосност на пристапот, искуство во планирањето на просторот, валоризација на просторните вредности, но и недостатоци, како занемарување на интегралноста на природната и изградената средина, отсуство на земјишна проблематика и друго...

...Втор значаен поттик, а со тоа и мотив, за "раѓање" на уредувањето на просторот, беше потребата регионалните неурамнотежености на стопанскиот развој да се корегираат со пренасочување на развојот на просторот. Овој пристап имаше свои протагонисти особено во Франција, каде трендовите на економскиот развој ја поттикнаа француската централизирана држава да ги корегира со политиката на уредување на територијата и со регионална акција. Слична генеза постои и во концепциите на територијалниот развој во Италија или во "ремоделирање на архипелагот", како што тоа го нарекуваат во Јапонија.

Третиот, да го наречеме колонизаторски т.е. колонијален пристап одигра темелна улога во историската практика на уредувањето на просторот. Тоа е стратегијата на освојување на простор заснована на воспоставување на нови населби во Антиката, потоа мрежи од утврдени населби во Римската Империја, во преселувањето на населението во граничните краишта во Византија, Османското Царство и Австро - Унгарија, во изградбата на широка инфраструктура како Франција во Алжир и Австро - Унгарија во Босна и Херцеговина или во распределбата на сопственоста над земјата, за што е пример римската центуриација или геодетскиот пример во САД и Канада.

Независно од тоа колку овие пристапи ќе ја оформат идната практика, па и теоријата на уредувањето на просторот, со право може да се рече дека во наше време трансформацијата на развојот во просторот достигна такви квалитативни белези кои, барем што се однесува на шеесеттите години во Европа, на уредувањето на просторот му ја даваат првостепената улога во развојот, ги поттикнуваат широките, особено планските акции, имаат високо место во структурата и одговорностите на владите. Ретко која земја не пристапила кон изработка на просторен план на земјата или на своите региони. Значајно е збогатена и стручната литература од оваа област.

За политичко вреднување на темата која ја обработуваме значајно е дека "голема тема на развојот" наскоро ќе биде заплисната со друга аналогна тема - човековата средина. Таа во западните капиталистички држави ќе го преземе приматот во седумдесеттите години, иако нема битно да ја измени содржината и суштината на проблемот. Битно ќе ги измени концепцискиот и политичкиот пристап, средствата на дејствување и одговорноста на власта. Всушност, за што се работи? Што е причина за така лесно остварување на оваа трансформација од "просторното уредување" до "човековата средина". Имено, десетина години искуство во решавањето на проблемот на уредувањето на просторот во развиените капиталистички земји ги отвори политичките проблеми и ги постави суштинските прашања на општественото уредување чие решавање, се покажа, наидува на тешко надминливи пречки во рамките на класното и експлоататорско status quo на граѓанското општество.

Темата на човековата средина, чии проблеми изникнаа од слични услови, но заострени со ограниченоста на природните ресурси и нужноста за зачувување на еколошката рамнотежа, имаше политичка предност и грижливо е "лансирана" на светската сцена. Таа, како суштина на проблемот, го истакна загадувањето

на околината, а како излез - заштита од загадувањето. Така го претпостави решавањето на проблемот, со јакнење на "еколошката свест" и под услов цената на "заштитување" да се плати; и сето тоа со зачувување на status quo на општеството. Барана трансформација на општеството не отиде подалеку од забавување на растежот, рационмализацијата на потрошувачката, критика на потрошувачкото општество и истражување на "алтернативните начини на живот".

На оваа, нешто упростена слика на една значајна трансформација во општествените и идеолошки тенденции на современиот свет да и се додаде дека во политичкото ангажирање во првата тема значително учество земаа и политичките партии, особено партиите на левицата, ако станува збор за граѓанското општество, а дека во другата тема учествуваа и во голема мерка го обликуваа различните движења на таканаречената средна класа. Ваквото "сојузништво" беше дополнителен политички мотив на споменатата трансформација.

7.3.3 Уредувањето на просторот и општествениот развој

Основно сознание кое ни го даваат и првиот и вториот пристап е фактот дека во историскиот развиток на општеството се рехабилитира целоста на развојот на просторот, дека по долгата историја на поделбата на трудот, поделбата на територииите, поделбата на луѓето и фрагментацијата на развојот на секторски управи и локални интереси, дека сите развојни тенденции во него се неделиви и претставуваат меѓузависна целост.

Во поранешните услови на развојот на просторот беше добро без ограничување, подобно за каков и да е вид и начин на користење, под услов да е пристапно за корисникот. Единствено ограничување беше цената на земјата и нејзината физичка и локациона употребливост. Тоа беше "златно доба" на освојувањето на просторот од страна на општеството на експлоатација. Корисниците на просторот го експроприраа, често и го "ограбуваа" и ги деградираа неговите вредности, па и условите на живот на човекот и живиот свет во него. Но, поединечните погрешни намени или поголеми "оптоварувања" на просторот не ги надминуваа рамките на местата каде што се случува. Последиците од овие појави можеа лесно да се согледаат и тие не беа ограничувачки фактор на развојот.

Во современите услови на развој бројот на корисници на просторот забрзано се зголемува и ефектите на ова зголемување

се мултиплицираат со тоа што секој корисник бара повеќе простор. Во такви услови решавањето на потребите и интересите на едни се повеќе е во спротивност со потребите и интересите на другите. Вкупните ефекти на овој процес, кои настануваат по принципот на натрупување (на пример: три фабрики се уште не носат загушеност на сообраќајот, но четвртата тоа веќе го прави и носи критична загаденост на водите) не се изучени и ние, всушност, не владееме со нивните текови чии последици (деградации и отуѓување) се јавуваат и надвор од местата каде настануваат и во форми кои не се очекувани. Она што го знаеме е дека со мултипликација на меѓузависните појави настанува и нов тип на појава. Се сака едно, се добива друго и развојот, всушност растежот, се помалку му одговара на човекот.

Поради тоа што во современите услови на развој експанзијата на производството и потрошувачката, заснована на експлоатација на просторот и неговите добра, почна да ги загрозува нивната репродукција како услови за "производство на живот", историски настана нужноста за преуредување на просторот, што подразбира и адекватно преуредување на развојот. За да се репродуцира животот, мора да се репродуцира, уредува просторот. Уредувањето на просторот не може да се сведе на користење на просторот. Уредувањето е, пред се, управување со претпоставките за репродукција на животот во просторот и односите кои учесниците ги остваруваат во таа репродукција.

Изучувањето, планирањето, регулирањето, т.е. остварувањето на поединечните потфати и парцијални интереси веќе не е можно - од проста причина што во просторот, во кој се сместуваат нови објекти, зафати или интереси, веќе се наоѓаат постоечки, со нив согласни или неистоветни. И не само тоа. Со идните генерации ќе се јавуваат други нови, кои во предходните ќе најдат поттик или пречка за својот развој.

Во репродукцијата на животот помеѓу човекот и просторот првобитно се остваруваше своевиден однос на саморегулирање, самоуправување, однос во кој човекот, чувствувајќи го или знаејќи го овој град, знаеше што може да бара и колку просторот дава. Во наше време смислата на уредувањето на просторот не се состои во тоа да се менуваат законитостите на развојот во просторот и меѓузависноста на човекот, развојот и просторот, туку на современите потреби да им се одговори без пренебрегнување, без загрозување, без рушење на меѓузависноста и законитоста кои им се својствени.

7.3.4 Планирање или уредување на просторот

Новите потреби го поттикнуваат изградувањето на пристапот на уредувањето на просторот и во наши услови. Како одговоривме на овие потреби (како општество и како струка) е тема за себе. Ангажирањето на ова подрачје беше комплексно и се изразуваше како просторно (според некои, регионално) планирање; само понекогаш како уредување на просторот. Ова го истакнуваме, бидејќи во подоцнежниот период, урбанистите кои се занимавале со изградба на градот, и со урбанистичкото планирање како со средство за негова изградба, на ова ново подрачје ќе ја сведат својата дејност на самото средство, на планирањето на просторот.

7.3.5 Нов пристап кон уредување на просторот

Остана отворено прашањето дали дејноста во оваа област може да се сведе на планирање на просторот или таа (аналогно на изградбата на градот кај урбанизмот), треба да се развие во уредувањето на просторот. За да се одговори на ова прашање, поточно за да се испита што треба да ја содржи целоста на односот кон уредувањето на просторот, треба да се развијат два тека:

- освен планирањето, да се изградат и други средства на управување со уредувањето на просторот (политиката, законодавството, изградбата, следењето на состојбите),
- да се проучуваат просторот и појавите, процесите и активностите во него, начинот и формите во кои се јавуваат и се развиваат тие, меѓузависностите и законитостите во нивниот развој, значи, предметот на уредувањето на просторот.

Ваквиот однос кон просторот и неговото уредување, ги надминуваше и предметно и концепциски, значи, и поимно, "дејството" или "дејствата" на уредувањето на просторот, така што тоа стана причина за определување на употребата на поимот "просторно уредување" (аналогно на настанувањето на поимите градоградба, земјоделство и слично, кои значат нешто друго и повеќе од изградба на градот или обработка на земјата). Употребениот израз не беше обичен превод на туѓите термини, но плод на уверување дека новиот квалитет на односот човек, развојот и просторот создава општествена потреба и дава

можност да се изгради и квалитетно нов, целосен пристап кон уредувањето на просторот. Пристап што би тргнувал од следново:

- појавите, процесите, и дејностите во просторот да се остваруваат во меѓузависност од повисок ред (не со проста интеракција), во која се надминува секторскиот пристап (на пример станбениот, стопанскиот, сообраќајниот и други), дисциплинирано набљудување (архитектонско, географско, економско, социолошко, еколошко и слично), локалниот интерес (местен, општински, регионален), и временска одвоеност (краткорочно вреднување, моментални (не)можности и др.);

- како последица на ова, просторот и природниот и изграденият свет во него се јавуваат како своевиден природен и општествен организам, наследуван и изградуван, чии делови не се однесуваат само согласно на својата "природа", но и на "природата" на овој организам од повисок ред;

- во ваквиот природен и историски простор луѓето да ги остваруваат меѓусебно односите во меѓузависност со даденото уредување на просторот, па да биде потребно да се проучува дали овие меѓузависности и односи имаат своевидни законитости;

- доколку овие меѓузавосности и односи ги имаат соодветните законитости, што би требало да се дел од вкупните законитости на општествениот и природниот развој, тогаш и управувањето со просторното уредување станува дел (и израз) на управувањето со општеството и природата; и обратно, во соодветна мерка;

- согласно со ова, за да се појавуваат како складност, а не како противречности, меѓузависностите и односите на човекот, општествениот развој и просторот, треба да се обезбеди управување со просторното уредување во кое ќе бидат укинати односите засновани на експлоатација и парцијална сопственост, како во управувањето со просторот, со природните добра, со начините на производство и на населување или со изградени фондови, исто така и во земјишната, инвестиционата, локационата или која и да е развојна политика што е од значење за просторното уредување; накратко, репродукцијата на човековата средина настанува исто како и целосниот и интегрирачки дел на репродукцијата и на општеството и на природата.

На овој начин, природниот и историскиот простор и целоста на појавите, процесите и дејностите во него, нивното толкување и истражување, нивниот развој и менување, би добиле нов квалитет и своевидни белези. Просторното уредување дека би добивало и специфични белези на наука и би се оформило како

своевидна општествена дејност; токму онака како што тоа е и урбанизмот, на чии извори е тоа родено.

7.3.6 Содржина на просторното уредување

Напоредно со овој тек, во кој е развиен целосниот пристап во управувањето со просторното уредување, се развивал и друг тек, проучување на содржината, предметот на просторното уредување. Поинаку не можеше ни да биде, бидејќи, и дефинирањето на политиката, и проучувањето на законодавството, планирањето и следењето на состојбата, секогаш, како своја основа, морало да има содржина. Значи, суштината се состоела во тоа, во овој континуиран процес, резултатите од предходните фази да се вградуваат во следните. Но, во меѓувреме, исто така да се проучува и самата содржина на просторното уредување и потоа развиена, збогатена, да се враќа во процесот на изградувањето на пристапот.

Од сето што е сторено произлегува дека содржината на просторното уредување може и треба да биде поширока од она што на овој или оној начин, го запишавме за содржината на просторните планови (во законите или во самите планови). Таа треба да ја изрази целоста на односите меѓу човекот, општествениот развој и просторот.

Без да имаме намера да ја исцрпиме содржината на просторното уредување, нејзината структура би можела да биде следнава:

1. Форми на уредување на просторот на општествените и природни заедници (населба, комуна, регија, национален парк и сл.) и развој на населението во нив;

2. Природата и природните извори, нивната измена, зачувување, уредување и управување во меѓузависност со развојот; природните услови, растителниот и животинскиот свет;

3. Начинот на населување, градските и селските населби, нивното разместување, изградба и развој;

4. Начинот и формите на производство, нивното разместување, изградба и развој;

5. Формите и видовите на живеење, урбана опрема и рекреација, нивното разместување и развој;

6. Културното наследство на природната и населената средина и неговата репродукција;

7. Формите на движење на луѓето, добрата, водата, енергијата и информациите, уредувањето на водната, сообраќајната и енергетската инфраструктура;

8. Уредување на просторот и народната одбрана и одбраната од природните непогоди;

9. Урамнотежено уредување на целоста на просторот и разместување на производните сили во него, во согласност со природните услови, потребите на населението, како и со минатиот, сегашниот и идниот развој;

Просторното уредување неизбежно би морало да го опфати и управувањето со претпоставките за репродукција на животот, како и односите кои ги воспоставуваат учесниците во таа репродукција меѓу себе и со останатиот свет, во просторот:

- обезбедување на основни услови за репродукција на животот на целото население и живиот свет во неподелената човекова средина;

- уредување на сопственичките односи, што подразбира укинување на приватната (и групната и државната) сопственост врз земјата и природните и културните добра од општ интерес, и правото на користење на просторот, добрата и изградените фондови, одземање или ограничување на сите форми рентиерство и сл.;

- превладување на формите на експлоатација во односите кон луѓето и условите на нивниот живот, природата и природните извори, изградените фондови, културното наследство, кон просторот воопшто;

- насочување на начините на населување и производство со цел на преовладување на спротивностите помеѓу човекот и природата, селото и градот, центарот и периферијата, развиените и неразвиените подрачја;

- рехабилитирање на изворните потреби и текови, карактеристични за луѓето и живиот свет воопшто, остварувајќи складен развој наместо стихиен растеж;

- управување со целоста и меѓузависноста на сите текови во просторот од инвестициона и станбена до културна политика, од енергетиката преку сообраќајот до народната одбрана и др.;

- демократизирање на уредувањето на просторот, од утврдувањето на изворните потреби на луѓето, преку нивното непосредно учество во процесот на планирање и, особено, до укинување на отуѓените форми на управување со просторот;

- остварување на планско уредување и репродукција на просторот, неговите добра и наследство, како дел од вкупната општествена репродукција и како историски израз на човекот,

културата на светот и уредувањето на општеството, на општествено - економскиот развој во просторот. Неоспорно е дека и општествениот, и природниот, и стопанскиот, и културниот, и секој друг развој се остварува во просторот. Но тоа во никој случај не е физичкиот простор, туку простор кој има свое природно и историско минато и општествено препознатлива иднина, па тие во него неизбежно се она што во него се остварува, давајќи му нови белези и на она што се остварува во просторот и на самиот простор.

7.4 БЕДАТА НА НАШИТЕ ГРАДОВИ*

Дали нашите градови сé уште се урбани заедници? Дали уште се сложуваат нивните структури во смислена целина. Или мораме да се осмелиме да почнеме од почеток со градското планирање? Основата и ширењето на западно-германските градови биле голем стопански потфат. Со години во Западна Германија се граделе повеќе станови (во однос на број на жителите од било која друга земја во Европа. Така, не само што се пополниле празнините во станбениот фонд кои ги оставила зад себе втората светска војна, туку се обезбедиле и дополнителен број станови за повеќе од десет милиони прогонети и бегалци.

Критиката на квалитетот на изградбата постанувала се погласна, а таа се однесувала на проектирањето и техничкото изведување на становите, на планирањето на квартовите и градовите врз основа на порастот на цената на градбата и занемарувањето на тенденцијата кон социјалното и естетското унапредување, како на несопирливото моторизирање на сообраќајот што не е за потценување. Оваа критика во голема мерка е оправдана.

Неповолниот развој на станбената изградба и урбанизмот се базира на недостатокот на техничка, организаторска и политичка фантазија на страв од табуи и недоволното познавање на структурата на нашето општество. Неколку примери би го објасниле ова тврдење:

1. Нашето градежништво (повеќе занатско градење откол-ку градежната индустрија) е заостанато. Прединдустриската организација на работите во градежништвото, планирањето, контролата на изведување и материјалите ни подарила зграда, пред сé, станбени, кои се технички несовршени и лошо замислени и кои често бараат подолго време на градење и предизвикуваат значително поголеми трошоци од предвидените.

2. Типот на станови кај нас не е диференциран и не се зе-маат пред вид потребите на домаќинствата со различни големини и состав.

3. Станбените населби се подигнувани, главно непланski. Тие се скоро во целост случаен резултат на комерцијалните

*Hans Paul Bart, Beda nasih gradova (prevz. S. Vujović, Sociologija grada) p. 331-338.

пресметки или на политичките одлуки. Често беше потикнувана станбената изградба за еден одреден дел од населението, а притоа долгорочно не се разгледувала политиката на населението и социолошки проучувања. Целокупната популација, односно, оној состав на населението во станбеното подрачје кое би имало нормална старосна и семејна структура, ретко се воспоставувала.

4. По правило, немаше планирање за градските квартови со сите објекти за снабдување, училишта, пристапни патишта и простор за рекреација и покрај бројните социолошки и демографски препораки. Населбите на периферијата со своите куќички и бавчички му давале на просторот псевдоселски карактер кој го прикривал недостатокот на внатрешната структура. Во старите изградени подрачја, уништени во бомбардирањето, по правило се подигнувале нови згради на местото на старите. Понекогаш, се разбира не секогаш, ги снемувало внатрешните дворови. Бројот на катовите често се зголемувал без размислување за последиците од сообраќајот, како и инсолацијата. При тоа старите градски квартови, уште пред војната, биле прегусто населени за здрав живот на луѓето.

5. Градските деловни центри станале дел на нефункционални раскрсници во технизираниот сообраќај. Нивните корисници обавуваат само најнеопходни потреби, се заморуваат и вознемируваат и се приморани на однесување што нималку не е урбано, едвај се пробиваат низ сообраќајниот хаос и бегаат од него колку можат побрзо.

6. На периферијата на нашите градови и во заедниците кои ги опкружуваат, се јавуваат зони на брз раст на населението, кои претставуваат делови на висока концентрација и непланski се сливаат една во друга.

Повеќекратни се причините за лошото обликување на нашите градови кои често го загрозуваат здравјето, задоволствата во животот и самиот човечки живот. Нивното откривање е претпоставка за попрецизно планирање на германските градови во следната деценија.

Пазарното стопанство, модифицирано и насочено со малубројни мерки во областа на градежништвото и производството на станови, не функционира и никогаш не функционирало во него. Колку и да бил успешен конкурентскиот капитализам во минатото, колку и да ја зголемувал продуктивноста на стопанството, во социо - еколошката област делувал разорно, дури и му сметал. Нашите градови одамна биле болни и пред да се срушат бомбите на нив. Минималните норми на

градската хигиена, почетниците на јавната станбена изградба, спорадично насочена кон ширењето на градовите, можела да се одземе од капиталистичката шпекулација со земјиштето и претприемачите во станбената изградба, само затоа што постоел силен државен апарат кој понекогаш би се почувствувал општествено политички оговорен. Можностите да се корегираат премногу слободните односи на силите биле пропуштени. Во услови на ненормална градежна коњуктура која настапила со реформите во 1948г. и најпосле технички заостанато и работно неспособно градежно претпријатие добило шанси да дојде до израз. Состојбата на побарувањата била толку поволна што секој градежен претприемач добивал работа. Меѓутоа, недостасувала тенденцијата кон модернизација. Така, градежништвото и денеска е претежно архаична дејност.

Важечките прописи за земјиштето и распределбата на земјишната сопственост во Западна Германија, во огромна мерка го попречиле секое планирање. Само минималното ограничувачко право на слободното располагање со земјата и многу отежнатите услови на експропријација на земјиштето, можеле да го оневозможат смисленото градско планирање. Во поранешните историски периоди и во историјата на другите култури било овозможено земјопоседништвото да се разликува од сопственоста над подвижниот имот. Сопственоста над земјата не се исцрпувала со тоа што сопственикот располагал со својата сопствена парцела. Секоја парцела се граничела со други парцели и тоа што се случувало делувало и на животот на соседите. Ако земјишниот посед може да се предава во наследство и слободно да се продава, секогаш ќе дојдеме до појава, некои да имаат многу, а некои да не поседуваат никакво земјиште и да се приморани да се селат цел живот по земјиштата што им припаѓале на другите. Нивната слобода ќе биде многу ограничена со приватното право сопственикот да располага со земјата. Земјишниот имот има тенденција да поприми монополски карактер спрема својата положба во вкупниот еколошки систем за разлика од многу други стоки, пред сé, од многуте средства за производство. Сопствениците на земјата можат многу често да постигнат монополска добивка од јавните субјекти кои планираат за општото добро. Тоа значи дека откажува принципот на конкуренција, кој сите продавачи ги присилува да понудат разумни цени. Пазарната економија не функционира.

Во Западна Германија за разлика од некои други земји, на пример Англија, земјишните имоти во градовите и селата, во зоните на ширењето на градовите, се расцепкани. Поделени се на

голем број припадници од селскиот и средно градскиот сталеж. Поради тоа е отежнато договарањето меѓу носителите на плановите и сопствениците на земјата. Власта е приморана на манипулации за да постигне нешто на пазарот со земјиштето. Од друга страна, власта со тоа ја губи можноста да ја заинтересира демократската јавност и да ја ангажира за остварување на своите цели.

Сопствениците на парцелите, припадниците на средниот сталеж, не се одликувале со претприемачка смелост и подготвеност за соработка.На градските планери ретко им успевало да ги убедат земјопоседниците да формираат задруга на едно подрачје, да ги соединат своите имоти, да дозволат подрачјето повторно да се испланира и изгради и да поверуваат дека дефинитивната парцелизација нема да биде на нивна штета. Често сопствениците на земјиштето во градските центри успевале да изнудат нивните згради да се подигнат точно на она место каде биле и порано. Со тоа го отежнувале обновувањето на градското јадро, што долгорочно било и на своја штета.

Градежниот пазар не функционирал во областа на домувањето, во смисла на либералистичко стопанство: понудата би требало да варира во ритамот сличен на колебањата кои се јавуваат од страната на потрошувачката. Само што куќите се скапи и долгорочната потрошувачка е добра. Понудата на станбените единици може споро да се менува дури и при интензивна градежна дејност во поглед на квантитетот и квалитетот. Освен тоа, сéуште куќите не можеле да се пренесуваат. Тие можеле привремено да ја задоволат настанатата потреба само таму каде еднаш биле поставени.

Оваа нееластичност од страна на понудата се спротивставува на многу променливата побарувачка во ова наше мобилно индустриско општество. Неопходно беше да се подготви градежниот пазар на движењата на регионалните структури, кои можеше да се очекуваат од 1975 г. и подоцна. Не само големите миграциони движења, туку и многу локални одлуки за изградба и преместување на индустриски погони и други работни места, секогаш одново создаваат, често и неодложна потреба за станови. Додека таа не се задоволи, потрошувачите го извлекуваат подебелиот крај и принудени се да земат она што им се дава.

Од овие разгледувања следи дека градежништвото, пред сé, станбената градба, треба подолгорочно државата да ја насочи, отколку другите стопански гранки. Ист е случајот и со шумарството каде мора да се земе предвид дека, растењето на дрвјата

не може да се приспособи на променливата побарувачка на пазарот со дрва...

...Сé уште недостасува политички авторитет без кој никакво планирање не може да биде успешно. Еден таков авторитет може и треба да биде демократски легитимиран. За многу важни плански задачи, кои често се однесуваат на голем број заедници, нема одредено ниво на одлучување со адекватни демократски инстанци, со демократска јавност и демократска одговорност. Сега, ако се формираат здруженија за планирање на повеќе места, тоа ќе биде добра работа. Тие здруженија не можат да направат ништо против фактот дека, скоро секаде во државата демократските установи на непосреден начин, на погрешни места се наоѓаат: поодделените единици веќе не одговарат на фактичките, животните, локалните односи на кои уредувањето им е потребно. Вклучувањето на нови населби во постојните општини кое при тоа мошне тешко се спроведува кај нас, веќе не помага. Потребни се начелни одлуки за структурирање на просторот. Европската економска заедница, на пример, се грижи за регионалното планирање на просторот на своите членки. Областите со висока концентрација на население може да се зацврстат како градски региони со демократско управување, кои големите градови и нивната околина ќе ја спојуваат во самоуправна корпорација...

...Конзервативното формирање на градот, кое има некои заслуги со намалување на густината во станбените населби, не може да одговори на специфичните задачи поврзани со големиот град. Сликата како што е "city" им останува засекогаш туѓа на неговите претставници затоа што не им се допаѓа. Тие не ја препознаваат нејзината урбана животност. Тоа можело да се случи кога би се донел Законот за работното време на продавниците, дури и за нашите големи градови, кој би придонел градските деловни центри навечер целосно да опустат. Денеска мораме да размислуваме, како центрите на нашите големи градови да останат реони за живеење или како повторно да ги направиме привлечни за жителите на градот. Во таканаречените градови - градини, реализирана е една идеја водителка насочена против големиот град, но, со политичка цел за создавање едно ограничено општество кое се потпира самото на себе со сопствено просечно стопанство кое би ја поврзувало селската традиционалност и контактот на природата со градската подвижност. Ова никаде не е реализирано. Скоро сите градови - градини станале граѓански станбени подрачја на големите градови кои

понатаму се развивале по своите сопствени законитости, односно, недостаток на законитости.

Позначајни од движењето за изградба на градовите - градини има и други широко распространети, но со дух посиромашни движења. Ним, главно им недостасувало општествено-политичка програма која ја имале градовите - градини. Матните претстави за "природното" и "органското' на заедничкиот живот, за сигурноста на прегледната соседска заедница и за христијанската и хигиенската вредност на становањето во сопствената куќа со бавча, останале сé до денеска политички делотворни. Тие довеле до преплавување на околината на градовите со ретко растурени семејни куќи и мали населби. Драгоцениот слободен простор бил уништен, а често се појавувале и тешко решливи сообраќајни проблеми.

Густината на изграденоста на овие, секогаш исти, предградија е така ограничена и воведувањето на јавен превоз во нив, се чини, не се исплатело. Растојанието до градот, па и до соседниот центар, за снабдување е преголемо за да би можело пешки да се совлада. Задоволувањето на секојдневните потреби наложувало користење на моторни возила. Така, бучавата и испарувањето на издувните гасиви од автомобилскиот сообраќај го анулираат "животот надвор од градот", а не можат да се совладаат ни со најрационални планови за сообраќај. Недостатоците на животот во големите градови стануваат позабележителни од било кога со растење на субурбанизмот.

Следбениците на поранешните градски реформатори до сега не се сетиле на ништо во поглед на уредувањето на градскиот центар, освен на мерки за регулација на сообраќајот кои се неиздржани. Тие веднаш се покажале и недоволни и сообраќајот се заканувал да ги загуши другите градски функции. Виталноста на градските животни заедници да се потпираат на поларизацијата и одвојувањето на јавните и приватните сфери и во анонимноста на нецелосното интегрирано градско општтество да можат да се развијат хумани и култивирани општествени форми, се превидувало или потценувало. Се заборавало дека заштитата на приватноста е претпоставка за постоење на приватна семејна култура и заштита во едно моторизирано општество може да се постигне само во одредени градежни форми, различни од оние од кои потекнуваат, од буржоаските градови на минатите векови.

Во определен период на развојот настанала, можеби од социолошки и историски недоразбирања, идеологијата на "соседство" која е воведена во планирањето на градовите, во

улога на единици на поделба. Идејата за "neighbourhood" тешко може да се доведе во хармонија со зачувување на природата. Набрзо се покажало дека во целосно формираното соседство соседите доаѓаат во контакт почесто, дека се набљудуваат меѓу себе и нескриено се тиранизираат и дека во својот приватен круг може потешко да се повлечат отколку што му одговара на човекот на нашето време, пред кого се поставуваат претерани социјални барања.

Намерата на најголем број луѓе, е да им се обезбеди сопствена куќичка и градина, изгледа е неповолна од еден друг аспект. Куќа за едно семејство во Сојузна Република Германија за разлика од Англија и Холандија по правило се куќи во лична сопственост, зошто исправно е да се поттикнува позитивниот став спрема сопственоста. Но, со постоечкиот приход на средните и ниски слоеви во Западна Германија изградбата на сопствените куќи претставува и покрај јавната подршка големо финансиско оптоварување. Култот на сопственото огниште не е најмалку важна причина, што изградбата на станови за издавање, релативно се занемарува. Недостасуваат приземни куќи и други типови на станови за издавање погодни за семејства со деца, пред се, за семејства со повеќе деца

На планирањето на градовите сега дејствуваат многу фактори, кои не се ни поединечно и во своите меѓусебни односи и прецизно одредени. Влијанието на градските реформи од минатите векови и поставените обнови, последиците од формалните разгледувања на проблемите и доделување на функциите во просторот, ги направиле урбанистите претпазливи и внимателни. Поради сето ова, кога би сакале да направиме јасна и детална слика на идниот град, онаков како треба и може да биде, би морале да се впуштиме во шпекулации.

Сепак, може да се потврди, кои услови мора да се исполнат за да би живеел човекот во околности кои му одговараат на неговите потреби, кои го стимулираат, а не го спречуваат. Овие потреби мора да се земат предвид во истражувачката работа кои имаат огромно значење за градското планирање и во работата на политичарите.

1. На граѓанинот мора да му се овозможи да живее во стан кој одговара на неговите потреби. Затоа, потребни се различни типови на станови. На пример, за големи семејства, за три генерациски домаќинства, за самци. Големите семејства, во недостаток на соодветни станови за издавање, приморани се сами да градат. На тоа се условени кога ќе им пораснат децата, но се уште не го напуштаат родителскиот дом. Заради ова најчесто

сопственици на куќите се возрасни луѓе, а семејствата со мали деца, за кои живеењето во приземна куќа со градина би имало многу предности, мораат исклучиво да изнајмуваат стан. Градбата на куќа во приватна сопственост за нив е економско оптоварување кое би се одразило, меѓудругото и на недоволното образование на децата. Со изградба на различни типови на станови, во рамките на една станбена населба, може да се обезбеди мешовита, рамномерна старосна структура на населбата.

2. За да се постигне разновидна понуда на станови, а притоа истите да не бидат енормно скапи, мора да се постигне степен на рационализација во градежништвото што е вообичаен за индустријата. Треба да се развијат нормирани елементи кои пак овозможуваат изградба на стандардизирани, но и разновидни типови на станови. Разновидните градежни елементи посебно треба да се применат во јавна станбена изградба.

3. Обновата и развојот на градот мора да остваруваат една иста цел, создавање на станбени единици погодни и привлечни за живот. Затоа потребни се податоци за места кои се погодни за изградба на училишта, центри на локални заедници, продавници, трговски улици, податоци за односот меѓу јавниот и индивидуалниот превоз. Познавањето на овие податоци и врската се уште е ограничена во споредба со важноста на задачата и последиците кои секоја одлука еднаш донесена, се однесува на голем број луѓе. Истражувачката работа во врска со ова, мора да започне, нејзините резултати содржат битни претпоставки за одлуките во планирањето на градовите за наредните децении.

4. Зачувувањето, растоварувањето и обновата на нашите градови тесно се поврзани со проблемите во сообраќајот. Овие два аспекта мора да се разгледуваат заедно, а секоја мерка мора да се проверува со оглед на нејзиното разновидно делување. Вонредно високите трошоци го отежнуваат експериментирањето. Обидите сепак нема сосема да ги исклучат: трошоците, резултатите и нивното делување може да се проучува на примерни случаи. Сегашната пракса, погрешните одлуки да се корегираат само понекогаш бидејќи нивните последици стануваат општопознати, ја зголемуваат опасноста да се вложат големи финасиски сретства, а на крајот сепак не може да ги избегнат одлуките, поради кои овие трошоци ќе се покажат како промашена инвестиција.

5.На крај загадувањето на воздухот и бучавата, мора да се сведат на оптимална мека која луѓето, сепак ќе можат да ја поднесат.

7.5 ГРАДСКИОТ ПРОСТОР Е ПРЕД СЕ ОПШТЕСТВЕН ПРОСТОР*

"Не е цел во Париз да се создаваат "работнички квартови", туку да се вметнат социјални станови во ткивото на престолнината, во мали количини правилно распоредени" (извештај на A.Gillota во урбаната комисија на Париз 1977)

Една од основните цели на НУП (нова урбана политика), секако е, од градот да се отстранат сегрегацијата или гетата кои настанале како последица на класните сопственички односи. Уште поважно е да не се повторува, во име на одредена "социјална политика", создавањето на нови гета познати во западните градови како "работнички квартови" или "населби за евтино домување", а кои оддалеку лесно се забележуваат зошто потсетуваат на војни касарни. Сета оваа политика се осудува како "сегрегационистичка" и опоменува како треба да се тежи кон интеграција на разни општествени слоеви на населението во градот. Наместо работничкото население да се набие во станбени силоси кои на најбрз начин се спојуваат со работното место, треба да се создаваат градски населби кои на суптилен начин ќе го спои она што некогаш било раздвоено. Веќе спомнатиот претставник на официјалната политика Chalandon, вели: "Овој ред мора да содржи впечаток на правда, да создава чувство дека се работи за борба против нееднаквост која се согледува во стариот урбанизам",

На кој начин сака да се постигне тоа? Пред сé, треба да се сочува народниот карактер на одделни квартови каде работниците се мешаат со службениците и интелектуалците кое го избегнувала високата буржоазија, која и натаму така ќе прави барајќи за себе скапи и ексклузивни места за градба. Но, за сите други мора да се тргне од начелата "мешање на народот", од "општествените прегратки" на сите слоеви. "Операциите на просторното уредување, вели поранешниот претседател V.Giscar d'Estaing кои ќе ги преземеме, мора во целост да ги почитуваат, сегашниот карактер на .париските квартови и да го сочуваат или да воспостават можност во нив да живеат различни општествени категории; тоа значи дека поголем дел од средствата треба да се употребат на акции за реставрација, а не за акции за

*Rudi Supek, Grad po mjeri covjeka, Naprijed, Zagreb,1987 c.106-109

реновирања". Оваа директива, секако, не ја измислил самиот претседател зошто и порано ја препорачуваа урбанистите, а практично ја спроведуваше комунистичката управа во Болоња. Реставрациите битно се разликуваат од реновирањата по тоа што се настојува целосно да се сочува надворешниот изглед на старите куќи, внатре обновени според современите стандарди на живеење. При реновирањето, прво се употребува булдожер, се урива сé што е застарено во квартот и се внесуваат "нови содржини" во архитектонски-станбен поглед и на тој начин доаѓаме до онаа чудесна мешавина на старо и ново во многу градски квартови, а што добро ги илустрира законите на "сукцесија" и "инвазија" на Чикашката школа.

7.5.1 "Никој никого не познава"

Се разбира, новото сфаќање насочено е против монотоните станбени блокови со касарнски или бетонско - силоски карактер, за кои, еден работник вели: "Знаете ли овде се досадуваме. Нема апсолутно ништо. Никој никого не познава... Овде луѓето одат рано наутро на работа, а дома се враќаат доцна навечер. Никогаш крај на патувањето". Тоа нé наведува, пак да се вратиме на квартовите со онаа привлечност што некогаш ја имале разновидноста. Разновидност, не само во однос на населението, туку и во архитектурата, во опремата на услужните објекти, разновидност што истовремено создава занимливост и интимност. Наместо да се спроведува "политика на социјални станови", треба да се воведува "социјална политика на домување", што значи, не е доволно да се има некоја архитектонска наобразба за сложување на блокови и куќи, туку потребно е да се има слика за составот и начинот на живот на самите жители. Овде разновидноста значи, пред се, разновидност на населението. Зошто, да не се сретнат на истиот тротоар младиот техничар, професорот на универзитет, уметникот и клошарот? Сигурно е дека реставраторските работи создаваат некаква "неудобност" за сиромашните, но треба да се подучуваат на надворешен изглед и опременост на квартовите. Напуштање на големите блокови со само една категорија на луѓе значи истовремено напуштање на подвоеноста и замена на истата со разновидност. "Политиката на градовите со средна големина, рехабилитацијата на улиците, промоција на услужните објекти со колективен карактер, воскреснување на централитетот (средиште на живот) разновидност и десегрегација на населбите...

...Интервенцијата на повеќе фронтови која се насочува кон една единствена цел, да се спречи или да се скрши обликувањето на територијалните колективи организирани според класната припадност и цел и да се предизвика фиктивна солидарност тргнувајќи од "урбаната пракса", а одвојувајќи ја од нејзината оправдана детерминираност, како што критички забележуваат Garnier и Goldschmidt. Еве го приговорот на идеите за "партиципација" од страна на левицата, со што се сака да се "интегрира" работничката класа во капиталистичко претпријатие; каде се придружува градскиот простор како оружје на привидна општествена интеграција, но со исчезнување на вистинските класни разлики. Ако се ставиме во ситуација на едно бескласно општество или општество кое настојува да постане тоа, тогаш идеите за "општествениот простор", во смисла на неговата социјална разновидност, се сосема оправдани. За нас оваа "разновидност" има две важни димензии: социјална и биолошка, зошто разновидноста мора да одговара истовремено на општествените групи имајќи ја предвид нивната професионална диференцијација, како и на биолошката диференцијација по старост.

Создавањето на "општествен простор", не значи само "мешање" на различни категории на граѓани по улици, локали и згради, туку, исто такво "мешање" и во општествените установи, посебно во оние од каде се управува со градот. Во прашање е демократизација на комуната, нејзината поголема самостојност во однос на органите на државата, поголема можност на граѓаните непосредно да учествуваат во раководството и планирањето на својот град. Овие идеи, исто така ги брани НУП (новата урбана политика). Со тоа претседателот на Француската Република, онаа петтата, која станала посебно централистичка, вели: "Мораме да извршиме децентрализација на нашата власт во насока на првиот ешалон на нашиот демократски живот, на она што ни е најблиску, а тоа е комуната. Навистина комуната е она, што е најблиску до стварноста. Таму луѓето живеат, таму се запознаваат и сретнуваат, таму се образуваат во училиштата, се бават со спорт, се групираат во здруженија, таму се раѓаат и умираат, таму се мират пронаоѓајќи време и земја" (Le Monde, 23-9-1975). Може да се каже дека десничарот Giscard d'Estaing ја пронаоѓа идејата на левичарот Henri Lefebvre! Како да ја прочитал неговата книга "Право на град". Без разлика на впечатокот дека големината на локалните заедници можат да служат и за прикривање на доминацијата на апстрактната технократска држава, останува фактот дека таа има одлучувачко значење во животот на

граѓанинот и дека таа е место на оној вид непосредна демократија чиј предуслов е "богатство на човечката размена" (Маркс) во секојдневните општествени контакти.

Покрај демократизацијата во управување со комуната, отварањето на градските управи за разни форми на отворени и интензивни комуникации меѓу граѓанинот и управата, важна улога во процесот на демократизација игра слободното здружување на граѓаните во форма на разновидни интересни здружувања, за да може со нивна помош да се изрази и формулира волјата на граѓанинот. Без слобода на здружување, во основа, не може да се зборува за вистинска "партиципативна демократија" зошто и најидеалната замислена власт може да се бирократизира и умртви, ако граѓаните навистина не покажуваат волја за вистинска соработка и одлучување.

...Интервенцијата
кон една единствена
обликувањето на тер
ред класната припа
солидарност тргну
нејзината оправда
жуваат Garnier
"партиципација
"интегрира" р
каде се при
општестве
класни р
општест
идеите
соција
"раз
зо
о

средна демократија
замена" (Маркс) во
со комуната,
на отворени и
важна улога
оружување на
вања, за да
золіата на
оже да се
ошто и
ира за

1. ВОВЕД

1.1 ГРАДОТ, ОПШТЕСТВОТО И ЧОВЕКОТ 5
1.1.1 Социологијата на градот, социјалната теорија и урбаното планирање 5
1.1.2 Влијанието врз појавата и развојот на социологијата на градот 6
1.1.3 Блазé односи во градот 7
1.1.4 Стилот на живот и парите 8
1.1.5 Градот е механички агрегат и вештачка творба 9
1.1.6 Градот ја ослабува младоста на една цивилизација 11
1.1.7 Урбанизмот како начин на живеење 11
1.1.8 Градот е состојба на духот 12
1.1.9 Градот е телесен метаболизам 15
1.1.10 Човекот од градот е сегментарен, површен, анонимен .. 17
1.1.11 Симбол на етничка солидарност 19
1.1.12 Чикашката социологија е идеолошка измама! 22
1.2 УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ТЕОРИИ 24
1.2.1 Социологијата на рационализацијата на модерното 26
1.2.2 Социологијата на универзалниот урбанизам 27
1.2.3 Ефекти на урбаната агломерација 28
1.2.4 Урбанизмот и дистрибуцијата на вишокот на вредности . 30
1.2.5 Урбанизмот и субурбанизмот во модерните теории 32
1.2.6 Село во центарот на градот 33
1.3 СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И УРБАНИТЕ ТИПОВИ 35
1.3.1 Индустријата "организатор на градскиот пејсаж" 36
1.3.2 Градот и човекот во модерното општество 40
1.3.3 Урбаниот психолошки тип на човек 41
1.3.4 Урбаниот маргинален тип на човекот 43
1.3.5 Затворена и хомогена заедница 45
1.3.6 Прогресистички модел - зонирање на градот 47
1.4 СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 49
1.4.1 Селото и процесот на урбанизацијата 49
1.4.2 Концентричен модел на урбанизацијата на градовите 51
1.4.3 Патолошка или хипер - урбанизација 52
1.4.4 Скопје и македонската пустина"Битола е село"(графит на железничката станица во Скопје) 53
1.4.5 Урбанизацијата и стилот на животот 55
1.5 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 60

2. ГРАДОТ НИЗ ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО

2.1 ПОТЕКЛОТО И РАЗВИТОКОТ НА ГРАДОВИТЕ 67
2.1.1 Првите човечки заедници 67
2.1.2 Раѓањето на градовите 68

2.1.3 Прединдустриски урбан развиток *70*
2.1.4 Општествената структура на прединдустриските градови *71*
2.1.5 Западната урбанизација по индустриската револуција *72*
2.2 УРБАНА РЕВОЛУЦИЈА* 74
2.2.1 Општествена и просторна организација на првите градови *76*
2.2.2 Ослободени од секаква рачна работа *76*
2.2.3 Конфликт на економски интереси *78*
2.3 ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ ВО ГРАДОТ* 81
2.4 ФОРМАТА НА ЕЛИНСКИОТ ГРАД* 88
2.5 ПРЕДИНДУСТРИСКИОТ ГРАД* 94
2.5.1 Етничка и професионална сегрегација *95*
2.5.2 "Живи" извори на енергија *96*
2.5.3 Економската структура на градот *97*
2.5.4 Социјалната структура на градот *98*
2.5.5 Примарните групи во градот *99*
2.5.6 Градот место за религиозните функционери *101*
2.5.7 Јазикот и класната припадност *102*
2.5.8 Прединдустрискиот и индустрискиот град - основни разлики *103*
2.6 ПОЧЕТОЦИ НА "ГРАДОТ НА ЈАГЛЕНОТ"* 105
2.6.1 Механизација и процес на разградување *109*
2.7 УРБАНИЗАЦИЈА, РАЗВОЈ И ЗАВИСНОСТ* 111
2.7.1 Урбанизацијата во неразвиените и во земјите во развој *111*
2.7.2 Урбаниот пораст во неразвиените области *112*
2.7.3 Два града во еден: автохтон и западен *115*
2.7.4 Зависна урбанизација *116*
2.7.5 Миграциите и урбаниот раст *117*
2.7.6 Урбаните процеси и општествените структури *119*
2.8 СТРУКТУРАТА И РАЗВИТОКОТ НА МЕТРОПОЛИТЕ* 122
2.8.1 "Преградија - спални соби" *123*
2.8.2 Сиромашните живеат во центарот *123*
2.8.3 Урбаните животни стилови *124*
2.8.4 Предградието и општествената стратификација *127*
2.8.5 Урбаната екологија *127*
2.8.6 Концентрација и дисперзија *128*
2.8.7 Еколошка сегрегација *129*
2.8.8 Инвазија и сукцесија *130*
2.9 МЕГАЛОПОЛИСОТ* 131
2.9.1 Мегалополисот - главна улица на нацијата *132*

3. ЧОВЕКОТ И ГРАДОТ

3.1 ГРАДОТ Е ЛАБОРАТОРИЈА ИЛИ КЛИНИКА* 139
3.1.1 Област на моралот *141*

3.1.2 Темперамент и општествена заедница *142*
3.2 РАЗВОЈОТ НА ГРАДОТ: ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ* 144
3.2.1 Ширењето како процес *145*
3.2.2 Општествената организација и дезорганизација како процес на метаболизамот *148*
3.2.3 Зони на гревот *148*
3.3 УРБАНИЗМОТ КАКО НАЧИН НА ЖИВОТ* 153
3.3.1 Густина на населеност *156*
3.3.2 Хетерогеност *158*
3.3.3 Градот - место за деперсонализација *158*
3.4 ЧУВСТВАТА И СИМБОЛИКАТА КАКО ЕКОЛОШКИ ВАРИЈАБЛИ* 161
3.4.1 Просторот и чувствата *164*
3.4.2 Симбол на колективни чувства *167*
3.4.3 Симбол на етничка солидарност *170*
3.5 ГРАДОТ КАКО ЗБИР НА ЈАДРА* 174
3.5.1 Урбаното ширење не значи напредок *177*
3.5.2 Жителот на предградието - прототип на современиот човек *179*
3.5.3 Градот е збир од јадра *181*
3.6 РАСПРАВА ЗА ТЕОРИЈАТА НА ПРОСТОРОТ* 184
3.6.1 Главни еколошки процеси *188*
3.7 МИТОТ НА УРБАНАТА КУЛТУРА* 193
3.7.1 Просторно блиски но социјално далечни *194*
3.8 РУРАЛНО-УРБАНИОТ КОНТИНУУМ 200
3.8.1 Контактите се безлични, вештачки... ..... *202*
3.8.2 Метрополско село *204*
3.8.3 Урбано во рурална средина *206*
3.8.4 Изборот како начин на живот *208*
3.8.5 Селото од работ на метрополата *210*
3.9 КОНЦЕПТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОСТОР* 212
3.9.1 Општествениот простор како мозаик од области *215*
3.9.2 Екологија на урбаното живеење *217*
3.9.3 Прагови во просторот *218*
3.9.4 Социјалното миље на Монмартр *220*
3.9.5 Еден географ и еден социолог можат да соработуваат . *221*
3.9.6 Идеално место за живеење е провинцијата *223*
3.9.7 Општествениот простор - еколошки и психолошки аспект *224*
3.10 МАРКСИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА НА КАПИТАЛИСТИЧКАТА УРБАНИЗАЦИЈА* 227
3.10.1 Колективни средства за потрошувачка *228*
3.10.2 Градот и просторната комбинација на елементите *231*
3.10.3 Економскиот ефект на агломерацијата *235*

3.10.4 Капиталистичките ограничувања и средствата за потрошувачка ... *237*
3.10.5 Урбаните системи и репродукцијата на работната сила ... *239*
3.10.6 Фактори во изборот на локацијата ... *243*
3.11 УРБАНИТЕ КРИЗИ И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ* ... 245
3.11.1 Усогласување на конфликтите ... *247*
3.11.2 Технологијата и нејзината деструктивна страна ... *248*
3.12 ГРАДОТ - ПРИРОДНО МЕСТО ЗА ЧОВЕКОТ ОД ЗАПАД* ... 250
3.12.1 Градот нуди мноштво на стилови на живот ... *252*
3.12.2 Градот е дерач на нервите ... *255*

4. УРБАНОТО ПРАШАЊЕ ВО МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА

4.1 ПОСТОИ ЛИ УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА?* ... 261
4.1.1 Градот како социолошка променлива ... *264*
4.1.2 Градот како независна променлива ... *265*
4.1.3 Вестернизација на социологијата ... *267*
4.1.4 Градот како зависна променлива ... *270*
4.1.5 Урбаната социологија во Франција ... *272*
4.1.6 Неодреден поим за субкултурата на градот ... *275*
4.1.7 Метод на "клиничко - социолошки" групи на студии ... *276*
4.1.8 Соседството е единица на општествениот живот ... *279*
4.1.9 Градот во економската теорија ... *280*
4.1.10 Во потрага по урбаниот идентитет ... *282*
4.1.11 Студија на општеството низ просторот ... *284*
4.2 СОВРЕМЕНИТЕ ТЕОРИИ ЗА УРБАНИЗМОТ И ОПШТЕСТВОТО* ... 287
4.2.1 Животот во безличните метрополи ... *288*
4.2.2 Париз - безобзирно чудовиште ... *289*
4.2.3 Градот - мозаик на изолирани социјални и морални светови ... *290*
4.2.4 Урбаната заедница ја проучува традицијата ... *291*
4.2.5 Урбаниот простор - важна социолошка променлива? ... *292*
4.3 ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИТИКАТА НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА* ... 295
4.3.1 Физичката форма и однесувањето на поединецот ... *296*
4.3.2 Производство на општественото со просторот ... *298*
4.3.3 "Културата на сламовите" ... *299*
4.4 ЗА ПРАШАЊЕТО ЗА СТАТУСОТ НА УРБАНАТА СОЦИОЛОГИЈА* ... 302
4.4.1 Идеолошка функција на урбаната социологија ... *303*
4.4.2 Урбанизмот како идеологија ... *305*
4.4.3 Социологија на колективната потрошувачка ... *306*
4.4.4 Поимот "урбано" е идеолошки ... *308*

4.5 УРБАНА СОЦИОЛОГИЈА ВО УРБАНИЗИРАНО ОПШТЕСТВО* 309
4.5.1 Градот огледало на класната структура 310
4.5.2 Сламот "политички" предмет на разговор 311
4.5.3 Систем на урбаниот индустријализам 313
4.5.4 Британска урбана социологија 316
4.5.5 Класната борба - конфликт за станбен простор 317
4.5.6 Теорија за доминација на метрополите 320
4.5.7 Поларизација меѓу провинцијата и метрополата 321
4.5.8 Доминација на центарот 323
4.5.9 Просторна компонента за нееднаквост 325
4.5.10 Генерални контури на урбанизмот 327
4.6 КАРАКТЕРИСТИКИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА УРБАНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА* 331
4.6.1 Градот е лежиште на зло и извор на прогрес 332
4.6.2 Природата на урбаното истражување 333
4.6.3 Дали градот е погоден за растројства на човекот? 335
4.7 ГРАДОТ И УРБАНОСТА* 337
4.7.1 Градот посредува меѓу иднината и минатото 338
4.7.2 Сегрегацијата - негација на урбаноста 341
4.8 ФИЛОЗОФИЈАТА И ГРАДОТ* 343
4.8.1 Демонска страна на урбаното 344
4.8.2 Градот - седиште на логосот 346
4.8.3 Односот на филозофијата и градот 349

5. КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ

5.1 СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ГРАДОТ 355
5.1.1 Политичките односи и интересот на граѓаните 355
5.1.2 Проблемот на политичкиот живот е проблем на интеграција 357
5.1.3 Колективното чувство и општествената интеграција 357
5.1.4 Мобилноста и интеграцијата 359
5.1.5 Мобилноста и социјалните односи 362
5.1.6 Елемент на колективна кохезија 363
5.1.7 Мобилноста и моралната изолација 364
5.1.8 Рамнодушност и морална изолација 365
5.1.9 Општинската власт и потребите на луѓето 367
5.1.10 Јавноста и урбанизмот 368
5.2 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ* 370
5.2.1 Социјалната мрежа на урбаните селани 371
5.2.2 Актуелни трендови во научната работа за урбаната заедница 372
5.2.3 Локалитет и социјални врски 373
5.2.4 Студии за мрежите 376

5.2.5 Нови етнички групи: локалитет и мрежа *377*
5.2.6 Природата на етничките енклави *379*
5.2.7 Урбанизмот и заедницата *380*
5.2.8 Супкултурна теорија за урбанизмот *382*
5.2.9 Толеранцијата во големиот град *383*
5.3 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ* 385
5.3.1 Станот и проблемите на домувањето *388*
5.3.2 Приватноста и структурата на станот *390*
5.3.3 Структурата на станот и патолошките појави *391*
5.3.4 Високи или ниски згради *394*
5.3.5 Високите згради - се студени и неудобни за живеење ... *397*
5.4 ПРИРОДА НА СЛАМОТ* 400
5.4.1 Три вида на сламови *401*
5.4.2 Сламот и социјалната дезорганизираност *405*
5.5 ГРАДОВИТЕ И КУЛТУРАТА* 407
5.5.1 Потребата од елементи на контрола *408*
5.5.2 Психологија и архитектура *410*
5.5.3 Патологија и пренаселеност *412*
5.5.4 Монохронија и полихронија *413*
5.5.5 Автомобилски синдром *415*
5.5.6 Единки на колективни живеалишта *417*
5.5.7 Манифест за планирање на иднината *419*
5.6 ЕКОЛОШКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ И ПАД* 421
5.6.1 Структурални промени *423*
5.6.2 Еколошка динамика: Инфилтрација, Инвазија, Наследство *424*
5.6.3 Вредноста на земјата *425*

6. СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ И ДОМУВАЊЕТО ВО ГРАДОТ

6.1 ГРАДОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ* 431
6.1.1 Градовите и квалитетот на човечките односи *432*
6.1.2 Индустријализацијата и семејниот живот *434*
6.1.3 Проширеното семејство во Јапонија *435*
6.1.4 Трансформација на селското општество *438*
6.1.5 Американско искуство *439*
6.1.6 Што треба да прават добрите сопрузи *440*
6.1.7 Град на уништување? *443*
6.1.8 Семејството е влада, школски систем *443*
6.1.9 Деца - според прирачник *445*
6.1.10 Предградието и стремежот за семејност *447*
6.1.11 Бракот распнат меѓу два света *448*
6.1.12 Во потрага по подобар живот *449*
6.1.13 Озборувања преку плотот *450*

6.1.14 Интеракција на фамилијата и густината на населеноста 452
6.1.15 Космополитски стил на живеење 453
6.2 ОПШТЕСТВЕНИТЕ КОНТАКТИ И ВРСКИ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ДОМОТ* 456
6.2.1 Социјални контакти во станот 459
6.2.2 Просторни решенија за дневен престој 459
6.2.3 Интеграција на детската соба со другите делови од станот 460
6.2.4 Звучна и визуелна врска со родителите 463
6.2.5 Користење на собата само во текот на ноќта 465
6.2.6 Детската соба и родителот 467
6.2.7 Десет метри квадратни 468
6.2.8 Просторните решенија на станот и заедништвото 469
6.2.9 Општествени контакти во домот 471
6.2.10 Визуелна врска со просторите 472
6.3 СТАНОТ И ЗАДОВОЛУВАЊЕТО НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ* 474
6.3.1 Станот и психолошкиот замор 477

7. ПЛАНИРАЊЕТО НА ГРАДОТ

7.1 ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ* . 481
7.2 ГЛАВНИТЕ ФАКТОРИ ВО УРБАНОТО ПЛАНИРАЊЕ* 497
7.2.1 Сегрегација и општествен расцеп 499
7.2.2 Просторната блискост и етничките разлики 500
7.2.3 Физичките услови и моралот 502
7.2.4 Поширока општествена интеграција 504
7.3 ОПШТЕСТВОТО И ПРОСТОРОТ* 507
7.3.1 Содржини на просторот 508
7.3.2 Од архитектурата преку урбанизмот до просторното уредување 509
7.3.3 Уредувањето на просторот и општествениот развој 511
7.3.4 Планирање или уредување на просторот 513
7.3.5 Нов пристап кон уредување на просторот 513
7.3.6 Содржина на просторното уредување 515
7.4 БЕДАТА НА НАШИТЕ ГРАДОВИ* 518
7.5 ГРАДСКИОТ ПРОСТОР Е ПРЕД СЕ ОПШТЕСТВЕН ПРОСТОР* 526
7.5.1 "Никој никого не познава" 527